УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА

ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ

III циклус академски (докторски) студии

# КАЗНЕНО-ПРАВНИ, КРИМИНОЛОШКИ И КРИМИНАЛИСТИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО НАСИЛСТВО И НЕДОСТОЈНО ОДНЕСУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ НАТПРЕВАРИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2004 ДО 2015 ГОДИНА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**- ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА -**

Благојче Петревски

СКОПЈЕ, 2020

**МЕНТОР:** проф. д-р Марина Малиш-Саздовска

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА:**

проф. д-р Оливер Бачановиќ

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

проф. д-р Миодраг Лабовиќ

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

проф. д-р Саше Герасимоски

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

проф. д-р Методија Анѓелески

Факултет за детективи и безбедност

Универзитет ФОН – Скопје

Датум на одбрана:

Датум на промоција:

Наука на којашто се стекнува докторатот: доктор на безбедносни науки

**ИЗЈАВА**

Изјавувам дека при изработката на докторскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.

Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

Изјавил,

м-р Благојче Петревски

**АПСТРАКТ**

Република Македонија се приклучува кон земјите коишто се обидуваат да ја превенираат, односно да ја контролираат појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Пристапот на Р. Македонија генерално е превентивен, а таа превенција во основа се остварува т.е. се операционализира преку т.н. законска превенција која подразбира нормативно определување на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Проучувањето на криминолошките карактеристики ни овозможува простор во исто време да ги „запознаеме“ најзначајните појавни вредности на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, како и да ги откриеме најзначајните причини (социјални, политички, економски и индивидуални – лични) коишто дејствуваат како еден вид на катализатори во процесот на појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Криминалистичките карактеристики на кривичното дело, како и процесот на нивно детално објаснување, ќе ни овозможат и ќе ни отворат простор, првенствено на државата и на нејзините институции, да се најдат во погодна ситуација и да можат да креираат соодветна криминална политика којашто во целост ќе може да одговори на потребите кои произлегуваат од оваа појава.

Ваквиот системски пристап (мултидисциплинарен и мултиинституционален) може да претставува соодветна гаранција дека Р. Македонија е подготвена и е во позиција да одговори на предизвиците коишто произлегуваат од појавата на насилство на спортските натпревари.

**Клучни зборови:** *нормативна рамка, криминолошки и криминалистички карактеристики, мултиинституционален и мултидисциплинарен пристап, креирање на превентивна политика.*

**ABSTRACT**

The Republic of Macedonia joins the countries that are trying to prevent i.e. to control the appearance of violence and missbehaviour in sports events.

The approach of R. Macedonia is generally preventive, and that prevention is basically achieved, i.e. is operationalized through the so-called legal prevention which means normative determination of the appearance of violence and indecent behavior in sports competitions.

The study of criminological characteristics allows us time "get to know" the most significant „values“ of violence and missbehaviour in sports events, as well as to discover the most important reasons (social, political, economic and individual - personal) that act as one kind of catalysts in the process of violence and misconduct in sports competitions.

The criminal characteristics of the crime, as well as the process of their detailed explanation, will enable us and will open space for us, primarily the state and its institutions, to be in a suitable situation and to be able to create an appropriate criminal policy that can fully to respond to the needs arising from this phenomenon.

This systemic approach (multidisciplinary and multinational) can be an appropriate guarantee that R. Macedonia is ready and as a country is in a position to respond to the challenges arising from the emergence of violence in sports competitions.

**Keywords:** *normative framework, criminological and criminal characteristics, multi-institutional and multidisciplinary approach, creation of preventive policy.*

**С о д р ж и н а:**

**Вовед** ……………………………………………………………………………. 2

I глава .........................................................................................................................7

1. Формулација на проблемот ……………………………………........……………7

2. Определување на проблемот на научното истражување ……........……………11

2.1. Теоретско определување на проблемот ……………………………............11

2.2. Поимно-категоријален апарат ………………………………….................16

2.3. Операционално определување на предметот ……………………..............18

2.4. Дисциплинарно определување на предметот ……………………...............21

2.5. Временско и просторно определување на проблемот ……………….............23

3. Цел на истражувањето ……………………………………………………………24

3.1. Научна цел ……………………………………………………………..............24

3.2. Општествена цел ……………………………………………………...............25

4. Хипотези ……......……………………………………………………………………..25

4.1. Генерална хипотеза …………………………………………………..............26

4.2. Поединечни хипотези ……………………………………………….............26

5. Начин на истражување ……………………………......……………………….....26

6. Научна и општествена оправданост на истражувањето ……......……………….......29

II глава – Насилството и недостојното однесување на спортските натпревари – појава, развој и негова експанзија ……………………………………………………...................34

1. Историски приказ на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари ……...........................……………………………………………………….......34

1.1. Насилството на спортските натпревари во Велика Британија. Појавата на хулиганството во Англија ……………………………………………………...................38

1.2. Историски приказ на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во земјите од поранешна Југославија ..........................................................44

1.2.1. Насилството и недостојното однесување во Р. Македонија – историски аспекти ……………………………………………………................................................................46

1.2.2. Насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Р. Србија ………………………………………………………….....................................................49

1.2.3. Насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Р. Хрватска ……………………………………………………….......................................................57

1.2.4. Насилството и недостојното однесување (хулиганството) како карактеристика на модерниот свет ……….........................................................................................................60

III глава – Нормативна рамка - меѓународни и национални норми кои се однесуваат на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.....................................................................................................................65

1. Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, посебно на фудбалските натпревари ……………………………................................................................................65

1.1. Законското решение во Република Србија ..........................................................78

1.2. Измените и дополнувањата на српскиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари .......................................................88

2. Законското решение во Република Хрватска .......................................................91

2.1. Измените и дополнувањата на хрватскиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари ......................................................99

3. Нормативните решенија во Германија ................................................................104

4. Нормативните решенија во Велика Британија ...................................................109

5. Нормативните решенија во Италија ....................................................................116

6. Поим и елементи на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија .............................................120

6.1. Кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија .............................................................................................123

6.2. Коментар на измените и дополнувањата на законското решение во Република Македонија ........................................................................................................................135

6.3. Анализа на кривичното дело насилство од Кривичниот законик на Р. Македонија....................................................................................................................145

7. Споредбен преглед на македонското законско решение со законските решенија во Република Србија и Република Хрватска.....................................................................149

8. Споредбен преглед на македонското законско решение и неговите сличности и разлики со законските решенија на Велика Британија, Германија и Италија ......................................................................................................................................153

IV глава – Криминолошки карактеристики на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија …....................................................................................................................................159

1. Општи карактеристики на насилството ……………………………….......159
2. Теориски концепции за насилството ……………………………….........169
3. Етиолошки карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари ……………………........................................................171
   3.1. Етиолошки и феноменолошки карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Англија ……………………………………………………….....................173
   3.2. Феноменолошки карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Англија.........................................................183
4. Криминолошки карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Република Македонија ………..................................188
   4.1. Етиолошки карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Република Македонија ....................................196
      4.1.1. Политичките процеси како причина за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари ………..............................................................................................198
      4.1.2. Културните фактори како причина за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари ………..............................................................................................212
      4.1.3. Организациските пропусти и инфраструктурните услови како причина за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари .........................................................................................221

4.2. Феноменолошки карактеристики на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија ....................................................................................................223

4.3. Феноменолошките карактеристики содржани во судските пресуди кои се изречени во Република Македонија во период од 2004 до 2015 година ……............................................................................................................236

V глава – Криминалистички карактеристики на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија..............................................................................................................246

1. Значењето на криминалистиката како наука и најзначајните криминалистички карактеристики …………………………………...................................246

1.1. Начинот на извршување и начинот на прикривање на кривичните дела…..................................................................................................251

1.2. Средства за извршување на кривичното дело..........................................262

1.3. Криминална ситуација под која се извршува насилството и недостојното однесување на спортските натпревари ………………..........................264

1.4. Трагите од кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари како криминалистичка карактеристика ……..........................................................................................................271

2. Личноста на сторителот и личноста на жртвата на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари ………................................................276

2.1. Личноста на сторителот на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари …………………………….......................................276

2.2. Личноста на жртвата на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари .................................................................................................288

VI глава – Резултати од истражувањето .......................................................................293

1. Студија на случај: Коментар на организацијата на натпреварот помеѓу екипите на ФК „Пелистер“ и ФК „Вардар“ одигран на 3.8.2014 година ...........................................................................................................................294

1.1. Главен дел: Коментар на организацијата на натпреварот помеѓу ФК „Пелистер“ и ФК „Вардар“ одигран на 3.8.2014 година ...............................................295

1.2. Завршен коментар и заклучок од студијата на случај ................................302

2. Анкетни прашалници – коментари ...........................................................................304

Заклучоци ..........................................................................................................................338

Предлози.............................................................................................................................344

Прилози...............................................................................................................................353

Анкетен прашалник за припадниците на МВР..................................................................387

Анкетен прашалник – навивачки групи и граѓани ...........................................................391

Библиографија ....................................................................................................................398

**Вовед**

Научната дискусија за појавата на насилството како феномен се чини дека е присутна уште од почетокот на човечката цивилизација, а продолжува во континуитет во различни фази на развој на општественото и политичко живеење кое го карактеризира човечкиот развој и напредок. Се добива впечаток дека до денес не постои и нема општоприфатено мислење, став или теорија која целосно ги опишува причините за појава и манифестација на насилство помеѓу луѓето. Научните работници во зависност од нивниот профил и нивниот предмет на научен интерес, од различни аспекти и погледи го дефинираат насилството и ги објаснуваат, односно нудат објаснување за причините кои предизвикуваат насилно поведение. Психолозите од свој аспект го дефинираат насилството, социолозите пак од друга страна му даваат една поширока социолошка димензија, политиколозите ја акцентираат поврзаноста на политиката и политичките процеси со појавата на насилство, криминолозите ги објаснуваат најзначајните фактори кои придонесуваат до едно такво негативно поведение и однесување, виктимолозите од позицијата на жртвата го бараат одговорот зошто некои луѓе се поизложени на насилство итн. Сите горенаведени дисциплини заедно и секоја од нив посебно нудат свои аргументи и свои објаснувања на феноменот на насилство. Но, ако го прифатиме фактот дека врз индивидуата како таква влијание имаат повеќе фактори, дека нејзиното живеење и егзистирање во општеството и комуникацијата со други луѓе, културата на однесување, социјалната кохезија, споделувањето на исти или различни вредности, се само дел од причините за појава на насилство помеѓу луѓето (едни кон други), тогаш мораме да заклучиме дека феноменот на насилство треба да го изучуваме како еден интердисциплинарен поим, како феномен којшто е „зависен" од повеќе фактори и чија појава е „условена" од постоење на одредени услови.

Анализирајќи ја содржината на трудот, веднаш се забележува која е целта на истиот и како во него ќе биде третиран феноменот на насилство во Република Македонија, односно на кои аспекти и во кои граници ќе се движи истражувањето на појавата и нејзиното влијание врз секојдневниот живот, како и последиците кои истата несомнено ги произведува.

Целта на истражувањето е обид да дојдеме чекор поблиску во одговорот на прашањето кое има своја историја на егзистирање, а тоа прашање се однесува на причините кои доведуваат до појава на насилство, на формите на интерпретација на насилството, на активностите и мерките кои се преземаат за спречување и превенирање на оваа појава и на одредени предлози за идни политики кои треба да се донесат и имплементираат, во обидот да се намали присуството на појавата на насилство. Конкретно, во трудот ќе биде посветено внимание на појавните облици на насилство кои се манифестираат т.е. кои се поврзани со спортските натпревари, односно она насилство кое е дел од спортските манифестации, недостојното однесување кое всушност претставува претходница на насилството, анализирањето на состојбите во Република Македонија преку историска анализа на појавата, компарација со соседните земји и нивните искуства, презентација на законските решенија, нивна анализа, споредба со европски искуства, како и понуда на одредени решенија за оваа појава.

Првата глава од трудот е простор отстапен за методолошкиот дел на истражувањето, односно за оној дел од трудот каде што во кратки црти се објаснуваат целите на трудот, неговата општествена и научна оправданост, методолошките инструменти кои треба да го олеснат истражувањето. Во првата глава од трудот е претставен и појмовно-категоријалниот апарат којшто е користен и којшто е дел од трудот, како и хипотезите на истиот т.е. генералната и поединечните хипотези преку кои истата ќе биде потврдена или негирана како таква.

Во втората глава на докторската дисертација е даден историски приказ на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Ако немаме дилеми за тоа што точно претставува поимот насилство, односно како истиот се дефинира и определува, пред да преминеме кон понатамошна кратка презентација на глава два од докторската дисертација, добро е да го определиме и поимот на недостојното однесување, бидејќи истиот претставува составен дел и од законското решение. Под недостојно однесување според Законот за спречување на насилството и

недостојното однесување на спортските натпревари[1] се подразбираат повеќе дејствија и тоа:

- поседување или консумирање на алкохолни пијалаци или опојни дроги, поседување на пиротехнички средства, оружје и други средства погодни за нанесување повреди или за предизвикување на насилство од страна на лица кои доаѓаат на спортските натпревари, во временски период од два часа пред почетокот до два часа по завршување на спортскиот натпревар;
- внесување и употреба во спортските објекти на алкохолни пијалаци, опојни дроги, пиротехнички средства, оружје и други средства погодни за нанесување повреди или за предизвикување на насилство;
- внесување и истакнување на транспаренти, знамиња и други предмети со текст, слика, знак или други обележја, како и пеење на песни или дофрлување на пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност или врз основа на други особини;
- фрлање предмети во натпреварувачкиот простор или во гледалиштето, со што може да се загрози животот, физичкиот интегритет на лицата или имотот;
- палење и фрлање на пиротехнички средства; палење на навивачките реквизити, знамиња на други држави, знаме на друг клуб и други предмети;
- повикување, поттикнување и учествување во тепачка или напад на спортисти, гледачи, редари, службени лица, организатори на натпреварот и други учесници во спортските натпревари;
- физичка пресметка меѓу учесниците на спортските натпревари;
- недозволено влегување во натпреварувачкиот простор од страна на гледачите и
- оштетување или уништување на спортскиот инвентар и други делови од спортскиот објект, како и на превозните средства при доаѓање, за време и по одржување на спортскиот натпревар, во временски период од два часа пред почетокот до два часа по завршување на спортскиот натпревар.

[1] Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Р. Македонија, „Службен весник на Република Македонија" бр. 89/04, член 3

Со помош на историски вовед во трудот имаме за цел да ги изнесеме најзначајните моменти кои се дел од историјата на феноменот на насилство, каде тој за прв пат се појавил, кои биле причините, како истиот се ширел и развивал и во останатите земји и региони, на кој начин носителите на власт се справувале со оваа појава, дали таа е карактеристика само на одредени земји и народи или истата има интернационален карактер т.е. истата е глобален феномен итн. Во овој историски пресек одреден дел ќе посветиме на појавата на насилство и недостојно однесување на територијата на Република Македонија од почетокот на нејзината независност до денес, но и периодот кога Македонија била дел од југословенската федерација. Ќе се обидеме да ги презентираме најзначајните настани кои се карактеризираат со насилство и недостојно однесување на поранешните земји членки на Југославија, импликацијата на тие настани врз одредени историски процеси, употребата т.е. злоупотребата на навивачите за реализација на одредени политики итн.

Нормативниот аспект на појавата на насилство и недостојно однесување претставува дел од третата глава на истражувањето. Во овој дел најголемо внимание ќе биде посветено на позитивните законски решенија во Република Македонија, но воедно ќе бидат анализирани и законските решенија од земјите од поранешна Југославија (тука првенствено мислиме на законското решение на Србија и Хрватска). Ќе се обидеме да ги откриеме сличностите и разликите во законските решенија доколку ги има, степенот на имплементација на решението т.е. постоењето или непостоењето на услови за доследна примена на одредбите на законското решение во Република Македонија. Исто така, за да добиеме една појасна слика за феноменот и справувањето со него, во дел од оваа глава во кратки црти се анализирани законски решенија на неколку западноевропски држави, презентација на нивните искуства, можности и предлог-политики кои би можеле да бидат имплементирани и во Р. Македонија.

Четвртата глава на истражувањето се однесува на криминолошките карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Во овој дел ќе бидат презентирани најзначајните етиолошки и феноменолошки карактеристики на појавата, со цел да дојдеме до позиција истата подобро и посуштински да ја препознаваме и да можеме организирано да дејствуваме против неа. Кога зборуваме за организирано дејствување, тука во прв план мислиме на заедничко институционално ангажирање во насока на превенирање на појавата т.е. во насока на

елиминирање на причините и условите кои придонесуваат за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Р. Македонија.

Криминалистичките карактеристики на делото ќе бидат дел од содржината на петтата глава од истражувањето. Преку нивна анализа го комплетираме самото истражување и да ги презентираме на пошироката научна и стручна јавност најзначајните карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари за периодот што ни е предмет на интерес во овој труд, односно од 2004 година, заклучно со 2015 година.

Превенцијата како можност за решавање на феноменот на насилство и тоа законската превенција што е дел од позитивното решение во Р. Македонија, споредбата со решенијата на планот на превенција во земјите од поранешна Југославија, како и одредени примери од западните земји на Европа (Германија, Англија и Италија) се дел од содржината на последната, шеста, глава на истражувањето. Нудењето на нови превентивни политики, нови начини за решавање на проблемот, нудење на нови аспекти кои треба да се земат предвид при евентуална идна акција која би била насочена кон елиминирање на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Р. Македонија, можноста за соработката т.е. потребата и неопходноста за соработка помеѓу институциите како дел од идно решение на проблемот, исто така се дел од содржината на последната глава на трудот.

## I глава

## 1. Формулација на проблемот

Насилството како човечко поведение и како човечка примарна реакција кон и за решавање на одредена ситуација или проблем било, во денешниот модерен свет е, и постои голема веројатност да биде една од формите и начините за решавањето на секојдневните проблеми во иднина. Ако нешто доживува своевидна еволуција и трансформација т.е. промена кога е во прашање насилството, тогаш се разбира тоа е неговата појавна форма. Но, потребно е да се спомене и тоа дека и во фаза на сериозна еволуција, промена и приспособување за времето и просторот е и одговорот кон насилството, превентивната политика и реакција, како и имплементацијата на одредени репресивни политики и решенија кои сите заедно како еден систем имаат за цел да го намалат „присуството" на насилство и недостојно однесување во секојдневниот живот и да се обидат што е можно повеќе да ја минимизираат потребата за манифестација и употреба на насилство како средство и начин за решавање на проблемите.

Како што вели и професорот Арнаудовски, неоспорен е фактот дека современиот човек живее во свет на насилство кое врз поединецот се врши многу помасовно, многу почесто и многу побрутално, поперфидно од кога било порано[2]. Присутно е речиси во сите сфери на општественото живеење, па така слободно може да се зборува за политичко насилство, културно насилство, меѓуетничко и меѓурелигиско насилство, потоа за одредени различни форми на насилство помеѓу две или повеќе земји, насилство во семејството, мобингот како форма на насилство и секако за насилство во спортот и на спортските терени. Секоја од гореспоменатите форми на појава на насилството си има свои карактеристики, свои причини за постоење и свои облици на интерпретација. Во објаснувањето на феноменот на

[2] Арнаудовски, Љ. *Криминологија* (2009), Скопје, стр. 325

насилство научната мисла за криминалитетот денес постепено се ослободува од антрополошко-позитивистичките, вулгарно-детерминистичките и антихумани позиции, од тврдењето дека само криминалците се насилници, агресивни, патолошки типови; веќе се има стекнато со вредност на аксиом тврдењето дека насилството не им е својствено само на криминалците, дека тоа е заедничко својство на сите, што се должи на анималната агресивност на човекот[3]. Секој облик и форма на споменатите видови на насилство се интересни за дискусија и истражување. Но, цел на овој труд е да се посвети на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Република Македонија, на причините за неговото постоење, за неговите појавни форми и облици, за времето, местото, начинот на извршување, средствата за извршување, како и за начините и средствата кои се користат за справување со оваа појава, односно да се истражат и анализираат законските можности за превенирање на оваа појава, како и да се понудат одредени нови политики, имајќи го предвид и Законот за спречување на насилство и недостостојно однесување на спортските терени во еден систем на синергија би требало да бидат насочени кон намалување на појавата и секако кон намалување на штетните последици од истата.

Не смее да се размислува во правец и насока дека појавата на насилството и недостојното однесување на спортските терени е ексклузивен феномен кој се случува само во Република Македонија. Напротив, многу поголеми, економски и политички посилни земји од Република Македонија го имале и имаат како проблем насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Дури и ако се направи една кратка историска анализа и проучување на оваа појава во минатото, ќе се дојде до заклучок т.е. до податок дека се зборува за состојба која била позната уште во античкото време. Од тогаш па сè до денес овој феномен постои и предизвикува внимание. Единствено нешто што подлежи на промена се причините кои ја предизвикуваат оваа појава, како и формите и облици преку кои таа се манифестира во реалниот свет и живот, односно активностите кои ги преземаат организираните општества во правец на спречување на појавата на насилство и недостојно однесување.

Каква е ситуацијата со насилството и недостојното однесување на спортските терени во Република Македонија, дали оваа појава е предмет на интерес во поново време или за феноменот постоеле одредени сознанија и во минатото. Ако се следи

---

[3] Камбовски, В. *Казнено право – посебен дел* (1997), Просветно дело, Скопје, стр. 20

историската линија на оваа проблематика ќе се дојде до податок кој е недвосмислен во својата основа, а тоа е фактот што Република Македонија уште како дел од Југославија[4] ја имала ратификувано Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските терени[5]. Ратификувањето на таа Конвенција по автоматизам значело и прифаќање и имплементирање на обврските кои произлегувале од Конвенцијата. По распадот на Југославија и прогласувањето на независноста на Македонија, за нас како држава произлегоа одредени наследни права и обврски. Кога се зборува за наследни права и обврски во прв ред се мисли на продолжената имплементација на веќе потпишаните договори, конвенции и некои други меѓународни документи. Меѓу другите документи кои Република Македонија како независна држава ги наследи е и Конвенцијата за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските терени, што пак како независна држава била ратификувана и целосно прифатена на 30 март 1994 година.

Треба да се одговори на прашањето што е, односно што претставува Европската Конвенција, нејзиното значење, обврската за нејзината имплементација и почитување на препораките кои произлегуваат од неа итн. Интересот за содржината на Европската конвенција е повеќестран, но пристапот кој заслужува најмногу внимание е анализата што за Конвенцијата ја спроведува стручната и научна јавност. Што предвидува оваа Конвенција, кои страни се обврзани да ја почитуваат и да ја имплементираат, кои обврски односно кои правни последици се пропишани за директните учесници и организатори на еден спортски натпревар и уште голем број на други прашања поврзани со Конвенцијата се тема на интерес на поголем број истражувања. Без конкретен одговор на погоре кажаното, понатамошниот тек на истражувањето на оваа тема нема да биде целосно и прашање е дали ќе биде значајно воопшто. Анализата на феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, каде што ќе отсуствува конкретна презентација на Конвенцијата и одредбите т.е. насоките кои произлегуваат од истата, нема да претставува ништо друго туку само еден обид, некомплетен обид да се пристапи кон научно проучување на феноменот.

Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските терени е донесена од страна на Европскиот совет во 1985

[4] Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, бр.9, 1990

[5] European Convention on Spectator Violence and Misbehaviour at Sports Events and it particular at Football Matches, Strasbourg, 19.08.1985. available at http://conventions.coe.int/Treaty/en/Treaties/Html/120.htm

година во Стразбург на 19.8.1985 година, а истата[6] стапува на сила на 1.11.1985 година. Причина за донесување т.е. изгласување на оваа Конвенција е зачестената појава на насилство на спортските терени. Како земја која има можеби најсериозен проблем со оваа проблематика во тој период била Англија. Иако за тој временски период Англија била пример за економски и политички напредок, сепак како земја многу сериозно била погодена од начинот на интерпретација на навивачката култура. Но, и покрај фактот што Англија била негативно стигматизирана како земја каде што појавата на насилство и недостојно однесување е најсериозен проблем, сепак до денес бројот на земји кои ја потпишале и ратификувале оваа Конвенција изнесува вкупно 41. Доколку се анализира содржината на одредбите на Конвенцијата ќе се забележи дека истата нуди можности за превентивно делување односно превенција, нуди можност за соработка т.е. кооперативност помеѓу заинтересираните институции, но исто така предвидува и одредби кои се од репресивен карактер и кои би се презеле и имплементирале само како крајно решение во борбата против оваа појава. Конвенцијата како формално обврзувачки документ предвидува исполнување и постигнување на одредени стандарди на организирањето на еден натпревар, со што се претпоставува дека ако се исполнат сите тие стандарди и се пристапи кон реализација на обврските кои произлегуваат од Конвенцијата ќе остане многу мал простор и потенцијал за предизвикување на насилство и недостојно однесување. Поголем број земји, меѓу кои е и Република Македонија, може да се каже дека подоцна ја согледаа сериозноста на овој феномен и аналогно на тоа со одредено задоцнување спрема западноевропските земји ја започнаа постапката за донесување на нормативни решенија преку кои ќе се регулира и решава проблематиката со насилството и недостојното однесување на спортските терени. Обидот да се изврши една хронологија на законските решенија кои директно и непосредно се однесуваат на оваа проблематика, ќе го презентира фактот дека Република Македонија за прв пат носи Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските терени во 2004 година. Сè што Република Македонија како држава претходно преземала за спречување на оваа појава и сè што преземала за репресивен одговор за намалување на овој феномен било подведено под некои други законски форми и решенија. Со еден збор првиот lex specialis за феноменот на насилство и недостојно однесување на

[6] For a save and tolerant sport. The European Convention on Spectator Violence, available at: http://www.coe.int/t/dg4/sport/Source/T-RV/livret_violence_en.pdf

спортските терени во Република Македонија е донесен во 2004 година. Насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Република Македонија можеби по својот обем не се на нивото како што на пример во дел од земјите на поранешна Југославија, како што се Србија и Хрватска или пак како што тоа е случајот на пример со соседните земји Грција и Бугарија. Но, фактот што појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија има значително помал обем од соседните и земјите од поранешна Југославија, фактот што оваа појава во Република Македонија е со помала зачестеност и фактот што условно кажано постои помала опасност од појавата, не смее да се доживува како апсолутен и во врска со тоа да не се презема ништо пред сѐ како држава, а потоа и како општествено одговорни лица. Првиот чекор во обидот да се дојде до одредени одговори кога е во прашање насилството на спортските натпревари во Република Македонија како феномен е обидот да се пронајдат одговорите за причините за појава на насилство и недостојно однесување, за причините за овој вид насилство, како и за начинот на којшто подоцна овој феномен и оваа појава се манифестира.

Генерално, кога се зборува за причините за појава на насилство и недостојно однесување на поединците, како и за групното манифестирање на насилство и интерпретација на недостојно однесување, тогаш неопходно е да се има предвид дека одредено поголемо или помало влијание имаат голем број на фактори и тоа како егзогена така и ендогена природа. Тешко би било да се донесе одреден заклучок со кој би се дошло во позиција да се потврди која причина, мотив или фактор се наоѓа на врвот на пирамидата, за која слободно би можело да се потврди дека токму тој фактор, причина или мотив и неговото присуство во одреден момент на одредено место е единствениот „виновник” за појава на насилство и недостојно однесување на спортските терени. Современата наука за човековото поведение (етологија) е распната помеѓу два дијаметрално спротивни почетни теоретски концепти за природата на човековиот агресивитет, а со тоа и за природата на деликтите на насилство: мислењето за агресијата како реакција на надворешни поттици и ставот за ендогена нагонска основа на агресивното поведение[7]. Различни примери на однесување, како и оние на виктимизација, треба да се сметаат за докази со кои се развиваат или тестираат различните теории за тоа зошто одредени типови луѓе или категории се посклони кон

[7] Камбовски, В. *Казнено право – посебен дел* (1997), Просветно дело, Скопје, стр. 21

насилно однесување од други – и зошто го прават тоа под одредени околности или ситуации[8].

## 2. Определување на проблемот на научното истражување

### 2.1. Теоретско определување на проблемот

Кривичните дела против животот и телото се најелементарен облик на криминалитет во општата социолошка и криминолошка смисла. Тие се јадро и образец за делата на насилство како неуништлив дел од кривичното право, како нешто без кое тоа речиси и не би постоело. Една од основните специфичности на нападите врз животот и телото, во споредба со другите дела, е неизбежното присуство и пројавување на индивидуалниот биолошки елемент.[9]

Насилството и недостојното однесување на спортските натпревари по својата природа се феномен што гледано од чисто теоретски аспект претставува предмет на интерес на поголем број научни дисциплини. Можеби за оваа констатација одреден дел од научната и стручна јавност ќе се најде во позиција да понуди контрааргументи на преширокото размислување, но целта и идејата да се застапува гледиштето на интердисциплинарност и меѓузависност на општествените науки се огледа во можноста да понудат одговори и сознанија за предметот којшто го истражуваат. Во антрополошкиот, психолошкиот, психијатрискиот и општиот криминолошки приод кон делата на насилство, се прави разлика помеѓу агресивност (агресивитет) и агресија. Првото претставува диспозиција на човекот да се однесува на агресивен начин, тензија што го остава организмот во движење, додека второто е манифестација на агресивноста и се состои во тотално или делумно, буквално или фигуративно уништување на некаков објект или личност.[10]

Според таквото перципирање и разбирање на општествените науки и општествените феномени ќе се презентира обидот таа интердисциплинарност да се

---

[8] Мегваер, М. Морган, Р. Разјнер, Р. *Оксфордски прирачник за криминологија* (2010), Нампрес, Скопје, стр. 703
[9] Камбовски, В., *Кривично право – посебен дел* (1988), НИО Студентски збор, Скопје, стр.121
[10] Hesnard, B., *Psychologie du crime* (1963), Paris, str. 300

оправда во предметот на интерес т.е. во неговото теоретско определување. Иако често се тврди дека општествените науки се наоѓаат во еден систем на интердисциплинарност, сепак не би било препорачливо да се отстапи од фактот дека секоја наука си има свој предмет на интерес, користи свои методи и техники на истражување и на свој сопствен начин врши соодветно презентирање на податоците до коишто доаѓа. Но, во одредени фази од научното истражување постои голема веројатност да дојде до одредено поклопување на две или повеќе научни дисциплини.

Кога се зборува конкретно за појавата на насилство и недостојно однесување на спортските терени во Република Македонија и за нејзиното теоретско определување, во оваа пригода треба да се потенцира влијанието и важноста на кривично-правното определување на оваа појава. Манифестација на значењето на влијанието што го има и ќе го има кривично-правното определување на предметот на истражувањето е обидот да не се дојде до состојба на илузија дека феноменот на насилство на спортските терени е целосно опфатен и обработен единствено и само од казненото право. Напротив, мора да се прифати и признае дека и одредени други научни дисциплини нудат одредени сознанија преку кои може и се размислува за оваа појава. Тие пристапи т.е. тие научни дисциплини се од социолошки карактер, економски карактер, политички и безбедносен пристап кон насилството и недостојното однесување. Сите горенаведени начини на теоретско определување на проблемот овозможуваат негово сеопфатно и целосно истражување и нудат можност за изнаоѓање на соодветни политики и стратегии за негово намалување.

Кривично-правното теоретско определување на феноменот на насилство на спортските терени во Р. Македонија за разлика од претходно споменатите пристапи се карактеризира со тоа што постои во правната наука и правната теорија како посебен феномен од моментот кога за првпат се донесе Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските терени во Р. Македонија, а тоа е во 2004 година. Се вели дека пристапот е нов бидејќи токму во 2004 година за првпат нормативно се определи овој поим во македонското кривично законодавство. Во периодот пред тоа насилството на спортските терени во Република Македонија како и недостојното однесување секако дека постоеше, но немаше посебен кривично-правен пристап за оваа појава. Кривичното дело е определено во глава триесет и трета од Кривичниот законик на Република Македонија т.е. во делот за кривичните дела против

јавниот ред и мир во член 386[11]. Преку општите одредби кои го оправдуваат постоењето на овој закон, се определува што всушност претставува и што ќе се смета за спортски натпревар, потоа кој и како може да се јави како организатор на спортскиот натпревар, што претставува спортскиот терен и како истиот е определен и што претставува маскирано лице, кои лица можат да се јават во улога на редари на еден спортски натпревар, се определува кое поведение ќе се смета за насилно и недостојно според овој закон, се определуваат мерките (превентивни и репресивни) коишто ќе бидат преземени во обид да се намали појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, се определува должноста на организаторот на спортскиот натпревар за соработка со Министерството за внатрешни работи, со службата за медицинска помош, противпожарните единици итн. Во содржината на ова законско решение се нотирани и обврските на гостинските екипи и што нивните луѓе т.е. раководства треба и мора да преземат за да не дојде до некоја несакана ситуација кој во иднина потешко би се контролирала. Во законот постојат исто така и задолжителни мерки и активности кои се должни да ги преземат субјектите кои учествуваат во организација на еден натпревар што е определен како натпревар од висок ризик. Се разбира законското решение ги определува казнените санкции од прекршочен и кривично правен карактер кои ќе бидат преземени против лицата кои ќе учествуваат во кршењето на одредбите на Законот.

Кога се анализираат и научно се истражуваат насилството и недостојното однесување на спортските натпревари мора да се спомене и фактот дека оваа проблематика во Република Македонија барем до денес е релативно малку и недоволно истражувана и за истата не постојат некои посериозни анализи[12] и трудови[13]. Општ е впечатокот дека овој феномен и оваа проблематика во Република Македонија е недоволно истражувана и дека за разлика од земјите од опкружувањето, па и земјите од Западна Европа, Република Македонија заостанува во тоа колку време, простор, енергија и дискусија му посветува на овој сериозен проблем.

Како еден позитивен пример на истражување кое го опфати токму проблемот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари и којшто заслужува да

[11] „Службен весник на Република Македонија“ бр.89/2004, 142/2008, 135/2011, 27/2014, 114/2014

[12] Анастасовски, И. *Насилство, агресија и спорт* (2010), Скопје

[13] Козарев, А. *Насилството и фудбалскиот хулиганство во Република Македонија – кривично-правен, криминолошки и криминалистички аспект* (2007), Скопје

биде споменат е всушност истражувањето[14] спроведено во Србија во периодот од 2004 до 2009 година, чии резултати се објавени во 2010 година, каде што меѓу другото во рамките на презентацијата на резултатите од тоа истражување, авторите го потенцираат податокот дека на секој 136 ден се убива т.е. загинува по еден навивач во Србија на возраст помеѓу 18-25 години. Исто така, во рамките на ова истражување Србија е претставена како европска земја со најмногу навивачки судири кои завршиле со смртни последици, а од анализата на податоците собрани во рамките на истото истражување се калкулира со бројка од 2000 активни хулигани во Србија.

Одредени истражувања за оваа проблематика и за овој феномен се спроведени и на територијата на Хрватска, односно поголем број на автори од различни области најчесто социолози (Лалиќ, Перасовиќ, Врцан, Михајловиќ и др.) имаат свој придонес во обидот да се пристапи кон феноменот на насилство студиозно и со внимание кое ќе овозможи разбирање за појавата и можност за пронаоѓање на некои идни решенија и политики кои би придонеле кон повисок степен на превенција и воопшто намалување на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Така на пример, социологот Бенјамин Перасовиќ во својот труд „Фудбалските навивачи во контекст на хрватската социологија – перспективите после 20 години[15]" се обидува научно да навлезе во процесот на запознавање со феноменот на насилство на спортските терени во Хрватска, посветува сериозно и пред сè студиозно внимание во начинот на тоа како се организираат и делат навивачките групи во Хрватска, ги акцентира фактот и значењето на одредени причини и услови кои најчесто доведуваат до појава на насилство и недостојно однесување во Хрватска (регионализмот како мотив), но исто така нуди и одредени можности и начини како да се влијае во процесот на намалување на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Хрватска, притоа користејќи се со еден вид на аналогија за тоа како кон овој проблем пристапиле некои западни земји, пред сè Англија и Германија.

Во западниот свет т.е. во земјите од Западна Европа проблематиката на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари е тема на секојдневен, односно континуиран интерес и истата не се проучува и разгледува т.е. анализира

---

[14] Медиуми, спорт, насилство" available at. http://www.mos.gov.rs/wp-content/uploads/download-manager-files/2009%20-%20Istrazivanje%20Mediji,%20sport%20i%20nasilje%20MOS-USNS.pdf

[15] Perasovic, B. Mustapic, M. *Football supporters in the context of Croatian sociology: Research perspectives 20 years after"* (2013), Institution of Social Science "Ivo Pilar", Zagreb. available at: hrcak.srce.hr/file/166578

инцидентно, туку напротив пристапот кон оваа проблематика и кон овој феномен е далеку посериозен за разлика од земјите кои се економски и политички недоволно развиени, како што е тоа случај со Р. Македонија и земјите од поранешна Југославија, пред сè Србија и Хрватска. Ерик Даунинг во своето дело „Спортските прашања – социолошки студии за спортот, насилството и цивилизациите[16]" со право ќе констатира дека денес живееме во еден од најнасилните периоди во историјата, кога е во прашање спортот како култура. Всушност ако се продолжи со трендот на засилена појава на насилство и недостојно однесување кое најексплицитно се манифестира на спортските натпревари, западниот свет ќе се доведе до една ситуација на децивилизација.

Претставувањето на дел од авторите од опкружувањето и од Западна Европа кои се занимаваат со проблематиката и со феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, како и посочувањето на досегашните трудови и анализи кои се спроведени во Република Македонија, принудува да се донесе еден заклучок дека спортот е всушност културен феномен, глобален културен феномен кој содржи многу контрадикторности, вклучувајќи тука и насилство, но во ист момент спортот има свој придонес и со одредени позитивни аспекти кои произлегуваат токму од него.

### 2.2. Поимно-категоријален апарат

Во рамките на поимно-категоријалниот апарат ќе ги дефинираме поимите кои понатаму ќе ги употребуваме во истражувачкиот процес, а тоа се оние поими кои се содржани во насловот на ова наше истражување.

**„Казнено-правни карактеристики" -** претставуваат односно ги опфаќаат следниве елементи: законското битие на делото, активниот субјект – извршителот, пасивниот субјект – жртвата, објектот на заштита, субјективната страна на делото, соучесништво и соизвршителство, поттикнувањето и помагањето на делото. Казнено-правните карактеристики се значајни од аспект на целосно нормативно определување на одредено казнено поведение. Сите тие заедно, како и секоја од нив посебно помагаат во процесот на утврдување на предвиденоста на делото во законот, полесно утврдување на тоа кој сè може да се јави во улога на сторител или улога на жртва (дали

[16] Dunning, E. *Sport matters – sociological studies of sport, violence and civilization* (1999). Taylor and Francis group. London.  str. 38

е неопходно поседување на одредени специфични услови), т.е. кој објект се заштитува со кривичното дело и сл.

**„Криминолошки карактеристики"** – претставуваат збир на етиолошки и феноменолошки карактеристики за одредена појава т.е. за одредено кривично дело. Етиолошките карактеристики како дел од криминолошките карактеристики ни даваат одговор на прашањата коишто се поврзани со причините за појава на одредено кривично дело, при што тука можеме да зборуваме за економски, социјални, политички и други причини. Феноменолошките карактеристики, како и обемот, динамиката, структурата, просторната и временската распространетост на појавата.

**„Криминалистички карактеристики"** – претставуваат неопходни индикатори за планирање и организација на работата на надлежните органи во насока на решавање на одредени прашања коишто се поврзани со појавата на криминалитет во едно општество[17]. Криминалистиката како најважни криминалистички карактеристики ги издвојува: начинот на извршување на кривичното дело, средствата за извршување, криминалната ситуација во која се извршува кривичното дело, личноста на сторителот, како и личноста на жртвата од кривичното дело.

**„Кривично дело"**

**Кривично дело -** претставува централна категорија на казненото право. Според формалната дефиниција, казненото дело е она човеково поведение што со закон е прогласено како казнено дело. Според материјалната дефиниција за да претставува кривично дело покрај формалната забранетост, однесувањето на сторителот треба да е и општествено опасно[18].

**„Насилство"**

**Насилство** – постојат голем број на дефиниции за тоа што претставува насилството. Имено, од големиот спектар на можни дефиниции т.е. определувања за поимот насилство, добро е да се спомене Бачиќ кој во одредувањето на насилничкото однесување, ја истакнува примената на психичка или физичка сила, било да се работи за постапки со кои се сака жртвата да се присили на нешто, било без таа намера, но

[17] Џурџевиќ, Зоран, *Појам и врсте анализе криминалитета,* НБП Криминалистичко-полициска академија, Белград, 2006, стр. 94
[18] Владо Камбовски, Казнено право и казнен закон – прв дел, стр.138

секогаш мора да се работи за агресивност од поголем интензитет[19]. Норвешкиот филозоф Ларс Свендсен зборува за три вида дефинирање на насилството и тоа[20]:

а) широка или воопштена дефиниција - оваа дефиниција под поимот насилство подразбира постоење на различни феномени, како на пример општествената неправда. Една од најпознатите широки дефиниции на поимот насилство произлегува од Јохан Галтунг, а истата се однесува на структурното насилство: До насилство доаѓа кога луѓето се под такво влијание каде што нивните соматски и ментални реализации се на пониско ниво од нивниот потенцијал на реализација;

б) тесна дефиниција на поимот насилство којашто во основа е во хармонија со вообичаената употреба на јазикот и упатува на постапки кои претставуваат намерно нанесување на физички, евентуални психички проблеми на човекот, при што Галтунговиот поим „лично насилство“ ѝ припаѓа на оваа категорија;

в) дефиниција на насилството која се базирана на легитимноста и истата опфаќа постапки со кои намерно се нанесува повреда, како последица на насилничко однесување, при што постапките не се легитимни во однос на правото на одредена држава.

**„Недостојно однесување“** – во основа претставува поим преку којшто се определува или дефинира однесување коешто отстапува од општоприфатените правила и норми на човечко поведение. Недостојното однесување подразбира преземање на одредени активности од страна на сторителот кои се спротивни на етичките и морални вредности прифатени во општествената средина.

**„Спортски натпревар”**

**Спортски натпревар** – секое поединечно натпреварување во организиран систем на спортски натпревари[21].

**„Период”**

**Период** – подолг интервал на време што опфаќа одреден завршен процес[22].

---

[19] Иван Анастасовски, Татјана Стојановска, Насилство, агресија и спорт (Скопје, 2010), стр. 23
[20] Вукотиќ, Мирослав, *Насиље у спорту,* Универзитет у Нишу, Правни факултет, 2016, стр. 4
[21] „Службен весник на Р. Македонија“ бр.89/2004, 142/2008, 135/2011, 27/2014, 114/2014

**„Територија”**

**Територија** – земјишен простор, ограничен простор (на пример на држава, на град итн.). Во истражувањето преку анкетниот прашалник како и преку секундарните извори на информации и податоци ќе се направи обид да се дојде до интересни сознанија и факти за појавата што ќе се истражува т.е. за казнено-правните, криминолошките и криминалистичките карактеристики на казненото дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, како и за можноста за превентивна акција.

### 2.3. Операционално определување на предметот

Обидот да се дојде до одговорот на прашањето што е поврзано со причините за појава на насилство и недостојно однесување на спортските терени задолжително доведува до ситуација причината за таквиот вид на однесување да се бара во поголем број на постоечки услови, во различни мотиви итн. Многу е лесно, но во ист момент и научно е непродуктивно доколку во обидот да се објаснат причините за појава на насилство и недостојно однесување на спортските терени се започне со воопштување. Всушност, приклонувајќи се кон воопштување во одреден момент ќе се набројат и дефинираат т.е. определат поголем број на причини, мотиви и услови од различна природа (политичка, економска, социјална, културна итн.) како генератори, како главни и единствени „виновници” за појава и манифестација на насилство и недостојно однесување. Но, со тоа не се завршила задачата, бидејќи неопходно е да се образложи што и во која мера одреден услов, причина или мотив има влијание во појавата на насилство и недостојно однесување на спортските терени. Со оглед на фактот што кај различни индивидуи, различни фактори имаат решавачко влијание во процесот на појава на насилство и недостојно однесување и колку да се настојува да се одбегне генерализацијата, сепак во одреден момент ќе мора да дојде во позиција да се извлекуваат заклучоци токму од таа генерализација, бидејќи индивидуалниот пристап колку и да е оправдан, поприфатлив и објективно пореален, сепак до крај е невозможно да биде реализиран. Но, индивидуалниот пристап никако не смее да биде исклучен во борбата против појавата на насилство и недостојно однесување во Република Македонија, бидејќи ако истиот е тежок во обидот целосно да биде имплементиран и

[22] Благојче Петревски, Криминалистички карактеристики на кривичното дело тешка телесна повреда за периодот од 2004 до 2010 година на територијата на Р. Македонија, магистерска теза, стр.8

применет во делот од истражувањето кој е посветен на пронаоѓање на причините, мотивите и условите кои придонесуваат за појава на феноменот на насилство и недостојно однесување сериозно е потребен и неопходен во еден друг аспект којшто исто така е многу битен во процесот на превенирање на појавата на насилство и недостојно однесување, а тоа е сегментот на специјалната превенција.

Кога сме кај причините за појава на насилство и недостојно однесување на спортските терени во Република Македонија преку истражувањето ќе се презентира значењето и влијанието на четири групи на причини (политички, економски, социјални и културни) кои доведуваат до појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија.

Политичките причини за појава на насилство и недостојно однесување на спортските терени во Република Македонија можеби немаат главно и најголемо влијание во оваа појава, но секако дека придонесуваат во процесот на манифестирање на појавата. Политичкиот живот и начинот на којшто експлицитно се манифестира политиката, политичката борба и политичкиот „натпревар“ во Република Македонија е доволен мотив за „секој поединец“ да размислува за можноста да применува насилство. Нискиот степен на политичка култура, презентација на можноста од страна на политичките чинители и субјекти да ги применуваат сите дозволени и недозволени средства во обидот да стигнат до целта, интерпретацијата на недостигот на политичка култура за постигнување на дијалог за голем број на прашања, како и големиот број на проблеми од минатото, претставуваат и се мотив за прибегнување кон насилство на луѓето. Спортските натпревари се место каде што во еден ист момент се мобилизираат поголем број на луѓе со што се зголемува и потенцијалот за можноста од ескалација на ситуацијата и примена на насилство.

Економските причини за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во основа ја играат улогата на катализатор на ситуацијата. Сериозната диспропорција и поделеност на општеството во однос на економската моќ на поединецот се доволен мотив за појава на нетрпеливост помеѓу луѓето од различни слоеви, што пак од своја страна претставува погодна почва за појава на нетрпеливост помеѓу луѓето и практикување на насилство помеѓу себе како начин за решавање на одредени проблеми. Дека економските фактори не смеат да бидат потценети, односно да не бидат воопшто споменати како можни причини кои доведуваат или го олеснуваат

процесот на вршење на насилство и манифестирање на недостојно однесување на спортските терени, говори и фактот што пред сè во Англија земјата што се смета за колевка на фудбалот и прва земја на стариот континент каде што се јавуваат први форми на организирани навивачки групи т.н. фирми коишто во најголем дел меѓусебно се разликуваа односно идентификуваа по припадноста на нивните членови на одредени економски слоеви. Економската сегрегација воопшто е причина плус за поделеноста на општеството и претставува мотив повеќе за презентација на насилство од страна на подредените т.е. потчинетите во нивниот обид да се изборат за своите права. Република Македонија според она што го пишува во највисокиот конститутивен акт се декларира како социјална држава. Реалноста принудува да се констатира дека постои поделеност во македонското општество, поделеност чија основа е материјалната т.е. економската состојба во која се наоѓа македонскиот народ. За да се дојде до одреден заклучок за структурата на припадниците на навивачките групи, односно за економската состојба во која се наоѓаат членовите на навивачките групи, преку анкетниот прашалник што истите ќе го одговараат во текот на истражувањето ќе може со поголема сигурност да се изгради една појасна слика за економската состојба во која се наоѓаат и за нејзиното влијание во процесот на појава на насилство на спортските терени.

Социјалните (општествени) услови исто така се тесно поврзани со појавата на насилство и недостојно однесување на спортските терени. Кога се говори за социјалните услови во објаснувањето за истите треба да се тргне од еден поширок, воопштен аспект. Социјалните услови се доведуваат во линија со условите во едно општество, односите кои се градат и продуцираат во тоа општество, степенот на политичка култура и демократија во општеството, посветеноста кон проблемите и нивно решавање, учеството на поширокиот дел од населението во општествените односи итн.

Културните фактори и нивното влијание и придонес во појавата на насилство и недостојно однесување на спортските терени треба да бидат споменати. Во едно општество какво што е Република Македонија каде што доминираат односи на мултикултурализам, мултиетничност, мултиконфесионалност, постои поголем потенцијал во одредено време и на одреден простор да дојде до судир на различни културни вредности. Спортските натпревари се идеален простор каде што можеме да очекуваме одреден судир на интереси и потенцијал за појава на насилство. Но,

Република Македонија треба да ја искористи својата мултиетничност во процесот на решавање на одредени безбедносни предизвици и наместо на таа мултиетничност да гледа како на причина за појава на насилство и недостојно однесување да се обиде таквата различност која произлегува по повеќе основи да ја исползува како значаен сегмент или клучен елемент во системот за превенција и елиминација на сите форми на насилство.

### 2.4. Дисциплинарно определување на предметот

Главна рамка во којашто ќе се „движи" истражувањето т.е. доминантни научни дисциплини коишто ќе бидат користени во текот на истражувањето ќе бидат кривичното право, криминологијата и криминалистиката. Тоа е така бидејќи целта и идејата се да се посвети сериозно внимание на нормативната определеност на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските терени, како и обидот да се направи една соодветна компарација со нормативната определеност на овој феномен во Република Македонија и како на истиот се гледа и како истиот се определува и третира во земјите во регионот, но и во дел од западноевропските држави. Иако се акцентира значењето на кривично-правната наука во истражувањето, сепак заради доследноста на истото и заради заемната поврзаност на кривичната наука со други научни дисциплини (тука во прв ред мислиме на криминологијата и криминалистиката) неопходно е да се потенцира фактот дека во текот на истражувањето ќе бидат искористени методите и техниките и на овие научни дисциплини.

Преку методите на криминологијата ќе се направи обид да се дојде до одговорот на прашањето за причините за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, а додека пак преку обработката на кривичните дела коишто досега се извршени на територијата на Република Македонија да се дојде до одредени феноменолошки карактеристики на појавата. Криминологијата и нејзините составни делови етиологија и феноменологија ќе бидат од помош во текот на истражувањето. Тоа е така бидејќи од досегашните криминолошки истражувања веќе е дојдено до одредени сознанија и факти за причините за појава на насилство како човечко поведение. Исто така криминологијата во национални и интернационални рамки доаѓа до одговори за зачестеноста на појавата на насилство, за структурата на самото насилство, за динамиката итн.

Криминалистиката како наука која „ги истражува законометностите значајни за откривање и за докажување на кривичните дела и на сторителите, како и превенција со примена на криминалистички методи[23]" доаѓа до одредени заклучоци за истите, односно формира систем на значајни податоци кои понатаму се користат при расчистувањето на кривичното дело и при откривањето на сторителот на кривичното дело[24]. Што се однесува пак за структурата и содржината на криминалистичките карактеристики во домашната научна литература, го прифаќаме одредувањето што го дава професорот Методија Анѓелески[25], кој зборува за следниве карактеристики:

• начин на извршување или прикривање на кривичните дела;

• криминална ситуација;

• траги од кривичното дело;

• личноста на сторителот на кривичното дело;

• личноста на жртвата на кривичното дело.

Преку проучувањето на казнено-правните, криминолошките и криминалистичките карактеристики на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари ќе се презентира еден нов обид за целосно изучување на најбитните карактеристики на феноменот на насилство на спортските терени во Република Македонија и со анализата на тие карактеристики ќе се придонесе за процесот на изнаоѓање на соодветна превентивна политика и на нејзино подоследно имплементирање во пракса.

### 2.5. Временско и просторно определување на проблемот

Временската рамка за која е реализирано истражувањето е периодот од донесување на прво от Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, односно од 2004 година, па сè до 2015 година, односно до последните измени и дополнувања на Законот. Преку анализа на десетгодишниот период се настојува да се дојде чекор поблиску во обидот да се поедностави појавата како и да се понуди позиција, односно став што е директно и непосредно поврзан со

---

[23] Гоце Џуклески, Вовед во криминалистика, Скопје, 2009 год., стр.27
[24] Благојче Петревски, Криминалистички карактеристики на кривичното дело тешка телесна повреда за периодот од 2004 до 2010 година на територијата на Република Македонија, Битола, 2013 год., стр. 78
[25] Методија Анѓелески, Криминалистика, Скопје, НИО Студентски збор, 1993 год., стр. 119

нормативната рамка, нејзините промени, нејзината имплементација, како и целокупната динамика, обем и структура на појавата во изминатиов период. Таргетирањето на периодот од донесувањето на првиот закон за овој феномен па до денес не значи дека истражувањето нема да посвети одредено внимание на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија и во периодот претходно. Кратката историска анализа и презентација на одредени инциденти кои се случиле пред 2004 година е неопходна за да се постигне еден континуитет на истражувањето и да се прикажат начините како Република Македонија во минатото се справувала со појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Што се однесува пак до просторното определување на предметот на научното истражување, целокупната територија на Република Македонија ќе биде предмет на интерес. Ако се има предвид општопознатиот факт дека насилството на спортските терени е поизразено и подоминантно во оние средини кои условно кажано имаат изградено спортски колективи, добро е да се спомене и тоа дека посебно внимание во ова истражувањето ќе се посвети на појавата на овој феномен во Скопје, Битола и Тетово. Причина плус за оваа определба за ваков пристап е фактот што во Република Македонија најизразено и најсериозно спортско и навивачко ривалство е на релација Скопје – Битола, а пак Тетово е пример каде што постои ексклузивитет на етничка поделеност на спортските екипи и на навивачките групи, а самата таа етничка поделеност е сериозна причина за појава и егзистирање на различни форми на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

## 3. Цел на истражувањето

**3.1. Научна цел** – ако се земе предвид фактот што феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските терени во Република Македонија е недоволно истражувана појава, тогаш егзистирањето на трудот ја оправдува научната цел на истиот. Проучувањето на насилството и недостојното однесување воопшто, потоа истражувањето на нормативното решение во Република Македонија, компаративната анализа со земјите од регионот и Западна Европа, како и проучувањето на обемот, динамиката, структурата на кривичното дело во еден десетгодишен период, презентирањето на најзначајните криминалистички карактеристики на феноменот, анализата на социолошкиот амбиент во Република Македонија во периодот што е

предмет на интерес, е можност на исто место да се добијат научно верифицирани податоци за појавата кои пак во иднина можат да бидат искористени во обидите за градење на одредени политики кои директно или пак индиректно т.е. посредно ќе бидат наменети за намалување на оваа појава. Проучувањето и анализирањето на законското решение доведува до состојба да се размислува за одредени начини, политики и постапки кои ќе придонесат за поефективна и поефикасна можност за имплементација на одредени законски одредби. Деталната анализа на законското решение нуди ексклузивитет да се согледа реалната слика и да се одговори на прашањето за капацитетите што ги има Република Македонија како земја во обидот целосно да го имплементира законското решение.

Дополнително, преку презентацијата на криминолошките карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари ни се отвора позиција и можност за анализа на причините за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Во тој контекст, обемот, динамиката и структурата на појавата ќе дадат одговор за нејзината зачестеност, појавност, нејзините карактеристики итн.

Во делот на научната цел на трудот го нотираме и значењето на криминалистичките карактеристики на појавата. Преку нив доаѓаме до можност да извршиме анализа на начинот на извршување на ова кривично дело во Република Македонија, на средствата кои се користат при вршењето на делото, криминалната ситуација во која се врши делото, трагите од кривичното дело итн.

**3.2. Општествена цел –** директно е на линија со идејата за мобилизација на поголем број општествени институции и чинители во обидот да се изнајде одредено решение и да се влијае во намалувањето на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските терени во Република Македонија. Системот на синергија што е доминантен кога се во прашање општествените науки го отвора прашањето за можноста од една заедничка и координирана активност на поголем број институции во решавањето на одреден проблем. Општествената цел на ова истражување е директно насочена токму на промовирање т.е. обезбедување на една заедничка акција, една заедничка политика на делување на поголем број институции во обидот да се постигне една квалитетна превентивна програма, која ќе биде во можност да испорачува видливи резултати. Имплементацијата на некое ново решение т.е. на некоја нова

криминална политика и нејзиното инкорпорирање во секојдневниот живот заедно со позитивното законодавство, претставува процес кој задолжително мора да биде поддржан со паралелна структурна реформа во областа каде што политиката т.е. решението ќе се применува. Се мисли на сериозна структурна реформа која не подразбира само и единствено промена во персоналните и кадровски решенија туку се претендира на сериозно системско приспособување и промена во начинот на функционирање и евалуација на целокупниот процес.

## 4. Хипотези

За да се дојде во можност и позиција да се донесат одредени заклучоци од истражувањето кое се однесува на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, неопходно е да се дефинира и определи генерална (главна) хипотеза, а таа главна хипотеза ќе може многу поедноставно да се докажува или пак негира доколку истата се, или биде надополнета со одреден број на помошни (поединечни) хипотези.

**4.1. Генерална хипотеза –** Насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Република Македонија се резултат на влијанието на економските, социјалните, културните и политичките услови и односи.

### 4.2. Поединечни хипотези

1. Економските услови кои егзистираат во Република Македонија се најчести причини за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.
2. Културната „нееднаквост” т.е. мултиетничкиот карактер на Република Македонија како држава е причина за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.
3. Ниското ниво на политичката култура што се манифестира во Република Македонија е елемент што делува како катализатор во процесот на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.
4. На спортските натпревари во Република Македонија кои се определени како натпревари со зголемен ризик и на кои доаѓаат поголем број на гледачи, постои поголема веројатност да се изврши насилство и да се повредат одредени одредби од Законот.

5. Како сторители на кривичното дело најчесто се јавуваат полнолетни лица од машки пол, а делото најчесто го вршат за време на одигрувањето на спортските натпревари, најчесто со директна примена на физичка сила и употреба на тврди предмети.
6. Насилството и недостојното однесување на спортските терени во Република Македонија од 2004 година до денес е во пораст, а инфраструктурните услови во Република Македонија не кореспондираат со позитивните законски прописи.

## 5. Начин на истражување

За да се има една појасна слика за причините за појава на насилство и недостојно однесување кај луѓето со спроведување на анкета добиваме одредени сознанија за причините, мотивите и ситуациите кои доведуваат до појава на насилство и недостојно однесување.

Секое научно истражување без разлика дали истото се однесува на истражување кое е поврзано со природните науки т.е. со природните феномени или пак дали станува збор за научно истражување кое е од општествен карактер односно кое истражува феномен или појава што е карактеристика на некоја научна дисциплина од спектарот на општествени науки, си има свој специфичен начин на доаѓање до потребните информации и податоци и нивна понатамошна обработка и презентација. Различните предмети на природните и општествените науки довеле и до создавање на различни методи приспособени за што пообјективно и попрецизно откривање на специфичните законитости што владеат во овие два посебни дела на објективната стварност[26]. Со оглед на фактот што појавата којашто ќе се истражува е во полето на општествените науки, при реализацијата на истражувањето се користени оние методи и техники кои се карактеристични за општествените науки, а тука пред сè мисли на анализата и синтезата, индукцијата и дедукцијата, компаративниот метод, анализата на содржината и статистичкиот метод.

**Компаративниот метод** во текот на истражувањето ќе се употребува во онаа ситуација кога ќе се пристапи кон споредување на законското решение што е на сила во Република Македонија т.е. на законското решение кое се однесува на определувањето и правното регулирање на појавата на насилство и недостојно

[26] Милосавлевски, С., Јосифовски, И., Чокревски, Т., *Социологија.* (1971), Скопје, Култура, стр.14

однесување на спортските натпревари, со тоа како истата оваа материја односно како истиот овој феномен е определен и правно регулиран во земјите од соседството (Србија, Хрватска), но и во земји од Западна Европа, пред сè, тука мислиме на Англија, Германија и Италија. Компаративниот метод ќе се користи и при обидот да се претстави појасно и попрецизно сликата и ситуацијата во која денес се наоѓа Република Македонија кога е во прашање оваа појава, односно да се направи една компарација на податоците кои ќе бидат достапни за време на периодот што е цел на истражувањето, со што ќе се дојде до заклучок дали оваа појава на насилство и недостојно однесување е со тенденција на зголемување или сепак има одредено позитивно движење кое води до постепено намалување на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

**Анализа на содржината**[27] како инструмент за доаѓање до одредени сознанија и податоци кога се во прашање општествените науки, во истражувањето ќе се искористи при обработката на секундарните податоци коишто ќе се добијат од надлежните државни органи (Полиција, Јавно обвинителство и Суд), при што со презентацијата на тие податоци ќе се добие една појасна слика за протокот на пријави (кривични или прекршочни) кои се однесуваат токму на оваа појава.

Покрај гореспоменатите инструменти за доаѓање до одредени податоци, во текот на истражувањето ќе се спроведе и писмен анкетен прашалник, со прашања од отворен и од затворен тип.

**Анкетниот прашалник** ќе се спроведе кај три целни групи и тоа: припадници на Министерството за внатрешни работи, припадници на навивачки групи кои се регистрирани како навивачки групи со целосно запазена законска регулатива која се однесува на регистрирање на еден навивачки клуб, како и кај останатите граѓани кои директно ја восприемаат, а понекогаш и ја чувствуваат загрозеноста од манифестирањето на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Во прв ред се мисли на навивачката група од Битола (Чкембари), навивачките групи од Скопје (Комити и Шверцери), како и навивачката група од Тетово (Балисти). Преку ова теренско истражување кое ќе биде спроведено во 3 градови во Република Македонија, ќе бидат опфатени полициски службеници кои

[27] Анализата на содржината е еден пристап кон анализата на документите и текстовите со што се настојува да се квантификува содржината во смисла на однапред утврдени категории на систематичен начин и на начин што може да се повтори.

се вработени во полициските станици во Битола, Скопје и Тетово. Бројот на испитаници т.е. на анкетирани припадници на секоја од навивачките групи ќе биде по 50 членови односно вкупно 200 навивачи. Ист ќе биде и бројот на анкетирани припадници на Министерството за внатрешни работи т.е. од трите градови Скопје, Битола и Тетово, заедно вкупно 200 анкетирани полициски службеници и тоа 100 од Скопје како најголем град и како град каде што има најголема динамика на спортски настани во текот на година, и по 50 полициски службеници вработени во СВР Битола и СВР Тетово.

Граѓаните на Битола, Скопје и Тетово, пак, исто како и претходните две споменати целни групи ќе имаат можност да одговорат на истите прашања и со тоа да дадат свој придонес во обидот полесно да се разберат појавата, причините за нејзината појавност, мислењето што тие го имаат околу начинот за нејзиното превенирање, нивната запознатост со законското решение итн. Бројот на анкетирани граѓани изнесува вкупно 200 испитаници. Распоредот на испитаниците е идентичен како и за полициските службеници, односно 100 ќе бидат од Скопје, а по 50 граѓани од Тетово и од Битола.

По реализација на истражувањето полесно се донесоа одредени заклучоци, но исто така се презентираат одредени корелации помеѓу трите групи на испитаници за истиот проблем. Различноста на испитаниците т.е. нивната припадност на условно кажано различни општествени групи и структури не смее да се смета за недостаток на ова истражување. Напротив, на оваа различност се гледа како на можност да се пристапи кон решавање на проблемот и кон негово превенирање по претходно донесени заклучоци кои ќе произлезат од одговорите на трите различни групи на испитаници. Анкетата ќе биде спроведена на случаен мешовит примерок.

За исполнување на целта на истражувањето, како и проверка на хипотезите, како секундарни извори на податоци беа искористени и следниве извори:

- полициска статистика;
- статистика на Јавното обвинителство;
- судска статистика;
- публикации од Државниот завод за статистика;
- кривични законици (Србија, Хрватска, Германија, Италија и Англија).

Резултатите кои ќе се добијат при реализацијата на истражувањето се презентирани со помош на проценти, табели и графикони.

**Студија на случај (case study)** - за да биде истражувањето поконкретно и за да биде појавата т.е. феноменот поблиску претставен пред научната, но и пошироката јавност, во истражувањето се примени и методот на студија на случај. Користејќи ја студијата на повеќе истовидни случаи, во истражувањето ќе се презентираат официјални податоци т.е. податоци добиени од официјални (државни) институции за еден инцидент од фудбалските терени во Република Македонија, а се однесува на инцидентот кој се случил за време на одигрувањето на фудбалскиот натпревар во Битола помеѓу екипите на „Пелистер“ и „Вардар“ одигран на 3.8.2014 година.

## 6. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Истражувањата кои се или претендираат да бидат научни мораат со своето постоење да ја оправдаат својата научна смисла, но во ист момент да го оправдаат и општественото егзистирање, односно да понудат одредени сознанија и одредени заклучоци преку кои ќе го презентираат нивното значење за секојдневниот живот на граѓаните.

Истражувањето кое се спроведе, својата научната оправданост за неговото постоење воопшто, најмногу ја пронаоѓа во недостигот на научни и стручни трудови кои ја проучуваат оваа проблематика и овој феномен во Република Македонија. Фактот што за оваа проблематика постојат скромни сознанија е доволен мотив и причина за научен приод на овој труд. Но, покрај тоа, научната оправданост се гледа и во фактот што со ова истражување за првпат има можност да се претстави една компарација на македонското законско решение со решенијата за оваа проблематика во земјите од регионот и од Западна Европа. Научната оправданост се базира и на фактот што преку истражувањето се презентираат причините кои доведуваат до појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, како и начините на коишто се врши оваа појава, односно криминалистичките карактеристики на феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, податоци кои објективно не се доволно обработени во просторот на научната мисла во Република Македонија. Исто така, преку ова истражување се направи обид со научно потврдени факти да се презентира влијанието што само по себе го има законското решение и тоа како доволно или недоволно во процесот на превенција на оваа појава. Со оглед на фактот што

безбедноста е на линија на директна корелација со спортската инфраструктура, преку ова истражување со помош на аргументи и факти е претставена фактичката состојба и можноста да се влијае врз постигнувањето на поголема безбедност. Значи покрај збогатувањето на научната мисла со овој труд ќе се понуди одговор на одредени прашања поткрепени со научни сознанија за фактичката состојба во Република Македонија.

Општествената оправданост претставува само едно логично надополнување на научната оправданост. Во академските кругови се водат вакви истражувања, бидејќи во текот на читањето на литературата за одредена тема или при размислувањето за тоа што се случува во современиот општествен живот се наметнуваат прашања. Тие можат да забележат празнини во литературата, недоследност меѓу одреден број на студии или прашање на коешто во литературата не е даден одговор[28]. Имено, во денешно време секое демократско општество претендира да го доведе до степен на минимум ризикот за појава и егзистирање на насилството и недостојното однесување. Дека во Република Македонија овој феномен не треба воопшто да биде потценет т.е. релативизиран говорат досегашните инциденти кои се случувале и кои се случуваат на спортските терени во Република Македонија. Можеби македонското општество треба да биде во најмала рака „задоволно" со фактот дека за разлика од опкружувањето, тука се мисли пред сè на соседните земји (Србија, Грција и Бугарија), во Република Македонија за среќа нема жртви кои се последица на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Но, тоа пак не значи дека општеството т.е. државата треба да се пасивизира и да не се преземаат одредени мерки и активности, односно да се имплементираат одредени политики кои би дале придонес во процесот на намалување и на она насилство кое егзистира на спортските терени ширум Република Македонија. За да биде појасна оправданоста и пред сè потребата од истражувањето, добро е да бидат споменати одреден број на инциденти кои се случиле во периодот којшто е предмет на интерес на истражувањето. Така, според податоците кои се јавни и кои се објавени на сајтот на МВР[29] може да се дојде до одредени сознанија за појавата на насилство на спортските терени и за реакцијата на надлежните институции кон оваа појава. На пример, може да се наведе извештајот од 2008 година во којшто доследно е наведено дека од почетокот на 2008 година па сè до 24.10.2008 година се регистрирани

[28] Bryman, Alan. *Social Research Methods – fourth edition,* Oxford University Press, 2012, page 5
[29] Министерство за внатрешни работи, available at. mvr.gov.mk

вкупно 40 инциденти за време на спортски натпревари, за што се поднесени 49 барања за поведување на прекршочна постапка”. Во оваа конотација треба да биде споменат и извештајот од 2013 година, којшто опфаќа вкупно 51 случај на нарушување на јавниот ред и мир за време на одигрување на одредени спортски натпревари, при што до тоа нарушување најчесто дошло со употреба на физичка сила и тврди предмети. Најголем број од овие случаи во 2013 година се случиле на подрачјето на СВР Скопје, дури 24. Од насилничкото однесување на навивачите пред, за време и по одигрувањето на спортските натпревари во 2013 година, вкупно биле приведени 41 лице, поднесени се поголем број на кривични пријави за сторено кривично дело насилство, но исто така започнати се и прекршочни постапки против 19 физички и против 1 правно лице за сторени прекршоци кои произлегуваат од непочитувањето на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Дека навистина има причина и има оправданост егзистирањето на трудот, не се доволни само овие кратки извештаи земени како пример од периодот којшто ќе биде предмет на истражување. Добро е да бидат споменати и некои други инциденти за кои јавноста беше информирана и кои оставиле одреден белег, најчесто негативен. Така, добро е да се спомене инцидентот од 14.10.2007 година, кога на Градскиот стадион во Скопје имаше инцидент помеѓу навивачи на ФК „Вардар“ и навивачи на гостинскиот клуб „ЦСКА“ од Софија. Натпреварот беше од ревијален карактер како дел од манифестацијата на одбележување на 60 години од постоењето на ФК „Вардар“.

Скопското кошаркарско дерби помеѓу „МЗТ“ и „Работнички“ одиграно на 27.3.2011 година резултираше со меѓусебна тепачка и голем број на приведени лица, како и причинета сериозна материјална штета. Инциденти и повредени лица имаше и на меѓународниот натпревар одигран на 17.10.2012 година во Скопје, помеѓу фудбалските репрезентации на Македонија и на Србија, при што според извештајот на МВР повредени биле 14 лица, а било приведено 1 лице. Можеби еден од посериозните инциденти кога се во прашање спортските натпревари се случи исто така во Скопје, на 30.9.2012 година, за време на одигрувањето на првенствениот фудбалски натпревар помеѓу екипите на „Вардар“ и „Пелистер“. Причинета беше сериозна материјална штета (искршени столчиња и уништен дел од атлетската патека на стадионот), поднесени биле прекршочни пријави за вкупно 13 лица за нарушување на јавниот ред и мир. Инцидент со сериозни последици се случи и на фудбалскиот натпревар одигран во Битола на 2.8.2014 година помеѓу екипите на „Пелистер“ и „Вардар“, при што од неконтролирана употреба на шок бомба беше тешко повреден еден гостински навивач.

Претходно споменатите инциденти, кратките извештаи и примери се само мал дел од целината којашто ова истражување има за цел да ја обработи и да ја анализира, со што ќе се дојде до една ситуација да се размислува малку подлабоко и посуштински за сериозноста на појавата и нејзиниот штетен потенцијал што неминовно го има за индивидуите општо, но и за општеството севкупно.

Обидот преку истражувањето да се дојде до одредени решенија кои се во насока на засилена превенција е доволен мотив за да биде ова дело оправдано.

Но, покрај тоа, преку истражувањето ќе се потенцира и определи општествената одговорност на сите чинители во обидот да се елиминира или во најмала рака да се превенира појавата. Влијанието што истражувањето ќе го постигне во јавноста е доволен податок за истото да може макар и минимално да го оправда своето постоење. Ако во Република Македонија како некое непишано правило на одреден феномен му се посветува одредено внимание само кога последиците од тој феномен ќе станат видливи и реални, тогаш преку ова истражување идејата е да се оди чекор понапред и да се овозможи превенција од штетени последици што пак само по себе е доволно за оправдување на егзистенцијата на овој труд во полето на општествените науки.

## II глава - Насилството и недостојното однесување на спортските натпревари – појава, развој и негова експанзија

### 1. Историски приказ на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари

Најголемата закана со која се соочува денешниот професионален спорт не претставува допингот, ниту пак инцидентите кои со своето однесување ги предизвикуваат спортистите. Исто така не претставува закана ниту глобалната економска криза која ги зафати сите сфери на општественото живеење. Спортското обложување не може да се перципира како закана која може да го „уништи“ спортот и да ја намали неговата вредност и неговата оправданост. Како најголема закана со која се соочува денешниот спорт, посебно фудбалот, е заканата која произлегува од насилството и недостојното однесување на спортските натпревари т.е. заканата која со себе ја носи хулиганството како општествено негативна појава.

Легитимно е да го поставиме прашањето за историските аспекти на оваа појава, односно за нејзиното присуство низ времето, за тоа кога истата за прв пат се појавила, како и за начините како општествените творби низ историјата се справувале со оваа негативна појава, односно каква била призмата на гледање кон и за појавата.

Дали постои точен податок кога и каде се појавила првата форма на насилство и на недостојно однесување, кои биле причините за појавата на овој феномен и кои биле последиците од истиот?

Корените на насилството на спортските терени на европска територија можеме да ги најдеме во пишаните извори за античкиот период односно за периодот на Олимписките игри во Стара Грција. Ако тргнеме од фактот дека Олимписките игри биле „антички производ“, тогаш и првите форми на насилство на спортските терени треба да се бараат во тој временски период. Непишано било правилото дека за време на одржување на Олимписките игри настапувал мораториум на сите останати активности, меѓу кои и на меѓусебните војни кои во тој период ги воделе градовите – држави, сепак во делата на Платон и на Аристотел, најпознатите филозофи[30] од тој временски период, забележани се одредени форми на насилство за време на спортските натпревари и тоа како помеѓу поединци, така и помеѓу помали групи. Во основа станува збор за насилство кое го манифестирале учесниците на спортските игри.

Римската држава и римското право претставуваат специфичен пример во однос на другите држави од античкиот период. Општи карактеристики со кои се „одликувала“ т.е. разликувала оваа држава од останатите држави во тој временски период е бруталноста на државниот апарат спрема оние поединци или групи кои на кој било начин се труделе или дејствувале спротивно на интересите на државата, односно не сакале да ги прифатат правилата кои таа држава ги наметнувала. Бруталноста во спортот во тој временски период е застапена преку гладијаторските борби. Често гладијаторските борби предизвикувале „психоза“ која се манифестирала со агресивно однесување кај гледачите, што пак било главна причина и повод за појава на насилство помеѓу гледачите т.е. навивачите[31]. Римскиот правник и историчар Тацит нотирал одредени навивачки инциденти[32] кои настанале помеѓу две ривалски навивачки групи во Помпеја во 59 година, за време на гладијаторски игри. Од една страна биле поддржувачите т.е. навивачите од Нуцерија, од друга страна навивачите на Помпеја. Инцидентот започнал најпрво со вербален конфликт помеѓу двете групи, за подоцна да премине во меѓусебно каменување, кое предизвикало и вооружен судир помеѓу двете групи со голем број повредени и жртви. Како последица од овој настан, римската

---

[30] Шиљак Виолета, *Историја спорта*, Факултет за менаџмент у спорту, Београд, 2007, стр. 42-43
[31] Божовиќ, Миленко, *Насиље на јавним скуповима и спортским приредбама као претња правном поретку Републике Србије,* Београд, јануар 2016, стр.41
[32] Машкин Николај А., *Повијест старог Рима*, Научна књига, Београд, 1987, стр. 184

држава донела уредба со која забранила одржување на гладијаторски игри во Помпеја во наредните 10 години. Всушност, оваа одлука на римската држава била и прва мерка за безбедност изречена во тој временски период.

Пред да продолжиме со оваа историска анализа која се однесува на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, сакаме терминолошки да утврдиме зошто терминот хулиганството во земјите од поранешна Југославија, вклучувајќи ја во нив и Р. Македонија, не се користи во правната теорија. Иако овој термин е познат за правната теорија во земјите од поранешна Југославија, сепак за законодавствата на овие земји поприфатлив е терминот насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Така, според Коковиќ, „хулиганството претставува безобѕирна, бесцелна и бескорисна активност проследена со општо изразување на омраза кон поединец или кон општеството во целина, однесување со умисла кое грубо го крши јавниот ред и мир и изразува очигледна омраза кон општеството“[33]. Во дефиницијата на Марија Џориќ, под поимот хулиганството се подразбира „насилно однесување преку кое дел од публиката инспирирана од спортскиот натпревар преку припадноста кон одредена навивачка група гради свој персонален идентитет, преку кој искажува фрустрација, агресија, деструкција на материјалните предмети или пак повредување на противникот“[34]. Марк Периман во определувањето т.е. во дефинирањето на хулиганството како појава истакнува дека „за разлика од спонтаниот, односно релативно предизвиканиот инцидент на некој од гледачите, хулиганството се одликува со намера, односно хулиганството претставува намерно и организирано насилство т.е. претставува социјален модел на однесување на хулиганските групи“[35].

За разлика пак од хулиганството, насилството во спортот не е предизвикано само од хулиганите (навивачите), туку насилник на одреден спортски натпревар може да биде секој поединец кој е присутен на натпреварот. Тргнувајќи од овој заклучок, под насилство на спортските натпревари се подразбира „секое однесување, односно постапка на спортист, тренер, судија, родител, гледач или друг учесник на спортскиот натпревар, со кое намерно се загрозуваат човечкиот живот, здравјето, односно психичкиот и физичкиот интегритет на луѓето или се уништува или оштетува имотот

---

[33] Коковић Д., *Социологија спорта*, Спортска академија - Београд, 2000 год., стр. 144
[34] Ђорић М., *Хулиганство као међународни феномен*, Ревија за безбедност, 2012 год.
[35] Perryman, M., ***Hooligan wars, Causes and effects of football violence***, Edinburgh, 2001, page 141

или се предизвикува некоја друга негативна последица, без разлика дали таа се однесува на учесниците на спортскиот натпревар или пак на некое трето лице, при што под учесник на спортскиот натпревар се подразбира секое лице кое присуствува на спортскиот натпревар“[36].

Ако зборуваме за почетните современи појавни форми на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, односно на хулиганството во Европа, тогаш задолжително нашето внимание треба да го насочиме кон Велика Британија, конкретно кон Англија, земја која се смета за колевка на хулиганството. Развојот на хулиганството, односно појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари можеме да го класифицираме во четири фази[37] и тоа:

1. Во првата фаза зборуваме за периодот од крајот на 50-тите до првата половина на 60-тите години на 20 век, каде што главната причина за појава на насилството и недостојното однесување се состоела во личната перцепција на навивачите која се однесувала за судењето во текот на натпреварот. Како дополнителни мотиви кои се јавувале во овој временски период претставуваат општествените и културни разлики помеѓу народните маси во тој временски период.
2. Втората фаза од развојот на хулиганството е периодот од крајот на 60-тите и 70-тите години на 20 век. Ова е период кога телевизијата станува доста популарна, односно сè поголем број на луѓе имаат пристап до телевизијата како медиум. Во тој временски период започнуваат и првите масовни ТВ преноси од фудбалски натпревари, што беше одлична шанса за тогашните хулигани да можат да се „рекламираат“ и да го заслужат својот публицитет во јавноста. Масовни сцени кои содржеле насилство помеѓу навивачките групи полека започнале да стануваат секојдневие. Медиумската покриеност на насилствата помеѓу навивачките групи имала и свое влијание врз процесот на извесно мултиплицирање на оваа појава т.е. во процесот на нејзината масовност.
3. Третата фаза на развојот на хулиганството е всушност фазата за која најголемо влијание има процесот на економска и индустриска стагнација во Велика Британија, а пошироко и во Европа. Периодот од крајот на 70-тите години и

[36] Вукотиќ, М., *Насиље у спорту – мастер рад,* Универзитет у Нишу, Правни факултет, Ниш, 2016, стр.10
[37] Deriemaeker, Arnout, De Maere, Dominik, *Football Hooliganism in England: Is Football Hooliganism still as active now as it was during the „English Disease''?*, University of Antwerp, page 3

почетокот како и средината на 80-тите години на минатиот век е, всушност, време кога на територијата на Велика Британија, посебно во Англија, започнале да се регистрираат првите навивачки групи (фирми) кои подоцна ќе станат еден вид на симболично обележје за оваа земја. Навивачките групи кои се појавиле во тој временски период претставувале извесна авангарда, односно извесна контракултура на дотогашното живеење.

4. Четвртата и последна фаза на развој на хулиганството т.е. на насилството и недостојното однесување е периодот од крајот на 80-тите години на 20 век и трае до денес. Основна карактеристика на овој временски период е фактот што на територијата на Европа навивачките движења бележат сериозна застапеност во целокупните општествени и политички процеси. Голем број навивачки групи во овој временски период започнуваат да се приклонуваат кон извесна политичка идеологија, нејчесто десна, и преку трибината ги презентираат и бранат идеолошките вредности за коишто се определиле.

Споделувањето на заеднички вредности (историски, културни, политички, економски) придонесуваат земјите да имаат меѓусебна блискост и да разменуваат исти или идентични вредности. Но, покрај споделувањето на општествено корисни вредности, во таа фреквенција на размена на вредности, секако дека постојат, се појавуваат и разменуваат и одредени негативни т.е. општествено штетни појави и феномени. Една од тие општествено штетни појави е и појавата на хулиганство, односно појавата на насилство и недостојно однесување кое е поврзано т.е. е во корелација со спортските натпревари, посебно со фудбалските натпревари.

Појавата на хулиганство т.е. на насилството и на недостојното однесување на спортските натпревари не била и не останала ексклузивна карактеристика само на земјите од Островот. Напротив, истата многу брзо свое место пронашла и во други земји од Европа, првенствено тука мислиме на земјите кои се географски блиску до Англија, а тоа е Германија, Франција, Италија, но исто така и земјите од т.н. Источен блок не останале изолирани од влијанието на појавата. Постојат повеќе објаснувања за условите кои придонесувале и кои придонесуваат за ширење на појавата на насилство и недостојно однесување лесно и брзо да се шири низ земјите. Дел од тие објаснувања се на линија на политичките влијанија и политичката зависност на земјите од Западна Европа, пред сѐ, а потоа и на останатите земји. Оваа појава на идеолошко приклонување на навивачките групи е карактеристична посебно за Германија како

држава. Имено, во Германија во периодот од крајот на 80-тите години на минатиот век до денес заживува, односно воскреснува идејата на национал-социјализмот, а во крајна линија и на нацизмот. Постојат голем број на навивачки групи во оваа земја, посебно во нејзиниот источен дел, што е и својевиден парадокс, што го величаат нацизмот и десничарските вредности и идеологија. Посебно во овој контекст се истакнуваат навивачите на „Динамо“ од Дрезден, како и навивачите на „Ханза“ од Росток.

### 1.1. Насилството на спортските натпревари во Велика Британија. Појавата на хулиганството во Англија

Според Сањев Мехра[38], ако дискутираме за историјата на насилството кое се поврзува со спортските натпревари, односно за хулиганството, задолжително треба да се вратиме во 1314 година, кога всушност е забележан првиот фудбалски инцидент помеѓу фудбалски екипи на две соседни села.

Развојот на фудбалската игра не го одминува ни Лондон како најголем економски, културен и политички центар во тоа време. Тогашниот градоначалник на Лондон, Николас Фарндон, којшто во неколку наврати ја имал улогата на градоначалник на престолнината, во 1314 година објавил проглас[39] со којшто го забранува играњето на фудбал во главниот град. Помеѓу причините кои ги наведува да ја донесе таа одлука, која во основа е превентивна, наведува дека фудбалот т.е. фудбалската игра може да го вознемири населението, ударите од топката дека предизвикуваат извесна бучава, дека народот т.е. граѓаните во деновите кога има фудбал поголемиот дел од нив т.е. мнозинството посветува исклучиво внимание на натпреварот, а на штета на пазарот т.е. на штета на економијата и дека доколку таквиот тренд продолжи, можно е Лондон како град да претрпи сериозни (економски) последици кои би имале импликации во развојот на градот. Забраната за играње на фудбал не траела многу долго. Иако биле уапсени поголем број на луѓе, сепак натпреварите продолжиле. Во 1660 година покрај во Англија и во Шкотска биле преземени одредени мерки кои имале за цел да го намалат присуството на насилство на спортските натпревари, конкретно на фудбалските

[38] www.theguardian.com/football/2001/dec/13/theknowledge.sport
Тогашниот владетел Едвард II имал обид да го контролира фудбалот, односно насилството кое произлегувало од еден фудбалски натпревар, но обидите не биле толку многу забележителни, би рекле сериозни. Кога фудбалот од селските средини почнал постепено да се шири на територијата на цела Англија, односно кога од настан кој се организирал само и исклучиво секој вторник од неделата или кога има некој позначаен празник, фудбалот добил карактер на секојдневна активност, тогаш и вниманието кое го посветувале авторитетите на власта било посериозно и поорганизирано.
[39] *Football violence in history*. avaiable at: http://www.sirc.org/publik/fvhist.html/articles/fvbiblio.html

натпревари кои биле поврзувани со насилство, но најчесто истите се покажувале како неефикасни и тешко спроведливи.

Во текот на 18 век започнал процесот на трансформација на општеството. Индустријализацијата и урбанизацијата[40] како појави имале свое влијание и врз фудбалската игра. Фудбалот не се играл повеќе со неограничен број на фудбалери, напротив тој ја добива денешната модерна форма со одреден број на играчи т.е. натпреварувачи. Но, насилството и недостојното однесување сè уште претставувале ненадминат проблем и карактеристика на натпреварите. Хулиганските испади започнале да добиваат една нова форма, но и да стануваат подинамични, почести.

Во насока на објективната вистина добро е да споменеме дека и Англија како земја т.е. нејзините власти без разлика за кој период и да станува збор низ историјата па сè до денес ја играат водечката улога и во процесот на превенција и спречување на појавата на насилство и недостојно однесување, односно како земја се отидени чекор пред другите во креирањето на политики, предлагањето на мерки и активности во насока на спречување на појавата, односно во насока на елиминација на причините кои доведуваат до појава на насилство и недостојно однесување.

Модерната фудбалска игра, онаа која е актуелна и денес, како прв фудбалски инцидент којшто содржел одредена форма на насилство, го нотира и забележува инцидентот што се случил во 1885 година во Англија и тоа за време на одигрувањето на фудбалскиот натрпевар помеѓу екипите на Престон Норд Едн и Астон Вила. Во тој временски период навивачите на Престон важеле за едни од најнасилните т.е. најпроблематични навивачки групи и со нив се поврзуваат поголем број на инциденти[41]. Меѓу другите го издвојуваме нападот на железничката станица на навивачите на Престон кон навивачите на Квинс Парк Ренџерс. Во 1905 година одреден број на поддржувачи на Престон биле осудени за хулиганство. Помеѓу осудените имало и човек на возраст од 70 години.

Се чини дека 20 век е периодот кога насилството во Англија ја доживува својата кулминација, но во исто време овој период е значаен и по фактот дека токму тогаш се донесени и најзначајните акти кои имале за цел да придонесат во процесот на

---

[40] *Football Hooliganism in England: Is Football Hooliganism still as active now as it was during the „English Disease“.* Arnout, Deriemaeke. Dominik, De Maere. University of Antwerp. avaiable at: https://www.researchgate.net/publication/298789337

[41] *Cultural changes in English Football,* available at: www.vavel.com/en/football/2013/07/03/247268.html

намалување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Што всушност се случувало во тој временски период во Англија? Карактеристично што треба да биде одбележано е фактот што навивачите започнуваат да ја имаат главната улога на еден фудбалски натпревар.

Катастрофата која се случи на стадионот „Хејсел“ во Брисел - Белгија за време на одигрувањето на финалниот натпревар од тогашниот Куп на европски шампиони помеѓу „Ливерпул“ и „Јувентус“ во 1985 година, во која покрај другото загинаа 39 навивачи, а повеќе од 600 беа повредени, како настан отвори многу прашања кои во тој момент добија карактеристика на ургентност за нивно решавање. Конкретно, за тој настан постојат голем број на трудови и анализи кои од различен аспект ја објаснуваат несреќата која се случи, односно ги нотираат причините кои придонеле да дојде до таа катастрофа. Секој може и има право од своја гледна точка да ја анализира таа ситуација, но денес, кога се знаат скоро сите аспекти на настанот и кога се знаат сите важни моменти кои имале круцијално влијание во предизвикувањето на несреќата, ќе се согласиме т.е. и ние ќе бидеме дел од групата што ги застапува ставот и мислењето дека инцидентот на стадионот „Хејсел“ бил предизвикан од лоша организација на натпреварот. Кога го потенцираме пристапот кон организацијата на конкретниот фудбалски натпревар примарно мислиме за начинот на поделба на стадионот по блокови и физичкото одделување на двете групи на навивачи со неутрални љубители на фудбалот. Организаторот на натпреварот се чини дека токму тука и ја направи најголемата грешка која подоцна се покажа и како кобна за голем број навивачи. Имено, на навивачите на „Ливерпул“, по претходно извршена координација, им припаднале блоковите „X“ и „Y“. Според планот, секторот или блокот „Z“ требало да биде исполнет со неутрални гледачи. Но, организаторот на натпреварот, под неразјаснети околности на неколку дена пред одигрувањето на натпреварот, билетите од секторот „Z“, вкупно 5000 на број, ги пушта во слободна продажба. Истите за многу кратко време се купени од страна на Италијанци кои по различни основи во тие моменти се нашле во Брисел. Оваа ситуација придонела да нема условно кажано тампон зона помеѓу едната група на навивачи со другата. Веднаш по завршувањето на натпреварот, започнува физичка пресметка надвор од стадионот, која многу брзо се проширува во внатрешноста. Навивачите на „Ливерпул“ се судираат со навивачите на „Јувентус“ и на стадионот настанува вистински хаос. Во паниката која завладеала на тој дел од стадионот, голем број на навивачи се обиделе да се повлечат кон ѕидот на

стадионот. Истиот од преголемиот притисок не издржал, се срушил и голем број на навивачи паднале едни врз други. Во таа мешаница и хаос загинале како што претходно споменавме 39 навивачи. Интересен е податокот дека во обидот да спречат поголем судир, односно во обидот да ги раздвојат навивачите од секторот „X“ и „Z“ учествувале само неколкумина полициски службеници и две полициски кучиња, додека пак полициските службеници кои биле распоредени во секторот „Z“ не биле соодветно обучени за справување со таков вид на проблеми. Административната разврска околу овој инцидент е отсликана со пресуда која се однесува на неколку англиски навивачи кои биле осудени на казна затвор (најдолгата од 3 години), со забрана за учество на Ливерпул и сите англиски клубови во европските купови (издадена од Маргарет Тачер), како и казна за организаторот на натпреварот.

***Слика 1. Скица на трибинскиот простор на стадионот Хејсел во Брисел***




Но, овој инцидент пласира и една друга димензија на настанот, димензија и перспектива која никој или многу мал број на научници кои го истражуваат овој феномен ја разгледуваат и анализираат во своите трудови. Таа димензија конкретно се однесува на слабата т.е. на лошата организација на натпреварот и на немањето на слух на раководните структури на УЕФА како организација која е непосреден организатор на натпреварите од таков карактер. Имено, постојат официјални дописи од двата инволвирани клубови кои биле адресирани до УЕФА, преку кои клубовите децидно барале да биде избран друг стадион за одигрување на финалниот натпревар, од причина што според нив стадионот „Хејсел“ не ги исполнувал условите за таков натпревар. Но, ова барање останало нереализирано, а последиците кои се случиле до ден-денес се предмет на опсервација, но и мотив за анализа и предлагање на мерки и активности во насока на превенција на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Инцидентот кој резултирал со човечки животи придонесе водечките европски земји и членки на Советот на Европа посериозно да се зафатат со размислување за начинот на којшто треба да се борат против појавата на насилство и недостојно однесување, односно да се обидат да дефинираат и заеднички да имплементираат политика и нормативно решение, со цел поефикасна и поефективна борба против појавата. Несомнено донесувањето на Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари од 19.8.1985 година, изгласана во Стразбург, претставува најважен документ во превенирањето на појавата и документ од кого што произлегоа останати национални и интернационални акти кои се поврзани токму со оваа проблематика. Конвенцијата, всушност, беше одговор на засиленото присуство на насилство на спортските терени низ цела Европа, со посебен акцент на Англија. Политичкиот естаблишмент од тоа време (Маргарет Тачер како премиерка на Велика Британија) беа директни пропагатори на една таква политика која треба да изнајде решение. Дел од понудените решенија отидоа до таму да предложат и да изгласаат забрана за екипи кои се од сопствената земја да земат активно учество во европските купови.

Со Англија, т.е. со навивачите на фудбалските екипи од оваа земја е поврзан уште еден тежок инцидент којшто до ден-денес е врежан во колективната меморија на луѓето кои се директно или индиректно инволвирани во спортот. Инцидентот во Шефилд, на стадионот на Хилсборо, којшто се случил на 15.4.1989 година, за време на одигрувањето на полуфиналниот натпревар од ФА Купот на Англија помеѓу екипите на „Ливерпул“ и „Нотингем Форест“, останува забележан и запаметен како инцидент во којшто животот го загубиле вкупно 96 навивачи. Неспорен е фактот кој укажува дека и навивачите имаат дел од вината за целиот инцидент, но исто така истрагите кои post festum биле преземени и спроведени од различни аспекти во најмала мера доведуваат до заклучок кој укажува на поделена одговорност за инцидентот, како на навивачите, така и на официјалните органи на редот. Извештајот[42] на Тејлор од 1990 година недвосмилено говори дека полицискиот службеник којшто бил назначен како одговорен за организација на целиот настан т.е. за непосредна координација на органите на редот (полицијата), потфрлил во својата проценка и направил грешка кога наредил отворање на вратата (излезот) „С“ и пробивот на навивачите на „Ливерпул“

[42]https://www.jesip.org.uk/uploads/media/incident_reports_and_inquiries/Hillsborough%20Stadium%20Disaster%20final%20report.pdf

кои биле надвор од стадионот кон централниот дел на горната трибина, при што дошло до меѓусебно газење и нагмечување на навивачите.

***Слика 2. Приказ на трагедијата на стадионот Хилсзборо***




Двата горенаведени и во кратки црти објаснети т.е. презентирани инциденти со смртни последици се поврзани за англиски клубови. Заради минатото кое оваа земја го има со фудбалската игра, со инцидентите кои редовно биле и се поврзувани со оваа земја, како и со културата за следење на фудбал во самата земја, истата со право го носи епитетот на лулка на фудбалот. Но, покрај тоа, оваа земја е и водилка во процесот на дефинирање и определување на нови политики, мерки и активности кои одат во насока на намалување на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

### 1.2. Историски приказ на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во земјите од поранешна Југославија

Земјите од поранешна Југославија според географската положба во која се наоѓале биле и се изложени на одредени влијанија. Позиционираноста на федерацијата, политичките услови кои биле на сила како и некои други фактори (економски, социјални, културни итн.) претставувале добра (солидна) основа за „прифаќање“ на одредени влијанија кои првенствено доаѓале од земјите од Запад. Никако не смееме да го заборавиме и маргинализираме податокот дека појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари е дел од „културните“ т.е. супкултурните „извозни производи“ на Западна Европа, тука првенствено акцентот го ставаме на Англија.

Не сме во позиција да тврдиме дека сите без исклучок биле и ги прифаќале западните вредности, имајќи предвид дека и во поранешна Југославија партијата т.е. државата контролирала речиси сè, сепак водени од одредени примери кои се од тоа време можеме да заклучиме дека западните вредности, западните навики, сфаќања, западните култури, контракултури и супкултури имале поголемо влијание во тогашното општествено живеење на територијата на Југославија.

Токму една таква контракултура[43] од перцепција на системот на денешни вредности, но и од една историска перспектива била и појавата на хулиганство и насилство на спортските терени. Југославија, нејзиното политичко уредување и политичкиот систем во целина, сигурно дека придонел во процесот на амортизација т.е. во процесот на релативизирање и отпор кон оваа појава, односно истата не добила размери како што во периодот на 70-тите и раните 80-ти години имала на територијата на Западна Европа. Насилството во прв ред не било на линија на национализам и политичка нетрпеливост помеѓу народите и државите, туку тоа било израз на локал-патриотизам, односно поврзаност со еден град и спортски клуб. Оваа констатација е на „сила“ до почетокот на 80-тите години, кога полека започнуваше да се наѕира распадот на заедничката држава, односно кога започна процес на појава на национализам кај навивачките групи и потребата таа нивна состојба на „опиеност“ од национални чувства да ја манифестираат на спортските натпревари на коишто го бодреа својот клуб. Потребата да се изрази припадност кон определен народ т.е. кон одредена нација, да се глорифицираат нејзините карактеристики, а во исто време да се негираат, маргинализираат сите останати нации и држави беше главна карактеристика на навивачкото движење од почетокот на 80-тите години, па сè до моментот на распад на федерацијата, процес во којшто навивачките групи одиграа одредена улога. Периодот на распад на Југославија се карактеризира со изразен степен на национализам којшто често преминуваше во шовинизам.

Главната борба, односно најголемата и најизразена нетрпеливост се појави помеѓу навивачките групи на клубовите од големата југословенска четворка („Хајдук“, „Динамо“, „Црвена ѕвезда“ и „Партизан“). Навивачите кои се мобилизираа околу овие четири фудбалски клубови беа на некој начин и директни учесници во одредени

[43] Контракултурата претставува поврзување на членовите на една група (ентитет) во случајот навивачки, во чии рамки доаѓа до општествено т.е. социјално и културно поврзување помеѓу членовите на таа група, што во основа не подразбира насилство. Внатре во таа група доаѓа до размена на идентични ставови, идеи и мислења за одреден настан, проблем или феномен.

процеси во периодот на распад на поранешната држава. Во догледно време, имајќи ги предвид последиците од војната во Југославија, не постои некоја сериозна можност да бидат отворени сите архиви, а со тоа и јавно да бидат презентирани сите сознанија кои се поврзуваат со историскиот натпревар помеѓу екипите на „Динамо“ - Загреб и „Црвена ѕвезда“ од Белград, којшто се одигра на стадионот „Максимир“ во Загреб на 13.5.1990 година. Но, од она што денес го имаме на располагање во форма на сознанија и информации, неизбежно е да констатираме дека натпреварот односно инцидентот помеѓу навивачките групи на двата клуба го означи почетокот на крајот на заедничката држава.

Војната која и дефинитивно го означи крајот на постоењето на Југославија како федерална држава произведе низа други последици кои во крајна линија беа дел од нив и сè уште се најголем или би рекле единствен извор за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, односно причина која на некој начин го стимулираше и во извесна мера оправдуваше насилството како некој вид на манифестација на поведение и однесување. За издвојување се годините за време на самиот конфликт, односно периодот од 1990 година, заклучно со 1995 година, кога е забележан процес на изразено присуство на насилство помеѓу луѓето, посебно на насилство помеѓу навивачите.

### 1.2.1. Насилството и недостојното однесување во Република Македонија – историски аспекти

Како независна држава Р. Македонија уште на почетокот од нејзиното постоење односно егзистирање како таква се соочила со феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Конкретно, во Р. Македонија во периодот на 90-тите години на минатиот век актуелно било ривалството на релација Битола – Скопје, односно ривалството на фудбалските клубови „Пелистер“ и „Вардар“, а аналогно на тоа и на навивачките групи „Чкембари“ и „Комити“. Зборуваме за фудбалско ривалство од едноставна причина што и во Р. Македонија како и во останатите земји од поранешна Југославија, па и од Европа, фудбалот бил спортот којшто го предизвикувал најголемото внимание и интерес кај пошироките народни маси.

За ривалството помеѓу „Пелистер“ и „Вардар“ како спортски т.е. како фудбалски клубови, коректно ќе биде од наша страна да ги наведеме причините и мотивите кои според нас се најзначајни во процесот на појава, а потоа и во процесот на одржување

на тоа ривалство кое во крајна линија на моменти предизвикувало и предизвикува извесна нетрпеливост помеѓу навивачките групи, како и кај поширокото јадро составено од обични симпатизери на едниот или на другиот клуб. И двата фудбалски клуба биле дел од поранешната голема фудбалска лига на Југославија, иако за волја на вистината „Вардар“ играл многу поважна улога во таа југословенска лига. Овој момент го наведуваме како една од причините за појава и развој на ривалството и нетрпеливоста на двата спортски колективи.

Но, по прогласувањето на независноста се чини дека во Р. Македонија како да се наследи ривалството помеѓу овие два спортски клуба. Како причина за појава на ова спортско ривалство е фактот што овие два клуба во почетокот на 90-тите години на минатиот век важеле за најорганизирани спортски клубови во нашата земја и клубови кои располагале со најголеми т.н. навивачки бази и тоа не само во градовите од каде што се (Битола и Скопје), туку и пошироко низ целата држава.

Дополнително, како причина за појава на ривалството помеѓу овие два фудбалски клуба и навивачките групи кои се составен декор од еден спортски (фудбалски) натпревар можеме слободно да го наведеме и чувството на маргинализирање на останатите градови на сметка на развојот и концентрација на инвестициите во сите сфери и сите сектори, само и единствено во метрополата. Впрочем овој мотив не е само причина за појава на нетрпеливост помеѓу навивачките групи од метрополата со навивачките групи од другите региони т.е. од помалите градови само и единствено во Македонија како изслолиран случај.

Ако направиме една површна анализа на степенот на развој т.е. на степенот на развиеност на нашата метропола Скопје со сите останати региони па и градови низ Македонија, со сигурност ќе дојдеме до заклучок дека условите коишто владеат во Скопје се далеку подобри и на едно повисоко ниво од оние коишто се актуелни во останатите делови од земјата. И на полето на спортската инфраструктура состојбата е идентична, односно сѐ што во изминатиов период се изгради и што е функционално односно што исполнува соодветни меѓународни стандарди и тоа без разлика дали се работи за спортски објекти од отворен или пак од затворен тип, сите без исклучок се, т.е. беа изградени во Скопје.

Историски гледано појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Македонија има одредено политичко влијание. Кога зборуваме за

политичко влијание сакаме да потенцираме дека во прв ред мислиме на историските периоди низ коишто Р. Македонија како земја помина, посебно пред, за време и по завршувањето на Втората светска војна. Не е случајно што го спменуваме овој период кога на територијата на тогашна Македонија биле формирани најголем број од фудбалските клубови (1919 година – „Љуботен", „Македонија", „Борец" и „Напредок", 1922 година – „Беласица", 1927 година – „Слога Југомагнат", 1945 година – „Пелистер", 1947 година – „Вардар", 1953 година – „Тетекс" итн.). Фактот што Македонија низ историјата како земја била т.е. се наоѓала под различна окупација (извесен период под српска окупација, за време на Втората светска војна под окупација на фашистичка Германија и Бугарија) придонесува пристапот кон анализата на феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари кога станува збор за клубови од Македонија да го поврземе со политичкото уредување во конкретен историски период и односите кои биле на сила во тој временски период. Податокот дека земјата била односно се наоѓала под окупација е доволен индикатор да дојдеме до заклучок дека една од можните причини за појава на насилство и недостојно однесување на територијата на Македонија да биде т.е. да била етничката припадност на играчите на различни клубови, како и фаворизирањето на одредени спортски колективи, доколку истите биле односно доколку истите ја претставувале административната власт на земјата којашто во моментот ја „владеела" тогашна Македонија. Низ историските архиви може да се најдат податоци за одредени настани т.е. за одредени фудбалски натпревари коишто биле исполнети со насилство и со недостојно однесување кое било предизвикано како резултат на различната национална припадност на играчите на одредени фудбалски екипи. Многу интересен „момент" којшто заслужува внимание и којшто е олицетворение на една историска вистина која се случувала во Р. Македонија е прикажан преку филмот ,,Трето полувреме" на режисерот Дарко Митревски[44].

[44] Филмот ,,Трето полувреме" е филм којшто на широката публика ѝ беше претставен во 2012 година. Како режисер и сценарист на овој филм се јавува Дарко Митревски. За и околу филмот во периодот на неговото снимање, како и во периодот на неговата проекција се развија голем број дебати кои отворија различни прашања и понудија различен пристап како кон филмот, така и кон пораката што истиот ја испраќа т.е. ја испратил. Покрај другите содржински елементи, во филмот постои и дел кој се однесува односно кој ја презентира состојбата што во период на Втората светска војна била актуелна на територијата на Македонија, а која во прв ред се однесувала и на односот на бугарскиот фашистички окупатор и нивниот фудбалски тим кон екипата на Македонија, составена исклучиво од Македонци. Одредени критичари истиот го доживеале како директна порака против Бугарија, со што ова филмско дело го стигматизираа на начин што го определија како антибугарско, со силни и нагласени елементи кои би можеле да предизвикаат чувство на ниски вредности за и кон Бугарија и Бугарите.

### 1.2.2. Насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Република Србија

Вистинската интенција којашто сакаме да ја приложиме т.е. претставиме во овој дел од трудот се однесува на причините за појава на насилство и недостојно однесување во Р. Србија, начините и методите кои ги користат официјалните власти во борбата против оваа појава, нивниот ефективен придонес во таа борба, како и последиците кои настануваат, односно кои произлегуваат од примената на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Како земја од поранешна Југославија, во Србија т.е. нејзиниот главен град егзистираат два условно кажано големи фудбалски клуба и исто така големи навивачки групи кои ги следат истите. Станува збор за „Црвена ѕвезда“ и „Партизан“, клубови кои имаат најголем број на навивачи во Р. Србија и навивачки групи кои се карактеризираат со Белград е место коешто во едно сериозно истражување кое се однесува на појавата на насилството и недостојното однесување на спортските натревари не смее да биде изоставено т.е заборавено. Причини постојат повеќе, но ние ќе се задржиме исклучиво на фактот што Белград како град и како средина се карактеризира со тоа што на едно место е изразена манифестација на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Историски, доколку направиме една кратка анализа ќе дојдеме до заклучок дека навивачките групи на „Ѕвезда“ и на „Партизан“ - „Делије“ и „Гробари“ се групи кои отсекогаш мобилизирале голем број навивачи. Навивачката група „Делије“ е формирана во 1987 година, кога поголемиот број на подгрупи кои оделе на северната трибина на стадионот „Маракана“, денешен „Рајко Митиќ“, се соединиле под едно име.

„Гробарите“, пак, од друга страна, истакнуваат дека се најстара група во Србија, чии почетоци се врзуваат за 1970 година, кога на јужната страна (трибина) на

---

Другиот дел на критичарите на филмот кон истиот гледале како на своевидно ремек-дело, кое преку презентацијата на љубовта кон клубот „Македонија“, како и преку презентацијата на љубовта помеѓу главните актери во филмот успешно и прецизно успеал да ја презентира објективната вистина односно да ги презентира објективните факти коишто биле актуелни за време на Втората светска војна во Македонија, а кои првенствено се однесувале на однесувањето на бугарскиот фашистички окупатор, како кон Македонците и нивниот клуб, така и кон Евреите како посебна заедница која живеела на овие простори.

фудбалскиот стадион на тогашната Југословенска народна армија се појавува организирана навивачка група под името „Гробари“.

Целта на горенаведените точки од интерес нема да можеме да ја постигнеме, односно нема да може да дојдеме до позиција да одговориме на одредени прашања и научни дилеми кои се поставуваат, а кои се поврзани со оваа проблематика, доколку не ја земеме предвид ситуацијата од почетокот на 90-тите години, односно процесот на воено распаѓање на поранешната држава.

Без да имаме изразена намера да елиминираме, односно да го маргинализираме кој било пристап во проучувањето на оваа проблематика, во ова истражување ќе се обидеме да дадеме одговор на ова прашање преку анализа и проучување на социјалните моменти и економските т.е. политичките услови низ коишто помина Р. Србија во периодот од почетокот на 90-тите години и распадот на поранешна Југославија, па сè до денес. Ќе се јават одредени критичари кои со право ќе забележат зошто им се дава приоритет на горенаведените стојалишта во процесот на објаснување на оваа проблематика. Нашиот одговор кон оваа забелешка и кон овој коментар го темелиме на фактот што социјалните услови и економските т.е. политички услови во периодот што сакаме да го истражуваме се проследени со најизразена динамика кога е во прашање Р. Србија. Моментите и настаните се менувале многу бргу, а сето тоа со сигурност придонело во процесот на појава на негативни, општествено штетни појави, меѓу кои секако дека свое место зазема и насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Насилството на спортските терени во Србија несомнено е увезено од Западна Европа, конкретно од Англија како колевка на фудбалот, но и како земја која скоро секогаш и секаде се доведува до корелација со хулиганството т.е. насилството на фудбалските терени како општетсвено негативна појава.

Првиот фудбалски клуб во Србија е регистриран во 1901 година. Станува збор за фудбалскиот клуб „Бачка“ од Смедерево. Вредно е да забележиме дека на фудбалските натпревари имало присуство и на публика, чиј број на одредени дерби натпревари достигнувал и до 2000 гледачи. Прв инцидент на територијата на денешна Србија е забележан во 1924 година. Имено, тогашниот фудбалски клуб „Југославија“ се вратил во Белград со победа од тешкото гостување кај фудбалскиот клуб „Хајдук“ од Сплит. Тоа било причина и повод повеќе од 10.000 граѓани на Белград да излезат на улиците

на овој град и да ги пречекаат за нив во тој период вистинските херои. Тука настануваат првите инциденти помеѓу навивачите и жандармеријата. Во инцидентот свое активно учество зеле и играчите на фудбалскиот клуб ,,Југославија“. Навивачите на ФК ,,Југославија“ во литературата која ја истражува и научно ја обработува оваа проблематика се нотирани и обележани како прва организирана навивачка група од Србија која често одела и на гостување надвор од Белград со цел да навива за својот клуб. Најчести гостувања на оваа група се во градот Загреб во Р. Хрватска, каде што ФК ,,Југославија“ играла со ФК ,,ХШК Граѓански“.

Периодот на Втората светска војна, конкретно периодот од 1941 до 1945 година за денешна Р. Србија е значаен по тоа што во тој период на нејзината територијата се формирани двата најголеми фудбалски клуба од оваа земја, а тоа се „Црвена ѕвезда“ и „Партизан“. Има многу контроверзии околу нивното настанување и нивната директна поврзаност со одредени носители на јавни функции во тоа време, како и со цели делови од системот на тогашната заедничка држава Југославија. Така, за фудбалскиот клуб „Црвена ѕвезда“ покрај тоа што се смета за правен наследник на ФК „Југославија“, постои тврдење дека е народен (српски) клуб и дека се јавува како еден вид на опозиција на тогашното раководство кое најчесто т.е. во најголема мера беше сконцентрирано во воениот врв на земјата. Ако „Црвена ѕвезда“ ја дефинираме како народен клуб, тогаш ситуацијата кај ФК „Партизан“ е малку поразлична. Фактот што во врвот на овој клуб уште од неговото постоење се јавувале имиња кои биле дел од највисоките раководни структури на тогашната Југословенска народна армија придонесува и денес да постои отворена дебата за поддршката на овој клуб од официјалните власти. Иако времињата и околностите се променети и ништо не е исто како што било во тој временски период. Сепак и денес кога се прави една анализа и посуштинско проучување на причините кои покрај другите доведуваат до нетрпение помеѓу навивачките групи на двата најголеми српски клуба, неизбежна е и сегрегацијата (поделбата) на клубовите на „режимски“ блиски до власта и на опозициски, оние кои се борат против таа власт. Дополнително, овој пример ни го потврдува т.е. ни ја докажува нераскинливата врска помеѓу политиката и спортот, односно придонесува во процесот на забележување на присуството на политичко влијание, присуството на одредена политичка импликација врз спортот, тоа е резултат на поврзаноста со владејачката структура или пак се јавува како еден вид опонент, како опозиција која мобилизира истомисленици во борбата против самата власт и сл.

Крајот на 70-тите и почетокот на 80-тите години во Србија се карактеризира со појавата на двете најголеми и до ден-денес најорганизирани навивачки групи од оваа земја, а тоа се „Делии“ и „Гробари“. За овие две навивачки групи се врзуваат голем број на приврзаници на двата најголеми фудбалски клуба од Р. Србија. Како една заедничка карактеристика на овие две навивачки групи е фактот што и двете групи имаат потреба или би рекле една заедничка цел, а тоа е да го негираат постоењето на сплитска „Торцида“ како најстара навивачка група на територијата на поранешна Југославија. Не можат овие две групи да го прифатат фактот дека во Сплит, всушност, се појавува навивачката култура т.е. навивачкото движење. Но, настрана од оваа заедничка цел во тоа време, овие навивачки групи ја сегрегираат и ја поларизираат ситуацијата во Србија до таа мера што во тој временски период се појавува еден процес на поделба помеѓу навивачите на двата клуба. Таа поделба и тој јаз се причина за појава на силна нетрпеливост помеѓу навивачките групи, како и причина за појава на првите поголеми инциденти на навивачката сцена во Србија во тој временски период.

Доаѓаме до периодот на којшто сакаме и најмногу да се задржиме, односно период за којшто сме на мислење дека е многу важен, круцијален во обидот да разграничиме некои појави и настани, како и во обидот да дојдеме до одговори на прашања кои се тесно т.е. нераскинливо поврзани со насилството и недостојното однесување на спортските натпревари како феномен. Имено, кон крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите години т.е. во периодот од 1987 година до 1990 година, полека започнуваше да се насира крајот на тогашната федерација. Одредени политички настани што се случија на територијата на поранешна Југославија во раните 90-ти години, нејзината дезинтеграција, војната меѓу поранешните припадници на таа федерација (Србија, Хрватска и БиХ) уште повеќе го зголемија потенцијалот и создадоа услови што имаа клучно влијание во процесот на појава на експресивен национализам меѓу поранешните „братски“ народи, а национализмот, покрај другите сфери, беше канализиран меѓу навивачките групи.

Не дека историјата на политички сојузи т.е. на државни сојузи не памети слична ситуација како оваа од поранешна Југославија, но според бројот на жртви и според степенот на воени дејствија оваа војна (од некои извори дефинирана како граѓанска) беше најсилен воен конфликт по Втората светска војна.

Не би сакале да продолжиме со историски приказ на настаните и со историска анализа на ситуацијата и на состојбите од тој временски период, туку сакаме во овој труд да ја дефинираме улогата на навивачките групи во воените и кризните дејствија, односно интенцијата ни е да ја презентираме злоупотребата на навивачките групи за политички и во одреден степен и воени цели.

Најеклатантен пример за таква политичка и воена злоупотреба на навивачките групи среќаваме во соседна Србија. Одредени лица кои според сознанијата и достапните информации во јавниот простор биле соработници на службите за безбедност биле искористени во процесот на канализација на национализмот на спортските терени и негово понатамошно користење за потребите на државната политика. Пример за едно такво делување имаме во ликот и делото на Жељко Ражнатовиќ-Аркан, поранешен водач на навивачката група на „Црвена ѕвезда“ и човек којшто ја формирал „Српската доброволна гарда“. Голем број млади лица припадници на навивачката група „Делии“ го сочинувале јадрото на паравоената формација која дејствувала на територијата на Босна и Херцеговина, а во одредени моменти од воениот конфликт имала свои претставници и на територијата на Хрватска. Но, со навивачката група на „Црвена ѕвезда“ и со Аркан конкретно се врзува и уште еден друг настан, кој денес полека за себе ја присвојува придавката дека бил иницијална каписла т.е. момент којшто и официјално го означил почетокот на војната во поранешна Југославија. Всушност, според некои политички и безбедносни аналитичари, инцидентот кој се случил на стадионот „Максимир“ во Загреб на 13 мај 1990 година, неколку дена по првите парламентарни избори во Хрватска, беше почетна каписла за почетокот на кризата. Кога го анализираме насилството врз спортски терени на територијата на поранешна Југославија, апсолутно е неизбежно да се спомене инцидентот којшто се случи за време на распаѓањето на федерацијата. Тоа се случи на фудбалскиот натпревар помеѓу „Динамо Загреб“ (хрватски фудбалски клуб) и „Црвена ѕвезда“ (српски фудбалски клуб) на 13 мај 1990 година во Загреб, Хрватска. Иако на прв поглед изгледал како нормален фудбалски натпревар, тоа не било така. Времето на неговото случување било „погрешно“. Зошто? Две недели пред натпреварот во Хрватска се случија првите повеќепартиски парламентарни избори. На овој настан мнозинство го освои ХДЗ, политичката партија на Фрањо Туџман. Оваа политичка партија инсистирала на независност на Хрватска, а исто така била позната како партија многу близу до хрватските националистички идеи. Од друга страна, на денот на

натпреваротот, 3.000 приврзаници на „Црвена ѕвезда“ пристигнаа во главниот град на Хрватска и беа (случајно или не) предводени од Жељко Ражнатовиќ-Аркан (познат српски националист од тоа време), кој покрај другото бил и дел од управувачката структура на клубот. Неколку часа пред почетокот на натпреварот, низ улиците на градот Загреб се случиле одреден број на инциденти помеѓу навивачите на „Динамо“ („Бад блу бојс“) и на „Црвена ѕвезда“ („Делии“). Сепак, вистинските проблеми настануваат на стадионот „Максимир“ предизвикани од камењата што ги фрлаа „Бад блу бојс“, „Делиите“ кои беа сместени на јужната трибина на стадионот претходно резервирана т.е. обезбедена за гостински навивачи почнаа да ги оштетуваат (кинат) рекламите и на крајот се упатиле кон фановите на „Динамо“, напаѓајќи ги. При нападот, според очевидци на настанот било користено и ладно оружје (ножеви). Покрај физичките пресметки, навивачите на „Црвена ѕвезда“ во текот на целиот натпревар пееле песни со националистичка, на одредени моменти и шовинистичка содржина, како на пример „Загреб е српски“ и „Ќе го убиеме Туѓман“. Сè што се случувало пред, за време и по одигрувањето на натпреварот, гледано од денешен аспект и од една условно кажано безбедна временска рамка, апсолутно дава одговор за ситуацијата во тие денови и недвосмислено ја потврдува тезата дека навивачите биле (ис)користени од политичките елити и биле силно оружје во нивните раце. Но, знаејќи ги политичките тензии од тој период, ќе заклучиме дека сценариото било планирано некаде далеку од стадионот, а во него главната улога имале навивачите. Дури и денес, 28 години откако сè уште немаме одговори за одредени прашања, како на пример за леснотијата со која навивачите на „Црвена ѕвезда“ стигнале до центарот на градот Загреб, за арсеналот на оружје пронајден помеѓу навивачите за канализирање на цела таа негативна енергија и нејзиното кулминирање токму на натпреварот итн.

Навивачките групи од Р. Србија биле носители и на т.н. демократски промени, односно биле првиот предвесник дека во Р. Србија се подготвува извесна демократска револуција која имала за цел да го смени од власт Слободан Милошевиќ и неговата Социјалистичка партија. Промената на оваа структура не започнала во 2000 година кога и беше организиран „5 Октомври“, туку активностите кои биле преземани претходно биле искоординирани од опозиционите политички партии, со една цел уривање на, според нив, режимот на Слободан Милошевиќ. Во оваа активност директен т.е. непосреден учесник бил и врвот на навивачката група „Делии“. Во основа, врвот на навивачката група го сочинувале највлијателните и најавторитарни

членови на групата кои имале способност, моќ и харизма да мобилизираат голем број на млади лица и истите да ги насочуваат да извршат одредени активности. На денот кога се случила и граѓанската револуција т.е. големите граѓански протести во Србија и кога беше запалена зградата на српскиот Парламент, навивачките групи биле во првите редови на тие протести, односно тие беа првите луѓе кои насилно упаднале во Парламентот и започнале со уништување на одредени документи, но и на неговиот инвентар, за подоцна и да го запалат истиот. Во тие моменти тогашната опозиција која беше сконцентрирана во коалицијата ДОС (Демократски опозициски сојуз) активностите на навивачите ги условуваше како наплив на демократија, потреба од слобода, авангарда и слично, за неколку години подоцна истите тие луѓе сега од позиција на власт да започнат процес на силно стигматизирање на навивачките групи и нивно квалифицирање (генерално) како главни виновници за насилството во Србија, односно генератори на асоцијални појави. Оттука се гледа односно може да се воочи ситуација на хипокризија и на употреба на различни аршини за навивачките групи, во зависност од позицијата од која се гледа на нив.

Еволуцијата на навивачките групи од обични фан групи на одреден фудбалски клуб до сопственици на одредени маркетинг агенции, како и до членови на управните структури (одбори) на најголемите спортски (фудбалски) клубови во Р. Србија е исто така интересен феномен којшто заслужува внимание, на пошироката јавност, но и на стручната заедница. Имено, често пати во јавниот простор оваа тема добива на актуелност. Во таа позиција доаѓа во оние моменти кога ќе има одреден, односно кога ќе настане некој проблем (инцидент, сомнителен трансфер, напад на службено лице и сл.) и кога ќе видиме некои лица од политичкиот живот, најчесто од првите т.е. највисоките структури на власта како излегуваат во одбрана на навивачите т.е. на водачите, односно влегуваат во обид да го релативизираат настанот или инцидентот. Оваа појава е карактеристична за Р. Србија. Телевизиската емисија „Инсајдер“ од неколку продолженија, која ја уреди и водеше новинарката Бранкица Стефановиќ од „Б 92“ претставуваше причина и повод прашањето за навивачките групи, за нивните водачи, како и за нивните активности и конекции со државниот - политички врв да стигнат до центарот на вниманието како на пошироката народна маса, така и на официјалните институции на власта. Преку тие емисии беа презентирани објективни ситуации, реални настани кои се случиле на територијата на Р. Србија, конкретно на подрачјето на градот Белград, настани и ситуации во чија главна улога биле

припадници на навивачките групи. Најголемиот дел од тие настани и активности спаѓаат во делот на кривично-правни процеси и за истите била или сè уште се води одредена судска постапка. Во голем дел од тие емисии може точно да се забележи и констатира бројот на кривични дела кои ги извршиле припадниците на навивачките групи „Делии“ и „Гробари“, видот на кривичните дела, изречените пресуди, како и судските (законски) лавиринти кои ги користат навивачите со поддршка од државниот врв во процесот на изигрување т.е. на избегнување на последиците од кривичното дело (ефективно исполнување на пресудата т.е. избегнување на затворот како најчеста казна која им била изречена).

Во моментите кога покраината Косово ја прогласи својата независност преку Декларацијата за независност од 17 февруари 2008 година, низ улиците на Белград започнаа силни протести кои беа првенствено организирани од тогашната опозиција, но тивко беа поддржани и од дел од владејачките структури, посебно од партијата на Војислав Коштуница (Демократска партија на Србија), која како политички субјект беше еден од главните играчи во опозицискиот блок ДОС кој успеа да го симне од власт Слободан Милошевиќ. За време на тие протести кои се случуваа во Белград, навивачките групи т.е. припадници на навивачките групи беа во главните улоги. На протестите од страна на демонстрантите беа нападнати неколку дипломатски претставништва (САД и Хрватска во прв ред), но исто така беа повредени и голем број на припадници на српските безбедносни (полициски) сили. Навивачите на „Црвена ѕвезда“ и на „Партизан“ беа искористени од политичките авторитети во процесот на добивање на политички поени. Опозициските структури беа на мислење дека со искористување на навивачките групи и со додворување кон нив ќе успеат да ги придобијат нив, но и широките народни маси и на тој начин да дојдат во позиција да се борат со своите политички противници.

Годината 2010 слободно можеме да ја окарактеризираме како година од која во Р. Србија повеќе ништо не е исто како порано во навивачкиот свет. Не дека во периодот пред оваа година немало навивачки инциденти со смртни последици, но настанот којшто се случил во 2010 година, а во којшто беше убиен Брис Татон, навивач на француски Тулуз, којшто играше натпревар со белградски „Партизан“ на 17.9.2010 година, го подигна степенот на подготвеност на властите конечно да се пресметаат со оваа појава. Барем тоа декларативно изгледаше така од изјавите на сите политичари од тој временски период во Р. Србија. Сите до еден од врвот, започнувајќи од тогашниот

претседател Борис Тадиќ, преку премиерот Мирко Цветковиќ, министерот за внатрешни работи Ивица Дачиќ, градоначалникот на Белград Драган Џилас кои во своите изјави го осудија настанот и се заложија за одлучна борба против хулиганството и насилството на спортските натпревари. Два дена по инцидентот полицијата успеа да уапси вкупно 11 лица, припадници на навивачката група ,,Гробари" кои беа главни осомничени дека на горенаведениот датум во месноста наречена Обилиќев венац до смрт го претепале францускиот граѓанин, навивач на „Тулуз". За 10 од вкупно 11 уапсени „Гробари" судијата којшто ја водел истражната постапка определил притвор во траење од 30 дена. Двајца осомничени како учесници во настанот сѐ уште се наоѓаат во бегство и за истите државата има распишано меѓународна потерница. Судскиот процес заврши на тој начин што осомничените беа прогласени за виновни т.е. како сторители на кривичното дело тешко убиство и за сите нив вкупно беше одредена казна затвор во траење од 240 години. Оваа пресуда наиде на негодување од страна, пред сѐ, на навивачките групи, а подоцна и од стручната јавност. Впечаток е дека пресудата не ги заплаши навивачите и не го оствари својот превентивен карактер за да ги одврати идните сторители на вакви или слични дела, туку доведе до состојба навивачите околу ова прашање да се соединат и заеднички да дејствуваат, односно заеднички да ја водат борбата против системот.

### 1.2.3. Насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Република Хрватска

Република Хрватска како поранешна земја членка на Југославија секако дека не беше одмината од т.н. ,,англиска болест", односно од најпознатиот англиски извозен производ, а тоа секако е хулиганството т.е. насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Ако ја следиме појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари на територијата на Р. Хрватска, добро е да ја следиме појавата на насилство и недостојно однесување за време и во рамките на поранешна Југославија како еден период, но и по добивањето на независност на Р. Хрватска како друг т.е. втор период.

Сите настани кои се важни и кои се дел од хрватската историја која се однесува за овој феномен се врзуваат со 1950 година, годината во којашто е формирана најстарата навивачка група на територијата на Европа, а тоа е сплитската „Торцида". До денес актуелно е прашањето за точниот датум на формирање на оваа група и се разбира дека

постојат и мислења кои во крајна линија настојуваат да го минимизираат горенаведениот податок. Крајна нивна цел е да докажат дека организирано навивање во Хрватска т.е. во Сплит започнува во средината на 80-тите години, кога ова движење е актуелно и на територијата на поранешна Југославија. Се смета како општоприфатен факт дека навивањето во Сплит било пренесено од земјите од Латинска Америка, конкретно од Аргентина. Сепак, неспорен е фактот дека Сплит и сплитската „Торцида“ се на некој начин основоположници на навивањето во Хрватска. Процесот на ширење т.е. на експанзија на навивачкото движењето на територијата на денешна Хрватска се одвива речиси со иста динамика како што тоа било и во другите земји од поранешна Југославија, тука првенствено мислиме на Р. Србија, земја која заедно со Хрватска биле или подобро речено до ден-денес се на некој начин водачи кога е во прашање оваа појава. Најнапред, организирани навивачки групи се формирале во поголемите хрватски градови (Загреб, Сплит, Осиек, Риека), а подоцна во зависност од развојот на спортот, пред сè од учеството на локалниот фудбалски клуб во Југословенската лига се случувал процес на мобилизација на навивачите и нивно постепено имплементирање во навивачка група, која организирано ќе го бодри својот клуб на домашните и на гостинските натпревари, процесот на појава на навивачките групи на територијата на Хрватска продолжил и во помалите градови, како на пример Вараждин, Винковци, Пула итн. Навивачките групи од Хрватска уште при нивното формирање, а подоцна и во процесот на нивниот развој, го потенцирале националниот карактер, односно настојувале да направат извесна дистинкција со некои други навивачки групи од поранешна Југославија, на тој начин што ја истакнувале својата национална припадност. На почетокот тој тивок национализам не доаѓаше до израз, за подоцна како што постепено се наѕираше крајот на Југославија, токму преку навивачките групи се започна еден процес на појава на силни национални (патриотски) чувства, кои на моменти беа проследени и со извесни експресии на шовинизам.

Интересен е податокот дека фудбалските клубови кои доаѓале од Хрватска, а кои биле дел од големата четворка во поранешна Југославија, не биле под притисок од страна на владејачката структура. Кога велиме притисок во прв план мислиме на тоа дека во нивните владејачки (управувачки) структури не било забележано преголемо учество на припадници на тогашниот политички и воен врв, како што тоа било случај со клубовите од Белград. Но, тоа не значи и не ни дава за право да тврдиме дека

„Хајдук“ и „Динамо“ како најголеми хрватски клубови биле и дејствувале изолирано или надвор од тогашниот систем.

Историјата на „Хајдук“ како клуб е многу интересна и говори многу за симболиката на клубот, за неговата тежина во хрватската фудбалска историја, за поврзаноста на клубот со хрватскиот народ и борбата за самостојност и независност. Но, трудот кој го пишуваме, односно истражувањето кое го спроведуваме нема за цел да го долови историскиот контекст на некои фудбалски клубови, туку да го објасни и презентира влијанието на политиката во одредени историски процеси, влијанието и злоупотребата која беше направена и која во одредени граници се прави и денес на фудбалските клубови, на нивните навивачки групи за одредени цели и за спроведување на одредени политики. Кога зборуваме за злоупотреба на навивачките групи и на фудбалските клубови за одредени повисоки цели, малку претходно во трудот го споменавме натпреварот помеѓу „Динамо Загреб“ и „Црвена ѕвезда“. Со фудбалскиот клуб „Динамо Загреб“ се поврзани и други настани кои по својот карактер го уживаат приматот на политички. Клубот во демократска и слободна Хрватска доживеа да биде преименуван во „Кроација“. Иницијатор за таа промена беше ни помалку ни повеќе тогашниот претседател на земјата, Фрањо Туџман. Идејата за промена на името во „Кроација“ според тогашниот Претседател на Хрватска, бил обидот клубот да се дистанцира од источноевропскиот блок, да го промени името кое било асоцијација на Исток, на едноумие, на комунизам. Новото име требаше да дефинира и нов правец, нов идентитет, нови вредности. Навивачите нормално не го прифатија името и беа во своевиден бојкот којшто заврши во моментот кога клубот го врати назад името „Динамо Загреб“.

Хрватскиот хулиганство, насилството и недостојното однесување на спортските натпревари како феномен бил и е доста истражуван од тамошната стручна и научна јавност. Постојат голем број научници[45] кои се занимаваат со оваа проблематика и кои се обидуваат преку нивните истражувања и трудови да придонесат во процесот на намалување т.е. во процесот на превенирање на оваа појава на територијата на Р. Хрватска. Интересен е податокот дека поголемиот дел од тие истражувања акцентот го ставаат на политичките врски на навивачките групи со владејачките структури во Р. Хрватска. Имено, според најголемиот дел од истражувачи на оваа проблематика,

[45] Prof. dr. Bonacin, Dobromir, Dr.sc. Bodin, Dominiq, Prof. dr. Vican, Dijana, Dr.sc. Perasovic, Benjamin, Mr.sc.Sindik, Josko

феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари е присутен во Р. Хрватска само и единствено заради фактот што не постои или е минимална потребата, би рекле волјата да му се застане на патот на оваа појава. Без разлика што Хрватска како земја ги има ратификувано сите меѓународни конвенции и договори кои се однесуваат на оваа проблематика и што реално има инвестирано можеби и најмногу средства во подобрување на спортската инфраструктура, сепак недостига одлучност и подготвеност да се расчисти со оваа проблематика. Што се однесува до законската регулатива, како и прифаќањето на сите меѓународни (интернационални прописи), на таа тема и тој момент ќе го разгледаме во едно од другите поглавја на овој труд. Тука, во воведот кон и за феноменот имаме за цел почетно да ја разработиме состојбата, најзначајните моменти, како и да ги откриеме конекциите на навивачките групи со политичките чинители, како и моментите на нивна злоупотреба за остварување на некои повисоки цели и интереси.

#### 1.2.4. Насилството и недостојното однесување (хулиганството) како карактеристика на модерниот свет

За да дојдеме до позиција да го окарактеризираме хулиганството како карактеристика на модерниот свет, се разбира, претходно сакаме да дефинираме што подразбираме под терминот хулиганство и зошто истата таа појава сметаме дека е карактеристика на модерниот свет, односно пред сѐ што е карактеристика како поим и што подразбираме под модерен свет.

Една од многуте дефиниции којашто можеме да ја искористиме во насока на поблиско запознавање и дефинирање на терминот хулиганство како феномен го определува, односно генерално смета дека хулиганството[46] претставува еден вид на чадор термин којшто во себе ги вклучува сите видови на криминал и нарушување на јавниот ред и мир поврзани со фудбалски натпревари, вклучувајќи физички напад и вандализам, но често и вербални, навредливи или расистички изрази. Поширокиот контекст на терминот хулиганство можеме да го најдеме во дефинирањето[47] на

[46] Combating Hooliganism in the Netherlands: An Evaluation of Measures to Combat Hooliganism with Longitudinal Registration Data. Available at: file:///C:/Users/18160145/Documents/hooliganism/netherlands%20combating%20the%20hooliganism.pdf
[47] Football Fan Aggression: The Importance of Low Basal Cortisol and a Fair Referee. Available at: https://search.proquest.com/docview/1676336561/31291A5B41AA4D03PQ/37?accountid=11139

хулиганството како агресијата на фудбалски навивачи, што во основа претставува општествен проблем којшто има свое влијание во многу земји ширум светот.

Доколку внимателно ги анализираме двете горенаведени дефиниции, односно гледишта за тоа што претставува хулиганството како појава, лесно доаѓаме до заклучок дека појавата е поврзана со насилство, со недостојно однесување на луѓето (гледачите т.е. навивачите) на еден спортски (фудбалски) натпревар. Во оваа пригода сметаме дека е потребно да презентираме и наше, сопствено видување на хулиганството како феномен со кој се соочуваме секојдневно. Притоа, во нашиот пристап сакаме да потенцираме дека хулиганството не треба да се анализира исклучиво кога насилството се случува пред, за време и по завршувањето на еден фудбалски натпревар, туку и во таа анализа на појавата неминовно и недвосмислено треба да бидат вклучени и останатите спортови, пред сè тука мислиме на кошарката и ракометот, спортови кои исто така мобилизираат поголем број на гледачи и постои потенцијална опасност за појава на насилство и недостојно однесување на спортскиот настан. Покрај ова, би сакале да презентираме и една дистинкција помеѓу хулиганството како појава која исклучиво е и треба да биде третирана како феномен кој се случува пред, за време и по одигрувањето на еден спортски натпревар, а не да се доведува до контекст со кое било насилство кое може да се случи помеѓу луѓето и за време на одржување на некој друг јавен настан од политичка, социјална или економска природа. Генерализирањето на поимот хулиганство со насилството кое секојдневно се случува, а кое не е поттикнато и кое не произлегува од некој спортски натпревар нема да нè одведе во позиција подобро да ја запознаеме суштината на хулиганството како појава и подобро да ги дефинираме и определиме причините поради кои дошло до манифестација на насилство за време на некој спортски натпревар.

Хулиганството во основа претставува помалку екстензивен поим за разлика од насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Кога зборуваме за хулиганството како поим секогаш треба да имаме предвид дека хулиганството е однапред планирана и намерно предизвикана акција, дека хулиганите секогаш се дел од некоја навивачка група, водени се од најдлабоки чувства на омраза кон противникот и сл.

За разлика од хулиганството, насилството и недостојното однесување не е секогаш планирана и намерна акција. Дополнително, во улога на насилници секогаш не се

јавуваат само и исклучиво хулиганите, туку тоа може да биде и некој од директните учесници на еден спортски натпревар.

Стојалиштето дека хулиганството (насилството и недостојното однесување на спортските натпревари) е карактеристика на модерниот свет го поткрепуваме со фактот и со податокот дека денес речиси и да не постои земја во светот која е надвор од оваа приказна, односно која не се соочува со појавата на хулиганство. Се разбира дека динамиката на појава на овој феномен не е и не може да биде иста кај сите земји во светот, бидејќи не во сите земји спортот, а посебно фудбалот нема некоја долга традиција. Но, кога зборуваме за Европа, за Јужна Америка, а во поново време и за Северна Америка (посебно САД), Азија и дел од афричките земји, хулиганството претставува сериозен феномен којшто заслужува внимание и којшто на некој начин претставува дел од условно кажано културата на живеење во горенаведените делови од светот.

Европа, посебно Велика Британија која е колевка на оваа појава, потоа Германија, Франција, земјите од Бенелукс, но и Источна Европа (Русија и Полска) и Балканскиот Полуостров (Србија, Хрватска, Грција) се подрачја коишто имаат сериозен проблем со појавата на хулиганството т.е. насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Но, во горенаведените држави се чини дека и најдалеку е отидено во обидот да се превенира оваа појава. Која земја колку е успешна во оваа политика на превенција, тоа е прашање чијшто одговор ќе го анализираме во друга глави од трудот, но тука само би напомнале дека Англија како земја е отидена најдалеку во процесот на превенирање на појавата преку поставување т.е. донесување на соодветно законско решение за истата.

Навивачките групи како директни учесници во процесот на предизвикување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во денешно време и во условите (општествени, економски и политички) коишто се на сила не треба да се доживуваат само и единствено како феномен на којшто треба да внимание само и кога се во прашање спортските натпревари, посебно фудбалските натпревари. Напротив, сведоци сме дека навивачките групи многу често се случува да бидат врбувани и (зло)употребени од различни политички субјекти (внатрешни, а во одредени случаи и надворешни) со цел да се влијае врз одредени процеси и преку нив посредно да се пренесе одредена порака. На територијата на Европа, а согласно на тоа и на

територијата на Балканот и во земјите коишто се дел од оваа географска целина, актуелно е прашањето за појава и развој на руското влијание во земјите од Балканот и презентација на тоа влијание преку спортските клубови т.е. преку навивачките групи. За илустрација на ова наше тврдење сакаме како пример да го споменеме влијанието коешто Иван Савидис преку купувањето на грчкиот фудбалски клуб „ПАОК“ од Солун го има во општествениот и јавен живот во Грција, посебно во Солун. Дополнително, во оваа насока добро е да го споменеме и влијанието на руски ,,Гаспром“ во српскиот фудбал. Имено, оваа компанија со финансиската поддршка којашто ја има во ФК „Црвена ѕвезда“ претставува и се доживува како своевидна алка која силно придонела кон зголемување на и така добрите политички односи на двете земји, но и подигнување на степенот на соработка на спортските клубови од двете земји. Соработката на спортските клубови била и е надградена и проширена преку соработката и братските односи коишто ги имаат изградено навивачките групи на „Црвена ѕвезда“ и „Спартак Москва“. Мобилизацијата на голем број на навивачи, популарноста којашто ја има „Црвена ѕвезда“ како клуб во Србија, но пошироко и на Балканот, посебно во земјите од поранешна Југославија претставува добра основа за пренесување на одредени ставови кои содржат и одредена политичка конотација, национализам, и сл.

Спортските натпревари, посебно фудбалските, претставуваат настани од јавен карактер и јавен интерес коишто привлекуваат големо внимание. Интересот за спортските (фудбалските) натпревари е дополнително зголемен кога станува збор за некој меѓународен натпревар кога играат два фудбалски клуба од различни земји или две национални селекции. Во една таква ситуација интересот станува интернационален, односно ја поминува границата на национален интерес.

За да илустрираме и да дообјасниме што значи надминување на националниот интерес кога станува збор за еден спортски (фудбалски) натпревар, доволно е да споменеме кој било натпревар од Лигата на шампиони, натпреварување коешто е под покровителство на УЕФА. Ако имаме предвид дека на еден таков натпревар настапуваат клубови од големата европска петорка (Англија, Шпанија, Италија, Германија и Франција) кои покрај тоа што имаат свои навивачки бази во земјите од каде што доаѓаат, свои навивачки клубови имаат и во други земји ширум Европа. Таквата состојба придонесува во еден момент голем број на луѓе (навивачи) да се интересираат и да го гледаат натпреварот, дали посредно преку телевизија или непосредно со директно присуство на натпреварот.

Оваа ситуација во поново време се користи од страна на различни терористички организации коишто ги користат спортските настани, посебно фудбалските натпревари со цел да извршат терористички напад[48] или да извршат некое диверзантско дејствие[49] со кое ќе предизвикаат реакција како кај органите на редот, така и кај обичниот народ, што пак во крајна линија треба да манифестира постоење на извесен страв и недоверба во институциите на системот. Токму во превенцијата на овие и слични вакви активности се насочени сите активности и сите превентивни политики на официјалните власти како на меѓународно, така и на национално ниво. Во основа, станува збор за мерки и активности коишто ги преземаат во прв ред УЕФА и ФИФА, но и националните спортски сојузи со цел да изградат соодветни капацитети и превентивни политики за да оневозможат појава на терористички или некој друг вид на напади за време на одигрување на еден спортски натпревар.

[48] Keren, Daniel. *The Paris Black Friday 13/11/2015 Attacks – What do we know? What should we do?* International Institute for Counter – Terorism, avaiable at: https://www.ict.org.il/UserFiles/ICT-The-Black-Friday-Paris-Attacks-Nov15.pdf

[49] Zavrsnik, Ales. *Drones and Unmanned Aerial Systems – Legal and Social Implications for Security and Survelillance,* Institute of Criminology at the Faculty of Law, Ljubljana, 2016, page. 36

## III глава - Нормативна рамка - меѓународни и национални норми кои се однесуваат на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари

### 1. Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари посебно на фудбалските натпревари

Феноменот на насилство и недостојно однесување во минатото на некој начин претставуваше „условно кажано“ ексклузивен проблем на земјите од Западна Европа. Нивниот културен, економски и социјален напредок покрај тоа што влијаеше на земјите од Западна Европа, првенствено мислиме на Англија и Германија, да креираат услови за побрз економски развој, сепак во една крајна линија претставуваше и погоден простор да се појави одредена категорија на лица кои преку тие навивачки движења на некој начин го искажуваа своето незадоволство и револт кон системот и општеството воопшто.

Причина повеќе зошто сметаме дека во земјите од Западна Европа порано се појавил овој феномен, за разлика од земјите од Источна Европа, првенствено ја бараме во историскиот факт дека демократијата како политичко и општествено уредување во Западна Европа т.е. прифаќањето, имплементирањето, практикувањето и почитувањето на одредени демократски вредности во Западна Европа постоело уште на почетокот на 20 век. За разлика од Западна Европа, земјите од Источна Европа во временскиот период којшто претходно го наведовме, поголемиот дел од нив не ја „знаеле“ и не ја практикувале демократијата како политичко-општествен систем во рамките на внатрешните политичко-општествени уредувања на нивните земји. Дополнително, нивото на почитување на човековите права и слободи во западните земји било на едно

повисоко ниво, за разлика од правата и слободите коишто луѓето од Источна Европа ги уживале во почетокот на 20 век. Токму тука ја бараме и најголемата, ако не и пресудна причина зошто Западна Европа и земјите кои гравитираат кон Запад биле т.е. се земји каде што феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари се појавил порано од земјите од Источна Европа. Можноста да се борат за своите права, можноста да истапуваат во јавност со одредени свои барања, како и можноста поголем дел од активностите и барањата да ги презентираат преку спортските натпревари, без притоа да се плашат дека за таквите нивни активности ќе подлежат под извесна репресија, претставува и една од најголемите причини за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во западните земји. Спортските клубови во Западна Европа не биле под сопственичка контрола на државите, туку најголемиот дел од нив биле и ден-денес се приватни клубови. За разлика од клубовите во Западна Европа, најголемиот број на клубови од Источна Европа доминантно биле под контрола и во сопственост на државата. Ваквата ситуација ѝ овозможувала на државата во тие клубови да поставува свои т.е. лојални луѓе кои навремено ќе ја известат владејачката структура за одредени појави на незадоволство, што пак од друга страна ќе ѝ овозможувала на државата да има целосна контрола на народот, на навивачите и на активностите помеѓу нив, а со самото тоа државата секогаш била чекор напред пред да дојде до појава на одредена несакана ситуација и била во можност навремено да реагира и да го „елиминира“ незадоволството.

Требаше да помине извесно време и да се создадат одредени услови за оваа појава постепено да започне да се шири, односно да се „извезува“ од земјите во Западна Европа кон Исток. Првенствено, во процесот на ширење на оваа појава големо, ако не и одлучувачко влијание имаше и политичкото уредување на земјите од Источна Европа. Комунистичкото уредување на голем број земји од Источна Европа т.е. социјализмот како најзастапена политичко-општествена форма на уредување која беше актуелната во најголемиот број на земји од Источна Европа во тој период, претставуваше на некој начин „прва линија на отпор“ кон сè што доаѓа од Запад, без разлика дали станува збор за позитивна или за негативна придобивка. Блоковската поделеност на земјите од Европа имаше големо влијание и во односите помеѓу самите земји, во нивните економски и бизнис релации, како и во политичката комуникација. Токму овој момент бил од круцијално значење во процесот на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Земјите од Западна Европа живееле

во општество со поизразен степен на демократија, на инклузивност на општеството, на негова отвореност и на можност за критика и за слободно искажување на ставовите и мислите.

Мобилизацијата на голем број луѓе на едно место во исто време претставувало совршен момент да биде пренесена одредена порака или да биде искажано одредено мислење. Во моментите кога во Англија започнала да се чувствува поделеноста на населението, првенствено од социјален и економски карактер, во исто време започнуваат да се јавуваат и првите посериозни инциденти на фудбалските терени. Покрај тоа што се појавиле првите посериозни инциденти, во тој временски период крајот на 60-тите и почетокот на 70-тите години од минатиот век, во Англија започнала и поделбата на фудбалските клубови на богатите општествени слоеви и фудбалски клубови на работничката класа. Таа поделба т.е. сегрегација се отсликала и на навивачките групи и на нивната поделеност. Најголемиот број од нив биле навивачки групи чиишто членови најчесто биле работници т.е. припадници на работничката класа. Судирите т.е. инциденти покрај тој што биле предизвикани од ривалството на фудбалските натпревари, од локалпатриотизмот и некои слични мотиви, дополнително самото незадоволство било засилено и заради таа економска поделба на граѓаните.

Горенаведената состојба одигра клучна улога во процесот на донесување на Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари[50] од мај 1989 година.

Оваа Конвенција ја претставува основата на сите законски решенија кои подоцна ќе се донесат во земјите кои се јавуваат како потписнички на истата. Процесот на прифаќање и на имплементација на оваа Конвенција во националните законодавства на земјите, покрај другото како дополнителна обврска за истите ја наметна и потреба да се донесе национален закон којшто целосно ќе ја опфати проблематиката за којашто зборуваме, односно ќе донесе правни акти коишто ќе ја регулираат оваа материја на национално ниво.

Времето кога е донесена Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, коинцидира со политичките процеси коишто имаа големо, би рекле решавачко значење за политичките текови кои

[50] European Convention on Spectator Violence and Misbehavior at Sports Events and in Particular at Football Matches – available at: https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/120

ја зафатија Европа кон крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите години од минатиот век. Кога ги споменуваме овие процеси во прв ред тука мислиме на процесот на трансформација на политичките системи коишто до тогаш егзистираа во Источна Европа, односно напуштање на политичкото едноумие и постепено отворање на земјите од Исток кон процесите кои се случувале и кои биле актуелни во Западна Европа во тој период. Падот на Берлинскиот ѕид како еден вид манифестација на политичка промена ги генерирал промените коишто ги зафатиле земјите од Источна Европа, а тука во прв ред мислиме на пробивот на демократијата и појавата на повеќепартиски систем како своевидна карактеристика на демократските процеси. Промоцијата и заштитата на човековите права и слободи претставува една од најзначајните придобивки кои дошле како резултат на промената на политичкиот систем. Горенаведените политички и општествени промени предизвикувале одреден отпор кај дел од населението, но се чини дека истите во тој период биле неминовни и морало да се случат.

Инцидентот или „Катастрофата од Хилсброу“[51] до ден-денес претставува инцидент со најголеми последици изразени во вкупно 96 загинати навивачи (94 од нив непосредно загинале на стадионот, а останатите 2 на повредите им подлегнале во болницата во Шефилд) и вкупно 766 повредени.

Горенаведената кратка дигресија која содржи една површна анализа на инцидентот од 1989 година ја искористивме како насока т.е. како вовед во мерките коишто на тлото на Европа се преземале веднаш по овој инцидент.

Што се однесува до официјалниот извештај од овој инцидент, треба да споменеме дека истиот е изготвен во 1990 година, при што во него конкретно се посочуваат односно се определуваат конкретните причини кои придонеле инцидентот да се случи.

[51] Иницијална каписла која била искористена во насока засилување на потребата и кампањата да се преземе нешто конкретно за оваа проблематика т.е. за овој феномен, неминовно претставува инцидентот кој се случил за време на полуфиналниот натпревар во ФА Купот на Англија помеѓу екипите на „Ливерпул“ и „Нотингем Форест“, одигран на стадионот „Хилсброу“ во градот Шефилд на ден 15.4.1989 година.
Покрај тоа што оваа катастрофа беше „искористена“ во насока на започнување на една темелна дискусија за преземање на мерки и активности кои би придонеле кон намалување на обемот т.е. динамиката на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, дополнително оваа катастрофа ги презентира сите недоследности, односно сите пропусти кои од организациски аспект се однесувале конкретно на катастрофата од Хилсброу, но ги откриле и јавно ги презентирале и останатите пропусти и нелогичности кои во тој период, а некои и денес се непремостлива пречка во процесот на организирање на условно речено „безбедно идеален натпревар“.

Извештајот е под наслов „Taylor Report“[52] (Извештај на Тајлор) во којшто децидно се наведува една од главните ако не и клучна причина за инцидентот. Според овој извештај, главната причина е дејствувањето т.е. несоодветните мерки кои полицијата од Јокшир ги презела во пресрет на овој натпревар и во насока на подготовка на безбедносен план за спроведување на натпреварот. Извештајот дополнително ги наведе и инфраструктурните услови на спортскиот објект како кумулативна причина на инцидентот. Но, во извештајот не постои момент којшто директно би посочил на одредена индивидуална одговорност на некој од лицата директно вклучено во процесот на организација на натпреварот.

Овој извештај не наишол на позитивна оценка и воопшто не бил прифатен пред сѐ од семејствата на трагично загинатите навивачи, а подоцна и од целокупната англиска јавност. Катастрофата ги принуди семејствата на загинатите да започнат индивидуална истрага т.е. процес преку кој уште еднаш и детално сакале да се испитаат сите околности околу самиот фудбалски натпревар. Првите два такви процеси започнати по приватна тужба на семејствата на загинатите во 1991 година и во 1997 година не резултирале со некој напредок односно од истите не произлегле нови моменти кои би се искористиле во насока на расветлување на инцидентот. Но, семејствата на жртвите не застанале тука. Напротив, сакајќи до крај да ги исцрпат сите институционални можности кои им биле на располагање, ја продолжиле својата борба за докажување на вистината. Така во 2000 година започнала нова истрага, која исто така не резултирала со конкретни т.е. со нови сознанија и информации. Но, во 2014 година најновата истрага открила нови дотогаш не разгледани околности кои на крај се докажа дека имале одредено влијание врз самата катастрофа. Иако и последниот извештај ги потврдил заклучоците кои претходно презентирани во Извештајот на Тејлор, дополнително презентира и моменти кои укажуваат на директна вмешаност и на голем број на државни служби, конкретно на полицијата и на единиците за прва помош. Така според најновиот извештај, полицијата не располагала со конкретен план за натпреварот, немала разработено работна верзија која би превенирала одредена несакана околност, не била во координација со останатите сервисни служби итн. Дополнително, сакајќи да ги прекине немирите и тензиите во градот, донела кобна одлука навивачите коишто биле околу стадионот да ги пушти внатре иако веќе истиот

[52] *The Report of the Hillsbrough Independent Panel,* London, The Stationery Office, September 2012, avaiable at:https://assets.publishing.service.gov.uk/government/uploads/system/uploads/attachment_data/file/229038/0581.pdf

бил исполнет. Станувало збор за навивачи на Ливерпул. Полицијата носи одлука да ги отвори секторите на западната трибина со цел навивачите на Ливерпул кои се надвор од стадионот да влезат внатре во секторите каде што веќе биле сместени навивачите кои имале билети. Тука настанува и проблемот. Трибината, нејзиниот вкупен капацитет бил 10.100 гледачи. Со отворањето на вратите навивачите започнуваат да се туркаат и да се задушуваат помеѓу себе. Оние кои биле во првите редови биле притиснати и најголемиот број од нив починале од задушување.

Воведот во Конвенцијата ги презентира целите поради кои се пристапува кон изготвување на Конвенцијата и кон нејзино промовирање од страна на земјите членки на Советот на Европа. Имено, според член 1 од Конвенцијата, најзначајна цел на Конвенцијата е „постигнувањето на превенцијата како модел којшто треба да биде ефикасен и ефективен во процесот на намалување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари[53]". Но, за да се стигне до еден добро изграден, ефикасен и ефективен систем на превенција, страните коишто подоцна се јавуваат како потписнички на оваа Конвенција неопходно е да ги преземат сите мерки во таа насока, односно да ги обезбедат неопходните услови за непречена имплементација на одредбите на Конвенцијата. Иако првично Конвенцијата беше предвидена само и единствено за фудбалските натпревари, сепак во член 1 се остава можност одредбите од оваа Конвенција да се применуваат и за „други спортски настани на кои се претпоставува односно за кои постојат индиции дека е можно да дојде до насилничко и недостојно однесување на гледачите т.е. навивачите[54]".

Член 2 од Конвенцијата се чини дека е еден од клучните членови од содржински, но и од практичен аспект за заживување на Конвенцијата т.е. за нејзина имплементација и прифаќање од националните законодавства на земјите потписнички, а во крајна линија и од спортските федерации, клубови, но и останати субјекти кои се дел од организацијата на еден спортски натпревар. Конкретно во член 2 од Конвенцијата, покрај другото, се предвидува „страните да пристапат кон процес на координација на политиките и активностите на нивните (домашните) владини институции и други јавни агенции против насилството и недостојното однесување на

[53] European Convention on Spectator Violence and Misbehavior at Sports Events and in Particular at Football Matches – Article 1
[54] *Ibidem*

спортските натпревари“[55]. Дополнително во една од одредбите од член 2 од Конвенцијата се остава простор доколку постои можност да се иницира и да се создадат посебни координативни тела кои во основа ќе имаат за задача да ги координираат активностите на сите релевантни учесници во организацијата на еден натпревар, а преку таа координација ќе се обидат да го контролираат однесувањето на секој субјект посебно и навремено да укажуваат на недостатоците во процесот на организација на еден фудбалски натпревар.

Имено, мерките кои произлегуваат од Конвенцијата, а коишто земјите потписнички како и земјите кои ја имаат ратификувано Конвенцијата треба да ги преземат т.е. имплементираат во реалниот живот, се содржани во член 3[56] од Конвенцијата. Во основа страните се обврзуваат да обезбедат формулирање и спроведување на мерките дизајнирани за спречување на насилството и недостојното однесување на гледачите (навивачите). Посебно важни мерки коишто треба да се издвојат и да се презентираат се содржани во член 3 став 1, а истите се однесуваат на:

а) да се осигури дека се користат соодветни мерки (ресурси) од јавниот ред, за да се спречат појави на насилство, во непосредна близина на стадионите (спортските објекти), но и во внатрешноста на спортските објекти. Дополнително, во оваа насока треба да се обезбеди и да се гарантира сигурноста и на транзитните патишта што ги користат гледачите (навивачите);

б) да се олесни соработката и размената на информации помеѓу полициските единици од различни локални единици;

в) да се примени или доколку е можно да се усвои посебен закон во којшто покрај другото ќе се предвидува оние кое се прогласени за виновни за кривични дела поврзани со насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, а се од редот на навивачите, да добијат соодветни казни или пак зависно од случајот, соодветни административни забрани.

Во став 2 од истиот член е предвидена уште една обврска за страните кои ја прифатиле оваа Конвенција, а таа обврска се однесува на поттикнување на сите

---

[55] European Convention on Spectator Violence and Misbehavior at Sports Events and in Particular at Football Matches – Article 2

[56] European Convention on Spectator Violence and Misbehavior at Sports Events and in Particular at Football Matches – Article 3

одговорни субјекти кои се дел од организацијата на еден натпревар, првенствено спортските клубови да назначат редари од своите редови, активно да ги информираат гледачите за активната и пасивната безбедност, но и да ги следат навивачите, посебно гостинските навивачи во процесот на нивното патување од едно до друго место. Во оваа насока страните т.е. земјите кои се потписнички на Конвенцијата се разбира доколку законски тоа е можно ќе ја помогнат организацијата на патувањето на навивачите од едно до друго место, а тоа ќе го прават во непосредна координација со клубовите и туристичките агенции преку коишто се организира патувањето, со цел да ги спречат т.е. да го спречат патувањето на проблематичните навивачи.

Во член 3 став 4 се чини дека Конвенцијата оди најдалеку во обидот да го превенира насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Одредбите содржани во став 4 многу прецизно ги определуваат активностите т.е. мерките коишто треба да се преземат во насока на превенција на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, а тие се:

а) да се осигури дека дизајнот и физичката структура на спортскиот објект обезбедува т.е. ја гарантира целокупната активна и пасивна безбедност;

б) ефикасна изолација и одделување на домашните од гостинските навивачи;

в) сегрегацијата на навивачите да се обезбеди со строга контрола на продажба на билети, но и да се преземат посебни мерки на претпазливост посебно во период непосредно пред почетокот на натпреварот;

г) доколку позитивното национално законодавство овозможува, потребно е да се пристапи кон процес на исклучување или забрана за присуство на спортски натпревар на лица кои се познати или пак се потенцијално проблематични, како и на лица кои имаат консумирано алкохол и други психотропни супстанци;

д) да се пристапи кон процес на едукација на навивачите (обврска на клубовите и на федерациите) како и да се обезбеди систем за јавно информирање на навивачите;

ѓ) да се забрани внесување на алкохол на стадионите, да се ограничи и по можност да се забрани продажбата на алкохолни пијалоци на стадионите и да се обезбеди оние пијалоци кои се продаваат да бидат пакувани во соодветна амбалажа;

е) да се осигури дека навивачите не внесуваат предмети кои се погодни за предизвикување на насилство или недостојно однесување;

ж) да се осигури дека организаторите на натпреварот се во постојана координација со лицата одговорни за безбедноста на натпреварот, дека се преземени сите неопходни мерки и активности и дека е обезбедена ефикасна контрола на толпата т.е. на навивачите од сите нејзини аспекти.

Дополнително, во став 5 од овој член се нагласува социјалниот момент којшто треба да биде исполнет и кон којшто треба да се стремат организаторите на еден спортски натпревар.

Социјалниот момент се однесува на образовниот процес, односно на обидот да се воспостави еден систем на едукација и образование на навивачите поврзано со превенцијата на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Конвенцијата предвидува и точно ја определува и меѓународната соработка помеѓу засегнатите субјекти, која треба да се искористи и да се применува во насока на спречување на појава на насилство и недостојно однесување за време на еден спортски, во конкретниот случај натпревар од меѓународен карактер. Овие одредби кои се однесуваат на меѓународната соработка се содржани во член 4 од Конвенцијата и истите конкретно ја поттикнуваат соработката на националните спортски федерации во насока на постигнување на повисок степен на превенција. Посебно, оваа координација, соработка и комуникација доаѓа до израз кога треба да се организира меѓународен натпревар, при што организаторот на тој меѓународен натпревар е должен не подоцна од 14 дена да организира заеднички состанок со цел да се разгледаат евентуалните можности за појава на насилство, како и мерките коишто треба да се преземат за да не дојде до појава на насилство. Мерките се составени од конкретни чекори коишто треба да бидат преземени пред, за време и по одигрувањето на натпреварот.

Во член 5 од Конвенцијата се остава простор за процесот наречен идентификација, односно пристапување кон ситуација која овозможува (во согласност со законските прописи) да се идентификуваат проблематичните навивачи и на истите да им се оневозможи да присуствуваат на еден спортски натпревар. Оваа одредба сама по себе бара активна соработка на национално, но и на интернационално т.е. меѓународно ниво. Покрај превентивната улога која произлегува од одредбите од член 5, исто така

дел од одредбите на овој член се однесуваат и на можноста за судска соработка. Конкретно, станува збор за пренесување на осудените или осомничени навивачи од земјата гостин во земјата каде што живеат, а со цел казната да се ефектуира во земјата на потекло т.е. земјата на живеење на навивачот.

Членот 6 од Конвенцијата се однесува на дополнителните мерки коишто Конвенцијата ги предвидува, а кои се во насока на зголемување на превентивната улога на Конвенција. Имено, во оваа насока дел од одредбите од овој член предвидуваат тесна соработка на националните федерации помеѓу себе и со клубовите, како и со сопствениците на спортските објекти (во прв ред стадионите) за да се направи конкретно планирање и извршување на физичките промени на спортскиот објект. Овој член ги акцентира конкретните промени кои треба да ги имплементираат сопствениците на спортските објекти, а истите во прв ред се однесуваат на влезовите и излезите од спортскиот објект, неопходни за подобрување на безбедноста и спречување на појавата на насилство и недостојно однесување. Исто така, во дел од оваа одредба се предвидува и се остава можност националните федерации со свои посебни прописи да определат кои стадиони ги исполнуваат условите за непречено организирање на спортски натпревар. Дополнително, а во насока на постојано подигнување на степенот на важност на превенцијата, Конвенцијата предвидува состојба на постојано разгледување на прописите и нивна промена доколку е потребна, односно доколку истите не одговараат со фактичката состојба и потребите на спортските клубови т.е. на навивачите како посреден дел од спортскиот клуб.

Членот 7 од Конвенцијата ја содржи обврската која стои пред земјите потписнички, а која се состои од процес на пренесување на сите можни информации пред Генералното собрание на Советот на Европа, а кои во основа се однесуваат на законските и други прописи со кои се регулира проблематиката т.е. феноменот на насилство и недостојно однесување во секоја земја посебно.

Формирањето на Постојаниот комитет како тело кое произлегува од Конвенцијата е обид да се формира еден субјект којшто постојано ќе ја следи ситуацијата со феноменот на насилство и недостојно однесување и ќе информира пред Генералното собрание на Советот на Европа за состојбите. Всушност, Комитетот е формиран за полесно остварување на целите на Конвенцијата.

За полесно функционирање на Постојаниот комитет т.е. за постигнување на што е можно поголема ефикасност и ефективност во борбата против насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, како и промоција на превенцијата како најголема придобивка од Конвенцијата, Постојаниот комитет има одредени организации кои влегуваат во листата на партнери на Комитетот. Структурата на овие организации кои се во партнерски односи со Комитетот е различна и сите тие заедно, но и секоја од нив поединечно, имаат за цел редукција на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, од аспект на проблематиката која и е предмет на интерес. Во насока да стане појасно за што конкретно зборуваме односно кои се организациите кои се јавуваат како партнери на Постојаниот комитет, во прилог на овој текст ќе ги наведеме конкретно и поединечно секоја од нив:

1. Европската комисија – спортската област и другите релевантни дирекции на двете организации постојано контактираат преку редовни состаноци и настани. Дополнително, Европската комисија (Европската Унија) е поканета да присуствува на состаноците на Постојаниот комитет на Европската конвенција за насилство и недостојно однесување на навивачите.
2. Европска професионална фудбалска лига (European Professional Football League) – како организација е вклучена постојано во работата на Постојаниот комитет, а со тоа е вклучена во разни проекти коишто ги спроведува Комитетот.
3. ЕВРОПОЛ – агенција на Европска Унија надлежна за спроведување на законот. Во основа станува збор за агенција во која членуваат полициските структури на земјите членки на ЕУ. ЕВРОПОЛ како организација зема активно учество и во процесот на организација на Европското првенство во фудбал коешто го организира УЕФА, а коешто треба да се одржи во 2020 година.
4. ФИФА – светската фудбалска федерација е дел од организациите кои се составен дел од Постојаниот комитет. Во процесот на реализација на светските првенства во фудбал, Советот на Европа е задолжен за координација на полициските активности на земјите учеснички на самиот настан, со цел превенција односно спречување на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

5. Football Supporters Europe Network (FSE) – мрежата на фудбалски фанови на Европа во основа претставува организација која е дел од системот на Постојаниот комитет. Формирана е во 2008 година како независна, демократска и репрезентативна мрежа на фудбалски навивачи од вкупно 48 земји од европскиот континент.
6. ИНТЕРПОЛ – како организација во која членуваат најголем број од силите кои учествуваат во имплементација на законот (полицијата) е дел од Постојаниот комитет (како и од Работната група која е задолжена за организација на Европското фудбалско првенство во 2020 година), со задача да ги организира и координира активностите на полициските сили во пресрет на преземањето на соодветни мерки и имплементација на соодветни безбедносни политики и безбедносни проценки и планови во насока на успешна организација на големите спортски настани.
7. Пан – европската фудбалска тинк-тенк организација која се занимава со безбедност и сигурност во процесот на организација на фудбалски натпревари. Како неформална група тесно соработува со Работната група во насока на организација на ЕУРО 2020 година. Соработката се однесува во насока на спроведување на законот на Секретаријатот на Европската Унија. Дополнително оваа неформална организација е дел од состаноците на Постојаниот комитет.
8. Sports Grounds Safety Agency (SGSA) – Агенција за безбедност на спортските терени. Станува збор за експертско тело на владата на Велика Британија кое е исклучиво посветено и кое се занимава со безбедноста на спортските терени, односно со проценка на безбедносните ризици кои постојат или кои можат да се појават на еден фудбалски натпревар како резултат на состојбата во која се наоѓа спортскиот објект каде што се игра или каде што ќе се игра одреден фудбалски натпревар.
9. УЕФА – учествува во работата т.е. состаноците на Постојаниот комитет. Како организација конкретно е задолжена за промоција на одредени иницијативи кои се во насока на обезбедување на поголема безбедност на стадионите. Дополнително, во таа насока УЕФА како организација учествува во процесот на координирање т.е. планирање на контактите и комуникациите помеѓу учесниците на еден спортски (фудбалски) натпревар и тоа на оние комуникации кои се однесуваат на безбедноста.

10. Supporters Direct Europe (SDE) – СД Европа е непрофитна организација која е дел од Постојаниот комитет. Како организација ја „задоволува“ потребата за директно учество на навивачите во процесот на организирање и раководење како на професионални, така и на аматерски фудбалски клубови. Активна е во 38 европски земји.

Европската резолуција за хулиганство и слободно движење на навивачите[57] претставува исто така еден важен документ којшто сметаме дека треба да биде наведен како еден од главните документи преку коишто ЕУ, преку нејзините тела и органи се обидува да ја превенира и да ја намали појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Резолуцијата е донесена во 1996 година од страна на Европскиот парламент. Причините за донесувањето на оваа Резолуција се повеќестрани, при што како значајни сакаме да ги издвоиме следниве:

- Загриженоста од појавата на насилство на спортските натпревари, со посебен акцент на фудбалските натпревари;
- Мислењето дека насилството што се манифестира на спортските натпревари често е синоним за некои подлабоки општествени проблеми;
- Зачестениот број на расистички „демонстрации“ и напади;
- Важноста и значењето на мас-медиумите во процесот на градење на здраво спортско ривалство и фер-плеј;
- Потреба од зголемена соработка со ЕУ во насока на помош во контролирање на прекугранични инциденти.

Главни точки или препораки кои произлегуваат од Резолуцијата на Европскиот парламент за хулиганство и слободно движење на навивачите, а коишто се вредни да бидат нотирани се следниве:

1. Спортот е значајна општествена, но и културна манифестација, а тоа значи дека спортот треба да биде достапен за сите општествени слоеви;
2. Спортот е предмет на интерес на голем број на луѓе и затоа неминовно е да му се посвети сериозно внимание како на национално, така и на меѓународно ниво;

[57] Resolution on hooliganism and the free movement of football supporters, avaiable at: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A51996IP0124

3. Постои сериозен проблем со хулиганството, посебно со т.н. меѓународно хулиганство и во пристапот за негово решавање треба да се вклучи цела ЕУ;
4. Актуелните превентивни мерки кои се однесуваат на оваа проблематика се проблематични од аспект што недостасува меѓународна правна рамка, граѓаните чувствуваат дека одредени права и слободи им се нарушени, а немаат т.е. не располагаат со соодветни механизми за жалба по однос на овие прашања.
5. Наложува т.е. бара од државите како и од националните федерации и спортските клубови во процесот на превенирање на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари да посветат внимание на: изградбата на нови спортски објекти да биде проследена со соодветни стандарди кои ќе овозможат безбедност за гледачите, ривалските групи да бидат физички разделени, да постои контролирана продажба на билети, инсталација на скенери на стадионите и сл.

Нареден документ којшто има одредено влијание во процесот на превенција на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари претставува Конвенцијата на Советот на Европа за интегриран пристап кон сигурноста, безбедноста и безбедносните пристапи на фудбалските натпревари и други спортски настани[58]. Конвенцијата е донесена во 2016 година, во Сен Дени – Франција, а истата стапува на сила на 1.11.2017 година. Главна цел на Конвенцијата е да обезбеди фудбалските и другите спортски настани да се организираат и да се одржуваат во една сигурна и безбедна атмосфера, преку спроведување на еден интегриран систем на безбедноста. Под интегриран систем на безбедноста според одредбите содржани во Конвенцијата се подразбира заедничко учество на сите (активни и пасивни) учесници на еден спортски настан во процесот на негово организирање и безбедносно спроведување, како и обврска на државните и локалните власти да земат активно учество во процесот на изградба на соодветна спортска инфраструктура која ќе го зголеми степенот на безбедност како за гледачите, така и за учесниците на спортскиот натпревар. Дополнително, оваа Конвенција побарува и соработка на припадниците на

[58] *Council of Europe Convention on an Integrated Safety, Security and Service Approach at Football Matches and Other Sports Events*, avaiable at: https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/218

полициските сили со другите субјекти директно вклучени во организацијата на еден спортски натпревар (приватните агенции за обезбедување, спортските федерации и сл.).

### 1.1. Законското решение во Република Србија

Земјите од поранешна Југославија, првенствено Р. Србија од аспект на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, претставува земја што може да се искористи како соодветен пример за присуство на феноменот на насилство и недостојно однесување е присутен и е до тој степен сериозен што официјалните власти во оваа земја т.е. институциите кои се одговорни во процесот на решавање на оваа проблематика посветуваат внимание и вложуваат значителни напори во насока на решавање и во насока на превенирање на оваа појава. Решенијата коишто оваа земја ги нуди како почетна точка во процесот на решавање на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари ги наоѓаме во системот на казненото право. Се разбира дека и во периодот пред да бидат донесени посебни законски решенија кои се однесуваат исклучиво на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, официјалните власти и надлежните органи во Р. Србија се обидувале на различни начини и со различни пристапи да се обидат да дојдат до некоја посакувана состојба по однос на овој феномен, но сепак сите тие чекори и политики не биле т.е не вродиле со некој посериозен успех во борбата против насилството на спортските натпревари.

Сериозноста во пристапот на Р. Србија, кој се однесува на изнаоѓање на решенија за насилните и девијантни поведенија кои се карактеристични, односно кои се случуваат и се поврзуваат со спортските натпревари и тоа најчесто фудбалските, можеме да ја забележиме уште во рамките Југославија како федерација. Ова тврдење го поткрепуваме со податокот дека Србија како дел од Југославија ја имала прифатено и ратификувано Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, со посебен акцент на фудбалските натпревари. Р. Србија со Законот за ратификација на Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари[59], со посебен акцент на фудбалските натпревари, уште во рамките на Југославија го започнува својот процес

[59] Zakon o ratifikacije Evropske konvencije o nasilju i nedolicnom ponasanju gledalaca na sportskim priredbama, Posebno na fudbalskim utakmicama, *Sl. List SFRJ, 9/90*

на борба и на активност против појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Ратификацијата на Конвенцијата од страна на оваа земја не значеше по автоматизам и создавање на посебен Закон којшто ќе се однесува исклучиво на феноменот на насилство. Годините по ратификацијата на Конвенцијата се до носењето на законското решение се години во коишто официјалните власти, посебно полицијата и судските органи се справувале со оваа појава на тој начин што делата (прекршочни или кривични) кои се извршувале пред, за време и по одигрувањето на еден спортски натпревар ги решавале на тој начин што користеле одредби од веќе постоечки законски решенија, како што Законот за јавен ред и мир како прв и најчесто користен пример. Дополнително, состојбата во Р. Србија во периодот од почетокот на 90-тите години на минатиот век, па сè до 2000 година, војната во поранешна Југославија, војната во Косово, како и НАТО интервенцијата во Србија што беше еден вид последица на случувањата во Косово, претставуваат објективни моменти кои имале и ден-денес имаат сериозно влијание врз сите општествено-политички процеси во Р. Србија. Оваа земја и кога беше во сојуз со Црна Гора, во 2001 година пристапи во процес на потпишување и ратификација на Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. По распадот на заедничката држава Србија и Црна Гора, Р. Србија како држава сукцесор ги наследи и ги прифати сите правни обврски кои произлегуваа од претходната држава т.е. кои беа потпишани во нејзино име.

Покрај соработката на Р. Србија со Советот на Европа, државата пристапи и кон самостојна, индивидуална акција која се однесува на борбата против појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. За волја на вистината, таа акција произлегуваше како обврска по потпишувањето и ратификацијата на Европската конвенција. Првото законско решение е усвоено во 2003 година. Во 2005 година во рамките на Министерството за внатрешни работи на Србија била формирана работна група чија единствена и најважна цел и била да ги подготви измените и дополнувањата на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Измените и дополнувањата биле изгласани во 2007 година. Работната група во рамките на Министерството за внатрешни работи на Србија успеа во намерите да инкорпорира нови одредби во постоечкиот Закон кои по својата природа требаше и беа построги за разлика од првото законско решение. Во насока на

зголемување на ефикасната примена на законското решение, во Р. Србија се изготвил и Акционен[60] план за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Со изготвувањето на овој Акционен план се пристапи и кон идеја за уште едно дополнително изменување и дополнување на законското решение од 2007 година, во насока на усогласување на Законот за спречување на насилство и недостојно однесување со Законот за полиција и Законот за јавен ред и мир.

Р. Србија во периодот што ни е предмет на интерес е активна и во процесот на изготвување на „Стратегија за развој на спортот 2009 – 2013", каде што една од главните цели на Стратегијата[61] е обидот да се намалат сите облици на насилство поврзано со спортски натпревари, да се зголеми безбедноста во организацијата на еден спортски натпревар, како и да се откријат причините за појава на нови, потенцијални сторители на кривични дела поврзани со насилство на спортските натпревари.

Во воведниот дел од законското решение (Основни одредби) на Р. Србија во член 1 се определуваат мерките за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари кои се подразбираат со овој Закон, а во таа насока се определуваат и точно дефинираат обврските на официјалните органи во насока на примена на законските одредби.

Во член 2 од српскиот Закон се содржани одредби кои се однесуваат на определување на посебните категории на ова законско решение и тоа: спортски натпревар, организатор на спортски натпревар, време на одигрување на спортскиот натпревар, учесници на спортскиот натпревар, како и одредби преку кои се дефинираат т.е. определуваат спортскиот објект каде што се игра еден натпревар и спортскиот терен (непосредното спортско борилиште).

Член 3 од Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Србија се однесува на обврската што ја има организаторот на спортскиот натпревар за редовна координација со Министерството за внатрешни работи, во насока на осигурување на безбедност за натпреварот, како и во насока на преземање на конкретни мерки и активности кои ќе придонесат кон зголемување на

[60] http://www.mos.gov.rs/wp-content/uploads/download-manager-files/Akcioni%20plan%20za%20sprecavanje%20nasilja%20u%20sportu.pdf
[61] Strategija razvoja sporta 2009 – 2013, Ministarstvo omladine i sporta, 2009. Available at: https://www.mos.gov.rs/dokumenta/sport/strategije?lang=lat

превенцијата како пристап и како политика за борба против појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Во член 3 од Законот има одредби кои се однесуваат на точно определување што претставува спортски натпревар, што е спортски клуб и како истиот се регистрира, кој може да се јави како организатор на еден спортски натпревар, што е спортски објект според овој закон, како и дефинирање на алкохолните пијалаци според овој Закон.

Членот 4 од законското решение во Р. Србија содржи одредби преку коишто се определува што според Законот ќе се смета за насилно и недостојно однесување на спортските натпревари, односно кои поведенија ќе се сметаат како такви. Така според српскиот Закон под насилно и недостојно однесување се подразбираат следниве поведенија т.е активности:

1. Физички напад на учесниците на спортскиот натпревар;
2. Физички напад помеѓу учесниците на спортскиот натпревар;
3. Фрлање на предмети на спортскиот терен или во гледалиштето кои можат да го загрозат животот, физичкиот интегритет и имотот;
4. Предизвикување на омраза и нетрпеливост која може да предизвика физичка пресметка помеѓу учесниците;
5. Оштетување на спортскиот објект, опремата, уредите и инсталациите на спортскиот објект;
6. Предизвикување на немири пред, за време и по завршувањето на натпреварот и оневозможување на нормално одвивање на натпреварот;
7. Неовластено влегување на терен;
8. Неовластено влегување во службените простории на стадионот;
9. Внесување и употреба на алкохол и други опојни средства на стадионот;
10. Внесување, односно употреба на пиротехнички средства во стадионот со кои може да се загрози безбедноста на гледачите;

11. Неовластено влегување во делот на гледалиштето којшто е наменет за гостински навивачи.

Српското законско решение нема одредба која се однесува за конкретно присуство на алкохол во крвта изразено во промили кое би се сметало за недостојно однесување на еден спортски натпревар. Во српскиот Закон исто така не е предвидена одредба која се однесува на лица кои се маскираат или кои го прикриваат својот идентитет како една од формите на насилство т.е. на недостојно однесување.

Во втората глава (Мерки за спречување на насилство) од законското решение од 2003 година во Р. Србија, законодавецот во член 7 ги предвидел и точно ги нотирал превентивните мерки кои се преземаат т.е. кои треба да се преземаат во насока на превенирање на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, како и мерки кои придонесуваат кон состојба на намалување на ризикот од евентуална појава на насилство и недостојно однесување. Овие мерки се однесуваат на активности кои се преземаат пред започнувањето на еден спортски (фудбалски) натпревар. Всушност, во овој член од Законот се определени задачите и обврските кои како такви ги имаат спортските клубови, спортските федерации и спортските друштва. Како најважни одредби од овој член ќе ги споменеме следниве:

- Организира т.е. поттикнува коректно (добро) однесување на навивачите и нивните навивачки клубови;
- Навремено ги информираат навивачите и со нив остваруваат повремени контакти, а исто така и издаваат навивачки билтени;
- Координација со навивачката група за време на гостински натпревар на клубот, како и координација со гостинската навивачка група кога има најавено организирано гостување;
- Дефинираат спортски правила во рамките на нивните можности преку кои определуваат кои натпревари ќе се сметаат т.е. ќе се третираат како натпревари од висок ризик.

Во наредниот член 8 од српскиот Закон за спречување на насилство и недостојно однесување од 2003 година се наоѓаат одредби кои се однесуваат на мерките коишто треба да ги преземе организаторот на спортскиот настан во насока на превенција на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари за време на одигрување на спортскиот натпревар. Во содржината на членот точно се определени обврските односно должностите кои се номинирани кон организаторот на натпреварот. Покрај другото, организаторот во текот на спортскиот натпревар е должен да дефинира т.е. да одредени соодветна редарска служба или пак да активира правно лице кое нуди услуги од приватното обезбедување (физичка безбедност) со што организаторот ќе се најде во поволна позиција да може полесно и поедноставно да ги имплементира обврските коишто произлегуваат од законското решение. Обврските на редарската служба или на правното лице ангажирано од страна на организаторот на спортскиот натпревар се повеќестрани. Како најважни се наметнуваат следниве:

- Забрана за пристап до спортскиот објект каде што е предвидено да се одигра натпреварот на лица кои се под дејство на алкохол или под дејство на други опојни droги, како и забрана за лица за кои постои сомневање дека се потенцијално опасни и дека можат да предизвикаат насилство;
- Ефикасно одвојување на домашните од гостинските навивачи, обезбедување на посебни влезови за гостинските навивачи, посебни делови од трибините на стадионот, како и посебни излези. Станува збор за физичко раздвојување на навивачите на двата спортски клубови кои се учесници на натпреварот;
- Оневозможување за влез на спортскиот терен;
- Оневозможување на продажба на алкохол на и во спортскиот објект како и околу него;
- Оневозможување т.е. спречување на внес на потенцијално опасни предмети кои можат да бидат искористени во насока на предизвикување на насилство и недостојно однесување;

- Да го предупреди или привремено да го отстрани од спортскиот објект лицето кое е потенцијално опасно;
- Кога гледачите се однесуваат спротивно на наредбите т.е. насоките на редарската служба, во тој случај редарите се должни веднаш да ги известат припадниците на полицијата – Министерството за внатрешни работи.

Во понатамошниот текст од Законот е член 9 каде што законадавецот предвидел одредба која се однесува на задолжителната комуникација и координација на организаторот на спортскиот натпревар со органите на редот, во прв ред со припадниците на Министерството за внатрешни работи. Организаторот врз основа на овој член е исто така должен да обезбедни присуство и на други официјални (службени) лица т.е. претставници односно екипи за противпожарна заштита, екипа на итната медицинска помош, комунални служби и слично.

Во третиот дел од српскиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување од 2003 година се наоѓаат членови кои се однесуваат на мерките кои се преземаат кај натпревари кои се определени како натпревари со висок (зголемен) ризик за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Така преку член 10 прецизно се определува што претставува натпревар со висок (зголемен) ризик. Според одредбите на овој Закон, натпревар со зголемен ризик претставува секој натпревар од домашен или меѓународен аспект којшто е со поголемо натпреварувачко значење од вообичаеното. Исто така, според став 2 од истиот член, како натпревар од висок ризик се смета и оној натпревар на којшто се очекува присуство на поголем број на гледачи. Присуството на голем број гледачи ги зголемува и можностите за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, првенствено затоа што се работи за поголема маса на луѓе (гледачи) кои е потешко да се контролираат и кои од своја страна бараат обезбедување на дополнителна логистика како од страна на организаторот, така и од страна на официјалните органи кои се дел од организацијата на натпреварот. Зголемената логистика во прв ред значи и активирање на поголем број на припадници на полициските сили внатре во рамките на спортскиот објект, како и надвор од спортскиот објект. Милитаристичкиот пристап на органите на редот кога се работи за натпревари од висок (зголемен) ризик придонесува да се појави

извесен вид на отпор кај гледачите и навивачите, што пак претставува доволна иницијална railкаписла која може да предизвика насилство и недостојно однесување. Затоа, мора многу да се внимава при процесот на одредување на тоа што и кој натпревар може да се класифицира како натпревар од висок ризик. Доколку организаторот смета дека може да дојде до нарушување на јавниот ред и мир преку манифестација на насилство на еден спортски натпревар, должен е навремено да го извести Министерството за внатрешни работи со цел истото да преземи соодветни мерки во насока на сузбивање т.е. спречување на појава на насилство. Оваа обврска за организаторот на натпреварот е содржана во член 11 од законското решение, каде што покрај другото, определен е и временскиот интервал кога најдоцна треба да биде пријавен таквиот натпревар т.е. индициите дека ќе има инциденти (најдоцна 48 часа пред почетокот на натпреварот). Интересна за споменување е и обврската која произлегува за организаторот на натпреварот со висок ризик, која е исто така дел од овој член, односно дел е од став 4 од член 11, а која се состои од обид на организаторот да ги координира навивачките групи и во заедничка соработка со нив да наоѓа излезни решенија како не би дошло до појава на насилство и недостојно однесување. Од овој член можеме да забележиме и да заклучиме дека законодавецот во Србија имал за цел да ги вклучи т.е. да ги инкорпорира и навивачките групи во насока на превенција од појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, посебно на натпреварите со висок ризик. Оваа интенција на законадавецот можеме слободно да кажеме дека во голема мера е оправдана бидејќи фактот што и на навивачките групи им се дава дел од одговорноста во процесот на превенирање на појавата на насилство, нив директно им се испраќа порака дека Законот во суштина не е против нив како дел од системот, туку Законот е направен за нив, за вистинските и искрените навивачи со цел и тие во текот на еден натпревар да се чувствуваат и да бидат безбедни. Во насока на засилена превенција кај натпреварите од висок ризик е и член 12 од српскиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Одредбите кои се содржани во овој член конкретно се однесуваат на обврски на организаторот во поглед на системот на продажба на карти (влезни билети). Организаторот во таа насока е должен да оствари координација со клубовите кои се директни учесници во натпреварот, да обезбедни навивачите на гостинскиот тим да имаат непречена можност за влез и излез преку посебни влезови како и да имаат посебно место на трибините кое е само за нив,

како и да обезбеди физичка препрека (ограда) помеѓу навивачите на гостинскиот и домашниот тим. Законското решение од 2003 година предвидува и водење на евиденција за лицата кои купиле билети кои се однесуваат на конкретниот натпревар од висок ризик, при што правилата за таа евиденција, како и податоците кои смеат да бидат прибавени и пристапот, односно кој се има право на пристап до таа евиденција се предвидени во член 13 од Законот. Понатаму, анализирајќи го Законот, доаѓаме до член 14 во којшто содржи одредби кои се однесуваат на забраната за продажба на карти на денот на одигрување на натпреварот којшто е прогласен за натпревар со висок ризик во објектот каде што е предвидено да се одигра натпреварот. На тој начин законодавецот по наша слободна проценка сакал и имал намера да ги минимизира причините за појава на тензија помеѓу навивачите, во обидот да дојдат до карта за натпреварот. Покрај членовите коишто досега ги споменавме и во кратки црти ги анализиравме и претставивме, кога се работи за натпревар од висок ризик, во законското решение од 2003 година предвидени се и постојат посебни услови коишто треба да ги исполнува спортскиот објект каде што треба да се одигра еден ваков натпревар. Станува збор за услови кои во најголема мера се од инфраструктурен карактер, а кои сите тие заедно или секој од тие услови посебно може да придонесе како кон намалување на можноста за појава на насилство и недостојно однесување, така и да влијае односно да го олесни процесот на појава на оваа општествено штетна и негативна појава. Така како најважни услови кои се однесуваат на спортскиот објект ги издвојуваме условите кои се пропишани во член 15 од Законот, а помеѓу поважните се следниве:

- Соодветни огради коишто ќе овозможат раздвојување и насочување на навивачите;
- Соодветни огради кои ќе оневозможат влез на терен;
- Соодветни огради кои ќе овозможат раздвојување на навивачките групи;
- Соодветен број на влезови и излези кои ќе бидат соодветно обележани;
- Седишта кои не можат да бидат одвоени од основната површина само со користење на физичка сила;

- Соодветна просторија каде што претставникот на Министерството за внатрешни работи ќе има јасен преглед на ситуацијата на теренот и на трибините – соба за видеонадзор;
- Техничка опрема која ќе овозможи снимање на теренот и трибините во нивна целост, а не само парцијално;
- Просторија за непречено давање на прва помош;
- Соодветен број на тоалети и тоа како машки така и женски;
- Простор за безбедно сместување на превозните средства на гостинската екипа;
- Јавен разглас;
- Соодветен систем за осветлување, а доколку натпреварот се игра во вечерен термин, стадионот или спортскиот објект мора да обезбеди континуиран доток на електрична енергија, независен од јавната мрежа.

Покрај обврските коишто ги има организаторот на еден спортски натпревар со висок ризик и за гостинската екипа се предвидени и пропишани одредени правила и обврски коишто мора да се почитуваат со цел да се изгради една почетна позиција на високо ниво на свест за превенција т.е. за превентивно делување кај овие натпревари. Обврските т.е. должностите кои произлегуваат од овој Закон, а коишто се однесуваат на гостинската екипа се определени преку член 16. Како најважни одредби од овој член ги издвојуваме одредбите кои се однесуваат на информирањето за предвиденото патување, кое не треба да биде подоцна од 72 часа од почетокот на натпреварот. Во рамките на тоа известување се наведува бројката на навивачи која ќе патува на гостувањето (се врши проценка), начинот т.е. превозните средства кои ќе се користат при патувањето, местото на собирање за претстојното патување, како и името на водачот или водачите на навивачката група. Навивачката група во рамките на својата внатрешна структура врши соодветна распределба на влезните билети, а исто така и презема дополнителни мерки и активности во насока на намалување на ризик факторите кои би можеле да предизвикаат појава на насилство и недостојно однесување.

Во третиот дел од српскиот Закон од 2003 година се содржани казнените одредби, односно санкциите кои се предвидени за сторителите на ова кривично дело. Во член 20 од Законот точно е определено кое поведение т.е. кое однесување ќе се смета за сторување на кривично дело, како и кои санкции односно казни ќе бидат изречени за сторителот на делото. Во истиот член од Законот се определени и казните за сторителите на кривичното дело и тоа:

1. Затворска казна од 6 месеци до 3 години за сторување на кривичното дело во група;
2. Најтешка казна од 1 до 5 години затвор за водачот на навивачката група која го извршила кривичното дело;
3. Прекршоците кои се однесуваат како на организаторот на спортскиот натпревар, во прв ред спортскиот клуб, спортската федерација, некое правно лице во улога на организатор, се одредени во член 21 од Законот. Прекршочна санкција може да се изрече како резултат на неисполнување на законските обврски кои произлегуваат од овој Закон;
4. Во член 22 од Законот, покрај паричната казна којашто може да му биде изречена на сторителите на одредени поведенија кои не се во согласност со Законот т.е. со неговите одредби, пропишана и предвидена е и мерка за безбедност како еден вид на превентивна мерка која има за цел да го намали т.е. да го редуцира бројот на сторители на дела кои се поврзани со спортот;
5. Казна затвор била предвидена и за одредени прекршоци во Законот од 2003 година. Во тој случај, кога се работи за прекршок, тогаш казната затвор не смее да биде повисока од 60 дена.

### 1.2. Измените и дополнувањата на српскиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари

И законското решение на Р. Србија кое било донесено во 2003 година до денес т.е. до периодот којшто ни е предмет на истражување било изменето и дополнето во неколку наврати. Исто како и случајот во Р. Хрватска, законодавецот во оваа земја се нашол во ситуација да забележи одредени недоследности на законското решение, односно одредени празнини кои преку интервенција со измени и дополнувања на истиот Закон сакал и имал намера да ги елиминира како такви односно настојувал да

остави што е можно помал простор за евентуална злоупотреба на законското решение. Ако го анализираме Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Р. Србија од 2003 година од правнотехнички аспект, ќе забележиме дека станува збор за „релативно краток и јасен правен пропис"[62]. Но, основната забелешка која се однесувала на ова законско решение произлегувала како резултат на неуспешниот обид на законодавецот да ги предвиди и правно да ги регулира сите поведенија, активности, права и обврски кои се однесувале т.е. кои требало да се однесуваат на сите активни и пасивни чинители на еден спортски натпревар. Дополнително, фактот што станува збор за жива материја, односно фактот што секојдневно се менуваат одредени состојби кои се поврзани со спортот, со спортската инфраструктура, како и начинот на организација на еден спортски натпревар, придонеле во насока на изготвување т.е. предлагање на законски измени на основното решение. Исто така, како дополнителен аргумент којшто одел во „корист" на потребата да се изврши извесна корекција на основното законско решение била и фактичката состојба т.е. реалноста со која се соочила Р. Србија како држава и тоа онаа реалност која била поврзана со спортските натпревари и инцидентите кои се случувале за време на тие натпревари, проследени со неможноста институционално да се реагира, односно со ограниченоста во процесот на реакција на државата кон оваа негативна појава. Генерално гледано, според Дејан Шупут, постојат два вида на ограничувачки фактори[63] и тоа:

1. Главни фактори кои влијаат врз процесот на примена на кои било законски решенија, па и на Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари (неефективна работа на органите на правосудството, недостиг на материјално-финансиски средства за имплементација на законското решение односно за имплементација на превентивните и репресивните програми и политики, неусогласеност на останатите прописи со прописите кои ја регулираат материјата која се однесува на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари).

---

[62] Dr. sc. Bozic, Vanda, Prof. dr. Nikac, Zeljko, *Krivicnopravni okvir za borbu protiv huliganizma, nasilja I nedolicnog ponasanja na sportskim manifestacijama u Srbiji I Hrvatskoj,* str.13, dostupno na: http://transcrim.pravo.unizg.hr/wp-content/uploads/2018/01/15.-Vanda-org.-kriminalitet-na-sport.priredbama.pdf

[63] Suput, Dejan, *Problemi u primeni propisa namenjenih borbi protiv nasilja i nedolicnog ponasanja na sportskim priredbama,* Zbornik kriminologija i krivicno pravo, Kriminalisticko-policijska akademija, Beograd 2012, str. 99, dostupno na: http://www.kpu.edu.rs/cms/biblioteka/nova-izdanja/214-ia42

2. Ограничувачки фактори кои се однесуваат само на материјата која го опфаќа процесот на борба против појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари и непосредната имплементација на законското решение (недостаток на политичка волја за бескомпромисна борба против оваа појава, недоволна стручна подготвеност на кадрите кои се надлежни за спроведување на одредбите од законското решение, специфичност во начинот на којшто извршителите на актите на насилство на спортските натпревари настапуваат, недоволна поддршка од јавноста за политиките на државата кон решавање на овој проблем, хроничен проблем на недостаток на материјални и кадровски капацитети на спортските клубови во процесот на имплементација на Законот).

Во нашиот краток осврт којшто се однесува на најзначајните измени и дополнувања на српскиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари од 2003 година, круцијално значење во процесот на изработка на што е можно подобар и покомплетен Закон, ги издвојуваме измените и дополнувањата[64] на Законот од 2009 година. Во насока на изготвување на измените и дополнувањата на Законот од 2009 година во прилог одел и извештајот[65] на Министерството за внатрешни работи на Р. Србија. Помеѓу другото е наведено дека во периодот од 1.7.2003 година до 31.12.2008 година биле поднесени 1115 кривични пријави за кривичното дело насилничко однесување на спортски натпревари со кои биле опфатени вкупно 2001 лице, од кои вкупно 145 биле малолетни. Според коментарот[66] на Саша Марковиќ, за првпат во казнените санкции кои можат да се изречат во врска со делото насилничко однесување на спортските натпревари се предвидува и мерка за безбедност „забрана за присуство на спортски натпревар“. Со измените од 2009 година настанува и промена која се однесува на попрецизно дефинирање и определување на поведенијата кои ќе се сметаат како противправни. Овие измени и дополнувања се содржани во член 4 од Законот за измени и дополнувања 72/09. Покрај останатите измени од овој член, вредно е да спомeнеме дека за првпат во српскиот Закон се воведува извршување на кривичното дело со користење на навивачки шалови, маски, капи или други

[64] Zakon o izmenama i dopuna Zakona o sprecavanje nasilja i nedolicnog ponasanja na sportskim priredbama, Slubeni glasnik Republike Srbije, br. 72/09

[65] MUP RS je dopisom broj: 161/09 od 4 marta 2009 godine Institutu uputio dokument *Brojčani pokazatelji u vezi nasilničkog i nedoličnog ponašanja mladih pre, za vreme i nakon održavanja sportskih priredbi*, u kome su sadržani podaci za period od 1.7.2003 do 31.12.2008 godine

[66] Markovic, Sasa, *Mera bezbednosti „zabrana prisustvovanja odredjenim sportskim priredbama“ u praksi policije i pravosudja,* Zurnal za kriminalistiku i pravu

предмети со кои се настојува да се прикрие идентитетот на сторителот. Дополнително, со оваа измена се допрецизираат и обврските кои произлегуваат за редарската служба, а сите измени и дополнувања за овој дел од законското решение се содржани во член 8а и 8б. Во член 10 од Законот за измени и дополнувања на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување се пропишани одредби со кои се менуваат првичните одредби од член 13 од првото законско решение, а кои се однесуваат на процесот на продажба на влезни билети.

Членот 13 од Законот за измени и дополнувања на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари се однесува всушност на член 18 од првиот Закон од 2003 година, при што со оваа измена и дополна на законското решение попрецизно се определува забраната за продажба на алкохолни пијалаци, при што конкретно се определува растојанието под кое е забрането секакво продавање на алкохолни пијалаци. Треба да истакнеме дека растојанието е различно дефинирано и едни правила важат за Белград, Нови Сад, Ниш и Крагуевац, а други правила т.е. друго растојание важи за останатите градови низ Р. Србија.

**2. Законското решение во Република Хрватска**

Што се однесува до состојбата во Р. Хрватска кога е во прашање појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, односно кога е во прашање политиката на државата во борбата против оваа појава, уште на почетокот можеме да кажеме дека и оваа земја пристапува сериозно кон овој феномен. Истиот го прифаќа како реалност, но во исто време како одговорна земја се обидува да изнајде решенија и соодветни политики, како и пристапи и методи со коишто т.е. преку коишто ќе влијае во насока на превенирање и во насока на намалување на обемот и фреквенцијата на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари како општествено негативна појава. Р. Хрватска во 1993 година или поточно на 27.1.1993 година ја ратификува Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, со посебен акцент на фудбалските натпревари, а истата влегла во сила на 1.3.1993 година.

Ако го анализираме датумот на ратификација на Конвенцијата, како и датумот на нејзиното влегување во сила, со времето кога во Хрватска бил донесен првиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, ќе

забележиме дека постои разлика од цели 10 години. Легитимно е прашањето зошто оваа земја уште во раните 90-ти години на минатиот век не пристапила кон процес на изготвување на законско решение. Во контекст на ова прашање можеме да понудиме различни одговори, како и различни причини со коишто ќе го „оправдаме“ задоцнувањето. Но, ако треба да наведеме некоја причина зошто Хрватска како земја доцнеше со изготвувањето на овој Закон, иако феноменот го третираше и го третира како реалност, тогаш ќе ја наведеме војната што ја зафати Хрватска во периодот од 1990 до 1995 година. Државата се обидувала да го обезбеди својот опстанок и да ги зачува своите национални и стратешки интереси, што во основа значело дека одредени законски решенија мораа да почекаат некои подобри времиња.

Република Хрватска во јули 2003 година го носи Законот[67] за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Од тој датум оваа земја ја започнала својата борба против феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Кога станува збор за активностите коишто оваа земја ги преземала во минатото, а кои се однесувале исклучиво на борбата против појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, ќе ја споменеме и одлуката на хрватската Влада од 2013 година. Имено, владината одлука се однесувала на формирање на Национален одбор за борба против насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Единствената и најважна цел на Националниот одбор се состоела во активности кои се однесувале на „ревизија“ на доследното применување на законското решение, со посебен акцент на репресивните и превентивни мерки кои произлегуваат од законското решение. Хрватскиот фудбалски сојуз исто така е активна организација од областа на спортот која во рамките на нејзините можности, објективни и законски, се вклучува во борбата против појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Така врз основа на измените и дополнувањата на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари од 2009 година, како и врз основа на член 42 од Статутот на Хрватскиот фудбалски сојуз, на седницата одржана на 23.10.2009 година, го донела Правилникот[68] за безбедност на фудбалските натпревари.

[67] Narodne Novine, br. 117/03. Dostupno na: https://narodnenovine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2003_07_117_1634.html

[68] Преку Правилникот за безбедност на фудбалските натпревари, Хрватскиот фудбалски сојуз јавно ја манифестира својата подготвеност и посветеност во борбата против појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Правилникот дополнително придонел кон зголемување на

Во двете земји Р. Србија и Р. Хрватска, првите законски решенија кои се однесуваат на спречувањето на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари биле изгласани и донесени во јули 2003 година. Во Р. Србија Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари бил донесен на 9.7.2003 година, а додека пак во Р. Хрватска Законот бил изгласан т.е. донесен на 15.7.2003 година, а стапил на сила на ден 23.7.2003 година.

Хрватскиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари од 2003 година т.е. неговиот член 1 е условно кажано пообемен и опфаќа елементи и делови кои во српскиот Закон не се наведени. Пред сѐ во член 1 од Законот во Р. Хрватска покрај другите моменти се гледа и заложбата на законодавецот преку ова законско решение да ги заштити гледачите т.е. навивачите кои се однесуваат во рамките на предвидените прописи, да ја заштити инфраструктурата на спортскиот објект, како и да се подобрат условите на одигрување на еден спортски натпревар што во крајна линија би значело подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на Хрватска, со посебен акцент на младите.

Во хрватското законско решение во член 2 нема конкретна одредба која се однесува на точна формулација за тоа што претставува спортски натпревар според овој Закон, но затоа пак овој член содржи одредби преку кои се одредува противправното однесување според овој Закон пред, за време и по завршувањето на спортскиот натпревар, обврските на организаторот во насока на организација на еден спортски (фудбалски) натпревар, услови коишто треба да ги исполнува спортскиот објект, обврски на гледачите, играчите како директни учесници на конкретен натпревар, како и обврски кои произлегуваат од овој Закон, а кои се однесуваат на медиумските работници, Министерството за спорт и Министерството за внатрешни работи.

Хрватското законско решение во однос на определбата кои поведенија ќе се сметаат за насилни и недостојни, во однос на својот обем и опфат е значително поекстензивен од српскиот Закон. Така, според хрватското законско решение од 2003 година, следниве поведенија се сметале за насилни и недостојни:

---

потребата од јасно дефинирање на безбедносните мерки кои треба да се преземат пред, за време и по завршувањето на еден спортски (фудбалски) натпревар.

1. Поседување и консумирање на алкохолни пијалаци или други пијалаци кои поседуваат најмалку 6% алкохол, поседување на дрога и на пиротехнички средства, оружје и други средства кои се погодни за нанесување на повреди на други лица и за предизвикување на немири и насилство;
2. Обид за доаѓање, влез и присуство во спортскиот објект во алкохолизирана состојба (над 0.5 г/кг алкохол во крвта);
3. Прикривање на идентитетот со маскирање на лицето со капа, марама или на друг начин;
4. Обид за внесување, внесување и користење на транспаренти, знамиња и други реквизити кои содржат текст, слика или знак кој предизвикува т.е. поттикнува омраза и насилство врз основа на расна, верска, национална и регионална припадност;
5. Фрлање на предмети во просторот наменет за играње – спортскиот терен;
6. Пеење на песни или дофрлување на пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза и насилство врз основа на расна, верска, национална и регионална припадност;
7. Палење и фрлање на пиротехнички средства;
8. Палење или на друг начин уништување на навивачки реквизити и други предмети;
9. Обид за неовластено влегување или неовластено влегување во просторот за натпреварување, просторот за навивачи или службените простории за судиите или други официјални лица на натпреварот;
10. Присуство и задржување во просторот од гледалиштето за кое навивачот или гледачот нема соодветна влезница или соодветна дозвола добиена од страна на организаторот.

Пристапот на законодавецот во Хрватска кога ги определувал поведенијата кои ќе се сметаат за насилство и за недостојно однесување на спортските натпревари, можеме слободно да заклучиме дека е поширок, односно истиот содржи одредби

кои во делот од српскиот Закон кој се однесува на дефинирање на поведенијата кои се сметаат како насилство и недостојно однесување не се воопшто споменати.

Во насока на определување на тоа што претставува алкохолен пијалак, хрватскиот Закон оди чекор понапред и точно определува дека сите пијалаци кои содржат најмалку 6% алкохол ќе се сметаат како алкохолни пијалаци. Покрај тоа, во хрватскиот Закон исто така се внимава и на предизвикувањето на регионална омраза, која може да произлезе од пеење на песни со навредлива содржина, како и од внесување и користење на транспаренти, знамиња и други реквизити кои можат да предизвикаат омраза и насилство. Не е случајно што во Хрватска е предвидено предизвикувањето на регионална омраза и нетрпеливост. Оваа состојба произлегува пред сѐ како резултат на територијалната поделба на оваа земја на повеќе региони т.е. жупании, а како пример за изразената нетрпеливост е релацијата Загреб – Сплит, односно Далмација.

Втората глава т.е. точка на Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Р. Хрватска се однесува на спортското натпреварување. Така во член 5 од законското решение во Р. Хрватска од 2003 година се предвидува обврска за организаторот во насока на проценка на состојбата за и околу натпреварот т.е. проценка за евентуално избувнување на немири и насилство, како и дефинирање на соодветни мерки и активности коишто организаторот е должен да ги преземе во насока на превенирање на општествено негативните појави. Покрај другото, во одредбите од член 5 пропишана е и обврска за организаторот која се состои во задолжителната соработка и комуникација со Министерството за внатрешни работи. Во продолжение во член 6 од Законот, законодавецот отстапил простор и определил точни параметри кои се однесуваат на редарската служба и сите активности кои се однесуваат на редарската служба како таква. Така во став 1 од член 6 е пропишано ангажирање на редарска служба од страна на организаторот, став 2 ги определува условите кои се однесуваат на тоа кој се може да биде ангажиран како редар, ставот 3 од истиот член му овозможува на организаторот да ангажира соодветни правни лица кои пружаат услуги на редарска служба, ставот 4 го утврдува минималниот број на редари што се потребни за одреден натпревар.

Во член 7 од истиот Закон се определува процентуалната застапеност на редари професионалци т.е. редари ангажирани од страна на приватни агенции за обезбедување за време на одигрување на еден спортски (фудбалски) натпревар, посебно ако се работи за натпревар каде што учествуваат екипи од две различни области т.е. жупании. Бројот на таквите редари треба да изнесува 30% од вкупниот број на ангажирани редари за конкретниот натпревар.

Наредните два члена (член 8 и член 9) од хрватскиот Закон од 2003 година се однесуваат на редарската служба односно на организациската структура на редарската служба, на системот на командување и контрола т.е. системот на координирање, како и на обезбедување на соодветна просторија во рамките на спортскиот објект од којашто непречено ќе може да се следи натпреварот и ситуацијата на трибините и околу спортскиот објект, пред, за време и по завршувањето на натпреварот. Можеби најважен аспект во насока на обезбедување на услови за одигрување на безбеден натпревар е одредбата која се однесува на:

1. Координацијата на редарската служба со полицијата, при што законското решение децидно наведува и предвидува дека највисокиот по чин полициски службеник раководи т.е. ја координира целата активност околу и за безбедноста, а со тоа раководи и координира со редарската служба.
2. Како треба да бидат означени редарите односно на своите работни униформи да имаат јасна ознака дека станува збор за редар како би биле полесно впечатливи во однос на другите лица присутни на спортскиот натпревари (член 9).
3. Обврските кои ги имаат редарите т.е припадниците на редарската служба, меѓу кои како најважни ги издвојуваме (член 10, член 11 и член 12):
    - Да ги штити учесниците на спортскиот натпревар како и имотот на спортскиот објект и непосредно околу него;
    - Да утврдат дали лицата кои сакаат да влезат на натпреварот имаат соодветна влезница или пропусница од страна на организаторот и на тој начин да спречат неовластено влегување во спортскиот објект;

- Да утврди дали лицето или лицата кои влегуваат во спортскиот објект поседуваат пиротехнички средства, алкохолни пијалаци или други предмети погодни за предизвикување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари;
- Да утврди дали лицето или лицата кои влегуваат во спортскиот објект поседуваат и се обидуваат да внесат транспаренти, знамиња или други предмети преку чија употреба можат да предизвикаат расна, верска, национална и регионална омраза и нетрпеливост;
- Да забрани влез во стадионот или другиот спортски објект на лица кои се под дејство на алкохол (над 0,5 промили);
- Да спречи и да забрани влегување од една трибина на друга трибина од страна на навивачите;
- Да го задржи гледачот т.е. гледачите кои го прекршуваат јавниот ред и мир и кои предизвикуваат други прекршувања на Законот и истите да ги предаде на полицијата;
- Да оневозможи т.е. да спречи присуство на гледачи во оние делови од спортскиот објект каде што е забрането нивно присуство;

4. Минималните услови[69] коишто треба да ги исполнуваат потенцијалните лица кои сакаат да бидат ангажирани како редари односно лица кои организаторот на еден спортски натпревар сака и има намера да ги ангажира (член 11);
5. Професионализација на редарската служба.

Третиот дел од хрватскиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари од 2003 година се однесува на спортскиот објект и на условите коишто овој објект треба и мора да ги исполнува како не би се нашол организаторот во позиција да добие забрана од страна на официјалните власти (во прв

[69] Покрај другото во став 1 од член 11 се предвидува редарите да бидат психички и физички здрави и способни да ја вршат редарската дејност, да имаат завршено најмалку средно образование, да не се осудувани за дела против јавниот ред и мир и сл. Продлабочувањето во насока на дообјаснување за условите коишто треба да ги поседува еден редар, се наоѓаат во став 2 од истиот член. Имено, во овој став дополнително се предвидува дека лицето кое нема професионална лиценца за приватно обезбедување мора задолжително да помине обука преку која ќе се стекне со минимални познавања за работата и за неговите обврски, а со тоа ќе се најде во можност да може непречено да ја извршува функцијата.

ред Министерството за внатрешни работи) за забрана од одигрување на натпревар на соодветниот спортски објект. Така во член 16 од Законот се нотирани и точно се определени условите коишто еден спортски објект треба да ги има и да ги исполнува за да може на истиот да се одржи еден спортски натпревар. Покрај другите, како најважни ги издвојуваме условите кои се однесуваат на одредени инфраструктурни елементи коишто мора да ги има или да ги обезбедни соодветниот спортски објект. Според одредбите од Законот станува збор за: соодветен број на влезови и излези, соодветни огради кои ќе овозможат раздвојување на гледачите, систем за споделување на информации (разглас), систем за заштита од пожар, соодветна просторија за итна медицинска помош, доволен број на санитарни јазли распоредени низ целиот спортски објект, систем за броење на влезници и идентификација на лица, активен систем за видеонадзор низ целиот стадион, со посебен акцент на влезовите и излезите како и на трибинскиот простор. Дополнително во став 2 од истиот член се нотирани обврски за организаторот кои се однесуваат на обезбедување на соодветен паркинг простор, при што доколку стадионот го има, истиот мора да биде поделен за домашни и за гостински навивачи, а дополнително треба да има физичка поделба од паркингот за гостински навивачи наменет за автобуси. Доколку организаторот не е во можност да обезбеди соодветен паркинг простор, во тој случај тој е должен да побара од градот Загреб или општината каде што се игра натпреварот алтернативна локација за која би се користела како паркинг простор – став 3. Во овој член од Законот постои и одредба која му дава полно право на официјалните органи, во случајот на Министерството за внатрешни работи да го одложи одржувањето на натпреварот на одреден спортски објект, доколку истиот не ги исполни минимално пропишаните услови – став 4.

Хрватскиот пристап кон првото законско решение, ако можеме така да се изразиме, се карактеризира со значителна сериозност во пристапот на официјалните државни органи кон феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Дека тоа е така најдобар доказ ни е и делот од хрватскиот Закон кој се однесува на спортскиот објект, каде што еден посебен член, а тоа е член 17 се однесува на карактеристиките коишто треба да ги исполнуваат влезните и излезните врати на спортскиот објект каде што треба да се игра еден спортски натпревар. Исто така, во хрватскиот Закон е предвидено да постои и План за евакуација – член 18, што пак не е случај со Законот во Србија од 2003 година.

Превентивниот карактер на хрватскиот Закон и пристапот на законодавецот при неговото дефинирање и определување се докажува и во оние сегменти т.е. делови од законското решение кои му „припаѓаат“ на гледачите и на средствата за јавно информирање. Имено, со вклучувањето на гледачите и со точното и прецизно определување на нивните активности, права и должности, законодавецот во Хрватска сакал да го напушти крутиот и едностран пристап во процесот на создавање на законско решение и истото да се обиде да го направи што е можно повеќестрано, односно преку учеството на гледачите и на средствата за јавно информирање да го внесе нивниот импакт во процесот на градење на широко прифатливо законско решение.

Што се однесува до репресивните мерки коишто ги пропишувал првиот хрватски Закон кој се однесувал на спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари од 2003 година, покрај паричните казни за одредени прекршоци како мерките за безбедност коишто исто така се предвидени во Законот, во одредбите од Законот пропишана била и можела да биде изречена и казна затвор.

Во првиот обид на Хрватска да креира законско решение со коешто ќе ја регулира појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, настапува од позиција на засилена превенција, без пропишани построги казни т.е. форми за казнување и во најголем број од случаите станува збор за пропишани парични казни или мерки за безбедност кои покрај оние кои ги содржи и пропишува Законот за прекршоци, може да биде изречена и мерката за безбедност забрана за присуство на спортски натпревар за лице кое се јавило како сторител на дело коешто е поврзано со одреден спортски настан. Оваа мерка на безбедност не може да биде пократка од една, ниту подолга од две години.

### 2.1. Измените и дополнувањата на хрватскиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари

Развојот на настаните кои биле поврзани со имплементацијата на првото законско решение во Р. Хрватска, како и одредените недоследности коишто биле забележани во одредени одредби на Законот, придонеле најмногу во насока официјалните државни органи и институции да размислуваат за одредени измени и дополнувања на законското решение. Највпечатливи биле забелешките кои се

однесувале на процесот на обезбедување на квалитетни мерки преку коишто можат да се контролираат мерките за безбедност кои биле изрекувани спрема сторителите на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Дополнително, во насока на потреба за донесување на измени и дополнувања на законското решение одел и фактот што и покрај постоењето на посебно законско решение со кое се регулира насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, „сепак и покрај тоа зголемен бил бројот на сторители на кривични дела извршени за време на одигрување на еден спортски натпревар“[70]. Исто така, како причина за измена и дополнување на законското решение во Р. Хрватска бил наведен и фактот дека првичното законско решение најголем број од противправните однесувања ги определувал како прекршоци за коишто биле предвидени одредени санкции како што се парични казни, казна затвор и мерки за безбедност. Со измените и дополнувањата на Законот од 2011 година за првпат[71] се пропишани санкции за казнените дела извршени за време на еден спортски натпревар.

Одредени припадници[72] на полициските сили во Р. Хрватска, коишто секојдневно се занимавале со проблематиката поврзана со организирање на спортски натпревари, посебно натпревари со зголемен ризик, а со тоа имале можност често да ги применуваат одредбите коишто ги пропишува Законот, детектирале конкретни недоследности на законското решение коишто оневозможувале негова целосна и непречена имплементација во реални ситуации.

Првата измена и дополнување на законското решение кое било на сила во Р. Хрватска од 2003 година се случила во 2006 година. Имено, Владата на Р. Хрватска[73] на седницата одржана на ден 15.2.2006 година,побарала од хрватското Собрание да

---

[70] Во Предлог-законот за измени и дополнувања на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари видливо и впечатливо било дека од почетокот на примена на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, заклучно со 31.12.2005 година, полиција поднела вкупно 1355 предлози за покренување на прекршочни постапки против 1581 лица, превентивно биле приведени 2255 лица, повредени биле 110 лица, од кои вкупно 19 полициски службеници и биле оштетени 63 превозни средства, повеќе на www.vlada.hr 25.6.2019 г.

[71] Margetic, Mirjana, Dr. Sc. Borovec, Krunoslav, *Zakon o sprecavanju nereda na sportskim natecajima – preventivne i represivne mjere sudova i policije,* dostupno na: file:///C:/Users/user/Downloads/9_Margetic_Borovec.pdf

[72] М-р сци. Крешимир Нимац којшто е дел од полициските сили на Р. Хрватска, конкретно припадник на полициската управа на шибенско-книнската жупанија, во својот стручен труд со работен наслов „Спречување на насилството на спортските натпревари – законска регулатива во Република Хрватска и некои европски земји“[72] ги презентира најзначајните измени и дополнувања кои биле донесени во изминатиов период во Р. Хрватска и тоа во три наврати.

[73] https://vlada.gov.hr/vijesti/vlada-predlozila-ostrije-kazne-za-izgrednike-na-sportskim-natjecanjima/6122

донесе Закон, односно да го измени тогаш постоечкиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Целта на измените во прв план била насочена кон санкциите за извршителите на одредени казнени дела поврзани со спортските натпревари. Законот[74] за измени и дополнувања на Законот[75] за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари ги предвидувал следниве измени и дополнувања:

1. Започнување со процесот на создавање и водење на Збирка[76] со податоци[77] од престапниците на Законот, како и евиденција на спортските натпревари кои се одигрuваат во Р. Хрватска;
2. Втора, исто така значајна измена која е донесена со овој Закон е измената која ја содржи членот 35а[78], а која се однесува на обврските кои се однесуваат на лицето за кое е изречена мерка на безбедност т.е. забрана за присуство на спортски натпревар;
3. Донесена е одредба[79] со која се забранувало одржувањето на одреден спортски натпревар, доколку се оцени дека има индиции и постои сериозна можност да биде загрозена безбедноста како на гледачите, така и на останатите учесници на спортскиот натпревар.

Втората правна интервенција врз законското решение од 2003 година во Р. Хрватска е реализирано преку Законот[80] за измена и дополнување на Законот за спречување на насилството на спортските терени од 1.4.2009 година. Со измените и

---

[74] *Zakon o izmenama I dopunama Zakona o sprecavanju nasilja na sportskim priredbama*, Narodne novine br. 71/06, dostupan na: https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2006_06_71_1705.html

[75] Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари бил изгласан на ден 9.6.2006 година, а во Службен весник бил објавен на ден 16.6.2006 година

[76] *Zakon o izmjenama I dopunama Zakona o sprecavanju nereda na sportskim natjecanima*, Narodne novine, br. 71/06, clanak 39b, dostupan na: https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2006_06_71_1705.html

[77] Со помош на оваа измена на едно место се собираат сите оперативни податоци за лицата кои се јавуваат како сторители на одредени кривични дела или пак како сторители на одредени прекршоци според Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Оперативните податоци во иднина можат да се користат во насока на превенција на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Исто така, податоците кои се собираат во Збирката можат да се разменуваат во рамките на меѓународната полициска соработка, како и да им се даваат на користење и на други официјални органи кои ќе искажат потреба од истите. Определено е и времето т.е. рокот за чување на овие податоци и според овој Закон, истото е лимитирано на 10 години.

[78] *Zakon o izmjenama I dopunama Zakona o sprecavanju nereda na sportskim natjecanima*, Narodne novine, br. 71/06, clanak 35a, dostupan na: https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2006_06_71_1705.html

[79] Членот 10 од Законот[79] за измена и дополнување кој се однесува на член 28 од Законот за спречување на насилството и недостојното однесување од 2003 година е вреден да биде спомент.

[80] *Zakon o izmjenama I dopunama Zakona o sprecavanju nereda na sportskim natjecanima*, Narodne novine, br. 43/09, dostupan na: https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2009_04_43_986.html

дополнувањата од 2009 година е интервенирано во однос на следниве прашања т.е. состојби:

1. Предвидена е одредба[81] преку којашто точно се определува кој пијалак ќе се смета како алкохолен;
2. Определено е и кое лице ќе биде третирано како алкохолизирано лице, односно во овој член е нормирана највисоката граница на дозволено количество на алкохол во крвта;
3. За првпат се воведува и  противправност која се однесува на сторители на ова дело коишто истото го вршат или ќе го вршат маскирани т.е. со покриено лице;
4. Се определуваат условите[82] под кои полицијата[83] ќе може непречено да интервенира во насока на спречување т.е. превенирање на појавата на насилство на спортските натпревари;
5. Предвидени се и пропишани обврските кои произлегуваат за лицето на коешто му е изречена мерка[84] на безбедност – забрана за присуство на спортски натпревар, кои се однесуваат на дефинирањето на времето кога ова лице е должно да се јави кај овластен полициски службеник во полициска станица, како и временскиот период на траење на задржувањето во полициска станица за време на натпреварот и по неговото непосредно завршување.

---

[81] *Ibid,* член 2

[82] *Zakon o izmjenama I dopunama Zakona o sprecavanju nereda na sportskim natjecanima,* Narodne novine, br. 43/09, dostupan na: https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2009_04_43_986.html член 8

[83] Член 8 се однесува на правото на полиција да изврши преглед и претрес на лицето кое се декларира како навивач или на лицето кое со своето однесување остава впечаток дека има потенцијал да изврши насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Полицијата има право т.е. ќе го задржи лицето кое е под дејство на алкохол, со цел да го легитимира и во понатамошна постапка да го процесира. Со овие измени на некој начин се зголемуваат овластувањата на полицијата во однос на навивачите и навивачките групи.

[84] Во член 32 од Законот за измена и дополнување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари се предвидени и пропишани обврските кои се однесуваат на лицето на коешто му е изречена мерка – забрана за присуство на спортски натпревар. Мерката за безбедност односно забраната за присуство на спортски натпревар на територијата на Р. Хрватска, со овие измени добива на екстензивност и истата може да се однесува и на одредени натпревари кои се играат надвор од Р. Хрватска, односно натпревари кои се со меѓународен карактер. Како причина зошто била понудена, а подоцна и прифатена оваа измена на законското решение, првенствено во аргументите за оваа измена бил наведен фактот што голем број на навивачи кои имале забрана во Р. Хрватска ги користеле меѓународните натпревари на своите клубови или пак на репрезентацијата со цел да извршат одредено насилство, недостојно да се однесуваат, односно да предизвикаат инциденти кои често завршувале со сериозни последици, за коишто државата како и клубовите имале обврска пред УЕФА да одговара и да плаќа одредена казна. Види повеќе на: *Zakon o izmjenama I dopunama Zakona o sprecavanju nereda na sportskim natjecanima,* Narodne novine, br. 43/09, dostupan na: https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2009_04_43_986.html Член 22.

Третата и до денес последна измена и дополнување на Законот за спречување на насилството на спортските натпревари во Р. Хрватска била реализирана во 2011 година. Конкретно, станува збор за Законот[85] за измена и дополнување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари од 16.3.2011 година. Преку оваа измена се отишло чекор понапред во процесот на допрецизирање на одредени одредби од законското решение. Како главна цел на оваа законска измена односно на ова допрецизирање всушност бил обидот да се остави што е можно помал простор т.е. помала правна празнина која би можела да биде искористена и злоупотребена во насока на извршување на одредени кривични дела поврзани со спортските натпревари. Како најважни измени кои биле предложени и прифатени во новиот Закон за измена и дополнување на Законот за спречување на насилството на спортските натпревари ќе ја споменеме одредбата[86] која се однесува на дозволеното количество на алкохол во крвта, како и дозволената консумација на пијалаци кои содржат до 6% алкохол, како и забраната за продажба на алкохол на просторот на спортскиот објект. Дополнително што е вредно и што сакаме да споменеме кога станува збор за измените и дополнувањата се всушност одредбите кои се однесуваат на редарската служба[87], како и новите овластувања[88] на полицијата во насока на изрекување на забрана за одигрување на одреден спортски натпревар доколку стадионот или спортскиот објект каде што треба да се одигра натпреварот не ги исполнува условите кои се пропишани со Закон. Исто така, во насока на измените и дополнувањата кои се однесуваат на полицијата, сакаме да потенцираме дека на полицијата ѝ се остава можноста врз основа на претходно прибрани оперативни податоци за одредено лице или лица да му предложи на надлежниот суд да изрече мерка на безбедност забрана за присуство на спортски натпревар, како и забрана за патување надвор од Р. Хрватска за време на одигрување на некој меѓународен фудбалски натпревар. Во измените на Законот од 2011 година има и одредби кои се однесуваат на лицата на кои им е изречена мерка на безбедност, забрана за присуство на спортски натпревар. Имено, со новите измени и дополнувања на Законот се

[85]*Zakon o izmjenama I dopunama Zakona o sprecavanju nereda na sportskim natjecanima,* Narodne novine, br. 34/11, dostupan na: https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2011_03_34_766.html
[86]*Zakon o izmjenama I dopunama Zakona o sprecavanju nereda na sportskim natjecanima,* clan 2, stav 1, 2 i 3, Narodne novine, br. 34/11, dostupan na: https://www.zakon.hr/z/445/Zakon-o-sprje%C4%8Davanju-nereda-na-%C5%A1portskim-natjecanjima
[87] *Ibid,* clan 4 I clan 5
[88] *Ibid,* clan 9

определува и оддалеченоста[89] на лицето од спортскиот објект каде што се игра или ќе се игра спортскиот натпревар и таа не смее да биде помала од 2 километри. Се разбира за оваа одредба постојат и одредени оправдани исклучоци кои се однесуваат т.е. кои се поврзуваат со оправдани причини зошто лицето би се нашло на растојание помало од 2 километри, кои во прв ред се однесуваат на работното место каде што работи лицето со забрана, како и на неодложната потреба од медицинска или некоја друга помош.

### 3. Нормативните решенија во Германија

Германија како земја со богата историја која се разбира имала и има одредено влијание во процесот на нејзиниот развој како држава. Исто така, таа историја на земјата има влијание и врз целокупните општествено-политички процеси и односи кои се случувале и кои се случуваат во оваа земја.

Насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Германија не е непознат феномен. Напротив, Германија како земја се чини дека прва или меѓу првите била изложена на појавата на хулиганство што од Велика Британија се ширеше најнапред во Западна Европа, за подоцна свое место на најде и во земјите од Источна Европа. Притоа, сакаме да нагласиме дека зборуваме за периодот пред падот на Берлинскиот ѕид, односно периодот кога Западна Германија била меѓу првите земји во коишто насилството и недостојното однесување на спортските натпревари се ширело од Велика Британија.

Иако Конвенцијата како документ (акт) донесен од Советот на Европа на 19.8.1985 година започнува процесот (меѓународен) на институционална борба против појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, во Германија не наиде на некоја сериозна и институционална поддршка. Државата, за разлика од останатите европски земји, посебно земјите од Западна Европа не пристапи во процес на потпишување и ратификација на Конвенцијата, односно не пристапи кон примена на одредбите на Конвенцијата во домашното законодавство. За да биде појасно за што конкретно зборуваме односно за да се има една појасна слика која се однесува на процесот на потпишување и ратификација на Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари доволно е да

[89] *Ibid,* clan 13.

спомeнеме дека Германија како земја пристапува кон потпишување на Конвенцијата на ден 17.3.2004 година, истата ја ратификува на ден 30.3.2005 година, а самата Конвенција влегува во сила на ден 1.5.2005 година. Анализирајќи ја оваа ситуација, односно анализирајќи ги датумите кои се значајни во процесот на имплементација на Конвенцијата, можеме да донесеме првичен заклучок дека Германија релативно доцна се приклучува кон заедничката, првенствено европска борба против појавата на насилство и недостојно однесување. Само како мала дигресија во контекст на временската рамка која ја анализираме ќе спомeнеме дека некои соседни земји на Германија многу порано ја прифатиле, потпишале и ратификувале Конвенцијата.

***Табела 1*** - Дел од земјите потписнички на Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари

| Земја | Потпишување | Ратификација | Влегување во сила |
|---|---|---|---|
| Австрија | 19.08.1985 | 04.02.1988 | 01.04.1988 |
| Белгија | 19.08.1985 | 24.08.1990 | 01.10.1990 |
| Чешка | 28.04.1995 | 28.04.1995 | 01.06.1995 |
| Италија | 23.09.1985 | 08.11.1985 | 01.01.1986 |
| Франција | 12.03.1986 | 16.01.1987 | 01.03.1987 |
| Полска | 08.12.1994 | 21.04.1995 | 01.06.1995 |

Од сите горенаведени земји, односно од сите нејзини соседи таа последна пристапува кон процес на нејзина имплементација. Дополнително, Германија се чини дека е единствената земја која ја има прифатено т.е. потпишано Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, без притоа да пристапи кон процес на изработка на посебно законско решение кое во основа ќе ги содржи одредбите кои произлегуваат од Конвенцијата, односно законско решение кое исклучиво ќе го определува феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Токму заради овој момент Германија ја спомнуваме како земја која е интересна за истражување, посебно во делот што се однесува на законската т.е. нормативната рамка којашто постои во оваа држава, а преку која се води и борбата против оваа негативна појава.

Генерално гледано, најголем број од нормите кои се однесуваат т.е. кои на некој начин ги определуваат, односно ги содржат правилата кои се однесуваат на превенцијата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари со посебен акцент на фудбалските натпревари во Германија се предвидени во

германското граѓанско право. Германската правна рамка која се однесува на борбата против хулиганството односно против насилството и недостојното однесување на спортските натпревари е содржана во неколку мерки и тоа:

1. Забрана за престој (*Aufenthaltsverbot*) – во основа станува збор за забрана за престој односно забрана за влез во земјата. Претставува превентивна мерка која произлегува од германскиот федерален закон[90].

   По својата форма, забраната за престој претставува управен акт. Оваа мерка се користи многу често во Германија како превентивен правен механизам во насока на оневозможување одредено лице да се движи слободно на одредени места за кои постои претпоставка дека претставуваат локации коишто продуцираат криминал. Изречените забрани за престој ги разгледува надлежен суд, во случајот Управниот суд. За евентуално прекршување на оваа мерка следи административна казна (парична) или во краен случај може да биде одреден притвор за прекршителот на забраната.
2. Проверка на лични документи (*Meldeauflage*) – обврска на граѓаните (навивачите) да се пријавуваат во полициска станица доколку постојат итни причини за тоа. Станува збор за превентивна мерка која на ниво на Европска Унија се дефинира како мерка за надзор без да се пристапи кон построгата форма на обезбедување на лицето кое е проблематични или со потенцијал да биде проблематично, а тоа е притворот. Во основа се работи за европски налог за известување до органот, во случајот Министерството за внатрешни работи.
3. Превентивен притвор (*Präventivgewahrsam)* - право на полицијата да го приведе лицето кое и покрај забраната за присуство на одреден спортски натпревар, односно и покрај забраната за престој се појавило на одредено место (стадион или друг спортски објект) во време на одигрување на натпреварот. Оваа мерка произлегува и е дел од т.н. полициско право на Германија, кое вклучува односно инкорпорира делови од германското специјално административно право. Покрај правото на полицијата превентивно да приведе т.е. да притвори одредено лице, сепак германскиот федерален закон има дефинирано т.е. определено правила и норми кои се однесуваат на времетраењето на превентивното приведување т.е. лишување

[90] https://www.gesetze-im-internet.de/ifsg/__28.html

од слобода. Тие норми се содржани во одредбите од член 104 од Уставниот закон[91] на Германија.

Германскиот закон во оваа насока има предвидено и т.н. институт ,,жолт картон". Во основа станува збор за превентивна мерка која има за цел да го предупреди потенцијално опасниот т.е. проблематичниот гледач (навивач) за евентуалните последици со коишто може да се соочи доколку не го почитува законот, односно доколку се однесува недостојно, а во одредени моменти и насилно. За таа цел и за полесно имплементирање на овој превентивен институт во Германија постои т.е. со законот е определено постоењето на Централната информативна канцеларија ("Zentrale Informationsstelle Sporteinsätze")[92]. Предмет на работа и интерес на оваа Информативна канцеларија претставуваат спортските натпревари. Во суштина, Централната информативна канцеларија своите активности т.е. цели и задачи ги има поделено во две групи или поточно кажано истите можат да се поделат во две групи и тоа:

1. Домашни задачи (цели или обврски) кои се состојат од:
   - собирање, евалуација, обработка и контрола на информациите и податоците кои се однесуваат на спортските натпревари, со посебен акцент на фудбалските натпревари во однос на продажбата на билети, бројот на навивачи кои се очекува на еден натпревар, како и трасите т.е. рутите по кои ќе се движат навивачите;
   - размена на информации со Информативниот центар на федералната полиција;
   - создавање и комплетирање односно навремено доставување на информации кои се однесуваат на организацијата на еден спортски (фудбалски) натпревар;
   - прашања кои се поврзани со процесот на чување на информациите и обезбедување на правна рамка поврзана со таа проблематика;
   - изготвување на фудбалски годишен извештај за состојбите поврзани со навивачките групи и бројот на инциденти предизвикани од нив;
   - учество во разни комисии и советодавни тела во насока на обезбедување на нови политики или мерки кои се однесуваат на подигнување на степенот на превенција.

[91] https://www.gesetze-im-internet.de/gg/art_104.html
[92]https://lzpd.polizei.nrw/zentrale-informationsstelle-sporteinsaetze

2. Надворешни задачи (цели или обврски) на некој начин се надоврзуваат со задачите на Централната информативна канцеларија на домашно ниво, со таа разлика што меѓународните цели во основа повеќе се однесуваат на процесот на координација, комуникација и соработка со еквивалентни институции од другите земји. Како најзначајни надворешни (меѓународни) задачи на Централната информативна канцеларија ги издвојуваме следниве:
   - постојан (континуиран) контакт и комуникација со партнерски организации;
   - заемна оперативна поддршка на странски полициски органи во насока на организација на меѓународен фудбалски натпревар;
   - учество на тим од Централната информативна канцеларија во процесот на организација на меѓународни натпревари во кои учествува германската национална селекција во фудбал;
   - придонес и ажурирање на Европскиот прирачник со препораки за меѓународна соработка и мерки за спречување и борба против насилството и нарушувањето на јавниот ред и мир поврзани со меѓународни фудбалски натпревари.

Од оваа анализа на правното решение во Германија кое се однесува на борбата против појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари со посебен акцент на фудбалските натпревари го потврдуваме првичниот заклучок кој се однесуваше на недостигот т.е. на непостоењето на посебен закон во германското законодавство којшто исклучиво ќе се однесува на феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари и преку којшто ќе бидат определени и прецизно дефинирани сите значајни сегменти на оваа појава како и решенијата кои се однесуваат во насока на превенирање или на казнување на сторителите на кривични дела кои произлегуваат т.е. кои се случуваат на спортските натпревари. Но, недостигот на посебен закон не ја определува Германија како неодговорна земја или како земја која нема доволно слух и разбирање за решавање на ова прашање. Напротив, примерот на Германија е само еден показател дека борбата против насилството и недостојното однесување на спортските натпревари не е само и исклучиво можна кога постои посебен закон за оваа проблематика, туку дека таа борба може да се води и преку веќе постоечки норми кои се определени во различни области на правото како систем, односно кои се наоѓаат во различни законски решенија. Така, интердиоциплинарниот пристап во Германија ни потврдува дека одредби кои се наоѓаат или кои се пропишани

во Уставниот закон, во Казнениот закон, во Законот за полиција, како и одредени одредби со управен карактер и административни карактеристики можат заедно и во еден систем на синергија да се инкорпорираат и да се „искористат“ во борбата против насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Правното решение секогаш не треба и не мора да биде точно определено во еден посебен закон и истиот да биде т.е. на истиот да се гледа како на единствено можно решение во насока на спречување на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Кратката анализа на германскиот пример оди во насока дека борбата доколку е интеринституционална, со инкорпорирање на законски решенија од различни области и сегменти и може да биде корисна и делотворна во процесот на подигнување на степенот на превенција на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

**4. Нормативните решенија во Велика Британија**

Имајќи предвид дека хулиганството како феномен беше и е карактеристика на Велика Британија, конкретно на Англија, сметаме дека во овој дел од трудот потребно е, пред сѐ заради неговата комплетност, да го анализираме пристапот на Англија во процесот на превенција на оваа појава и тоа превенција која произлегува од законските решенија кои се на сила во Англија. Во основа целта на анализата ни се состои во тоа што преку презентација на законското решение или воопштено кажано, нормативните решенија, да дојдеме до ситуација која ќе ни овозможи да го анализираме и проучиме пристапот на оваа земја во борбата против хулиганството. Притоа, во презентација на законските решенија кои се значајни во борбата против хулиганството сметаме дека историскиот приказ на законските решенија е најсоодветен, со цел да се забележи континуитетот на државата во борбата против насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, што во Англија се подведува под поимот хулиганство, што во основа претставува општоприфатен меѓународен термин.

Фудбалските инциденти кои се случија на стадионите „Хејсел“ и „Хилсбороу“ претставувале најголеми мотиви и причини за властите во Англија да пристапат сериозно во процесот на изготвување на соодветни решенија кои ќе влијаат во насока на намалување на појавата на хулиганство, како и намалување на штетните последици кои произлегуваат од истата. Но, не сите нормативни решенија кои се значајни за Англија произлегле по овие инциденти. Напротив, оваа држава и во годините пред тоа

се обидувала да ги редуцира појавите на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари односно се обидувала да носи и да имплементира законски решенија кои ќе бидат дел од одредена поширока акција која како главна цел ја имала борбата против хулиганството.

Така, уште во 1975 година во Велика Британија и во Англија бил изгласан и се започнало со имплементација на Законот кој се однесувал на безбедноста на спортските терени[93]. Всушност, со овој Закон започнал процесот на институционална борба и акција на државата против појавата насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Ако направиме една анализа на самото законско решение ќе забележиме дека истото во основа ги определува т.е. се однесува на условите коишто еден спортски терен (фудбалски стадион) треба да ги исполнува за да добие соодветен сертификат којшто претставувал предуслов без којшто не се можело да се организира и реализира каков било спортски настан, посебно фудбалски натпревар. Законот за безбедност на спортските терени генерално се однесувал т.е. ги дефинирал и определувал инфраструктурните услови коишто требало да бидат исполнети за да се дојде до позиција да се бара сертификат. Условите кои ги пропишувал законодавецот, а кои се однесувале на добивањето на безбедносен сертификат се однесувале на спортски терени т.е. фудбалски стадиони со минимален капацитет од 10.000 гледачи. Во содржинската анализа на сертификатот за безбедност може да се забележи дека покрај другото со истиот се барало и прецизна евиденција на гледачите кои присуствуваат на самиот натпревар, евиденција која се однесувала на процесите кои биле поврзани со безбедноста, како и постоење на план преку којшто се реализира безбедносната проценка на натпреварот како и на спортскиот објект. Претходно наведените услови кои биле дел од сертификатот за безбедност претставувале дел од чекорите т.е. дел од активностите кои се однесувале на процесот на пасивна безбедност. Што се однесувало до процедурата за апликација за сертификат, во Законот истата била јасно определена. Имено, апликантот ги доставувал потребните документи до локалната власт, која подоцна утврдувала дали условите се исполнети и дали апликантот може да го добие соодветниот сертификат.

Владата во Англија веднаш по инцидентот којшто се случил во мај 1985 година во Брисел – Белгија на стадионот „Хејсел“, за време на финалето од фудбалскиот

[93] Safety of Sports Ground Act, 1975. Available at: https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1975/52

натпревар на тогашниот Куп на шампиони помеѓу „Ливерпул“ и „Јувентус“, каде што загинаа 39 навивачи, пристапи кон процес на анализа на причините кои „одиграле“ значајна улога во инцидентот и коишто директно или индиректно помогнале или придонеле, односно имале улога на катализатор на настанот. Официјалните власти дошле до заклучок дека прекумерната консумација на алкохол пред, како и за време на еден спортски натпревар, конкретно и на натпреварот којшто претходно го споменавме, придонесувал во насока на предизвикување на инциденти, физички пресметки и недолично однесување на навивачите и гледачите воопшто. За таа цел, во јули 1985 година англиските власти го донесуваат Законот[94] за контрола на алкохолот во којшто прецизно се определува кога и во кои услови може и е дозволено да се консумира алкохол и што се случува(ло) со навивачите односно гледачите коишто не го почитувале Законот. Преку ова законско решение кое и ден-денес е на сила во Англија може лесно да се забележи пристапот на официјалните власти. Пристапот во основа се карактеризира со нагласена превенција којашто властите ја преземаат односно имаат намера да ја преземат.

Во низата на законски решенија кои во себе содржат одредби коишто се однесуваат на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари ќе го спомнеме и Законот за јавен ред[95] на Англија, којшто покрај другото содржи одредби кои директно или индиректно се однесуваат и на спортските натпревари. Истиот е донесен во ноември 1986 година, а покрај другите цели заради коишто се носел Законот, една од главните цели била и обидот да се стави ред на јавните собири и на фудбалските натпревари, односно да постои законска одредба којашто покрај другото ќе предвидува можност некое лице кое се однесува несоодветно и кое го прекршува Законот да биде отстрането од собирот т.е. од фудбалскиот натпревар. Временскиот период кога се носи ова законско решение во Англија коинцидира со големиот број на протести, демонстрации кои најчесто биле предизвикани од промените во индустриското производство и кратењето на одредени работнички права. Дополнително, во овој период во Англија хулиганството т.е. насилството и недостојното однесување на

---

[94] Sporting Events – Control of Alcohol, 1985. Available at: https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1985/57/contents
[95] Public Order Act, 1986. Available at: https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1986/64

спортските натпревари било во полн ек. Носењето на Законот за јавен ред требало да исполни две цели[96] и тоа:

1. Контрола на организацијата на протестите и демонстрациите;
2. Нормативно предвидување на однесувањата кои се спротивни на Законот, а кои произлегуваат од насилното и недостојно однесување на спортските натпревари, како и определба т.е. дефинирање на соодветни санкции против сторителите.

Професорот Марк Џејмс[97] коментирајќи го значењето на овој Закон, покрај другото се задржува на немирите, насилството и нарушувањето на јавниот ред и мир. Според него во член 1 од овој Закон покрај тоа што се определува што значат немирите според овој Закон, дополнително се оди чекор понапред и се определува квалификуваната форма на прекршокот, којашто за да постои потребно е да биде исполнет минималниот услов, а тој се состои во учество на најмалку 12 лица во самите немири. Официјалните органи се соочуваат со пречки во процесот на докажување на квалификуваниот облик на делото од причина што секогаш не е лесно сите 12 лица да се доведат во корелација со прекршокот, односно сите 12 лица да имаат т.е. да имале иста заедничка цел.

Член 2 од овој Закон се однесува на насилното нарушување на јавниот ред. Основната разлика на првиот со вториот член се состои во бројот на лица коишто законодавецот ги предвидел како услов за извршување на делото. Така, за член 2 од овој Закон доволно е да постојат најмалку 3 лица кои ќе се јават како сторители на одреден прекршок, што би бил доволен индикатор и причина властите да го третираат тој настан како нарушување на јавниот ред.

---

[96] Constitutional and Administrative Law, Barnet Hillarie. Queen Mary, University of London. Page, 705. Available at: https://books.google.mk/books?id=O5pE0eaboeoC&pg=PA705&lpg=PA705&dq=public+order+act+1986+and+hooligans&source=bl&ots=OfpJHoy3oK&sig=ACfU3U1EvcbZQqNQHvhPjQRPhid7lInFOg&hl=mk&sa=X&ved=2ahUKEwi547TE-e7iAhVQx4sKHawiDtcQ6AEwC3oECAkQAQ#v=onepage&q=public%20order%20act%201986%20and%20hooligans&f=false

[97] Sport Law – Third Edition, Mark James, 2017, page. 137. Available at: https://books.google.mk/books?id=qG4tDwAAQBAJ&pg=PA237&lpg=PA237&dq=public+order+act+1986+and+hooligans&source=bl&ots=eQp1Ia5JFf&sig=ACfU3U2kSK5-aChqjfOZSJ6KBvui1Fvo7Q&hl=mk&sa=X&ved=2ahUKEwi547TE-e7iAhVQx4sKHawiDtcQ6AEwD3oECAYQAQ#v=onepage&q=public%20order%20act%201986%20and%20hooligans&f=false

Законот за јавен ред претставувал уште ден обид во низата да се влијае врз процесот на појава и развој на хулиганството во Англија. Имено, со овој Закон т.е. преку овој Закон се настојувало да се изврши одредено нормативно определување на јавните собири и нивно јасно детерминирање и поставување на јасна разлика помеѓу нив. Навивачките групи во овој период биле можеби и најголемиот проблем за официјалните власти, посебно за органите задолжени за споведување (за чување) на јавниот ред и мир и токму заради тоа Англија има пристапено кон донесување на овој Закон. Се разбира дека со истиот не се неутрализира и не се довела до минимум појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, но Законот имал одредено позитивно влијание во процесот на редукција на насилството во прв ред од аспект на нормативната можност која им се нудела на располагање на органите на редот во процесот на преземање на конкретни мерки и активности во таа насока.

Во презентацијата на нормативните решенија кои се во одредена корелација со појавата на насилство и недостојно однесување (хулиганството) во Велика Британија, посебно во Англија, должни сме да го спомeнеме и Законот за фудбалски навивачи[98], којшто бил донесен во ноември 1989 година. Конкретниот Закон претставувал своевиден институционален, нормативен т.е. правен одговор на властите во Англија, донесен како последица на инцидентот[99] кој се случил во април 1989 година за време на одигрувањето на полуфиналниот натпревар од ФА Купот помеѓу „Ливерпул“ и „Нотингем Форест“, одигран во Шефилд, при што загинале вкупно 96 навивачи. Причината зошто сметаме дека и ова законско решение е значајно за да биде спомената е фактот што истото претставува составен дел од целокупната политика на Велика Британија во насока на превенција на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, со посебен акцент на фудбалските натпревари. Законот за фудбалски навивачи во основа се однесува на:

1. „Контролата на навивачите“ и нивното присуство на официјални фудбалски натпревари во Велика Британија т.е. во Англија и во Велс, земји[100] за кои се однесува[101] законското решение.

[98] Football Spectators Act, 1989. Available at: https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1989/37/contents
[99] Taylor, J. *The Hillsborough Stadium Disaster – final report,* January, 1990, page. 24
[100] Football Spectators Act, 1989. Part 1, Article, 1. Available at: https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1989/37/pdfs/ukpga_19890037_en.pdf
[101] Во продолжение на член 1, став 2 од Законот ќе забележиме дека законското решение и одредбите кои се пропишани во него се однесувале т.е. се однесуваат исклучиво и само на официјални натпревари т.е. на оние натпревари кои се номинирани како такви од страна на државниот секретар.

2. Го определува „одговорното лице“[102]. Всушност, кога бил употребен терминот одговорно лице се мислело т.е. се мисли на лице кое е дел од управувањето и организацијата на еден официјален фудбалски натпревар и тоа од аспект на безбедноста. Преведено на јазик којшто е познат за континенталното право, тоа би била позицијата на комесарот за безбедност.
3. Улогата[103] на локалната самоуправа.
4. Процесот на издавање на лиценци за стадионите (безбедносни лиценци), а во врска со одредбите кои произлегуваат од Законот за безбедност на спортските терени од 1975 година.

Во вториот дел од Законот, најголемиот дел од одредбите се од процесна природа и во суштина се однесуваат на процедурата која се презема против сторителите на одредени прекршоци или кривични дела кои се извршени за време на одигрување на одреден фудбалски натпревар. Така, во член 15 можеме да ги забележиме сите рестриктивни одредби кои се дел од ова законско решение, а кои се однесуваат на:

1. Забраната за напуштање на земјата[104], ограничување на движењето на одредени сторители на прекршоци или потенцијални сторители на прекршоци и кривични дела, како и определување на органот којшто е надлежен да ги реализира предвидените одредби од Законот.
2. Забрана за присуство на натпревари[105].

---

[102] *Ibid.* Article, 9

[103] Законодавецот се обидел ова законско решение да го направи што е можно покомплементарно од една страна, а од друга страна да внесе и елементи на интеринституционалност, што пак значи дека различни институции со своите капацитети и својата одговорност, улога и задача која ја имаат, а која произлегува од законските одредби, придонесуваат во процесот на превенција на појавата на насилство и недостојно однесување. За улогата на локалната самоуправа според овој Закон можеме да се запознаеме ако го анализираме член 13 од Законот.

[104] Во овој дел од Законот е определен и контролниот период, кој се однесува на времето кое е пропишано за пријавување на лицето за кое е издаден налог за пријавување. Така според Законот, периодот за пријавување е определен на 5 дена пред почетокот на натпреварот, а истиот завршува на денот кога ќе се одигра натпреварот.

[105] Оваа мерка т.е. нејзиното времетраење зависи пред сè од причините заради кои истата е изречена. Така на пример, ако мерката е изречена како резултат на некој од прекршоците предвидено во член 14А, покрај тоа што сторителот може да се соочи со казна затвор, дополнително може да добие помеѓу 6 и 10 години забрана за присуство на натпревари. Доколку пак забраната произлегува како резултат на некој прекршок предвиден во член 14Б, во тој случај максималната забрана која може да биде изречена изнесува 5 години, а минималната 3 години. Во членот 14Х се предвидени условите кои можат да придонесат во процесот на укинување на забраната за присуство на натпревари. Важен дел т.е. член од Законот којшто треба да биде споменат е член 18, којшто се однесува на процесот на информирање за изречената забрана за присуство на спортски (фудбалски) натпревари. Членот предвидува дека овластениот орган кој ја изрекува забраната должен е да ги извести со соодветна копија од одлуката,

3. Притворот како механизам за обезбедување на одредени лица кои се номинирани како потенцијално опасни, или кои веќе сториле одредени кривични или прекршочни дела поврзани со фудбалски натпревари[106].

Во 1994 година во Велика Британија е донесен Законот за кривично право и јавен ред[107], којшто исто така имал, а и денес има свое влијание и свој придонес во процесот на превенција на хулиганството како општествено штетна т.е. негативна појава. Пред да ги презентираме најзначајните членови и одредби од ова законско решение, сметаме дека ќе биде корисно во фазата на вовед во овој Закон да ја споменеме јавната расправа[108] која се водела во британското општество во моментите кога се носел[109] Законот.

---

сторителот на прекршокот (кривичното дело), како и да ја извести надлежната полициска станица каде што со своето место на живеење или престојување гравитира сторителот. Во оваа насока дополнително е објаснета и формата на известувањето односно што треба истата да содржи во моментот кога овластениот орган ќе го доставува известувањето т.е. налогот до лицето за коешто е изречена мерката забрана за присуство на спортски (фудбалски) натпревар. Во известувањето, покрај другото, мора децидно да биде наведена полициската станица во којашто сторителот треба т.е. мора да се пријави согласно со налогот, како и времето кога е должен да го стори тоа. Покрај ова, известувањето содржи информација за сторителот за предавање на пасошот во полициската станица, наведена во известувањето.

[106] Така според одредбите во Законот, полицијата има право да го задржи (притвори) лицето за кое се однесува забраната, но притворот временски не смее да трае повеќе од 4 часа, а доколку известувањето за притвор дојде од страна на службеник на ранг на инспектор, истиот може да трае максимални 6 часа. Пред да се пристапи кон процес на притворање, оваа мерка претходно мора да биде одобрена од страна на органот за извршување. Процесната ограниченост на сите досега претставени мерки кои се предвидени во овој Закон се однесува на моментот дека истиот може и мора да се применува исклучиво на граѓани кои се жители на Велика Британија.

[107] Criminal Justice and Public Order Act, 1994. Available at: http://www.legislation.gov.uk/ukpga/1994/33/pdfs/ukpga_19940033_en.pdf

[108] https://api.parliament.uk/historic-hansard/commons/1994/apr/13/sale-of-tickets-for-designated-football

[109] Том Пренди, еден од дискутантите за овој Закон, во амандманот број 126 се обидел да ја објасни потребата за целта и за постоењето како на самиот амандман така и на Законот генерално. Во суштина, Пренди се задржал на дефинирање на правилата кои се однесуваат на процесот на продажба на билети којшто е дел од предвременото делување во насока на подигнување на степенот на превенција. Според неговата теза, ова законско решение треба да се однесува за оние спортски (фудбалски) натпревари каде што се очекува дека ќе се продадат најмалку 6000 билети. Членот 166 од Законот за кривично право и јавен ред ја определува токму продажбата на билети од страна на неавторизирани продавачи – лица. Во точка Ф3 се нотира главната причина поради која некое лице ќе се смета како неавторизирано за продажба на билети. Всушност, доколку лицето нема писмено овластување за продажба на билетите, истото ќе се смета како неавторизирано.

Во точката Ф4 се набројуваат ситуациите кои ќе се сметаат како неовластена продажба на билети, а истите се: понуда на билети за продажба, изложување на билетите за продажба, рекламирање дека билетот е достапен за продажба како и продажба на билетот на лице кое е способно да плати или пак да понуди некои други контрауслуги за да дојде до билетот.

Во точка Ф7 е определена казната за лицето кое нема да се придржува до претходните одредби на овој Закон. Имено, пропишано е дека доколку лицето неовластено продава билети, истото да биде казнето со парична казна со максимална висина од 5 просечни плати.

Во Законот за кривично право и јавен ред во еден негов дел (Ф8 Секција 32) се инкорпорирани одредени одредби кои произлегуваат од Законот за полиција и кривични докази од 1984 година, при што предвидува можност полицијата непречено да изврши претрес и на возилата кои ги користат осомничените или претходно осудените лица.

Приказот на нормативната рамка којашто е дел од системскиот пристап за решавање на проблемот со насилството и недостојното однесување во Велика Британија, претставува само еден обид да се претстави состојбата во оваа земја, односно да се анализира начинот на којшто официјалните власти размислуваат кога е во прашање појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Пристапувајќи кон процесот на анализа на нормативната рамка на прв поглед е воочлив пристапот којшто се карактеризира со интеринституционалност. Така, преку оваа презентација може да се забележи дека властите во Велика Британија во обидот да го редуцираат процесот на појава на насилство и недостојно однесување ги вклучуваат непосредно или посредно и некои други локални, регионални и во крајна линија национални и меѓународни авторитети. Во оваа анализа можевме да ја видеме т.е. да се запознаеме со улогата на локалната самоуправа, улогата на полицијата, како и улогата на судските власти во процесот на изрекување на забрана за присуство на спортски (фудбалски) натпревар. Политиката на Велика Британија, нејзиниот пристап во обидот да ја редуцира појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари може и треба да биде позитивен пример и за европските земји како и за земјите од Балканот. Јасно е дека условите кои се во Западна Европа се неспоредливи со условите кои постојат на Балканскиот Полуостров, но се разбира дека треба да се размислува во таа насока.

### 5. Нормативните решенија во Италија

Во презентацијата на нормативните решенија кои се однесуваат односно кои ја регулираат појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, сметавме дека во овој труд треба да отстапиме простор и за нормативното решение во Италија. Ваквиот наш пристап го оправдуваме најмногу со фактот дека Италија како земја т.е. италијанските фудбалски клубови зад себе имаат сериозна поддршка од своите навивачки групи, односно неколку италијански клубови имаат т.н. навивачка армија која воопшто не е за потценување. Дополнително, како причина зошто сакаме

да ја презентираме состојбата со насилството и недостојното однесување на спортските натпревари од казнено – правен аспект е и фактот што во последниов период, конкретно во периодот којшто нам ни е предмет на интерес во Италија се случија сериозни инциденти[110], а дел од нив резултираа и со изгубени човечки животи[111]. Но, во насока на презентирање на дополнителни аргументи коишто одат во прилог на оправданоста за анализата на законското решение во Италија т.е. коишто го потврдуваат присуството на феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Италија и тоа не како модерен и феномен којшто е само и исклучиво денес присутен како таков, туку има одредени инциденти кои докажуваат дека насилството како појава на спортските натпревари во Италија има свој континуитет и дека овој феномен бил причина, односно ја предизвикал реакцијата на официјалните власти во процесот на креирање на политика за негово превенирање, односно политики и активности насочени кон борбата против оваа негативна општествена појава. Навивачкото движење во Италија своите први појавни форми на организирано навивање ги има во периодот на 60-тите и 70-тите години од минатиот век, кога речиси сите поголеми италијански клубови си имале свои организирани навивачки групи. Ескалацијата на фудбалското насилство во Италија се случува во 80-тите години на 20 век. Во овој контекст сакаме да го издвоиме инцидентот којшто се случил на фудбалскиот натпревар помеѓу екипите на „Рома“ и на „Лацио“. Натпреварот[112] се одиграл на ден 28.10.1979 година во Рим, кога навивач на Рома, припадник на подгрупата „Fedayn“ најстара подгрупа од сите останати групи кои го сочинуваат роминиот југ или „Commando Ultra Curva Sud’’ како што популарно во Италија се нарекуваат навивачите на Рома, со користење на пиротехнички средства (конкретно ракета) смртно го повредил 33-годишниот Виченцо Папарели, навивач и припадник на навивачката група на „Лацио“.

[110] Во 2014 година во Рим се одигра финалниот натпревар од купот на Италија. Играа екипите на „Наполи“ и на „Фиорентина“. Непосредно пред почетокот на натпреварот, од страна на навивачот на „Рома“ - Даниеле де Сантис, беше убиен Чиро Еспозито, навивач на „Наполи“. „Рома“ и „Наполи“ како фудбалски клубови т.е. нивните навивачки групи, традиционално имаат нарушени т.е. многу лоши односи, исполнети со голем број на инциденти. За овој случај, во 2016 година италијанскиот суд донесе одлука со која Даниеле де Сантис беше осуден на 26 години затвор.

[111] На 2.2.2007 година во Катанија се одигра сицилијанското дерби помеѓу екипите на „Катанија“ и на „Палермо“. За време на нередите т.е инцидентите на овој натпревар животот го изгуби тогаш 38-годишниот полициски службеник Филипо Рацити.

[112] Види повеќе на: http://lazioland.com/NewsProfile.htm?NewsId=1457

Во 90-тите години на минатиот век навивачкото движење во Италија започнало да се менува односно да се „модернизира“. Најголем дел од навивачките групи започнале со подготвување на сериозни кореографии, со организирање на голем број на гостувања, со нивно присуство во голем број како на клупски, така и на репрезентативни, домашни и интернационални натпревари. Со еден збор во овој период навивачкото движење се наоѓало во еден процес на своевидна „експанзија“, што пак од своја страна ја наметнала потребата кај италијанските власти да преземат одредени чекори кои ќе бидат во насока на превенирање на оваа појава и пред сè нејзино правно регулирање. Првиот нормативен акт којшто се донел во контекст на оваа проблематика бил Закон бр. 401 од 1989 година. Конкретно, ова законско решение се однесувало на „државната интервенција во секторот на игри и на нелегални обложувања, како и заштита на коректното однесување за време на одигрувањето на еден спортски натпревар“[113].

За тоа како се одвивал процесот на креирање на посебно законско решение кое што требало да влијае во процесот на намалување на насилството и недостојното однесување во Италија, можеби најдобар пример т.е. најдобра анализа на целиот тој процес можеме да сретнеме во трудот на Раул Карузо и Марко ди Домицио од 2016 година[114]. Во истиот, авторите пристапиле кон еден процес на посебна анализа и претставување на сите, односно на најголемиот дел на законски решенија коишто Италија како држава ги донела, а кои се однесуваат и кои ја регулираат проблематиката којашто произлегува од феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Пред да биде донесен посебен Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во 1999 година, по смртта на 4 навивачи на фудбалскиот клуб „Салернитана“ (загинаа во несреќа предизвикана од пожар во возот во којшто патувале), италијанската Влада донела одлука за формирање на посебно тело (Национална опсерваторија за спортски натпревари) чијашто главна задача и цел била да ги анализира состојбите на спортските натпревари, со посебен акцент на фудбалските натпревари и во насока на превентивно делување да дејствува со своевидни политики, предлози и активности

---

[113] Божовић, Миленко, *Насиље на јавним скуповима и спортским приредбама као претња правном поретку Републике Србије,* Универзитет „Џон Незбит“, Београд, јануар, 2016, стр. 258

[114] Caruso, Raul. Domizio, di Marco., *Hooliganism and demand for football in Italy: Attendance and counter – violence policy evaluation,* June, 2013, available at: http://wp.comunite.it/data/wp_no_101_2013.pdf

коишто сите заедно треба да генерираат односно требало да создадат подобри и пред сѐ побезбедни услови за одигрување на спортските натпревари.

Првото законско решение кое се однесувало за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Италија било претставено преку Законот[115] бр. 401 од 1989 година. Законското решение претставувало еден обид да се стави крај на насилството на спортските, конкретно на фудбалските натпревари што во тој период доживувало своевидна ескалација кога е во прашање Италија. Овој Закон е изменет и дополнет со Законот бр. 377 од 19 октомври 2001 година. Најзначајни новини коишто ги содржеле новите одредби од Законот се однесувале на:

1. Неовластено[116] внесување или употреба на пиротехнички средства од страна на навивачките групи (сигнална ракета, димни бомби, факли, камења, стаклени шишиња и сл.) со коишто може потенцијално да биде загрозена сигурноста на гледачите на еден спортски натпревар.
2. Неовластено прескокнување т.е. префрлување на оградата на стадионот, односно секој облик и секоја форма на неовластено влегување на спортскиот терен.

Настаните кои се случија за време на сицилијанското дерби помеѓу „Катанија“ и „Палермо“ во 2007 година се чини дека го предизвикаа вниманието на италијанските официјални власти и тоа до тој степен да италијанската Влада се реши и официјално да предложи изгласување на посебен Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Во докторската дисертација[117] на Миленко Божовиќ од 2016 година се опишани најинтересните односно најзначајните одредби кои се дел од законското решение. Како вредно што треба да биде споменато во овој контекст е:

1. Предвидената казна затвор за сторителите на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Станува збор за

[115] Vukotic, Miroslav. *Nasilje u sportu,* Univerzitet u Nisu, Pravni Fakultet, master rad, 2016, op – cit., str.51.
[116] Казната за ова кривично дело била од шест месеци до три години казна затвор за она лице кое ќе биде прогласено за виновно.
[117] Божовиќ, Миленко., *Насиље на јавним скуповима и спортским приредбама као претња правном поретку Републике Србије,* Универзитет „Џон Незбит“, Београд, јануар, 2016, оп – цит. 259 - 262.

казна затвор во траење од 5 до 15 години за секој оној кој ќе се спротивстави на полицијата за време на апсење или пак на кој било друг начин ќе го попречува работењето на полицијата.

2. Како ново кривично дело е предвидено и поседувањето на пиротехнички средства (огномет, бакла и сигнална ракета) 24 часа пред одигрувањето на некој фудбалски натпревар, како и за време на самиот фудбалски натпревар.
3. Предвидена е и парична казна (прекршочна одредба) за клубовите како правни лица и тоа во висина од 20.000 до 100.000 евра, доколку за истите се докаже т.е. се потврди дека одржуваат одредени институционални врски со навивачките групи или пак во крајна линија го поддржуваат работењето на екстремните, лево или десно ориентирани навивачки групи и организации.
4. Одредена одговорност со ова законско решение се пропишува и на организаторот на спортскиот натпревар (спортскиот клуб или некоја фирма која има директно учество во организација на еден натпревар). Конкретно, станува збор за административна казна која може да биде во висина од 2.582 до 10.329 евра, за фудбалски клуб или за организатор на спортски натпревар, пример доколку претходно не изврши нумерирање на седиштата на спортскиот објект.

## 6. Поим и елементи на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Република Македонија

Делот на кривично-правните одредби за насилството и недостојно однесување на спортските натпревари во основа претставува суштински дел како на оваа глава од докторската дисертација, така и на севкупното истражување. Притоа, кога велиме суштински дел, не мислиме само на неговото значење што како дело го има во системот на пропишани и предвидени кривични дела во Кривичниот законик на Р. Македонија, туку во прв ред мислиме на промените коишто ова дело ги донесе, односно ги предизвика или да бидеме попрецизни се обиде да ги предизвика во законодавно-правните норми во наша земја. Во делот којшто следува, главниот акцент ќе ни биде насочен кон правната анализа на делото во рамките на Р. Македонија. Што

и која е причина за неговото донесување, како истото се имплементира во правниот систем, кои недостатоци биле или се забележуваат кај кривичното дело, досегашните измени и дополнувања на кривичното дело, како и кратки коментари за можноста од негово изменување и дополнување, односно можноста истото да биде поефективно и поефикасно во онаа намена за која истото е и креирано т.е. донесено. Во овој дел од трудот, покрај презентацијата на добрата и вредностите кои се заштитуваат со ова кривично дело, ќе се задржиме и на општиот поим на кривичното дело, неговото значење, неговите елементи т.е. составни делови, објектот на заштита и неговото значење за кривичното дело, како и субјектот на кривичното дело.

Кривичното дело е централна категорија[118] во системот на кривичното право. Во теоријата на кривичното право се среќаваат повеќе различни обиди за одредување на поимот на кривичното дело кои можат да се поделат на две основни групи: на оние кои се определуваат за формална (казнено дело е она човечко поведение што со законот е прогласено за казнено дело) и оние кои се за материјална дефиниција на кривичното дело (покрај формалната забранетост, однесувањето на сторителот треба да е и општествено опасно). Како трето се јавува и еклектичкото стојалиште[119], кое се залага за материјално-формална дефиниција на кривичното дело. Материјално-формалниот начин на дефинирање на кривичното дело претставува еден сублимат на претходно наведените начини на дефинирање на кривичното дело. Според материјално-формалниот начин, кривичните дела претставуваат општествено опасни поведенија на луѓето со кои се повредуваат односно загрозуваат добрата, вредностите, интересите и односите на поединецот и заедницата што законодавецот ги прогласил за особено значајни и заради тоа ги ставил под кривично-правна заштита.

Структурата на кривичното дело ја сочинуваат следниве елементи: дејствие, предвиденост во законот, противправност, вина и казнивост. Секој од претходно споменатите елементи на кривичното дело си имаат своја „улога“ своја важност и значење и сите тие заедно претставуваат еден систем што како краен резултат го има создавањето т.е. постоењето на одредено кривично дело. Прифатено е стојалиштето дека без постоење на еден од горенаведените елементи на кривичното дело не можеме да зборуваме за постоење на кривично дело во одредена ситуација. Со други зборови,

[118] Камбовски, Владо, *Казнено право – општ дел*, Скопје, 2006, „оп. цит“, стр. 227
[119] Сулејманов, Зоран, *Кривично право: општ дел*. Скопје: Графохартија, 2001, „оп.цит“, стр. 107

за да постои одредено кривично дело како такво, неопходен услов е комплементарноста на неговите составни делови да биде исполнета, без исклучок.

Со секое кривично дело законодавецот прави обид да заштити одредено правно добро. Постојат различни видови на правни добра кои се заштитуваат преку кривичните дела т.е. преку законите. Објектот за заштита, според Камбовски,[120] претставува правно добро, што како објект на кривичното дело не интересира првенствено од аспект на кривичноправната заштита. Секое кривично дело си има свој објект на заштита, така што незамисливо е да постои кривично дело без соодветен објект на заштита. Како објекти[121] на заштита коишто можат да се јават кога станува збор за кривичното право најчесто зборуваме за заштита на човековиот живот и интегритет, заштита на човековите права и слободи, заштита на сопственоста, општествено-политичкото уредување итн.

Важен елемент на кривичното дело којшто треба да биде спомена во контекст на оваа анализа на кривичното дело е субјектот на кривичното дело т.е. сторителот на кривичното дело. Како сторител на кривично дело секогаш се јавува физичко лице. Кога сме кај субјектот на кривичното дело, добро е да ја спомeнеме и начелната дистинкција на активен и пасивен субјект на кривичното дело. Активниот субјект на кривичното дело може да биде само човекот.

Покрај активниот субјект на кривичното дело, постои и пасивен субјект. Пасивниот субјект всушност ја претставува жртвата на кривичното дело. Во позиција на жртва од одредено кривично дело може да се јави кое било физичко лице, а во одредени ситуации и кај одредени дела како жртва може да се јави и да постои одредено правно лице.

Историски гледано, поделбата на кривичните дела ја среќаваме уште во времето на Наполеон и неговиот Code Penal од 1810 година, која разликувала „триделна поделба според нивната тежина на: злосторства, престапи и прекршоци. Подоцна други европски законодавства ја прифаќаат и ја применуваат бипатритната поделба на кривичните дела на злосторства и прекршоци. Историската еволуција на поделбата на кривичните дела во Р. Македонија бележи два периоди и тоа период до 1997 година кога се зборуваше т.е. кога имаше триделна поделба на кривичните дела и периодот по

[120] Камбовски, Владо, *Казнено право – општ дел,* Скопје, 2006, „оп. цит'' стр. 236
[121] Сулејманов, Зоран, *Кривично право – општ дел,* Графохартија, Скопје, 2001, стр. 115

1997 година кога се усвои и до ден-денес трае дводелната поделба на кривичните дела. Според таа дводелна поделба, во Р. Македонија зборуваме за кривични дела и за прекршоци.

Во делот погоре споменавме дека како одговорен субјект за кривичните дела може да се јави само физичко лице. Но, има еден момент којшто треба да биде споменат, посебно кога се работи за делот на прекршочното право во Р. Македонија. Имено, според ова право, во нашата земја е предвидена правна одговорност за правните лица (според Закон за прекршоци,  член 7) само и единствено ако тоа е посебно определено со Законот, со кој прекршокот е предвиден, ако до извршување на прекршокот дошло со дејствие или со пропуштање на должен надзор од страна на надлежниот орган или одговорното лице во правното лице. Со можноста да биде изречена одговорност за правното лице, всушност се постигнува т.е. се признава деликвентната способност на правното лице. Корените на одговорноста на правното лице во поново време ги наоѓаме во Конвенцијата на ООН од Палермо во 2000 година. Во членот 10 од Конвенцијата[122] се содржани одредбите кои упатуваат на одредени обврски на државите да преземат соодветни мерки и активности како во своите национални законодавства да внесат т.е. да предвидат можност да постои и кривична одговорност за правните лица и истата да се применува т.е. да се инкорпорира во системот. Конвенцијата за волја на вистината се однесува за делата кои првенствено произлегуваат т.е. се поврзани со организиран криминал и корупција, но претставува добар обид којшто недвосмислено нуди простор за размислување во оваа насока.

### 6.1. Кривичното дело насилство на спортските натпревари во Република Македонија

Фреквенцијата на одржување на спортски натпревари во Р. Македонија, посебно на натпревари кои по својот карактер спаѓаат во групата на колективните спортови, не била и реално не е изразена и честа, како што тоа е случај со дел од земјите од опкружувањето т.е. непосредното соседство (пример Грција) или пак со дел од земјите од поранешна Југославија, во прв ред Р. Србија и Р. Хрватска. Причини зошто е тоа така има повеќе и според нас доволно е да спомeнеме само неколку од нив. Во прв ред ќе го наведеме фактот што сите земји од нашето непосредно соседство се поголеми од нашата земја (територијално и по број на жители), истите имаат подолга

[122] *Конвенција на ООН за транснационален организиран криминал,* Палермо, 2000, член. 10, достапна на: http://www.jpacademy.gov.mk/upload/materijali%202015/Konvencija%20na%20ON%20za%20OK%20so%20protokoli.pdf

спортска традиција, поголем број на спортски настани во текот на годината, поголем број на регистрирани спортски субјекти, а во крајна линија имаат поголеми успеси како на клупски, така и на репрезентативен план. Но, податокот дека сме мала земја или дека немаме изразена динамика на спортски натпревари во текот на една година, не значи дека нас како земја не има одминато „синдромот на англиска болест“ т.е. појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Иако феноменот својот потенцијал започнал да го манифестира некаде кон средината на 60-тите години во Англија, подоцна истиот многу лесно се прелеал низ цела Европа, па и на Балканот.

Република Македонија, слично како и останатите земји од поранешна Југославија својот пат кон донесување на посебен Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари го започнала на тој начин што првенствено ја ратификувала Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, посебно на фудбалските натпревари. Оваа Конвенција ја претставува основата т.е. изворот, почетниот пат и дискурс каде и како треба да се движат земјите кои истата ќе ја потпишат и ратификуваат и кои наредни чекори треба да ги преземат во насока на донесување на посебно законско решение кое ја обработува т.е. дефинира состојбата со насилството и недостојното однесување на спортските натпревари како еден вид краен т.е. финален производ.

Ако се анализира Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, посебно на фудбалските натпревари, а во контекст на насоките кои произлегуваат од истата, впечатливи се три условно кажано делови од кои се состои Конвенцијата и тоа:

1. Превенција т.е. превентивни мерки кои се содржани пред сѐ во одредбите од Конвенцијата кои се однесуваат на физичкото раздвојување на навивачките групи, консултации со навивачките групи, строгата контрола која се однесува на продажбата на карти, забрана за пристап на стадионите за регитрираните престапници, ограничување или забрана за продажба на алкохолни пијалаци и безбедносни проверки.
2. Соработка – се однесува на задолжителните и препорачливи контакти на релација спортски клубови, организатор или организатори на одреден спортски настан, навивачки групи и полицијата, како и развој на

општествените и образовни мерки и активности во насока на спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

3. Правна соработка – се однесува на соработката и координацијата на правосудните органи, увид во евиденцијата на судовите за лицата кои се процесирани за насилство, идентификација на потенцијално проблематичните навивачи, како и отстапување на судската постапка на државата од каде што потекнува сторителот на делото.

Иако Р. Македонија уште како земја членка на СФРЈ ја имаше прифатено, потпишано и ратификувано Европската конвенција, а потоа истото го стори и како независна држава, сепак тоа не значело дека земјата по автоматизам ќе пристапи кон процес на донесување на посебен Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Напротив, добар временски период сите кривични дела кои произлегувале или кои на еден или друг начин можеле да бидат доведени во одредена корелација со спортските натпревари биле решавани односно подведувани под некои други закони од Кривичниот законик на Р. Македонија. И тука односно и во овој дел праксата во Р. Македонија не отстапува значително од праксата која била практикувана и во Р. Србија и во Р. Хрватска до моментот на донесување на посебен Закон. Така сè до 2004 година кога во Р. Македонија за првпат се изгласува Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, сите кривични дела како и одредени прекршоци биле подведувани најчесто под кривичните дела против јавниот ред и мир. Така, кривичното дело насилство од член 386 од главата на кривични дела против јавниот ред и мир се чини дека било и е најблиско дело до она што денес претставува Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските терени. Имено, противправните елементи кои се содржани во член 386 во најголем дел се „пресликани“ и во противправните одредби кои се содржани во Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Кривичното дело од член 384 „учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие“, како и кривичното дело од член 385 „учество во толпа што ќе изврши кривично дело“, претставуваат кривични дела кои во своите одредби имаат одредени карактеристики што подоцна биле земени предвид од страна на законодавецот во процесот на изготвување на посебен Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Конкретно, станува збор за став 2 член 384 кој се однесува на водачот на толпата (што подоцна ќе биде

искористено за да се определи водачот на навивачката група), што пак на некој начин е допрецизиран т.е. определен преку член 385 став 3, каде што за водачот за групата е пропишано релативно строга казна, доколку со делото кое е извршено е предизвикана смрт или некое лице е тешко телесно повредено, односно доколку настанала штета од големи размери.

Легитимно се поставува прашањето кои односно што биле причините и мотивите што го „принудиле“ законодавецот во Р. Македонија да се реши да донесе посебен Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, посебно на фудбалските. Дали истите ги нашол во препораката која произлегува од Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари или пак, како најзначајна причина, зошто се одлучил за посебен Закон е процесот на појава на засилена динамика од спортските настани и неможноста кривичните дела кои се случуваат за време на спортските натпревари да бидат „покриени“ и правно процесирани со постоечките законски решенија. Но, исто така како причина за донесување на нов, посебен Закон, можеме да кажеме дека е и начинот на пристапување на државата кон оваа појава, односно признавањето и прифаќањето на нејзината сериозност, на нејзината присутност во секојдневието, на штетните последици кои истата ги предизвикува, како и на правните добра коишто секоја одговорна држава треба и мора да ги заштити со цел да ја обезбеди сигурноста на нејзините граѓани, пред сѐ, како и сигурноста на целокупното општествено живеење.

Кога е донесен посебниот Закон во 2004 година, всушност, се извршила извесна правна интервенција и дотогаш постоечкиот член 386 од Кривичниот законик добил своја надградба. Во основа станува збор за проширување со нови одредби кои дефинираат т.е. определуваат нови противправни дејствија и на тој начин правното добро кое се штити преку овој Закон е пошироко определено.

Во периодот кога во Р. Македонија беше донесен Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари[123], една година претходно ваков Закон беше изгласан и во Р. Србија и во Р. Хрватска. Македонското законско решение на некој начин претставуваше следење на правната пракса која се однесуваше на правното дефинирање и определување на феноменот на насилство и

[123] Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 89/04, достапен на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/75394A658BBC9B439269FD640F57D7C6.pdf

недостојно однесување на спортските натпревари. Првото законско решение во Р. Македонија, гледано од технички аспект претставува краток и добро структуриран Закон во којшто според видувањата на законодавецот биле опфатени најзначајните елементи коишто во тоа време го прателе односно го карактеризирале насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Самото законско решение се состои од три поголеми делови т.е. целини и тоа: општи одредби, мерки за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари и казнени одредби.

Делот на општи одредби започнува со член 1 во којшто се укажува на тоа што се уредува со овој Закон т.е. што претставува и кое е правното добро што ќе биде заштитено преку овој Закон, потоа се наведува начинот т.е. мерките како ќе се заштити правното добро и на крајот од овој член се отстапен е простор за обврските кои произлегуваат од ова законско решение, а кои се однесуваат на организаторот на натпреварот и овластувањата на надлежните органи за спроведување на мерките.

Во член 2 содржана е дефиниција за тоа што претставува и што ќе се смета за спортски натпревар според одредбите од овој Закон. Во овој член, законодавецот се повикува на нормите кои се содржани во Законот за спорт, каде што покрај другото постојат и одредби кои на прецизен начин определуваат што е спортски натпревар и кои услови треба да исполнува еден спортски натпревар за истиот да може да се смета за официјален.

Членот 3 од Законот т.е. од делот на општите одредби всушност е член каде што се дефинира т.е. определува кое поведение т.е. дејствие на извршување ќе се сметаат за насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Така, според законското решение од 2003 година, како насилство и недостојно однесување се предвидени следниве дејствија:

- поседување или консумирање на алкохолни пијалаци или опојни дроги, поседување на пиротехнички средства, оружје и други средства погодни за нанесување повреди или за предизвикување на насилство од страна на лица кои доаѓаат на спортските натпревари, во временски период од два часа пред почетокот до два часа по завршување на спортскиот натпревар;
- внесување и употреба во спортските објекти на алкохолни пијалаци, опојни дроги, пиротехнички средства, оружје и други средства погодни за нанесување повреди или за предизвикување на насилство;

- внесување и истакнување на транспаренти, знамиња и други предмети со текст, слика, знак или други обележја, како и пеење на песни или дофрлување на пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност или врз основа на други особини;
- фрлање предмети во натпреварувачкиот простор или во гледалиштето, со што може да се загрози животот, физичкиот интегритет на лицата или имотот;
- палење и фрлање на пиротехнички средства;
- палење на навивачките реквизити, знамиња на други држави, знаме на друг клуб и други предмети;
- повикување, поттикнување и учествување во тепачка или напад на спортисти, гледачи, редари, службени лица, организатори на натпреварот и други учесници во спортските натпревари;
- физичка пресметка меѓу учесниците на спортските натпревари;
- недозволено влегување во натпреварувачкиот простор од страна на гледачите и
- оштетување или уништување на спортскиот инвентар и други делови од спортскиот објект, како и на превозните средства при доаѓање, за време и после одржување на спортскиот натпревар, во временски период од два часа пред почетокот до два часа по завршување на спортскиот натпревар.

Наредниот, член 4, како и член 5 од првиот дел на законското решение, се однесуваат на одговорностите кои му се припишуваат на организаторот на еден спортски натпревар. Во член 4 нотирано е дека организаторот е „должен да ја процени можноста за случување на насилство и недостојно однесување на спортскиот натпревар и да преземе соодветни мерки за нивно сузбивање и спречување, пропишани со овој или со некој друг закон“. Со оваа одредба, законодавецот на некој начин му „доверил“ дискреционо право на организаторот на натпреварот да врши проценка за можноста т.е. за потенцијалот на одреден натпревар да има насилство или недостојно однесување. Коментирајќи ја оваа одредба од член 4, на мислење сме дека законодавецот на некој начин ја преценил можноста на организаторот на еден спортски натпревар, да биде во позиција и да може да предлага соодветно решение кое се однесува на безбедноста на еден спортски натпревар. Вториот став од истиот член на некој начин врши извесно допрецизирање на членот, на тој начин што остава простор и нуди можност организаторот од кога ќе ги преземе сите мерки и активности во насока на превенирање на појавата на насилство на спортските натпревари, „должен е да соработува со надлежните органи, да обезбеди доволен број на лица, вклучувајќи ја и

полицијата на просторот во и околу спортскиот објект". На овој начин т.е. преку оваа одредба се иницира соработка на организаторот со надлежните органи, во прв ред со полицијата во насока на гарантирање на безбедноста на самиот натпревар. Според нашето скромно мислење и гледано од оваа дистанца, законодавецот создавајќи го овој член од Законот, поправилно и далеку поефикасно и ефективно ќе беше доколку уште на самиот старт предвидеше вклучување на полицијата во процесот на проценка на безбедноста на еден спортски натпревар и можноста за појава на насилство и недостојно однесување, а не да го пренесе т.е. остави тоа право исклучиво на организаторот на натпреварот. Дополнително, во контекст на аргументирање на нашиот став по однос на овој член сакаме да го нотираме и фактот дека како организатор на еден спортски натпревар во тоа време можел да се јави и некој спортски клуб. Спортските клубови за волја на вистината во тој временски период, а голем дел од нив и денес, не се во позиција и немаат доволни капацитети персонални и логистички да можат да носат проценки, посебно кога се работи за безбедност на еден спортски натпревар. Лицата кои се номинирани како комесари за безбедност, најчесто и во најголем број на случаи се или биле лица кои се дел од навивачка група и кои немаат безбедносна култура ниту имаат персонален капацитет да можат да ги координираат активностите кои се однесуваат на прашањата поврзани со безбедноста на еден спортски натпревар.

Во член 5 од законското решение од 2004 година се предвидени обврските на организаторот во насока на обезбедување на соодветен број на редари, во зависност од натпреварот, како и во зависност од спортскиот објект каде што ќе се игра натпреварот. На организаторот му се остава правото да одбери кој да биде ангажиран во рамките на редарската служба. Имено, според одредбите од член 5, во улога на редари можат да бидат номинирани лица кои доброволно ќе се пријават за тоа, припадници на навивачката група или членови на клубот. Законот дополнително нуди и остава можност како редари на еден спортски натпреварот организаторот да може да ангажира припадници на приватни агенции за обезбедување[124], кои се исклучително значајни во процесот на организација на спортскиот натпревар од безбедносен аспект, но и во процесот на подигнување на степенот на превенција на самиот спортски

[124] Sazdovska, M., Marina., Gjurovski, Marjan., *Education of personnel for private security*, Criminalistic Theory and Practice, Zagreb, 2017, str. 9 aviable at: http://www.criminalisticassociation.org/Dokumenti/Casopis_KTIP_br_7_konacna_ver__201821191517.pdf

натпревар. Во таа насока агенциите за обезбедување т.е. вработените лица во агенциите за обезбедување треба да бидат соодветно обучени и подготвени како би можеле соодветно да одговорат на предизвиците со коишто би се соочиле на еден спортски натпревар, посебно ако се работи за натпревар со зголемен ризик.

Вториот дел од законското решение е делот којшто ги содржи мерките кои се преземаат од страна на организаторот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Во овој дел од законското решение, законодавецот направил соодветна класификација на мерките. Така, во позиција сме да зборуваме за:

- Превентивни мерки – се преземаат пред започнувањето на спортскиот натпревар, а истите се во насока на намалување на ризикот од појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Организаторот е должен да обезбеди примерно однесување на своите навивачи, да одржува повремени состаноци со членовите на навивачката група и да ги информира преку билтени и сл., да ги координира активностите на клубовите при одење со своите навивачи на кои тие клубови и нивните навивачи се гости. Дополнително, организаторот на спортскиот натпревар има право и обврска да утврдува кои натпревари се со висок т.е. зголемен ризик.
- Мерки кои се преземаат на спортските натпревари – во основа станува збор за група на мерки коишто организаторот на еден спортски натпревар ги презема т.е. е должен да ги преземе во насока на превенирање од појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, непосредно пред почетокот на спортскиот натпревар и за време на неговото одржување. Станува збор за конкретна реализација на една од можеби најважните обврски на организаторот на самиот спортски натпревар којашто е во насока на основање на редарска служба која ќе ги врши задачите кои се однесуваат на физичкото обезбедување на натпреварот. Во продолжение на член 7 точно се наведени обврските коишто ги имаат припадниците на редарската служба, а кои во прв ред се однесуваат на: да оневозможат влез на лица кои се под дејство на алкохол во спортскиот објект, оневозможување на внесување и продажба на алкохолни пијалаци во спортскиот објект, да

оневозможат внесување во спортскиот објект на предмети кои можат да се употребат за предизвикување на насилство и недостојно однесување, како и оневозможување да се внесат одредени транспаренти со кои се поттикнува расна, национална, верска и друга нетрпеливост. Припадниците на редарската служба во насока на обезбедување на што е можно повисоко ниво на безбедност, пред сè од превентивен карактер, врз основа на одредбите содржани во член 7 можат и имаат право т.е. обврска да ги „опоменат, односно отстранат гледачите кои со пеење на песни или пак со дофрлување на навредливи пораки, да предизвикаат и поттикнат омраза по национална, верска, етничка или друга припадност“. Во членот 8 од Законот беше дефинирана обврската на организаторот да соработува и да се координира со припадниците на Министерството за внатрешни работи во насока на обезбедување на терен за спроведување на мерките за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Дополнително, во одредбите на член 8 стоеше обврската на организаторот да обезбеди екипа за итна медицинска помош, како и противпожарна екипа.

Ако ги коментираме мерките кои се преземаат за време на еден спортски натпревар, како дел од превентивната политика која ја содржи и предвидува ова законско решение, ќе забележиме дека во овој дел законодавецот му „оставил“ простор на организаторот на натпреварот да ја организира редарската служба, да го дефинира бројот на редари за конкретниот натпревар, како и самиот во насока на постигнување на превенција да им ги објасни т.е. да ги запознае редарите со нивните обврски и задолженија. Вака поставено, законското решение од 2004 година остана недоречено за правилата и процедурите по кои ќе се бираат редарите. Не беше доволно само да се номинираат местата од каде што може да се регрутираат редари, туку, според наше мислење, потребно беше и при првото законско решение да бидат дефинирани и минималните услови коишто еден припадник на редарската служба треба да ги исполнува, како би можел непречено да биде ангажиран за работи поврзани со организација на еден спортски натпревар, посебно од безбедносен аспект. Точно е дека законското решение нудеше опција за ангажман на припадници на соодветни агенции за обезбедување, но објективната состојба во клубовите низ Р. Македонија, недостигот од финансиски средства, како и недоволното значење што ѝ се предаваше на безбедноста како битен, ако не и клучен сегмент во организацијата на еден натпревар,

придонесуваа во насока најголемиот дел од редарите ангажирани на еден спортски натпревар, да бидат лица припадници на навивачката група на домашниот тим. Што се однесува пак до обврската да се ангажира екипа на итната медицинска помош, како и екипа за противпожарна заштита, сметаме дека законодавецот овој дел добро го одредил и го дефинирал, односно имал чувство за подигнување на степенот на превенција преку задолжителната обврска да бидат ангажирани соодветни екипи од итната медицинска помош, како и припадници на противпожарната заштита.

- Мерки кои се преземаат на спортските натпревари со висок ризик – најнапред преку одредбите во член 9 од законското решение точно е определено кои натпревари може и ќе се сметаат за натпревари од висок ризик. Доколку еден натпревар биде квалификуван како натпревар од висок ризик, врз основа на одредбите од член 9, тогаш и обврските кои произлегуваат за организаторот на спортскиот натпревар се менуваат, односно добиваат извесна динамика и надополнување, во однос на претходно предвидените мерки и активности за коишто пишувавме претходно. Во член 10 од Законот се предвидени обврските за организаторот кои се однесуваат за натпреварите од висок ризик. Покрај останатите, како најбитни т.е. најзначајни ќе ги издвоиме следниве: организаторот мора да го извести МВР веднаш или најдоцна 48 часа пред почетокот на натпреварот којшто е определен за натпревар од висок ризик, треба да назначи т.е. да определи одговорно лице кое ќе биде задолжено за спроведување на мерките кои ќе се преземаат за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, како и за комуникација и координација со МВР, да оствари соработка со претставници на спортските клубови, да обезбеди физичко раздвојување на домашните со гостинските навивачи, како внатре во спортскиот објект, така и при нивното пристигнување кон спортскиот објект (посебни влезови и излези), да врши контрола на бројот на влезници кои ќе бидат пуштени во пресрет на натпреварот, да обезбеди посебни места за продажба на влезници на денот на натпреварот, да обезбеди техничка опрема со која ќе се врши снимање и следење на однесувањето на гледачите, да обезбеди посебна просторија за укажување на итна медицинска помош, како и да обезбеди соодветен

простор кој би се користел за паркирање на возилата и автобусите на гостинскиот тим. Кога станува збор за натпревари од висок ризик, законодавецот, покрај за организаторот т.е. домаќинот на натпреварот, во член 11 од Законот определил и одредени обврски кои се однесуваат за гостинскиот тим и коишто тој е должен да ги преземе и реализира во насока на превенција од случување на одредено насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Така според одредбите од овој член, гостинскиот тим е должен да го извести домаќинот (организаторот) најдоцна три дена пред неговото одигрување за сите аспекти поврзани со гостинските навивачи, како и да преземе мерки кои ќе бидат во насока на дејствување и влијание врз сопствените навивачи со цел да ја подигне свеста кај истите да не се доведат во ситуација тие да бидат виновни за предизвикување на одреден инцидент. Во член 12 нотирана е обврската на МВР односно истото е должно да ги преземе сите мерки и активности со цел да не дојде до појава на насилство и недостојно однесување на спортскиот натпревар од висок ризик.

Преку мерките кои се однесуваат за натпревари со висок ризик ја гледаме првичната и би рекле главна определба на законодавецот во тоа време, а таа се состои во обидот преку законското решение да се подигне свеста за значењето на превентивата како дел од системот на една поширока и пообемна криминална политика да се влијае во насока на намалување на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари како и намалување на штетните последици кои може да произлезат од едно такво однесување. Но, нашиот коментар во однос на мерките кои се предлагаат за натпревари од висок ризик е во насока на нивна недореченост, некомплетност и на некој начин на нивна диспропорција во однос на условите кои во тој период, а во голема мера и денес, биле т.е. се актуелни, а кои во прв ред се однесуваат на инфраструктурата на спортските објекти во Р. Македонија. Добро е што законодавецот предвидел да има т.н. физичко раздвојување на навивачите на домашниот и гостинскиот клуб, како внатре во самиот спортски објект, така и надвор од него, со посебни влезови и излези, но прашањето кое заслужува внимание е, кои стадиони или спортски сали во Р. Македонија го исполнуваат овој услов. Доколку навлеземе во набројување на спортските објекти кои имаат т.е. кои исполнуваат минимални услови за спроведување на пропишаните одредби од законското решение, на мислење сме дека бројот на тие спортски објекти нема да биде повеќе од пет и тоа

три од нив се наоѓаат во главниот град Скопје. Останатите градови каде што има спортски објекти, пред сè во Битола, Прилеп, Тетово, Куманово, Охрид, Струмица и Велес како поголеми градски средини или се соочуваат со недостиг на основни инфраструктурни услови за одигрување на еден спортски натпревар од висок ризик, или пак условите коишто ги нудат се на долната граница од минимумот којшто се прифаќа како таков. Нема да одиме подалеку туку само ќе ја спомнеме обврската на организаторот кога се работи за натпревари со висок ризик да обезбеди т.е. да биде во позиција и можност да обезбеди паркинг простор за гостинската екипа, физички раздвоен од паркинг просторот којшто го користат домашните навивачи. Овој услов сите горенаведени градови и нивните спортски објекти, со исклучок на Скопје, не само што не го исполнуваат туку и немаат соодветен паркинг простор за домашните навивачи, што треба да биде во правопропорционален соднос со капацитетот на спортскиот објект. Стадионот во Битола „Тумбе кафе" е еклатантен пример за недостиг на паркинг простор како еден од условите што ги пропишува Законот.

Третиот дел од законското решение од 2004 година е делот во којшто се содржани казнените одредби според овој Закон. Анализирајќи го Законот од 2004 година, посебно делот којшто се однесува на казнените одредби, првата забелешка или коментар ни се однесува на фактот дека како казнени одредби пропишани и предвидени се само прекршочните санкции. Во ова прво законско решение, законодавецот не предвидел казна затвор која би му се изрекла на некој сторител на ова кривично дело. Дали законодавецот сакал исклучиво со прекршочни санкции да влијае првенствено врз свеста на навивачите во насока на подигнување на личната свест за штетните последици кои би настанале доколку учествуваат т.е. доколку извршат одредено насилство на спортски натпревар или доколку се однесуваат недостојно на истиот.

Дополнителна забелешка која е значајна и која мора да ја спомнеме се однесува на одговорноста врз основа на овој Закон, која може да биде изречена како за физичко лице (член 13) така и за организаторот на спортскиот натпревар т.е. правното лице (член 14). Паричните казни за организаторот на спортскиот натпревар се движат во границата од 10.000 денари до 300.000 денари и истите, пред сè, зависат од видот на прекршокот што го сторил организаторот на натпреварот. Како причина за изрекување на прекршочна санкција врз основа на овој Закон, која се однесува на организаторот на натпреварот може да биде неговата неодговорност во преземањето на соодветни мерки

и активности за спречување на насилството, потоа изостанувањето на соработка и координација со МВР, необезбедувањето на соодветен број на редари итн. Во овој член од Законот е предвидена и казна т.е. прекршочна санкција (парична казна) и за одговорното лице во спортскиот клуб. Во член 15 е предвидена казна и за спортскиот клуб доколку истиот не постапува според одредбите кои произлегуваат од овој Закон, а кои се однесуваат на непосредната организација на еден спортски натпревар.

Во третиот дел од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, законодавецот во одредбите коишто се однесуваат на казните кои се изрекуваат на сторителите на кривичното дело, не оставил простор за намалување на степенот на вина врз основа на сторување на делото од небрежност. Ваквата позиција на законодавецот нѐноси во ситуација да заклучиме дека субјективната страна на делото насилство и недостојно однесување на спортските натпревари може да биде извршено со умисла, пресметливост, а во одредени ситуации и со силна мотивираност кај сторителите (физички лица).

Од оваа временска дистанца лесно е да се нудат одредени предлози за тоа како требало да изгледа првото законско решение во Р. Македонија што ја регулира појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Исто така, од оваа дистанца и позиција неблагодарно е да се критизира законското решение т.е. одредбите кои се содржани во истото и да се даваат одредени забелешки, пред сѐ во однос на нивната недореченост. Дополнително, како забелешка може да се предочи и фактот што првиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари можеби бил во голема мера превентивен, односно можеби законодавецот целото свое внимание, целата своја желба и интенција ја насочил во насока на обезбедување и креирање на повисока свест за појавата, и тоа подигање на свеста да не биде исклучиво и само со построги казнени одредби, туку да се влијае на друг начин, преку нудење на решенија преку законските одредби, како да се превенира појавата. Можеме да наведеме и некои други коментари по однос на ова прашање, но целта не ни е тоа. Напротив, сакаме да го потенцираме фактот дека законодавецот увидел дека со текот на практичното спроведување Законот не е до крај ефикасен, дека има одредени недостатоци и дека одредени одредби треба да се менуваат и надополнуваат, како би можеле да одговорат на потребите на времето.

### 6.2. Коментар на измените и дополнувањата на законското решение во Република Македонија

Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари за прв пат е изменет и дополнет на 10.12.2008 година[125]. Измените и дополнувањата кои биле предвидени со овој Закон не биле премногу обемни, односно не го менувале законското решение во суштина. Како најголема т.е. највпечатлива е промената содржана во член 1 од Законот, а која се однесува на глава III т.е. на насловот на главата. Во првичното законско решение од 2004 година оваа глава беше насловена како „Казнени одредби“ за подоцна со измените и дополнувањата од 2008 година да биде променета во глава III „Прекршочни одредби“. Промената на насловот на глава III во основа нужно се наметнала. Имено во првото законско решение иако главата носела наслов Казнени одредби, сепак предвидените и пропишани казни се однесувале исклучиво на прекршочни санкции, коишто во најголем дел беа парични казни, како за организаторот, така и за физичките лица кои биле дел од спортскиот настан. Дополнително со измените на Законот т.е. со новите одредби во законското решение биле предвидени значително повисоки парични казни за прекршителите на Законот, како за физичките лица[126], така и за организаторот[127] на спортскиот натпревар, а во таа насока и за одговорното лице[128] на еден спортски натпревар, како и за спортскиот клуб[129] доколку истиот не одговори на обврските и задолженијата кои биле пропишани за него. Дополнително, во рамките на Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување од 2008 година, во член 5 е предвидено во Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари да се додаде нов член 15а, кој ќе се однесува на дефинирање, односно определување на надлежен орган што ќе ја води прекршочната постапка. Во рамките на одредбите од овој член предвидено е и МВР да води постапка за порамнување, согласно со Законот за прекршоци на Р. Македонија.

Вторите по ред измени и дополнувања на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари се случиле во 2011 година, кога

[125] Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/08
[126] *Ibid*, член 2
[127] *Ibid*, член 3
[128] *Ibid*, член 3, став 2
[129] *Ibid*, член 4

бил донесен Закон за изменување и дополнување[130]. Се чини дека овие измени и дополнувања придонеле во насока на видлива промена на дотогашното законско решение и на дотогашните одредби коишто биле предвидени во Законот. Така како највпечатлива измена која се случила Законот за измени и дополнувања од 2011 година ќе ја спомене измената која е содржана во член 2, која се однесувала на член 2 од претходниот Закон, при што преку таа измена се предвидува во член 2 по ставот 1 да се додадат уште три става (2, 3 и 4) преку кои се дефинираат следниве поими:

- Организатор на спортски натпревар;
- Определување и прецизирање што претставува спортски терен врз основа на одредбите на овој Закон;
- Внесување на одредба која се однесува на дефинирањето на поимот маскирано лице и што тоа значи за еден спортски натпревар.

Суштинска измена содржел член 3 од Законот за измена и дополнување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, кој пак се однесувал на член 3 од првото законско решение од 2004 година. Имено, покрај постоечките алинеи на членот, со измените на Законот биле предвидени и се додале уште три нови алинеи (11, 12 и 13), со што се зголемил опсегот на постоечкиот член 3, односно се прошириле противправните поведенија кои со новите измени биле предвидени како такви.

Во член 4 од Законот за изменување и дополнување од 2011 година е предвидена промена на член 4 став 2 од Законот од 2004 година, при што со измените и дополнувањата се влијае во насока на поттикнување на соработка на организаторот со Министерството за внатрешни работи (полицијата) како и со други надлежни органи, се со цел постигнување на повисока безбедност и превенција од несакани поведенија за време на одигрување на еден спортски натпревар.

Член 5 од Законот за изменување и дополнување од 2011 година, кој се однесува на член 5 од првиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, бил предвиден нов став 2, кој пак ја определил т.е. ја предвидел можноста организаторот на спортскиот натпревар да биде во позиција и можност за гостинските навивачи да обезбеди редари од нивните редови т.е.

[130] Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/11

припадници на гостинската навивачка група. Оваа измена и дополнување на Законот, според нашето скромно мислење, била во насока на дополнително зголемување на степенот на превенција, како и намалување на можностите за предизвикување на инцидент. Со тоа што Законот предвидел дека може да бидат ангажирани припадници од гостинските навивачи како редари, се чини дека се намалил просторот, како и можноста за предизвикување на насилство и недостојно однесување.

Важна измена која била предвидена во Законот за изменување и дополнување од 2011 година, а која претходно воопшто не била дел од содржината на Законот, е измената и дополнувањето содржано во член 6, кои се однесувале за член 6 од првото законско решение, при што со измените се предвидува внесување на две нови алинеи (5 и 6) со кои биле предвидени нови одговорности за организаторот на спортскиот натпревар и тоа според алинеја 5 одговорност за изготвување на план за превентивно дејствување и алинеја 6 која предвидува изготвување на план за евакуација. Со внесувањето на овие две нови алинеи односно две нови измени се подигнал степенот на одговорност на организаторот на натпреварот, при што со измените врз него се вршел „директен притисок" да започне и да размислува во насока на изготвување на план за евакуација и план за превентивно дејствување. Организаторот, во согласност со овие измени, се нашол во ситуација да мора да посвети посериозно внимание и да одвои повеќе време во насока на изготвување на овие две превентивни решенија т.е. превентивни планови. Законодавецот предвидувајќи го овој момент, непосредно влијаел прашањата за безбедноста да дојдат на дневен ред и за истите да се отстапи посериозно внимание и да се пристапи поодговорно. Во прилог на овие измени, должни сме да го споменеме и членот 7 од Законот за изменување и дополнување, кој се однесувал на член 10 од првото законско решение, при што со измените и дополнувањата се предвидувала обврска на организаторот да ги достави до МВР планот за евакуација и планот за превентивно дејствување, како и да оствари соработка со припадниците на МВР во насока на реализација на мерките и активностите кои се однесуваат на обезбедување на јавниот ред и мир на спортскиот натпревар.

Член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на насилството конкретно се однесувал на обврската што стоела пред МВР во однос на натпреварите кои биле прогласени за натпревари од висок ризик. Имено, МВР има право и обврска најмалку 24 часа пред почетокот на натпреварот со висок ризик да изврши увид во смисла дали организаторот ги презел сите потребни мерки кои се

однесуваат во насока на спречување на насилството и недостојното однесување на спортските терени. Доколку при увидот МВР записнички констатира дека постојат одредени недостатоци, на организаторот му дава насоки за нивно отстранување. Вака замислената активност на МВР е корисна во насока на подигнување на степенот на превенција пред одигрувањето на еден натпревар од висок ризик. Но, ваквиот пристап не е доволен од причина што со давањето на насоки кон организаторот, во законското решение не е предвиден рокот во којшто организаторот ќе треба да ги отстрани забелешките. Исто така, фактот што се работи за натпревар со висок ризик, МВР не треба во овој процес на проценка т.е. на увид на преземените активности од страна на организаторот да настапува субјективно и да отстапи од правилата. Потребно е МВР како институција да инсистира на максимална безбедност.

Со измените од 2011 година, конкретно во член 9, а во однос на член 12 од првото законско решение, било предвидено да се додаде нов член 12а, со што втората глава од законското решение добива наслов „Казнена одредба", а дополнително на тоа во одредбите од новиот член предвидено е кривичното дело „насилничко однесување на спортски натпревар". За првпат преку овие измени и дополнувања на законското решение била пропишана и предвидена казна затвор за сторителот на кривичното дело предвидено со овој Закон.

Измените и дополнувањата предвидени во член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, дополнително придонесуваат во насока на утврдување на тоа кој може да се јави како сторител на кривичното дело, дејствието на извршување, како и вината на сторителот. Преку овие измени всушност за првпат во ова законско решение законодавецот утврдил потежок облик на делото којшто е содржан во став 2 и став 3 од новиот член 12а. Оваа одредба од Законот само уште еднаш ја потврдува сериозноста на кривичното дело, односно последиците коишто можат да настанат од истото. Паралелно со предвидување на казната затвор како резултат на кривичното дело „насилничко однесување на спортски натпревар" е извршена измена и дополна на член 386 од Кривичниот законик на Р. Македонија со кои се регулира казненото дело насилство поврзано со спортски натпревар и извршено за време, пред или по завршување на натпреварот. Оваа постапка во основа значи дека противправноста на дејствието е конкретизирана, а исто така и формалниот аспект на казненото дело насилство на спортските натпревари е исполнето, со тоа што е регулирано со Закон

како посебно казнено дело, од што произлегува да се дефинира посебна вина и казнивост.

Со извршените измени член 386 се изменува така што се додаваат пет нови става 3, 4, 5, 6 и 7 кои гласат:

„(3) Со казната од став 2 на овој член ќе се казни сторителот на делото од став 1 на овој член поврзано со спортски натпревар и извршено за време, пред или по завршување на натпреварот.

(4) Ако делото од став 3 на овој член имало за последица предизвикување на тепачка, нереди и оштетување на имот од поголема вредност, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(5) Ако делото од став 3 на овој член имало за последица тешка телесна повреда или смрт на некое лице, сторителот ќе се казни со затвор од три до десет години.

(6) Со казната од став 5 на овој член ќе се казни организаторот на групата што го извршила делото од став 3 на овој член, како и организаторот на спортскиот натпревар кој не преземал мерки за спречување на насилството.

(7) За делото од став 3 на овој член со парична казна ќе се казни правното лице кое учествувало во организирање на натпреварот“.

Со ваквото уредување на казненото дело насилство на спортски терени, покрај тоа што се издвојува како посебно казнено дело, се проширува опсегот на вината во однос на сторителите, а согласно на тоа и казнивоста на делото.

Дополнително, со измените и дополнувањата на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, внесени се и одредени одредби кои се однесуваат на постапката за порамнување, која ѝ претходи на постапката за поведување на прекршочна постапка, измени и дополнувања кои формално-правно ја уредуваат постапката за порамнување и како истата ќе се води, начин на составување на записникот, како и содржината на личните податоци кои ќе се собираат и анализираат и временската рамка за нивно чување во евиденцијата, која според овој Закон изнесувала 5 (пет) години од денот на внесување во евиденцијата. Согласно со овие измени, проширена е надлежноста на полициските службеници, од формален аспект, предвидувајќи ги нивните обврски во закон, воведувајќи ја потребата од понуда за записник на на местото кое сторило противправно дејствие, со тоа што

ако го признае делото ќе плати половина од предвидената глоба, во спротивно ќе биде поднесено барање за прекршочна постапка.

Во член 14 од Законот за измени и дополнувања на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување всушност се внесени одредби кои се однесуваат на член 15 од Законот од 2004 година, со што се предвидува да се донесе нов член 15б, преку којшто се определува прекршочната постапка, комисијата која ќе ја води постапката, овластувања на претседателот и на членовите на оваа комисија, нивниот мандат и потребната стручна подготовка којашто треба да ја исполнуваат, како би се нашле во позиција да можат да бидат одбрани.

Со измените и дополнувањата на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари од 3.2.2014 година, законодавецот се обидел да ги допрецизира правните регулативи кои се однесуваат на редарите т.е. на редарската служба, нивните права и обврски, како и нивниот начин на реакција и начин на облекување. Организаторот, покрај обврската која се однесува на ангажирањето на редарска служба, со овие измени и дополнувања имал обврска и да изготви план за обезбедување и истиот да го предаде до МВР, најдоцна 48 часа пред почетокот на натпреварот. Оваа обврска на организаторот овозможува МВР по анализата што ќе ја направи за тој план, да може истиот слободно да го искоментира, да го промени и да се вложи максимално со сите расположливи капаците во насока на негова реализација.

Член 8 од Законот за изменување и дополнување, а кој се однесува на член 9 од Законот, во којшто се содржани одредби кои се однесуваат на натпревари од висок ризик, ја дополнува оваа одредба, при што како натпревар од висок ризик го предвидел и оној натпревар на којшто се очекува присуство на гостински навивачи. За измените и дополнувањата кои се однесуваат на натпревари со висок ризик, дополнувањата на одредбите се содржани во член 9 од Законот за измена и дополнување на Законот за спречување на насилството на спортските натпревари, а се однесувале на член 10 од Законот, при што со измените и дополнувањата се зголемуваат обврските на организаторот кога се во прашање натпревари со висок ризик. Со измените и дополнувањата биле додадени т.е. предвидени дополнителни обврски и тоа: да обезбеди контролирана продажба на влезници со увид во документ за лична идентификација со можност едно лице да купи најмногу 5 влезници, води евиденција (до три години од денот на внесување во евиденцијата) за продадени т.е. отстапени

влезници со реден број, датум на продажба, име и презиме, назив на спортски клуб, адреса на живеење односно на престојувалиште, трибина, блок, ред и седиште, да не дозволи влез на гостински навивачи за кои претходно не бил соодветно и во согласност со законските одредби информиран, да дозволи влез на гостински навивачи ако претходно бил уредно информиран. Кога станува збор за спортски натпревари со висок ризик, контролата и прегледот при влез во стадионот треба да го вршат припадници на агенција за обезбедување, ангажирана од организаторот. Интенцијата на законодавецот со овие предвидени измени и дополнувања, конкретно наведени во овој член била, и е во насока на што е можно поголема контрола во процесот на продажба на влезници. Водењето на евиденција за продадените или отстапени билети е пракса и искуство во земјите од Западна Европа. Но, дали може во Р. Македонија која како земја не може да се пофали со соодветна инфраструктура за спорт да се продаваат нумерирани влезници. Исто така, се поставува прашањето дали може на спортските објекти во Р. Македонија да се забележат точно обележани блокови, редови и седишта, односно дали спортските објекти во Р. Македонија можат да се пофалат со седишта воопшто. Од овие логички прашања ги исклучуваме објектите во Скопје (спортските сали „Борис Трајковски“ и „Јане Сандански“ како и Градскиот стадион) кои како такви исполнуваат барем минимални услови за реализација на предвидените одредби. Токму затоа, сметаме дека законодавецот, кога ги предлагал овие одредби не ја зел предвид објективната состојба со спортската инфраструктура во земјата и неможноста таа инфраструктура да одговори на потребите на законското решение. Немањето на услови за реализација на ваквите одредби не доведува до ситуација да размислуваме во насока дека законодавецот само „препишал“ т.е. правно трансплантирал одредени решенија од други, соседни земји или земји од Западна Европа и се обидел да ги инкорпорира во законското решение, без притоа да води грижа за нивната имплементација и нивната ефективност и ефикасност.

Со измените од 2014 година, во член 12 од Законот за измени и дополнување, се брише глава II „Казнена одредба’’ како и членот 12а, при што со ова решение Законот се враќа како во ситуацијата до 2008 година.

Интересен е податокот дека со измената на законското решение од 2014 година за првпат се воведуваат мерки за безбедност коишто можат да бидат изречени за одредени сторители на прекршоци, предвидени во Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Овие измени се

содржани во член 14 од Законот за измени и дополнувања на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, а се однесуваат односно ги надополнуваат одредбите од член 13 од Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Во основа се внесуваат четири нови членови и тоа: 13а, 13б, 13в и 13г[131].

Кога ги споменуваме мерките за безбедност коишто ги содржи Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, треба да напомнеме дека мерките за безбедност во основа претставуваат дел од кривичните санкции коишто се пропишани во Кривичниот законик на Р. Македонија. Имено, покрај казните, алтернативните мерки, воспитните мерки и мерките за безбедност претставуваат дел од кривичните санкции коишто се пропишани во Кривичниот законик[132].

Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик на Р. Македонија од 2014 година, во член 38-д е предвидена казна – забрана за посетување на спортски натпревари. Казната забрана за посетување на спортски натпревари судот може да ја изрече за дела на насилство на спортски натпревари во траење од една до три години. Во основа, интенцијата на законодавецот била т.е. е да се дејствува превентивно врз идните сторители на насилство на спортските натпревари или подобро речено да се зголеми степенот на генерална превенција, а дополнително на тоа и да се оневозможи сторителот на насилство на спортски натпревар да дојде до позиција да го повтори делото, како еден вид на специјална превенција. Преку казната забрана за присуство на спортски натпревар, законодавецот преку Кривичниот законик има(л) за цел и успеал покрај заштитната и репресивната функција на казненоправниот систем да ја

[131] Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 27/14, член 14, а во однос на член 13 од Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Со измените се додаваат 4 нови членови. Член 13а се однесува и ја определува можноста на физичкото лице да му се изрече казна – забрана за присуство на спортски натпревар во траење од максимални 3 години. Член 13б ја определува одговорноста на националните спортски федерации да ги известат клубовите доколку некои лице е внесено во евиденција и му е изречена забрана за присуство на спортски натпревар. Член 13в ги определува одговорностите на лицето на коешто му е изречена забрана за присуство на спортски натпревар. Конкретно, во овој член се дефинирани правата и обврските на лицето во однос на изречената мерка за безбедност. Членот 13г ја дефинира и ја определува одговорноста на МВР во поглед на водењето на евиденцијата за лица на коишто им е изречена забрана за присуство на спортски натпревар. Во овој член точно се определува кои податоци ќе се собираат и обработуваат, како и временската рамка (до 5 години) на чување на податоците.

[132] Кривичен законик на Република Македонија, „Службен весник на Република Македонија“ бр.132/14, член 92

„претстави“ и превентивната функција на кривичните санкции, во случајот на казната забрана за присуство на спортски натпревари.

Внесувањето на мерките за безбедност како еден вид на казни за сторителите на одредени прекршоци поврзани со спортските натпревари е пракса која од поодамна е функционална во земјите од Западна Европа, посебно во Велика Британија. Оваа казна т.е. оваа санкција се чини дека најголемиот ефект го има постигнато во Велика Британија, каде што спортот првенствено фудбалот се доживува како еден вид на религија. Во основа станува збор за мерки на безбедност кои доколку бидат изречени кон одредено лице, истото се стекнува со забрана за присуство на спортски натпревар. Притоа, треба да се знае дека времетраењето на мерката за безбедност „забрана за присуство на спортски натпревар“ има различен временски интервал на траење и истата зависи првенствено и најмногу од прекршокот заради кој истата е изречена[133]. Но, прашање е колку оваа мерка може да биде целисходна во Р. Македонија, односно колку може истата да влијае во насока на намалување на појавата на насилство и недостојно однесување. Првенствено, дилемата околу функционалноста на оваа мерка произлегува од фактот што степенот на соодветна инфраструктурна покриеност во Р. Македонија кога се во прашање спортските објекти е далеку од стандардите коишто се во Западна Европа. Спортската инфраструктура не подразбира само и единствено постоење на соодветни спортски објекти. Дополнително, истата подразбира и соодветно техничко опремување на спортскиот објект со видеонадзор како би можел организаторот на еден спортски натпревар и лицата директно одговорни за безбедноста на истиот да бидат во секој момент во позиција да го мониторираат спортскиот објект и навремено да регистрираат одредени недоследности или појава на одредени форми на насилство и недостојно однесување. Покрај тоа што ќе можат навремено да ги регистрираат сите условно речено критични точки во самиот спортски објект, организаторите на еден спортски натпревар ќе бидат во позиција и многу полесно да дојдат до идентитетот на сторителите на одредени прекршоци. Но, функционалноста на овие мерки во Р. Македонија е под знак прашалник, првенствено заради фактот што ние во нашата земја не располагаме со спортски објекти во коишто е инсталиран соодветен видеонадзор. Ваквиот основен недостаток на спортските објекти уште

[133] Во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/14 од 31.7.2014 година, законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија го изготви и го презентира прочистениот текст на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

повеќе ја намалува можноста за ефикасна примена на мерките на безбедност. Имено, лимитираните можности за точно препознавање на конкретниот сторител на одреден прекршок, како и податокот дека на спортските објекти во Р. Македонија ретко се продаваат нумерирани билети со увид во документ за идентификација на купувачот, само дополнително влијаат во насока на потврдување на претходно изнесениот став дека мерките за безбедност во Р. Македонија не претставуваат „среќно“ решение во обидот да се намали или да се превенира појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Последните измени и дополнувања на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари се од 2015 година[134]. Преку тие измени и дополнувања т.е. со тие измени и дополнувања не се врши некоја круцијална промена на законското решение, освен што во одредена насока се врши извесно допрецизирање на обврските кои произлегуваат за припадниците на полицијата во процесот на постапката за порамнување, како и во текот на прекршочната постапка. Со овие измени предвидена е и обврска на полицијата да води евиденција за лицата кои поминуваат односно кои се јавуваат како сторители на одредени прекршоци и таа евиденција да ја чуваат до пет години од денот кога лицето било евидентирано.

### 6.3. Анализа на кривичното дело насилство од Кривичниот законик на Република Македонија

Анализа на член 386 од КЗ на Р. Македонија претставува уште еден обид поексплицитно да го презентираме член 386 и одредбите кои се содржани во истиот, а кои се однесуваат на определување на кривичното дело насилство. Притоа, ќе ги разгледаме одредбите кои по својот карактер во овој момент претставуваат важечки одредби на законското решение и се на сила во Р. Македонија од 2014 година[135].

Кривичното дело насилство на спортските натпревари е предвидено во член 386 став 2. Притоа, во став 1 од овој член определена е рамката на насилството општо како поим и како поведение кое ќе се смета како такво, додека пак став 2 од член 386 е всушност став којшто се однесува на предметот на нашиот научен интерес. Во став 2

---

[134] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/15 од 4.9.2015 година
[135] Кривичен законик на Р. Македонија, „Сл. весник на Р. Македонија“, бр. 132/14

т.е. во одредбите од став 2 многу прецизно е определено и дефинирано кој се може да се јави како сторител на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Кривичното дело насилство на спортските натпревари се состои од поведение на лице коешто ќе пристапи кон дејствие на фрлање на пиротехнички средства или предмети со кои може да го загрози животот или телото на друг или имотот на објекти во спортски терен или гледалиште, или со влегување во спортскиот терен со намера да предизвика тепачка или друго насилство, ќе се казни со казна затвор од три месеци до три години.

Став 3 од член 386 е всушност дел од член 386 во којшто е предвиден и определен т.е. дефиниран квалификаторниот облик на извршување на делото. Квалификаторен облик на делото ќе постои ако кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари биде извршено од страна на група од две или повеќе лица, при што од манифестацијата на насилството е извршено над повеќе граѓани или пак доколку сторителот телесно повреди друго лице, ќе се казни со казна затвор од шест месеци до пет години.

Во став 4 од член 386 законодавецот ја определил временската рамка во којашто ќе важат прописите на овој Закон, односно кој период ќе се смета за време на извршување на кривичното дело насилство на спортските натпревари. Притоа, според позитивните одредби на член 386 став 4, за постоење на кривично дело насилство можеме да зборуваме непосредно пред, за време и по одигрувањето на спортскиот натпревар. Треба да потенцираме дека законодавецот не навлегол во прецизно одредување на поимите пред, за време и по завршувањето на натпреварот, односно не ги определил минималните и максимални временски рамки коишто ќе се однесуваат на претходно определените поими. Дали за насилство на спортските натпревари ќе се сметаат и одредени инциденти кои би настанале 24 часа пред одигрување на еден спортски натпревар или под насилство на спортските натпревари ќе се смета одреден потежок инцидент кој хипотетички би се случил непосредно по завршувањето на еден спортски натпревар.

Став 5 од членот 386 се однесува на исполнување на битието на ставовите 1, 2 и 3 од овој член при што од таквото однесување на поединецот настанала последица олицетворена во предизвикување тепачка, нереди и оштетување на имот од поголема вредност, сторителот ќе се казни со казна затвор од една до 5 години. Став 5 во основа

претставува уште еден квалификаторен облик на делото, којшто добива таква форма како резултат на штетните последици кои биле предизвикани т.е. кои настанале како резултат на однесувањето на сторителот на делото.

Наредниот став 6 од член 386 определува повисок степен на одговорност за сторителот на кривичното дело, како резултат на извршувањето на делото што како последица има предизвикување на тешка телесна повреда или смрт. Доколку дојде до ваков вид на исполнување на битието на делото, сторителот на кривичното дело ќе се казни со казна затвор од три до десет години. Оваа казна истовремено претставува и највисока т.е. максимална казна којашто може да биде изречена за потенцијалните сторители на ова кривично дело. Причината зошто оваа казна е најстрога т.е. највисока првенствено ја гледаме и ја оправдуваме од аспект на штетните последици коишто извршувањето на ова кривично дело може да ги предизвика.

Покрај одговорност за физичките лица кои би можеле да се јават како сторители на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, Законот за спречување на насилството на спортските натпревари предвидел и пропишал соодветна казна и за организаторот на спортскиот натпревар. Овие одредби кои се однесуваат на казната за непреземањето на одредени процесни дејствија, идентични како во став 2 и став 3 од член 386 се пропишани и содржани во став 7. Притоа казната којашто може да му биде изречена на организаторот е во исти граници како казната за физичкото лице кое го извршила делото од став 2 и став 3 и изнесува од една до пет години затвор.

Став 8 од член 386 содржи одредби коишто се однесуваат на одговорноста на правното лице кое што може да се јави како сторител на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Во основа под правно лице во овој случај се подразбира одговорност за спортскиот клуб или соодветната федерација која се јавува како организатор на еден спортскиот натпревар. Притоа, ако спортскиот клуб или спортската федерација кои непосредно учествуваат во организацијата на еден спортски натпревар го исполнат диспозитивот на делото предвиден во став 2 и став 3 ќе биде казнето со парична казна.

Анализата на член 386 јасно ни покажува дека како и во првото законско решение така и во последното и актуелно законско решение кое се однесува на

насилството на спортските натпревари, законодавецот не предвидел извршување на делото од небрежност.

Согласно со горенаведеното, со донесувањето на овој Закон, проширен е опсегот на субјектите кои можат да бидат извршители на ова кривично дело и тоа освен лицата кои доаѓаат на спортски натпревари и учесниците на натпреварот.

Истовремено, експлицитно е наведено дејствието кое доколку биде преземено т.е. реализирано, ќе се смета дека е исполнета противправноста на кривичното дело насилство. Ако имаме предвид дека „дејствието (поведението) претставува материјален, односно реален елемент на кривичното дело, тогаш аналогно на претходно кажаното ќе констатираме дека објект на дејствие е опиплива материјализација на објектот на заштита кон која е насочено дејствието на извршување на кривичното дело“[136]. Кривичниот законик на Р. Македонија како начин на извршување на кривичното дело ги третира сторувањето и пропуштањето (несторувањето)[137].

Од досега кажаното како дејствие на кривичното дело насилство се подразбира дека тој (физичко лице) што го извршува кривичното дело, истото го прави преку процес на сторување, најчесто преку: физичка пресметка помеѓу учесниците, недозволено влегување во натпреварувачкиот простор, оштетување или уништување на спортската инфраструктура, палење и фрлање на пиротехнички средства, фрлање на предмети во натпреварувачкиот простор или во гледалиштето итн. Сите овие претходно наведени дејствија на извршување на кривичното дело во својот начин на извршување го подразбираат сторувањето т.е. преземањето на одредени свесни (волеви) активности на сторителот на кривичното дело.

Но, покрај со сторување, дејствието на извршување на кривичното дело може да биде „исполнето“ и со пропуштање т.е. со непреземање на одредени активности коишто со законот се пропишани, првенствено за организаторот на спортскиот натпревар и за спортскиот клуб т.е. за спортските клубови.

---

[136] Кошевалиска, Олга., *Скрипта за казнено право – применета програма,* стр. 3 достапно на: http://eprints.ugd.edu.mk/7574/1/%D1%81%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%BF%D1%82%D0%B0%20%D0%9A%D0%97%20%D1%81.pdf

[137] Камбовски, Владо., *Казнено право – општ дел,* Скопје, 2006, стр. 267

Непостоењето на институтот небрежност уште еднаш ја потврдува тезата и ставот на законодавецот дека сторителите на кривичното дело насилство на спортските натпревари делото го извршуваат свесно, а дополнително на тоа самата свесност при извршувањето на кривичното дело придонесува да размислуваме дека истите се и свесни и за последиците коишто можат да настанат како и за одговорноста која ја носат со самиот факт што одлучиле да пристапат кон процес на извршување на кривичното дело.

Што се однесува до некои посебни карактеристики коишто треба да ги има одреден „потенцијален“ сторител на кривичното дело, законското решение не предвидува каква било посебна подготвеност или стручност за извршување на кривичното дело. Во основа, тоа значи дека како сторител на ова кривично дело можат да се јават сите лица без исклучок коишто на одреден спортски натпревар ќе извршат некое од дејствијата коишто претходно ги споменавме.

Треба, исто така, да истакнеме дека законодавецот во првото законско решение кое се однесува на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари не предвидел постоење на потежок облик на делото и не пристапил кон процес на степенување на тежината на начинот на извршување на самото кривично дело, што пак не е случај со последните измени и дополнувања на законското решение од 2014 година каде што во став 3 се определува квалификаторниот облик на извршување на кривичното дело, што по автоматизам повлекува и поголема рамка помеѓу минималната и највисоката казна.

## 7. Споредбен преглед на македонското законско решение со законските решенија во Република Србија и Република Хрватска

Фактот дека законодавецот во Р. Македонија во времето на донесување на првото законско решение за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари „користел“ одредени искуства кои претходно биле имплементирани во законските решенија во Р. Србија и во Р. Хрватска нѐ упатува на заклучок дека законските решенија на овие три земји имаат одредени сличности, но се разбира и одредени елементи коишто ги разликуваат едно од друго. Податокот дека законодавецот употребил одредени веќе донесени решенија кои биле имплементирани во соседна Р. Србија и во Р. Хрватска ни овозможува во кратки црти да ги определиме

и појасно да ги презентираме сличностите, но и разликите коишто се јавуваат кај законските решенија во овие три земји.

Ако се впуштиме во процес на анализирање на одредбите кои се содржани во првите законски решенија на другите земји, тогаш првичниот заклучок којшто ни се наметнува е дека македонското законско решение има условно кажано поголем број на сличности со српското законско решение, додека пак хрватското законско решение се разликува од претходните две по својот екстензивен, поширок пристап. Дека тоа е така можеме да заклучиме уште при анализата на член 1 од сите три законски решенија. При анализата на член 1 на законските решенија доаѓаме до заклучок дека македонското законско решение исто како српското законско решение во овој член ги определуваат мерките за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, а дополнително на тоа пристапуваат кон процес на определување т.е. дефинирање на обврските коишто се однесуваат на официјалните органи во насока на примена на законските решенија. За разлика од нив, пак, хрватското законско решение покрај мерките за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, како и обврските за официјалните органи, дополнително преку одредбите од член 1 предвидува и заштита на гледачите т.е. навивачите на еден спортски натпревар. Значајна разлика која ја содржи член 1 од хрватското законско решение, а којашто воопшто не е предвидена во македонскиот и во српскиот Закон се состои во фактот што хрватскиот законодавец се обидел покрај за гледачите, да предвиди норми и за заштита на инфраструктурата (спортската инфраструктура), а исто така има и одредба која се однесува на обврска на официјалните власти за подобрување на условите во коишто се игра еден спортски натпревар.

Член 2 од македонското и од српското законско решение само ја потврдуваат нашата претходна позиција која се однесува на заклучокот дека овие две законски решенија имаат поголем број на сличности помеѓу себе за разлика од хрватскиот Закон. Така, во член 2 од српскиот и од македонскиот Закон се содржани одредби кои се однесуваат на определувањето на тоа што претставува спортски натпревар, кој може да биде организатор на еден спортски натпревар, време на одигрување на еден спортски натпревар, се определува што е тоа учесник т.е. учесници на еден спортски натпревар, како и одредби кои се однесуваат т.е. кои определуваат што е спортски објект и спортски терен. Хрватското законско решение и во член 2 го потврдува своето

екстензивно стојалиште и пристапува значително пошироко за разлика од претходните две законски решенија. Имено, во хрватското законско решение се среќаваат одредби кои се однесуваат на прецизно определување на тоа што претставува противправно однесување, обврските на организаторот, конкретните услови коишто треба да ги има т.е. да ги исполнува спортскиот објект, обврските на гледачите (навивачите) итн. Најзначајната разлика помеѓу хрватскиот Закон, со законските решенија од Р. Македонија и Р. Србија е одредбата која се однесува на обврските на медиумите, но и обврските на припадниците на МВР, како и на Министерството за спорт кои како такви се пропишани и предвидени во хрватското законско решение. Првпат се среќаваме со одредба која предвидува т.е. која пропишува одредени обврски за медиумите. Ако ја прифатиме реалноста која се однесува на медиумите и нивната сила и нивното влијание во секојдневното живеење, се чини дека хрватскиот законодавец бил исклучително внимателен и го прифатил влијанието[138] на медиумите и токму заради тоа предвидел и одредени обврски за истите во процесот на спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Разлика во пристапот помеѓу трите законски решенија т.е. помеѓу македонското и српското законско решение од една страна и хрватското законско решение од друга страна наоѓаме во член 4. Имено, во сите законски решенија член 4 е „резервиран“ за определување на поведението кое ќе се смета за насилство и недостојно однесување на спортските натпревари според законските одредби во секоја земја посебно. Македонското и српското законско решение во овој дел во основа се идентични би рекле исти, додека пак хрватскиот Закон пристапува многу подетално и преку своите одредби точно покрај основните форми на презентација на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, го определува и дозволеното количество на алкохол во крвта изразено во промили кое доколку биде откриено ќе се смета за недостојно однесување. Во таа насока, хрватското законско решение навлегува и во процес на дефинирање на терминот алкохолен пијалак и што ќе се смета за алкохолен пијалак според хрватскиот Закон. Првите законски решенија во Р. Македонија и во Р. Србија немаат предвидено сторување на кривичното дело од страна на маскирано лице, што како одредба постои во првото законско решение во Р. Хрватска. Дополнително, во хрватскиот Закон се предвидува и се дефинираат одредби кои се однесуваат на

[138] Petrevski, Blagojce, Susak, Ivona, Stanojoska, Angelina, *Preventive role of media in maintaining the level of security at sportevents: The cases of Serbia - Albania, Galatasaray - Crvena Zvezda,* Scientific Conference, Faculty for Security, University "St. Kliment Ohridski"- Bitola, R. Macedonia, in Ohrid, may 2015.

регионалната омраза и нетрпеливост како една од формите на исполнување на битието на делото насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Во вториот дел од српскиот Закон (член 7 и член 8), како и од македонскиот Закон (член 4 и 5) предвидени се мерките за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Во оваа насока единствената разлика помеѓу македонското законско решение и од решението во Србија е во фактот што во одредбите на македонскиот Закон предвидена е состојба која му овозможува полна слобода на организаторот во насока на проценување на можностите и потенцијалот да дојде до појава на насилство и недостојно однесување на одреден натпревар. Српското законско решение во член 9 ја уредил потребата за неопходна комуникација на организаторот на натпреварот со органите на редот т.е. со МВР со цел заеднички да донесат соодветна проценка и одлука за потенцијалот од појава на насилство и недостојно однесување на еден спортски натпревар. Дополнително, во овој дел од законските решенија во Р. Македонија и во Р. Србија се содржани одредбите кои се однесуваат на редарската служба и активностите околу ангажирањето на редари на одреден натпревар.

За разлика од македонскиот и српскиот Закон во овој дел Хрватска како земја според наше мислење оди чекор понапред и уште на почетокот од организацијата на еден спортски натпревар бара задолжително учество на припадници на МВР (член 5). Во продолжение во условно кажано вториот дел од законското решение, хрватскиот законодавец во член 6 ги нотирал и ги предвидел најзначајните услови коишто треба да ги исполнува некоја личност која претендира да биде редар (нешто што не постои во македонскиот и српскиот Закон), го утврдува минималниот број на редари коишто треба да бидат ангажирани на одреден спортски натпревар итн. Дополнително, во член 7 хрватскиот Закон определува и предвидува постоење на т.н. процентуална застапеност на професионалните редари на одреден спортски натпревар. Во основа тоа значи дека се утврдува минималната процентуална застапеност на професионалните редари (припадници на приватни агенции за обезбедување соодветно обучени за оваа намена) и тој процент изнесува 30% од вкупниот број на редари. Со оваа одредба законодавецот според наше мислење се обидува да внесе дополнителен професионализам во процесот на обезбедување на еден спортски натпревар, што како одредба воопшто не е предвидена во македонскиот и во српскиот Закон. Членовите 8 и 9 од хрватскиот Закон ги допрецизираат и ги дообјаснуваат обврските кои како такви

ги имаат редарите за време на еден спортски натпревар, како тие треба да постапуваат и кои задачи треба да ги извршуваат пред, за време и по завршувањето на спортскиот натпревар.

Третиот дел од српскиот Закон, како и од македонското законско решение, е дел којшто е посветен на презентација на мерки коишто организаторот на еден спортски натпревар којшто е определен како натпревар со зголемен ризик, треба и е должен да ги преземе. За таа цел српскиот Закон во член 10 внесува одредби кои прецизираат што и кој натпревар ќе се смета за натпревар со зголемен ризик. Иста е состојбата и во македонското законско решение, со таа разлика што овие одредби кои се поврзани со натпреварите со зголемен ризик ги среќаваме во член 9, 10 и 11.

Дополнително во третиот дел од српскиот и од македонскиот Закон предвидени се и пропишани соодветни казнени одредби кои се однесуваат за потенцијалните сторители на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Што се однесува, пак, до хрватскиот трет дел од Законот, редно е да споменеме дека истиот се разликува од претходните две законски решенија по таа основа што хрватското законско решение овој дел го започнува на тој начин што предвидува кои услови треба да ги исполнува одреден спортски објект како на истиот би можело да се организира одреден спортски натпревар, при што законските одредби ги прецизираат конкретните услови коишто треба да ги исполнува спортскиот објект кои во основа се однесуваат на пристапот до објектот, на паркинг просторот, на физичката поделба на гледачите со соодветна ограда, на јасното обележување на скалите, влезовите и редовите од еден спортски објект, како и на постоењето на соодветни бројачи за влезници на секој до влезовите. Дополнително, хрватскиот Закон во овој дел ја пропишува и обврската за задолжително поседување на опрема за целосен видеонадзор на целиот спортски објект во текот на траењето на спортскиот натпревар.

Македонското законско решение од 2004 година се разликува од српското и од хрватското законско решение во делот кој се однесува на казнените одредби. Имено, во првиот македонски Закон не е предвидено постоење на казната затвор како можност истата да биде изречена на сторителите на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Законодавецот можеби бил воден од претпоставката дека преку прекршочните санкции коишто можат да бидат изречени

како такви за сторителите на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари ќе се обиде да делува превентивно и во насока на зголемување на јавната свест, но и јавна одговорност кон потенцијалните сторители на ова кривично дело.

За разлика од македонското решение, хрватскиот и српскиот Закон покрај прекршочните санкции коишто можат да бидат изречени за прекршителите на законот имале предвидено и пропишано соодветни казни затвор коишто само во одредени случаи можеле да бидат заменети со парична казна. Ваквиот пристап на овие две земји го оправдуваме од едноставна причина што проблемите со коишто тие се соочувале во времето на донесување на првото нивно законско решение, како и проблемите со кои се соочуваат денес се значително поголеми и посериозно од предизвиците пред коишто се наоѓала и се наоѓа Р. Македонија по однос на оваа проблематика и на ова прашање.

## 8. Споредбен преглед на македонското законско решение и неговите сличности и разлики со законските решенија од Велика Британија, Германија и Италија

Анализата на законските решенија на западноевропските земји Италија, Германија и Велика Британија, аналогно на тоа и анализата на законското решение за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Р. Македонија нè донесе во ситуација и во позиција да можеме да нотираме одредени заеднички работи односно сличности, како и да ги определиме елементите по коишто нашето правно решение се разликува од решенијата во Западна Европа. Притоа, сакаме да потенцираме дека споредбата на законските решенија на земји коишто првенствено се разликуваат во многу параметри и карактеристики (економска состојба, политички односи и ниво на демократија, број на население, традиција на спортски натпревари, капацитети за решавање на одредени проблеми, пристап до различни извори на логистика итн.) со ситуацијата којашто била и е актуелна во Р. Македонија, во основа претставува една неповолна позиција за да се пристапи кон процес на споредување на законските решенија, односно на одредбите коишто се во нив содржани. Дополнително, во оваа насока оди и фактот дека со Велика Британија т.е. со Англија системите се разликуваат и во нивната суштина, односно нашиот правен систем е дел од континенталното право, а додека пак законското решение на Велика Британија е дел од англосаксонскиот правен систем или Common Law.

Македонското законско решение има одредени сличности со италијанското законско решение од 2001 година, што всушност претставуваше одредена измена и дополна на првото законско решение од 1989 година. Имено, во воведните членови од измените и дополнувањата од 2001 година т.е. во одредбите кои се составен дел од тие членови, италијанскиот законодавец го дообјаснува поимот насилство и недостојно однесување на спортските натпревари и пристапува кон процес на дополнителна екстензија на поведенијата коишто ќе се сметаат како насилство и недостојно однесување. Така, во тоа дополнување на законското решение се додадени и неовластеното внесување и употреба на пиротехнички средства и неовластено прескокнување т.е. префрлање на оградата на стадионот, односно секој облик и форма на неовластено влегување во терен. Овие поведенија и според македонското законско решение од 2004 година се сметаат за исполнување на противправноста на кривичното дело.

Италија како земја која се соочувала со сериозни предизвици кога е во прашање насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, во одредени случаи и со инциденти кои резултирале со смртни последици, пристапила кон процес на заострување на казнената политика по однос на ова прашање. Тоа заострување е присутно во измените и дополнувањата од 2007 година, при што во Законот се предвидувала и казна затвор од 5 до 15 години за спротивставување на полициските службеници кои извршуваат службени дејствија. Дополнително, во насока на подигнување на степенот на превенција законодавецот имплементирал и одредби кои се однесуваат на поседувањето и употребата на пиротехнички средства 24 часа пред одигрувањето на некој натпревар, како и казна (парична) за клубовите доколку се докаже дека официјалните лица на клубовите одржуваат институционални врски со навивачките групи.

Во однос на овие измени, македонското законско решение се чини дека е далеку од донесување на идентични одредби. Казнената политика во Р. Македонија не е толку строга, пристапот кон регулирањето на поседувањето и употребата на пиротехнички средства е исклучиво дефиниран и определен само во периодот на непосредното одигрување на еден спортски натпревар. Исто така, македонското законско решение не предвидува одредба која се однесува на прекинување на конекциите на официјалните лица од клубовите со навивачките групи. Напротив, во Р. Македонија имаме примери преку коишто воопшто не се крие тесната соработка на управата со навивачките групи.

Оваа ситуација може да се прифати како нормална доколку соработката е исклучиво и само на спортска база и околу подготовка на одреден натпревар. Но, имаме доста примери каде што преку оваа соработка навивачките групи се користат и се злоупотребуваат во насока на пренесување на одредени политички пораки. Оваа констатација првенствено произлегува како резултат на фактот што најголемиот број на спортски (првенствено фудбалски) клубови во изминатиов период во Р. Македонија започнаа процес на трансформација од здруженија на граѓани во акционерски друштва. Како доминантни акционери на спортските клубови се јавија општините, кои пак по некое непишано правило на управувачките места поставија одредени лица коишто биле или се дел од партијата којашто ја раководи општината. Оваа ситуација не значи ништо друго туку директно и еклатантно мешање на политиката во спортот, што како решение воопшто не е најдобро.

Разликата помеѓу Р. Македонија и Германија кога е во прашање правното регулирање на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари е во фактот што Германија нема посебен Закон за решавање т.е. за правно определување и регулирање на оваа проблематика. Но, фактот што Германија нема посебно законско решение не ја носи оваа земја во подредена позиција кога е во прашање борбата против насилството и недостојното однесување. Напротив, Германија како земја е одличен пример за инвестиција во превентивната политика.

Одредби кои се однесуваат на проблематиката поврзана со насилството и недостојното однесување на спортски натпревари во Германија се предвидени и содржани во граѓанското право, што во Р. Македонија не е случај.

Дека превенцијата е највисока цел на Германија дополнително се докажува со постоењето на т.н. Централна информативна канцеларија во којашто се врши соодветна анализа на престапите коишто се случуваат на германските стадиони, за подоцна тие информации да бидат проследени до соодветните институции (првенствено до полицијата). Германија има воведено и институт „жолт картон“ што е уште една во низата превентивни политики со цел да се влијае врз проблематичните навивачи и истите да се предупредат и да им се даде до знаење дека на нив и на нивното однесување се внимава. Во оваа земја т.е. во нејзиното законодавство среќаваме и мерка „превентивен притвор“ со којшто се обезбедуваат и привремено се лишуваат од слобода одредени навивачи.

Во однос на сите претходно набројани превентивни мерки и политики се чини дека Р. Македонија сериозно заостанува. Во нашата земја т.е. во нашето позитивно законско решение кое се однесува на проблематиката поврзана со насилството и недостојното однесување недостига тело или канцеларија која би ги анализирала престапите т.е. инцидентите кои се случуваат на спортските терени и би споделувала информации со други надлежни органи. Дополнително, во Р. Македонија не е предвидена некоја слична мерка како институтот „жолт картон“ во Германија која би придонела во насока на дополнително подигнување на превентивната политика и пристап. Точно е дека не можеме да ја споредуваме фреквенцијата на спортски натпревари во Германија со состојбата на тоа поле во Р. Македонија. Исто така е неблагодарно да споредуваме присуство на гледачи т.е. навивачи на спортските натпревари во Германија со натпреварите во Р. Македонија. Но, добро е да се размислува во правец и во насока да се имплементираат одредени решенија до Германија, посебно решенија од кои можеме да очекуваме подобрување на превентивниот пристап во решавањето на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Иако законското решение во Р. Македонија (првото законско решение), па и денешното т.е. позитивното законско решение со кое се регулира насилството и недостојното однесување на спортските натпревари има одредени сличности со некои одредби кои биле или се дел од законското решение на Велика Британија, сепак добро е уште на почеток да кажеме и да потенцираме дека оваа земја т.е. конкретно Англија има направено најмногу на ова поле и има донесено решенија, мерки и политики кои се однесуваат на спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари повеќе од сите други земји од Европа. Оваа ситуација е и очекувана ако се има предвид фактот дека Англија сериозно се соочуваше со големи проблеми кои произлегуваа како резултат на манифестацијата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Оваа земја уште во 1975 година, многу години пред донесувањето на Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, имала посебно законско решение кое се однесувало токму на проблематиката на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Конкретно, најголем дел од одредбите на првото законско решение се однесувале на безбедноста на спортските терени, при што во детали биле наведени условите (инфраструктурни) што еден спортски објект задолжително морал

да ги поседува за да може на истиот да се одигра спортски натпревар. Англија како земја прва вовела и систем на евиденција на гледачите, како и план за обезбедување на еден спортски натпревар. Вакви т.е. слични одредби кои се однесуваат на евиденцијата на навивачите т.е. гледачите како и изготвувањето на план за обезбедување на еден спортски натпревар биле и се предвидени во првото законско решение во Р. Македонија.

Трагедијата од Хејсел од 1985 година ги „принуди“ англиските власти да размислуваат за донесување на нов Закон за контрола на алкохолот. Имено, со овој Закон Англија во тој период отиде чекор напред пред сите европски земји и внесе одредби за ригорозна контрола за консумирањето на алкохол и за дозволеното количество на алкохол во крвта кај навивачите за време на одигрување на еден спортски натпревар. За разлика од Англија којашто во 1985 година пристапила кон процес на ограничување на употребата на алкохол, се чини дека македонското законско решение сè уште недоволно го има определено ова прашање во законските одредби. Постои во македонскиот Закон одредба која се однесува на забраната на употреба и продажба на алкохол непосредно пред спортскиот објект, како и отстранување на лице кое е под дејство на алкохол, но општиот впечаток е дека оваа одредба во најмала рака често пати се прекршува или да бидеме попрецизни воопшто не се применува.

Велика Британија т.е. Англија оди и чекор напред и со улогата и функцијата која им ја препишува т.е. им ја допушта на локалната самоуправа, а која се однесува на нејзино директно учество во процесот на евалуација на еден спортски објект од аспект дали ги исполнува условите за одигрување на еден спортски натпревар. Конкретно, на локалната самоуправа ѝ е отстапено правото да врши соодветно регулирање и лиценцирање на спортските објекти коишто се предвидени за одигрување на еден спортски натпревар (издавање на безбедносни лиценци). Оваа улога на локалната заедница се чини дека и беше доверена првенствено заради фактот што локалните власти точно знаат или би требало да знаат во каква состојба е еден спортски објект, дали истиот може да биде соодветен за одигрување на одреден натпревар, дали ги исполнува условите коишто се пропишани т.е. биле пропишани како такви и сл. Што се однесува до улогата на локалната самоуправа во Р. Македонија во процесот на организација на еден спортски натпревар, па и во процесот на давање на слобода за лиценцирање на некој спортски објект од безбедносен аспект, се чини дека ние како

земја многу заостануваме по ова прашање. Македонското законско решение во ниту една одредба ја нема споменато локалната самоуправа како дел од организацијата на еден спортски натпревар ниту пак има предвидено одредена улога за локалната заедница. Се чини дека кај нас законодавецот се придржувал и го застапувал централистичкиот пристап во процесот на делење на улогите и на одговорностите кога е во прашање борбата против насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Можеби примерот на Англија како земја во иднина ќе послужи при некои нови измени и дополнувања на законското решение да се размислува и за некоја улога и на локалната самоуправа, односно и таа да стане активен учесник во процесот на организација на еден спортски натпревар и во процесот на подигнување на степенот на превенција.

Со оваа кратка компаративна анализа на законските решенија сакавме да претставиме дека одредени земји коишто меѓусебно се разликуваат по многу нешта, може во одредени решенија да имаат некои сличности т.е. да користат некои идентични начини за решавање на некое прашање, во случајот спречувањето на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Исто така, оваа компарација може да претставува една солидна основа од којашто ние како држава ќе можеме да извлечеме одредени заклучоци, но и да се обидеме да пренесеме, а во исто време и да приспособиме некое решение од трите западни земји во нашиот правен систем, како би отишле чекор напред во борбата против појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Притоа кога велиме да пренесеме одредено законско решение, не сметаме на процес на правна трансплантација и голо препишување на одредбите, туку во првенствено размислуваме во насока на создавање на услови коишто ќе ни овозможат полесна примена на некои решенија од западноевропските земји.

## IV глава - Криминолошки карактеристики на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија

### 1. Општи карактеристики на насилството

Насилството[139] како облик на реакција на човекот кон средината во којашто живее т.е. како вид на реакција насочена кон другите единки е појава стара колку што е стара и цивилизацијата. Уште за време на првите форми на заедничко општествено живеење, насилството било карактеристика на сите појавни форми и на сите обиди за креирање на една поголема или помала социјална средина односно социјална група. Насилството во текот на развојот на општествените односи, како и во различните фази на развој на човекот, играло различна улога. Постојат пишани материјали кои говорат во насока дека насилството т.е. различни форми на манифестација на насилството во прв ред низ годините во минатото било користено и употребувано како казна (телесно казнување) наменето за оние лица кои се конфронтирале, односно кои не ги прифаќале правилата на однесување наметнати од владејачката структура, во прво време племенските заедници. Исто така, во минатото постоеле одредени историски ситуации и настани кои на некој начин придонесуваат да се размислува во правец на „оправдување“ на употребата на насилство, пред сè кога тоа се „користело“ со цел да се заштити или да се промовира некоја повисока цел. Одредени историски кривични законици го имале предвидено и прифатено користењето т.е. употребата на насилството манифестирано преку телесното казнување како нормална и пред сè за тоа време легитимна и легална казна во насока на зачувување на вредностите коишто тие законици ги заштитувале односно имале намера, цел и задача да ги заштитуваат. Како такви можеме да ги издвоиме следниве: Хамурабиевиот законик[140] од 18 век пред н.е., Библијата во Втората книга Мојсеева, Законот на 12 таблички во Рим и Јустинијановиот кодекс.

Подоцна низ историјата кога се појавиле првите пишани повелби и декларации кои се важни за целокупното општествено живеење и развој, истите во прв ред го промовирале човечкото достоинство и неповредувањето на човековата личност, а со тоа директно придонесувале во промоција на пристапот којшто кон насилството како човечка реакција гледал како на нешто негативно, нешто што треба да се превенира, да се ограничи и во крајна линија да се казни, со цел истото да не се повтори. Неколку битни декларации и повелби кои се донеле во минатото, а кои одиграле голема и значајна улога во насока на подигнување на степен на неповредливост на човечкото достоинство, човековиот живот и тело, со што директно влијаеле во процесот на

[139] Петревски Благојче, *Криминалистички карактеристики на кривичното дело тешка телесна повреда за периодот од 2004 до 2010 година на територијата на Република Македонија*, магистерска теза, Скопје 2013 година, стр. 46
[140] Сулејманов, Зоран, *Кривично право – општ дел,* Графохартија, Скопје, 2001, стр. 38

намалување на просторот за примена на мерките т.е. казните кои користеле насилство како еден вид на реакција кон сторителите на одредени дела, се следниве:

- Големата повелба на слободите од 1215 година;
- Петиција за правата од 1628 година;
- Hobeus Corpus Act 1679 година;
- Закон за правата од 1689 година.

Кога зборуваме за насилството општо како поим, корисно е да наведеме т.е. да определиме што се подразбира под поимот насилство, односно што научната мисла, посебно криминологијата и научниците кои се занимаваат со оваа проблематика, како истите го дефинираат т.е. како го определуваат и формулираат овој поим т.е. оваа појава.

Во различен временски период различни научници и научни школи т.е. правци кои се занимаваат со криминологијата како наука и со насилството како дел од оваа наука, имале, но и до ден-денес имаат различни дефиниции за поимот на насилство. Насилството го анализираат од различни аспекти, односно при нивните обиди да го дефинираат поимот на насилство, внесуваат различни елементи кои имаат одредено значење за појавата на насилството. Од домашната научна мисла ќе го издвоиме ставот т.е. мислењето на професорот Арнаудовски којшто во обидот да го дефинира и објасни насилничкиот криминалитет и насилството како суштински дел од него, како и обидот да се сфати комплементарноста на неговата феноменологија, односно да се разберат појавните облици на насилството, тргнува од позицијата дека „секогаш треба да се има предвид фактот што овој криминалитет во последно време постојано ги проширува подрачјата и односите во кои се појавува. Затоа за криминологијата можеби најприфатлива е онаа дефиниција која го одредува насилството во најопшта смисла. Тоа се оние кривични дела кај кои заради постигнување на одредена цел се користат напад на жртвата или со него се заканува. Значењето и интересот на криминологијата за насилничкиот криминалитет се зголемува со фактот што насилството стана составен дел на многу видови на криминалитет и на тој начин со неговата примена на тие видови на криминалитет им дава феноменолошки карактеристики што ги чинат тешки и сложени за откривање и за спречување, бидејќи секогаш носител на насилството е човекот, наоружан со многу опасни современи средства[141]".

[141] Арнаудовски Љупчо, *Криминологија*, Скопје, 2007, стр. 329

Професорот на Правниот факултет на Универзитетот од Белград, Игњатовиќ, во својот труд[142] „Поим и етиологија на насилничкиот криминалитет“ во воведните делови од трудот се осврнува на насилството како криминално поведение кое предизвикува внимание повеќе од сите останати криминални поведенија заедно. Во продолжение, според Игњатовиќ, ниту едно друго поведение со своите криминогени карактеристики не е во позиција да предизвика внимание како на стручната така и на обичната јавност, како што тоа е случајот со насилството.

Проучувањето на насилството како еден вид на најинтригантен феномен поврзан со човековата природа и човековото општество, има посебно значење. Така според Стив Гудман[143], насилството како поим можеме да го набљудуваме и анализираме од позиција на теологијата како наука, како и од позиција на антропологијата, филозофијата, социологијата, психологијата, етнологијата, психијатријата, медицината и историјата.

„Обидот да се објасни насилството веднаш предизвикува неколку основни прашања. Со оглед на обемната хетерогеност на формите на насилство, возможно ли е една теорија или теоретска парадигма да даде одговор и објаснување за сите овие манифестации, или барем да служи како нишка која се провлекува во секоја од нив. Концептуалното прашање за она што се смета за насилство не предизвикува премногу тешкотии за криминолозите во пракса, бидејќи тие често ги игнорираат. Најголемиот дел од криминолошката литература која го објаснува насилниот криминал како свое поле на истражување ги зема конвенционалните типови на манифестација на насилството кои доминираат, како на пример напади против личноста“.[144]

Интересен е пристапот на Душко Вејновиќ во неговата книга „Насилство и спорт – причини, последици и стратегии за надминување“[145] да го дефинира насилството како поим, но не само од аспект на насилството кое се јавува во спортот туку неговиот пристап во обидот за дефинирање на поимот е значително поширок т.е. поекстензивен. Така, според Вејновиќ, „насилството претставува исполнување т.е. реализација на агресивното однесување на сторителот, при што истиот влегува со

---

[142] Игњатовиќ, Ѓорѓе, *Поим и етиологија на насилничкиот криминалитет,* Правен факултет, Универзитет во Белград, 2011, стр. 2. достапно на: http://www.ius.bg.ac.rs/crimenjournal/articles/Crimen_002-2011/Crimen_002-2011_02.Ignjatovic.pdf

[143] Goodman, Steve, *Nihilism and the Philosophy of Violence,* Culture and Censure, London.

[144] Рот, Морган, Рајнер, Роберт, *Оксфордски прирачник за криминологија,* Нампрес, Скопје, 2010, „оп – цит’’ стр. 706

[145] Вејновиќ, Душко, *Насиље и спорт: узроци, посљедице и стратегије превазилажења,* Европски дефендологија центар за научна, политичка, економска, социјална, безбједносна, социолошка и криминолошка истраживања, Бања Лука, 2014, стр. 15

свесен напор да предизвика т.е. да нанесе болка т.е. повреда“. Најчесто се разликуваат два видови на насилничко однесување и тоа: реактивно насилство (претставува последица на физичката или психичката казна, која најчесто се доживува како цел, а не како средство) и инструментално насилство (болката и повредата се користат како средство за исполнување на одредени цели).

Насилството како поим т.е. како феномен, несомнено дека е предмет на интерес на голем број на научни дисциплини, пред сè на филозофијата, социологијата, социјалната патологија, криминологијата, медицината, психологијата и во крајна линија и историјата. Секоја од горенаведените научни дисциплини во рамките на својот предмет на интерес, надополнет со методите кои ги користат како научни дисциплини, како и аспектите кои ги обработуваат, го проучувале и го проучуваат насилството како феномен, притоа користејќи различни пристапи во процесот на проучување и објаснување на појавата и на нејзините најзначајни карактеристики. Во основа, предмет на интерес на научните дисциплини кои се интересираат и кои го проучуваат насилството, во кои несомнено се наоѓа и криминологијата како посебна научна дисциплина, претставуваат факторите кои придонесуваат кон појава и манифестација на насилството, првенствено како индивидуална човечка реакција и карактеристика, но и како карактеристика на групата. И во криминологијата како научна дисциплина има одреден дуализам кој се однесува на тоа што треба да изучува криминологијата како наука. Дали таа треба да се занимава со сторителот на злосторството (пристап на Ломброзо) или пак предмет на интерес на криминологијата треба да биде злосторството т.е. кривичното дело (пристап на Емил Диркем). Дополнително, во криминолошката историја постоело и тврдење т.е. став кон којшто биле приклонети голем број на припадници на оваа научна гранка, коишто биле на мислење дека примат на криминолошките истражувања не треба да бидат ниту сторителот на делото, ниту делото, туку главниот акцент треба да се стави на факторите кои придонеле кон појава на одредено кривично дело, односно факторите кои го поттикнале сторителот да се впушти во процес на сторување на одредено злосторство.

Поимот насилство во криминолошката литература и криминолошката наука различно се дефинира и различно се уредува. Честа е појавата во криминологијата[146] да се прави т.е. да се пристапи кон еден вид на изедначување на поимот насилство со

---

[146] Spasic, Danijela, *Nasilje kao predmet izucavanja kriminoloskih nauka,* str. 219, dostupno na: file:///C:/Users/user/Downloads/36-110-1-PB.pdf

поимот агресија, односно овие два поими да се третираат и да се доживуваат како синоними. Но, постојат и научници чијшто предмет на интерес им е криминологијата, посебно насилството како составен дел на оваа научна дисциплина, коишто имаат свои позиции преку коишто нудат одредени аргументи што одат во насока на демантирање, односно негирање на врската на насилството со агресијата т.е. на определбата т.е. тврдењето дека овие два поими се синоними. Така на пример Фелисити Де Зулуета, насилството го определува како „есенцијална човечка карактеристика, која во интерперсоналните односи внесува извесна деструкција, додека пак агресијата е онаа карактеристика којашто ни е заедничка со животните“[147]. Покрај фактот што има теоретичари криминолози кои ја негираат и со аргументи ја оспоруваат блискоста и сличноста на насилството и агресијата како поими, исто така интересна е ситуацијата помеѓу научниците кои припаѓаат на криминолошката мисла, кои не можат да изградат заеднички став и мислење околу тоа што конкретно претставува насилството. Секој теоретичар криминолог или поголемиот дел од нив имаат различно, често пати и дијаметрално спротивно гледиште за тоа што претставува насилството, а таа спротивност најчесто се гледа преку пристапот што тие го имаат при процесот на дефинирање на овој феномен.

Кога сме кај обидот т.е. обидите да се дојде до една општоприфатлива дефиниција за тоа што е, односно што претставува насилството, треба да имаме предвид дека до денес нема успех и поместување во насока на градење на една и заедничка дефиниција за насилството како поим. Напротив, и денес се актуелни различните пристапи и различните дефиниции во коишто или подобро кажано преку коишто криминолозите најчесто се обидуваат да пренесат свој личен став и да стават свој печат на тој начин што токму преку дефинирањето и одредувањето на поимот насилство на еден или на друг начин, свесно или не, истите пристапуваат кон процес на промовирање на оние вредности, елементи, карактеристики, составни делови, кои според нивното субјективно мислење, како и според временскиот период во којшто се донесени т.е. промовирани, претставуваат најзначајни обележја и карактеристики на насилството како поим. Според норвешкиот филозоф, Ларс Фр. Х. Свенсен, постојат три вида т.е. три начини како може да се дефинира насилството и тоа[148]:

---

[147] **Zulueta, F. (1993).** *From pain to violence: The traumatic roots of destructiveness*, London. Whurr Publishers, Limited, page 34

[148] Svendes, Lars., *A Philosophy of Fear,* Reakton Books Ltd, London, 2008, page. 44

а) Широка дефиниција – опфаќа мноштво на најразлични појави, како што е на пример структурното насилство;

б) Тесна дефиниција – опфаќа намерно нанесување на физички и евентуално и психички повреди врз човекот;

в) Дефиниции за насилството како поим кои се засноваат на легитимитетот.

Можеби најпрегледната дефиниција за поимот насилство ја има дадено професорот Милосављевиќ, кој поимот насилство го дефинирал како „различни акти, постапки и однесување на поединецот, групата, општествената институција или организација, која во односите со луѓето вклучува примена на физичка, психичка, политичка или некој друг вид на сила, со што се загрозува физичкиот, психичкиот и социјалниот интегритет на човекот, што како последица можат да предизвикаат различни физички или психички последици и оштетувања“[149].

Исто така, важно прашање кое заслужува внимание и дополнителна анализа е проучувањето на улогата на насилството низ историјата. Дали насилството е ексклузивна карактеристика на времето во кое денес живееме или пак како појава влечи корени од историските епохи кои поминале. Насилството постоело и во првобитната заедница, но постои и денес, во модерниот свет. Тоа само се развивало и ја менувало својата појавна форма како и својата функција што ја играло во различни временски периоди, како и во различни политичко-општествени уредувања. Но, бидејќи сме ние живи сведоци на актуелни случувања, како и заради фактот што денес имаме на располагање различни извори на информации како и пристап до тие информации преку различни форми, на мислење сме дека насилството во денешно време е секојдневна појава. Манифестацијата на насилство е до степен да насилното однесување „почнуваме да го прифаќаме“ како нормална и појава која е дел од секојдневниот фолклор на средината во којашто живееме, а не дека тоа треба да биде исклучок. Промената на појавните форми на насилството од друга страна носи потреба од различни начини и пристапи за прифаќање на таа појава како реалност, но и за изнаоѓање на соодветни политики за негово превенирање, односно за негово решавање. Не постои една и засекогаш дадена форма преку која насилството се манифестира во надворешниот т.е. во реалниот свет. Точно е дека кога се зборува за насилството генерално како појава, во прв ред се мисли на кривичните дела против животот и телото, каде што имаме процес на директна манифестација и употреба на сила во

[149] Milosavljević, M. (1998). *Nasilje nad decom,* Beograd: Fakultet političkih nauka

насока на реализација на одредени цели, односно во насока на задоволување на одредени потреби. Но, и вака дефинираната и одредена позиција за насилството како феномен, не ја исцрпува неговата феноменологија, посебно не во денешниот модерен свет и свет полн со динамика и секојдневни промени.

Светската здравствена организација (World Health Organization – WTO) е една од меѓународните организации која во рамките на својот делокруг на работа, одредено внимание посветува и на насилството како појава. Конкретно, СЗО во рамките на своите можности, како и во рамките на своите ресурси, пред сѐ од кадровски, но и од логистички аспект, придонела во насока на дефинирање на насилството како појава и начелно одредување на причините т.е. факторите кои придонесуваат кон појава на насилство. Така, според оваа организација и нејзините извештаи од 2002 и 2004 година, кои се однесуваат на глобалното насилство како и на здравјето, идентификувала неколку категории на насилство кои меѓусебе се разликуваат врз основа на субјектот на извршување, како и објектот на напад. Така според СЗО, зборуваме за следниве видови т.е. категории на насилство:

- Насилство извршено спрема самиот себе – станува збор за насилство каде што извршителот на насилството, во исто време се јавува и како објект на напад, односно жртва;
- Интерперсонално насилство – насочено спрема друг поединец или спрема мала група на поединци;
- Колективно насилство – станува збор за манифестација на насилство од страна на поголема група или организација, како на пример државата или некоја политичка партија или во крајна линија некоја милитантна група.

Во обидите да се дојде до една заедничка и прифатлива дефиниција за тоа што претставува насилството како поим, до денес единствено нешто околу кое се согласуваат сите научници кои го истражуваат насилството, без разлика на која научна дисциплина припаѓаат, односно без разлика кои аспекти на насилството ги истражуваат и анализираат, е заклучокот дека насилството е комплексна појава, неговото дефинирање и „покривање“ со една универзална дефиниција е речиси невозможно. Дополнителен проблем во обидот да се дојде до некоја заедничка или општоприфатена дефиниција за насилството е пристапот кон дефинирање на насилството преку процесот на гарантирање на човековата безбедност.

Често во научната мисла, посебно во последниот период, се прави обид да се пласира и да се презентира т.н. флуидна[150] дефиниција за насилството. Флуидната дефиниција на насилството всушност не значи ништо друго туку само едно прифаќање на ставот којшто научната мисла по прашање на насилството го има(ла) уште во 70-тите години на минатиот век, а тој став се однесувал на фактот т.е. на тврдењето дека насилството не е и не може да биде само физичко односно манифестацијата и исполнувањето на насилството не значи само примена на физичка сила, туку дека постојат и други појавни форми на насилство.

Во овој приказ на различни дефиниции кои се однесуваат на поимот насилство ќе ја наведеме и дефиницијата, би рекле теоријата на Јохан Галтунг. Во 1969 година, Галтунг го презентирал своето истражување со наслов „Насилство, мир и мировни истражувања". Во рамките на тоа истражување, Галтунг покрај другото го потенцирал фактот дека насилството не може да биде само физичко и интерперсонално, односно последиците од актот на насилство не значи дека секогаш мора да бидат телесни т.е. физички повреди. Ако се прифати ваквиот начин на дефинирање на насилството, тогаш според Галтунг ќе се минимизира значењето на поимот мир, односно истиот ќе се сведе само и единствено како негација на насилството. Ваквиот пристап кон процесот на дефинирање на насилството Галтунг го имал пред сè заради фактот што пристапувал од позиција на определување на значењето на мирот и мировните решенија преку дефинирањето на насилството. Тесното дефинирање на поимот насилство сам по себе ќе ја исклучува можноста како форми на насилство да се анализираат и одредени политички процеси кои предизвикуваат насилство, како и други облици на насилство кои предизвикуваат глад или смрт како најтешка форма на манифестација на насилството. Дефиницијата на Галтунг за насилството е всушност обид да се „негира" психолошкиот пристап кон дефинирањето на насилството како појава. Според Галтунг, „насилството претставува облик на социјален однос" и истото во себе содржи два многу значајни елементи и тоа: актери на насилството (субјект – тој што го извршува насилството и објект – тој врз кого е извршено насилството), како и акција. Без постоење на еден од двата елементи не може да се зборува за насилството како појава т.е. како реакција. Во насока на подобро објаснување на дефиницијата којашто ја предлагал Галтунг, тој дополнително навел вкупно шест елементи кои одат во насока на дообјаснување на неговиот пристап во процесот на дефинирање на

[150] Stanko, Elizabeth, *The Meanings of Violence,* London: Routledge, 2003.

насилството, а преку тоа дообјаснување Галтунг дошол до позиција да дефинира т.е. да определи три вида на насилство кои се до денес предмет и почетна точка во процесот на објаснување на појавата на насилство, како и во процесот на определување на видовите на насилство. Тие шест елементи се следниве:

1. „Начин на влијание“ – може да постојат различни облици т.е. форми на влијание, како што е физичко влијание, психичко влијание и биолошко влијание.
2. Влијанието може да биде позитивно и негативно, што значи дека оној актер кој го трпи влијанието може да биде казнет или награден кога ќе направи или нема да направи нешто што вршителот на насилството ќе го побара од него.
3. Насилство без „човечки објекти“ како предмет на насилство е она насилство што се карактеризира со рушење на објекти, уништување на предмети и имот, што во крајна линија може да се сфати и да се доживее како закана за луѓето.
4. Насилство без субјекти постои во оние моменти кога извршителот е отсутен, но насилството сепак се извршува и тоа преку социјалните услови во едно општество, односно преку нееднаквите шанси за луѓето во тоа општество.
5. Насилството може да биде намерно или ненамерно. Ненамерното насилство е најчесто случај кога станува збор за структурното насилство.
6. Насилството може да биде видливо (манифестно) или да биде латентно, што значи дека истото сè уште не е тука, но многу лесно може да биде реализирано, со присуство на мала мотивација.

Врз основа на претходно наведените шест точки кои одеа во насока на дообјаснување на пристапот на Галтунг во обидот да го дефинира насилството како поим, определени се три видови на насилство и тоа: директно насилство, структурно насилство и културно насилство. Секоја од формите на манифестација на насилството си има свои карактеристики и свои причини и последици. Вака определени се чини дека секоја од формите на насилство претставува „феномен“ сам за себе односно дека секоја од формите нема и не може да има влијание една врз друга. Но, тоа во реалниот свет не е така. Постојат голем број на примери коишто го потврдуваат ова мислење. Имено, често пати сме биле сведоци каде што одредена форма на директно насилство кое всушност претставува условно кажано класичен вид на насилството да била

предизвикана од одредено влијание на културното насилството или пак да биде еден вид на реакција на структурното насилство. Токму заради тоа не сме во позиција да кажеме дека постои јасна и недвосмислена граница помеѓу формите на насилство, бидејќи во реалниот живот таа граница не можеме да ја дефинираме и да ја определиме еднаш засекогаш. Но, можеме и треба да го потенцираме фактот дека секоја од формите на насилство си има свои карактеристики, свои вредности, свои позиции како и начини на извршување, коишто влијаат во насока на определување на разликите помеѓу нив.

Недостојното однесување за разлика од насилството не подразбира употреба на физичка сила и физички не го загрозува здравјето и животот на другите лица учесници во еден спортски натпревар. Но, недостојното однесување се прифаќа како негативна општествена појава којашто може и има потенцијал да предизвика одредени несакани последици. Ако зборуваме за недостојното однесување коешто и законодавецот го инкорпорирал во самиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, односно ако зборуваме за недостојно однесување од легален аспект доволно е да наброиме дел од однесувањата кои според законодавецот се сметаат за такви и тоа: употреба на алкохол и опојни дроги, употреба на пиротехнички средства, истакнување на транспаренти со навредлива содржина, палење на навивачки реквизити и др. Претходно наведените поведенија претставуваат недостојно однесување коешто може да биде извршено и реализирано не само од припадници на навивачките групи, туку истото може да биде и извршено и од пошироката јавност којашто е присутна на спортскиот натпревар. Недостојното однесување како општествено негативна појава предизвикува „повреда“ или подобро кажано предизвикува загрозување на моралните и етички вредности. Линијата помеѓу грешките и недостојното однесување не е до крај јасна. Во случаите на недостојно однесување (непочитување на етичките стандарди), покрај научните, се кршат и основните морални и правни стандарди на целокупното општество[151].

## 2. Теориски концепции за насилството

[151] Carpi A., Egger A. (2009): *The Culture of Science – Scientific Ethics*, Visionlearning 5, Vol. POS-2, avaiable at: https://www.visionlearning.com/en/library/Process%20of%20Science/49/Scientific%20Ethics/161

Претходно наведените дефиниции на поимот на насилство на некој начин нè донесуваат во ситуација да можеме да го разбереме насилството како поим од една страна, а од друга страна во ист момент ни отвора, односно нè „принудува“ да размислуваме за најзначајните причини кои предизвикуваат или подобро кажано кои имаат влијание во процесот на појава на насилството како општествено-негативна и пред сè штетна појава.

За да дојдеме чекор поблиску во обидот да ги објасниме и подетално да ги анализираме причините за појава на насилството како општествена негативна појава, најдобра почетна позиција според нас е да тргнеме од теоретските концепти за појава на насилството. Наша интенција е да ја анализираме нивната рамка (научна и стручна) која во зависност од тоа на што т.е. на кој фактор му „припишуваат“ поголемо значење, ќе нè доведе до позиција во кратки црти да ги определиме и да ги класифицираме најзначајните фактори и услови кои придонесуваат кон појавата на насилство. И во оваа ситуација односно и во обидот да ги презентираме теориските концепти за појавата на насилство, нема единствена позиција помеѓу научниците, ниту денес, ниту пак во годините наназад. Која било теорија да се анализира, на крајот заклучокот по таа анализа ќе биде дека авторите, некогаш со право, некогаш не, им даваат и им припишуваат клучно и решавачко значење на факторите коишто тие ги сметаат за најзначајни. Во зборникот на трудови од меѓународно-стручната конференција одржана во 2011 година во Бања Лука, Босна и Херцеговина, која била организирана од страна на Паневропскиот универзитет „Аперион“ со работен наслов „Насилнички криминалитет – етиологија, феноменологија и превенција“[152] на едно место имаме еден збир на научни, но и на стручни трудови коишто се солидна основа за воведот во овој дел од темата посветена на криминологијата т.е. истите претставуваат добра позиција која ни овозможува да ги анализираме пристапите на различните учесници (научниците и стручните лица) во нивниот обид да ги дефинираат т.е. да ги определат најзначајните теории за појавата на насилството како феномен. Во трудот[153] на професорот Игњатовиќ, кој е објавен во зборникот на оваа конференција, со работен наслов „Насилнички криминалитет – концептуални и етиолошки прашања“ во делот којшто се однесува за теориите за агресивноста, а агресивноста ја сфаќа како синоним на насилството, професорот ги споменува

[152] Medzunarodna naucno – strucna konferencija, *Nasilnicki kriminalitet – etiologija, fenomenologija I susbijanje*, Panevropski Univerzitet „Aperion“, Banja Luka, 2001. dostupno na: http://nkrim-au.com/papers/nasilnicki-kriminalitet-zbornik-radova-2011.pdf

[153] *Ibid*, str. 5

најзначајните теориски концепти и пристапи во обидот да се објасни појавата на насилство. Имено, станува збор за следниве теории:

1. Биолошка теорија – причините за насилство ги „наоѓа“ во животинскиот свет, во којшто агресијата, а аналогно на тоа и насилството се користи за зачувување на сопствениот вид, обезбедување на услови најсилниот да добие наследство, како и за одржување на редот во заедницата. Како причини кои се определуваат како најзначајни во процесот на предизвикување на насилство и манифестација на истото се одредува поседувањето на одредени видови на холестерол, како и високото ново на тестостерон. Како најзначајни претставници на оваа теорија се издвојуваат Конранд Лоренц и Десмонд Морис.
2. Психодинамичка теорија – се базира на учењето на Фројд, односно на инстинктот како психолошки претставник на телесните импулси. Застапниците на оваа теорија причините за појава на агресијата т.е. на насилството како човечка реакција ја гледаат и ја поврзуваат со односите на секоја единка со општествената средина и тоа во периодот на растење на единката т.е. во нејзиното најрано детство. Ако тогаш дошло до извесно нарушување на нормалните и прифатливи односи на единката со општеството, за очекување е дека таа единка во текот на животот полесно и побрзо ќе се одлучи да изврши одредено насилство, со цел да си ги оствари своите цели.
3. Теорија на учење – во оваа теорија се посветува внимание на поттикнувањето на агресијата т.е. насилството, како процес кој се користи во насока на остварување на однапред зацртаните цели, кои пак можат да бидат од различна природа и во различна форма.
4. Когнитивна теорија – своето внимание го насочува кон процесот на значењето и влијанието што врз поединецот го има искривеното т.е. неточно сознание за жртвата.
5. Општествена теорија – оваа теорија е составена од поголем број на подгрупи т.е. поголем број на варијанти која секоја од свој аспект дава одредено примарно значење на некои елементи кои се дел од општествениот систем. Така во овој теориски концепт зборуваме за: теорија за социјална структура (насилството и агресијата ги објаснува во обидот да се излезе од социјалната беда), теорија на социјалните процеси

(насилството и агресијата според овој теориски концепт се појавуваат како резултат на контактите и релациите коишто поединецот ги има со општествените институции и организации), теорија на неутрализација (која го оправдува т.е. го неутрализира или во крајна линија го маргинализира насилството), теорија на социјална контрола којашто може да биде директна преку казнувањето или индиректна преку афилијацијата т.е. придружувањето, теоријата на етикетирање (стигматизација) којашто насилството и агресијата ги објаснува преку механизмите на примарна и секундардна девијација.

Сите претходно наведени теории кои се однесуваат на насилството и причините за појава на истото имале и имаат свое значење во развојот на научната мисла, посебно во развојот на криминологијата како посебна научна дисциплина. Во зависност од временскиот период кога истите биле актуелни, нивните пристапи во обидот да биде објаснета појавата на насилство биле приоритет и истите биле користени од голем број на автори, научници и истражувачи, да дојдат до нови сознанија преку коишто ќе се најдат чекор поблиску во обидот да го објаснат феноменот на насилство.

### 3. Етиолошки карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари

Презентацијата на најзначајните причини т.е. фактори кои придонесувале и придонесуваат во процесот на појава на насилство сигурно дека ќе претставува сложен процес којшто никој и никогаш нема да може да го определи и дефинира целосно и конечно. Секогаш ќе се најде некој нов пристап, некој нов услов т.е. некоја нова причина за појава на насилство, која ќе оди во полза на тврдењето дека причините т.е. факторите кои придонесуваат за појава на насилство не се дадени еднаш засекогаш и истите може да доживеат одредени трансформации.

Секоја од претходно наведените теории кои се однесуваат за појавата на насилството имаат односно презентираат одредени фактори кои придонесуваат кон процесот на појава на насилството како општествено негативен феномен. Немаме за цел во ова наше истражување да ги презентираме и да ги анализираме сите причини т.е. сите фактори кои до денес се обработени во теориските концепти за насилството, туку нашата идеја е да ги презентираме и во кратки црти да ги анализираме според нас најзначајните причини и фактори кои придонесуваат кон појавата на насилство. Притоа, во оваа анализа влегуваме од позиција на извесна субјективност. Нашиот

пристап не значи дека факторите кои ќе ги презентираме ги сметаме за најважни. Дополнително, во оваа насока сакаме да ја изразиме нашата подготвеност да прифатиме и да дискутираме за некое друго становиште и гледиште, кое се однесува на факторската детерминираност во процесот на појава на насилството. Отворени сме за критика и за прифаќање на различни проучувања и пристапи кои се однесуваат за насилството и сметаме дека само со еден таков отворен и динамичен пристап можеме да сметаме дека на крајот ќе дојдеме до што е можно покомплетна, целосна и јасна слика која се однесува на факторите, причините и условите кои предизвикуваат односно кои го овозможуваат егзистирањето и манифестацијата на насилството.

Имајќи го предвид фактот дека насилството и недостојното однесување на спортските терени е појава која своите корени ги влече уште од античкиот период, како и периодот на стариот Рим, истата била предмет на проучување на голем број научници кои се обидувале да ги одговорат прашањата кои се однесуваат првенствено за причините кои доведуваат до појава на овој феномен.

Во литературата којашто е достапна, а која се однесува токму на изучувањето на овој феномен, на сите негови карактеристики, криминолошки, казнено-правни, како и историски, Островот т.е. Англија се определува како земја од каде што започнува ширењето на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари т.н. хулиганство. До денес не постои општоприфатено мислење коешто може да се земе како целосно точно, а кое се однесува на прецизно дефинирање на причините кои предизвикуваат појава на насилство и на недостојно однесување на спортските натпревари. Без разлика од каде доаѓа истражувањето кое се однесува на насилството како феномен, посебно на насилството кое се извршува и се манифестира на спортските натпревари, секој истражувач има различен пристап кон оваа појава, односно на различни причини, фактори и услови му дава предност во обидот да ги објасни конкретните предиспозиции кои доведуваат до појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

На мислење сме дека трудот нема да биде целосен и комплетен доколку во главата која се однесува на криминолошките карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари не понудиме една поширока перцепција, односно доколку не ги презентираме најзначајните причини и фактори кои придонесуваат за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари и тоа започнувајќи од Англија како земја од каде што започна т.н. „увоз“ низ останатите земји како во Западна Европа, така и во земјите од Источна Европа, па

и на Балканскиот Полуостров. Ваквиот пристап ќе ни овозможи да дојдеме до позиција преку којашто ќе можеме полесно да донесеме одредени заклучоци и да презентираме одредени мислења и ставови кои се однесуваат на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, а кои се поврзани односно кои произлегуваат од разликите или сличностите на причините кои ги предизвикуваат. Притоа, свесни сме дека овој наш пристап не може да биде содржан само во една глава бидејќи појавата е толку многу комплексна што бара дополнителен простор, но нашата идеја е во кратки црти да ги презентираме најзначајните причини, фактори и услови кои предизвикувале т.е. кои придонеле кон предизвикување и манифестација на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

### 3.1. Етиолошки карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Англија

Во научната и во стручната јавност во Велика Британија, посебно во Англија која како земја предничи во процесот на определување т.е. дефинирање на причините за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, во последниот период токму помеѓу научниците како и помеѓу стручните лица постои извесно несогласување кое првенствено се однесува на теоретскиот пристап во објаснувањето на феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Академската дебата[154] во Англија се карактеризира со презентација на значителни разлики и недоразбирања помеѓу научниците коишто се занимаваат со овој феномен. Дискусијата во основа се однесува на квалитетот на истражувањата, нивната валидност, како и на методолошкиот пристап којшто се користи во процесот на истражувањето на оваа појава. Несогласувањата постојат како резултат на многу причини, но она што е најважно т.е. што се истакнува како најважна причина за појава на несогласувањата и за појава на различни гледишта и теоретски концепти во прв ред се однесува на различните истражувачки традиции во социологијата и во антропологијата.

Во основа социолошкиот пристап т.е. социолошките теории за појава на насилството и недостојното однесување се повеќе номотетски[155]. Практичарите и научниците од оваа област се обидуваат т.е. ќе се обидат да најдат правила, истите да

[154] Giulianoti, Richard. Bonney, Norman. Hepworth, Mike. *Football Violence and Social Identity,* Routledge, London, 1994, page 48

[155] Номотетика – начин на „законодавна активност" на умот при воспоставување закони и правила на сознанието.

ги повторуваат со цел да дојдат до одредена состојба од којашто ќе можат да квантифицираат одредени информации и одредени состојби и на тој начин да успеат да тестираат една општа (социолошка) теорија којашто ќе го објаснува фудбалскиот хулиганство како појава.

Од друга страна пак, антрополозите не посветуваат внимание на процесот на изнаоѓање на еден општ модел т.е. на една општа теорија преку која би ја докажувале односно преку која би ја објаснувале појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Напротив, овој пристап т.е. антрополошкиот пристап се потпира односно ги користи методите кои се карактеристични за овој теоретски аспект, односно антрополозите пристапуваат кон процес на набљудување на однесувањето на актерите кои го произведуваат насилството на спортските натпревари, ги анализираат нивните вредности, го набљудуваат нивниот начин на однесување за време на спортскиот натпревар, тие однесувања се обидуваат да ги донесат до одреден контекст и на тој начин носат одредени заклучоци кои се однесуваат на причините за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Во суштина, антрополозите се сконцентрирани на човекот т.е. на поединецот и не „трошат“ време и ресурси во обидот да ги објаснат или да ги анализираат прифатените правни дефиниции преку кои се определува овој феномен.

Во нашиот труд и во обидот да стигнеме до најзначајните причини за појава т.е. за манифестација на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари како во Англија, така и пошироко во Европа, вниманието ќе го посветиме на социолошките причини т.е. фактори коишто придонесуваат кон појавата на овој феномен, без притоа да го негираме значењето на антрополошките истражувања и на резултатите коишто истите ги имаат, како и на нивното значење во насока на истражување на оваа појава т.е. истражувањето на најзначајните причини за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Интересот за фудбалот во Англија не бил секогаш на толку високо ниво како што тоа е денес. Годините за време на Втората светска војна, како и годините по нејзиното завршување е период којшто се карактеризира со исклучително ниска или недоволна заинтересираност помеѓу Англичаните за следење на своите локални фудбалски клубови. Приоритетите во тоа време беа насочени кон некои други, за во тоа време, приоритетни активности што го преокупираа вниманието на народот. Првенствено, тој период бил период кога земјата се соочувала со војна, период на голема економска криза предизвикана првенствено од војната. По завршувањето на

војната т.е. периодот по 1945 година приоритетите се промениле, односно Англичаните на големо размислувале како да си ги обноват своите куќи, своите семејства. Социјалните навики кои Англичаните како народ ги имале пред започнувањето на Втората светска војна драстично се промениле по завршувањето на истата. Семејствата станале „приватизирани“. Најголемиот дел од денот, како и од слободното време, Англичаните го поминувале во кругот на своето семејство, покрај ТВ екраните, притоа заборавајќи ги оние стари навики на следење на својот локален фудбалски клуб. Дополнително, периодот по војната, срушената и во голем дел уништена инфраструктура имала дополнително влијание врз тоа Англичаните да се вратат на фудбалските стадиони. Условите коишто во тој временски период ги нуделе спортските објекти не кореспондирале со потребите коишто ги имале гледачите т.е. навивачи и токму заради тоа овој период по Втората светска војна во Англија е означен како период со најслаб интерес за посетување на фудбалски натпревари. Токму претходно наведените причини и состојби коишто во тој период биле актуелни во Англија претставувале и најголема, ако не и единствена, причина што насилството на спортските натпревари во Англија не се доживува како сериозен проблем, сè до почетокот на 60-тите години на минатиот век, кога истото полека започнува да доживува извесна експанзија.

Паралелно со растењето на урбаните центри, започнува да расте и бројот на фудбалските клубови. Започнува да се јавува процес на промоција на машкиот идентитет, којшто во тоа време имал одредени карактеристики. Манифестацијата на машкиот идентитет често пати била манифестирана и преку припадноста кон одреден локален фудбалски клуб. Дополнително, во насока на зголемување на степенот на машкоста односно во зајакнувањето на машкиот идентитет како таков големо влијание имала и употребата на алкохол и на некои други опојни дроги, коцкањето, сексизмот и сл. Сите овие карактеристики на условно кажано културниот идентитет на Англичаните од тој временски период дополнително придонел кон развивање на чувство за припадност кон одреден локален клуб, како и стекнување на доживотна културна и социјална припадност кон и за истиот клуб.

Постојат одредени мислења кои се однесуваат на повторното заживување на хулиганството т.е. на насилството на спортските терени во Англија во период по 60-тите години од минатиот век. Покрај останатите фактори, интересно е да се спомене и значењето на медиумите во повторното заживување на овој феномен. Според Стенли

Коен[156] феноменот на „морална паника" бил една од најголемите причини за појава на одредени девијатни поведенија во почетокот на 60-тите години на минатиот век и овој феномен т.е. оваа појава била актуелна до средината на 80-тите години на 20 век. Во основа станува збор за извесен вид на супкултура т.е. контракултура која е дел од палетата на социјални фактори кои имале влијание во процесот на појава на насилството и недостојното однесување на фудбалските натпревари во Англија. Посебно карактеристично за „моралната паника" е фактот што оваа појава била предмет на интерес на медиумите, односно истата добивала сериозен простор и време во тогашниот медиумски свет. На тој начин, медиумите, намерно или не, одиграле улога на „катализатор" во процесот на повторно заживување на хулиганството т.е. на насилството на спортските натпревари.

Битен момент што треба да се спомене, а кој се однесува на причините за појава на насилството и недостојното однесување во Англија е појавата на т.н. „Teddy boy", што во основа претставува уште една форма на манифестација на супкултура на начинот на живеење во тој период во Англија. За феноменот на „Teddy boy" се напишани голем број на научни, но и на стручни публикации, коишто во основа ја пренесуваат т.е. ја претставуваат конекцијата на овој феномен со неговото влијание во процесот на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Конкретно, појавата на „Teddy boy'' претставувал еден вид на одговор на општествената ситуација и состојба во која се наоѓала Велика Британија, конкретно Англија по завршувањето на Втората светска војна т.е. годините по војната. Имено, во тој период започнала големата економска криза којашто ја зафатила земјата. Населението живеело во состојба на нагласена депримираност. Но, кај најмладата генерација т.е. кај населението на возраст од 15 до 24 години, започнал еден процес на манифестација на незадоволство од состојбата во којашто се наоѓала земјата. Појавните форми на ова незадоволство биле различни, како по степенот на интензитет, така и по степенот на масовност. Феноменот на „Teddy boy" бил своевидно олицетворение на сите видови на супкултура којашто била актуелна во тој временски период во Англија. Така, покрај на фудбалските терени т.е. покрај повторната појава на хулиганството, феноменот на „Teddy boy" бил присутен и помеѓу различни групи коишто практикувале извесна супкултура како дел од нивниот начин на протест против актуелната состојба во земјата во тој временски период. Припадниците на „Teddy boy"

[156] Cohen, Stanley, *Folk Devils and moral panics,* page, 1. available at: https://infodocks.files.wordpress.com/2015/01/stanley_cohen_folk_devils_and_moral_panics.pdf

движењето т.е. лицата кои го прифатиле тој начин на живот, каде што владееле посебно правила на однесување, како и посебни правила на облекување, во основа биле лица кои биле со слабо или недооформено образование, лица кои работеле на тешки работни места во рамките на индустриските капацитети низ земјата. Нивниот начин на живот т.е. ограниченоста, која им произлегувала како резултат на нивните способности и на нивната социјална положба била една од причините истите да бидат дел односно од нив да бидат составени навивачките групи на фудбалските клубови во Велика Британија, конкретно во Англија. Во моментите кога ќе дошле до контакт со навивачи од други екипи, тие пристапувале кон насилство и воопшто не воделе грижа за штетните последици кои притоа ги предизвикувале или пак за материјалната штета која произлегувала од нивните активности.

Во однос на феноменот на „Teddy boy“, интересно е истражувањето кое на оваа тема го има спроведено Универзитетот во Лестер, каде што социолозите од овој Универзитет се обиделе да ги презентираат социоекономските причини за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, предизвикано од припадниците „Teddy boy“. Имено, Даунинг и останатите социолози кои го анализирале насилството на спортските натпревари се обидувале да најдат одредени релации, односно се обидувале да го доведат тоа насилство со извесна корелација со долгата традиција и историја на Англија како земја за хулиганството, конкретно. Дополнително, анализирајќи ја средината во која живееле припадниците на навивачките групи, онаа микросредина која го опфаќала нивното непосредно соседство, економската состојба во тој временски период, развивањето на културата на машкост, верувањето дека мажите треба да бидат способни сами да се снајдат во општеството и дека не треба да отстапат пред никаква пречка, биле само дел од причините кои на некој начин и гледано генерално го оправдувале насилството како реакција. Во основа припадниците на оваа група биле лица кои биле дел од работничката класа во Велика Британија, која во тој временски период т.е. помеѓу 60-тите и 80-тите години на 20 век била најбројна. Навивачките групи во тој временски период биле составени од припадници на работничката класа. Фудбалот бил и се третирал како спорт на средната (работничка) класа и истиот се прифаќал како своевидна забава и можност за исполнување т.е. можност за манифестација на машкоста кон спротивната навивачка група.

Дека постоела извесна поврзаност на работничката класа со фудбалот во Англија и со навивачките групи во периодот од 60-тите до 80-тите години на минатиот

век зборува и Џон Кларк. Во својот труд[157] од 1973 година, со работен наслов „Фудбалско хулиганство и Скинхедси“ во воведните забелешки на истиот ја истакнува поврзаноста на работничката класа со навивачките групи. Според Кларк, основата на поврзаноста на работничката класа со фудбалот како игра и со навивачките групи, чија структура во основа ја сочинувале работници, е идентитетската поврзаност на работниците со фудбалската игра, со локалниот фудбалски клуб, со вредностите коишто меѓусебно ги споделувале, со употребата на физичката сила како сегмент од играта, но и со победата како највисока вредност во очите на работничката класа. Индустриската револуција имала големо влијание врз начинот на живот на работничката класа. Покрај другото, истата директно го организирала животот на работниците, им наметнувала одредена динамика на живеење, планирање на секојдневните активности и сл. Фудбалската игра им нудела одредена алтернатива, која според нив била многу блиска со прифатените принципи и правила кои ги спроведувале на дневна основа во рамките на индустриските објекти. Користењето на физичката сила во фабричките хали го споредувале со физичката сила која се користела за време на фудбалскиот натпревар и која била важен елемент за самата игра. Блискоста на фудбалот со нивните секојдневни активности во рамките на производствениот процес дополнително го оправдувале со вештините кои се неопходни за да се добие еден фудбалски натпревар, а кои во основа се идентични т.е. исти со оние кои ги користат работниците во рамките на производствениот циклус. Истите, покрај физичката сила (конфликт) се дополнувале и со контрола, умешност и моќ.

Но, покрај овој пристап, нешто подоцна социологот Јан Тејлор во 1987 година излегува со условно кажано различно тврдење од претходното и се обидува на некој начин да ја негира или во најмала рака да ја оспори претходната теорија т.е. претходниот пристап во однос на причинската врска која приодонесла кон појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Имено, според Тајлор во доцните 80-ти и почетокот на 90-тите години на минатиот век на територијата на Велика Британија, посебно на територијата на Англија се појавил еден нов вид на хулигани т.е. „Casual“ кои за разлика од припадниците на „Teddy boy“ кои генерално се карактеризирале со тоа што носеле евтина гардероба, овие нови хулигани со своите

[157] Clarke, John, *Hooliganism and the Skinheads*, University of Birmingham, Center for Contemporary Cultural Studies, 1973, available at: https://www.birmingham.ac.uk/Documents/college-artslaw/history/cccs/stencilled-occasional-papers/1to8and11to24and38to48/SOP42.pdf

противници покрај другото се натпреварувале кој ќе биде подобро т.е поскапо облечен. Дополнително, појавувањето на овој вид на хулигански групи на некоја начин придонел кон состојба на укинување на т.н. работнички навивачки групи, кои според Тејлор имале одредени карактеристики и на шовинизам. „Casual“ хулиганите биле хулигани кои немале своја традиција односно не придавале некое посебно значење и внимание на историските односи. Ги имало насекаде низ Велика Британија. Се обидувале својата машкост да ја манифестираат преку различни форми, а не секогаш и единствено преку насилството. Во основа, пристапот на Тејлор само потврдува дека се работи за групи кои меѓусебно се мобилизираат врз основа на одредени заеднички карактеристики т.е. заеднички мотиви коишто ги имаат, а кои ако се анализираат подетално ќе се види дека на некој начин се блиски т.е. се поврзани со работничките движења во тој временски период во Анлија. Преку пристапот[158] на Тејлор во основа ја гледаме промената која се случувала во рамките на англиското општество во периодот помеѓу 60-тите и 80-тите години на минатиот век и како таа промена имала директно влијание во процесот на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Имено, економската криза директно придонела во намалувањето на ресурсите коишто претходно ги имале припадниците на работничката класа и тоа оние ресурси кои се однесувале на непречено посетување на фудбалските стадиони и градење на позиција на „блискост“ и верност со локалниот фудбалски клуб. Условите се промениле, клубовите започнале сè повеќе и повеќе да се ориентираат кон политика за привлекување на што е можно побогати слоеви на трибините т.е. на навивачи со поголема куповна моќ. Овој момент и овие промени се уште една причина од редот на социјалните фактори коишто директно придонесувале кон појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Не можејќи да одговорат на барањата на своите клубови, како и фактот што не можеле и пред сè не сакале да гледаат како се трансформираат навивачките групи т.е. нивната структура, припадниците на работничката класа кои до тој момент биле најбројни на трибините се одлучувале и пристапувале кон процес на манифестација на насилство, на тој начин изразувајќи го своето незадоволство и неприфаќање на состојбите.

Кога зборуваме за појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Англија, пристапот кон овој феномен можеме да го разгледуваме од три

---

[158] Clelant, Jamie. Cashmore, Elis. *Football Fans View of violence in British Football: Evidence of a Sanitized and Gentrified Culture*, Journal of Sport and Social Issues, 2015, page 2. Available at: file:///C:/Users/user/Downloads/football-fans-views-of-violence-in-british-football-evidence-of-a-sanitized-and-gentrified-culture.pdf

аспекти т.е. три фази на негово манифестирање. Имено, во делото[159] на Ричард Џулијаноти, Норман Бонеј и Мајк Хепворт „Фудбалско насилство и социјален идентитет“ појавата на фудбалско хулиганство е поделена во три фази и тоа:

1. Латентна фаза – поствоениот период до 1968 година. Британското (англиското) општество не преземало никакви акции во врска со оваа појава. Не постоеле истражувања за истото, а тоа се анализирало од како еден вид на надополнување на веќе постоечките проблеми и нееднаквости во рамките на општеството, генерално.
2. Втората фаза т.н. алармантно открие се карактеризира со тоа што општеството го прифатило фактот дека феноменот постои, дека истиот е сериозен и дека има потенцијал да предизвика негативни последици. Постои отворена покана за сите, конкретно за научните работници да пристапат кон процес на негово анализирање со цел подобро запознавање со истиот, а со тоа и можност за креирање на политики кои ќе се однесуваат на негово превенирање. Овој период траел од 1968 година до април 1989 година.
3. Третата фаза е фазата на реализација т.е на имплементација на законските решенија и проценка на нивната ефикасност и ефективност. Во основа оваа фаза се карактеризирала со обидот интересот на јавноста по однос на ова прашање да биде дефокусиран т.е. намален и да се остави работата на професионалците. Овој период трае од 1989 година до денес.

Употребата на алкохол и на опојни дроги на територијата на Велика Британија, посебно на територијата на Англија, пред, за време и по завршувањето на еден спортски натпревар бил и е сериозен проблем за којшто властите посветувале одредено внимание во насока на негова превенција. Користењето на алкохолот, како и консумацијата на одредени опојни дроги, се сметало и се смета како една од главните причини т.е. еден од главните мотиви за зголемување на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, односно користењето на овие средства е во директна корелација со појавата на насилство на спортските натпревари. Дека употребата на алкохол и на опојни дроги е сериозен проблем и дека истиот имал сериозни импликации во појавата на насилство и недостојно однесување на спортските

[159] Giulianoti, Richard. Bonney, Norman. Hepworth, Mike. *Football Violence and Social Identity,* Routledge, London, 1994, page 9

натпревари, говори и фактот што официјалните органи во Англија донеле посебен Закон[160] со којшто се регулира, односно со којшто се забранува употребата на алкохол и на други психотропни супстанци, со цел подигнување на степенот на превенција и намалување на можностите за појава на насилство на спортските натпревари. Примената на законското решение придонела во насока на намалување[161] на бројот на лица кои биле т.е. кои се апсат во врска со употребата на алкохол и на други психотропни супстанци, пред, за време и по завршувањето на натпреварот. Пристапот на англиските власти, односно донесувањето на законско решение коешто конкретно ќе се однесува на употребата на алкохол за време на спортските (фудбалските) натпревари уште еднаш ја потврдува определбата на властите кога е во прашање сериозноста во процесот на намалување на влијанието на криминогените фактори во процесот на појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Во однос на перципирањето на насилството и недостојното однесување на спортските терени како социјален феномен т.е. како појава која предизвика внимание исклучиво од социјални фактори и причини, Ерик Даунинг има многу интересен пристап и тврдење кое се однесува токму на оваа состојба. Имено, според него, фудбалското хулиганство не е толку социјален или социјално-психолошки феномен, колку што истиот е производ на медиумите и политичарите. Медиумите директно учествувале и учествуваат во процесот на креација на погодни услови за развој на хулиганството т.е. за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Всушност, влијанието на медиумите во основа се состои од изборот на начинот како ќе бидат презентирани и пренесени одредени настани кои се случиле на спортските терени. Во делото[162] на Курт Веис, којшто конкретно се однесува на влијанието на печатените медиуми во процесот на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, авторот ги издвојува следниве фактори т.е. следниве начини како медиумите можат и како истите делуваат во процесот на појава

[160] *Sporting Events (Control of Alcohol etc.)* Act, 1985. Available at: https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1985/57/section/2

[161] Според извештајот на Министерството за внатрешни работи на Англија (Home Office) од 2013 година, потврдува дека се намалил бројот на лица уапсени во врска со кршењето на одредбите на Законот кој се однесува на употребата на алкохол и други супстанци. Имено, според тој извештај од вкупно уапсени 800 лица во сезоната 2011/2012, наредната сезона 2012/2013 бројот се намалил и изнесувал вкупно 549 уапсени лица.

[162] Weis, Kurt, *How the Print Media Affect Sports and Violence: The Problems of Sports Journalism*, available at: https://mediatum.ub.tum.de/doc/1308040/1308040.pdf

на насилството на спортските терени како феномен. Авторот како најважни ги издвојува следниве:

1. Селекција на информациите коишто ќе бидат пласирани;
2. Способноста т.е. подготвеноста за критички осврт;
3. Знаењето со кое располагаат новинарите кои ги пренесуваат информациите;
4. Подготвеноста за компарирање на сознанијата со други извори на информации;
5. Капацитетот на читателот да може да ја разбере суштината на информациите.

Во Англија има уште еден пристап којшто е дел од социолошките истражувања кои се однесуваат на феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, а којшто се однесува на супкултурата како причина за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Во воведот на оваа глава споменавме одредени супкултурни движења кои беа т.е. кои се карактеристични како за Англија, така и за останатите земји од Европа, посебно Западна Европа, кои одиграле и кои и денес играат значајна улога во процесот на појава и манифестација на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Центарот за современи културни студии при Универзитетот од Бирмингем има реализирано истражување коешто во целост се донесува на значењето т.е. на влијанието на супкултурата како причина за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Англија. Според истражувањето[163] спроведено од страна на Центарот за современи културни студии, супкултурата се појава како резултат на обидот за решавање на одредени структурни и материјални проблеми кои се јавуваат кај луѓето и во основа станува збор за процес кој се карактеризира со еден вид на скромен обид да се дојде т.е. да се изнајде решение за конкретниот проблем или конкретниот феномен. Особено интересен е заклучокот дека супкултурата им помага посебно на младите луѓе, претежно припадници на работничката класа, особено на машката популација во решавањето на суштинските прашања и суштинските проблеми според нивната диспозиција на гледање на работите и на реалниот свет. Навивачките групи ако се анализираат не претставуваат ништо друго, односно ништо повеќе од еден вид на супкултурна група во којашто луѓето т.е. поединцните меѓусебно се поврзуваат

[163] Giovanni Carnibella, Anne Fox, Kate Fox, Joe McCann, James Marsh, Peter Marsh, *Football Violence in Europe – A Report to the Amsterdam Group,* Social Issues Research Center, July, 1996, page 38.

по основа на припадност кон одреден спортски (фудбалски) клуб, а често и по припадноста кон одреден град. Нивната заедничка интенција е „одбрана на честа“ на нивниот клуб и на нивната навивачка група на тој начин што нема да дозволат никој и никогаш да не го омаловажува нивниот клуб како и нивната навивачка група. Токму тука се наоѓаат и основните ако не и најголеми причини за појава и манифестација на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Англија. Покрај останатите форми за презентација на лојалноста кон одреден фудбалски клуб, како и лојалноста кон одредена навивачка група, насилството како форма на манифестација на лојалноста стана една од најважните алки и еден од најважните начини како да се докаже и како да се презентира лојалноста кон еден фудбалски клуб.

### 3.2. Феноменолошки карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Англија

Што се однесува до најзначајните феноменолошки карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари коишто се специфични за Англија, но кои во исто време ја претставуваат и општата слика на овој феномен, треба да спомeнеме дека Англија како земја води уредна статистика која се однесува конкретно на оваа појава. Во прв ред оваа евиденција се води пред сѐ заради тоа што англиските власти на тој начин сакаат и имаат за цел да вршат одредена контрола на појавата, да ги анализираат нејзините најзначајни параметри, да ги согледуваат најзначајните аспекти на истата и преку таа евиденција односно преку тие статистички анализи коишто ги прават на годишно ниво, англиските власти се во состојба да иницираат одредени промени, како на самото законско решение кое се однесува на оваа проблематика, но и промени кои ќе се однесуваат на мерките и активностите коишто се во надлежност како на спортските клубови, така и на останатите официјални органи на земјата, во прв ред на полицијата, на правосудните органи итн. Не е грешка ако кажеме дека Англија за разлика од сите останати европски земји пред сѐ земјите од Западна Европа е единствената земја која сериозно посветува внимание на овој феномен. Точно е, истиот за првпат во оваа нова модерна форма се појавил токму во Англија и од таму започнал да се шири низ Европа и низ светот, но оваа земја исто така е прва и можеби е земја која отишла и најдалеку во процесот на анализирање на појавата, во процесот на изготвување на превентивни и репресивни мерки и политики кои треба да влијаат во насока на нејзино намалување.

Кога е во прашање бројот на лица кои биле уапсени заради вршење на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Англија во период од 2004 до 2015 година, во продолжение ќе ја претставиме табелата преку којашто ќе можеме полесно да ја анализираме ситуацијата, односно преку табеларниот приказ ќе бидиме во можност да направиме една основна споредба на бројот на уапсени лица, за тоа дали трендот се зголемува и расте и колкав е нивниот број во проценти од вкупниот број на присутни гледачи на фудбалската Премиер лига на Англија.

**Табела 1**

*Вкупен број на уапсени навивачи заради вршење на насилство и недостојно однесување на натпреварите од официјалните фудбалски лиги во Англија за период од 2004 до 2014 година*

| **Година** | **2004/ 2005** | **2005/ 2006** | **2006/ 2007** | **2007/ 2008** | **2008/ 2009** | **2009/ 2010** | **2010/ 2011** | **2011/ 2012** | **2012/ 2013** | **2013/ 2014** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно гледачи** | 37.180.246 | 36.716.216 | 38.632.137 | 37.406.080 | 39.258.384 | 39.145.070 | 37.838.481 | 37.293.109 | 39.193.598 | 38.230.911 |
| **Уапсени сторители** | 3.595 | 3.331 | 3.733 | 3.842 | 3.786 | 3.391 | 3.089 | 2.363 | 2.456 | 2.273 |
| **% застапеност** | 0.009% | 0.009% | 0.009% | 0.01% | 0.009% | 0.008% | 0.008% | 0.006% | 0.006% | 0.005% |

Ако ја анализираме состојбата прикажана во табела 1 ќе забележиме извесна разлика помеѓу вкупниот број на гледачи кои ги посетувале фудбалските натпревари во Англија во официјалните категории на натпреварување. Од оваа табела ќе забележиме дека сезоната 2005/2006 година е сезона која се карактеризира со најмал број на гледачи на фудбалските натпревари, додека пак во сезоната 2008/2009 година е забележан најголем број на гледачи на фудбалските натпревари во Англија и тоа 39.258.384 гледачи. Од бројките пак преку кои се детерминира вкупниот број на уапсени гледачи на натпреварите од официјалните фудбалски лиги на Англија ќе забележиме дека најголемиот број на вкупно упасени т.е. приведени лица изнесува 3.842 навивачи, а тоа се случило во сезоната 2007/2008 година. Што се однесува до процентуалната застапеност на вкупно приведените лица од бројот на вкупно регистрирани гледачи на фудбалските натпревари во Англија во четирите официјални фудбалски лиги, забележуваме дека процентуалната застапеност е под 1%, што во основа значи дека фудбалските натпревари во Англија се значително безбедни, односно бројот на лица кои од различни причини доаѓаат до судир со законот е

релативно мал, во процентуална вредност. Но, овој индикатор не значи дека проблемот со насилството и недостојното однесување во Англија дека е решен или дека станува збор за маргинален т.е. незначаен феномен односно проблем. Напротив, овие бројки на некој начин претставуваат еден индикатор дека политиката којашто ја презема Англија како држава и сите нормативни акти кои се донесени во насока на превенирање на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари вродуваат т.е. генерираат позитивни резултати и трендови односно на некој начин го оправдуваат постоењето на одредени нормативни рамки, а дополнително на тоа го докажуваат нивното значење во борбата против појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Кога сме кај бројот на приведени лица кои извршиле насилство или кои недостојно се однесувале на терените т.е. на фудбалските натпревари во Англија и тоа во нејзините четири официјални фудбалски лиги, уште на почеток треба да напоменеме дека причините поради кои одредени лица се приведени односно се лишени од слобода се различни. Во оваа насока добро е да споменеме дека различни причини т.е. различни фактори имаат различно влијание врз луѓето и врз секој поединец посебно, но во оваа наша анализа на состојбата во Англија ќе се обидеме да ги презенетираме најзначајните причини т.е. фактори, под чие влијание било извршено одредено насилство или одредено недостојно однесување на спортските натпревари во Англија. Преку оваа презентација, првенствено сакаме да дојдеме до една појасна слика за најзначајните фактори кои придонесуваат кон појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

**Табела 2**

*Најзначајни причини кои придонесувале кон појава на насилство и недостојно однесување на натпреварите од официјалните лиги на Англија во период од 2004 до 2014 година*

| | 2004/ 2005 | 2005/ 2006 | 2006/ 2007 | 2007/ 2008 | 2008/ 2009 | 2009/ 2010 | 2010/ 2011 | 2011/ 2012 | 2012/ 2013 | 2013/ 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Насилство** | 502 | 358 | 340 | 373 | 355 | 578 | 332 | 273 | 554 | 356 |
| **Нарушување на ЈРМ** | 1.460 | 1.329 | 1.712 | 1.655 | 1.584 | 1.226 | 1.076 | 765 | 791 | 705 |
| **Пиротехника** | 78 | 68 | 87 | 67 | 54 | 66 | 64 | 53 | 62 | 57 |
| **Расизам** | 52 | 55 | 43 | 23 | 36 | 31 | 44 | 23 | 42 | 21 |
| **Алкохол** | 977 | 1.012 | 1.047 | 1.225 | 1.185 | 968 | 1.041 | 800 | 549 | 572 |
| **Неовластена продажба на билети** | 146 | 106 | 72 | 80 | 96 | 69 | 102 | 107 | 92 | 104 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Поседување на оружје** | 36 | 32 | 41 | 46 | 39 | 35 | 38 | 13 | 17 | 13 |
| **Непочитување на налогот за забрана** | 60 | 39 | 57 | 80 | 84 | 67 | 74 | 58 | 58 | 42 |
| **Напад на сопственоста - инфраструктурата** | 60 | 68 | 95 | 66 | 90 | 82 | 70 | 62 | 60 | 41 |
| **Инвазија на фудбалскиот терен** | 209 | 221 | 233 | 203 | 244 | 269 | 240 | 177 | 155 | 174 |
| **Поседување и употреба на огномет** | / | / | / | / | / | / | 8 | 32 | 76 | 188 |
| **Останато** | 15 | 43 | 6 | 24 | 19 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **3.595** | **3.331** | **3.733** | **3.842** | **3.786** | **3.391** | **3.089** | **2.363** | **2.456** | **2.273** |

Резултатите т.е. бројките кои се содржани во табела 2, а кои претставуваат официјални податоци до коишто дошле англиските власти, а кои се однесуваат на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, претставуваат една почетна позиција којашто може да ја искористиме во насока на коментирање на причините коишто довеле до појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Ако ги анализираме апсолутните бројки веднаш ќе забележиме дека три фактори т.е. три причини се јавуваат како највлијателни во вкупниот број на лица кои се уапсени заради извршување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Како најсериозна причина која довела до појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Англија, а која пак директно влијаела врз англиските власти да пристапат кон апсење т.е. лишување од слобода на навивачите т.е. гледачите, претставува нарушувањето на јавниот ред и мир предизвикано од страна на навивачите. Притоа, во оваа анализа т.е. во оваа табела не се наведени конкретните начини на нарушување на јавниот ред и мир, но според неговата процентуална застапеност, токму оваа појава претставува најзастапен т.е. најчест начин на манифестација на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, а со тоа истата претставува и најголема причина т.е. основа за апсење и приведување на лица за извршено насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Употребата на алкохол според бројките презентирани во табела 2 претставува исто така значајна причина поради која навивачите биле апсени, а во врска со сторено насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Употребата на алкохол според позитивните законски прописи на Англија е строго и прецизно дефинирана

област, со што секој кој не ги почитува законските одредби може да се најде во позиција да биде приведен. Фактот што употребата т.е. консумирањето на алкохол внатре во рамките на спортските објекти во Англија е забрането со закон, горенаведените бројки нѐ упатуваат на заклучок дека англиските власти делувале превентивно и ги апселе лицата за коишто имале сознанија дека се под дејство на алкохол уште пред тие да влезат на спортскиот објект.

Манифестацијата на различни форми на насилство претставува трета, но не помалку значајна причина т.е. фактор за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Во оваа анализа на резултатите кои се однесуваат за периодот од 2004 до 2014 година за Англија не се наведени конкретните форми на насилство и начинот како истото било манифестирано, но сепак од бројките кои се прикажани во табелата јасно може да се види и да се заклучи дека насилството како фактор е значајно во процесот на предизвикување на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Расизмот, пиротехниката, непочитувањето на забраната за присуство на спортски натпревар, како и неовластената продажба на билети исто така се дел од причините кои предизвикуваат односно кои дејствуваат како катализатори во процесот на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Англија. Споредено со претходните фактори, првенствено нарушувањето на јавниот ред и мир во сите негови форми, како и употребата на алкохол како причина за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, можеме слободно да заклучиме дека овие појави немаат некој значителен импакт во вкупниот број на уапсени лица заради извршено насилство на спортските терени.

Во насока на презентација на причините кои довеле т.е. кои доведувале до појава на насилство и недостојно однесување во Англија добро е да го потенцираме фактот дека како причини не биле наведени односно никогаш во годините кои ни се предмет на истражување не се наведени некои политички фактори кои би предизвикале појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари (со исклучок на расизмот кој во вкупната бројка не учествува со значителен т.е. голем процент). Исто така, сметаме дека е значајно да спомeнеме дека во Англија не се презентираат одредени податоци т.е. бројки кои се однесуваат на економската состојба и нејзиното влијание во процесот на појава на насилство и недостојно однесување на

спортските натпревари. На овој индикатор т.е. на економските и класните разлики кои се производ на економските состојби во една земја наназад во минатото во Англија се посветувало поголемо внимание, посебно во периодот на појава на хулиганството којшто претставува еден вид на „отпор“ на работничката класа кон системот воопшто.

Во факторите кои имаат свое значење во процесот на појава на насилство и недостојно однесување во Англија не се споменуваат и не се анализираат одредени етнички прашања т.е. етничката припадност како фактор за појава на насилство. Оваа состојба на некој начин претставува доказ дека во Англија не се придава големо внимание на етничката припадност како значаен фактор за појава на насилство, што значи дека ова општество во прв ред се карактеризира со развиени меѓучовечки и меѓуетнички односи и истите не претставуваат причина за појава на насилство на спортските терени. Припадноста на различни етникуми, а со тоа припадноста кон различен систем на културни вредности не се „прифаќа“ како фактор за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

**4. Криминолошки карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Република Македонија**

Во Р. Македонија имало и има одредени обиди да се дојде до одговор т.е. одговори кои се однесуваат на причините за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Одредено истражување[164] на оваа тема имаат проф. Анастасовски и проф. Стојановска кои се обидуваат на едно место да ги презентираат најзначајните аспекти кои се однесуваат на насилството и недостојното однесување во Р. Македонија. Во нивното дело ги анализираат и причините за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Кога ги коментираат причините т.е. мотивите за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, посебно во Р. Македонија, авторите го потенцираат значењето т.е влијанието на неиграчките моменти кои се составен дел од спортската игра. Во суштина, зборуваат за шовинизмот, национализмот, расизмот и воопшто за нетолератноста на спортските манифестации. Во таа нивна анализа се задржале на извесна компарација на причините кои го предизвикуваат феноменот на насилство и недостојно однесување во Р. Македонија со причините и условите со другите земји, првенствено со земјите од Западна Европа. Така, покрај национализмот и шовинизмот

[164] Стојановска, Татијана, Анастасовски, Иван. *Насилство, агресија и спорт,* Скопје, 2010

коишто несомнено одговараат со условите кои се актуелни во нашата земја, зборуваат[165] и за влијанието на севкупната општествена ситуација, моралната ерозија на вредносниот систем кај оние кои се инволвирани во спортот, дополнително влијание на некои социопатолошки појави присутни кај нив и слично. Во насока на дообјаснување на причините за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Р. Македонија, проф. Анастасовски и проф. Стојановска одредено внимание му посветуваат и на однесувањето на гостинските навивачи кое буди провокации кај домашните навивачи. Авторите го нотираат и значењето т.е. влијанието на одредена судиска одлука врз процесот на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, а во тој контекст го споменуваат и однесувањето на играчите на терен и нивното влијание врз процесот на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Анализирајќи го трудот на проф. Анастасовски и проф. Стојановска, посебно делот којшто се однесува на причините за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Р. Македонија, можеме да заклучиме дека нивниот пристап е широк односно покрај значењето на општествено-политичките процеси врз појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, авторите споменуваат односно го истакнуваат и влијанието на одредени индивидуални фактори како што се однесувањето на актерите на еден натпревар, но и одредени социопатолошки појави.

Професорот Атанас Козарев во неговата магистерска теза со наслов „Насилството и фудбалскиот хулиганство во Република Македонија – кривично-правен, криминолошки и криминалистички аспект“ исто така се обидува да понуди одреден одговор кој ќе се однесува на горенаведените аспекти на појавата. Преку неговиот труд се обидува на едно место да ги презентира најзначајните елементи на делото и тоа од сите три аспекти. Во трудот, авторот ги презентира причините т.е. факторите коишто влијаат врз процесот на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија. Така, според авторот „насилничкото однесување, дивеењето, агресијата и бруталноста на фудбалските хулигани има обележје на колективно однесување на масата од навивачи кои предизвикуваат нереди и нарушување на јавниот ред и мир во помал или во поголем обем. Колективната примена на насилство од страна на фудбалските хулигани

165 *Ibid*, стр. 38. Оп. цит.

предизвикува чувство на несигурност, страв, вознемиреност и тензија кај граѓаните кои лесно можат да станат жртви и чиј имот може да биде оштетен или уништен“[166].

Професорот Методија Ангелески во неговиот труд „Карактеристики на насилничките и агресивните однесувања на спортски натпревари и правци на општествената реакција“[167] извршил извесна дистинкција на општествената опасност која произлегува од хулиганството како појава. Според него, постојат одредени хулигански однесувања кои имаат односно кои содржат елементи на кривични дела, но исто така има и хулигански однесувања кои може да бидат нотирани како прекршоци и како асоцијални поведенија. Така, според проф. Ангелески, хулиганството т.е. насилството можеме да го групираме во три поголеми групи и тоа:

1. Напади против телесниот и личниот интегритет – претставуваат напади со кои се врши физички или психички терор над други лица. Најчести појавни форми на овие напади се:
   - убиства;
   - физички напади или тепачки со нанесување на тешки или на лесни телесни повреди;
   - присилба и заканување;
   - малтретирање и изживување;
   - омаловажување, навредување и напади на полициски и други службени лица како и напади на спортисти;
   - загрозување со оружје или со опасни орудија при кавги и учество во тепачки;
   - неовластено носење и употреба на огнено и на ладно оружје;
   - давање на активен и на пасивен отпор на полициските органи при легитимирање;
   - вербални дуели ;
   - насилничко и агресивно однесување под дејство на алкохол и
   - насилно влегување во стадион, без влезница.

---

[166] Козарев Атанас, *Насилството и фудбалскиот хулиганство во Република Македонија – кривично-правен, криминолошки и криминалистички аспект,* Факултет за безбедност, Скопје, 2007, стр. 32

[167] Ангелески Методија, *Карактеристики на насилничките и агресивните однесувања на спортски натпревари и правци на општествената реакција,* Годишник на Факултетот за безбедност, бр.1 од 99/00, стр. 60

2. Вандализам – грубо, насилно уништување или оштетување на туѓи предмети и туѓ имот. Најчести форми на манифестација на вандализмот се следниве:
   - уништување на ѕидови и површини на јавни згради и други простории преку пишување на разни пораки и симболи;
   - газење и загадување;
   - превртување и кршење на патнички моторни возила;
   - кршење стакла или оштетување на возила, автобуси и други превозни средства од јавниот сообраќај;
   - фрлање на петарди, ракети, димни кутии и други пиротехнички средства;
   - оштетување и уништување на врати, стакла и друг инвентар на стадионите;
   - оштетување и уништување на инвентар во ресторани и др.
3. Асоцијални однесувања на спортските хулигани:
   - некултурен и нецивилизиран однос во комуникацијата со луѓето за време на одвивање т.е. одигрување на еден спортски натпревар;
   - бегства од дома или од училиште заради следење на натпревари;
   - непочитување на наставниците и вработените;
   - скитање и недолично однесување по завршувањето на спортските натпревари и посетување на кафеани, билијард клубови и други места за забава.

Криминологијата како наука има за цел да дојде до позиција да понуди одредени одговори кои примарно се однесуваат на причините коишто ја предизвикуваат појавата, како и да ги презентира неговите најзначајни феноменолошки карактеристики. Од тој аспект можеби најприфатлива дефиниција за значењето т.е. за предметот на криминологијата дал Едвин Сатерленд во неговата трипартитна поделба на криминологијата. Сатерленд криминологијата ја дели како „наука за процесите за донесување на законите, кршење на законите и реагирање на кршењето на законите“[168].

[168]Stephen E. Brown, Finn – Aage Esbensen, Gilbert Geis, *Criminology – Explaining Crime and its Context*, Matthew Bender & Company, Inc., a member of the LexisNexis Group
New Providence, NJ, 2010, 8

Во контекст на одредување на предметот на криминологијата со своја дефиниција излегува и проф. Алексоски, којшто криминологијата ја определува како „наука којашто се занимава со систематско истражување на криминалитетот како општествена појава и индивидуалното поведение, ги истражува криминалната етиологија (детерминизмот на криминалното поведение), криминалната феноменологија (појавните облици на криминалот), криминолошката методологија (методите и техниките на истражувањето на криминалот) и криминалната политика (мерките што државата треба да ги преземе за сузбивање и спречување на криминалот)“[169].

Често пати, посебно помеѓу граѓаните се врши извесно поистоветување на поимот насилство, со поимите агресија, вандализам, како и со поимот хулиганство. Иако овие поими на некој начин делуваат и оставаат впечаток дека се сродни и блиски, сепак постојат одредени карактеристики кои придонесуваат во насока на нивно разграничување и нивно прецизно определување. Во делото[170] на Зоран Мисиќ, „Насилство и недостојно однесување на навивачите како фактор на загрозување на безбедноста“ авторот успеал да ги претстави суштинските разлики помеѓу поимите насилство, агресија, вандализам и хулиганство и на тој начин дал свој придонес во обидот да се дојде до една позиција која ќе биде корисна како за стручните лица, така и за обичните граѓани, кога се занимаваат со оваа проблематика да не се доведат до конфузија и да не се најдат во позиција да не можат терминолошки да ги разликуваат појавите кои секојдневно се случуваат.

Терминот вандализам доаѓа од латинскиот збор Vandali, што пак е назив на племето што го нападна и опљачка Рим. Кога се анализира значењето на вандализмот како поим, многу е важно да се земат предвид трите централни елементи кои ја сочинуваат условно речено структурата на поимот вандализам. За да зборуваме за вандализам како појава, неопходно е да бидат исполнети следниве услови[171]:

- дејствување со намера;
- предизвикување на штета;
- сопственост над имотот.

---

[169] Алексоски Стеван, *Воведување во криминологијата, предмет, историски развој и теоретски концепти на криминолошката научна мисла*, Штип, 2009, стр. 15

[170] Мисиќ, Зоран, *Насиље и недолично понашање навијача као фактор угрожавања безбедности,* Универзитет у Београду, Факултет безбедности, Београд, 2010, оп. цит. стр. 46

[171] Goldstein, A. P., *The psychology of Vandalism,* Plenum Press, New York, 1996

Дефиницијa која го определува вандализмот како „своевиден вид на силеџиство и агресија кое е насочено кон уништување на различни материјални општествени вредности“[172] претставува уште еден обид да се изврши своевидно појмовно разграничување помеѓу поимот насилство и поимот вандализам.

Насилството и недостојното однесување на спортските терени често пати како поим го доведуваат во извесна корелација, често и во нераскинлива врска со поимот хулиганство. Но, во основа станува збор за два различни поими. Така, кога зборуваме за хулиганството како општествено негативна, првенствено штетна појава, првата асоцијација за овој поим претставува Велика Британија т.е. Англија. Но, терминот за првпат заживува како резултат на судскиот процес којшто се водел против Patric Hooligan (некаде се среќава како Patric Hoolihan), којшто претставувал криминалец со ирско потекло којшто живеел во предградието на Лондон (Southwark) во 19 век. Хулиганството претставува повеќе општествен отколку правен поим. Термините[173] хулиганство и хулиган честопати биле користени флексибилно и неодредено. Хулиганството започнал да биде дел од секојдневниот живот и говор, посебно во Велика Британија т.е. Англија кон крајот на 60-тите години кога овој поим се користел и се носел во корелација со навивачките групи од Островот, коишто покрај со другите карактеристики станале познати и по манифестацијата т.е. употребата на насилство пред, за време, но и по завршувањето на спортскиот (фудбалскиот) натпревар. Треба да го споменеме и фактот дека терминот „хулиганство“ во Англија најчесто бил употребуван и користен од страна на политичарите и медиумите и тие имаат голема, ако не и пресудна улога за неговото заживување т.е. за негово прифаќање од широките народни маси. Нема да биде грешка ако кажеме дека до денес нема некоја конкретна и општоприфатена дефиниција т.е. определување на хулиганството како појава. Не постои легална дефиниција за тоа што претставува хулиганството, не постои некое конкретно разграничување со одредени идентични појави и како термин денес се користи за „покривање“ на сите негативни појави кои се поврзуваат со фудбалот[174]. Рамон Спааиј, научник којшто го истражува фудбалскиот хулиганизам како социјален феномен, хулиганството го определува како насилство на социјално ниво, организирано од навивачки групи во фудбалот, главно насочено кон спротивставени

---

[172] Милосављевиќ, М., *Девијација у друштво,* Драганиќ, Београд, 2006

[173] Мисиќ, Зоран *Насиље и недолично понашање навијача као фактор угрожавања безбедности,* Универзитет у Београду, Факултет безбедности, Београд, 2010, оп. цит. стр. 52

[174] Dunning, Eric, *Towards a social understanding of football hooliganism as a world phenomenon,* European Journal on Criminal Policy and Research, vol 8, 2000, page. 141 – 162

навивачки групи[175]. Во Извештајот на Советот на Европската Унија кој се однесувал на прашањата поврзани со хулиганството во земјите членки од 2002 година се прави обид да се дефинира поимот хулиганство. Така, во горенаведениот Извештај, под поимот хулиганство се подразбира насилство врз други лица, оштетување на имот, престапи со алкохол и дрога, нарушување на јавниот ред и мир, кражба и проверка на билети (спречување на фалсификување) и сл.[176]

Што се однесува пак до поимот којшто нам ни е предмет на интерес и којшто во ова наше истражување зазема централно место, можеме да кажеме дека до денес се понудени голем број на дефиниции преку коишто различни автори од различни научни дисциплини се обидуваат да го дефинираат и определат насилството како поим. Од криминолошки аспект, постојат голем број на дефиниции коишто го определуваат насилството како поим т.е. насилничкиот криминалитет како општествено штетна појава. Така според проф. Алексоски „основа на насилничкиот криминалитет претставува насилството изразено преку агресивноста и агресивното однесување на сторителите на кривичните дела“[177].

Криминалитетот кој во себе содржи, односно кој се манифестира преку „експлоатација“ на различни видови на насилство или воопштено кажано насилничкиот криминалитет може да се дефинира и како „екстремен облик на исполнување на агресијата, при што овој облик на криминалитет ги опфаќа оние криминални активности коишто со употреба на средства за физичка или психичка принуда, односно со примена на сила или закана дека силата ќе биде употребена, ги повредуваат односно го загрозуваат интегритетот на луѓето“[178].

„За да се сфати значењето на насилничкиот криминалитет, но и да се сфати комплетноста на неговата феноменологија, секогаш треба да се има предвид фактот што овој криминалитет во последно време постојано ги проширува подрачјата и односите во кои се појавува. Затоа за криминологијата можеби најприфатлива е онаа

---

175 Spaaij, Ramon., *Understanding football hooliganism: a comparation of six Western European football clubs,* University of Amsterdam, 2007, page 11

176 Council of the EU (2002a) Resolution of 6 December 2002 concerning a handbook with recommendations for international police cooperation and measures to prevent and control violence and disturbances in connection with football matches with an international dimension, in which at least one Member State is involved, OJECC 22

177 Алексоски, Стеван. *Воведување во криминологијата, предмет, историски развој и теоретски концепти на криминолошката научна мисла*, Штип, 2009, стр. 15

178 Nikolic-Ristanovic, Vesna., Konstantinovic-Vilic, Slobodanka., *Kriminologija,* Centar za Publikacije Pravnog Fakulteta u Nisu, 2003, str. 116

дефиниција која го определува насилството во најопшта смисла. Тоа се оние кривични дела кај кои заради постигнување на одредена цел се користи напад на жртвата или со него се заканува. Значењето и интересот на криминологијата за насилничкиот криминалитет се зголемува со фактот што насилството стана составен дел на многу видови на криминалитет и на тој начин со неговата примена на тие видови на криминалитет им дава феноменолошки карактеристики што ги чинат тешки и сложени за откривање и за спречување, бидејќи секогаш носител на насилството е човекот, наоружан со многу опасни средства“[179].

Се разбира, денешните криминолози кога го истражуваат насилството како општествен, но и како индивидуален феномен, во прв ред секогаш го имаат во вид криминалитетот против животот и телото (убиство, телесна повреда, тешка телесна повреда), но нивното разјаснување и проучување на овој поим се проширува на разбојништвото и на разбојничката кражба, со што се ставаат во однос двата најстари видови на класичниот криминалитет[180]. Кривичните дела против јавниот ред и мир исто така претставуваат област каде што има појава односно каде што насилството како феномен се јавува во процесот на исполнување на диспозитивот на одредени дела кои се предвидени во главата на кривични дела против јавниот ред и мир. Таков е случајот со кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските терени (член 386 од КЗ на Р. Македонија). Насилството на спортските терени во Р. Македонија не бил и не е некој нов феномен, но она што е различно при проучувањето на оваа појава е самиот пристап на државата кон него. Имено, на почетокот од независноста на Р. Македонија во стручната и научната јавност немало, односно постоел мал интерес за проучување на оваа појава. Таквата позиција првенствено на државата ја разбираме и на некој начин ја оправдуваме имајќи ја предвид тогашната ситуација и политичките предизвици со кои се соочувала нашата земја во тој период, кои во секој случај имаа приоритет.

---

[179] Арнаудовски, Љупчо. *Криминологија,* Скопје, 2007. стр. 329

[180] Петревски, Благојче, *Криминалистички карактеристики на кривичното дело тешка телесна повреда за периодот од 2004 до 2010 година на територијата на Република Македонија*, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Факултет за безбедност, Скопје, март 2013 година, стр. 49

## 4.1. Етиолошки карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Р. Македонија

Насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Р. Македонија претставува феномен кошто го предизвикува вниманието во поново време, посебно кога станува збор за Р. Македонија. Имено, како што веќе знаеме насилството и недостојно однесување на спортските натпревари е препознаено од страна на законодавецот во 2004 година, кога за првпат бил и донесен посебен закон којшто се однесува конкретно на ова кривично дело. Во законското решение наведени се поведенијата коишто ќе се сметаат односно коишто ќе се третираат како насилство и како недостојно однесување на спортските натпревари. Но, до денес нема или недоволен е бројот на научни и на стручни трудови кои се обиделе да ги дефинираат односно да ги определат факторите коишто непосредно влијаат за појава на ова кривично дело.

Истражувањата за криминалот во различни општествени и културни средини покажуваат дека одредени социјални, економски и политички услови посебно го погодуваат и дополнително го поттикнуваат процесот на појава на криминал[181]. Општествената нееднаквост, големите социјални разлики, сиромаштијата, невработеноста, војните, културното заостанување, константните политички кризи, корумпираната и криминална власт, институционалните дезорганизации претставуваат погодни фактори кои придонесуваат или кои може да придонесат појава на криминал или на некои други девијантни појави. Претходно наведените состојби кои се секојдневие во македонското општество придонесуваат за појава на различни видови на криминалитет, меѓу кои секако дека спаѓа и насилничкиот криминалитет, конкретно кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Насилството и недостојното однесување на спортските натпревари како кривично дело коешто е предвидено во член 386, односно во глава XXXIII од Кривичниот законик на Р. Македонија иако не е составен дел од кривичните дела каде што доминира елементот на насилство, како што се пример кривичните дела против животот и телото, сепак во начинот на којшто се доаѓа до исполнување на законската диспозиција на ова кривично дела, насилството претставува важен, би рекле клучен

---

[181] Петревски, Благојче, *Криминалистички карактеристики на кривичното дело тешка телесна повреда за периодот од 2004 до 2010 година на територијата на Република Македонија*, Универзитет „Св. Климент Охридски", Факултет за безбедност, Скопје, март 2013 година, стр. 53

елемент во процесот на исполнување на кривичното дело. Фактот што насилството претставува клучен елемент во извршување на битието на ова кривично дело, потребно е при процесот на анализа на самото кривично дело да се посвети одредено внимание на насилството како феномен. Имено, според проф. Арнаудовски, „корените на криминалитетот на насилство не се од еднозначна природа“[182].

Во криминологијата, но и во реалниот живот, насилството најчесто се поврзува со агресивноста како карактеристика на човекот. Агресијата е потребна за одржување на животот и заштитата на телесниот интегритет на индивидуата, но истата ако ја помине границата на потребна агресивност, тогаш станува штетна или опасна појава, како за агресивната индивидуа, така и за околината во која живее[183].

Насилниот криминал или криминалот на насилство во основа претставува „екстремен облик на исполнување на агресијата“. Овој облик на криминал ги опфаќа сите криминални активности кои, со средства за физичка или психичка принуда, односно со примена на сила или закана дека ќе биде применета сила, повреден или загрозен интегритетот на личноста[184].

Ако во процесот на анализа на факторите коишто придонесуваат во насока на појава на криминалитет од различна форма и природа како почетна точка ја земеме дефиницијата на проф. Арнаудовски, тогаш факторите коишто придонесуваат кон појава на криминалитет можеме да ги поделиме во две поголеми групи и тоа:

1. Социјални или егзогени односно објективни фактори во кои во прв ред спаѓаат макросоцијалните фактори (општествено-економските, политичките и културните), како и микросоцијалните фактори (во прв ред семејство и образование);
2. Индивидуални или ендогени односно субјективни фактори во кои спаѓаат карактерните особини на личноста.

---

[182] Арнаудовски, Љупчо, *Криминологија,* Скопје, 2007, стр. 326
[183] Аслимоски, Пере, Станојоска, Ангелина, *Криминологија,* Правен факултет – Кичево, Центар за научноистражувачка работа на ПФК, Битола, 2019, стр.74
[184] Nikolic-Ristanovic, V. Kostic, M. I Konstantinovi-Vilic, S. *Kriminologija,* 4[th] ed. Beograd, Prometej, str. 112

### 4.1.1. Политичките процеси како причина за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари

Кога зборуваме односно кога се обидуваме да го определиме влијанието на одредени општествени фактори т.е. процеси врз која било општествена појава, па и врз насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, треба да бидеме свесни и да го прифатиме фактот дека ова влијание не може да биде до крај определено и прецизно дефинирано.

Ако го анализираме периодот што ни предмет на интерес во ова наше истражување, посебно ако посветиме одредено внимание на политичките процеси кои биле карактеристични за периодот од 2004 до 2015 година, сметаме дека ќе дојдеме до одредени сознанија и информации коишто во најмала рака ќе можат односно ќе ни потврдат извесна корелација и извесна врска помеѓу политичката ситуација и појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Политичките процеси како такви може да бидат анализирани од различен аспект и со различен пристап, но наша интенција во ова истражување е да откриеме макар и најмала поврзаност на политичките процеси со појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Учеството на навивачките групи во значајните политички процеси и промени кои се случувале изминатиов период на Балканот го гледаме и во примерот на заедничкото учеството на навивачите на „Црвена ѕвезда“ и на „Партизан“ во протестите коишто во 2000 година ги организираше српската опозиција. Имено на 5 октомври 2000 година кога бил организиран најголемиот протест против владеењето на Милошевиќ, на улиците на главниот српски град имало голем број припадници на навивачките[185] групи како од Белград, така и од останатите краеви на Србија. Посебно се истакнува присуството и значењето кое што во тие протести го имала навивачката група „Делије“.

[185] Навивачите на „Партизан“ биле активни за време на овие протести, но нивниот активизам и нивниот придонес не може(л) да се споредува со придонесот којшто го имале навивачите на „Црвена ѕвезда“. Постојат неколку причини кои до денес се дискутираат зошто навивачите на „Партизан“ биле помалку активни во овие протести и на крајот од сите дискусии се доаѓа до два заклучоци. Првиот е дека тогашен т.е. долгогодишен претседател на клубот бил Мирко Маријановиќ, првиот човек од доверба на Слободан Милошевиќ, а вториот заклучок е дека Гробарите како навивачка група не се карактеризираат со изрезена хиерархија и дека било многу тешко да се обезбеди единствен и заеднички став.

‚Учеството на навивачите во првите борбени редови̇на протестите против Милошевиќ, многу брзо доби митски стастус, а неколку месеци по соборувањето на Милошевиќ, конкретно во декември месец 2000 година во културниот центар „REX“ од страна на водечкиот демократски медиум Б92, на навивачката група „Делије“ им била доделена награда за животно дело, односно оваа група била прогласена за „херој на демократијата“[186].

Првите навивачки групи во Р. Македонија уште кога нашата земја била дел од Југославија се формирале кон средината на 80-тите години на минатиот век, а првите навивачки групи се формирале во Битола, а нешто подоцна и во Скопје.

Не е случајно што првата навивачка група била формирана во Битола. Имено, навивачката група „Чкембари“ т.е. нејзиното појавување може да се анализира и да се гледа од призмата на некој вид реакција против системот, односно реакција против тогашната политика. Оваа навивачка група во почетокот на нејзиното формирање и во првите години од нејзиното постоење, но и денес се карактеризира со изразена позиција на преферирање на локалпатриотизам и отпор на централната власт, односно отпор на политиките коишто доаѓаат од „горе“. Дополнително, ако ја анализираме политичката позиционираност на групата и ако се анализираат активностите на т.н. подгрупи од коишто е составена оваа навивачка група, многу лесно ќе забележиме дека оваа навивачка група го почитува односно им се приклонува на десната идеологија. Најдобар начин да се забележи оваа идеолошка ориентација на оваа навивачка група е да се набљудуваат транспарентите и знамињата коишто ги поставува на т.н. ограда на стадионот, како и дел од навивачките песни коишто ги пее за време на некој спортски натпревар, а кои во одреден дел се со изразена доза на расизам и национализам. Но, во оваа насока мораме да споменеме дека кога се врши анализа на одредена навивачка група, посебно кога истата се врши во контекст на определување на нејзина политичка т.е. идеолошка матрица којашто ја негува и којашто ја поддржува и ја смета за своја, не е коректно да се применува генерализацијата како метод, односно треба и мора да се има предвид дека групата пред сѐ е составена од поединци и дека често има случаи кога дел од членовите на групата не се поистоветуваат со одредени политички или пак идеолошки ставови.

*Слика 1. Навивачка група „Чкембари“ со фашистички обележја*

[186] Џорџевиќ, М. Иван, *Улога фудбала у конструкцији локалног и глобалног идентитета у савременој Србији,* Универзитет у Београду, Филозофски факултет, Београд, 2014, стр. 74





*Слика 2. Навивачка група „Чкембари“ со парола против бегалците*







Навивачката група „Комити“ од Скопје претставува навивачка група која заедно со битолските „Чкембари“ се двете најголеми и најзначајни навивачки групи во Р. Македонија. Карактеристично за оваа навивачка група е фактот што истата големо значење и внимание посветува на националните елементи коишто како група се труди доследно да ги почитува и да ги употребува. За време на натпреварите коишто ги игра ФК „Вардар“, а во последно време и РК „Вардар“, се забележуваат транспаренти и знамиња на коишто се исцртани ликовите на македонските револуционери, дејците од историското ВМРО, Гоце Делчев, Даме Груев, Јане Сандански, а исто така често пати за време на натпреварите оваа навивачка група знае да подигне одредена парола која најчесто претставува мисла искажана од горенаведените револуционери.

Што се однесува до политичката идеологија, оваа навивачка група е поблиска до десницата односно најголемиот број на нејзини членови се поистоветуваат со десничарската (конзервативна) идеологија. Интересен момент во историјата на оваа навивачка група е фактот што истата за време на распадот на Југославија имаше т.е. презентираше јасен став за суверена и независна Р. Македонија, а исто така тој континуитет како група го задржа и за време на последните случувања на политичката сцена во Р. Македонија, посебно поврзани со промената на името на нашата земја.

*Слика 3. Навивачка група „Комити" пароли со политичка содржина и политички пораки*




Во периодот којшто нам ни е предмет на интерес можеме слободно да кажеме дека има голем број на политички настани во коишто навивачките групи биле зло(употребени) од страна на политичките партии, а во насока на реализација на одредени политички цели. Имено, јасно е дека навивачките групи насекаде во светот па и во Македонија се „врзуваат" односно имаат одредени конекции со политиката. Не постои навивачка група којашто може да ја негира оваа поврзаност со политиката. Во Р. Македонија постои и пример каде што поранешен водач[187] на навивачка група станал пратеник во Собранието на Р. Македонија на тој начин што бил предложен односно бил на листа на одредена политичка партија.

Периодот од 2004 до 2015 година во Р. Македонија од политички аспект анализиран можеме слободно да кажеме дека се карактеризира со извесна специфичност и динамика на политички настани кои имале одредено влијание врз процесот на појава на насилство и недостојно однесување од страна на навивачките групи во земјата, односно директно или индиректно политичките процеси придонеле во насока на дополнително зголемување односно поттикнување на насилството. Ако

[187] Тарчуловски, Јохан, пратеник во пратенички состав 2016-2020 во македонското Собрание, достапно на: https://www.sobranie.mk/vmro-dpmne-2016.nspx

треба со еден збор да ја дефинираме или да ја опишеме политичката состојба во којашто се наоѓала Р. Македонија во периодот што ни е предмет на интерес, можеби најдобар термин за таа намена е сериозна, но во исто време и сложена политичка состојба како на внатрешен план, така и на надворешен план. Во овој временски период се случиле одредени политички процеси и одредени настани коишто имале, а некои од нив и до денес имаат одредено влијание врз целокупното живеење во нашата земја.

Хронолошки гледано, во 2004 година во Р. Македонија настапила одредена политичка криза којашто беше резултат на несреќната смрт на тогашниот претседател Борис Трајковски, којашто кулминираше со предвремените претседателски избори, кои пак сами по себе беа проследени со извесни нерегуларности и со појава на насилство на одредени избирачки места, посебно во западниот дел на земјата. По изборот на новиот претседател, тогашното владејачко мнозинство започна процес за донесување на Закон за територијална поделба на земјата односно за прекројување на границите на дотогашните општини и намалување на нивниот вкупен број од 120 до 2004 година на 84 општински единици на ниво на земјата. Овој процес е интересен од аспект што предизвика намалување на бројот на дотогаш доминантните македонски општини во Западна Македонија, со што најголемиот број од нив, посебно Струга и Кичево станаа општини каде што мнозинството од населението се Албанци. На новиот Закон за територијална организација на локалната самоуправа[188] му претходеше процес на неуспешен референдум[189] којшто во тој временски период беше поддржан од страна на опозицијата.

Дополнително на внатрешен план ситуацијата во 2004 година беше обременета и со безбедносната криза којашто во тој период беше актуелна во скопското село Кондово[190].

---

188 Закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, „Службен весник на Република Македонија" бр. 55/2004, 12/2005, 98/2008 и 106/2008, достапно на: http://mls.gov.mk/images/laws/Konsolidiran_Zakon_za_teritorijalna_organizacija.pdf

189 Детален извештај за Референдумот којшто се одржа на 7.11.2004 година има изготвено канцеларијата на OSCE во Р. Македонија, во којшто попрецизно и поконкретно можат да се прочитаат поважните аспекти кои се однесуваат на Референдумот, како што се: првичните заклучоци, наодите, правната рамка, органите за спроведување на референдумот итн., достапно на: https://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/22792?download=true

190 Getting to the Bottom of Kondovo: Conflicting Theories, Murky Motives, available at: Getting to the Bottom of Kondovo: Conflicting Theories, Murky Motives

Наредната 2005 година на македонската политичка сцена беа организирани првите локални избори кои се одржаа по донесувањето на новиот Закон и кои од една страна донесоа извесни новини кои се однесуваа пред сѐ во начинот на одлучување на локалните заедници, односно со новиот Закон беше предвидена извесна децентрализација и носење на одлуки во интерес на граѓаните и без директно мешање на централната власт.

Периодот од 2006 до 2008 година во Р. Македонија беше период којшто беше одбележан со длабоката внатрешно-политичка криза во којашто западна земјата. Имено, на парламентарните избори победи опозициската ВМРО – ДПМНЕ, но во коалицијата за формирање на Влада и обезбедување на парламентарно мнозинство, победничката партија одлучи да ја земе ДПА, наместо ДУИ којашто беше победничка партија т.е. партија којашто освои најголем број на пратенички мандати кај албанскиот електорат. Со овој чекор се предизвика политичка криза којашто кулминираше со протести во текот на тие две години, за на крај во 2008 година да се одржат предвремени парламентарни избори и во власта да влези ДУИ. Изборите кои се одржаа во 2008 година претставуваа изборен циклус којшто се карактеризирал со голем број на неправилности, како и со појава односно со манифестација на насилство на одредени избирачки места. Нерегуларностите коишто се случиле за време на изборниот процес во Р. Македонија во 2008 година биле содржани и во официјалниот Извештај на Европската Унија за Р. Македонија[191].

Во полето на надворешната политика кога е во прашање Р. Македонија се чини дека ситуација е малку појасна и поедноставна за објаснување. Имено Р. Македонија уште по нејзиното осамостојување во 1991 година декларативно се определи за евроатлантските институции односно сите политички фактори, а и мнозинството од населението коешто живее во Македонија се определени за влез во НАТО и во ЕУ. Во контекст на оваа определба Р. Македонија како поранешна земја членка на Југославија прва уште во 2001 година го потпиша Договорот за стабилизација и асоцијација[192] којшто стапи на сила во 2004 година. Дополнително, Р. Македонија поднесе и апликација за членство во Европската Унија, а на таа линија во 2004 година тогашниот европски комесар Романо Проди го предаде Европрашалникот. Македонските државни

---

[191] Прв извештај од следењето на процесот на пристапување на Македонија во ЕУ, достапно на: http://soros.org.mk/dokumenti/Prv-izvestaj-MK-9.pdf

[192] Jasmina Friscik, Lidija Dimova, On the road to the EU – Monitoring Equal Opportunities for women and men in Macedonia, 2006, str. 8

институции беа исправени пред предизвикот да ги одговорат прашањата кои беа содржани во Прашалникот и на тој начин да ја доближат земјата поблиску до процесот на отворање на пристапни преговори со ЕУ. Во 2008 година на Самитот на НАТО во Букурешт – Романија, Р. Македонија доби вето од страна на Грција и со тоа не успеа да стане полноправна членка на НАТО Алијансата. Како причина за ваквиот начин на гласање на соседна Грција се наведуваше спорот околу името на нашата држава.

„Политичките процеси и судири меѓу групите и поединците на разни партии во нашето општество условуваат појава на некои видови на политички и насилен криминал, особено кај луѓето кои се зафатени, инспирирани и со одредено политичко убедување“[193].

Според наше мислење многу значајна причина за појава на извесна политичка нетрпеливост во Р. Македонија како на политичката сцена т.е. помеѓу политичките партии, така и помеѓу населението коешто живее во нашата земја е фактот што со осамостојувањето на Р. Македонија процесот на формирање на политичките партии се одвивал на тој начин што речиси сите политички партии биле формирани со нагласен етнички елемент, односно политичките партии во почетокот на осамостојувањето па сè до денес (со одредени мали исклучоци) се обраќаат само кон една етничка заедница, едните само кон Македонците, а политичките партии на Албанците во Р. Македонија се обраќаат исклучиво кон албанското гласачко тело и во рамките на своите теренски активности дејствуваат регионално т.е. немаат свои претставништва на целата територија на земјата. Ваквиот пристап ја поттикнува и ја зголемува сегрегацијата на македонското општество и придонесува на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат граѓаните на земјата да се пристапува со дијаметрално спротивставени гледишта и позиции. Поларизацијата помеѓу граѓаните, посебно поларизацијата којашто е предизвикана односно којашто во себе содржи етнички елементи нуди голем број на отворени можности за појава на конфликти помеѓу населението во земјата и тоа конфликти на секое поле и во секое време. Токму ваквата ситуација лесно се пресликува и на спортските терени во Р. Македонија и помеѓу навивачките групи на спортските клубови. Ако се има предвид дека во професионалните спортски лиги во нашата земја, посебно во фудбалските, ракометните и кошаркарските лиги има регистрирани спортски клубови каде што доминираат членови на заедниците, посебно на албанската етничка заедница, натпреварите помеѓу македонски и условно кажано

[193] Алексоски, С., *Криминологија,* Штип, 2009 год., op – cit., стр. 109

албански спортски клуб е натпревар којшто располага со сериозен потенцијал за појава на насилство и недостојно однесување. Притоа, добро е да споменеме дека насилството и недостојното однесување коешто го манифестираат навивачките групи не секогаш се исполнува само и единствено со примена на физичка сила, туку сведоци сме дека на спортските терени низ нашата земја навивачките групи го исполнуваат насилството и преку навредување кон различните од себе, со користење на различни погрдни зборови, коишто во најмала рака предизвикуваат чувство на непријатност, а во одредени ситуации и директна дискриминација како и појава на страв помеѓу останатите гледачи на еден спортски натпревар. Оваа состојба посебно е изразена во Тетово и во Скопје каде што постојат и најголемите спортски клубови на Албанците во Р. Македонија (ФК „Шкендија“ и ФК „Шкупи“). Кога овие клубови играат натпревари со своите најголеми ривали, „Шкендија“ со „Тетекс“, како и „Шкупи“ со „Вардар“, можноста за појава на насилство и недостојно однесување е присутна во секој дел од натпреварот, пред неговиот почеток, за време на неговото одигрување, но и по неговото завршување. Притоа, не можеме со сигурност ниту ние, ниту кој било друг да потврди и да докаже кој е виновен, односно кој прв ја почнал таа, условно речено, навивачка војна. Навивачките групи на гореспоменатите фудбалски клубови имаат познати слогани и познати песни кои ги користат за време на одигрување на овие натпревари („Смрт за каури“, „За Шиптари гасна комора“) кои само придонесуваат во насока на предизвикување на уште поголеми инциденти и појава на голема нетрпеливост на релација Македонци – Албанци.

Влијанието  на политиката или подобро кажано обидот на политиката т.е. на политичарите и политичките елити да ги контролираат навивачките групи и преку нив да се обидат да спроведат одредена политика или да наметнат одредено мислење, одредена идеја, не е состојба која е карактеристична само и единствено во Р. Македонија. Но, во оваа презентација на влијанието на политиката врз појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Р. Македонија сакаме да претставиме неколку примери кои во себе содржат одредени докази или во најмала рака постоеле одредени индиции кои говорат дека политичарите се на линија со навивачките групи и дека истите ги контролираат за извесни „повисоки цели“.

Инцидентот којшто се случи на скопската тврдина „Кале“ на 13.2.2011 година, според наше мислење, претставува еден школски пример за тоа како политиката[194] односно како политичките партии ги искористиле и злоупотребиле навивачките групи за реализација на одредени политички цели. Како причина за инцидентот којшто се случил на тврдината се наведува изградбата на црква - музеј, за што припадниците на навивачката група „Комити“ од Скопје давале поддршка од една страна, а од друга страна пак, навивачката група „Шверцери’’ чии членови се генерално лица од албанско етничко потекло, строго и децидно се противеле на оваа идеја, сметајќи според нив дека тоа претставува директен напад на „нивната територија“, која историски им припаѓа. Објективно гледано, во настанот директно беа вклучени политичари односно тогашни актуелни функционери на власта (пратеник и заменик-министер за внатрешни работи)[195], како директни учесници на настанот, а останатиот дел од политичките функционери учествуваа индиректно, на тој начин што беа „задолжени“ за ослободување на уапсените лица од страна на полицијата. Постоеа[196] и до ден-денес постојат одредени тврдења и одредени мислења кои одат во насока дека конкретниот инцидент бил инсцениран од страна на тогашната коалиција, со цел да се зголеми степенот на мобилизација кај членовите на нивните политички партии посебно кај оние партиски структури коишто се карактеризираат со изразен национализам. Дополнително, инцидентот на скопското Кале беше и една од причините за организирање на предвремените парламентарни избори одржани во јуни 2011 година. Во основа инцидентот беше искористен од страна на политичарите со цел да се создаде една атмосфера на потреба т.е. на неопходност од нови избори со цел да се дефинираат односно наново да се формираат позициите на политичките партии.

[194] Манасиев, Александар, *Политички фудбал: завојуваните навивачки групи на Балканот ги избегнуваат казните,* достпатно на: https://balkaninsight.com/2012/11/30/politicki-fudbal-zavojuvanite-navivacki-grupi-na-balkanot-gi-izbegnuvaat-kaznite/?lang=mk

[195] На настаните на скопското Кале директно учество зеде и тогашниот и денес актуелен пратеник од редовите на ДУИ, г. Артан Груби, кој пак важи за поранешен водач на навивачката група „Шверцери“. Оваа навивачка група на тој настан застана зад НВО „Разбуди се“ која го организираше условно кажано контрапротестот. Дополнително, заменик-министерот за внатрешни работи Џевад Бучи, којшто исто така бил владин функционер од редовите на ДУИ во тогашната Влада, на настанот непосредно и лично учествуваше на тој начин што ослободуваше дел од приведените лица од страна на полицијата. Конкретно, заменик-министерот за внатрешни работи го ослободи тогашниот водач на навивачката група „Шверцери“ г. Омер Буњаку.

[196] Спасовска, Гаџовска, Зорана, *Предизвикани меѓуетнички тензии,* февруари 2011, достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/2308654.html

Дека постоела извесна политичка манипулација којашто била поврзана со конкретниот настан, во едно интервју[197] дадено за Радио Слободна Европа говори и припадник на навивачката група „Комити", извесен Огнен Стојчевски, кој покрај другото упатува на извесна медиумска манипулација којашто била спроведена т.е. изведена од страна на одредени лица блиски со одредена политичка партија.

Треба да забележиме во овој контекст дека судскиот процес што се водеше во врска со овој настан беше иницирант за вкупно 54 лица (27 обвинети припадници на НГ ,,Комити" и 27 обвинети, припадници на НГ ,,Шверцери").

*Слика 4. Артан Груби еден од учесниците на инцидентот на Кале*



*Слика 5. Припадник на НГ ,,Шверцери" директно ослободен од заменик-министерот за внатрешни работи Џевад Бучи*



По овој инцидент се чини дека страстите не се смирија туку напротив како да се создаде една атмосфера од којашто лесно можеше да се очекува дека повторно ќе се случи некој инцидент и повторно истиот ќе биде во организација на навивачките групи, поврзани и поддржани од страна на политичките елити. Интересен момент којшто треба да биде споменат, а којшто во себе содржи одредена политичка реакција т.е. политичка причина за неговата појава е палењето на македонското знаме во

[197] Митевска, Марија, *Политика во навивачките групи,* февруари 2014 год., достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/25272957.html

соседно Косово, за време на одигрување на фудбалски натпревар помеѓу екипите на „Лепенец“ и „Дрита“ на 23.11.2011 година. Чинот на палење на знаме на држава претставува сериозна политичка провокација којашто според наше скромно мислење не може да биде изведена без претходно за истата да се добие некоја конкретна насока и поддршка од институциите т.е. од претставниците на власта. Дополнително, корисно е да споменеме дека сторителот на делото т.е. момчето коешто го запали македонското знаме на конкретниот натпревар не беше институционално гонето од овластените органи на соседната земја. На натпреварот покрај инцидентот со знамето беше истакната и парола со која директно се „нападна“, вербално се разбира, суверенитетот на нашата земја.

*Слика 6. Палење на македонското знаме на фудбалски натпревар на Косово 23.11.2011 година*



*Слика 7. Пароли против Македонија на фудбалски натпревар во Косово*




Дека во Р. Македонија постојат навивачки групи чиишто имиња имаат т.е. „влечат“ корени од историјата и процесите т.е. политиките кои се спроведувале на оваа територија, најдобар пример за таа позиција се навивачите на фудбалскиот клуб „Шкендија“ од Тетово, популарните „Балисти“. Ако одиме наназад во историја и ако го анализираме од етиолошки аспект терминот Балист, ќе дојдеме до заклучок т.е. до податоци кои се поврзани со Втората светска војна и ситуацијата во Македонија во тој

временски период. Имено, Балистите за време на ВСВ застанале на страната на Германија и Италија. Кога се извршила поделбата на Македонија под зони т.е. сфери на влијанија, Балистите заедно со италијанската армија го контролирале западниот дел од нашата земја т.е. градовите Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево итн.

Навивачката група на тетовскиот клуб го избрала и го користи името „Балисти“, а често пати на нивната трибина може да се забележат одредени пароли и одредени транспаренти кои величат поранешни припадници на „Балисти“, како што е случајот со знамето на коешто е нацртан ликот на Џемаил Хасани – Џемо Хаса. Фактот што една од идеолошките матрици на Балистите во минатото им била формирање на Голема Албанија и приклучување на делови од Македонија во таа нова државна творба и денешните „Балисти“ т.е. и денешните членови на навивачката група се чини како да ја поддржуваат таа историска заложба и ја живеат таа идеолошка матрица. Најдобар доказ за оваа позиција е што оваа навивачка група често пати знаела на натпреварите кога игра нивниот клуб да пласира одредени политички (националистички) пароли. Имајќи предвид дека нивна заложба т.е. имајќи предвид дека нивната идеолошка кулминација ќе ја постигнат тогаш кога ќе ја создадат Илирида, навивачката група „Балисти“ има изработено неколку транспаренти на коишто е насликана картата на Голема Албанија, како и транспаренти на којшто пишува дека тие како навивачи не ја прифаќаат и не ја почитуваат Македонија и нејзиниот суверенитет. Најдобар доказ за оваа нивна позиција е интервјуто[198] којшто оваа навивачка група го дала за италијанскиот весник „Ривиста Контрасти“ во кое интервју отворено зборуваат за омразата кон Македонците и кон македонските навивачки групи. Во ова интервју може да се забележи и отворената поддршка којашто оваа навивачка група ја дава за Албанија и за Косово како две албански земји, како и за конекциите на навивачката група со Косовската армија, односно за учеството на членови на оваа група за време на војната на Косово во 1998/1999 година.

[198] Freda, Michelangelo. *Shkendija, don’t call us Macedonians,* available at: https://www.rivistacontrasti.it/shkendija-non-chiamateci-macedoni/

*Слика 8. Навивачка група „Балисти“*




Навивачките групи во Р. Македонија посебно оние навивачки групи во чиј состав апсолутното мнозинство го сочинуваат Македонци имаа своја „улога“ и во деновите кога Р. Македонија беше длабоко погодена од масакрот што се случи на Смилковско Езеро во близина на Скопје. По овој настан којшто се случи на 12.4.2019 година, навивачките групи беа први условно речено организирани групи на граѓани кои излегоа на протести и коишто бараа брза и одлучна реакција на овластените органи во насока на расчистување на случајот. Голем број на навивачки групи во Р. Македонија организираа протестни маршеви, како и помени во врска со овој настан. Овој момент беше искористен од одредени политичари од тогашната власт и опозиција и тоа од различен аспект. Едните почувствуваа дека ја имаат поддршката во борбата првенствено против тероризмот како феномен од којшто е загрозен целиот свет, а другите видоа позиција и можност да ги искористат протестните маршеви на навивачките групи ширум земјата на тој начин што нивното протестирање т.е. нивните барања да ги презентираат како позиција која им оди во прилог, односно како гледиште кое во тој момент го имал мнозинскиот македонски народ и незадоволството коешто било подолг временски период и собирано.

*Слика 9. Протестен марш на навивачката група ,,Чкембари'' за масакрот кај Смилковско Езеро*




Конекциите помеѓу навивачките групи и политичките партии[199], посебно владејачките политички партии изгледа појасна ако се анализира и ако се набљудува бројот на пресуди и бројот на приведени лица кои биле активни на трибините и кои биле носители на одредени појави на говор на омраза и на директна манифестација на насилството. Дополнително, навивачките групи т.е. раководствата на навивачките групи согледувајќи го целокупниот контекст на политичките процеси во нашата земја, како и директната зависност во процесот на обезбедување на работно место од владејачката структура на власт, кокетираат и се приклонуваат кон одредени структури од власта, на тој начин што им излегуваат во пресрет за одредени „потреби“ коишто ги имаат политичките партии, а за возврат добиваат заштита (институционална), но добиваат и одредени работни места т.е. работни позиции.

Дополнителен аспект на политичко влијание врз навивачките групи е и преку учеството на одредени политичари во управните органи на одредени спортски клубови. Во Р. Македонија во последниот период стана пракса единиците на локалната самоуправа да бидат мнозински сопственици на спортските клубови. Во една таква ситуација имавме и имаме забележливо присуство на лица од политичкиот живот во раководните тела на клубовите. Раководењето на спортските клубови преку општините им овозможува на политичарите да бидат дел од организациската структура на клубот и на тој начин непосредно да имаат контакт и влијание врз навивачките групи, преку позициите коишто ги имаат како претставници на спортските клубови, во чиишто управни одбори по правило има и претставник на навивачката група.

---

[199] Митевска, Марија, *Политика во навивачките групи,* Радио Слободна Европа, Скопје, февруари 2014, достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/25272957.html

### 4.1.2. Културните фактори како причина за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари

Навивачката контракултура односно девијантната супкултура претставува уште една област и уште една причина којашто треба да биде анализирана во насока на предвидување, односно определување на нејзиното влијание во процесот на предизвикување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Доколку кон фудбалскиот хулиганство т.е. кон појавата на насилство и недостојно однесување пристапиме и го анализираме од позиција која истото го определува како глобален феномен, тогаш треба да бидеме свесни дека културните карактеристики на навивачките групи имаат одредени заеднички (универзални) точки, кои се исти за сите навивачки групи насекаде низ светот, посебно навивачките групи ширум Европа и на Балканскиот Полуостров. Овој заклучок не е нешто ново и нешто што досега не било забележано или не било нотирано како такво. Напротив, постојат голем број на автори кои ја обработуваат оваа проблематика и кои ги дефинираат т.е. определуваат културните фактори и културните карактеристики на навивачките групи како причина за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

„Разликите во обемот и во формите на појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари треба да се гледаат првенствено во фактот колку супкултурата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари т.е. колку хулиганството е присутен кај одреден колективизам. Разликите во присуството на супкултурата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари се појавува како на национално така и на локално ниво, односно постојат одредени земји каде што овој вид на супкултура е присутна, реална и истата може да се ҆види҆ и да се доживее, но исто така постојат земји каде што на национално ниво појавата и не е толку честа, но постојат одредени локални заедници коишто се карактеризираат со зачестена и сериозна појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари“[200].

Ако го прифатиме горенаведениот пристап на Рамон Спааиј којшто е еден од позначајните научници што се занимава со проучување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари и којшто зад себе има голем број на научни и на стручни трудови и ако неговиот пристап се обидеме да го анализираме од аспект на Р.

[200] Spaaij, Ramon, *Understanding football hooliganism: a comparison of six Western European football clubs*, University of Amsterdam, 2007, page. 31

Македонија како држава, тогаш првичниот заклучок е дека размислувањата на Спааиј се прифатливи и од македонска перспектива. Кога велиме перспектива, првенствено мислиме дека ситуацијата којшто е актуелна во Р. Македонија, односно објективните услови кои владеат во нашата земја и кои владееле во периодот којшто нам ни е предмет на интерес не доведуваат до заклучок дека и културните фактори кои се дел од општествениот систем имале одредено (поголемо или помало) влијание во процесот на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Определувањето на влијанието на културните фактори во појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари првенствено е предизвикано од фактот што овој феномен не е подеднакво застапен на целата територија на Р. Македонија и истиот најчесто се појавувал т.е. се појавува на оние места и во оние локални средини кои се карактеризираат со различни културни вредности. Причината за појава на различни културни вредности на територијата на Р. Македонија првенствено лежи во фактот што нашата земја претставува односно може да се „набљудува“ како еден збир во којшто се мешаат различни религии, различни етникуми, а со тоа и различни култури т.е. различни културни вредности.

Република Македонија е мултиетничка, мултиконфесионална и мултикултурна држава и токму оваа ситуација придонесува македонското општество да биде „поле во кое културните разлики се реално присутни и имаат значајна улога во детерминирањето на севкупните односи во државата“[201]. Но, културните разлики помеѓу населението коешто живее во Р. Македонија не се исти на целата територија од нашата земја. Имено, како што сите добро знаеме во Р. Македонија има региони т.е. има градови, па дури и помали градски јадра (населби) коишто се карактеризираат со изразено присуство на различни етнички заедници, на различни верски заедници и во крајна линија на различни условно кажано културни заедници. Ако во процесот на дефинирање на културните вредности на која било општествена група, во случајот дефинирањето на културните вредности на одредена етничка група, прифатиме дека големо влијание врз тој процес има религиската припадност, во одреден сегмент и јазичната припадност, тогаш и повеќе од очекувано е да заклучиме дека Р. Македонија како земја многу лесно може да се најде (претходно и била) во ситуација да биде

[201] Д-р Цветанова, Ганка, *Културните разлики и општествената интеграција – Македонија пред и по Рамковниот договор,* Скопје, 2007, стр. 9 достапно на: http://oi.org.mk/upload/Ganka-Cvetanova-Kulturnite-Razliki.pdf

исправена пред предизвикот да најде некоја „политика“, некој прифатлив пристап којшто ќе може да одговори на потребите на различните етнички, а со тоа и на различните културни групи.

Постојат различни причини зошто се појавила навивачката супкултура во Европа па и кај нас на Балканскиот Полуостров т.е. и во Р. Македонија. Историската анализа на појавата на навивачката супкултура не враќа назад во 20 век и тоа во Англија, земјата од каде што започна сѐ и земјата којашто до денес се смета и прифаќа за земја „двигател“ на оваа општествено негативна појава. Но, кои се причините и факторите кои придонеле кон процес на појава на навивачка супкултура на територијата на Р. Македонија и кои се нејзините најзначајни карактеристики.

Супкултурните групи само делумно се разликуваат од матичната група или култура, а таа разлика доаѓа како резултат на внесување на одредени нови вредности или пак како резултат на преголемо нагласување на одредени веќе постоечки вредности кај матичната група т.е. матичната култура[202]. Треба исто така да го нагласиме фактот дека до денес не е дефиниран т.е. не е определен теоретски обем којшто може конкретно да го определи присуството на супкултурната група во рамките на големата т.е. општата култура. Единствено за што можеме да зборуваме во оваа ситуација е постоењето на одредени емпириски истражувања коишто можат да дадат одговор на прашањата коишто се поврзани со влијанието на одредени карактеристики на супкултурата во вредностите на општата култура во одредено друштво т.е. во одредена земја и во нејзиниот културен систем на вредности.

Во обидот да дојдеме поблиску до одговор на горепоставеното прашање во нашиот труд ќе се обидеме да ги презентираме најзначајните карактеристики на навивачките групи во Р. Македонија, како и нивните најзначајни обележја кои на некој начин ќе нѐ доведат до позиција да ги определиме културните карактеристики т.е. културните причини и фактори кои придонеле кон појава на т.н. навивачка супкултура која претставува, односно која од своја страна ги олицетворува причините за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Р. Македонија.

Во процесот на анализа на културните фактори ќе започнеме со презентација на дел од истражувањата кои на оваа тема се т.е. биле спроведени во Р. Македонија. На

[202] Божовиќ, Миленко, *Насиље на јавним скуповима и спортским приредбама као претња правном поретку Републике Србије,* Универзитет „Џон Незбит“, Београд, Факултет за право, јавну управу и безбедност, јануар 2016, стр. 69

оваа тема сметаме дека е потребно да бидат споменати ставовите на проф. Атанасовски и проф. Нанев кои во нивниот заеднички труд[203] отстапиле простор за презентација на дел од културните обележја на навивачките групи во процесот на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Конкретно, авторите во нивниот труд ги презентираат карактеристиките на Ултрас движењето, кое го дефинираат како „дел од една посебна навивачка супкултура, што во основа претставува синоним за организираните навивачки групи на фудбалските клубови“[204]. Во продолжение од нивниот труд авторите ги определуваат најзначајните карактеристики на Ултрас движењето, каде што покрај другите се осврнуваат на нивната бројност, којашто може да варира од десетина до неколку илјади, како и на нивната поврзаност со клубовите за коишто навиваат, што пак претставуваат карактеристики својствени само и исклучиво за навивачките групи т.е. за нивната супкултура.

Но, покрај горенаведените карактеристики на навивачките (Ултрас) групи, добро е да споменеме уште една специфичност која е дел од навивачката супкултура, а од која произлегувале, односно од која произлегуваат и директните причини за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Имено, станува збор за презентацијата на машкоста, односно презентација на сила или подобро речено, манифестација на сила и моќ преку учество т.е. преку припадност во одредена навивачка група. За овој феномен, уште во далечната 1995 година во својата докторска дисертација[205] зборувал и Anthony King, којшто покрај другото, големо и значајно внимание посветил и на културните карактеристики на одредена навивачка група коишто се посебни и коишто сами по себе се специфични и во таа насока ја создаваат и ја дефинираат супкултурата на навивачките групи. Притоа, во обидот подобро да ја презентира супкултурата на навивачките групи како важна карактеристика, авторот дополнително прави една историска дигресија, притоа анализирајќи ја промената на структурата на навивачките групи, и тоа онаа промена од крајот на 70-тите години на минатиот век, со „изгледот“ т.е. со структурата на навивачките трибини кон почетокот на 90-тите години. При таа анализа, авторот потенцира дека денешните клубови сѐ повеќе се приклонуваат кон капитализмот и истите претставуваат посебни фирми т.е. корпорации, како и тоа дека припадноста на клубовите само и исклучиво на

[203] Атанасовски, Иван, Нанев, Лазар, *Фудбалски хулиганство,* Скопје, 2017, стр. 70 – 74
[204] Атанасовски, Иван, Нанев, Лазар, *Фудбалски хулиганство,* Скопје, 2017, стр. 70
[205] King, Anthony. *The Premier League and the new consumption of football,* University of Salford, Institute for Social Research, 1995

работничката класа е одамна поминат период. Во тој контекст, Anthony King посочува дека „песните коишто ги пеат навивачките групи (нивната убеденост кон припадноста, како и фреквенцијата со којашто ги пеат) го демонстрира нивниот статус. Секоја песна или најголемиот дел од песните кои се составни сегменти на навивачката супкултура, првенствено имаат за цел да ја презентираат нивната супериорност (супериорноста на навивачката група), а со тоа и супериорноста на тимот за којшто навиваат. Нагласувањето на машкоста и потребата за успешен тим ги „принудува“ членовите на навивачката група да ги прифатат новите објективни околности, односно да ја прифатат деловната ориентираност на клубовите, односно го прифаќаат примарниот економски (капиталистички) интерес на клубовите и за истиот не 'дискутираат' сè до оној момент до кога клубовите бележат соодветни успеси“[206].

Навивачките групи во суштина претставуваат една супкултурна група во која се „негува“ односно се фаворизира и се применува, а во крајна линија и се почитува еден различен систем на вредности. Причините за постоењето на тој т.н. различен систем на вредности е „претставен“ преку „потребата на навивачките групи да менуваат сè во општеството т.е. во опкружувањето“[207]. Кога зборуваме за менување на одредени општествени состојби и процеси, а кога во контекст на тоа менување во прв план го имаме предвид навивачкото дејствување и начин на однесување, тогаш мораме да го потенцираме фактот дека навивачките групи односно нивната супкултура т.е. нивниот систем на вредности ги „оправдува“ средствата коишто се користат во насока на промена на онаа ситуација којашто за нив т.е. којашто според нив не е прифатлива. Во основа, навивачките групи на тој начин го дозволуваат т.е. релативизираат, а во одредени ситуации и го стимулираат насилството во насока на остварување на своите цели. Притоа, треба да нагласиме дека постои извесно несогласување околу целите на самите навивачки групи, односно околу промените коишто треба да ги донесат. Разликата се јавува како резултат на различниот пристап кон одреден проблем, различната позиција на согледување на одредена ситуација и различната идеолошка, а во одредена ситуација и различната политичка припадност (поврзаност) на навивачката група. Така, ако го прифатиме фактот дека денес во светот, конкретно во Европа, постојат навивачки групи кои меѓусебно се разликуваат во одредени идеолошки

[206] *Ibid*, „op. – cit.“, str. 275
[207] Божовић, Миленко., *Насиље на јавним скуповима и спортским приредбама као претња правном поретку Републике Србије,* Универзитет „Џон Незбит“, Београд, Факултет за право, јавну управу и безбедност, јануар 2016, стр. 69

вредности, односно во одредени политички ставови (поголемиот број т.е. мнозинството навивачки групи во Европа, аналогно на тоа и на Балканот и во Р. Македонија се десничарски, постојат и навивачки групи, посебно во Грција и Франција, како и Холандија, коишто пропагираат левичарски ставови и вредности), тогаш е многу тешко да се одреди што и како треба да се менува, односно кои средства и начини т.е. пристапи треба да се искористат во насока на реализација на таа промена.

Супкултурата на навивачките групи, аналогно на тоа и на навивачките групи во Р. Македонија е составена од одреден идентитет којшто го градат, односно којшто го создаваат навивачките групи. Во насока на добивање на една појасна слика за каков вид на идентитет зборуваме, односно што подразбираме под навивачки идентитет конкретно, кој пак е составен дел на навивачката супкултура, во секој случај ќе се послужиме со ставовите на Рамон Спааиј, којшто определува три вида (елементи) на навивачкиот идентитет како дел од навивачката супкултура и тоа[208]:

1. „Идентификацијата" како термин и обидот на социјалните научници да ги определат актерите коишто ќе ги дефинираат условите кои ќе ја определуваат идентификацијата како таква;
2. „Саморазбирањето" како карактеристика на навивачката група како посебен идентитет. Во овој идентитетски елемент е присутен моментот на субјективност односно навивачките групи т.е. нивните членови потребно е да се саморазбираат и на тој начин да се почитуваат, како дел од една група, со посебна култура и со посебни потреби и вредности;
3. „Заедништво" преку кое се означуваат т.е. преку кое се нотираат заедничките елементи на навивачката група како посебна социјална група, односно елемент којшто во основа се однесува, односно го дефинира „чувството на припадност" кон групата. На тој начин во рамките на групата (навивачката група) се создава т.н. групен идентитет, којшто е причина и којшто претставува „влезна врата" за губење на личните карактеристики на членовите на таа социјална група.

[208] Brand, Alexander. Niemann, Arne., *Football and National Identity in Europe,* More Than a Game – sport, society and politics, Konrad Adenauer Stiftung, 2014, page. 45

Сите претходно наведени елементи кои го сочинуваат навивачкиот идентитет т.е. идентитетот на навивачките групи, кој пак претставува составен дел од супкултурата како карактеристика на навивачките групи се присутни и можеме преку примери да ги определиме и помеѓу навивачките групи од Р. Македонија, посебно кај оние навивачки групи коишто важат за поголеми односно поорганизирани навивачки групи.

Првиот елемент, односно идентификацијата на секоја навивачка група и формирањето на навивачкиот идентитет како дел на навивачката супкултура се формира во оној момент кога се формира(ла) и навивачката група. Во идејата т.е. во потребата да биде формирана одредена навивачка група треба и мора да ги бараме почетоците на идентификацијата како таква. Различни биле и различни се мотивите за формирање на одредени навивачки групи, како во Р. Македонија, така и надвор од нејзините граници, но се чини дека општ е впечатокот и заклучокот дека најголем број од навивачките групи се формирале како резултат на потребата за отпор кон одреден систем (социјален, политички, во крајна линија и културен) и на тој начин преку нивното делување и преку нивните активности да се пристапи кон процес на промена на системот или на делови од истиот. Дополнително, во процесот на идентификација големо влијание и значење, посебно кога станува збор за условите во Р. Македонија има припадноста кон одреден регион, конкретно припадноста кон одредена урбана средина т.е. град. Р. Македонија е мала земја и во такви услови ние не можеме да зборуваме дека клубовите во нашата земја имаат навивачи во сите градови односно дека имаат одредени фан бази насекаде низ државата, како што тоа е случај со големите европски спортски (фудбалски) клубови. Во насока на создавање т.е. определување на идентификацијата како почетен елемент на идентитетот којшто е составен или можеби и најважен дел на навивачката супкултура, одредено влијание во нашата земја има и етничката припадност на членовите на навивачката група. Се разбира дека постојат одредени исклучоци, но генерално гледано најголемиот дел од навивачките групи се со чист етнички состав. Кога го зборуваме ова, во прв ред мислиме на структурата на навивачките групи т.е. на етничката припадност на членовите на таа навивачка група и од тој аспект не сме во позиција да донесеме заклучок дека постојат пример Албанци кои навиваат за „Пелистер“ или пак Македонци коишто навиваат за „Шкендија“. Напротив, Македонците, па и Албанците коишто живеат во Р. Македонија преку идентификацијата со навивачката група како и

со фудбалскиот клуб за којшто навиваат, посредно ја искажуваат и својата припадност т.е. на тој начин сакаат да ја потврдат позицијата којашто ја имаат кон одредена состојба во земјата, која е поврзана со спортот, преку којшто се анализираат и многу други општествени и политички односи и процеси. Друг елемент којшто ја надополнува или којшто ја заокружува идентификацијата според наше мислење претставува и секторот т.е. делот од спортскиот објект (стадион или спортска сала) којшто е определен за навивачката група, како и боите на клубот за којшто таа навивачка група постои односно клубот преку којшто таа навивачка група се идентификува. Насекаде во светот, во Европа, па и во Р. Македонија секоја организирана навивачка група си има „свој“ сектор т.е. своја трибина која ѝ припаѓа само на неа и трибина која има големо значење за развојот на самата навивачка група и за пренесувањето на одредени пораки, како кон домашните играчи и управа, така и генерално одредени пораки кои се однесуваат на спротивната навивачка група или пак пораки преку кои се искажуваат одредени мислења и ставови на групата во однос на актуелни политички или социоекономски состојби во земјата. Просторот којшто ѝ е „отстапен“ т.е. којшто ѝ припаѓа на навивачката група од страна на групата се смета за зона во која е строго забранет влез и присуство на друга навивачка група или на полицијата. Тој простор т.е. таа трибина од страна на членовите на навивачката група се доживува како еден вид на лична сопственост и навивачите се подготвени да се борат со сите можни средства и на сите можни начини да си ја заштитат својата територија. Боите на клубот за којшто навивачката група постои претставуваат уште еден елемент во низата којшто го дополнува или го дообјаснува процесот на идентификација. Со истакнување на боите на клубот како и со нивна секојдневна промоција, навивачките групи т.е. членовите на навивачките групи настојуваат да ја манифестираат својата припадност кон одреден клуб и на тој начин да се позиционираат на „терен“. Сите придружни транспаренти, знамиња, навивачки шалови, навивачката гардероба и слично, задолжително мора да бидат во боите на клубот.

Вториот елемент, односно саморазбирањето како дел од навивачкиот идентитет претставува исто така важен аспект во процесот на градење на супкултурните карактеристики на навивачките групи. Саморазбирањето како поим не претставува ништо друго туку една состојба во којашто членовите на една група (во случајот навивачка) меѓусебно ќе бидат, односно ќе се најдат во ситуација да се разбираат, да се

почитуваат, да се поддржуваат и во крајна линија да планираат како да дејствуваат во насока на зголемување на капацитетот кај сите припадници на навивачката група за поголемо разбирање помеѓу нив, со единствена цел за нивно подобра презентација пред останатите навивачки групи, но и генерално пред јавноста. Од степенот на саморазбирање којшто владее во рамките на навивачката група во голема мера зависи и почитта што навивачката група ќе ја добие, а во крајна линија зависи и градењето на нејзината „позиција на моќ" во рамките на локалната заедница во прв план, а нешто подоцна и во национални, но и во меѓународни рамки. Ако го имаме предвид фактот дека денес речиси сите поголеми навивачки групи се составени од одреден број на т.н. подгрупи, тогаш тешко можеме да очекува да постои висок степен на саморазбирање во рамките на една навивачка група, која велиме дека треба да има заедничка и иста цел. Постоењето на т.н. подгрупи може да биде анализирано од различен аспект. Така според едни, подгрупите овозможуваат полесна организација на навивачката група и поделба на работата т.е. на обврските и задачите во рамките на навивачката група. Другото стојалиште пак е апсолутна спротивност на првото и на подгрупите гледа како можност, односно истите ги анализира како еден вид на катализатори кои лесно можат да предизвикаат проблем којшто подоцна тешко се решава, а без притоа да се примени насилство. Во Р. Македонија можеме да зборуваме само за неколку големи (според македонски предиспозиции) навивачки групи и тоа: „Чкембари" – Битола, „Комити" – Скопје, „Шверцери" – Скопје и „Балисти" – Тетово. Претходно споменатите навивачки групи во своите редови односно во својата структура апсолвираат одреден број на подгрупи кои се создадени по различни основи (место на живеење на дел од членовите, начин и стил на навивање, склоност кон насилство итн.), што придонесува кон поголема можност за појава на внатрешно насилство т.е. насилство и недоразбирање во рамките на матичната група. Најчесто недоразбирањата помеѓу подгрупите т.е. недоразбирањата во рамките на една навивачка група доаѓаат како резултат на прашањето кој да ја контролира групата. Контролата врз групата во иднина обезбедува одредена позиција којашто може да биде искористена за различни цели и активности, а најчесто контролата на групата може да биде злоупотребена од одреден број на членови на групата за реализација на лични интереси и цели.

Третиот елемент или заедништвото како дел од навивачкиот идентитет во основа претставува припадност кон нешто што навивачите го сметаат и го определуваат како заедничко. Кога е во прашање навивачкиот идентитет и

заедништвото како еден од елементите на самиот идентитет, истото подразбира во прв ред заеднички чувства и емоции кон еден спортски клуб. Заедништвото анализирано од позиција на навивачите значи и верност кон клубот, искажување на лојалност кон самиот клуб, поддршка на истиот и кога тој не постигнува некои значајни резултати и сл. Но, заедништвото како елемент на навивачкиот идентитет подразбира и споделување на чувства на солидарност кон останатите припадници на навивачката група кога некој од членовите на навивачката група се соочува со одреден проблем или предизвик, тоа по автоматизам значи дека со истиот проблем се „засегнати“ и останатите членови на навивачката група.

#### 4.1.3. Организациските пропусти и инфраструктурните услови како причина за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари

Организациските пропусти на еден спортски натпревар може да се анализираат во етиолошкиот дел од истражувањето, односно истите може да бидат наведени како едни од причините за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Кога зборуваме за организациски пропусти, сакаме да го потенцираме фактот дека кон организацијата на еден спортски натпревар гледаме како на една комплексна работа и како на еден комплексен систем којшто е составен од голем број на институции, спортски клубови, претставници на спортски клубови и членови на навивачки групи, кои сите заедно имаат одредени обврски во насока на организација на еден спортски натпревар. Во основа како институции коишто се дел од организацијата на еден натпревар во прв ред го издвојуваме Министерството за внатрешни работи кое се чини е најповикано кога станува збор за прашања кои се поврзани т.е. кои произлегуваат од безбедносните предизвици за организација на еден спортски натпревар. Токму заради тоа неопходно е припадниците на МВР кои ќе учествуваат во процесот на организација на еден натпревар да бидат максимално подготвени и доволно стручно оспособени како би можеле да бидат во позиција да одговорат на сите предизвици со кои би се соочиле во текот на организацијата на самиот натпревар. Во овој дел важно е да потенцираме дека и најмала грешка предизвикана како од непрофесионалниот однос на припадниците на полицијата, така и од одреден процесен пропуст или непочитување на правилата за постапување, може

да предизвика сериозно нарушување на безбедноста на еден спортски натпревар[209]. Недостигот на координирана комуникација на релација полиција – навивачи – спортски клуб е исто така еден од организациските предизвици на којшто треба да му се посвети соодветно внимание при процесот на организација на еден спортски натпревар, со цел навремено и превентивно да се делува во насока на отстранување на сите пречки кои би можеле да предизвикаат појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Во делот на наведување на причините за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Р. Македонија, сметаме дека е потребно да го наведеме и значењето на инфраструктурните услови кои се актуелни во нашата земја како еден од факторите за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Анализата на спортските објекти, без разлика дали станува збор за спортски објекти од отворен или од затворен тип, не доведува до заклучок дека во нашата земја има само неколку спортски објекти кои ги исполнуваат условите за нормално организирање и одигрување на еден спортски натпревар. Концентрацијата на тие објекти е во Скопје, што значи дека надвор од Скопје во моментов не постои спортски објект којшто може да ги задоволи минималните стандарди за одигрување на еден спортски натпревар. Кога зборуваме за минимални стандарди првенствено мислиме на минимални стандарди кои се поврзани со безбедноста на самиот спортски објект. Речиси и да не постои спортски објект во Р. Македонија, со исклучок на неколкуте спортски објекти во Скопје којшто нуди услови за физичко разделување на две навивачки групи и нивно сместување на посебни делови од спортскиот објект. Генерално, најголемиот дел од спортските објекти се со една трибина, а онаму каде што има повеќе трибини, тогаш во најголем дел втората трибина или условно речено помошната е под сите стандарди на безбедност. Дополнително, ако во Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари е наведено дека спортските објекти каде што е планирано да си одигра одреден

[209] Одредени пропусти при организацијата на спортски натпревари предизвикани од страна на припадниците на полицијата, подоцна се покажаа како сериозни причини за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Во овој дел ќе ги спомeнеме пропустите коишто се случија за време на одигрувањето на фудбалскиот натпревар помеѓу екипите на „Пелистер“ и „Вардар“ одигран во Скопје на ден 30.9.2012 година, кога дојде до големи судири помеѓу двете навивачки групи, како пред, така и за време на одигрувањето на натпреварот, што пак придонесе да се предизвика значителна материјална штета на спортскиот објект и околината на истиот и да има голем број на повредени лица. Дополнително, во студијата на случај којашто детално ја анализираме во глава VI нотираме и дополнителни организациски пропусти предизвикани од припадниците на полицијата, кои се покажале како причина за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

натпревар (посебно натпревар со зголемен ризик) неопходно е постоење на два или повеќе алтернативни пристапи до спортскиот објект со цел физичко разделување на навивачките групи. Таква можност освен во Скопје и во тие неколку спортски објекти, како што се „Борис Трајковски“, „Јане Сандански“ како и националната арена „Тодор Проевски“„ во другите градови не постои. Обезбедување на соодветен паркинг простор како за гледачите на спортскиот натпревар, така и за возилата на гостинската екипа е исто така еден од условите за безбедно организирање на еден спортски натпревар што недостига како услов во најголемиот дел спортски објекти во нашата земја. Покривање на спортскиот објект со доволен број на камери коишто ќе го снимаат целиот спортски објект и трибините, како и постоење на посебна просторија (мониторинг соба) постои само и единствено во претходно наведените спортски објекти во Скопје, а во останатиот дел од државата кога е во прашање овој инфраструктурен услов како дел од безбедносните услови за одигрување на еден натпревар најчесто времено и нецелосно т.е. провизорно се „исполнува“, што пак како крајна последица може да има предизвиканото насилство или недостојно однесување на спортскиот објект да не може правилно да се анализира, истражува и подоцна процесуира од страна на надлежните власти.

### 4.2. Феноменолошки карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Р. Македонија

Не можеме да зборуваме во целост за криминолошките карактеристики на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Р. Македонија, без притоа да не ги презентираме и феноменолошките карактеристики на кривичното дело, кои заедно со етиолошките карактеристики ја комплетираат криминолошката слика за ова кривично дело односно овозможуваат да се дојде до некои сознанија и информации кои се поврзани со оваа појава, а кои се битни и кои се исклучително важни во процесите кои се поврзани, односно кои се однесуваат на градење на одредена криминална политика која исклучиво би се однесувала на оваа појава. Феноменологијата како составен дел на криминологијата е подеднакво важна како и етиологијата т.е. како и етиолошките карактеристики. Едноставно, станува збор за два сегменти кои сочинуваат една целина на една научна дисциплина како што е криминологијата, кои пак се битни во насока на добивање на една појасна слика за карактеристиките на појавата (обем, густина, сторители на делото т.е. нивната возраст, динамиката на појавата и сл.), како и причините кои се најчести мотиви кои

придонесуваат во процесот на појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

За криминологијата како наука никој до денес не се обидел и не се впуштил во процес и во обид да даде или подобро кажано да понуди една целосна дефиниција која во најмала рака ќе може да се доживее како прецизно определување на нејзиниот предмет, односно апсолвирање на најзначајните целини или составни делови на оваа наука на едно место. Зборувајќи општо за криминалот како појава, првенствено треба да имаме предвид дека истиот претставува динамична појава, дека истиот „не е статичен или фиксен туку дека постојано се менува“[210].

Во продолжението на овој труд ќе отстапиме простор и ќе претставиме анализа на одредени карактеристики кои се однесуваат на феноменолошкиот аспект на ова кривично дело, односно податоци кои се однесуваат на обемот на ова кривично дело, неговата густина, структура, полот и возраста на сторителите на ова кривично дело, со што ќе дојдеме до позиција да изградиме една појасна слика и една појасна перцепција кога е во прашање кривичното дело насилство, во чијшто поширок аспект припаѓа и насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Процесот на презентација на најзначајните феноменолошки карактеристики на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Р. Македонија пристапот ќе ни биде дедуктивен. Ќе ги презентираме најзначајните феноменолошки карактеристики на насилството како кривично дело, на неговата присутност т.е. неговата појава во главата на кривични дела против јавниот ред и мир, податоци кои се однесуваат на сторителите на конкретното кривично дело итн. Конкретно, наша идеја е да извршиме презентацијата на главата 33 која се однесува на кривичните дела против јавниот ред и мир каде што припаѓа и кривичното дело насилство (член 386) и конкретно ставот 3 од овој член кој се однесува на насилството на спортските натпревари). Првично која е застапеноста на кривичните дела против јавниот ред и мир во вкупниот криминалитет во Р. Македонија, која е застапеноста на кривичното дело насилство во вкупниот број на кривични дела против јавниот ред и мир, дали неговата појава се наоѓа во одредена стагнација или пак истата расте, односно опаѓа. Дополнително, ќе ја презентираме и состојбата која се однесува на полнолетните сторители на кривичното дело насилство, како и една споредбена

---

[210] James Treadwell, *Criminology*, London, SAGE Publication, 6

анализа на бројот на пријавени и осудени лица за кривичното дело насилство. Во оваа пригода сакаме да го потенцираме фактот дека официјалните статистички податоци кои ги обезбедува Државниот завод за статистика[211] не содржат информации кои конкретно би се однесувале за присутноста на конкретниот став 3 од кривичното дело насилство, кој се однесува на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари и затоа во оваа наша презентација на феноменолошките карактеристики на оваа појава т.е. на ова кривично дело не сме во можност точно и прецизно да ја одредиме присутноста на кривичното дело насилство на спортските натпревари во членот 386 од КЗ на Р. Македонија.

**Табела 3**

*Статистички податоци за вкупно пријавените лица сторители на кривични дела за кривичните дела против јавниот ред и мир и процентуалната застапеност на кривичните дела против јавниот ред и мир во вкупниот обем на кривични дела*

| **година** | **вкупно пријавени полнолетни сторители на кривични дела** | **вкупно пријавени полнолетни сторители на кривичните дела против јавниот ред и мир** | **процентуална застапеност на кривичните дела против јавниот ред и мир во обемот на вкупниот криминалитет** |
|---|---|---|---|
| 2004 | 22 591 | 782 | 3,46% |
| 2005 | 23 814 | 916 | 3,84% |
| 2006 | 23 514 | 822 | 3,49% |
| 2007 | 23 305 | 741 | 3,17% |
| 2008 | 26 409 | 861 | 3,26% |
| 2009 | 30 404 | 953 | 3,13% |
| 2010 | 30 004 | 959 | 3,19% |
| 2011 | 31 284 | 869 | 2,77% |
| 2012 | 31 860 | 1075 | 3,37% |
| 2013 | 34 436 | 1153 | 3,34% |
| 2014 | 37 164 | 994 | 2,67% |
| 2015 | 26 069 | 909 | 3,48% |

[211] Државен завод за статистика на Р. Македонија, *Годишни извештаи,* Скопје, 2004 – 2015

Податоците кои ги содржи табела 3 во прв план се погодни за да се определи обемот на криминалитетот т.е. обемот на кривичното дело насилство во вкупниот криминалитет. Што се однесува пак до обемот како феноменолошка карактеристика, треба да нагласиме дека истиот се претставува односно „се мери со апсолутни и релативни бројки“[212]. Апсолутните бројки се однесуваат на големината на сторените кривични дела и нивните сторители, а пак релативните бројки го определуваат обемот на криминалитет и деликвенција во однос на некоја претходна година или во однос на некоја друга појава во општеството.

Доколку ги анализираме резултатите т.е. податоците коишто ги презентиравме во Табела 3, а кои се однесуваат на периодот од 2004 до 2015 година, прво што забележуваме во оваа табела е бројот кој се однесува на пријавените полнолетни сторители на кривични дела. Коментирајќи ги бројките кои се однесуваат токму на оваа категорија, ќе забележиме дека истите за периодот од 2004 година до 2008 година не претрпуваат некои значителни промени на вредностите, кои би биле забележителни или во крајна линија карактеристични во плус или во минус, сеедно. За разлика пак од овој период, годините потоа т.е. од 2008 година до 2014 година вредностите т.е. бројките кои се однесуваат на вкупниот број на пријавени полнолетни сторители на кривични дела се наоѓаат во позиција на зголемување односно во една ситуација на позитивна прогресија т.е. на постојано растење на тие вредности. Во последната година којашто е предмет на ова наше истражување односно вредностите кои се однесуваат на 2015 година ни понудуваат ситуација која се карактеризира со извесно т.е. значително намалување на бројот на пријавени полнолетни сторители споредено со претходната 2014 година.

И бројот на вкупно пријавените полнолетни сторители на кривичните дела против јавниот ред и мир во периодот од 2004 до 2015 година има одредени свои карактеристики. Имено, од 2004 до 2011 година бројот на вкупно пријавени полнолетни сторители на кривични дела против јавниот ред и мир најниската вредност ја има во 2007 година со вкупно пријавени 741 полнолетен сторител на кривични дела против јавниот ред и мир, а највисоката вредност во овој период била постигната во 2010 година, кога биле пријавени вкупно 959 полнолетни сторители на кривични дела против јавниот ред и мир. Во 2012 година, како и во 2013 година забележани се вредности кои отстапуваат и тоа сериозно отстапуваат од претходната условно кажано

[212] Арнаудовски, Љупчо, *Криминологија,* Скопје, 2007, стр. 245

граница. Имено за прв пат во овие две последователни години регистрирани се над 1000 пријавени полнолетни сторители на кривичните дела против јавниот ред и мир и тоа во 2012 вкупно 1075, а наредната 2013 година регистрирана е највисоката вредност во периодот којшто нам ни е предмет на интерес, и таа изнесувала вкупно 1153 пријавени полнолетни сторители на кривичните дела против јавниот ред и мир.

Што се однесува до процентуалната застапеност на кривичните дела против јавниот ред и мир во вкупниот обем на криминалитет во периодот којшто нам ни е предмет на интерес т.е. во периодот од 2004 до 2015 година, од табела 3 можеме да дојдеме до заклучок дека вредностите кои се однесуваат на процентуалната застапеност на кривичните дела против јавниот ред и мир, во чијшто состав се наоѓа и кривичното дело насилство, во вкупниот обем на криминалитет се различни. Најниска процентуална вредност се јавува во 2014 година и истата изнесувала 2,67%, односно кривичните дела против јавниот ред и мир претставувале односно на нив отпаѓа 2,67% од вкупниот број на регистрирани кривични дела, додека пак највисоката вредност т.е. највисоката процентуална застапеност на кривичните дела против јавниот ред и мир е забележана во 2005 година, кога имаме вредност од 3,84%.

Вака претставените бројки т.е. проценти не упатуваат на заклучок дека кривичните дела против јавниот ред и мир, каде што припаѓа и кривичното дело насилство на спортските натпревари не се, односно не претставуваат појава која се карактеризира со изразени и значителни вредности. Ако заклучиме дека процентуалната застапеност на кривичните дела против јавниот ред и мир во вкупниот обем на криминалитет никогаш не стигнале ни до 4%, тогаш со право можеме да кажеме дека појавата и сторувањето на кривичните дела од оваа глава не е појава која е карактеристична и која има значајни вредности, барем кога се работи за периодот што ние го истражуваме.

Постои одредено мислење кај пошироката јавност, кое најчесто е формирано пред сè од медиумите, дека кривични дела против јавниот ред и мир се секојдневие, дека државата се соочува со сериозен проблем кога се во прашање кривичните дела од оваа група и дека истите дејствуваат во насока на нарушување на секојдневните воспоставени релации и правила на живеење. Но, од резултатите добиени од Државниот завод за статистика доаѓаме т.е. нудиме еден друг, објективен заклучок кој во многу нешта се разликува од првичната импресија на широките народни маси.

Ваквите резултати т.е. ваквите бројки не смеат да ги доведат институциите и органите кои се задолжени за гарантирање т.е. за спроведување на јавниот ред  и мир да бидат пасивни во своите акции и да пристапат кон состојба на непреземање на некои дополнителни превентивни и репресивни политики кои би оделе во насока на уште поголемо намалување на вредностите на оваа појава. Доколку официјалните органи применат политика на пасивност многу лесно и многу брзо сегашната состојба т.е. состојбата која се однесува на кривичните дела против јавниот ред и мир може и повеќе од сигурно е дека ќе се промени и тоа во негативна т.е. во непосакувана насока.

**Табела 4**[213]

*Процентуална застапеност на полнолетни сторители на кривичното дело насилство во главата на кривични тела против јавниот ред и мир*

| година | вкупно пријавени полнолетни сторители на кривичните дела против јавниот ред и мир | вкупно пријавени полнолетни сторители на кривичното дело насилство | процентуална застапеност на кривичното дело насилство во вкупниот број на кривични дела против јавниот ред и мир |
|---|---|---|---|
| 2004 | 782 | 206 | 26,34% |
| 2005 | 916 | 190 | 20,74% |
| 2006 | 822 | 218 | 26,52% |
| 2007 | 741 | 192 | 25,91% |
| 2008 | 861 | 254 | 29,50% |
| 2009 | 953 | 272 | 28,54% |
| 2010 | 959 | 343 | 35,76% |
| 2011 | 869 | 318 | 36,59% |
| 2012 | 1075 | 360 | 33,48% |
| 2013 | 1153 | 477 | 41,37% |
| 2014 | 994 | 361 | 36,31% |
| 2015 | 909 | 362 | 39,82% |

[213] Државен завод за статистика на Р. Македонија, *Годишни извештаи,* Скопје, 2004 – 2015

Вредностите презентирани во табела 4 ни овозможуваат позиција подобро да се запознаеме со структурата на кривичните дела против јавниот ред и мир и да воочиме каква е застапеноста на кривичното дело насилство во вкупниот број на кривични дела против јавниот ред и мир. Со други зборови, податоците презентирани во табела 4, посебно податоците кои се содржани во колона 2, 3 и 4 на прецизен начин го одредуваат „значењето“ и присуството на полнолетните сторители кривичното дело насилство во вкупниот број на полнолетни сторители на кривични дела против јавниот ред и мир односно нудат одговор на прашањата кои се однесуваат на бројот т.е. процентуалната затапеност на полнолетните сторители на кривичното дело насилство во вкупниот број на полнолетни сторители на кривични дела против јавниот ред и мир.

Ако ги анализираме вредностите т.е. бројките кои се однесуваат на вкупниот број на полнолетни сторители на кривичното дело насилство (прикажани во колона бр.3 во табела 4) во вкупниот број на полнолетни сторители на кривичните дела против јавниот ред и мир (глава XXXIII од КЗ на Р. Македонија, прикажани во колона 2 од табела 4) ќе забележиме дека најмал број на пријавени полнолетни сторители на кривичното дело насилство имаме во 2005 година и таа изнесува 190 пријавени сторители, а највисока вредност т.е. најголем број на пријавени полнолетни сторители на кривичното дело насилство имаме во 2013 година, со вкупно 477 пријавени полнолетни сторители на кривичното дело насилство. Во основа од 2004 година до 2013 година ако го следиме само вкупниот број на пријавени полнолетни сторители на кривичното дело насилство, ќе дојдеме до заклучок дека секоја година бројот на полнолетни сторители на ова кривично дело е во тренд на зголемување. Исклучок од овој тренд на зголемување т.е. од ова „правило“ се резултатите од 2005, 2007, 2011 и 2014 година, кога вредностите кои се добиени како крајни бројки покажуваат намалување на бројот на полнолетни сторители на кривичното дело насилство, во однос на претходната година. Притоа, треба да напомнеме дека трендот на намалување којшто се јавил односно којшто бил забележан во претходно наведените години не претставува некоја драстична промена на вредноста, но сепак намалувањето во тие години е забележано и истото треба да биде нотирано како такво.

Во главата XXXIII од Кривичниот законик на Р. Македонија се инкорпорирани односно се определени кривичните дела против јавниот ред и мир. Постојат поголем број на кривични дела (вкупно 26 кривични дела) коишто содржински и суштински ја определуваат оваа глава од КЗ на Р. Македонија. Со кривичните дела кои се

предвидени и кои се пропишани во глава XXXIII од КЗ на Р. Македонија различна е противправноста којашто во истите е определена, односно различно е правното добро коешто законот го штити како такво. Така, во оваа глава среќаваме дела кои се однесуваат на напад на службено лице во вршење на работи од безбедноста – член 383, потоа кривично дело учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие – член 384, учество во толпа што ќе изврши кривично дело – член 385, насилство – член 386, па се до кривични дела злосторничко здружување – член 394, терористичка организација – член 394-а, кривично дело тероризам – член 394-б, финансирање на тероризам – член 394-в итн. Сите овие предвидени и пропишани кривични дела си имаат своја тежина и свое значење во системот на кривичното право. Истите во извесен временски период биле третирани односно биле доживеани како закана како кон индивидуата, така и кон целиот правен поредок на нашата земја и токму заради тоа биле односно се определени како кривични дела. Но, она што е карактеристично за кривичните дела од глава XXXIII од КЗ на Р. Македонија, е фактот што нивната фреквенција односно нивната појава не е подеднаква за сите, односно учеството на овие кривични дела во вкупниот број на кривични дела против јавниот ред и мир е различна. Имено, постојат кривични дела кои се чести и коишто во најголем дел ја исполнуваат оваа глава од Кривичниот законик односно истите се кривични дела со највисока процентуална застапеност во вкупниот број на кривични дела од глава XXXIII. Така на пример, кривичните дела терористичка организација, тероризам, финансирање на терористичка организација во Р. Македонија не се истакнуваат со нагласена фреквенција и честа појава во секојдневното живеење. За разлика пак од нив, кривичното дело насилство, како и кривичните дела злосторничко здружување, учество во толпа што ќе изврши кривично дело, потоа кривичните дела напад врз службено лице при вршење на работи од безбедноста, спречување на службено лице во вршење на службено дејствие, претставуваат кривични дела кои се истакнуваат односно кои на некој начин претставуваат секојдневна појава на територијата на Р. Македонија. Перципирањето на претходнонаведените кривични дела од глава XXXIII како лесни т.е. како кривични дела кои не предизвикуваат некоја трајна последица, можеби е една од главните причини што во Р. Македонија недостига некоја посериозна акција т.е. посериозна криминална политика која повеќе би се занимавала со оваа проблематика т.е. со превенирање на вршењето на овие кривични дела. Нивното условно кажано „прифаќање“ од страна на јавноста како кривични дела кои се случуваат секојдневно, не значи дека и ние размислуваме во правец дека за овие

кривични дела не треба да се посвети некои посериозно внимание или дека овие кривични дела треба да се маргинализираат како такви. Напротив, застапници сме на позицијата дека пристапот кон овие кривични дела, градењето на соодветна криминална политика која би била во насока на нивно превенирање или успешно санкционирање на сторителите, како и политика која би посветила внимание, како на ресоцијализацијата на сторителите така и на стручна помош на жртвите од овие кривични дела, треба да биде студиозен, да биде базиран на сериозни истражувања, да биде јасен и прецизен и можеби најважно да биде применлив.

Во овој контекст ако ги анализираме податоците кои ги наведовме во табела 4, односно ако ја анализираме застапеноста на пријавените полнолетни сторители на кривичното дело насилство, во вкупниот број на полнолетни сторители на кривичните дела против јавниот ред и мир, заклучокот кој без сомнение се наметнува е дека кривичното дело насилство е застапено со релативно висок би рекле со највисок процент во крајните резултати. Имено, ако забележиме дека најниската процентуална вредност на кривичното дело насилство во вкупниот број на кривични дела против јавниот ред и мир изнесува 20,74% во 2005 година, а највисоката вредност која е забележана во 2013 година и која изнесува 41,37%, доаѓаме до заклучок дека најмалку третина од вкупниот број на полнолетни сторители на кривичните дела против јавниот ред и мир отпаѓа на процентот којшто се однесува т.е. којшто го определува присуството на кривичното дело насилство.

Густината како феноменолошка карактеристика исто така е важна во насока на добивање на една појасна слика за целата состојба која се однесува на појавата на насилство како кривично дело во периодот којшто ни е предмет на истражување. Кога сме кај густината како феноменолошка карактеристика, добро е да започнеме со дефиниција за тоа што овој поим подразбира, односно како криминологијата како наука ја дефинира истата. Под густина како феноменолошка карактеристика се подразбира „однос што се утврдува помеѓу бројот на осудени лица за сторени кривични дела на одредена територија (град, село и сл.) во однос на вкупното население кое живее на таа територија способно за кривична одговорност“[214]. Податоците кои како такви ги има Државниот завод за статистика ни овозможуваат да дојдеме до точни информации кои се однесуваат на бројот на обвинети лица за кривичното дело насилство, за бројот на осудени (полнолетни) лица за истото дело.

[214] Арнаудовски, Љупчо. *Криминологија,* Скопје, 2007, стр. 247.

Ако на ова се додаде дека Државниот завод за статистика располага со бројки кои се однесуваат на бројот на обвинети и осудени полнолетни лица за кривичното дело насилство и тоа за секој град посебно во Р. Македонија, тогаш таа состојба односно таа позиција ни овозможува конкретно и целосно да ја определиме густината на кривичното дело насилство. За да биде сликата појасна во табела 5 ќе ги презентираме податоците кои се однесуваат на бројот на обвинети полнолетни лица сторители на кривичното дело насилство, бројот на осудени лица (прогласени за виновни) за истото дело и на тој начин ќе ја одредиме густината генерално за територијата на Р. Македонија за периодот што нас ни е предмет на истражување.

**Табела 5[215]**

*Вкупен број на обвинети и осудени лица за кривичното дело насилство*

| Година | вкупно обвинети полнолетни лица сторители на кривичното дело насилство | вкупно прогласени за виновни полнолетни сторители на кривичното дело насилство | бројот на лица прогласени за виновни изразен во проценти |
|---|---|---|---|
| 2004 | 87 | 78 | 89,65% |
| 2005 | 141 | 125 | 88,65% |
| 2006 | 127 | 112 | 88,18% |
| 2007 | 167 | 146 | 87,42% |
| 2008 | 128 | 119 | 92,96% |
| 2009 | 166 | 159 | 95,78% |
| 2010 | 163 | 145 | 88,95% |
| 2011 | 204 | 171 | 83,82% |
| 2012 | 236 | 215 | 91,1% |
| 2013 | 220 | 190 | 86,36% |
| 2014 | 355 | 321 | 90,42% |
| 2015 | 315 | 275 | 87,3% |

Ако подетално ја анализираме табела 5 и се обидеме во кратки црти да ја коментираме, лесно ќе дојдеме до заклучок дека висок е процентот односно висока е бројката на осудените лица кои претходно биле обвинети за сторување на кривичното

[215] Државен завод за статистика на Р. Македонија, *Годишни извештаи,* Скопје, 2004 – 2015

дело насилство. Притоа, сакаме на почетокот на овој коментар којшто се однесува на густината како криминолошка карактеристика уште еднаш да го потенцираме фактот дека Државниот завод за статистика како официјална институција којашто ги собира и ги анализира т.е. презентира статистичките податоци кои се однесуваат на различни области, вклучително и на сторителите на кривични дела т.е. криминалитетот во Р. Македонија, кога го определува „присуството“ на насилството како кривично дело не врши посебна селекција односно класификација на насилството на спортски терени кое што како кривично дело нам ни е предмет на интерес. Затоа не сме во можност прецизно и до крај да определиме колку од кривичните дела насилство отпаѓаат на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, но анализата и елаборацијата која ја нудиме е солиден и добар чекор да се дојде до одговор на одредени прашања поврзани со криминолошките карактеристики на кривичното насилство, што пак во иднина може да придонесе во процесот на креирање на конкретни државни (криминални) политики коишто треба да влијаат односно треба да придонесат во насока на превенција на појавата на насилство, а аналогно на тоа и на намалување т.е. редуцирање на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Во процесот на анализирање и коментирање на податоците претставени во табела 5 првиот заклучок што се наметнува самиот по себе е високиот број (процент) на прогласени за виновни претходно обвинетите лица за кривичното дело насилство. Ако забележиме дека најнискиот процент на прогласени за виновни изнесувал 83,82% - резултат добиен во 2011 година, а највисокиот процент на прогласени за виновни 95,78% - добиен како резултат во 2009 година, првиот заклучок што ни се наметнува како таков е дека бројот на осудени лица односно лица прогласени за виновни, за кои претходно имало поведено обвинение за сторување на кривичното дело насилство е висок. Овој податок во прв ред е индикатор дека државните органи надлежни за откривање на сторителите на кривични дела и нивно приведување пред судските органи т.е. пред лицето на правдата постапувале во прв ред професионално, биле дејствувале ангажирано и посветено во насока на откривање на сторителите на кривичното дело насилство, а подоцна во судската постапка поголемиот дел од нив да бидат прогласени за виновни. Ваквата позиција на официјалните државни органи, првенствено на МВР, ЈО и судовите во голема мера придонесува речиси сите односно поголемиот број на обвинети лица за сторување на кривичното дело насилство да

бидат прогласени за виновни. За да дојде судот до една таква ситуација да може да изрече одредена казна која е пропишана во законот, првенствено потребно е конкретното кривично дело да биде „обезбедено“ т.е. поткрепено со докази. Високиот број и процент на прогласени за виновни лица сторители на кривичното дело насилство е само уште една причина која може да има одредено превентивно влијание во процесот на намалување на појавата на насилство како кривично дела, па и на насилството на спортските натпревари како составен дел на кривичното дело насилство. Оваа состојба со бројките т.е. со обвинетите и со осудените лица прогласени за виновни за сторување на кривичното дело насилство, треба да има свое влијание во насока на одвраќање односно потенцијалните сторители на конкретното кривично дело „да се најдат во позиција да размислат сериозно дали да се одлучат истото да го сторат или пак да се откажат од неговото сторување како такво“, првенствено заради фактот што постојат сериозни и големи шанси истите да бидат откриени, подоцна обвинети и осудени за самото кривично дело.

Наредна криминолошка карактеристика која исто така придонесува во насока на комплетирање на сознанијата кои се однесуваат на кривичното дело насилство е полот како феноменолошка карактеристика. Презентирањето на податоците кои се однесуваат на оваа криминолошка карактеристика ќе нè доведат до позиција да можеме да донесеме одредени заклучоци кои се во насока на определување на присуството на жените како сторители на кривичното дело насилство и на нивното учество во вкупната бројка на сторители на самото кривично дело. Во нашиот обид да го објасниме присуството на женските сторители на кривичното дело насилство сакаме да пристапиме од позиција на анализа и презентација на веќе донесените условно кажано генерални заклучоци кои се однесуваат на сторителите на кривични дела општо, односно на полот на сторителите на кривични дела. За таа цел сакаме да ја презентираме и да се обидеме преку анализа на конкретните бројки да го потврдиме или да го негираме добро познатото историско тврдење кое се однесува на сторителите на кривични дела. Имено, ако прифатиме дека „криминалот се извршува во сите општества и е многу почесто извршен од страната на мажите отколку на жените“[216] единствениот рационален заклучок којшто се наметнува од ова тврдење е дека криминалот е „работа на мажите“. За да го потврдиме или да го негираме ова тврдење,

[216] James Mc Guire. Understanding psychology and crime – perspectives on theory and action. Open University Press. Bell and Bain Ltd, Glasgow, 2004, p. 33

добро е во овој наш труд да отстапиме простор на презентација на податоци кои се однесуваат на женските сторители на кривичното дело насилство во вкупниот број на регистрирани сторители на кривичното дело насилство, како и бројот на обвинети женски сторители на кривичното дело насилство изразен како вредност во проценти во вкупниот број на обвинети сторители за насилството како кривично дело.

**Табела 6**

*Вкупен број на пријавени и обвинети женски лица сторители на кривичното дело насилство во период од 2004 до 2015 година*

| **година** | **вкупно пријавени полнолетни сторители на кривично дело насилство** | **пријавени женски лица сторители на кривичното дело насилство** | **процентуална застапеност на женските лица сторители на кривичното дело насилство** | **обвинети женски лица сторители на кривичното дело насилство** | **процентуална застапеност на женските лица сторители на кривичното дело насилство** |
|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 206 | 5 | 2,42% | 2 | 0,97% |
| 2005 | 190 | 4 | 2,1% | 2 | 1,05% |
| 2006 | 218 | 6 | 2,75% | 5 | 2,29% |
| 2007 | 192 | 7 | 3,64% | 3 | 1,56% |
| 2008 | 254 | 3 | 1,18% | 2 | 0,78% |
| 2009 | 272 | 9 | 3,3% | 3 | 1,1% |
| 2010 | 343 | 10 | 2,91% | 3 | 0,87% |
| 2011 | 318 | 10 | 3,14% | 5 | 1,57% |
| 2012 | 360 | 11 | 3,05% | 8 | 2,22% |
| 2013 | 477 | 24 | 5,03% | 5 | 1,04% |
| 2014 | 361 | 5 | 1,38% | 8 | 2,21% |
| 2015 | 362 | 8 | 2,2% | 4 | 1,1% |

Резултатите коишто ги имаме прикажано во табела 6 недвосмислено ја потврдуваат тезата дека криминалот е машка работа, односно дека најголемиот број на пријавени и обвинети лица се мажи. Оваа состојба т.е. оваа теза е актуелна и за насилството како кривично дело. Ако ги видиме резултатите кои се претставени во

колоната 3 од табела 6, а кои се однесуваат на бројот на женски лица пријавени сторители на кривичното дело насилство, ќе дојдеме до заклучок дека нивната процентуална застапеност е длабоко под 10% од вкупниот број на пријавени полнолетни сторители на кривичното дело насилство, односно највисоката вредност т.е. најголемата присутност на женските лица како пријавени сторители на кривичното дело насилство ја среќаваме во 2013 година кога бројот на пријавени женски лица сторители на кривичното дело насилство изнесувал 24 женски сторители, што во проценти изразено добива вредност од 5,03% од вкупниот број на пријавени полнолетни сторители на кривичното дело насилство. Сите останати вредности во период којшто ни е предмет на истражување т.е. од 2004 година до 2015 година се наоѓаат во границите од 1,18% од вкупниот број на пријавени полнолетни сторители на кривичното дело насилство до највисоката вредност од 3,14% од вкупниот број на пријавени полнолетни сторители на кривичното дело насилство коишто биле жени. Исклучок од оваа состојба е резултатот којшто го имаме во 2013 година. Овие бројки т.е. оваа состојба не значи ништо туку само уште еден доказ којшто оди во насока на потврдување на тезата дека криминалот е машка работа. Според тоа можеме да заклучиме дека мажите многу почесто се одлучуваат и пристапуваат кон процес на извршување на кривичното дело насилство, додека пак женските лица како сторители на ова кривично дело повеќе се јавуваат инцидентно т.е. тие случаи претставуваат еден вид на исклучок од правилото дека криминалот е работа на мажите.

### 4.3. Феноменолошките карактеристики содржани во судските пресуди кои се изречени во Р. Македонија во период од 2004 до 2015 година

Во досегашниот дел од оваа глава пишувавме за криминолошките карактеристики на кривичното дело насилство, при што уште еднаш сакаме да истакнеме дека резултатите коишто ги добивме и резултатите коишто ги презентиравме се однесуваат на општата слика на насилството како кривично дело по член 386 од Кривичниот законик. Државниот завод за статистика како овластена институција која ги прибира и која подоцна ги анализира и обработува податоците кои се однесуваат на различни општествени појави, па и на криминалот како општествено негативна појава, не навлегува подлабоко во процесот на презентација на специфичните видови на насилство кои како такви се содржани во членот од кривичното дело т.е. во одредени негови ставови, туку податоците ги презентира генерално. Затоа, не сме во можност да излеземе со точно определена и прецизно

утврдена бројка на сторители на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари (член 386 став 2 во КЗ од 2013 година и член 386 став 3 во КЗ од 2014 година).

Во нашиот обид да дојдеме т.е. да добиеме една појасна слика и ситуација која ќе биде доволна сама по себе во постапката на докажување т.е. на потврдување или на негирање на претходно наведените општи односно генерални криминолошки карактеристики на кривичното дело насилство, конкретно феноменолошките карактеристики на кривичното дело, во текот на истражувачкиот процес се обидовме да дојдеме до конкретни бројки кои се однесуваат на правосилните судски пресудите кои се донесени по однос на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

За таа цел во процесот на истражување се обративме до сите основни судови во Р. Македонија со единствено барање да ни одговорат дали во периодот којшто нам ни е предмет на истражување т.е. периодот од 2004 до 2015 година на подрачјето каде што конкретниот основен суд е стварно и месно надлежен била донесена правосилна судска пресуда во врска со кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари и се разбира, доколку била донесена таква пресуда, а во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето го дополнивме во насока на обезбедување на официјалните списи од конкретниот кривичен предмет кој се водел пред судските инстанци и пресудата која била донесена во однос на предметот.

Речиси од сите основни судови во Р. Македонија добивме одговор[217]. Дел од одговорите беа во електронска форма, а одредени основни судови своите одговори ги доставуваа писмено, со соодветно образложение по однос на нашето барање. Основните судови во Струга, Дебар и Кочани не ни доставија одговор по однос на нашето барање во ниту една форма, односно ниту електронски, ниту пак писмено. За разлика од овие судови, сите останати беа максимално коректни, прецизни и во разумен рок одговорија по однос на нашето барање.

---

[217] Во насока на добивање на поконкретни податоци кои се однесуваат на истражувањето, по посреден пат се обратив до следниве основни судови: Основен суд Скопје 1, Основен суд Битола, Основен суд Прилеп, Основен суд Велес, Основен суд Кавадарци, Основен суд Струмица, Основен суд Кочани, Основен суд Штип, Основен суд Куманово, Основен суд Тетово, Основен суд Гостивар, Основен суд Охрид, Основен суд Струга, Основен суд Гевгелија.

Од добиените резултати коишто ги имаме како одговори од основните судови во Р. Македонија, правосилни пресуди за кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари биле изречени вкупно три и тоа на подрачјето на три основни судови во земјата и тоа во Битола, Скопје и во Куманово. Сите останати судови ни одговорија дека во периодот којшто нам ние предмет на интерес воопшто не биле регистрирани такви предмети, односно не биле донесени пресуди во однос на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Самите сме сведоци дека во периодот којшто нам ни е предмет на истражување на територијата на Р. Македонија беа регистрирани поголем број на инциденти кои објективно гледано во себе содржеа одредени елементи кои несомнено го исполнуваа диспозитивот на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Дополнително, во периодот којшто ние го истражуваме од страна на официјалните институции во нашата земја беа организирани различни настани[218] (тркалезни маси[219], работилници[220] и сл.) кои сите заедно имаа за цел намалување на

[218] На ден 3.11.2012 година во просториите на хотел „Милениум“ во Битола од страна на Министерството за внатрешни работи и ОБСЕ беше организирана тркалезна маса на тема „Спречување на насилството на спортските терени“. Покрај обраќање на претставници од Отсек за превенција, како и обраќање на претставникот на ОБСЕ, на оваа тркалезна маса свое обраќање имаа и претставници од Агенцијата за млади и спорт, како и претставници на навивачката група „Чкембари“. На оваа тркалезна маса активно учество зеде и авторот на оваа докторска дисертација, како претставник на навивачката група „Чкембари“. Како најважен момент од моето обраќање на настанот ја оценувам иницијативата којашто произлезе како предлог од моја страна, а која во основа се состоеше од непосредно учество на различни државни и локални институции и организации во насока на подигнување на степенот на превенција кога е во прашање појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Конкретно, во таа ситуација излегов со предлог за директно учество во процесот на креирање на превентивна политика на верските заедници, како и на образовните институции. Дополнително, бев и сум на мислење дека без директна инклузија на локалната самоуправа не можеме да зборуваме за квалитетна превентивна политика. Види повеќе на: https://time.mk/cluster/a01a442778/tribina-za-sprecuvanje-na-sportskoto-nasilstvo.html

[219] На ден 18.7.2013 година во просториите на Фудбалската федерација на Македонија беше одржана тркалезна маса на тема „Справување со насилството и национализмот во спортот“. Види повеќе на: http://w.webohrid.com/2013/07/18/odrzana-trkalezna-masa-na-tema-spravuvanje-so-nasilstvoto-i-nacionalizmot-vo-sportot/

[220] Во просториите на Фудбалската федерација на Македонија на ден 26.8.2014 година се одржа работилница на којашто главна и единствена тема на дискусија беше обидот да се изнајде некое решение кое би одело во насока на превенирање на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. На работилницата учествуваше и авторот на оваа докторска дисертација како претставник т.е. како еден од претставниците на навивачката група „Чкембари“. Покрај претставници на навивачките групи „Чкембари“ и „Комити“, имаше и претставници на фудбалските клубови „Вардар“, „Пелистер“, „Шкупи“, „Шкендија“ и „Тетекс“ (комесарите за безбедност), како и највисоки претставници на Министерството за внатрешни работи и тоа Гордана Јанкуловска како министер, Митко Чавков како директор на Бирото за јавна безбедност, Жаклина Просароска дел од Отсекот за превенција при СВР Скопје, претставници на ФФМ итн. Она што сакам да го издвојам во овој момент е фактот дека од моја страна т.е. од страна на навивачите како предлог произлезе МВР да создаде нова, посебна полициска структура којашто ќе биде соодветно обучена да се справува со предизвиците коишто произлегуваат од

појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Фактот дека државните институции посветувале внимание на феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, говори дека проблемот т.е. појавата била детектирана, односно постоела како таква и иститe тие институции во рамките на своите надлежности и во рамките на својот делокруг на работа се обидувале да изнајдат начини, методи и средства да ја превенираат или пак во крајна линија да ги казнат сторителите на кривичното дело. Но, бројот на правосилни пресуди којшто го добивме како конечен одговор по однос на нашето барање е повеќе од дискутабилен, односно истиот според наше мислење не ја изразува и не ја презентира реалната состојбата.

Во периодот што нам ни е предмет на интерес, како и периодот потоа сме сведоци дека недостигаат сознанија и информации кои се однесуваат на криминолошките карактеристики на сторителите на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Во сите досегашни тркалезни маси и работилници коишто биле организирани за насилството и недостојното однесување на спортските натпревари на територијата на Р. Македонија се забележува отсуството на претставници на судската власт, но и на јавното обвинителство, како две многу значајни институции кои со сигурност имаат свое значење во процесот на превенирање на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, но и се битни при доаѓање до релевантни сознанија за определување на криминолошки карактеристики на кривичното дело насилство на спортските натпревари.

Во таква една состојба бевме на мислење дека бројот на правосилни судски пресуди коишто се изречени по однос на кривичното дело што нам ни е предмет на истражување иако е релативно мал или подобро кажано недоволен за донесување на одредени заклучоци кои ќе се однесуваат на феноменот во целина, сепак бевме на мислење дека судските пресуди коишто ги добивме како такви треба да ги споменеме и од нив да извлечеме одредени заклучоци. Притоа, анализата на судските пресуди ќе се однесува исклучиво на криминолошките карактеристики на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

---

феноменот на насилство и недостојно однесување. Овој предлог беше едногласно прифатен, но од тој ден, до денес на мислење сум дека ние како држава немаме направено многу, односно не сме направиле ништо во таа насока. Види повеќе на: http://netpress.com.mk/bez-nasilstvo-vo-sportot-rabotilnica-posvetena-na-suzbivanje-na-nasilstvoto-na-sportskite-natprevari/

Ако ја анализираме пресудата[221] донесена од Основниот суд Скопје 1, на усна расправа одржана на ден 27.4.2016 година, против обвинетите Е.Р. и С.К. и двајцата од Скопје, а во однос на сторено кривично дело Насилство од член 386 став 3 (насилство и недостојно однесување на спортските натпревари) и покрај недостатокот на голем број на податоци кои една пресуда би требало да ги содржи, сепак дојдовме до заклучок дека сторителите на полнолетни лица, невработени, а против едниот обвинет во тој момент се воделе и други кривични процеси пред истиот суд за други кривични дела. Двајцата обвинети кривичното дело го извршиле на ден 9.9.2014 година во 17 часот за време на одигрување на пријателски натпревар помеѓу екипите на ФК Вардар од Скопје и ФК Шкупи од Скопје. За време на извршувањето на кривичното дело, двајцата обвинети на своите лица имале фантомки. Всушност, со фактот што покрај насилното однесување кое се состоело од закани и пцости, диспозитивот на ова кривично дело е исполнет и со самиот факт што обвинетите за време на сторувањето на истото користеле и фантомки. Во пресудата којашто ја изрекол Основниот суд Скопје 1 недостигаат податоци кои се важни во процесот на комплетирање на феноменолошките карактеристики на кривичното дело, како што се на пример: образованието на обвинетите т.е. на осудените лица, нивната имотна состојба со оглед на фактот што и двајцата се невработени, податоци кои се однесуваат на нивните родители т.е. дали се вработени, дали нивното семејство е функционално или сл. Дополнително, од податоците кои ги содржи самата пресуда не сме во можност да ја определиме националната припадност на обвинетите лица (дали се Македонци или станува збор за припадници на друга националност), а исто така не сме во можност да ја знаеме и националноста на нападнатиот во конкретниот случај. Овој момент би бил значаен во насока на утврдување на евентуалните мотиви кои имале важно или би рекле решавачко значење во процесот на утврдување на мотивите и на причините за извршување на самото кривично дело. Вака, од она што го знаеме т.е. од она што пресудата го нуди како податоци кои се однесуваат на конкретното кривично дело, можеме само хипотетички да претпоставиме дека станува збор за Македонци извршители на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари (навивачи на ФК „Вардар“) и дека главен мотив т.е. причина зошто се одлучиле да го извршат самото кривично дело е фактот дека нивниот клуб играл пријателски натпревар со условно кажано албанска екипа, што за нив не било

[221] Пресуда на Основниот суд Скопје 1, К. бр. 269/16 од 27.4.2016 година

прифатливо. Неприфатливоста за одигрување на овој натпревар ја определуваме првенствено врз основа на етничката поделба помеѓу навивачките групи на двете екипи, што како потенцијален мотив може(л) да се јави кај сторителите на кривичното дело.

Друга пресуда[222] којашто сакаме да ја презентираме и да ја анализираме во контекст на нашето истражување е пресудата на Основниот суд на Куманово донесена во 2017 година. На мислење сме дека оваа пресуда претставува добар пример за издвојување на криминолошките карактеристики кои се однесуваат на сторителот на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Ако внимателно се анализира пресудата првично ќе забележиме дека станува збор за полнолетен сторител на кривичното дело. Конкретно, станува збор за Македонец, на возраст од 49 години, оженет, татко на две малолетни деца. Сторителот бил со завршено високо образование и човек којшто во моментот на извршување на кривичното дело бил вработен во безбедносните институции во нашата земја, конкретно во Агенцијата за разузнавање.

Како мотив којшто имал клучно значење кое што го принудил сторителот да се реши и да го изврши кривичното дело, според објаснувањето коешто е дадено во пресудата, претставувала одредена судска одлука донесена од главниот судија на кошаркарскиот натпревар помеѓу екипите на КК „Куманово“ и КК „МЗТ Скопје“, одигран на ден 10.4.2016 година во спортската сала во Куманово.

И на територијата за којашто е месно и стварно надлежен Основниот суд од Битола се има случено односно е регистрирано извршување на кривичното дело насилство на спортските натпревари[223]. Станува збор за натпревар одигран во рамките на третата македонска фудбалска лига помеѓу екипите на ФК „Кравари“ од с. Кравари – битолско и ФК „Лабуништа“ од истоименото струшко село. Натпреварот се одиграл на ден 2.9.2012 година. Карактеристично за овој кривично правен настан е фактот што тука немаме директно учество односно директно сторување на кривичното дело од страна на навивачи т.е. припадници на навивачка група на едниот или на другиот тим, туку имаме директно учество на играчи на двете екипи. Мотивот за извршувањето на кривичното дело од страна на еден играч на гостинската екипа била вербалната

[222] Пресуда на Основниот суд во Куманово со реден број К-266/17 од 17.10.2017 година, а која се однесува за сторено кривично дело Насилство во член 386 став 3, извршено на ден 10.4.2016 година
[223] Пресуда на Основниот суд од Битола под број К-299/13

расправија која му претходела на кривичното дело за што причина била одредена судиска одлука која се однесувала околу признавање на постигнат гол. Обвинетиот во овој случај бил полнолетен граѓанин на Р. Македонија, роден 1994 година, по националност Албанец, којшто бил со завршено основно образование. Во моментот на сторување на кривичното дело, сторителот не бил женет и немал деца, а против него не се воделе некои други кривични постапки. Имотната состојба на сторителот на кривичното делот, судот ја определил како слабоимотна.

Претходно наведените неколку примери на донесени правосилни судски пресуди кои се однесуваат на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари овозможуваат да донесеме неколку заклучоци, кои напоменуваме дека не треба да бидат земени како генерални и како апсолутни, но треба да се имаат предвид при некои други истражувања и анализи кои би се спроведувале во контекст на оваа проблематика.

Имено, од наведените примери повеќе од јасно е дека како сторители на ова кривично дело најчесто се јавуваат машки лица, полнолетни сторители, кои во однос на својот степен на образование се од различен профил, некои се со високо образование, некои од нив со средно, а некои само со основно образование. Дополнително, во анализата на пресудите, нотиравме и пример каде што како сторители на кривичното дело се јавуваат и директните актери на самиот спортски настан. Го потенцираме овој факт првенствено со цел да го свртиме вниманието и кон другите учесници во еден спортски настан, во конкретниот случај и кон директните учесници на еден спортски настан. Притоа, целта на ваквиот пристап примарно ја бараме во обидот да се зголеми свеста како кај стручната, така и кај пошироката јавност кога е во прашање оваа појава. Зголемената свест ако ништо повеќе ќе придонесе во иднина не секогаш и не само навивачите да се одределуваат како единствени виновници за појавата на насилство на спортските натпревари.

Што се однесува до мотивот т.е. до причините коишто довеле односно коишто ги поттикнале сторителите на ова кривично дело и тука ситуацијата не е едноставна односно причините не се еднострани. Во некоја од ситуациите како причина се јавила меѓуетничката нетолеранција, во другиот случај причина била претходна вербална расправија, а во третиот случај како причина се наведува судиската одлука на самиот натпревар.

Анализата на трите судски пресуди сметаме дека ќе биде корисна во процесот на дообјаснување на криминолошките карактеристики на сторителите на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Презентацијата на пресудите претставува уште еден доказ во насока на потврдување на генералните т.е. на општите криминолошки карактеристики кои претходно во оваа глава ги анализиравме и ги претставивме, а кои се однесуваат на кривичното дело насилство по член 386, во чијшто состав влегува и предметот на наш интерес.

Од бројот на судски пресуди коишто ги добивме при комуникацијата со судовите низ Р. Македонија можеме да заклучиме дека насилството и недостојното однесување не се случува(ло) често, односно не е дело коешто припаѓа на кривичните дела кои го сочинуваат масовниот криминалитет. Но, фактот што во период од единаесет години постојат само три правосилни судски пресуди, ја отвора можноста за поставување на други прашања. Имено, легитимно е да дискутираме за темната бројка како криминолошка (феноменолошка) карактеристика[224] на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Важен момент во процесот на анализа на темната бројка како една од феноменолошките карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари претставува пристапот на институции во процесот на откривање, процесуирање и правно решавање на оваа појава. Имено, ако се има предвид фактот дека различни институции се вклучени во процесот на организација на еден натпревар и дека секоја институција во рамките на својот делокруг на работа треба покрај другото и да внимава односно навремено да открие и соодветно да постапи т.е. да пријави до надлежен државен орган доколку има ситуација на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Во претходните страници на трудот наведовме неколку примери[225] со коишто потврдивме дека насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Р. Македонија е присутно повеќе и почесто, односно дека оваа појава не е апсолвирана во единаесетгодишниот период само и единствено преку три правно процесирани случаи.

[224] „Под поимот темна бројка на криминалитетот се подразбираат кривичните дела што воопшто не им се познати на јавните власти, бројот на оние што се познати, но од различни причини не е покрената кривична постапка и бројот на оние каде е покрената кривична постапка, но не дошло до пресудување" – Арнаудовски, Љупчо, *Криминологија,* Скопје, 2007, стр. 139.
[225] Повеќе за ова види на стр. 32

Кога зборуваме за темната бројка која се однесува на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, треба да потенцираме дека нејзината „вредност" е различна во зависност од тоа за каков вид на криминалитет зборуваме. Темната бројка како карактеристика е во директна корелација со останатите феноменолошки карактеристики како што се: „времето на извршување на кривичното дело, начинот на сторување, општествената опасност, односот помеѓу сторителот и жртвата, односот кривично дело – оштетен, карактеристиките на оштетениот и сторителот итн."[226]. Насилството и недостојното однесување според нашата позиција на анализирање на состојбата има значителен број на случаи коишто останале неоткриени и непроцесирани до крај. Примерите на коишто се повикуваме се само неколку коишто сакаме да ги презентираме како објективни докази дека постои темна бројка и за овој вид на криминалитет. Но, многу поважно за нас во овој момент е да се обидеме да дојдеме до одговор на прашањето која е причината за таквата ситуација, која од институциите не ги исполнува своите обврски и како последно, но не и помалку важно, има ли влијание од некоја трета страна врз одредена институција или врз сторителот, односно жртвата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари да се одлучи да не го пријави конкретното дело.

Во нашиот обид да дојдеме до одговор на претходно наведените прашања, хипотетички сакаме да тргнеме од позицијата дека насилството и недостојното однесување на спортските натпревари како дело т.е. како „настан" кога и да се случи го привлекува вниманието и тоа како на спортската, така и на пошироката јавност. Во моментите кога ќе се случи одреден инцидент се јавуваат различни институции, претставници на клубови, претставници на спортски федерации, припадници на навивачки групи со свој став и мислење за појавата на насилство на спортските терени. И покрај фактот што различни интересни групи имаат став по прашањата кои произлегуваат од извршеното насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, сепак во крајниот резултат, односно во бројот на откриени примери на насилство и недостојно однесување, како и во бројот на пријавени, а подоцна и осудени лица, ситуацијата незадоволува, односно крајниот резултат не е објективна слика за реалната состојба.

Ваквата состојба отвора можност за една поширока дискусија која би била во насока на откривање на причините за малиот број на откриени и правно процесирани

[226] Слаѓана, Тасева, *Темна бројка на криминалитетот*, Европа `92, Кочани, 1995, стр. 141

случаи кои се однесуваат на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Причините можат да бидат од различни. Првенствено како една од главните причини ќе ја наведеме инертноста на официјалните институции. Во прв ред тука мислиме на МВР и правосудните органи кои не се во можност да се справат со оваа појава. Исто така, темната бројка на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари сметаме дека директно зависи и од стравот на жртвата да го пријави делото, срамот да се пријави делото на насилство поради страв од стигматизирање и етикетирање, неажурноста на органите на прогонот, нивната непрофесионалност, умешноста на сторителите да го прикријат своето дело и многу други[227]. Дел од причините кои претходно ги наведовме, а кои се однесуваат т.е. кои ги објаснуваат мотивите зошто не се пријавува насилството, присутни се како такви и во неформалниот навивачки кодекс и истите се дел од т.н. навивачка супкултура. Имено, стравот од стигматизирање и етикетирање претставува една од поважните причини зошто припадник на една навивачка група нема да се одлучи да пријави припадник на друга навивачка група. Непрофесионалниот однос на органите на прогонот исто така е една од причините за појава на темна бројка. Горенаведеното тврдење го поткрепуваме со фактот дека во одредени ситуации одредени полициски службеници постапиле селективно, односно непрофесионално. Селективноста и непрофесионалноста најчесто биле т.е. се предизвикани од изразено политичко (партиско) влијание[228] врз самите полициски службеници или врз нивните претпоставени, што пак во крајна линија го покренува и прашањето за извесно коруптивно дејствување на органите на прогонот, како и правосудните органи.

Темната бројка, односно нејзините високи вредности за кој било криминалитет, па и за појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари значи дека граѓаните немаат доверба во органите кои се задолжени да ја гарантираат нивната безбедност. Перспективно гледано, секоја одговорна држава, односно сите државни институции коишто се дел од системот треба да работат во насока на намалување на вредностите на темната бројка за кој било вид на криминалитет да станува збор.

[227] Габеров, Марјан, *Криминолошки аспекти на криминалитетот на насилство*, Европски универзитет, Скопје, 2016, стр.8

[228] Класичен пример на директно политичко т.е. партиско влијание врз полициски службеници имавме на случувањата на скопско Кале на 13.2.2011 година кога дојде до судир помеѓу навивачките групи „Шверцери“ и „Комити“. Тогашниот заменик-министер за внатрешни работи Џеват Бучи директно влијаел врз одредени полициски службеници да ослободат веќе приведено лице. Подоцна, неговото објаснување за овој настан и неговото директно влијание врз работата на полициските службеници ја оправда(л) со мислење дека доколку не го сторел тоа, ситуацијата дополнително ќе се влошела.

Притоа, институционалната активност треба да биде на високо ниво и истата да не се сведува само на повремени т.е. инцидентни реакции. Напротив, треба да се настојува да се изгради еден систем на континуитет во реакциите на институциите, којшто континуитет нема т.е. не треба да биде зависен од извесна партиска агенда.

## V глава - Криминалистички карактеристики на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија

Оваа докторска дисертација можеше да биде насочена исклучиво кон детално истражување само на еден вид на карактеристики на ова кривично дело. Но, на мислење бев и тогаш, но и сега дека без постоење на една комплементарна слика за карактеристиките на кривичното дело и тоа за казнено-правните, криминолошките и криминалистичките карактеристики на едно место и во целина, не можеме и нема да дојдеме до позиција т.е. до ситуација да ја разбереме самата појава. Таквиот пристап немаше да нè донесе до ситуација да го разбереме значењето на феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, да ги согледаме нивните најзначајни карактеристики на насилството на спортските натпревари, меѓусебната поврзаност или зависност на карактеристиките на кривичното дело насилство на спортските натпревари.

Затоа, во оваа глава ќе понудиме одредени сознанија и информации т.е. податоци до коишто дојдовме во процесот на истражување на феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Р. Македонија, односно од еден аспект на криминалистиката ќе се обидеме да ги претставиме најзначајните криминалистички карактеристики на ова кривично дело.

### 1. Значењето на криминалистиката како наука и најзначајните криминалистички карактеристики

Секоја научна дисциплина си има свој предмет на научен интерес и со своите методи и техники коишто ги користи во насока на проучување на предметот на својот научен интерес, секоја наука се труди да дојде што е можно поблиску до целта на своето постоење т.е. научно егзистирање, а таа цел во основа значи да се одговори на прашањата коишто произлегуваат од предметот на научно проучување. И криминалистиката како наука има свој простор, односно нејзиниот предмет на научен интерес зазема точно определено место во спектарот на науки коишто на еден или на друг начин ги изучува криминалните појави и процеси или со еден збор кажано го изучува криминалот како општествено негативна појава и феномен којшто бил е и ќе биде предмет на интерес на различни научни дисциплини.

Во процесот на определување на предметот на криминалистиката како научна дисциплина се повикуваме на дефиницијата која за оваа наука ја дал Водинелиќ, според која „Криминалистиката е наука која ги проучува, открива и ги усовршува научните и на практично искуство заснованите методи и средства кои се најпогодни да се открие и разјасни кривичното дело, да се откријат и да се приведат кон кривична санкција сторителите, да се обезбедат и да се фиксираат сите докази заради утврдување на објективната вистина, како и да се спречи извршување на планирани и непланирани нови кривични дела во иднина. Кратко речено, криминалистиката е наука за техниката, тактиката и методиката на оперативните, истражните и други судски работници, како и наука за спречување на криминалитетот“[229].

Поаѓајќи од оваа дефиниција на Водинелиќ можеме да дојдеме до заклучок дека криминалистиката како наука е важен сегмент во процесот на испитување на криминалитетот, без разлика за каков вид на криминалитет станува збор. Се разбира, криминалистиката како наука си има различни методи, техники и тактики во процесот на истражување на криминалитетот, кои се разликуваат првенствено од видот на кривичните дела. Во основа, криминалистиката како наука е корисна и од аспект на целокупната превенција и репресијата, бидејќи криминалистиката како наука во целот ги истражува и ги обработува и превенцијата и репресијата во насока на превенирање на криминалитетот. Во практична смисла криминалистиката претставува „сложена информативна стратегија, која ги опфаќа научните и на практично искуство основаните методи и средства за откривање, собирање, обработување, оценување и

[229] Водинелиќ, Владо, *Криминалистика – второ изменето и проширено издание,* Современа администрација, Белград, 1972, стр. 3

користење на релевантни криминалистички податоци, во насока на откривање, расветлување и спречување на кривични дела“[230].

Сите кривични науки имаат заеднички предмет на интерес, а тоа е криминалитетот. Легитимно се поставува прашањето кој дел или подобро речено кој сегмент од криминалитетот го изучува криминалистиката како посебна научна дисциплина и во кои делови т.е. сегменти се поклопува со другите научни дисциплини кои посредно или непосредно го истражуваат криминалитетот, како и во кои делови т.е. сегменти дијаметрално се разликуваат една од друга. Во процесот на изнаоѓање на решение за тоа кој дел односно кој сегмент на криминалитетот го истражува и научно го обработува криминалистиката ќе дојдеме до ситуација да ги откриеме основните елементи на криминалистиката како наука, а тоа се нејзините методи, техники и тактики. Професорот Џуклески се обидел да ја дефинира т.е. да го определи предметот на научен интерес на криминалистиката и преку таа дефиниција успеал да ги нотира најзначајните карактеристики на криминалистиката како посебна наука. Според дефиницијата на проф. Џуклески, ,,криминалистиката ги истражува закономерностите значајни за откривање и за докажување на кривичните дела и на сторителите, како и превенција со примена на криминалистички методи“[231].

Постои и дефиниција според која криминалистиката претставува ,,егзактна и емпириска научна дисциплина која се занимава со изучување на научните методи во насока на утврдување на материјалните факти и постапка на прибирање на докази како за кривичното дело така и за сторителот на кривичното дело“[232]. Оваа дефиниција за криминалистиката како наука не упатува на размислување дека предметот[233] на криминалистиката е двостран, односно во основа може да се подели на две групи и тоа:

1. Предмет на криминалистиката којашто истата ја определува како наука чија цел е проучување на севкупниот криминалитет, негова анализа, како и настојување т.е. иницијатива да се соберат што е можно поголем број на информации кои се однесуваат на кривичното дело и за сторителот на кривичното дело;

[230] Алексиќ, Ж., Миловановиќ, З., *Криминалистика,* Београд, Правни факултет Универзитета у Београду, 1991, стр. 1
[231] Џуклески, Гоце, *Вовед во криминалистика,* Скопје, 2009, стр. 27
[232] M. Kresoje, *Kriminalistika,* Novi Sad, 2006. str. 23
[233] Nedeljko, Stankovic, *Uvod u kriminalistiku,* Evropski Univerzitet Brcko Distrikt, 2016, str. 20

2. Предмет на криминалистиката што се состои во пронаоѓање и усовршување на методите и средствата, односно техниката како и практичните искуства кои имаат за цел да го спречат или во крајна линија да го превенираат криминалитетот.

Професорот Ангелески пак криминалистиката ја дефинира како „самостојна херуистичка наука која ги открива и истражува закономерностите во настанувањето на кривичниот настан и механизмот на откривањето и прибирањето на информации (оперативни и доказни) за кривичното дело и за сторителот, ги разгледува техничките средства и тактичките начини и методи заради репресивно превентивна борба против криминалитетот“[234].

Имајќи ги предвид претходно наведените дефиниции за криминалистиката како наука, преку презентацијата на најзачајните криминалистички карактеристики на кривичното дело насилство и недостојно однесување ќе се обидеме да дојдеме до одредени одговори преку коишто на посреден или на непосреден начин ќе бидат апсолвирани целите на криминалистиката како наука. Имено, нашиот фокус на интерес нема да биде само и исклучиво насочен кон презентација на криминалистичките карактеристики на кривичното дело, туку дел од оваа глава сакаме да посветиме и на процесот којшто е составен дел од предметот на криминалистиката како наука, а којшто се состои во нудење на мерки, решенија, политики кои се насочени кон изнаоѓање на соодветна превентивна политика за конкретното кривично дело.

Анализирањето на претходно наведените дефиниции за криминалистиката како посебна научна дисциплина, со свој предмет на научен интерес, како и со свои методи и техники коишто ги користи во процесот на проучување на предметот на научен интерес, како и во насока на определување на одредени закономерности коишто можеме сами по себе да ги поделиме на општи (коишто важат за сите кривични дела), но и посебни (кои се карактеристични за одредени кривични дела), доаѓаме до позиција да размислуваме како криминалистиката доаѓа до закономерностите коишто се од круцијално значење во процесот на откривање на кривичното дело, како и во процесот на откривање на сторителот на одредено кривично дело. Одговорот на горенаведената дилема е едноставен. Имено, криминалистиката „проучувајќи ги криминалистичките карактеристики на кривичните дела кои ги истражува доаѓа до одредени заклучоци за истите, односно формира систем на значајни податоци кои

[234] Ангелески, Методија, *Криминалистика,* НИО Студентски збор, Скопје, 1993, стр. 11

понатаму се користат при расчистување на кривичното дело и при откривањето на сторителот на кривичното дело“[235].

Претходно наведената дефиниција која во својата структура го содржи поимот криминалистичка карактеристика, ни отвора нова можност и ни дава простор во овој дел од трудот да бидеме поконкретни и да презентираме што се и како се дефинираат односно како се определуваат криминалистичките карактеристики. Иако во научната мисла постојат голем број на дефиниции кои се однесуваат на криминалистичките карактеристики, сметаме дека професорот Ангелевски ја има напишано најсоодветната дефиниција за криминалистичките карактеристики, според која суштината на криминалистичките карактеристики се гледа и треба да се бара во „вградувањето на таква организација и правилна стратегија на борбата против криминалитетот која ќе се заснова и во целост ќе се респектира, покрај другото, и овие криминалистички својства кои се карактеристични за одделни кривични дела или на цели групации слични кривични дела“.

Различни автори[236] различно ја определуваат содржината и структурата на криминалистичките карактеристики. Но, како и за претходната дефиниција која се однесуваше на криминалистичките карактеристики општо како поим, така и за нивната содржина и структура, како најприфатлива според наша перспектива ја земаме дефиницијата на професорот Ангелевски, кој покрај другото зборува за следниве карактеристики[237]:

- Начин на извршување и начин на прикривање на кривичните дела;
- Криминална ситуација;
- Траги од кривичното дело;
- Личноста на сторителот на кривичното дело;
- Личноста на жртвата на кривичното дело.

Секоја од претходно наведените криминалистички карактеристики си има свое значење во процесот на откривање на кривичните дела, како и во процесот на откривање на сторителот на истите. Дополнително, криминалистичките карактеристики се важни и од аспект на изготвување на одредени превентивни

---

[235] Петревски, Благојче, *Криминалистички карактеристики на кривичното дело тешка телесна повреда за периодот од 2005 до 2010 година на територијата на Р. Македонија – магистерска теза*, Скопје, 2013, стр. 78

[236] Котески, Марјан, *Криминалистички карактеристики кај убиствата,* Скопје, 2006, стр. 28

[237] Ангелески, Методија, *Криминалистика,* Скопје, НИО Студентски збор, 1993, стр. 120

криминални политики кои може да се однесуваат на криминалитетот генерално или пак кои може да придонесат во насока на креирање на специфични криминални политики кои се однесуваат само за одредено кривично дело или само за одредена група на кривични дела.

Изучувањето на криминалистичките карактеристики претставува процес за којшто не можеме да тврдиме дека има свој почеток и свој крај. Од досегашната пракса станува јасно дека ниту една криминалистичка карактеристика не смееме да кажеме дека е докрај истражена и дека е докрај анализирана, без разлика за кој вид на кривично дело истата се однесува, односно без разлика за која група на кривични дела станува збор. На мислење сме дека подобар заклучок е ако изјавиме дека криминалистичките карактеристики и нивното изучување, односно пристапот во процесот на изучување на криминалистичките карактеристики е во директна корелација и непосредно зависи од можностите, логистиката, но и од техничките средства коишто му стојат на располагање на криминалистичкиот работник во процесот на изучување и детерминирање на фактичката состојбата која се однесува или која би се однесувала на одредено кривично дело. Немаме ситуација на еднаш и засекогаш зададени врски, релации, зависности и исклучувања помеѓу криминалистичките карактеристики меѓу себе, како и помеѓу секоја од нив одделно.

Динамиката на криминалитетот, различните можности, начини и средства коишто можат да бидат искористени во процесот на извршување на кривичното дело, степенот на интелектуална подготвеност на сторителот на кривичното дело, процесот на прикривање на трагите од самото кривично дело, претставуваат само еден мал дел од вкупниот збир на активности коишто може да имаат непосредно влијание во процесот на откривање на кривичното дело, односно претставуваат доволен доказ којшто ни потврдува дека не можеме и дека не смееме да зборуваме и да „настапуваме“ кон криминалистичките карактеристики како еднаш засекогаш дефинирани закономерности, правила и принципи.

### 1.1. Начинот на извршување и начинот на прикривање на кривичните дела

Првите информации, податоци и сознанија кои се однесуваат на одредено кривично дело, аналогно на тоа и за насилството и недостојно однесување на спортските натпревари се добиваат, односно како такви ги содржи криминалистичката карактеристика која се однесува на начинот на извршување и начинот на прикривање

на кривичното дело. Начинот на извршување на кривичното дело нуди директни и непосредни информации за постапките и дејствијата кои ги презема деликвентот во извршувањето на кривичното дело[238]. Преку начинот на извршување на кривичното дело и преку начинот на неговото прикривање се откриваат сите постапки, активности и дејствија кои се насочени кон „практично реализирање на криминалната замисла преку самиот чин на извршување на кривичното дело, како и на такви дејствија со кои се прикрива криминалното однесување со уништување на вистинските и создавање на нови, вештачки траги, со намера криминалистичко-спознајниот процес да се насочи во погрешен правец, а да се оствари криминалната цел и да се уживаат плодовите од криминалното дело[239]. Начинот на извршување на кривичното дело е криминалистичка карактеристика која овозможува добивање на една појасна слика, односно преку оваа криминалистичка карактеристика криминалистичките работници се доближуваат чекор понапред во процесот на откривање на сторителот на самото кривично дело, карактеристиките на неговата личност, добиваме одредени сознанија за неговата професија, начин на живот, за неговите лични проблеми без разлика дали се тоа проблеми кои се предизвикани од влијание на одредени пороци (дрога, алкохол, комар) или пак проблеми од некоја друга природа како на пример неисполнет на емотивен живот, или пак проблеми кои произлегле како резултат на врските т.е. како резултат на односот помеѓу сторителот и жртвата[240].

Ако внимателно го следиме пристапот на кривичното право кон самото кривично дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, ќе забележиме дека членот 386 став 2 во којшто се содржани одредбите на ова кривично дело, главниот акцент го става исклучиво и само кон начинот на извршување на кривичното дело[241]. Во зависност од тоа како е, т.е. како било извршено кривичното дело истото добива и соодветна квалификација, односно се менува степенот на одговорност за сторителот на самото дело.

[238] Петревски, Благојче, *Криминалистички карактеристики на кривичното дело тешка телесна повреда за периодот од 2004 до 2010 година на територијата на Р. Македонија,* магистерска теза, Скопје, 2013, стр. 80

[239] Котески, Марјан, *Криминалистички карактеристики кај убиствата,* „оп. – цит'',Скопје, 2006, стр. 29

[240] Петревски, Благојче, *Криминалистички карактеристики на кривичното дело тешка телесна повреда за периодот од 2004 до 2010 година на територијата на Р. Македонија,* магистерска теза, Скопје, 2013, стр. 80

[241] Водинелиќ, Владо, *Криминалистика отркивање и докажување,* Скопје, 1985, стр. 404

Но, и покрај фактот дека целото внимание е насочено и фокусирано кон начинот на извршување на делото (modus operandi) сепак добро е да напомнеме дека криминалистиката како наука внимание посветува на сите фази од процесот на извршување на едно кривично дело. Конкретно, криминалистиката како наука се интересира за подготвителните активности којшто ги презел сторителот во насока на извршување на делото, за начинот на извршување на самото дело, како и за прикривањето на делото. Сите претходно наведени активности се многу значајни и имаат свое влијание и свој придонес во процесот на откривање, разјаснување и докажување на кривичното и сторителот на истото.

Кривичното дело насилство на спортските натпревари како дело кое што е предвидено во главата на кривичните дела против јавниот ред и мир, не претставува дело за чие извршување е потребна некоја посебна подготовка. Имено, како сторител на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари може да се јави секој поединец и за да го изврши односно за да го постигне диспозитивот на делото предвиден во законот, не му е потребна некоја посебна подготовка или поседување на некои посебни т.е. специфични услови коишто претходно треба да ги обезбеди за да се најде во позиција да може да го изврши кривичното дело. Единствен услов без којшто не можеме да зборуваме за постоење на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари е во моментот на сторување на делото да се планира т.е. да се игра одреден спортски натпревар. Без постоење на спортски натпревар кој е во фаза на подготовка, во фаза на одигрување или непосредно по неговото завршување, не можеме и не смееме да зборуваме дека одредени поведенија можат да се подведат и да се третираат како насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Законското решение кое се однесува на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари многу прецизно ни определува што т.е. кое поведение ќе се смета како насилство или како недостојно однесување. Имајќи ја предвид таа ситуација, точно знаеме дека извршувањето на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари не мора секогаш и задолжително да биде поврзано со присуство на физичко насилство т.е. со физичка пресметка помеѓу две лица или две групи. Напротив, насилството и недостојното однесување на спортските натпревари како кривично дело може да биде извршено и само со вербален напад врз одредена група или врз поединец.

Преку анализата на судските пресуди коишто имавме можност да ги разгледаме успеавме да дојдеме до одговор на одредени прашања кои се поврзани со начинот на извршување на кривичното дело. Всушност, начинот на извршување на кое било кривично дело, па и на кривичното дело насилство на спортските натпревари го открива ,,modus operandi'' системот којшто е во исто време универзален (одредени карактеристики се заеднички за сите кривични дела), но и специфичен (карактеристики кои се специфични само и единствено за одредено кривично дело). Во основа ,,modus operandi" е систем на целокупност на заемно поврзаните факти на однесување[242]. Во оваа дефиниција на професорот Котески содржана е суштината на ,,modus operandi'' системот и тоа онаа суштина која се однесува и која е поврзана со различните активности на човекот генерално. Имено, моменталната активност на некој човек, како и активноста која планира да ја реализира во одреден период, на одредено место и со одредени средства, претходно е ,,изложена на процес" на подготовка од страна на поединецот, а со цел успешна реализација на зацртаната цел. Претходно наведените карактеристики на процесот на планирање, односно периодот, местото и средствата на извршување ја претставуваат и ја отсликуваат целокупноста на заемно поврзаните факти на однесување.

Тргнувајќи од фактот дека насилството и недостојното однесување на спортските натпревари по својот карактер не претставува специфично кривично дело и не бара од потенцијалниот извршител поседување на некои посебни знаења и вештини, очекувана состојба е како сторители на ова кривично дело да се јават лица од различна социјална, образовна и културна средина.

Од правосилните судски пресуди кои имавме можност да ги анализираме, кои се однесуваат на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, дојдовме до заклучок дека извршувањето на кривичното дело било реализирано на различни начини.

Така, според правосилната судска пресуда од Основниот суд во Куманово со број К-266/17, сторителот кривичното дело го извршил со директна примена на физичка сила врз оштетениот. Конкретно, станува збор за физички напад при што оштетениот, во случајот кошаркарски судија бил претходно фатен за врат, а потоа и удрен од страна на сторителот со десната рака во пределот на лицето, при што му

[242] Котески, Марјан., *Криминалистички карактеристики кај убиствата,* Скопје, 2006, стр. 36

нанел телесна повреда. Настанот се случил за време на одигрување на кошаркарски натпревар во Куманово, помеѓу младинските екипи на КК „Куманово“ и КК „МЗТ Скопје“.

Втората пресуда којашто имавме можност да ја разгледаме, а која исто така се однесува на осудени лица за кривично дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари е пресудата донесена т.е. изречена од страна на Основниот суд Скопје 1 со број К. бр. 269/16. Со пресудата е опфатено кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, кое било извршено од страна на две лица во текот на септември 2014 година. Извршувањето на делото не било со користење на физичка сила односно со напад врз оштетениот, туку овде во оваа пресуда станува збор за извршување на кривичното дело насилство преку вербален напад врз функционер на спортски клуб. Дејствието се случило за време на одигрување на пријателски спортски натпревар помеѓу две фудбалски екипи од Скопје и тоа ФК „Вардар“ и ФК „Шкупи“, којшто се играл на стадионот во скопското село Марино, на ден 9.9.2014 година во 17 часот. Обвинетите лица кривичното дело го извршиле на тој начин што со фантомки на главите влегле на теренот каде што бил во тек пријателскиот натпревар и на спортскиот директор на екипата на ФК „Вардар“ му упатиле серија на закани, кои произлегле пред сè како резултат на фактот дека истиот се јавил како организатор на пријателски фудбалски натпревар со албанска екипа. Овој случај ни е еден од примерите којшто не упатува на заклучокот што претходно го наведовме, а кој се однесува на фактот дека не секогаш мора и треба да има директно т.е. непосредно насилство од физички карактер за да може одредено однесување да биде окарактеризирано како насилство на спортски натпревар.

Уште една судска пресуда која била изречена од страна на Основниот суд во Скопје, а која исто така е поврзана со претходно презентирана пресуда на истиот суд, е пресудата со реден број К.бр.1333/16 која му е изречена на лице за извршено кривично дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Не ни е познато зошто за ова лице била водена посебна кривична постапка и зошто лицето не било опфатено во претходната судска пресуда, но како и да е, добро е да споменеме дека и во овој случај кривичното дело насилство на спортските натпревари не било извршено со примена на физичка сила односно со непосреден напад. Напротив, и тука како и во претходниот случај имаме сторување на кривичното дело преку упатување на вербални

закани и навреди, кои како такви придонеле кај нападнатиот да предизвикаат чувство на страв и несигурност, односно чувство на негова лична загрозеност.

Пресудата на Основниот суд во Битола донесена на ден 10.6.2014 година со број КО бр. 349/13 е уште еден пример каде што имаме сторување на кривичното дело со директна примена на физичка сила. Обвинетиот, во случајот и самиот директен учесник на спортскиот натпревар, за време на една вербална расправија помеѓу играчите на двете екипи, физички нападнал еден од домашните играчи на начин што со тупаница го удрил во пределот на главата, конкретно на левата страна кај окото и надочната коска аркада, при што му нанел тешка телесна повреда.

Претходно презентираните судски пресуди ни овозможуваат полесно да одговориме на прашањето како и на кој начин се врши кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Од пресудите коишто имавме можност да ги анализираме доаѓаме до заклучок дека извршувањето на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во основа се врши на два начини и тоа со директна примена на физичка сила или пак со вербален напад од страна на сторителот кон оштетениот во еден конкретен случај. Правосилните судски пресуди потврдуваат дека нема и не може да се предвиди кога и во која ситуација кривичното дело ќе биде извршено со директна примена на физичка сила т.е. со непосредно исполнување на насилство од страна на обвинетиот кон оштетениот, а кога истото дело ќе биде извршено на вербален начин со упатување на закани насочени кон личниот интегритет на оштетеното лице во еден конкретен случај.

Што се однесува до мотивите коишто влијаеле во процесот на извршување на кривичното дело и коишто ја одиграле улогата на своевиден катализатор којшто придонесувал во насока на зголемување на решеноста на сторителите да пристапат кон извршување на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, тука ситуација е различна. Нема и не успеавме да најдеме мотив којшто се повторува кај судските пресуди и којшто би можеле да го определиме како најзначаен и како најважен. Имено, од анализата на пресудите заклучивме дека различни мотиви влијаеле кај сторителите во моментите на извршување на кривичното дело. Така, во пресудата на Основниот суд Куманово како доминантен мотив се издвојува нарушената емотивна состојба кај сторителот која предизвикала позиција на силна вознемиреност, што пак била резултат на судиска одлука на самиот натпревар,

насочена директно кон еден од играчите, во случајот кон синот на сторителот на кривичното дело. Пресудата на судот од Куманово т.е. нејзиното образложение овозможува да се запознаеме многу подетално со влијанието што врз сторителот го постигнала одлуката на судијата на конкретниот натпревар, појавата на состојба на силна емотивна раздразнетост и на состојба на времено губење на свеста и на рационалното размислување и моментално пристапување кон процес на извршување на кривичното дело.

Една од пресудите на Основниот суд Скопје пак е одличен пример за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, предизвикано од нетрпеливост на национална основа. Одигрувањето на фудбалски натпревар со екипа за која доминантно навиваат Албанци, како и екипа чијшто играчки кадар е составен најчесто и генерално од Албанци била единствената причина којашто имала пресудно и клучно значење кај сторителите на кривичното дело да се одлучат да пристапат кон процес на негово сторување. Притоа, тука во овој случај имаме сторување на делото без примена на физичко насилство и директно телесно повредување на други лица, туку диспозитивот на кривичното дело бил исполнет преку вербални закани упатени кон еден од организаторите на конкретниот фудбалски натпревар. Дополнително, овој случај претставува и соодветен пример за квалификаторен облик на сторување на делото, бидејќи во моментот на извршувањето на делото, сторителите ги имале покриено своите лица со соодветни капи – фантомки.

Судската пресуда на Основниот суд од Битола е пример на насилство и недостојно однесување извршено не од страна на навивачи, туку од страна на директни учесници на спортскиот натпревар, во конкретниот случај фудбалери. Причина за извршување на делото т.е. мотивот за сторување на истото претставувала претходна вербална расправија помеѓу играчите на двете екипи, настаната како резултат на одредена судиска одлука. Вербалната расправија преминала кон физичка пресметка, при што била искористена физичка сила во процесот на предизвикување на насилството и недостојното однесување.

Пресудите коишто ги разгледувавме не ни понудија дополнителни информации кои поспецифично би го образложиле начинот на извршување на кривичното дело. Од самите пресуди не бевме во можност да забележиме одредени специфични карактеристики коишто ги имале сторителите на кривичното дело, како би можеле да

дојдеме до заклучок дека извршувањето на ова кривично дело побарува одредена претходна подготовка и исполнување на одредени специфични услови.

Горенаведената состојба која произлегува од правосилните пресуди донесени во периодот којшто ни е предмет на истражување од друга страна ни ја отвора можноста за носење на одредени заклучоци кои се однесуваат и на начинот на прикривање на кривичното дело, којшто директно е поврзан со начинот на извршување на истото. Имено, фактот што насилството и недостојното однесување на спортските натпревари т.е. неговото непосредно извршување не побарува поседување на некои посебни вештини и карактеристики коишто сторителот треба и мора да ги има претходно исполнето како би се нашол во позиција да го изврши самото кривично дело, произведува заклучок дека кај ова кривично дело не можеме да дојдеме до ситуација да зборуваме за професионално извршено кривично дело. Сторителите на кривичното дело насилство видовме дека се лица коишто доаѓаат од различна социјална средина, различен степен на образование, како и различна позиција во општеството. Но, во ниту еден случај не дојдовме до податок кој би се однесувал на преземање на одредени мерки и активности од страна на извршителите на кривичното дело во насока на негово прикривање, што пак во основа би значело и дека сторителите биле „професионалци“.

Кога е во прашање кривичното дело насилство на спортските натпревари мораме да го потенцираме фактот дека „маневарскиот простор“ на сторителите на кривичното дело којшто го имаат на располагање, а којшто се однесува на обидот за негово прикривање е мал, односно незначителен. До овој заклучок доаѓаме како резултат на самата природа на кривичното дело, односно на фактот дека ова кривично дело се врши пред, за време и по одржување на еден спортски натпревар, каде што најчесто фреквенцијата на луѓе е поизразена. Овие околности до крајни граници ја намалуваат можноста извршувањето  на кривичното дело насилство на спортските натпревари да не биде откриено и да биде успешно прикриено. Дополнителен фактор којшто влијае во насока на намалување на можностите за прикривање на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари е и самиот факт што на секој спортски натпревар, посебно на натпреварите коишто се од официјален карактер, задолжително се присутни и органите кои се грижат за зачувување на јавниот ред и мир (полицијата), а во таа насока не треба да биде занемарена и улогата на приватните агенции за обезбедување коишто во последно време во согласност со

законските одредби се ангажираат од страна на спортските клубови за процесот на физичко обезбедување на самиот спортски натпревар.

Прикривањето на кривичното дело е сведено на минимум и од аспект на законските одредби коишто произлегуваат од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Истите се однесуваат на обврската на спортските клубови да обезбедат нумерирани влезници за гледачите коишто ќе се продаваат со приложување на документ за лична идентификација (лична карта или пасош), како и обврската на спортските клубови да обезбедат соодветна просторија во рамките на спортскиот објект којашто ќе се користи како еден вид на контролна соба од којашто ќе може да се снима целиот спортски објект, што пак од друга страна овозможува поголема контрола врз самите гледачи т.е. навивачи и ги зголемува шансите и можностите за преземање на одредени превентивни мерки во насока на намалување на ризиците за појава на насилство и недостојно однесување на спортски те натпревари. Кога сме кај обврските на спортските клубови кои се однесуваат на зголемување на степенот на безбедност на еден спортски натпревар, а коишто можеме да ги подведеме како еден вид на криминалистичка превенција, добро е да го потенцираме фактот дека на територијата на Р. Македонија многу мал број на спортски објекти или подобро кажано незначителен број на спортски клубови вложуваат во процесот на превенција, а со самото тоа и во процесот на намалување на можностите за прикривање на кривичното дело насилство и недостојно однесување. Претходниот заклучок го презентираме како резултат на анализата на спортската инфраструктура со која располагаат спортските клубови, па и државата во целина. Несериозно е да тврдиме дека законското решение во Р. Македонија се исполнува во целост, ако претходно знаеме во какви услови се одигруваат натпреварите од највисок спортски ранг на сите полиња без исклучок, првенствено фудбал, ракомет и кошарка, како спортови кои мобилизираат и привлекуваат најголем број на гледачи. Така во Р. Македонија нема или постојат само неколку спортски објекти кои ги исполнуваат највисоките стандарди за безбедност, а со самото тоа претставуваат и објекти коишто ги намалуваат можностите за прикривање на извршување на кривично дело. Спортските сали „Борис Трајковски'' и „Јане Сандански" во Скопје, како и националната арена „Тодор Проески" исто така во Скопје се единствени спортски објекти на територијата на Р. Македонија коишто го исполнуваат законскиот минимум кој се однесува на обезбедување на соодветни услови за одигрување на еден спортски

натпревар, којшто ќе биде безбедносно покриен во целост и објекти во коишто на минимум се сведени можностите за прикривање на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Ова тврдење го презентираме до аспект дека на претходно наведените спортски објекти постојат посебни простории преку коишто се врши снимање на целокупниот спортски објект, трибинскиот простор, како и останатите простории коишто се дел од самиот објект и на тој начин се врши непрекинат мониторинг на целокупниот спортски натпревар, што пак од друга страна им овозможува на полициските органи кои се задолжени за зачувување на јавниот ред и мир многу полесно да интервенираат во насока на спречување на одреден инцидент или во насока на расветлување на одредено кривично дело извршено на самиот спортски натпревар.

Пресудата изречена од страна на Основниот суд Скопје 1 со број К. бр. 269/16 во која покрај другите моменти интересен за издвојување е обидот на сторителите да го прикријат својот идентитет, а со тоа како крајна цел да го прикријат и сторувањето на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари може да го третираме како пример којшто уште еднаш ја потврдува нашата теза дека ова кривично дело во основа тешко е да биде прикриено и дека секогаш постојат некои други условно речено споредни околности коишто можат да придонесат во насока на расчистување на самиот кривично-правен настан.

Вака претставената ситуација иницира уште една дилема којашто сакаме да ја разгледаме односно сакаме да ја понудиме во насока на допрецизирање на одредени состојби кои произлегуваат или кои се посредно и непосредно поврзани со кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Имено, во моментите кога официјално се обративме до сите основни судови во Р. Македонија со цел да ни овозможат увид во правосилни судски пресуди коишто произлегуваат од кривичното дело кое што ни е предмет на научен интерес, во прв ред бевме изненадени од малиот број на правосилни пресуди изречени кон сторители на конкретното кривично дело. Изненадувањето ни беше првенствено од аспект што преку медиумите и преку други отворени извори сведоци бевме и сме дека во периодот којшто ни е предмет на интерес имаше и други спортски настани на коишто според нашето познавање повеќе од сигурно постоеле соодветни услови конкретните настани да бидат подведени под кривична одговорност. Ќе бидеме конкретни и тука ќе го презентираме натпреварот одигран во Скопје помеѓу кошаркарските екипи на „Работнички“ и „МЗТ

Скопје“. Зборуваме за натпреварот одигран на 4.4.2014 година во спортската сала „Борис Трајковски“ во Скопје. Целосната снимка[243] којашто е објавена на официјалната Јутјуб страна на Министерството за внатрешни работи претставува и повеќе од доволен доказ за да се забележат одредени однесувања на членови на навивачките групи, но и одредени пропусти на организаторот на спортскиот натпревар коишто непосредно придонесуваат во насока на кршење на одредени одредби од законското решение кое се однесува на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Официјалното соопштение на МВР после овој натпревар е дека полицијата привела 12 лица на информативен разговор и дека соодветно ги нотирала пропустите во организацијата на конкретниот настан. Она што ние сакаме да го потенцираме е фактот што ниту еден од 12 приведени лица на информативен разговор не бил односно не подлегнал на кривична одговорност и за сите нив биле изречени прекршочни казни. Со право го поставуваме прашањето: дали во одредени сутуации и органите на редот т.е. полицијата учествува во процесот на прикривање на кривичното дело? Дали постои можност недостатокот на стручна подготовка кај полициските службеници да биде една од причините зошто одредени настани не се подведени како кривично дело и не е процесуирана соодветна кривична пријава? Исто така, легитимно ни е и прашањето: дали некоја повисока инстанца реагирала и интервенирала конкретниот настан да биде решен само и единствено со прекршочни постапки за сторителите? Сите горенаведени прашања ни се легитимни, посебно ако го имаме предвид фактот дека и на снимката лесно се забележуваат поведенија коишто несомнено можеле и требало да бидат третирани како кривично дело. Конкретно мислиме на лицата кои на оваа снимка се појавуваат со маски на своите лица, потоа на физичкиот и вербален напад којшто дел од навивачите на „Работнички“ го извршуваат врз едно малолетно дете (во случајот 14 годишен навивач на „МЗТ Скопје“), организациските пропусти коишто исто така требало да бидат соодветно третирани, интервенцијата на припадниците на МВР, посебно на припадниците на Единицата за брзо распоредување (дали истата била соодветна, навремена, ефикасна и сл.).

Друг пример каде што можеме да зборуваме за сторување на кривично дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари и тоа извршено во присуство на полициски службеници коишто намерно или не не презеле ништо во

---

[243] https://www.youtube.com/watch?v=jE5uGe_iUkA

насока истото да биде спречено, претставува инцидентот[244] којшто на ден 16.10.2010 година се случил на стадионот во Кичево. За време на натпреварот навивачите на Шкендија го симнаа државното знаме на Р. Македонија и на негово место го истакнале албанското национално знаме. Инцидентот се случувал пред припадници на македонската полиција. Нивната реакција, со оглед на фактот што овој чин претставува сериозно кршење на одредбите на самиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување, се состоела од немо посматрање на целиот инцидент и покренување на кривична постапка против едно малолетно лице од Тетово, иако оваа состојба повеќе од јасно е ако се анализира самата снимка дека не е реално завршување и процесуирање на настанот.

Во контекст на претходно кажаното, можеме да наведеме уште примери коишто не биле соодветно процесуирани и условно речено затворени од полицијата или од истражните органи во целост, кои се доволен доказ или во најмала рака индиција којашто оди во прилог на претходното наше видување т.е. на претходниот наша заклучок, којшто се однесуваше на прикривањето на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари и улогата на официјалните лица во таа насока.

### 1.2. Средства за извршување на кривичното дело

Значењето на начинот на извршување како и начинот на прикривање на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари нудат одредени одговори коишто може, и кои треба да се имаат предвид во процесот на дефинирање на карактеристиките на сторителот на кривичното дело. Конкретно, горенаведената криминалистичка карактеристика претставува солидна основа којашто му помага на криминалистичкиот работник во неговиот обид да го определи идентитетот на сторителот на конкретното кривично дело. Дефиницијата на професорот Котески која се однесува на средствата за извршување на кривичното дело „преку која се гледаат личните својства на сторителот''[245] претставува најблиска дефиниција до претходно кажаното.

Во најголем дел, средствата кои се користат за извршување на кривичните дела, па и на кривичното дело насилство на спортските натпревари, спаѓаат во категоријата

[244] https://www.youtube.com/watch?v=A0HK1MKPItU
[245] Котески, Марјан, *Криминалистички карактеристики кај убиствата,* Скопје, 2006, стр.41

материјални докази. Генерално, кога зборуваме за материјалните докази како такви, добро е да споменеме дека тие се разликуваат едни од други првенствено по своите индивидуални и класни карактеристики. Индивидуалните карактеристики на материјалните докази претставуваат својства коишто можат да се препишат на заеднички извор со екстремно висок степен на сигурност, додека пак класните карактеристики претставуваат својства на материјалните докази врз основа на коишто се поврзуваат само со група, а никогаш со поединечен извор[246].

Пресудите до коишто имавме можност да дојдеме во текот на нашето истражување ни претставуваат солидна основа од којашто можевме да извлечеме одредени заклучоци кои се однесуваат на средствата со коишто се вршело кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Притоа, сакаме да напоменеме дека преку средствата за извршување на кривичното дело дојдовме до позиција да заклучиме дека при вршењето на кривичното дело во целост биле исполнети законските одредби односно законските можности коишто произлегуваат од законското решение, а кои се однесуваат на можните средства т.е. начини на извршување на кривичното дело. Така, преку анализата на пресудите дојдовме до заклучок дека кривичното дело  насилство се извршувало во основа на два начини и тоа преку директна употреба на физичка сила и физички напад од страна на извршителот кон жртвата на кривичното дело, но имавме и пресуда која пак ни претставуваше доказ дека самото кривично дело било извршено исклучиво само со примена на вербална закана од којашто настанала состојба на страв и несигурност кај жртвата т.е. кај жртвите од самото кривично дело. Во насока на донесување на некој конкретен заклучок којшто би се однесувал на средствата коишто се користеле за извршување на кривичното дело насилство, добро е да напомне дека со оглед на малиот т.е. недоволниот број на судски пресуди не сме во позиција да извлечеме конкретен или подобро речено генерален заклучок преку којшто ќе потврдевме дека ова кривично дело во основа и најмногу се извршува со одредени средства. Напротив, ваквата ситуација ни нуди можност да нотираме различни средства и различни начини на извршување на кривичното дело со коишто се сретнваме во процесот на анализа на судските пресуди.

Употребата на физичка сила (удари со тупаници, со нозе, фаќање за врат и сл.) се дел од „средствата“ коишто сторителите на кривичното дело насилство и недостојно

---

[246] Сеиферстин, Ричард, *Криминалистика – вовед во форензика,* Табернакул, Скопје, 2010, стр. 73

однесување на спортските натпревари ги користеле во моментот на сторувањето на делото. Оваа состојба ни овозможува да заклучиме дека сторителите на кривичното дело ја користеле својата физичка сила во процесот на извршување на кривичното дело. Користењето на сопствената физичка сила пак како средство за извршување на делото, го наметнува заклучокот дека сторителите на кривичното дело се чувствувале доминантни во однос на својата жртва. Имено, отсуството на употреба на одредени погодни средства за физички напад, како што се на пример дрвени или метални палки, боксирачи и слично, претставува корисна претпоставка којашто ја користиме во процесот на донесување на логичен заклучок, а тоа е дека сторителите на кривичното дело биле физички доминантни во однос на нивните жртви. Друга дилема која се отвора по овој наш заклучок е содржана во прашањето што т.е. која била причината сторителите да се чувствуваат доминантно. Дали можеби станувало збор за недоволен степен на пасивна и активна безбедност како кај самите жртви, но и на конкретниот натпревар каде што инцидентот настанал. Исто така легитимно е прашањето дали сторителите се чувствувале доволно силни, моќни и самоуверени што се одлучиле да пристапат кон сторување на кривичното дело. Дали нивната општествена состојба (статусот кој го имаат во општеството, припадноста кон одредени високи политички кругови, материјалната состојба која ги „тера“ да се чувствуваат моќно и сл.) им овозможувала да го сторат тоа, без притоа да размислуваат за нивните последици или пак емоционалната состојба во којашто се наоѓале во моментот на сторување на делото одиграла улога на катализатор во насока на сторување на делото.

Во анкетните прашалници кои се однесуваа на трите групи на испитаници определивме место и за начинот на извршување на делото, односно за средствата коишто сторителите на кривичното дело насилство ги користеле за време на извршувањето на делото. Од одговорите коишто ги добивме, дојдовме до заклучок дека кај трите групи на анкетирани лица (навивачи, полициски службеници и обични граѓани) доминира одговорот дека делото најчесто и во основа се врши преку пеење на песни со навредлива содржина како и со директна примена на физичка сила. Значаен момент којшто сакаме да го потенцираме е фактот што во одговорите на трите анкетирани целни групи на некој начин се издвојува вербалната форма на сторување на делото, односно со пеење на песни или со извикување на пароли, преку коишто се предизвикува национална, верска и етничка нетрпеливост, а со самото тоа се исполнува диспозитивот на кривичното дело.

### 1.3. Криминална ситуација под која се извршува кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари

Наредна криминалистичка карактеристика којашто исто така е важна, посебно од аспект на целосно откривање на кривичното дело како и аспект на комплетно утврдување на околностите под коишто било извршено одредено кривично дело, а аналогно на тоа и кривичното дело насилство на спортските натпревари претставува криминалната ситуација како криминалистичка карактеристика. Пред да преминеме кон определување на криминалната ситуација поврзана со кривичното дело насилство на спортските натпревари, корисно е да презентираме што научната мисла подразбира под овој поим и како истиот е определен од страна на научниците (истражувачите) кои подетално ја обработуваат оваа криминалистичка карактеристика.

Професорот Ангелески криминална ситуација како криминалистичка карактеристика ја определил како „севкупност на сите околности под коишто е извршено кривичното дело“[247]. Оваа дефиниција на професорот Ангелески ни овозможува да размислуваме во насока на кои околности конкретно се мисли, што е тоа што е важно кога е во прашање извршувањето на одредено кривично дело, кои околности ќе имаат круцијално или пресудно значење во процесот на сторување на кривичното дело итн. Чекор напред во разјаснување на значењето на севкупноста на околностите под коишто е извршено кривичното дело ја наоѓаме во дефиницијата на професорот Водинелиќ, според кој, севкупноста се состои од „територијални, климатски, демографски и другите специфики на регионот, како и сите услови на местото и времето на извршување на деликтот во конкретна објективна реалност во која дејствува деликвентот“[248].

Вака определената криминална ситуација како криминалистичка карактеристика сама по себе создава можности за уште подетална и поспецифична анализа на кривичното дело т.е. кривично-правниот настан, со посебно разработување, проучување, прецизирање и јасно определување на сите компоненти од коишто се состои самата криминална ситуација. Конкретно, ако имаме предвид дека и времето на извршување на кривичното дело претставува составен дел на криминалната ситуација, преку анализата на временската рамка во којашто се извршило одредено кривично дело ќе дојдеме до позиција да ја анализираме „временската дистрибуција на извршување на

[247] Ангелески, Методија, *Криминалистика,* Скопје, 1993, стр. 121
[248] Водинелиќ, Владо, *Криминалистика,* Скопје, 1985, стр. 153

конкретното кривично дело, што пак од своја страна го третираат влијанието на општествено – економските и социокултурните фактори, кои покрај временскиот, имаат свои импликации и на територијалните и на демографските фактори“[249].

Територијалните специфики на регионот (државата) исто така претставуваат составен елемент на криминалната ситуација. Кога зборуваме за територијалните специфики на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, сакаме да нагласиме дека нема некое посебно правило преку коешто би можеле да дојдеме до ситуација да носиме одредени заклучоци или да базираме одредени политики во насока на влијанието на територијата, на условите коишто се актуелни во неа, а кои имаат свое влијание во појавата на кривичното дело. Во таа насока сакаме да потенцираме дека шансите за појава на насилство на спортските натпревари повеќе се на страната на урбаните центри, за разлика од руралните средини. Од податоците до коишто успеавме да дојдеме ни се наметнува заклучокот дека кривичното дело насилство на спортските натпревари е покарактеристично за поголемите градски (урбани) средини, за разлика од селата. Оваа ситуација е и повеќе од очекувана ако се има предвид дека динамиката на односи помеѓу луѓето е многу повеќе изразена во градските средини, за разлика од селата. Дополнително, во оваа насока сакаме да напоменеме дека во Р. Македонија постојат неколку градови коишто се издвојуваат од останатите, посебно од аспект на бројот на спортски натпревари коишто се организираат и одржуваат во истите, како и од аспект на бројот на навивачи коишто самите спортски клубови од тие градови ги мобилизираат и од кои подоцна може да се очекува да дојдат до позиција да извршат одредени кривично дело. Да бидеме конкретни, кога го презентираме ова, во прв ред мислиме на Скопје како главен град во којшто динамиката на различни спортски настани е најизразена и како град каде што функционираат две навивачки групи чии припадници генерално гледано ги претставуваат најбројните заедници во Р. Македонија, потоа Битола како град со нагласена и изразена спортска традиција и историја, но и како град каде што навивачката култура е на солидно ниво, и се разбира Тетово којшто е еден интересен пример каде што на мала територија и во едно мало место функционираат две навивачаки групи. Ги споменавме овие примери се со цел полесно да ги одредиме

[249] Блажевска Андоновска, Валентина, *Криминалистички карактеристики на убиствата во Република Македонија,* докторска дисертација, Скопје, 2019, стр. 69

територијалните специфики кои се однесуваат на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Анализата на територијата, на климата, на демографските карактеристики на одредено место, ќе понуди одредени сознанија за истото и ќе ни овозможи пристап до процесот на определување на верзии за кривично-правниот настан. Со овие податоци и со понатамошна темелна обработката на местото и времето на извршување на деликтот, со помош на метод на елиминација ќе се создаде една појасна слика за целата криминална ситуација, ќе се добијат подробни информации за целиот настан и ќе се овозможи понатамошна реализација која води кон целосно расчистување на кривичното дело[250].

Податоците кои се однесуваат на демографските специфики на одреден регион сами по себе претставуваат дел од криминалната ситуација. Имајќи еден јасен преглед на демографската структура на составот на населението во одреден регион или во државата во целина, односно располагањето со податоци кои се однесуваат на просечната старосна граница на населението, на соодносот на половата застапеност, степенот на образование, стапките на наталитет и морталитет со кои се соочува одреден регион, претставуваат прашања коишто играат сериозна улога и заслужуваат внимание од страна на официјалните органи. Внимателната анализа на претходно наведените демографски специфики на одреден регион придонесуваат во насока на обезбедување на погодна позиција за прогнозирање на идни состојби во конкретниот регион, а и во државата во целина. Сознанијата коишто се поврзани т.е. коишто произлегуваат од демографските специфики ја отвораат и можноста за определување на демографска карта на конкретниот регион и преку таа карта ја зголемуваат можноста за предвидување на идни движења[251]. Фактот што Р. Македонија веќе подолг временски период се наоѓа во процес на демографска стагнација, како и податокот дека голем број на млади лица се одлучуваат да ја напуштат земјата трајно или привремено, секако дека како карактеристики треба да се земат предвид во процесот на донесување на заклучоци кои се однесуваат на динамиката на појава и на развој на криминалитетот во одреден регион, а во крајна линија и во целата држава во целина.

[250] Петревски, Благојче, *Криминалистички карактеристики на кривичното дело тешка телесна повреда за периодот од 2004 до 2010 година на територијата на Р. Македонија,* магистерска теза, Скопје, 2013, стр. 93

[251] *Ibidem*

Во Р. Македонија поголем дел од населението живее во урбаните (градски) средини. Фактот што во градовите има поизразена концентрација на население, за очекување е „присуството“ на насилство и недостојно однесување како појава да биде поизразена. Дополнително, во градските средини можностите за развој и афирмација на социјалниот и културен живот се значително поизразени за разлика од селото. Оваа состојба придонесува за појава на различни форми и можности за соработка помеѓу жителите во градските средини, но во исто време покрај можностите за соработка, градската средина како подинамична средина може да придонесе во процесот на појавата на кривичното дело. Дека градските средини се поповолни за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, говори и фактот дека сите навивачки групи коишто се формирани и регистрирани на територијата на Р. Македонија припаѓаат на одредени градски средини. До денес во Р. Македонија не е забележана активна навивачка група којашто се поврзува со одреден спортски клуб од рурална средина. Го потенцираме овој момент од едноставна причина што најчесто навивачките групи претставуваат база за лицата кои се јавуваат како сторители на кривичното дело насилство на спортските натпревари.

Локацијата на местото на настанот т.е. локацијата на извршувањето на кривичното дело исто така претставува значаен елемент којшто ја дополнува криминалната ситуација како криминалистичка карактеристика. Во основа, „локацијата на местото на настанот се однесува на описни квалитети на местото на настанот, кои вклучуваат нејзина физичка локација и нејзиниот однос со околината“[252]. Тргнувајќи од оваа дефиниција, а дополнително имајќи ги предвид одредбите кои се содржани во Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, добиваме впечаток дека во поглед на локацијата на извршување на ова кривично дело постојат одредени ограничувачки одредби. Имено, за да постои ова кривично дело нужен услов без кој не се може е одигрување на одреден спортски натпревар, којшто според одредбите на законското решение задолжително мора и треба да биде на спортски објект. Кога зборуваме за спортските објекти добро е да кажеме дека тие генерално можеме да ги поделиме во две поголеми групи и тоа на отворени и затворени спортски објекти. Во првата категорија спаѓаат стадионите коишто во основа се отворени спортски игралишта без целосна физичка

[252] Brent, E. Turvey, *Criminal profiling an introduction to behavioral evidence analysis – Forensic Solution,* LLC
Sitka, Alaska, USA, 2007, p.290

поделба со надворешниот свет, додека пак спортските сали спаѓаат во категоријата на затворени спортски објекти коишто овозможуваат т.е. обезбедуваат соодветна физичка бариера и сегрегација со надворешниот свет.

Во поглед на безбедноста или подобро речено во поглед на потенцијалот за извршување на кривичното дело, затворените спортски објекти ги ограничуваат или ги намалуваат можностите за појава на кривичното дело. Постојат повеќе причини зошто е тоа така, а како најзначајни во тој контекст ќе ги издвоиме следниве:

- Помал капацитет на гледалиштето;
- Помал простор којшто треба да биде физички обезбеден;
- Полесен пристап на гледачите до самиот спортски објект;
- Поголема можност за непосредна контрола на самиот простор;
- Поголема можност за обезбедување на мониторинг на целиот спортски објект,
- Олеснета и подобра можност за интервенција од страна на органите на редот итн.

За разлика од спортските сали, стадионите како локација за извршување на кривичното дело од безбедносен аспект претставуваат инфраструктурни објекти коишто нудат поголеми шанси за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Фактот што генерално стадионите имаат гледалишта со поголем капацитет за разлика од спортските сали, како и фактот дека површински се значително поголеми од спортските сали, претставуваат попогодни места за предизвикување на насилство и на недостојно однесување на спортските натпревари. Големината на спортскиот објект од своја страна побарува и ангажман на поголем број на полициски службеници со цел да се превенираат одредени инциденти, но од друга страна пак самата големина влијае и правопропорционално во зголемувањето на шансите за појава на насилство. Тешко може да се очекува целосна покриеност на стадионите и техничка способност за мониторирање на целокупниот објект. Дополнително, ако зборуваме за македонските стадиони и условите коишто постојат и се актуелни треба да нагласиме дека како спортска инфраструктура македонските стадиони се погодно место за предизвикување на насилство. Не постојат или подобро кажано воопшто не се запазени одредени безбедносни правила коишто стадионите треба и мора да ги исполнуваат како би влегле во одредена категорија којашто може да биде прифатена како таква т.е. да влезат во позиција на истите да се играат натпревари,

како од национално првенство, така и интернационални. Дека стадионите генерираат поголем број на можности за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, говорат и примерите т.е. судските пресуди до коишто имавме можност да дојдеме. Имено, од анализираните случаи апсолутниот дел од нив се случиле на стадион, а само еден во еден исклучителен случај, насилството на спортските натпревари било извршено во спортска сала.

Времето како елемент на криминалната ситуација ни дава одговор на активноста на сторителите на кривичното дело и на тој начин ни овозможува да планираме одредени превентивни политики или контра мерки коишто би имале влијание во процесот на намалување на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Треба да напоменеме дека нема и не може да се определи една целосна или една генерална рамка преку којашто ќе можеме да извлекуваме одредени заклучоци поврзани со времето т.е. временската рамка на извршување на кривичното дело. Активноста на сторителите на конкретното кривично дело насилство на спортските натпревари директно е поврзана и условена со временската рамка на одигрување на одреден спортски натпревар. Ако го имаме предвид фактот дека поважните спортски натпревари се играат попладне или во раните вечерни часови, тогаш за очекување е на тие натпревари се да присуствуваат поголем број на гледачи коишто ја зголемуваат можноста за појава на кривичното дело.

Претходно наведените составни елементи на криминалната ситуација како криминалистичка карактеристика задолжително мора(ме) да ги имаме предвид во процесот на проучување на криминалистичките карактеристики на сите кривични дела, па и на кривичното дело насилство на спортските натпревари. Исто така треба да напоменеме дека секое кривично дело без разлика дали станува збор за кривични дела од иста или од различна глава, како и без разлика дали станува збор за исто кривично дело извршено од различни сторители, претставува „свет сам за себе“. И покрај сите принципи, правила, методи и техники коишто на некој начин и во одредена мера можеме да кажеме дека добиваат одредени универзални вредности, криминалната ситуација како криминалистичка карактеристика е различна од сите други претходно и си има свои специфични карактеристики коишто влијаат, односно коишто придонесуваат да дојдеме до позиција на заклучок дека две исти криминални ситуации не постојат и не можат да постојат. Во таа насока ќе потенцираме дека „секоја криминална сцена е различна од сите други, врз основа на своето уникатно влијание

врз животната средина, диспозицијата сторител – жртва, интеракцијата сторител – жртва, како и физичките докази т.е. траги оставени зад себе“[253]. Вака поставената позиција на криминалната ситуација како криминалистичка карактеристика ни овозможува полесно да го определиме нејзиното значење и влијание во процесот на откривање на кривичното дело и на сторителот на истото. Без целосно и детално определување и расчистување на криминалната ситуација не можеме да очекуваме дека една истрага поврзана со откривање на кривичното дело и на сторителот на делото е комплетна и завршена, односно дека истата е објективна. Напротив, секој недостаток кој се однесува на криминалната ситуација не носи до ситуација понатамошната истрага да биде отежната со дополнително вложување на ресурси од различен карактер и природа со цел да се надополнат недостатоците од недоволно и нецелосно обработената криминална ситуација. Кога зборуваме за вложување на дополнителни ресурси и логистика во прв ред мислиме на вложување на нови интелектуални капацитети преку ангажирање на професионалци од различни области, што пак од своја страна ќе побара и обезбедување на соодветни услови коишто треба да бидат исполнети како би можеле да се ангажираат тие дополнителни интелектуални капацитети. Во прв ред кога зборуваме за обезбедување на дополнителна логистика, мислиме на обезбедување на соодветна финансиска конструкција којашто ќе ни ја овозможи таа ситуација, а дополнително на тоа и обезбедување на логистичка поддршка до легислативен карактер, што пак подразбира соодветна легална рамка надополнета со соодветни законски и подзаконски акти кои ќе се однесуваат т.е. коишто ќе ја регулираат таквата состојба.

### 1.4. Трагите од насилството и недостојното однесување на спортските натпревари како криминалистичка карактеристика

Во процесот на откривање на еден кривично правен настан, а аналогно на тоа и во обидот да се открие сторителот или сторителите на некое конкретно кривично дело, исклучително важна криминалистичка карактеристика која го овозможува тој процес претставуваат трагите. Фактот што трагите како криминалистичка карактеристика овозможуваат, односно имаат свој придонес и улога во насока на откривање на кривичното дело па и на сторителот на истото, пристапот кон нивно проучување и утврдувањето на нивното значење претставува сериозен процес и бара темелен пристап којшто би ги елиминирал или во крајна линија намалил ризиците од евентуална грешка

[253] Turvey, B. “op.cit.” str. 289

поврзана со текот на самата истрага. Со примена на соодветни криминалистички тактики на постапување се пронаоѓаат, обезбедуваат и фиксираат траги и предмети од кривичното дело на местото на кривичниот настан и неговата поширока околина (locus operandi). Овие траги и предмети претставуваат „неми докази" со кои се потврдува постоењето на кривичното дело, а можат да ја насочат истрагата кон конкретно лице со цел докажување на неговата вмешаност во извршувањето на делото[254].

Значењето на трагите како криминалистичка карактеристика се гледа првенствено во фактот што даваат одговор на многу прашања коишто директно или индиректно се поврзани со кривичното дело и со сторителот на кривичното дело. Така, трагите се важни за добивање на одговори поврзани со местото на извршување на кривичното дело, начинот на којшто е извршено самото кривично дело, средствата коишто биле користени од страна на сторителот за време на извршувањето на кривичното дело итн. Но, пред да преминеме кон подетално објаснување на видовите на траги коишто криминалистиката како наука ги познава, во продолжение ќе презентираме одредени дефиниции коишто се однесуваат на трагите како криминалистичка карактеристика и што научната мисла т.е. научниците коишто се занимаваат со оваа проблематика подразбираат под траги. Притоа, треба да го истакнеме фактот дека во криминалистиката како наука постојат повеќе дефиниции кои се однесуваат на трагите и научната мисла не е обединета околу една и единствена дефиниција која би се однесувала на трагите. Напротив, сведоци сме на различни пристапи, а со самото тоа и на различни дефиниции кои се однесуваат на трагите. Нашето размислување е во правец дека дефиницијата којашто ја понудил и своевремено ја дал професорот Водинелиќ да ја сметаме за најприфатлива, од аспект на нејзината прецизност во објаснувањето на поимот и значењето на трагите. Така, според Водинелиќ „под трага на кривично дело во криминалистиката се подразбира секоја видлива, или со голо око невидлива материјална промена, настаната на лице местото, на жртвата или на сторителот, во врска или во ситуација на извршување на кривичното дело''[255].

Во процесот на проучување на трагите како криминалистичка карактеристика, научните работници, но и луѓето од праксата коишто се занимаваат со процесот на

[254] Николовски, Марјан, Саздовска, М. Марина, *Криминалистичка тактика 2,* Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, Факултет за безбедност, Скопје, 2018, стр. 33
[255] Водинелиќ, Владо, *Криминалистика,* Скопје, 1985 „оп – цит", стр. 153

откривање, фиксирање, обработување и оценување на трагите, извршиле нивна поделба и тоа по различни критериуми. Поделбата на трагите исто така придонесува во насока на нивно полесно изучување и нивно вреднување како криминалистичка карактеристика која помага во процесот на откривање на кривичното дело и на сторителот на кривичното дело. Првенствено, можеме да зборуваме за „траги најдени на местото, траги најдени на сомнителното лице и траги најдени кај оштетениот“[256], потоа за „траги од човечко потекло, траги од животинско потекло, траги од растително потекло, траги од предмети и траги од дејство на сила“[257].

Кога зборуваме за кривичното дело насилство на спортските натпревари, со право го поставуваме прашањето кои траги треба да ги очекуваме и кои траги се карактеристични, а во одредена мера и специфични за самото кривично дело, но и за сторителот на истото. Во таа насока сакаме да го потенцираме фактот дека кривичното дело насилство на спортските натпревари според диспозитивот на истото или според одредбите коишто се содржани во член 386 став 2 од Кривичниот законик на Р. Македонија, покрај другите карактеристики, подразбира и употреба на физичка сила, употреба на одредени средства за реализација на делото. Употребата на средства како и употребата на физичка сила како составни елементи во процесот на извршување на кривичното дело, а токму тие составни елементи не упатуваат на заклучок дека кога станува збор за ова кривично дело треба да очекуваме траги кои се карактеристични за кривичните дела против животот и телото. Конкретно, во постапката за обезбедување на траги од кривичното дело насилство на спортските натпревари, треба да очекуваме дека криминалистичките работници ќе се најдат во ситуација да обезбедат, фиксираат, обработуваат и оценуваат „траги на телото, траги од борба, траги кои укажуваат на начинот и средството на извршеното кривично дело, траги од оружје и орудие, траги од движење, траги од борба од местото на настанот и специфични траги“[258].

Како заклучок што неминовно се наметнува од претходната презентација на трагите, видовите траги, нивното значење и вредност во насока на откривање на кривичното дело, но и на сторителот на одредено кривично дело, кога е во прашање насилството и недостојното однесување на спортските натпревари постоењето на трагите и нивното обезбедување, фиксирање и понатамошна анализа т.е обработка или

---

[256] Видиќ, Владо, *О траговима у криминалистичкој обради,* Безбедност, 8/1971, стр. 29
[257] Јовановиќ, К., *Криминалистичка техника,* Белград, 1981, стр. 52
[258] Котески, Марјан, *Криминалистички карактеристики кај убиствата,* Скопје, 2006, „оп – цит'', стр. 56 – 57

вештачење, треба да започне со обезбедување на траги кај сторителот на кривичното дело. Овој заклучок е логична последица на фактот дека насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во основа подразбира дека постои т.е. постоела одредена форма на насилство извршена од страна на сторителот кон жртвата. Кога зборуваме за траги најдени кај сторителот на кривичното дело, во прв ред мислиме на:

- Траги од предмети користени во извршување на кривичното дело;
- Траги од повреди настанати при извршување на кривичното дело;
- Траги на облеката и обувките;
- Траги од крв и некои други излачевини;
- Останати микротраги.

Имајќи предвид дека кривичното дело подразбира употреба на сила и дека во одредени ситуации покрај материјалната штета која се предизвикува на спортските објекти, насилството на спортските натпревари предизвикува и појава на реални човечки жртви. Насилството на спортските натпревари кое покрај другото „произведува" и човечки жртви, а кое се случува т.е. се манифестира за време на еден спортски натпревар, може да биде извршено на различни начини. Токму кај тие жртви треба да очекуваме постоење на одредени траги кои исто така може да бидат корисни и продуктивни во насока на откривање на сторителот на кривичното дело. Во таа насока, можеме да зборуваме за следниве видови на траги коишто се карактеристични за жртвата и тоа:

- Траги од повреди настанати од извршеното кривично дело;
- Траги на предмет или предмети т.е. средства кои биле користени при извршувањето на кривичното дело;
- Траги од крв;
- Траги кои се наоѓаат под ноктите на жртвата која се бранела;
- Микротраги (коса, влакна и сл.).

Насилството и недостојното однесување на спортските натпревари може да биде извршено и во отворени и во затворени простории односно спортски објекти од отворен и од затворен тип. Самиот факт што насилството може да биде извршено и во затворени простори т.е. спортски сали или фудбалски стадиони кои се од затворен тип, тогаш и на местото на извршување на кривичното дело треба да се посвети внимание од страна на криминалистичките работници во насока на обезбедување на траги кои се важни или коишто можат да придонесат во насока на откривање на кривичното дело

или на сторителот на истото. Така, на местото каде што е извршено насилството, посебно ако станува збор за извршување на делото во затворен спортски објект, тогаш големи се можностите криминалистичките работници да дојдат до следниве видови на траги:

- Траги од крв коишто може да бидат најдени на местото на настанот;
- Предмети коишто се поврзани со кривичното дело т.е. средствата коишто ги користел сторителот на делото;
- Отпечатоци од папиларни линии (присуството на голем број предмети во еден спортски објект треба да биде земен предвид во процесот на пронаоѓање на отпечатоци);
- Траги од нозе (од сторителот и од жртвата на кривичното дело коишто можат да бидат површински и релјефни).

Кога зборуваме за траги најдени на лице местото на извршеното кривично дело, посебно кога зборуваме за насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, во процесот на прибирање на сознанија и информации за делото, како и во процесот на обезбедување на траги од кривичното дело, посебно значење имаат и средствата коишто се користат како помошна оперативна техника[259], но и средствата за надзор[260]. Кога зборуваме за средствата за надзор тогаш во прв ред мислиме на видеонадзорот којшто како услов е задолжителен за спортските објекти каде што е предвидено да се играат професионални натпревари од различни спортови. Треба да имаме предвид дека еден од условите спортските објекти да добијат дозвола за работа, посебно за оние објекти на коишто е планирано да се одигруваат меѓународни натпревари, услов без којшто на објектот не смее да му се издаде дозвола и да се одобри технички прием, претставува постоењето на посебна мониторинг соба којашто го снима целиот спортски објект. Токму постоењето на една ваква мониторинг соба игра важна улога во постапката која се води или која би се водела за обезбедување на докази т.е. траги, посебно за обезбедување на траги кои се однесуваат на местото на сторување на делото.

Состојбата со спортската инфраструктура во Р. Македонија не е во најдобра кондиција и состојба. Најголем дел од спортските објекти не само што немаат посебни

---

[259] Cimburovic, Ljubomir., Ivanovic B. Aleksandar., Ivanovic R. Aleksandar., *Kriminalisticka Tehnika,* Belgrad, 2011, str. 268
[260] *Ibid,* str. 278

мониторинг соби, туку и истите со крајни напори ги исполнуваат и минималните услови за одигрување на еден натпревар. Оваа состојба влијае или подобро кажано може да има сериозно влијание во работата на криминалистичките работници во Р. Македонија, посебно од аспект што истите нема да можат да бидат во позиција да обезбедат реални, веродостојни, објективни и сигурни траги т.е. докази.

Збирот или апсорпцијата на претходно наведените карактеристики на трагите, видовите на траги како и местото каде што можат да бидат пронајдени траги од извршеното насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, ја открива важноста на трагите како криминалистичка карактеристика. Важноста на трагите, односно нивната вредност како криминалистичка карактеристика ја гледаме и преку нивната подобност за „утврдување на кривичното дело или откривање на сторителот''[261]. Дека трагите играат значајна и во одредени истраги клучна улога во насока на утврдување на постоењето на одредено кривично дело, а во тој контекст и откривањето на сторителот на одредено кривично дело, заклучуваме и од деветте златни прашања на криминалистиката. Така, трагите како криминалистичка карактеристика корисни се и се употребуваат во насока на доаѓање на одговор на прашањето „каде'' е извршено кривичното дело, времето кога е извршено кривичното дело што одговара на прашањето „кога“, субјективни информации за тоа кој го извршил делото и со кого, објективни информации односно што точно се случило. Дополнително, трагите имаат свој придонес и во насока на идентификување на средствата со кои е извршено одредено кривично дело (со што е извршено), а исто така во одредена мера даваат одговор и на прашањето кое што е поврзано со мотивираноста за извршување на кривичното дело (зошто се случило).

Времето во кое што денес живееме, условите коишто не опкружуваат, напредокот којшто научната мисла го достигнала и го достигнува во ваквиот сплет на околности, продуцира одреден парадокс кога е во прашање односот на напредокот на науката со појавата на нови форми и начини на извршување на одредени кривични дела. Имено, сторителите на кривични дела, без разлика за каков вид на криминалитет зборуваме, се обидуваат да се приспособат на објективните услови, а тоа приспособување се однесува и првенствено е во функција на усовршување на појавните облици и начините на извршување на кривичните дела. Парадоксот всушност го гледаме во фактот што и покрај големиот број на научни истражувања,

[261] *Ibid*, стр. 54

големиот број на средства коишто се дел од помошната оперативна техника која им стои на располагање на истражните органи, не се доволни во борбата за намалување на криминалитетот и во борбата на негово сведување на одреден оптимален или условно кажано посакуван минимум.

## 2. Личноста на сторителот и личноста на жртвата на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари

Личноста на сторителот и личноста на жртвата на кривичното дело како криминалистички карактеристики во себе содржат одговор на голем број прашања. Преку внимателна анализа на личноста на сторителот и личноста на жртвата криминалистичките работници постепено доаѓаат до ситуација да пристапат кон процес на криминалистичко профилирање[262] што пак како оперативна активност може многу да помогне во насока на идно превенирање на појавата на било каков вид на криминалитет.

### 2.1. Личноста на сторителот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари

Преку личноста на сторителот на кривичното дело доаѓаме до информации коишто се важни во процесот на откривање на кривичното дело, мотивите коишто влијаеле кај личноста да се одлучи да го изврши кривичното дело, социјалната и емотивна стабилност на личноста пред, за време и по извршувањето на кривичното дело, одредени лични специфичности коишто имале влијание во начинот на извршување на кривичното дело итн. Од аспект на криминалистиката како наука, личноста на сторителот на кривичното дело е значајна карактеристика првенствено во насока на одговарање на едно од 9 златни прашања, а тоа во конкретниот случај е прашањето „кој“. Одговорот на ова прашање се однесува на сторителот на кривичното дело и тој претставува централна работа во целокупната криминалистичка обработка[263].

---

[262]Криминалистичкото профилирање претставува мултидисциплинарен пристап (првенствено на криминологијата, психологијата и форензиката) во проучувањето на кривичните дела, посебно извршителите на кривичните дела. Крајна цел на криминалистичкото профилирање е проучување на карактеристиките на кривичното дело, како и обезбедување на релевантни информации за сторителот на кривичното дело.

[263] Цуклески, Гоце, *Вовед во криминалистика,* Скопје, 2009, стр. 155

Пред да преминеме кон подетално објаснување на карактеристиките на личноста на сторителот на кривичното дело насилство на спортските натпревари, сметавме дека е т.е. ќе биде полезно да понудиме одредена дефиниција која се однесува на личноста и тоа дефиниција односно дефиниции коишто од различни аспекти ја дефинираат и определуваат личноста. Кога велиме од различни аспекти, тука пред сѐ мислиме на различни научни дисциплини коишто тргнувајќи од својот предмет на научен интерес понудиле одредени дефиниции кои се однесуваат на личноста. Така, од психолошки аспект како најсоодветна ја прифаќаме дефиницијата на професорот Алексоски и според него „личноста е интегрално единство на човекот со сите негови трајни диференцијални карактеристики (интелигенција, карактер, темперамент и негова телесна конструкција) кои се својствени за неговото однесување“[264]. Ако ја анализираме дефиницијата на професорот Алексоски и неговото одредување на личноста, тогаш важно е да одговориме на прашањата кои произлегуваат од влијанието на трајните диференцијални карактеристики коишто имаат влијание врз личноста. Која од претходно наведените диференцијални карактеристики има најголемо или пресудно влијание врз личноста на човекот за тој да се одлучи да изврши одредено кривично дело т.е. да стане деликвентна личност. Но, за да дојдеме до одговор на изнесената дилема, претходно треба да дефинираме, презентираме и аргументираме што во основа претставува деликвентската личност, како и што претставува личноста воопшто[265]. Секоја личност има своја структура[266] на личноста која се одликува со индивидуално изразени својства и тоа психички, морални, културни и други лични особини. Иако личните особини најчесто се условени и одредени на основа на влијанието на општите и посебните општествени услови, треба да знаеме дека „психичките особини на личноста секогаш го претставуваат индивидуалното и конкретното“[267]. Во овој контекст сакаме да го презентираме и мислењето на проф. Звонаревиќ, којшто покрај другото вели дека „не треба да се занемари и да се маргинализира фактот дека личноста на човекот

---

[264] Алексоски, Стеван, *Криминологија,* Штип, 2009, стр. 120

[265] Bajic, Valentina, Dekic, Irma, *Kriminalisticka psihologija,* Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije, Sarajevo, 2019, str. 25

[266] Smith, E. E., Hoeksema – Nolen, S., Frederickson, L. B., Loftus, R. G., Bem,, J. D., i Maren, S., *Atkinson and Hilgard's Introductions to Psychology,* Wadsworth: Thomas Learning Company, 2003, str. 454

[267] Milovanovic, Radojko, *Psihologija kriminala,* Beograd, Policijska akademija, 2005

нераскинливо поврзана со неговата активност, односно, дека личноста се афирмира и менува во согласност со активностите“[268].

Денес во психологијата не постои единствено објаснување за личноста, затоа што сѐ уште е тешко прецизно и научно да се определи овој поим. Дополнително на тоа се застапени и различни перспективи и пристапи кои од различен аспект ја истражуваат личноста т.е. нејзиниот извор и тоа од биолошки, развоен, општествен, и културен аспект[269]. Кои се карактеристиките на една личност коишто деликвентот ги нема или поконкретно што во структурата на личноста на деликвентот недостасува. За да зборуваме за една комплетна или подобро речено здрава личност, тогаш како најзначајни карактеристики коишто се општопознати, а коишто личноста задолжително мора да ги поседува за да биде квалификувана како таква се „емоционална, интелектуална и социјална зрелост“[270]. Недостигот на една од претходно наведените карактеристики може да предизвика таква состојба кај личноста којашто нема да биде и нема да може да се квалификува како нормална, туку многу повеќе ќе наликува на абнормална, некомплетна личност. Покрај недостатокот на една од претходно наведените карактеристики која предизвикува неурамнотеженост, која пак продуцира сериозно нарушување на нормалниот (правилниот) развој на една личност, непосредно таквата ситуација придонесува таа единка да не се развие во комплетна (здрава) личност во општеството.

Што значи и како се манифестира нарушената емоционална состојба кај една личност? Во основа тоа значи состојба кога еден поединец не е во состојба да ги контролира и правилно т.е. рационално да ги канализира своите емоции и чувства. Отсуството на рационалност во процесот на манифестација на емоциите и чувствата, првенствено кон надворешниот свет, а посебно за време на непосредните контакти со други лица (поединци или групи) како краен производ може да донесе, односно да предизвика состојба на појава на деструктивни постапки и штетни однесувања од страна на поединецот кон околината во којашто живее.

Покрај емоционалната зрелост и рамнотежа, за нормално функционирање на една личност т.е. на еден поединец во општествениот дискурс, многу значајна карактеристика е поседувањето на соодветна социјална зрелост. Социјалната зрелост

[268] Zvonarevic, Mladen, *Psihologija,* Zagreb, Skoljska knjiga, 1978
[269] Ciccarelli, S. K., White, J. N., *Psychology (fifth edition),* England: Personal Education Limited, 2018
[270] Котески, Марјан, *Криминалистички карактеристики кај убиствата,* Скопје, 2006, стр. 72

не претставува ништо друго туку еден вид на способност на секој поединец да биде во позиција да се соочи со реалните предизвици коишто стојат пред него, предизвици од различна природа и со различна тежина, предизвици кои сами по себе побаруваат остварување на социјална кохезија со други лица, а сето тоа да го остварува без соодветна тежина и ограничување во процесот на комуникација.

Кога станува збор за сторителот на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, првенствено треба да го имаме предвид фактот дека во најголемиот број на случаи сторителот се јавува како припадник на одредена формална или неформална организација, во случајот навивачка група. Фактот што е дел од одредена група во анализата на однесувањето на секој поединец којшто е дел на групата, треба да се има предвид и влијанието на групата врз поединецот. Маргинализацијата како социјална состојба на поединецот се јавува секогаш кога една од претходно наведените карактеристики и особини ќе недостигаат во процесот на развој на личноста на секој поединец. На прашањето колку состојбата на маргинализација има влијание врз одредена личност да се одлучи да изврши одредено кривично дело или да се приклони кон девијантно однесување во целост, до денес од страна на науката не е понуден конкретен одговор. Дополнително, во таа насока немаме и не располагаме со податоци кои се однесуваат на прашањето кое се однесува на степенот т.е. интензитетот на влијание на маргинализацијата како состојба кај секој поединец посебно и кај одредена група во целина. Исто така, многу битен момент во целиот овој процес е возраста на секој поединец и неговата способност и подготвеност да се соочи со предизвикот и да ги намали ефектите на маргинализацијата врз себеси.

Навивачките групи и припадниците на навивачките групи насекаде во светот, па и во Р. Македонија се сметаат за посебни структури. Посебноста во постоењето на навивачките групи се оправдува со постоењето на т.н. навивачки идентитет[271]. Во основа навивачкиот идентитет значи процес на создавање на еден вид формален легитимитет. Во создавањето и во процесот на опстојување на навивачкиот идентитет т.е. постоењето на формалниот легитимитет, доминираат неколку термини и тоа: нашиот стадион, нашиот терен, нашата екипа и нашите навивачи. Горенаведените поими коишто се дел од формалниот легитимитет на одредена навивачка група имаат свое влијание во процесот на појава, но и на развој на однесување и на поведение

[271] Đurič, Đorđe, *Pojedinac i grupa, Psiholoske osnove menađmenta u sportu,* Novi Sad, TIMS Fakultet za turizam i sport, Zola štampa, str. 136

коешто се разликува од нормалното и од општоприфатеното. Фактот што одредена навивачка група, а и секој поединец припадник на одредена група ги чувствува и ги доживува како своја сопственост и екипата, и теренот и стадионот, го доведуваат поединецот во позиција да ги брани со сите средства коишто му стојат на располагање, доколку почувствува дека истите се загрозени. Фактот што навивачките групи се составени од поединци коишто споделуваат исти или слични вредности, ставови и размислувања, придонесува во насока на создавање на заеднички идентитет и заеднички вредности за коишто се спремни да се борат. Изолацијата којашто ја чувствуваат од средината, фактот што не така ретко се изложени на процес на стигматизација, како и податокот дека најчесто само навивачките групи и нивните членови се доживуваат и се перципираат како главни виновници за одредени состојби, појави и процеси коишто се актуелни во одредено општество, придонесуваат во насока на зголемување на чувството на маргинализација како кај групата, така и кај секој поединец којшто е дел од истата. Маргинализираната личност е поединец којшто се чувствува дека заради одредена своја карактеристика или припадност кон одредена група е отфрлен од општествената средина и не може т.е. не е во позиција да се бори и да ги заштити своите права и слободи. Таа позиција на условно речено пониска вредност во една средина игра улога на поттикнувач, односно улога на своевиден катализатор во процесот на појава и манифестација на насилство од страна на поединецот, при што тоа насилство може да биде насочено кон припадници на друга навивачка група, а често манифестацијата на насилство може да биде изразена преку демолирање и уништување на одреден спортски објект каде што се одигрува некој натпревар.

Социјалните услови во коишто еден поединец се развива имаат големо, би рекле пресудно значење во процесот на развој на личноста. Нарушените состојби во едно општество, постоењето на состојба којашто се карактеризира со нарушени социјални услови, функционирањето на поединците во ситуација која од нив бара вложување на дополнителен напор за остварување на одредена условно кажано нормална цел или потреба, предизвикува ситуација на појава на девијантни и криминални поведенија, коишто на некој начин се т.е. претставуваат своевиден одговор на поединците кон општеството т.е. кон актуелните услови коишто имаат влијание во појавата на едно такво однесување. Кога е во прашање насилството и недостојното однесување на спортските натпревари и кога зборуваме за личноста на сторителот на ова кривично

дело, треба да потенцираме дека до денес се определени четири основни теории коишто го објаснуваат однесувањето на сторителите на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Станува збор за следниве теории[272]:

а) Супкултурна теорија на ритуализирана агресија – оваа теорија го објаснува процесот на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари како „впуштање на поединецот во процес на стекнување на статус и идентитет“[273].

б) Класна теорија на навивачите и нивните групи – во обидот да го објасни процесот на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, оваа теорија ги анализира промените коишто се случувале во одредени држави. Конкретно, станува збор за „премин од буржоазија во интернационализација, потоа процес на партиципирачка демократија, па се до идентификација на навивачките групи и навивачите како еден вид на протестно движење’’[274].

в) Социоисториска теорија – оваа теорија се обидува во историските настани да го пронајде главниот мотив за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, а со тоа и во крајна линија да се обиде да го оправда однесувањето на сторителот на кривичното дело. Во основа, важен момент за оваа теорија е групната обележаност[275] на навивачкото насилство, при што застапниците на оваа теорија сметаат дека фудбалската маса е еден агрегат од мали, тесно поврзани групи обединети низ нивниот поголем или помал интерес за игра, идентификација и значење за игра. Судирот помеѓу навивачките групи и поединците како дел од тие групи се случува во оние моменти кога ќе дојде до ситуација каде што одреден навивачки идентитет е загрозен.

г) Светот во спортот како свет за себе – теорија на Алесандер Дел Лага којшто и самиот бил навивач, припадник на навивачката група на ФК „Милан“ од Италија. Според оваа теорија, насилството во спортот се случува само и исклучиво во рамките на фудбалските стадиони. Според оваа теорија, фудбалскиот стадион претставува погодно место за да се нагласат различностите на навивачките идентитети[276].

---

[272] Lalic, Dragan, *Torcida – pogled iznutra,* Zagreb, 1993, AGM, str. 32 – 45
[273] Habdige, D., *Subculture: The Meaning of Style,* London, 1980, page. 11
[274] Анастасовски, Иван, Нанев, Лазар, *Фудбалски хулиганизам,* Скопје, 2017, стр. 45 - 47
[275] Ибид, стр. 48
[276] Lalic, Dragan, *Torcida – pogled iznutra,* Zagreb, 1993, AGM, str. 40

И во домашната научна мисла има научници коишто сметаат дека социјалните фактори имаат најголемо влијание и значење во процесот на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Според проф. Алексоски, како најизразени социјални мотиви коишто имаат влијание во процесот на појава на насилство и недостојно однесување се[277]:

а) грегарниот мотив;[278]

б) мотивот на афирмација;

в) мотивот на самореализација;

г) мотивот на борбеноста – агресивноста и други социјални мотиви.

Вака поставените и определени социјални мотиви коишто имаат директна инклузија во процесот на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари од друга страна ја отвораат дилемата или доведуваат до полемика помеѓу научниците коишто се занимаваат со истражување на овој општествен феномен. Полемиката е во насока на определување на примарност на мотивите кои придонесуваат и коишто имаат решавачко влијание кај поединецот во неговото одлучување да пристапи кон извршување на кривичното дело. Покрај дискусијата за тоа кој мотив има решавачко значење за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, актуелно е и мислењето дека во одредени ситуации и во одредени општествени околности, насилството е оправдано. Научниците коишто го оправдуваат постоењето на насилството како еден вид на човечка реакција т.е. контрареакција за одредена состојба, истото го оправдуваат на тој начин што „сметаат дека во општеството постојат одредени причини коишто во крајна консеквенција, го детерминираат настанувањето на криминалниот акт на деликвентот како патолошка појава“[279].

Во науката исто така постојат и различни гледишта за тоа што претставува насилната личност, како таа размислува, како реагира и сл. Така според една група на научници „насилството претставува лична карактеристика“[280], а втората група пак е на

---

[277] Алексоски, Стеван, *Криминологија,* Штип, 2009, стр. 227

[278] Грегарниот мотив претставува еден од елементарните социјални мотиви. Како еден од видовите социјални мотиви, грегарниот мотив во основа подразбира своевидна потреба за да се биде во група, односно состојба во која поединецот настојува и тежнее кон избегнување на осаменоста.

[279] Котески, Марјан, *Криминалистички карактеристики кај убиствата,* Скопје, 2006, стр. 73

[280] Siegel, J. Larry, *Criminology – The Core,* University of Massachusetts, Lawel, 2010, page, 332

мислење и го брани стојалиштето дека „насилството е функција на несоодветна социјализација и воспитување“[281]. Кога станува збор за личноста на сторителот на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, на мислење сме дека сторителите на овие кривични дела можат да бидат поделени во двете групи, односно подеднакво да партиципираат и во првата и во втората група. Многу е тешко да се подвлече јасна линија и да се определи конкретна граница во процесот на објаснување на причините т.е. на мотивите за пристапување кон процес на извршување на кривичното дело насилство на спортските натпревари. Фактот што сторителите на кривичното дело насилство на спортските натпревари најчесто дејствуваат заеднички, односно се членови на одредена навивачка група придонесува да размислуваме во правец дека неможноста за остварување на одредени потреби, првенствено од социјален карактер, како и судирот со други поединци со коишто во одредена мера постои споделување на заеднички цели и вредности, само дополнително може да влијае во процесот на зголемување на мотивираноста за извршување на кривичното дело. Вака поставената состојба „произведува“ еден генерален заклучок кој се однесува на мотивираноста на личноста за извршување на кривични дела, без разлика за каков вид на кривични дела станува збор. Во основа, деликвентното однесување го предизвикуваат следниве фактори[282]:

а) социјалниот статус на поединецот во општеството;

б) диференцијацијата, системот на општествени вредности;

в) системот на заповеди и забрани;

г) препреките што го опкружуваат поединецот и одредени општествени групи.

Со претходно наведените главни мотиви кои се од социјален карактер, а коишто имаат директно влијание врз поединецот во процесот на извршување на кривичното дело насилство на спортските натпревари, како и со наведување на факторите коишто имаат влијание (посредно или непосредно) во појавата на деликвентното однесување генерално гледано, заклучокот којшто ни се наметнува, посебно за предметот на нашиот научен интерес, оди во насока дека мотивот за самодокажување, мотивот за самореализација, мотивот за афирмација надополнети со социјалниот статус на поединецот во општеството, како и припадноста на поединецот кон одредена група (во

---

[281] Ibid

[282] Котески, Марјан, *Криминалистички карактеристики кај убиствата,* Скопје, 2006, стр. 74

случајот навивачка група) како деликвентни фактори, претставуваат најзначајни причини коишто влијаат врз поединецот, групно т.е. сите заедно или секој од нив поединечно врз неговата мотивираност да се одлучи да го изврши кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Во оваа насока сакаме да го нотираме и значењето на фрустрацијата како мотив којшто има влијание врз личноста на сторителот на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Фрустрацијата како своевидно однесување е карактеристично за оние лица коишто не се во состојба да ги контролираат емоциите и чувствата и не се емоционално стабилни и рационални да можат да ги рационализираат своите постапки. Фрустрацијата може да се појави како резултат на различни неостварени желби и амбиции кои останале нереализирани како резултат на влијанието на одредени фактори. Фрустрацијата најчесто се трансформира во однесување коешто се карактеризира со нагласена агресивност. Навивачките групи, членовите на навивачките групи од каде што потекнуваат потенцијалните сторители на кривичното дело насилство на спортските натпревари, за време на еден спортски натпревар може да се најдат во позиција на нагласена фрустрација којашто пак може да биде предизвикана од влијанието на повеќе фактори, од коишто сакаме да ги издвоиме следниве: конкурентна навивачка група, одлука на судиите за одредена ситуација од која се чувствуваат оштетени, однесувањето на актерите на конкретниот натпревар, однесувањето на органите на редот (во прв ред тука мислиме на полицијата) и сл. Влијанието на сите претходно наведени фактори придонесуваат директно или индиректно кај некој поединец или кај групата генерално да се јави чувство на фрустрација кое најчесто се манифестира со насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Ако го имаме предвид фактот дека најголемиот дел од спортските настани коишто се организираат во Р. Македонија се натпревари коишто се играат во градски (урбани) средини, тогаш како заклучок можеме да наведеме дека сторителите на кривичното дело насилство на спортските натпревари се лица коишто живеат во градски средини. Дополнително, овој заклучок сакаме да го поткрепиме и со фактот дека до денес во Р. Македонија не е забележано и не е регистрирана навивачка група во некоја рурална средина. Во насока на целосно образложение на изведениот заклучок оди и податокот дека најголемите спортски настани коишто биле организирани во Р. Македонија и коишто и денес се организираат се случувале и се случуваат исклучиво

во градски средини и тоа најчесто во Скопје. Го издвојуваме посебно Скопје како урбана средина од едноставна причина што сите меѓународни натпревари коишто ги играат македонските спортски (во прв ред фудбалски, ракометни и кошаркарски) екипи, како и сите натпревари или најголемиот дел од нив на којшто настапуваат националните селекции се играат во Скопје. Таквата фреквенција на спортски настани во главниот град придонесува и појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари да биде почеста и поизразена токму во Скопје. И другите градски средини, посебно Битола, Прилеп, Тетово, Куманово и сл. претставуваат погодни места каде што може(ме) да очекуваме појава на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, првенствено заради самиот факт што во претходно наведените градски средини постојат и функционираат навивачки групи кои и за овие македонски услови важат за активни и условно кажано големи навивачки групи.

Луѓето коишто живеат во руралните средини имаат помали можности за да бидат директни учесници на одредени големи спортски настани или за да можат да се јават како припадници на одредена навивачка група којашто би го поддржувала својот локален клуб. Дополнително, фактот што инфраструктурните услови во руралните средини се ограничувачки, што пак влијае на можностите за развој на социјалниот, културниот, економскиот, во крајна линија и спортскиот живот, придонесува во насока на намалување на потенцијалната можност за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во руралните средини. Можностите за постоење на изразена социјална кохезија помеѓу луѓето коишто живеат во рурални средини е значително помала за разлика од градските средини, а со самото тоа значително помали се и шансите да дојде до појава на одредено несогласување помеѓу луѓето кои живеат во овие средини, а со самото тоа се намалуваат и причините за појава на фрустрација која може да резултира со агресија едни кон други.

Од пресудите коишто имавме можност да ги анализираме, дојдовме до заклучок дека сторителот на кривичното дело најчесто е полнолетна личност, која се одлучува за извршување на кривичното дело мотивирано од различни причини. Исто така интересен е моментот што како извршители на ова кривично дело се јавуваат лица со различен степен на образование, како и со различен социјален статус. Во пресудите коишто ги анализиравме, забележавме и пресуда која се однесуваше за сторител којшто го извршил кривичното дело како резултат на незадоволство од одредена

судиска одлука. Покрај незадоволството од одредена судиска одлука, врз однесувањето на личноста на сторителот на кривичното дело насилство и недостојно однесување одредено влијание имало и однесувањето на директните учесници на еден спортски натпревар, како и однесувањето на официјалните лица (претставници на клубовите) и нивните одлуки поврзани со раководењето на клубот и организацијата на одредени натпревари.

Навивачките групи во Р. Македонија (тоа е и генерална карактеристика на сите навивачки групи) генерално се составени од машки лица кои се на различна возраст, што значи дека како сторители на кривичното дело најчесто и во поголемиот број на случаи се јавуваат машки лица. Таков е и примерот со веќе донесените пресуди кои се однесуваат на кривичното дело насилство на спортските натпревари. Од сите пресуди коишто биле изречени во периодот којшто нам ни беше предмет на интерес, во сите како сторител се јавуваше лице од машки пол. Женските лица ги нема(ше) ни како соучесници. Ова можеби е очекувана состојба ако се има предвид дека машките лица се полесно се одлучуваат да извршат насилство за разлика од жените.

Ако го имаме предвид фактот дека со пресудите коишто имавме можност да ги анализираме не дојдовме во позиција да определиме некои поспецифични карактеристики на личноста на сторителот на кривичното дело насилство на спортските натпревари, не сме во позиција попрецизно да го определиме психолошкиот профил на личноста на сторителот на ова кривично дело. Но, во насока на добивање на еден општ заклучок што е и како изгледа една криминална личност, добро е да споменеме дека структурата на таа личност се опфаќа „егоизам, психолошка лабилност, агресивност и афектна рамнодушност''[283]. Егзистенцијата на претходно наведените карактеристики во една личност придонесуваат кон појава на една внатрешна психолошка нестабилност, вознемиреност и напрегнатост, која пак од своја страна се манифестира со судири и кавги (било со поединци – како што е случај судирот на членови на две навивачки групи) или пак судири и кавги со претставници на различни општествени (државни) институции, што пак исто е случај кога навивачките групи се одлучуваат да се пресметаат со припадниците на полицијата.

Во процесот на манифестација на насилство и на недостојно однесување на спортските натпревари во Р. Македонија одредено влијание имаат и културните

[283] Алексоски, Стеван, *Криминологија,* Штип, 2009, стр. 126

вредности коишто личноста ги споделува. Кога зборуваме за културните вредности, посебно кога станува збор за навивачките групи како еден вид на организации, треба да го нотираме и фактот дека во процесот на градење на одредени културни вредности свое влијание има и самата навивачка супкултура[284] којашто се развива кај овие групи. Интересен е податокот дека супкултурата на навивачките групи, без разлика за тоа од каде се навивачките групи, споделуваат заеднички систем на вредности коишто ги споделуваат помеѓу себе и коишто ги почитуваат како еден вид на неформални правила. Така, карактеристично за сите членови на која било навивачка група е омразата којашто ја чувствуваат кон припадниците на полицијата. За членовите на навивачките групи несфатливо и незамисливо е да постои каков било вид на комуникација помеѓу навивачите и полицијата. Сите навивачки групи, па и македонските многу често, речиси на секој натпревар истакнуваат транспарент со натпис „ACAB“[285] што претставува еден вид на универзална парола којашто како еден вид на принцип постои помеѓу навивачките групи.

За навивачките групи, а со самото тоа и за членовите на навивачките групи во коишто потенцијално ја наоѓаме и личноста на сторителот на кривичното дело насилство на спортските натпревари, одредено влијание за појавата на антисоцијално поведение имаат и културните вредности т.е. супкултурата на насилство, чиишто застапници веруваат дека „насилството е производ на верувања, вредности и однесувања кои се развиваат кај сиромашните во земјата’’[286].

### 2.2. Личноста на жртвата на насилството на спортските натпревари

Трудот немаше да биде комплетен доколку во истиот не презентиравме одредени сознанија кои се однесуваат на личноста на жртвата на кривичното дело. Всушност, преку презентацијата на одредени карактеристики на личноста на жртвата на кривичното дело посветуваме внимание на општествената страна[287], односно се обидуваме да дадеме одговор на прашањата кои се однесуваат на тоа кои услови,

---

[284] Супкултурата претставува своевидна провокација на официјалната (службената) култура, односно на оној начин на живот, на оние вредности, симболи и на сите други активности коишто власта како такви ги промовира

[285] ACAB – All Cops Are Bastards (Сите полицајци се гадови – копилиња) претставува општоприфатен акроним којшто го споделуваат сите навивачки групи во Европа, но и во светот. Развиен е како последица на агресивноста на навивачките групи, посебно на хулиганските подгрупи коишто се дел од навивачките групи, но во исто време и како последица на прекумерната употреба на сила од страна на полицијата во обидот да се спречи појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

[286] Larry J. Siegel, *Criminology– The Core*, University of Massachusetts, Lawel, 2010, p. 334

[287] Душан Јосифовски, *Криминалистичка психологија*, Скопје, Радинг, 1995 год., стр. 208

карактеристики, процеси и состојби треба да бидат исполнети од страна на една личност, за истата да се јави како жртва на кривичното дело насилство на спортските натпревари. Во науката до денес не е определено некое посебно правило коешто може да биде искористено во процесот на определување на тоа кој се може да стане жртва од одредено кривично дело.

Науката чијшто предмет на научен интерес претставува токму жртвата од кривичното дело – виктимологијата, во досегашниот нејзин напредок и развој успеала да определи одредени општи карактеристики коишто треба да исполнува одреден поединец како би се нашол во позиција да биде т.е. да стане потенцијална жртва од одредено кривично дело. Во рамките на определувањето на тие генерални правила кои се однесуваат односно коишто ја зголемуваат потенцијалната можност одредено лице да се јави во улога на жртва од одредено кривично дело, големо влијание има и самата ситуација т.е. позиција во којашто би се нашол некој поединец во одредено време. Ако го имаме предвид карактерот на кривичното дело насилство на спортските натпревари и ако генерално заклучиме дека во насока на исполнување на диспозитивот на ова кривично дело, насилството игра клучна улога, тогаш со право го поставуваме прашањето кои лица може да очекуваме да се јават како потенцијални жртви од манифестацијата на ова кривично дело на одреден простор и во одредено време, односно кои групи се предиспонирани да ја имаат улогата на жртви, каков е нивниот општествен статус и какви релации и контакти имале со сторителите на кривичното дело. Насилството и недостојното однесување на спортските натпревари директно, а во одредени ситуации и индиректно го напаѓа човековиот интегритет, односно човековото здравје и живот. Генерално, сите насилни кривични дела се „резултат на површна или длабока интеракција помеѓу жртвата и сторителот“[288]. Ако се впуштиме во процес на анализа на претходно наведената дефиниција, ќе дојдеме до логично прашање кое се однесува токму на интеракцијата помеѓу жртвата и сторителот на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Конкретно, во оваа анализа треба да понудиме одговор каква треба или каква мора да биде интеракцијата помеѓу жртвата и сторителот кога станува збор за кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Кога станува збор за интерперсоналните односи кога е во прашање кривичното дело насилство на спортските натпревари треба да забележиме дека истите можат да бидат и да се јават

[288] Ibid, 61

како резултат на една подлабока интеракција помеѓу жртвата и сторителот на кривичното дело, која како таква траела подолго време. Исто така, самата интеракција може и често се случува да биде непосредна, односно да е резултат на една моментална состојба и однос на релација жртва – сторител. Во оваа насока мотивираноста на сторителот да го изврши кривичното дело може да биде директна мотивираност, која настанала во одреден момент, а била предизвикана од непосредното однесување на жртвата кое што може да се карактеризира со одредени провокации по различна основа и природа (вербална расправија), но може да се карактеризира и со исполнување на одредени услови коишто сторителот ги посакува за полесно извршување на кривичното дело. Жртвата од кривичното дело насилство на спортските натпревари не значи дека секогаш треба да биде физички нападната и со нагласена манифестација на насилство од страна на сторителот. Напротив, ова кривично дело може да биде извршено и на вербален начин, со тоа што сторителот по различни основи ја навредува жртвата и кај истата предизвикува чувство на несигурност и страв, кое што пак како секундарна реакција доведува до појава на навреденост, пониженост, срам и чувство на несигурност во самиот себе. Причините т.е. мотивите за презентација и манифестација на вербално насилство од страна на сторителот кон жртвата можат да бидат различни, а кога е во прашање ова кривично дело тие најчесто се на верска, национална, етничка и секоја друга припадност којашто жртвата ја прави различна од сторителот, што пак како таква е доволна за појава на извесен степен на дискриминација.

Ако ги анализираме личните особини на потенцијалните жртви од кое било кривично дело, па и од насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, во прв ред треба да ги имаме предвид следниве демографски карактеристики: пол, возраст, социјален статус, образование, професија и семејна состојба''[289]. Вулнерабилноста на младите лица е понагласена за разлика од повозрасните и затоа сметаме дека младите лица може и имаат поголем потенцијал да се јават во улога на жртва од кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. До овој заклучок доаѓаме пред сè водејќи се од претпоставката дека младите лица многу помалку водат грижа за личната безбедност, не посветуваат доволно внимание за обезбедување на личната превенција, поранливи се како категорија на граѓани, пред сè заради нивната младост и недооформената личност од физички, но и од емоционален карактер, но и затоа што генерално структурата на

[289] Јосифовски, Д., „оп. цит." стр. 203

навивачките групи најчесто е составена од помлади лица, што во основа значи дека и потенцијалот тие да се јават како жртви е значително поголем. Во оваа насока сакаме да забележиме дека и лицата од машки пол се јавуваат најчесто како жртви од ова кривично дело, бидејќи поголемиот дел од гледачите т.е. навивачите се машки лица. Што се однесува пак до професијата и прашањето дали постои одредена професија која е предодредена да биде т.е. да се јави како жртва од кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, во овој контекст сакаме да ги наведеме припадниците на полицијата коишто имаат и поседуваат повисок ризик да се јават како жртви од кривичното дело. Присуството на полициските службеници на одреден спортски натпревар, како и нивната непосредна улога во процесот на обезбедување на јавниот ред и мир на самиот натпревар и гарантирање на безбедноста на истиот, припадниците на полицијата директно ги доведува до позиција да бидат загрозени од дејствувањето на одредена навивачка група и да се јават како жртви на насилство. Покрај полициските службеници, на мислење сме дека и припадниците на одредени агенции за обезбедување кои се ангажираат за обезбедување на одреден спортски натпревар може да се јават како жртви од кривичното дело. Фактот што припадниците на одредена агенција за обезбедување се непосредно вклучени во комуникацијата со навивачите и во одредени случаи треба први да реагираат (отстранување на лице под дејство на алкохол од спортскиот објект, преглед на навивачите при влез во спортскиот објект и сл.) ја зголемува изложеноста на опасност којашто ја имаат службениците на одредена агенција за обезбедување, а со тоа го зголемува и нивниот потенцијал да се јават како жртви на кривичното дело. Исто така, како жртви од ова кривично дело може да се нотираат и навивачите, коишто со своите активности може да придонесат да дојдат до позиција и самите да станат жртви на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Листата на потенцијални жртви според професијата кога станува збор за насилството и недостојното однесување на спортските натпревари претставуваат и официјалните лица на одреден спортски натпревар (судиите), како и директните учесници на самиот натпревар т.е. играчите. Судиите во улога на жртви можат да се јават како резултат на донесување на одредена судиска одлука којашто би предизвикала сериозна вознемиреност и нарушена емоционална стабилност кај навивачите. Спортистите исто така се јавуваат во улога на жртви. Имено, дел од нив со своето однесување предизвикуваат извесна контрареакција како од страна на своите колеги спортисти,

така и од страна на навивачите, што пак ги носи во позиција да располагаат со одреден потенцијал да се јават како жртви на кривичното дело.

Во овој контекст легитимно сакаме да го поставиме прашањето дали одредени правни лица може да се јават во улога на жртва од манифестација на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Нашиот одговор и нашето мислење во однос на ова прашање е позитивен. Насилството секогаш не се манифестира со директна физичка пресметка помеѓу навивачките групи. Често сме сведоци дека одредена навивачка група во моментите кога сака да го искаже својот револт по однос на одредено прашање или за одредена состојба за којашто не се согласува, пристапува кон уништување и демолирање на непосредната околина, а тоа најчесто е спортскиот објект и спортската инфраструктура на којашто се одигрува одреден натпревар. Фактички со ваквата постапка се нанесува директна штета на правниот субјект и истиот се јавува во улога на жртва.

Во насока на зголемување на потенцијалот на одредена личност да стане жртва на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари има местото и околината во којашто личноста живее, како и друштвото со коешто се дружи и непосредно комуницира. Живеењето во градски средини, засилената динамика на настани и интеракцијата со голем број на лица нормално е дека има позитивен сооднос со можноста лицето коешто живее еден ваков живот да се јави во улога на жртва. Дополнително, градењето на пријателски односи со лица коишто се проблематични и се на границата помеѓу нормалното и девијантното однесување исто така има свое влијание во можноста одредено лице да се јави во улога на жртва.

Жртвата на кривичното дело има свое значење и во процесот на откривање на сторителот на самото кривично дело, но и во процесот на откривање на кривичното дело како соодветен кривично-правен настан. Имено, жртвата на кривичното дело на некој начин има двојна улога во еден ист момент, што во основа значи дека покрај улогата на жртва, оштетеното лице може да се јави и во улога на сведок[290] за соодветниот настан. Кога е во прашање жртвата од кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, посебно ако во улогата на жртва се јави припадник на навивачка група, тешко е да се очекува дека истата личност којашто е оштетена од самиот настан, да се јави во улога на сведок и да помогне во процесот на

[290] James W. Osterburg. Richard H. Ward. *Criminal Investigation: A Method for Reconstructing the Past*, Sixth Edition, Matthew Bender and Company, New Providence, NJ, 2010, p. 123

расчистување на целиот кривично-правен настан. Оваа состојба всушност е дел од т.н. непишани навивачки правила коишто често пати се наоѓаат под името навивачки кодекс.

Изборот на жртва кога е во прашање кривичното дело насилство на спортските натпревари зависи од повеќе фактори, но најчесто важен момент е степенот на интеракција помеѓу жртвата и сторителот, соодветноста на местото т.е. на локацијата на којашто се наоѓа потенцијалната жртва и можностите коишто истото му ги нуди на сторителот да се одлучи да го изврши кривичното дело, потоа слабите страни на жртвата, неговата ранливост по различни основи и сл.

Од досега кажаното како за личноста на жртвата на кривичното дело, така и за личноста на сторителот на кривичното дело насилство на спортските натпревари, сакаме да го потенцираме фактот т.е. заклучокот дека не сме во позиција децидно, јасно и прецизно да ја повлечеме границата кога една личност ќе биде сторител, а кога ќе се јави како жртва од конкретното кривично дело. Динамиката на развој на одредена криминална ситуација може да придонесе многу лесно во насока на менување на улогите помеѓу потенцијалниот сторител и потенцијалната жртва од кривичното дело. Секојдневното живеење ни претставува најдобар доказ не постои еднаш засекогаш дадена улога и функција и дека не постои правило кое што може да се определи како апсолутно и непроменливо. Токму затоа сакаме да нагласиме дека нема и не постои конечна поделба на улогите помеѓу сторителите и жртвата и дека истите се менуваат во зависност од ситуацијата.

## VI глава - Резултати од истражувањето

Секое општествено истражување е неопходно да биде проследено со користење на одредени методи и техники за истражување на појавата којашто е предмет на интерес, со единствена цел да се дојде до одредени одговори кои ќе бидат доволни во процесот на извлекување на одредени заклучоци т.е. во процесот на докажување на поставените хипотези во конкретното истражување.

Во насока на остварување на претходно наведената цел што секое општествено истражување треба да ја има, во нашиот случај покрај анализата на содржината како

истражувачка техника[291], како истражувачки техники коишто ги користевме во процесот на реализација на истражувањето сè уште и анкетниот прашалник и студијата на случај.

Како причина повеќе која ја наведуваме за да го оправдаме користењето на анкетниот прашалник, првенствено го истакнуваме фактот што истата како техника за истражување го минимизира или во крајна линија го исклучува влијанието што може да се јави врз испитаниците ако го користевме пример интервјуто како истражувачка техника. Користење на анкетниот прашалник во процесот на прибирање на одредени сознанија кои се однесуваат на појавата што нам ни е предмет на истражување ја оправдуваме и од аспект на неговата економска рационалност, како и податокот дека преку анкетни прашалници во исто време можат да бидат анкетирани поголем број на испитаници. Исто така, анкетните прашалници од аспект на испитаниците се попогодни за реализација, односно испитаниците имаат право на истите да одговорат во оној момент кога за тоа ќе бидат подготвени.

Студијата на случај како истражувачка техника пак ни овозможува поедноставно доаѓање до ситуација преку којашто ќе можеме да дојдеме до податоци, сознанија и информации кои се однесуваат на одреден феномен којшто е предмет на истражување, отколку користењето на некои други конвенционални методи и техники. Собраните податоци преку студијата на случај квалитативно се побогати и посодржајни за разлика од резултатите т.е. податоците кои ги добиваме со користење на некои други експериментални дизајни. Студијата на случај ја одбравме како истражувачка техника бидејќи во нашето истражување од аспект на податоците кои ги обезбедува Државниот завод за статистика не сме во можност да располагаме со некои големи примероци. Конкретно, студијата на случај е поволна техника кога феноменот којшто го истражуваме не е застапен со изразени вредности во статистичките податоци, односно кога истиот повеќе претставува исклучок отколку правило.

### 1. Студија на случај: Коментар на организацијата на натпреварот помеѓу ФК „Пелистер“ и ФК „Вардар“ одигран на 3.8.2014 година во Битола

Студијата на случај како истражувачка техника сакавме да ја искористиме се со цел да дојдеме до некои поконкретни сознанија и информации кои се однесуваат на

[291] Анализата на содржина е еден пристап кон анализата на документите и текстовите со којшто се настојува да се квантификува содржината во смисла на однапред утврдени категории, на систематичен начин и на начин што може да се повтори.

организацијата на еден спортски, во случајот фудбалски натпревар, којшто според неговиот карактер, но и според законските одредби кои во тој момент биле на сила во Р. Македонија претставувал натпревар со зголемен ризик. Бевме на мислење дека конкретниот случај којшто го одбравме за анализа и за подлабинско истражување претставува најдобар случај од којшто можеме да извлечеме одредени заклучоци, како и да понудиме одредени предлози кои би биле во насока на избегнување на грешките направени при организацијата на конкретниот натпревар. Секоја студија на случај, аналогно на тоа и нашата студија, треба да содржи три најзначајни елементи коишто „мора да бидат испочитувани“ како такви, а тие се однесуваат на историскиот, социјалниот и културниот контекст на случајот.

Историскиот контекст во случајот го запазивме на тој начин што одбравме студија која ќе го анализира најзначајниот и најголемиот фудбалски натпревар во Р. Македонија, којшто неретко се нарекува и „македонско вечно дерби“. Оправданоста од историски аспект е содржана во фактот што од овие два македонски фудбалски клуба на некој начин и започнала историјата на македонскиот клупски фудбал. Дополнително, со навивачките групи на овие два клуба низ историјата на самостојна Р. Македонија започнуваат да се бележат првите инциденти, првата сериозна манифестација на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Социјалниот аспект во оваа студија на случај го согледуваме во фактот што преку анализата којашто ќе ја понудиме ќе бидеме во можност да одговориме на различниот пристап на различните институции, групи и поединци во процесот на организација на конкретниот натпревар (првенствено тука мислиме на пристапот на МВР во процесот на организација на фудбалскиот натпревар, пристапот на клубот домаќин на спортскиот настан, пристапот на гостинскиот клуб, претставниците на агенцијата за обезбедување, навивачките групи, комесарот за безбедност и сл.), што пак претставува одлична можност да се донесат заклучоци коишто помеѓу себе можат да бидат и различни, на моменти и дијаметрално спротивни.

Културниот контекст на студијата на случај е содржан во различниот дискурс и различниот систем на вредности којшто го споделуваат актерите на оваа студија, што пак ѝ дава дополнителна тежина бидејќи придонесува да не биде еднострана.

**Вовед:** Постојат повеќе причини коишто сакаме да ги наведеме како оправдување зошто сакавме да пристапиме кон еден ваков вид на истражувачка техника.

Примарен и основен мотив којшто имаше најголемо влијание во процесот на одлучување за користење на оваа истражувачка алатка беше нашата првична идеја презентирана уште во методолошкиот дел од истражувањето, а која се однесува на недостигот на организациски капацитети и способности на лицата и институциите директно одговорни за организација на еден спортски натпревар како една од причините за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Втора значајна причина зошто се одлучивме да ја разработиме оваа студија на случај е фактот што во сите досегашни трудови објавени на оваа тема, недостига еден ваков пристап во процесот на анализирање на самата појава, односно во процесот на презентација на аргументите кои одговараат на прашањата „зошто“ и „како“ се случило.

Трет, но не помалку важен аргумент од претходните два коишто го оправдува нашиот пристап се состои во фактот што преку оваа студија на случај имавме можност на исто место да ги споредиме согледувањата и различните аспекти на припадниците на навивачките групи, но и подготовката, анализата и пристапот на припадниците на МВР како непосредно одговорни лица во процесот на обезбедување на конкретниот спортски натпревар.

### 1.1. Главен дел: Коментар на организацијата на натпреварот помеѓу ФК „Пелистер“ и ФК „Вардар“ одигран на 3.8.2014 година во Битола

Со оглед на фактот дека станувало збор за натпревар од зголемен ризик, организаторот на натпреварот, во случајот ФК „Пелистер“ бил должен навремено (не помалку од 72 часа пред почетокот на натпреварот) писмено да го извести СВР Битола за настанот. Од планот којшто ни беше даден на увид, а којшто бил изготвен од страна на СВР Битола т.е. Полициската станица од општа надлежност во Битола, не бевме во позиција со прецизност да го одредиме денот на доставување на писменото известување. Но, фактот што во планот пишува дека писменото известување под реден бр. 3051/14 е доставено во осми месец, без да се прецизира денот, како и фактот дека натпреварот се играл на 3.8.2014 година, а планот е изготвен на 1.8.2014 година, доаѓаме до првиот организациски пропуст којшто може(л) и којшто има(л) одредена

импликација во процесот на подготовка на припадниците на полицијата за конкретниот настан.

Индикативен е податокот којшто го содржи писменото известување коешто било доставено од ФК „Пелистер“, а кој се однесува на прогнозата за бројот на гледачи што се очекувал на конкретниот натпревар. Имено, одговорните лица во клубот, конкретно комесарот за безбедност не навел врз основа на кои индиции ја определил т.е. ја прогнозирал бројката од 4000 гледачи кои се очекуваат на натпреварот. Дополнително, Комесарот за безбедност не доставил никакви забелешки, насоки и одредени инструкции кои произлегле од одржан состанок со припадници на навивачката група „Чкембари“ (ако таков состанок воопшто имало), што пак претставува уште една повреда на дел од законските одредби што ја регулираат оваа материја, а кои децидно пропишуваат дека клубовите треба да одржуваат редовни состаноци со навивачките групи.

По добиеното писмено известување од страна на организаторот на натпреварот, СВР Битола т.е. Полициската станица од општа надлежност од Битола, во согласност со Правилникот за начинот на вршење на полициските работи[292], пристапила кон изготвување на план за вонредно оперативно, физичко и сообраќајно обезбедување на фудбалскиот натпревар.

Како прв чекор којшто го сметаме за правилен е постапката за определување на одговорни и заменици на одговорните лица за конкретниот натпревар и тоа секој со своја задача и улога за самиот ден т.е. за самиот натпревар. За одговорен полициски службеник за одржување на ЈРМ бил одреден тогашниот началник на Одделението за полиција при СВР Битола. Како негови помошници биле определени: командирот на ПС од ОН Битола, за негов помошник од БПС бил определен командирот на ПС за БПС Битола, а за помошник од редот на криминалистичките работи бил определен началникот на ОКП Битола. Вака поставената организациска структура на СВР наменета за конкретниот настан на некој начин ја презентира сериозноста и посветеноста на СВР Битола во процесот на подготовка и организација на конкретниот настан. Фактот што биле опфатени сите сектори или подобро кажано најважните

[292] Правилник за начинот за вршење на полициските работи, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07 и 111/11

сектори коишто се составен дел од СВР Битола дополнително го потврдува нашиот претходен заклучок за сериозен пристап кон настанот.

Определувањето на одредени лица, припадници на МВР, конкретно на СВР Битола и доделување на соодветна улога за истите во пресрет на натпреварот, претставува значаен чекор кон обезбедување и овозможување на функционирањето на начелото на хиерархија и субординација, коишто значително ја олеснуваат самата организација, на тој начин што секој поединец ги знае своите задачи, одговорноста којашто ја има и конкретните активности коишто треба и мора да ги преземе.

Како втор и значаен чекор којшто бил преземен од страна на СВР Битола е извршената и нотирана во планот безбедносна проценка која се однесувала на конкретниот натпревар. Истата била определена како поволна и стабилна без постоење на одредени најави за конкретни настани коишто би можеле да ја загрозат целокупната безбедност. Во процесот на донесување на заклучокот кој се однесувал за безбедносната состојба во градот во пресрет на натпреварот, изготвувачот на планот ги навел и информациите кои ги содржеле известувањата добиени од страна на ФК „Пелистер" и ПС од ОН Центар – Скопје. Конкретно, со известувањето кое што било добиено од ПС од ОН Центар, СВР Битола бил запознаен дека на денот на одигрувањето на натпреварот во Битола, планирано е и навремено пријавено гостување на навивачката група „Комити" во бројка од околу 500 навивачи. Присуството на гостински навивачи ја зголемува потребата за вложување на дополнителен напор во насока на подобрување на организациската подготовка, бидејќи потенцијалот за појава на одредени состојби коишто можат да предизвикаат нарушување на ЈРМ значително се зголемува.

Во дефинирањето на безбедносната проценка за конкретниот натпревар, СВР Битола располагала и со известување добиено од Комисијата за безбедност на ФФМ[293]. Известувањето не содржело некои поспецифични насоки и инструкции во однос на конкретниот натпревар, туку само содржело информација дека натпреварот е со зголемен ризик.

Своја „улога" во креирањето и дефинирањето на безбедносната состојба во пресрет на конкретниот натпревар имале и членовите на подгрупата „Чкембари

[293] Известување од Фудбалската федерација на Македонија со бр. 2001-167-5/1, доставено на ден 31.7.2014 година

Ветерани“ коишто одржале одредена координација со претставници на полицијата во пресрет на самиот натпревар, како и агенцијата за обезбедување „Перпетуммобиле“ која од страна на ФК „Пелистер“ била ангажирана за конкретниот натпревар.

Во постапката за оценување на безбедносната состојба во пресрет на натпреварот којшто бил прогласен за натпревар со зголемен ризик забележуваме отсуство на неколку значајни моменти кои сметаме дека се важни да ги спомeнеме. Имено, фактот што натпреварот е со зголемен ризик, подготовките за еден таков натпревар значително се разликуваат од подготовките за еден условно кажано „обичен“ натпревар. Конкретно, полицијата е должна 24 часа пред натпреварот да започне процес на негова подготовка, којшто не успеваме да забележиме дека е реализиран врз основа на информациите коишто ги содржи планот. Единствена активност којашто е полициските службеници ја презеле била насочена кон следење на состојбата на социјалните мрежи и пораките кои се пренесувале преку истите. Во планот недостига информација за одржан координативен состанок со раководствата на клубовите, не содржи информација за одржан состанок и извлечени заклучоци од координација со претставници на двете навивачки групи. Точно е, како што претходно напоменавме дека во изготвувањето на безбедносната проценка учествувале припадници на подгрупата „Чкембари Ветерани“, но полициските службеници треба и мора да знаат, посебно оние на кои им била доверена улога во пресрет на натпреварот, која структура треба да ја „покани“ за да одржи координативен состанок со навивачите. Сакаме да потенцираме и да нагласиме дека навивачките групи имаат точно определена хиерархија и се знае местото на секој поединец во групата, како и улогата и „моќта“ на секоја подгрупа во рамките на навивачката група. Во случајот, координацијата со подгрупата „Чкембари Ветерани“ не можела да произведе конкретен резултат и заложба во името на групата бидејќи нејзиниот капацитет, улога и влијание во самата група во тој момент бил минимален и незначителен.

Во планот изготвен од СВР Битола недостига и безбедносниот осврт којшто комесарот за безбедност на клубот домаќин (организатор) бил должен да го достави со конкретно нотирање на мерките и активностите кои биле преземени од клубот во насока на успешно организирање на натпреварот. Тука се отвора дилемата дали воопшто бил изготвен таков извештај и доколку не бил, зошто полицијата не реагирала навремено со барање истиот да и биде доставен. Доколку комесарот на клубот бил недоволно подготвен од стручен аспект да даде соодветна анализа на безбедносната

состојба како на стадионот, така и помеѓу навивачите, полицијата тоа морала да го има предвид. Притоа, тука не мислиме само на мерките кои се предвидени во насока на обезбедување на активна безбедност, туку и на мерките и активностите кои се однесуваат и на пасивната безбедност. Во овој контекст сакаме да ја искоментираме и одлуката на ФФМ да се дозволи на стадионот во Битола којшто не обезбедува ни минимални услови за одигрување на натпревар од зголемен ризик да се дозволи одигрување на истиот. Имено, ако се погледне законското решение, во одредбите на истото точно може да се забележи кои се услови треба да бидат исполнети за еден спортски објект да може да се прифати од страна на комесарот за безбедност на ФФМ како објект на којшто може да се одигруваат вакви натпревари. Во продолжение сакаме да наброиме само неколку најзначајни недостатоци коишто ги имал и коишто до денес ги има стадионот ,,Под Тумбе кафе". Во прв ред мислиме на следниве недостатоци:

1. Стадионот не исполнува услови и нема можност за продажба на нумерирани влезници;
2. Не постојат соодветни пристапни патишта до стадионот, кои за вакви натпревари треба да бидат физички разделени како не би дошло до судир помеѓу навивачките групи;
3. Нема соодветна мониторинг соба во којашто ќе се врши снимање на гледалиштето во целост, а не само на секторите каде што се сместени навивачките групи;
4. Нема доволен број на влезови и излези кои се пропишани во соодветни европски правилници кои се однесуваат на оваа проблематика;
5. Во рамките на стадионот не постои соодветен простор каде што би биле сместени припадниците на специјалните полициски сили со цел истите да не го привлекуваат вниманието на навивачите и да не предизвикуваат појава на милитаризирачки ефект.

Во овој контекст можеме да наведеме и други недостатоци кои се однесуваат на условите коишто биле актуелни на битолскиот стадион, а коишто требало да бидат земени во пресрет на донесувањето на одлуката да се одигра еден ваков натпревар.

Врз основа на претходно наведената и презентирана безбедносна проценка која важела во пресрет на конкретниот фудбалски натпревар, СВР Битола пристапил кон оперативно изготвување на план за обезбедување. Во истиот се содржани точни информации кои се однесуваат на бројот на ангажирани полициски службеници во униформа или цивил, но во планот т.е. примерокот што нам ни беше даден на увид истите беа соодветно покриени, со што не сме во позиција да презентираме точна и конкретна бројка на ангажирани полициски службеници.

Планот за обезбедување содржи вкупно 6 сектори и соодветен број на потсектори. Секој до секторите е поделен на одреден број потсектори и за сите нив точно е определено одговорното лице, како и неговиот заменик т.е. помошник. Секторите соодветно се однесуваат како за надворешно обезбедување (сектор Југ и сектор Север), така и сектори за внатрешно обезбедување, но и сектор за интервентни водови, наменет за припадниците на Единицата за брзо распоредување. Бројките кои не беа покриени во планот за обезбедување, а кои се однесуваа на бројот на полициски службеници ангажирани во одредени сектори или соодветни потсектори, без притоа да се сметаат вкупно четирите вода (три од вкупно четирите вода присутни на натпреварот за време на истиот беа внатре во рамките на спортскиот објект) на ЕБР, изнесуваше бројка од 180 ангажирани полициски службеници. Притоа, од бројката 180 полициски службеници, 60 од нив биле дел од Посебната единица на полицијата и биле распоредени под еднаков број т.е. по 30 на навивачките трибини каде што биле сместени навивачките групи „Чкембари“ (дел на јужна трибина) и „Комити“ (помал дел на северна трибина) и тоа под целосна опрема, која покрај другото подразбира и одредени експлозивни средства. Во структурата на полициски службеници коишто биле активно вклучени во некој од секторите т.е. потсекторите за обезбедување (внатрешно или надворешно сеедно) забележуваме присуство на полициски службеници од помали градски средини како што се Македонски Брод, Демир Хисар, Крушево и Ресен. Оваа ситуација на пополнување на бројот на полициски службеници од други градови претпоставуваме дека е направена со цел да се задоволи оптималниот број којшто бил предвиден за натпреварот.

Фактот што натпреварот заврши со сериозен инцидент, во којшто имавме еден потешко повреден навивач (траен инвалидитет), како и голем број на полесно повредени навивачи, но и дополнително сериозно нарушување на ЈРМ на стадионот и

во непосредна близина на истиот, нè „принуди да размислуваме критички“ кон целата ситуација.

- Прво прашање коешто сакаме да го поставиме како еден вид на дилема е кој го предвидел и кој дозволил присуство на претставници на ПЕП коишто со себе носат експлозивни средства (топовски удар) да бидат во непосреден директен контакт со навивачките групи?
- Зошто припадниците на ПЕП по 30 на број со цела своја опрема и маскирна униформа беа присутни помеѓу навивачките групи?
- Дали некој воопшто размислувал во насока на тоа каков ефект тоа нивно присуство предизвикува кај структура како што се навивачките групи?
- Кој дал дозвола и дали воопшто имало дозвола за употреба на експлозивни средства во конкретниот натпревар?
- Кој ја иницирал идејата за предвремено извлекување на гостинската навивачка група од стадионот, што беше и причина за започнување на инцидентот?
- Зошто водовите со специјална единица ЕБР мораше да бидат распоредени во внатрешноста на спортскиот објект?

Претходно наведените прашања заслужуваат внимание. Имено, според Законот за полиција[294] многу прецизно се предвидени случаите и ситуациите кога полицискиот службеник треба да пристапи кон користење на средствата за присила, како и наведување на условно кажано редоследот кои средства треба да се употребуваат. Добивме впечаток дека за ситуацијата во Битола полициските службеници, посебно членовите на ПЕП коишто беа распоредени на делот кај навивачката група „Комити“, не успеаја до крај да ја исконтролираат.

Исто така, сакаме да го искоментираме и учеството во процесот на обезбедување на униформирани полициски службеници коишто беа ангажирани од помалите градски средини. На мислење сме дека оваа постапка колку и да била преземена од рационални причини, сепак изготвувачот на планот требало да има предвид дека истите тие полициски службеници немаат доволно искуство во процесот на организација и обезбедување на еден ваков настан, бидејќи реално нивната динамика на секојдневна работа не предвидува такви настани со толку голем број на

[294] Закон за полиција, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 06/09, 145/12, 41/14 и 33/15.

гледачи и присуство на две ривалски навивачки групи. Притоа, со овој наш коментар не сакаме никого да потцениме, односно не сакаме да се стекне впечаток дека вината за инцидентот ја сносат полициските службеници и сл. Напротив, со коментарот сакаме само да укажеме дека за вакви настани во иднина мора да се води сметка, освен за бројот и за структурата на полициски службеници и полициски единици коишто ќе бидат ангажирани.

Во продолжение на коментарот кој се однесува на делот на обезбедувањето на натпреварот, конкретно на делот којшто го покриваше СВР Битола, сакаме да укажеме на уште една состојба која според наше мислење беше погрешна, притоа имајќи ги предвид европските искуства и насоките коишто произлегуваат од Европската конвенција за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Кога на еден спортски натпревар се ангажираат и припадници на специјални полициски единици, постои пракса истите да не бидат забележливи во гледалиштето, односно да им се најде соодветно место од каде што ќе можат, доколку има потреба да интервенираат. На натпреварот во Битола, 3 од 4 вода на специјалната единица ЕБР беа внатре во стадионот, блиску до гледачите и до навивачите и цела таа слика само ја зголемуваше тензијата на натпреварот, а со ништо не придонесе да се зголеми чувството на безбедност помеѓу гледачите. Напротив, „манифестацијата на сила и на подготвеност“ од страна на ЕБР постојано ја зголемуваше тензијата, којашто резултираше со предизвикување на насилство и тоа во форма на недостојно однесување изразено преку пеење на песни од страна на двете навивачки групи кон полицијата.

Во завршните одредби на планот беа наведени и правците на движење коишто беа предвидени за навивачката група „Комити“ вкупно четири на број кои беа соодветно испланирани како да се реализираат и кој правец да се користат во зависност од ситуацијата на теренот.

### 1.2. Завршен коментар и заклучок од студијата на случај

Анализата на студијата на случај ја спроведовме со единствена цел да потенцираме одредени недоречености кои се однесуваат на организацијата на еден спортски натпревар, посебно на натпревар којшто бил определен дека е со зголемен ризик. Притоа, со нашите коментари и забелешки имаме за цел да го критикуваме организаторот на натпреварот, за сè што презел и направил во поглед на безбедноста.

Преку аргументираниот пристап имаме за цел да ги наведеме недостатоците и пропустите од организациски аспект, сè со цел во иднина сите заедно како директни или индиректни учесници во некој конкретен настан да ги елиминираме.

Ако во Р. Македонија не постојат соодветни услови за одигрување на одреден натпревар од зголемен ризик, односно ако еден спортски објект не ги исполнува минимално пропишаните правила и стандарди, сметаме дека одговорните лица треба веднаш да интервенираат со конкретни одлуки. Првенствено, навремената реакција ќе значи превентивно решавање на потенцијалниот проблем. Секое непочитување на правилата, кои се донесени со цел намалување на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, како и со цел гарантирање на поголема безбедност (активна и пасивна за сите) доведува до појава на несакани последици со трајни последици.

Втора работа на којашто сакаме да укажеме е однесувањето и пристапот на полициските службеници во процесот на организација на еден спортски натпревар од зголемен ризик. Имено, полицијата има голема, во одредени моменти најважна улога во насока на обезбедување на сигурноста и безбедноста на еден спортски настан. Токму заради таа улога, нејзиниот пристап мора да биде максимално професионален, без да остави простор за одредени отстапки. Професионалниот пристап во прв ред подразбира преземање на сите мерки и активности коишто законски се предвидени, без притоа да се прави степенување и вреднување на истите по важност и од тој аспект да се изостави одредена активност и истата да се нотира како помалку важна. Во таа насока, фактот што во Р. Македонија не постојат објективни услови да се формира една посебна полициска единица чијшто главен делокруг на работа ќе ѝ биде токму организацијата на вакви и слични настани, тогаш одговорните лица треба да имаат предвид кои полициски службеници треба да ги ангажираат.

Од анализата на случај можеме да извлечеме одредени заклучоци кои се однесуваат на дел од поединечните хипотези преку кои настојуваме да ја докажеме или да ја негираме генералната т.е. главната хипотеза. Имено, една од вкупно шесте поединечни хипотези се однесуваше и на инфраструктурните услови кои се актуелни во Р. Македонија и кои не се во позитивна корелација со позитивните законски прописи кои ја регулираат оваа материја. Конкретно, преку студијата на случај имавме можност да ги забележиме и соодветно да ги нотираме недостатоците со кои се

соочувал стадионот „Под Тумбе кафе“, кој и покрај сите тие недостатоци и несоодветната инфраструктура добил „зелено светло“ за одигрување на натпревар помеѓу екипите на ФК „Пелистер“ и ФК „Вардар“.

Друга поединечна хипотеза којашто исто така тесно е поврзана со студијата на случај се однесува на натпреварите со зголемен ризик на коишто постои поголема веројатност да дојде до појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари (поединечна хипотеза бр. 4). Студијата на случај и нејзината детална анализа само ни го потврдува ставот којшто е содржан во оваа поединечна (помошна) хипотеза. Натпреварот којшто го анализиравме бил определен како натпревар со зголемен ризик. И покрај фактот што нормативната рамка која се однесува на натпревари со зголемен ризик е значително порестриктивна и поригорозна т.е. построга, сепак несоодветната координација помеѓу организаторот, учесниците на натпреварот, како и органите на редот, довело до креирање на погодни услови за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

**2. Анкетни прашалници – коментари**

Преку анализата на анкетните прашалници т.е. резултатите коишто ги добивме од трите целни групи (навивачки групи, припадници на МВР и граѓани) дојдеме до позиција да одговориме на поставената главната хипотеза на истражувањето, односно преку одговорите коишто ги добивме можеме да заклучиме дали главната хипотеза преку резултатите се докажува или истата се негира.

За таа цел во процесот на анализа на одговорите коишто ги добивме преку статистичка обработка којашто во себе вклучуваше дел од статистичките методи како што се процентуална застапеност, аритметичка средина, стандардна девијација и можна корелација, преку приказ на резултатите графички и табеларно ќе презентираме одредени заклучоци, ќе понудиме одредени предлози, но и во крајна линија ќе одговориме позитивно или негативно на главната хипотеза. Како статистичка значајност ќе се зема Пирсоновиот коефициент на корелација $p < 0,05$.

Во воведот на презентацијата на резултатите од анкетните прашалници ја претставуваме половата застапеност помеѓу трите групи на анкетирани лица, односно процентуалната застапеност на машки и женски лица од секоја анкетирана група посебно.

**Графикон 7.1.** *Графички приказ на процентуална застапеност според полот - навивачи (вкупно 200 испитаници)*




Од графиконот 7.1. заклучуваме дека процентуалната застапеност на полот кога станува збор за групата испитаници коишто биле дел од навивачките групи изнесува 24% женски лица и 76% машки лица.

**Табела 7.1.** *Табеларен приказ на процентуалната застапеност на испитаниците според полот - анкетна група навивачи*

| Испитаници (навивачи) | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Број** | 152 | 48 | 200 |
| **Процент** | 76% | 24% | 100% |
| **Просечна возраст** | 30,75% | 30,21% | 30,63 |
| **Мин.** | 19 | 19 | 19 |
| **Макс.** | 62 | 55 | 62 |
| **±SD** | 8,55 | 9,45 | 8,64 |

Од табела 7.1. се забележува дека од вкупниот број на испитаници 200,152 се мажи, а 48 се жени-навивачи. Просечната возраст на испитаниците е 31 година. Вредноста на стандардната девијација за машки изнесува 8,55, а за женски изнесува 9,45. Стандарната девијација[295] ±SD вкупно за сите испитаници изнесува 8,64. Во

[295] Стандардно отстапување (или „стандардна девијација“) е проста мерка за променливоста или дисперзијата во група податоци.

основа, вредноста на стандардната девијација значи дека стандардното отстапување од (униваријанта) распределба на веројатноста е исто како и при распределбата на случајна променлива. Сте случајни променливи немаат стандардно отстапување, бидејќи очекуваните вредности не мора да постојат.

Што се однесува до состојбата кај обичните граѓани т.е. со половата распределба на испитаниците кои беа дел од анкетниот прашалник којшто се однесуваше за обичните граѓани, состојбата ќе ја прикажеме преку графикон 7.2.

**Графикон 7.2.** *Графички приказ на процентуална застапеност според полот – граѓани (вкупно 200 испитаници)*




Површната анализа на поставениот графикон 7.2. ни покажува резултат којшто нуди извесна предност на бројот на испитаници женски лица од вкупниот број од 200 обични граѓани. Имено, во проценти изразено, 53% од анкетираните обични граѓани биле женски лица, а останатите 47% биле испитаници од машки пол. Дополнително, во насока на презентација на старосната состојба на испитаниците, во продолжение ќе ја приложиме табела 7.3. преку којашто ќе можеме да ги анализираме резултатите кои се однесуваат на просечната возраст, како на женскиот дел од испитаниците, така и на машкиот дел од испитаниците, како и вредноста на стандардната девијација кај секоја група посебно, но и вкупно како една заедничка анкетирана целина.

**Табела 7.3.** *Табеларен приказ на процентуалната застапеност на испитаниците според полот - граѓани*

| **Испитаници** (обични граѓани) | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Број** | 93 | 107 | 200 |
| **Процент** | 47% | 53% | 100% |
| **Просечна возраст** | 44.5% | 43.7% | 44,1% |
| **Мин.** | 20 | 12 | 12 |
| **Макс.** | 80 | 78 | 80 |
| **±SD** | 14.87 | 12.95 | 13,86 |

Од табела 7.3. се забележува дека од вкупниот број на испитаници 200,93 се мажи, а 107 се жени. Просечната возраст на испитаниците е 44 години. Вредноста на стандардната девијација за мажи изнесува 14,87, а за жени изнесува 12,95. Стандарната девијација[296] ±SD вкупно за сите испитаници изнесува 13,86**.**

За половата застапеност кај припадниците на полицијата ќе го искористиме графиконот 7.3. преку којшто ќе дојдеме до одговор на процентуалната застапеност на испитаниците (мажи и жени) од редовите на полицијата коишто учествуваа во одговорот на анкетниот прашалник.

**Графикон 7.3.** *Графички приказ на процентуална застапеност според полот – полиција (вкупно 200 испитаници)*




Од ситуацијата којашто ја гледаме на графиконот 7.3. донесуваме заклучок дека процентуалната застапеност на мажите припадници на полицијата е значително поголема за разлика од жените припадници на полицијата коишто зеле учество во одговарање на анкетниот прашалник. Конкретно, во проценти изразено 71% биле мажи, а 29% жени. Од овие резултати можеме да заклучиме дека полициските

[296] Малото стандардно отстапување упатува на тоа дека сите елементи од групата на податоци се многу блиску до средната вредност, додека големото стандардно отстапување упатува на тоа дека групата е широка, со широк опсег на вредности.

службеници коишто учествувале во процесот на обезбедување на еден спортски натпревар во Р. Македонија доминантно биле мажи.

За да ја видиме подетално состојбата во однос на возраста на испитаниците од редовите на полицијата, ја изготвивме табела 7.3.

**Табела 7.3.** *Табеларен приказ на процентуалната застапеност на испитаниците според полот - полиција*

| Испитаници (полиција) | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Број** | 142 | 58 | 200 |
| **Процент** | 71% | 29% | 100% |
| **Просечна возраст** | 39,31% | 35,77% | 38,28% |
| **Мин.** | 24 | 25 | 24 |
| **Макс.** | 56 | 57 | 57 |
| **±SD** | 8,51 | 8,78 | 8,72 |

Од табела 7.3. се забележува дека од вкупниот број на испитаници 200,142 се мажи, а 58 се жени. Просечната возраст на испитаниците е 38 години. Вредноста на стандардната девијација за машки изнесува 8,51, а за женски изнесува 8,78. Стандардната девијација ±SD вкупно за сите испитаници изнесува 8,72.

Во анкетните прашалници коишто ги спроведовме кај трите групи на испитаници имавме прашање коешто се однесуваше на степенот на образование на анкетираните лица. Конкретно, со ова прашање сакавме да дојдеме до податоци кои се однесуваат на образованието како еден од клучните сегменти во секоја држава од што понатаму зависат голем број на други процеси кои се директно зависни од образованието. На пример, многу е важен степенот на образование во обидот луѓето да најдат соодветна работа од којашто ќе можат да заработуваат и на тој начин ќе можат полесно да си го организираат својот живот. Нискиот степен на образование по дефиниција го намалува маневарскиот простор и ги намалува можностите за добивање на добро платена работа. Дополнително, степенот на образование кај членовите на навивачките групи е важен момент, бидејќи во секојдневниот живот постои стигма дека навивачите се најчесто ниско или слабо образовани луѓе, дека не успеале да

завршат ни средно образование и најчесто недостигот на образование истите ги оневозможува да се дојдат до посериозна работна позиција на пазарот на трудот. Во оваа насока, степенот на образование влијае исто така и во формирањето на профилот на личноста, односно во збогатувањето на неговите способности за учење, за апсорпција на знаење и за употреба на знаењето соодветно.

Кога станува збор за степенот на образование на граѓаните коишто ги анкетиравме во процесот на истражување, дојдовме до одредена состојба којашто ќе ја прикажеме во наредниот графикон 7.4.

**Графикон 7.4.** *Графички приказ на процентуална застапеност според образование – граѓани (вкупно 200 испитаници)*




Во прикажаните резултати во графикон 7.4. доминираат две вредности, односно најголем дел од испитаниците помеѓу обичните граѓани се изјасниле дека имаат завршено средно образование 44%, со високо образование биле 30% од испитаниците, 10% дале одговор дека се со неоформено т.е. без образование, 9% биле магистри на науки, 6% со основно образование и 1% од испитаниците се изјасниле дека се доктори на науки.

Што се однесува до состојбата со степенот на образование кај припадниците на навивачките групи, истата ќе ја презентираме преку графикон 7.5., при што ќе бидеме во можност да донесеме одредени заклучоци во поглед на потврдување или демантирање на стигмата којашто ги следи навивачите, а тоа е дека истите се со низок степен на образование и тој недостиг на образование ги ограничува нивните можности за напредок во општеството, што пак придонесува до појава на извесна фрустрација којашто најчесто се манифестира со припадност кон одредена навивачка група и како

известна супкултурна групација дејствува во насока на промовирање на одредени ставови и мислења.

**Графикон 7.5.** *Графички приказ на процентуална застапеност според образование – навивачи (вкупно 200 испитаници)*




Анализите на добиените резултати кои се однесуваат на членовите на навивачките групи нè упатуваат на заклучок дека 14% од нив се изјасниле дека се без образование, 10% дека имаат завршено само основно образование, а најголемиот дел од испитаниците од редовите на навивачите се изјасниле дека имаат завршено средно образование т.е. 56%. Како магистри на науки се изјасниле 17% од навивачите. Во оваа категорија на испитаници нема доктори на науки. Овој резултат се чини дека е очекуван кога е во прашање оваа структура т.е. оваа група на испитаници. Фактот што најголемиот дел од нив се со средно образование, како и фактот дека има сериозно присуство на лица кои се изјасниле дека имаат само основно образование, како и лица кои немаат образование, упатува на заклучок дека припадниците на четирите навивачки групи во Р. Македонија („Чкембари“, „Комити“, „Шверцери“ и „Балисти“) во основа се лица коишто реално немаат можност да се „борат“ за некоја посериозна работа на пазарот на трудот. Дополнително, овие резултати нè упатуваат и на заклучок дека подготвеноста на навивачите да донесуваат одредени рационални одлуки и во исто време да бидат свесни за истите со ваков степен на образование не може секогаш да се очекува како краен резултат. Ниското образовно ниво влијае во нивната персонална подготвеност да имаат капацитет за надградба на своите интелектуални

можности како личности. Лимитираниот интелектуален капацитет кој првенствено се должи и е резултат на степенот на образование ги носи припадниците на навивачките групи во позиција да размислуваат, промовираат и застапуваат вредносни ставови и идеолошки матрици кои не само што не ја намалуваат или не ја минимизираат етничката разлика во едно општество какво што е македонското, туку напротив, придонесуваат во насока на мултиплицирање на причините и на условите кои доведуваат до состојба на нагласување на етничките и верските разлики помеѓу навивачките групи, манифестација на доминантност, „потреба“ за негација на ривалот по различни основи, па и на верска и етничка линија итн. Сите претходно наведени состојби на некој начин се дел од културата на навивачите, односно од културата на навивачките групи како еден вид на субгрупа во општеството. Таа културна нееднаквост во Р. Македонија се чини е изразена, посебно кај припадниците на навивачките групи и истата придонесува и има улога на соодветен катализатор кон процесот на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Го истражувавме и степенот на образование кај припадниците на полицијата коишто беа дел од истражувањето. Резултатите коишто ги добивме од истите ќе ги презентираме преку графикон 7.6.

**Графикон 7.6.** *Графички приказ на процентуална застапеност според образование – полиција (вкупно 200 испитаници)*




Помеѓу испитаниците од полицијата, најголем процент се изјасниле дека се со средно образование т.е. 49%, потоа со високо образование 40%, 10% биле магистри на

науки, а само 1% одговориле дека се доктори на науки. Оваа состојба на образовна подготовка на припадниците на полицијата во Р. Македонија т.е. во градовите од каде што беа анкетираните полициски службеници (Битола, Скопје и Тетово) ни овозможува да заклучиме дека истите имаат доволен степен на образование да можат да ги разберат штетните последици од сторувањето на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, а во исто време биле и во добра позиција да можат да го анализираат законското решение и да приложат одговори на поставените прашања во анкетниот прашалник.

За да дојдеме поблиску до состојба да донесеме одредени заклучоци кои првенствено се однесуваат на главната хипотеза на истражувањето т.е. заклучоци преку коишто ќе можеме да ја потврдиме или негираме главната хипотеза, во истражувањето спроведовме извесна компарација на добиените одговори на идентични прашања кај трите групи на испитаници. Во основа статистичката обработка опфаќа податоци за клучни прашања и нивна можна корелација, а истата ќе ја потврдиме или негираме преку Пирсоновиот коефициент на корелација (r).

**Табела 7.4.** *Табеларен приказ на коефициент на можна корелација кај испитаниците*

| **Прашање од анкетен прашалник** | **Коефициент на корелација ( r )** | | |
|---|---|---|---|
| | **Испитаници - полиција** | **Испитаници - граѓани** | **Испитаници - навивачи** |
| **5. Дали знаете т.е. дали сте информирани дека постои посебен Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари?** | | | |
| | **1** | | **-0.05** |

Од презентираните резултати во табела 7.4. забележуваме дека кај анкетираните припадници на полицијата и анкетираните граѓани постои многу висока корелација

чијашто вредност изнесува r = 1, додека пак податоците кои ја прикажуваат релацијата полиција – навивачки групи не покажуваат постоење на корелација, односно вредноста на истата е незначително негативна r = - 0,05. Овие резултатите упатуваат на заклучок дека припадниците на полицијата, како и анкетираните граѓани знаат и се запознаени со податокот дека постои посебен Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, додека пак состојбата кај членовите на навивачките групи е значително различна. Имено, вредноста којашто по однос на ова прашање ја има Пирсоновиот коефициент на корелација укажува на постоење на ситуација којашто се карактеризира со недоволно или подобро речено незначително познавање на законската регулатива во Р. Македонија, на нејзините позитивни законски прописи или конкретно непознавање и неинформираност дека постои посебен Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Оваа вредност на Пирсоновиот коефицениент на корелација која се однесува на конкретното прашање околу информираноста за постоење на законско решение преку коешто правно се регулира насилството и недостојното однесување на спортските натпревари на некој начин е и „очекувана“. Фактот што 14% од анкетираните припадници на навивачките групи се изјасниле дека се без образование, а дополнително на оваа вредност и фактот што 10% биле само со завршено основно образование, нѐ носи во позиција да ја „оправдаме“ негативната вредност на Пирсоновиот коефициент на корелација и да заклучиме дека припадниците на навивачките групи не знаат и најголемиот дел од нив не се нашле во позиција и во ситуација да бидат информирани дека постои законска регулатива којашто се однесува на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

**Табела 7.5.** *Табеларен приказ на коефициент на можна корелација кај испитаниците*

| **Прашање од анкетен прашалник** | **Коефициент на корелација ( r )** | | |
|---|---|---|---|
| | **Испитаници - полиција** | **Испитаници - обични граѓани** | **Испитаници - навивачи** |

| | | |
|---|---|---|
| **7. Што, според Вас, е најголема причина за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија?** | | |
| | **1** | **0.04** |

Вредностите коишто ги презентиравме во табела 7.5. покажуваат постоење на особено силна позитивна т.е. многу висока корелација по однос на ова прашање на релација полиција – граѓани и нејзината вредност изнесува r = 1. Истите податоци ни покажуваат дека не постои корелација по истото прашање помеѓу полицијата и припадниците на навивачките групи т.е. вредноста на Пирсоновиот коефициент на корелација изнесува r = 0,04, што во основа значи постоење на ниска корелација по однос на ова прашање. Од вака добиените резултати доаѓаме до заклучок дека полицијата и граѓаните имаат исти или во најмала рака идентични размислувања кои се однесуваат на причините кои придонесуваат кон појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, за разлика од припадниците на навивачките групи кои според резултатите размислуваат различно и не се согласуваат со одговорите на полициските службеници во однос на причините т.е. причината која најмногу делува во појавата на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

**Табела 7.6.** *Табеларен приказ на коефициент на можна корелација кај испитаниците*

| **Прашање од анкетен прашалник** | **Коефициент на корелација ( r )** | | |
|---|---|---|---|
| | **Испитаници-полиција** | **Испитаници – обични граѓани** | **Испитаници –навивачи** |
| **8. Како, според Вас, најчесто се манифестираат насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Република Македонија?** | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | 1 | -0.03 |

Од табеларниот приказ во табела 7.6. статистичката обработка на податоци покажува дека кај испитаниците од групата на полицијата и анкетираните граѓани постои многу висока корелација со вредност r = 1, во однос на прашањето со бр. 8. Додека пак податоците кажуваат дека помеѓу испитаниците од полицијата и испитаниците од навивачките групи навивачи добиената вредност на Пирсоновиот коефициент на корелација изнесува r = -0,03 што во основа значи постоење на незначителна негативна корелација. Вака добиените вредности нѐ упатуваат на заклучок дека полицијата и анкетираните граѓани имаат идентични т.е. слични размислувања и одговори кои се однесуваат на начините на коишто се манифестираат насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, додека пак припадниците на навивачките групи по однос на ова прашање и по однос на начинот на којшто се манифестираат насилството и недостојното однесување на спортските натпревари размислуваат различно, како и од припадниците на полицијата, така и од граѓаните коишто беа анкетирани.

**Табела 7.7.** *Табеларен приказ на коефициент на можна корелација кај испитаниците*

| Прашање од анкетен прашалник | Коефициент на корелација ( r ) | | |
|---|---|---|---|
| | Испитаници-полиција | Испитаници – обични граѓани | Испитаници –навивачи |
| 9. Според Вашето досегашно искуство, кои лица се јавуваат како најчести сторители на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија? | | | |
| | 0,6 | | -0,05 |

Од табеларниот приказ во табела 7.7. статистичката обработка на податоци покажува дека кај испитаниците од групата на полицијата и анкетирани граѓани постои значајна позитивна корелација. Вредноста на Пирсоновиот коефициент на оваа

значајна позитивна корелација има вредност од r = 0,6 помеѓу прикажаното прашање со бр. 9. Дополнително, податоците кажуваат за испитаниците од полицијата и навивачите вредноста на корелацијата која се јавува е негативна и истата изнесува r = -0,05, што значи постоење на незначителна негативна корелација по однос на ова прашање. Резултатите добиени и презентирани преку Пирсоновиот коефициент на корелација, а кои се однесуваат на прашањето кои лица се јавуваат како најчести сторители на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Р. Македонија нè упатуваат на заклучок дека одговорите на полициските службеници како и одговорите на анкетираните граѓани се идентични, односно овие две групи имаат исти т.е. слични размислувања во однос на сторителите на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Негативната вредност на корелацијата т.е. незначителната корелација на релација полиција – навивачки групи нè упатува на заклучок дека навивачките групи и полицијата немаат ни приближно исти размислувања по однос на ова прашање и по однос на тоа кои лица се јавуваат како најчести сторители на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

**Табела 7.8.** *Табеларен приказ на коефициент на можна корелација кај испитаниците*

| **Прашање од анкетен прашалник** | **Коефициент на корелација ( r )** | | |
|---|---|---|---|
| | **Испитаници-полиција** | **Испитаници – обични граѓани** | **Испитаници -навивачи** |
| **9.Со оглед на фактот што македонскиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските терени при неговото донесување користи одредени решенија кои веќе ги имаат како такви земјите од поранешна Југославија (Србија и Хрватска), дали сметате дека е правилна таа правна трансплантација или пак треба да се донесе решение кое ќе биде компатибилно со условите кај нас?** | | | |
| | **0,15** | | **0,05** |

Од табеларниот приказ во табела 7.8. статистичката обработка на податоци, вредноста на Пирсоновиот коефициент на корелација дека кај испитаниците од групата на полицијата и анкетираните граѓани изнесува r = 0,15, што пак нѐ наведува на заклучок дека помеѓу овие две анкетирани групи не постои т.е. нема корелација.

Податоците од табелата ни покажуваат вредност на Пирсоновиот коефицент на корелација помеѓу испитаниците од полицијата и навивачите од r = 0,05, што значи дека по однос на ова прашање и кај овие две групи на испитаници не постои корелација т.е. нејзината вредност е незначителна.

**Табела 7.9.** *Табеларен приказ на коефициент на можна корелација кај испитаниците*

| **Прашање од анкетен прашалник** | **Коефициент на корелација (r)** | | |
|---|---|---|---|
| | **Испитаници-полиција** | **Испитаници – обични граѓани** | **Испитаници -навивачи** |
| **11. Дали во градот каде што сте работно ангажирани (Битола, Скопје, Тетово) спортската инфраструктура со која располагаат т.е. која ја користат спортските клубови дозволува непречено спроведување на одредбите на Законот, како на пример: продажба на нумерирани билети, видеонадзор на спортскиот објект, услови за активна и пасивна безбедност итн?** | | | |
| | **1** | | **0,03** |

Од табеларниот приказ во табела 7.9. статистичката обработка на податоци покажува дека кај испитаниците од групата на полицијата и анкетираните граѓани постои особено силна позитивна корелација и истата изнесува r = 1.

Дополнително, податоците ни потврдуваат т.е. ни кажуваат дека помеѓу испитаниците од полицијата и навивачите корелацијата по однос на ова прашање има вредност од r = 0,03, што значи дека во овој случај зборуваме за незначително позитивна корелација.

**Табела 7.10.** *Табеларен приказ на коефициент на можна корелација кај испитаниците*

| Прашање од анкетен прашалник | Коефициент на корелација ( r ) | | |
|---|---|---|---|
| | Испитаници-полиција | Испитаници – обични граѓани | Испитаници -навивачи |
| 12. Во законското решение е предвидена т.е. е пропишана одредба која предвидува задолжителна координација на релација спортски клуб, навивачки групи и полиција. Кое е Вашето мислење и искуство, дали координацијата постои во пракса, односно дали функционира или не? | | | |
| | 0,33 | | 1 |

Од табеларниот приказ во табела 7.10. статистичката обработка на податоци покажува дека кај испитаниците од групата на полицијата и анкетираните граѓани постои незначителна позитивна корелација со вредност од r = 0,33 помеѓу прикажаното прашање со бр.12 на испитаниците од анкетниот прашалник.

Податоците, исто така, нѐ упатуваат на заклучок дека помеѓу испитаниците од редот на полицијата и навивачите постои особено силна позитивна корелација и истата изнесува r = 1.

Според поставената хипотеза т.е. според една од помошните хипотези се наметнува и потребата за статистичката обработка на податоците кои се однесуваат на финансиските примања на испитаниците, како една од важните точки за дискусија. Велиме една од важните точки за дискусија пред сѐ заради фактот што токму економската состојба т.е. економските услови ги наведовме како едни од факторите коишто придонесуваат или би можеле да придонесат во насока на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Во продолжение на ова истражување ќе презентираме одредени податоци кои се однесуваат токму на ова прашање.

**Графикон 7.7.** *Графички приказ на податоци од анкетен прашалник за примања на испитаници - граѓани*




Најголемите вредности коишто се прикажани преку овој графикон нѐ упатуваат на заклучок дека најголем број од вкупно 200 испитаници кај испитаните граѓани имале примања над 20.000 денари, односно 74 граѓани или 37% од испитаниците. Но, во исто време голем број од нив односно вкупно 54 граѓани или 27% од испитаниците во времето на одговарање на прашањата од анкетниот прашалник се изјасниле дека се невработени. Останатите анкетирани граѓани дале различни одговори во однос на нивните примања, односно 28 од граѓаните т.е. 14% одговориле дека имаат месечни примања од 10.000 до 15.000 денари, 27 од нив т.е. 13,5 одговориле дека примаат помеѓу 15.000 и 20.000 денари, а 17 од испитаниците или 8,5% дале одговор дека имаат месечни примања пониски од 10.000 денари. Резултатите јасно укажуваат на две вредности кои се најголеми, а тие се однесуваат на бројот на лица кои земаат повеќе од 20.000 денари месечни примања (вкупно 74 испитаници), но и 54 испитаници коишто се изјасниле дека се невработени.

Вака претставената состојба која се однесува на финансиските примања од коишто во прв ред зависат и се во директна корелација со остварувањето на некои други потреби на граѓаните, првенствено обезбедување на подобри услови на живот, ни укажува на постоење на т.н. екстреми, односно лица коишто имаат солидни примања и коишто можат да ги задоволат основните потреби, но и постојат граѓани коишто не се вработени и прашање е дали се во позиција да си ги задоволат и основните потреби.

**Графикон 7.8.** *Графички приказ на податоци од анкетен прашалник за примања на испитаници-навивачи*




Прикажаната состојба во графикон 7.8. нè упатува на заклучок дека најголем дел од членовите на навивачките групи коишто беа дел од анкетниот прашалник се изјасниле како невработени лица. Конкретно, 115 од вкупно испитаните 200 членови на навивачките групи или 57,5% или повеќе од половината од вкупниот број биле невработени. Втората по големина вредност во овој графикон се однесува на навивачите кои се изјасниле дека заработуваат до 10.000 денари месечно. Нивниот број изнесува 31 лице или 15,5% од вкупниот број. Збирот на овие две вредности значи дека 73% од вкупно испитаните 200 членови на навивачките групи биле или невработени или заработувале до 10.000 денари. Вака претставената состојба придонесува да размислуваме дека најголемиот број од членовите на навивачките групи не во позиција да заработуваат и да можат да ги задоволат своите основни потреби. Таквата ситуација на некој начин претставува и реална можност која придонесува во насока на зголемување на потенцијалот кај овие лица да пристапат кон одредена група, во

случајот навивачка група и на тој начин да се обидат да изградат т.н. групен идентитет и да се обидат да го прикријат или да ги надоместат оние вредности коишто не се во позиција да ги остварат како поединци (невработени или со исклучително ниски примања).

Невработеноста како своевиден економски, политички, а во крајна линија и социјален феномен придонесува покрај другото и во насока на генерирање на услови, мотиви и причини коишто ја претставуваат главната причинско-последична рамка која делува во насока на предизвикување и извршување на одредени општествено негативни појави, во коишто недвосмислено припаѓаат и насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Токму од овој аспект сметаме дека економските услови претставуваат едни од најзначајните и најважни причини и можности кои придонесуваат во насока на појава на насилство и недостојно однесување на спортските терени во Р. Македонија. Немањето на редовен работен однос, живеењето под притисок за обезбедување на економска и социјална егзистенција, исклучително изразеното слободно време во текот на денот се само дел од причините коишто како крајна последица имаат т.е. можат да предизвикаат појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Што се однесува до сторителите на кривичното дело, односно дали поголемиот дел од сторителите се малолетни лица, дали се полнолетни лица или сепак станува збор за мешана група кои се јавуваат како сторители на кривичното дело насилство на спортските натпревари, преку прашањето бр.18 од анкетниот прашалник, којшто се однесуваше за навивачките групи, како и прашањето бр. 9 од анкетниот прашалник којшто беше наменет за припадниците на полицијата, дојдовме до одредени бројки и податоци коишто сакаме да ги презентираме во продолжение.

Така според одговорот на припадниците на навивачките групи коишто беа анкетирани за ова истражување, најголем број од нив или 128 од вкупно 200 анкетирани навивачи одговориле дека како сторители на кривичното дело најчесто се јавува мешана група на сторители, составена од полнолетни и од малолетни учесници.

**Графикон 7.9.** Графички приказ на податоци од анкетен прашалник за припадниците на навивачки групи




За разлика од мислењето на припадниците на навивачките групи кои се однесуваше на возрасните групи кои се јавуваат како сторители на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, припадниците на полицијата имаат различно мислење по однос на ова прашање. Имено, најголем број од полициските службеници или 115 од вкупно 200 полициски службеници или 57,5% сметаат дека како сторители на ова кривично дело се јавуваат малолетните лица. Дополнително, 43 полициски службеници или 21.5% сметале дека полнолетните лица се најчести сторители на ова кривично дело, а 42 полициски службеници или 21% сметале дека како сторители најчесто ги наведуваат мешаните групи.

Манифестацијата на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Р. Македонија според одговорите коишто ги добивме на анкетните прашалници спроведени помеѓу припадниците на навивачките групи, како и помеѓу припадниците на полицијата ни донесуваат резултати коишто по своите вредности (мислења) на двете групи значително се разликуваат по формата на остварување на насилството на спортските натпревари. Од вкупно 200 полициски службеници, 80 од нив или 40% одговориле дека насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Р. Македонија најчесто се манифестира преку пеење на песни со навредлива и дискриминациска содржина по која било основа (расна, верска или етничка). Помал број, односно 66 полициски службеници или 33% одговориле дека насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Р. Македонија се манифестира и се остварува со директна физичка пресметка помеѓу навивачките групи и тоа пред, за време и по завршувањето на натпреварот. Идентичен број на полициски службеници т.е. по 27 полициски службеници или по 13,5% се изјасниле дека насилството се манифестира преку истакнување на транспаренти со навредлива содржина или со внесување на експлозивни направи и средства од страна на навивачите на спортскиот натпревар.

Кај припадниците на навивачките групи кога е во прашање манифестацијата на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, односно неговите појавни форми, дојдовме до одговори кои се разликуваат од пристапот на полициските службеници во однос на ова прашање. Имено, од вкупно 200 припадници на навивачката група, 82 од нив или 40% се изјасниле дека најчеста појавна форма на насилството на спортските натпревари е преку истакнување на транспаренти со навредлива содржина. Помал број или 72 од вкупно 200 припадници на навивачките групи или 37% биле на мислење дека насилството се манифестира преку пеење на песни со навредлива и дискриминациска содржина по која било основа. Идентичен процент како кај полициските службеници, така и кај припадниците на навивачките групи има и за манифестацијата на насилството на спортските натпревари преку внесување и употреба на експлозивни средства. Така, 26 навивачи или 13% од нив сметаат дека насилството се манифестира преку внесување на експлозивни средства и нивна експлоатација за време на еден спортски натпревар. Најмал број од навивачите или 20 од нив т.е. 10% од навивачите сметаат дека најчеста форма на манифестација на насилството на спортските натпревари е со директна примена на физичка сила т.е. физичка пресметка помеѓу навивачките групи, пред, за време и по одигрувањето на спортскиот натпревар.

**Графикон 7.10.** Графички приказ на податоци од анкетен прашалник за припадниците на навивачките групи




Анкетираните граѓани, кога е во прашање начинот на манифестација на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, на некој начин размислуваат поразлично од припадниците на навивачките групи и од припадниците на полицијата. Имено, според добиените резултати, најголем број од анкетираните

граѓани или 40% од нив сметаат дека насилството и недостојното однесување на спортските натпревари се манифестира преку пеење на песни кои се со навредлива, дискриминациска содржина по различна основа. Помал дел или 33% од анкетираните граѓани дале одговор дека насилството и недостојното однесување на спортските натпревари се манифестираат со директна физичка пресметка помеѓу навивачките групи и тоа за време или по одигрувањето на натпреварот. Мал е бројот на анкетирани граѓани кои одговориле дека насилството се манифестира преку внесување на пиротехнички средства (14%), а пак само 13% од анкетираните граѓани дале одговор дека насилството и недостојното однесување на спортските натпревари се манифестира преку истакнување на навредливи транспаренти или знамиња. Вака добиените резултати од анкетираните граѓани упатуваат на заклучок дека граѓаните се на мислење дека насилството најчесто се врши преку пеење на навредливи песни по различна основа и со директна физичка пресметка, како доминантни вредности. На тој начин граѓаните биле на мислење т.е. го „доживувале" насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Р. Македонија повеќе на условно речено стандарден (класичен) начин, преку физичка пресметка или со пеење на песни. Недостојното однесување според анкетираните граѓани т.е. однесувањето кое е против одредени вредносни правила и норми, односно однесувањето кое етички не е дозволено, сметаат дека е помалку присутно на спортските натпревари во Р. Македонија.

**Графикон 7.11.** – Графички приказ на манифестација на насилството – анкетирани граѓани




Состојбата со спортската инфраструктурата во Р. Македонија како еден од факторите коишто придонесуваат во насока на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, претставува во исто време и многу значаен сегмент во процесот на осигурување на безбедноста на еден спортски натпревар и елиминирање на голем број можности т.е. на услови коишто директно зависат од спортскаta инфраструктура. Ваквата елиминација на одредени услови коишто директно и непосредно зависат од самата состојба во инфраструктурата на спортските терени во Р. Македонија претставува еден од условите којшто може да има круцијално значење во насока на намалување на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Во таа насока, во продолжение сакаме да ги презентираме резултатите добиени од двете (од вкупно три) целни групи кои се однесуваат на состојбата со инфраструктурата во Р. Македонија. Конкретно, сакаме да ги претставиме мислењата на навивачките групи и на припадниците на полицијата по однос на ова прашање, со посебен акцент на натпреварите кои се окарактеризирани како натпревари со зголемен ризик.

**Графикон 7.12.** – Графички приказ за примена на одредбите на Законот, во однос на продажба на нумерирани влезници за натпревари од висок ризик – полиција




Од резултатите коишто ги добивме од страна на припадниците на полицијата, најголем број од нив или 86 од вкупно 200 припадници на полицијата или 43% сметаат дека одредбите од Законот кој се однесува на нумерирано продавање на влезници за еден спортски натпревар од зголемен ризик се врши парцијално, бидејќи примената на оваа одредба на територијата на цела држава не е реално и практично остварливо заради инфраструктурните услови коишто се актуелни во нашата земја. Понатаму, 71 припадник на полицијата или 36% се на мислење дека овие одредби воопшто не се применуваат т.е. се неприменливи во условите во коишто се одигруваат спортските натпревари во Р. Македонија, конкретно во условите коишто се однесуваат на спортската инфраструктура. Само 43 анкетирани полициски службеници или 21% биле на мислење дека во Р. Македонија има соодветни услови за доследна примена на прописите т.е. на одредбите кои произлегуваат од законското решение што ја регулира оваа проблематика.

**Графикон 7.13.** – Графички приказ на податоци од анкетен прашалник за состојбата со спортската инфраструктура - полиција




Резултатите од графикон 7.13 кои се однесуваат на состојбата со спортската инфраструктура во Р. Македонија и можноста за непречена имплементација на законските одредби, а на кои одговараа и припадниците на полицијата, нѐ доведуваат до заклучок дека припадниците на полицијата имаат размислување идентично како во однос на претходното прашање. Имено, ако претходниот графикон бр. 7.12. се однесуваше на можноста за продажба на нумерирани влезници за натпревари со висок ризик и ако на тоа прашање најголем дел од полициските службеници одговориле дека спортската инфраструктура не ги задоволува условите и стандардите за реализација на законската одредба и во овој случај т.е. во односн на прашањето за нумерирана продажба на билети за натпреварите во Р. Македонија и дали инфраструктурата ги исполнува потребните стандарди за доследна примена на одредбите, 58% од испитаниците одговориле дека спортската инфраструктура во Р. Македонија е во многу лоша состојба и истата не е во состојба да обезбеди непречена примена на законските одредби. Помал број на испитаниците т.е. 27% од нив одговориле дека во Р. Македонија постојат одредени спортски објекти лоцирани во одредени градови кои целосно ги задоволуваат потребите за непречена имплементација на одредбите од законот кои се однесуваат на нумерирана продажба на билети, а само 15% од полициските службеници дале одговор дека во Р. Македонија на целата нејзина територија има модерна спортска инфраструктура којашто може да ги задоволи

барањата кои произлегуваат од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, односно на истите може да се имплементираат одредбите коишто Законот ги пропишува како такви, меѓу кои е и нумерираната продажба на билети. Тука легитимно си го поставуваме прашањето како дел од полициските службеници посебно од Тетово и од Битола, односно како 15% од нив дале ваков одговор, ако истите биле дел од организација (обезбедување) на еден спортски натпревар во нивниот град и непосредно самите можеле да ја согледаат состојбата со спортската инфраструктура, која за жал во Битола, а и во Тетово не исполнува ниту минимални безбедносни услови за одигрување на некој спортски натпревар, а посебно не исполнуваат услови за нумерирана продажба на влезници, бидејќи спортските објекти немаат соодветно обележани столчиња.

**Графикон 7.14.** – Графички приказ за примена на одредбите на Законот, во однос на продажба на нумерирани влезници за натпревари од висок ризик – навивачки групи




Кај навивачките групи најголемиот број од испитаниците или 102 т.е. 51% од навивачите одговориле дека одредбите коишто се пропишани во позитивното законско решение, а кои се однесуваат на натпреварите со зголемен ризик во Р. Македонија воопшто не се применуваат, првенствено заради лошата состојба со инфраструктурата.

Одреден дел или 79 испитаници од навивачките групи т.е. 40% биле на мислење дека одредбите за натпреварите со зголемен ризик можат да бидат спроведени и имплементирани т.е. употребени само парцијално, односно само на неколку спортски објекти во Р. Македонија. Најмал број или само 19 испитаници т.е. 9% дале одговор дека во Р. Македонија можат да се имплементираат одредбите кои се однесуваат на натпревари со зголемен ризик и дека условите, првенствено и примарно инфраструктурните услови го дозволуваат тоа.

**Графикон 7.15.** - Графички приказ на податоци од анкетен прашалник за состојбата со спортската инфраструктура – навивачки групи




Во однос на прашањето кое се однесува на состојбата со спортската инфраструктура во Р. Македонија и можноста за непречено спроведување на одредбите од законското решение, навивачките групи дале идентични одговори како и припадниците на полицијата. Најголемиот број од анкетираните припадници на навивачката група „Комити“ одговориле дека во Р. Македонија има одредени спортски објекти коишто ги исполнуваат условите кои се однесуваат на доследна примена на Законот, при што сметаме дека овие испитаници се воделе само и исклучиво од состојбата со спортската инфраструктура во Скопје и конкретните спортски објекти

каде што настапуваат ФК „Вардар“ и РК „Вардар“ коишто објективно гледано ги задоволуваат стандардите за реализација на законските одредби.

**Графикон 7.16.** – Графички приказ за состојбата поврзана со редовното информирање на релација клуб (спортска федерација) и навивачки групи – полициски службеници




Според одговорите коишто ги дале припадниците на полицијата, загрижува податокот дека само 21% од анкетираните полициски службеници сметаат дека постои редовна комуникација на релација клуб – навивачки групи т.е. спортска федерација – навивачки групи. Поголемиот дел од испитаниците од редовите на полицијата т.е. 43% од нив одговориле дека во Р. Македонија воопшто не постои соработка помеѓу клубовите и навивачките групи, аналогно на тоа и помеѓу спортските федерации и навивачките групи. Оваа состојба е сериозен недостаток во процесот на обезбедување на повисоко ниво на превенција и во иднина надлежните државни органи треба да посветат поголемо внимание во насока на обезбедување на подобри услови, начини и можности како би влијаеле во насока на подобрување или подобро речено поттикнување на соработката на релација клуб – навивачки групи. Оваа соработка исто така не смее да остане на нивото на парцијална и повремена како што одговориле 36%

од полициските службеници, бидејќи парцијалното и повремено комуницирање т.е. соработка на релација клуб – навивачи на долг рок не може да придонесе кон постигнување на повисок степен на превенција.

**Графикон 7.17. -** Графички приказ за состојбата поврзана со редовното информирање на релација клуб (спортска федерација) и навивачки групи – резултати од членовите на навивачките групи




Резултатите коишто ги добивме од членовите на навивачките групи не само што загрижуваат, туку на некој начин и придонесуваат да размислуваме во насока дали во Р. Македонија има доследна примена на законското решение или Законот е само донесен како еден вид на обврска на нашата земја и ништо повеќе од тоа. Имено, само 10% од навивачите одговориле позитивно, односно одговориле дека веруваат во постоењето на редовна комуникација на релација клуб – навивачки групи. Најголем дел од нив или 52% се изјасниле дека постои инцидентна т.е. парцијална соработка и комуникација, додека пак 38% дале одговор дека во Р. Македонија воопшто не постои комуникација на релација клуб – навивачки групи. Одговорите на оваа целна група треба да имаат условно речено „поголема тежина“ кога зборуваме конкретно за ова прашање, од едноставна причина што тие се директни учесници на тие координации т.е. комуникации и истите можат и непосредно сведочат дали постои таков вид на соработка или зборуваме за одредба која во Р. Македонија воопшто не се применува или се применува парцијално. Без учество на навивачките групи, без нивна соодветна координација, без континуирана комуникација и соработка не можеме да се надеваме и

да очекуваме дека законското решение може и ќе се спроведе во целост. Навивачите се составен дел како од проблемот така и од решението на истиот и затоа кон нив т.е. кон таа страна треба да се гледа како на еднаков партнер во процесот на обезбедување на целосна имплементација на законското решение.

Во поглед на зголемувањето на степенот на превенција, односно во насока на обезбедување на поголеми можности за превентивно делување, улогата на навивачките групи е голема. За таа цел сметаме дека едукацијата на навивачките групи е значителен чекор напред што ние како држава треба да го преземе со цел да ги намалиме можностите за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Во тој контекст сакаме да ги прикажеме податоците кои се однесуваат на подготвеноста на навивачите да бидат дел од некоја едукативна програма, како и за шансите таа програма да опстои и да произведе некои позитивни резултати т.е. трендови.

**Графикон бр. 7.18. –** Графички приказ за размислувањето на навивачите за учество во одредени едукативни програми




Резултатите коишто ги добивме како одговор од страна на припадниците на навивачките групи во поглед на обезбедување на соодветни едукативни програми и учење на навивачите за правилно навивање, очигледно од ставовите коишто ги приложиле навивачите како одговор на поставеното прашање, може да претставуваат дел од некоја идна криминална политика кога е во прашање преземањето на одредени чекори во насока на подигнување на степенот на превенција, посебно кај навивачките групи. Фактот што дури 75% од навивачите одговориле дека навивачите треба да

добијат соодветна едукација, претпоставуваме дека размислуваат позитивно во однос на овој чекор и на оваа идеја за обезбедување на одредена обука (програма) за зголемување на нивото на едукација и начинот како да навиваат. Овој резултат претставува доволен индикатор за официјалните т.е. за надлежните власти да го земат предвид овој став на навивачките групи и да размислуваат во насока на обезбедување на соодветни начини за подигнување на степенот на едукација, а со самото тоа и за зголемување на можностите за превентивно делување.

Важно за ова истражување е и можноста да се влијае во процесот на намалување на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, а тоа намалување да се одвива преку процес на соработка т.е. на одржување на редовна комуникација на релација клуб – навивачи – полиција. За таа цел сакаме да ги презентираме и податоците т.е. резултатите до кои дојдовме по однос на ова прашање, а кои како размислување произлегуваат од страна на навивачите.

**Графикон бр.7.19. -** Графички приказ на одговорите на навивачите во однос на потребата од постоење на редовна комуникација на релација клуб – навивачи – полиција




Резултатите кои ги добивме по однос на ова прашање од навивачите на некој начин не изненадија. Имено, кај пошироката јавност е застапено мислењето дека навивачите се тие коишто ги одбиваат сите предлози за соработка, за комуникација и за координирано постапување во насока на решавање на одредени отворени прашања и проблеми кои може да произлезат како резултат на појавата на насилство и недостојно

однесување на спортските натпревари. Но, фактот што 81% од навивачите одговориле дека една редовна комуникација на релација клуб – навивачи – полиција може да придонесе кон процесот на зголемување на степенот на свесност за штетноста на појавата, а во исто време може да влијае во насока на разменување на идеи и мислења и заедничко настапување по однос на одредени отворени прашања, претставува одговор т.е. мислење кое не треба да биде занемарено. Напротив, треба да се размислува во насока на поттикнување на оваа комуникација и соработка со цел да се превенира самата појава и да се намалат штетните последици.

Во делот на презентација на резултатите од истражувањето ќе ги пренесеме и податоците што ги добивме од анкетираните навивачи и граѓани, кои се однесуваат на причините за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

**Графикон 7.20. –** Графички приказ на причините за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари – навивачки групи




Резултатите кои ги гледаме во графикон 7.20. сликовито ни потврдуваат дека доминира т.н. политички корпус на прашања т.е. на причини за појава на насилството и недостојното однесување на спортските терени. Без разлика дали станува збор за директното политичко влијание врз навивачките групи со најголема вредност од 29%

или пак дали станува збор за етничката поделеност што во основа е и политичка карактеристика на едно општество, како и политичката култура која се негува во државата се перципираат од страна на навивачите како најголеми причини за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

**Графикон 7.21. -** Графички приказ на причините за појава на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари – анкетирани граѓани




Вредностите кај анкетираните граѓани генерално се слични со вредностите т.е. со резултатите коишто ги добивме кај навивачките групи. И кај оваа анкетирана група доминираат или со најголеми вредности се т.н. политички прашања т.е. политички мотиви како причини за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Дополнително, што сакаме да издвоиме како вредност која ни се јавува кај оваа група на анкетирани лица е што 17% од нив сметаат или се одлучиле за лошата економска состојба како причина за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Формирањето на посебна полициска единица чиј делокруг на работа би бил насилството и недостојното однесување на спортските натпревари како прашање го поставивме со цел да ја видиме реакција, како и подготвеноста на анкетираните граѓани и членовите на навивачките групи. Првенствено целта ни беше да дојдеме до

податоци кои се однесуваат на тоа дали македонските граѓани сметаат дека е потребна таква посебна полициска единица која би се занимавала со решавање на овој проблем. Исто така, имајќи предвид дека навивачките групи непосредно се соочени со работата на постоечките полициски единици коишто можеби „најдобро“ се запознаени со нивната подготвеност, професионална подготвеност да реагираат во ситуациите на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари сметавме дека е корисно во насока на креирање на некои нови превентивни мерки, но и во насока на креирање на конкретни активности за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, да го дознаеме мислењето на овие две групи на испитаници.

**Графикон 7.22. –** Графички приказ на одговорите за потребата од постоење на посебна полициска единица – навивачки групи




Најголем дел од испитаниците или 42% помеѓу членовите на навивачките групи се изјасниле дека во Р. Македонија нема потреба од формирање на посебна полициска единица која би се занимавала само со проблематиката поврзана со насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Напротив, исто така значителен дел или 36% од навивачите сметаат дека е потребно постоечките полициски единици да се реформираат, да се дообучат и да се приспособат на новите потреби кои

произлегуваат од работа при појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Само 22% дале одговор дека е потребно постоење на посебна полициска единица чијшто единствен делокруг на работа е насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

**Графикон 7.23. –** Графички приказ на потребата од посебна полициска единица – граѓани




За разлика од навивачите, анкетираните граѓани т.е. најголемиот дел од нив или 49% сметаат дека во Р. Македонија треба да има посебна полициска единица која ќе придонесе кон превенирање и намалување на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Значително помал дел од испитаниците помеѓу анкетираните граѓани или 20% од нив сметаат дека во Р. Македонија треба да се „интервенира“ кај постоечките полициски единици и истите да се надградат, реформираат и дообучат. Останатиот дел или 31% од граѓаните излегуваат со став дека во Р. Македонија нема потреба од посебна полициска единица, бидејќи динамиката на спортски настани не е значителна и постоечките капацитети можат да се справат со оваа појава.

Од претходно изнесените податоци, од одговорите до коишто дојдовме во текот на анкетирањето на трите целни групи, студијата на случај, како и анализата на судските пресуди кои се однесуваа на кривичното дело насилство на спортските

натпревари, доаѓаме до ситуација да потврдиме дека генералната хипотеза на ова наше истражување во основа е докажана.

Преку анализата на добиените одговори по однос на одредени прашања содржани во анкетните прашалници, исто така, дојдовме до момент преку којшто и најголемиот дел од поединечните хипотези како такви успеавме да ги докажеме. Фактот што поединечните хипотези според добиените одговори можеме да ги „затвориме“ и да ги дефинираме како докажани и потврдени, аналогно на тоа и генералната хипотеза заклучуваме дека ја докажавме.

Притоа, сакаме уште еднаш да го потенцираме фактот дека истражувањето не значи дека не содржи одредени пропусти за кои сме подготвени да дискутираме со цел и во насока истите да ги коригираме како такви. Преку постоењето на овој труд сакаме да придонесеме во рамките на нашите можности еден научен „производ“ којшто во иднина ќе биде задолжително четиво и нужно „средство“ во процесот на организација на еден спортски натпревар, како и во процесите кои се однесуваат на креирање на нови криминални политики кои ќе се однесуваат на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

### 3. Заклучоци

Донесувањето на одредени заклучоци кои како такви произлегуваат од целокупноста на трудот, како и од резултатите добиени од истражувањето, можеме да го гледаме како еден повеќестран процес. Велиме повеќестран процес од едноставна причина што сметаме дека заклучоците кои се наметнуваат од трудот не можеме да ги ограничиме во полето на една научна дисциплина, туку истите сами по себе имаат одреден мултудисциплинарен карактер.

Пред да преминеме кон излагањето на заклучоците до коишто дојдовме како резултат на нашата истражувачка работа со помош на методите и техниките коишто ги користевме во тој процес, сакаме во овој заклучен дел да презентираме една динстинкција на недостојното однесување со насилството како феномен. Иако во трудот на многу места и во многу наврати го споменуваме насилството и недостојното однесување на спортските натпревари заедно, односно условно кажано како единствен поим и феномен, сепак треба да потенцираме дека постои разлика и дека постојат одредени карактеристики коишто овие два поими ги прават различни. Го потенцираме овој момент од причина што македонското законско решение коешто ја регулира оваа

проблематика има пристапено кон еден вид на површно или подобро речено основно презентирање на разликите помеѓу насилството и недостојното однесување на спортските натпревари како два поими коишто во законското решение се инкорпорирани како целина. Така, кога зборуваме за недостојно однесување треба да знаеме дека зборуваме за поведение кое отстапува од општоприфатените правила и норми на однесување. Притоа, треба да имаме предвид дека со тоа остапување не секогаш се врши и повреда на одредена казнено-правна норма, што пак како последица има сторување на одредено кривично дело. Напротив, кога зборуваме за недостојно однесување на спортските натпревари, првенствено тука се подразбираат поведенија преку кои се врши уништување на јавен и приватен имот, полесно нарушување на јавниот ред и мир, загрозување на општата сигурност (употреба на пиротехнички средства внатре во спортскиот објект), злоупотреба на забранети средства внатре во спортскиот објект (алкохол, дрога, пиротехника) и поведение со кое се попречува одигрувањето на еден спортски натпревар[297].

Во основа како прв заклучок што сакаме да го презентираме во завршните одредби на трудот се однесува и е поврзан, односно произлегува од нормативната рамка во поширока смисла којашто го определува, односно којашто го дефинира насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Фактот што македонските правосудни органи во периодот што нам ни беше предмет на интерес донеле т.е. правосилно завршиле само и единствено три судски пресуди поврзани со кривичното дело насилство и недостојно однесување. Овој факт ја отвора дилемата која се однесува на прашањето кој затајува во процесот на имплементација на законското решение. Дали е во прашање непостоење на соработка на официјалните органи (полицијата, обвинителството и судството) или пак станува збор за непознавање на суштинските одредби на законското решение кое нè носи во една ваква состојба. Точен е фактот дека во Р. Македонија нема некоја изразена динамика на спортски настани, но во периодот којшто нам ни беше предмет на истражување имаше многу повеќе од пет настани коишто можеа да бидат подведени под кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Инцидентниот т.е. повремен пристап кон проблемот го презентираме како втор заклучок. Имено, на законското решение со кое се определува насилството и

[297] Jugovic, Aleksandar., *Zapisi iz anomije – ogledi iz nauke o drustvenim devijacijama,* Institut za kriminoloska i socioloska istrazivanja, Beograd, 2014, str. 107

недостојното однесување на спортските натпревари ние како општество се занимаваме и му посветуваме внимание само кога ќе настане некој посериозен проблем и кога ќе се случи одреден инцидент којшто ќе предизвика одредени негативни и штетни последици. Таков беше случајот по инцидентот[298] во Скопје помеѓу фудбалските екипи на „Вардар“ и на „Пелистер“ каде што јавниот ред и мир беше нарушен со повеќе дејствија, но и во повеќе наврати. По овој настан се организираа трибини, конференции, советувања коишто повеќе од сигурно требаше да имаат одреден континуитет за да не дојде до тој настан и истиот да не се повтори. Но, реалноста не беше таква. Континуитет не се постигна, а тоа доведе до појава на друг посериозен[299] инцидент во којшто повторно беа вклучени двете фудбалски екипи и нивните навивачи, но овој пат во Битола. Прашањето кое со право си го поставуваме во овој дел е кој и зошто дозволи да се одигра натпреварот во Битола, којшто беше натпревар од висок ризик, а стадионот на само една недела пред натпреварот според изјавата на комесарот за безбедност на ФФМ не ги исполнуваше условите за организација на тој натпревар. И потоа, како по некое непишано правило, нови советувања, тркалезни маси и трибини, но без некој посериозен ефект и значење.

Ги понудивме двата примери со цел да оправдаме заклучокот дека во нашата земја недостига систематски и континуиран пристап кон феноменот на насилство и дека недостига соодветна превентивна политика којашто може да придонесе кон намалување на можностите за појава на ова кривично дело. Притоа, кога велиме соодветна превентивна политика, не мислиме само и единствено на законската превенција која произлегува од самото законско решение кое се однесува на оваа појава, туку на една поширока превентивна рамка којашто опфаќа мултидисциплинарен и мултиинституционален пристап во решавањето на проблемот.

Следен заклучок којшто сакаме да го презентираме е состојбата во којашто се наоѓа спортската инфраструктура во Р. Македонија. Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Р. Македонија се однесува и има важност за територијата на целата држава. Но, она што можеме со

[298] На ден 30.9.2012 година на Арената „Тодор Проески“ беше одигран фудбалски натпревар помеѓу екипите на „Вардар“ и „Пелистер“ којшто од организациски аспект беше проследен со голем број пропусти кои на крајот доведоа до појава на сериозно нарушување на јавниот ред и мир, коешто во одредени случаи премина во манифестација на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари со комплетно исполнување на одредбите од Законот.

[299] На 3.8.2014 година на стадионот во Битола при судир на полицијата со гостинските навивачи „Комити“ беше употребена експлозивна направа којашто придонесе еден од водачите на навивачката група да се здобие со тешки телесни повреди.

сигурност да заклучиме е фактот дека само неколку т.е. само три спортски објекти во нашата држава ги исполнуваат нормите кои како такви се пропишани и се наоѓаат во одредбите на законот. Тие објекти се наоѓаат во Скопје (спортските сали „Борис Трајковски“ и „Јане Сандански“, како и националната арена „Тодор Проески“), со што доаѓаме до заклучок дека ако доследно сакаме да го применуваме законот како држава, но и како спортски федерации и клубови, тогаш натпревари треба да има само и исклучиво во Скопје и тоа во претходно наведените спортски објекти. Секое организирање на натпревар, посебно од зголемен ризик надвор од територијата на Скопје, претставува потенцијално загрозување на безбедноста, како на непосредните учесници на натпреварот (играчи, судии, стручен штаб и други официјални лица), но и на посредните учесници (во прв ред навивачките групи, но и обичните гледачи).

Непрофесионалниот пристап на спортските клубови, но и на спортските федерации во процесот на донесување на одлуки и назначување на лица коишто треба да ја вршат улогата на комесари за безбедност, е една од точките на овој заклучок. Постои одредена воспоставена пракса којашто спортските клубови во Р. Македонија ја применуваат, а соодветните спортски федерации не ја санкционираат, која во основа се однесува на персоналните решенија кои ги назначуваат за комесари за безбедност. Ако го имаме предвид законското решение коешто во своите одредби отстапува соодветен простор и за улогата на комесарот за безбедност, како и за неговото значење во процесот на изготвување на план за обезбедување на некој конкретен натпревар, пристапот на клубовите во најмала рака е несериозен и во основа непрофесионален. Законодавецот со фактот што му определил одредена сериозна улога на комесарот за безбедност, тогаш и клубовите и спортските федерации мораат да пристапат посериозно во процесот на назначување на лице кое ќе ја има улогата на комесар за безбедност. Не може и не смее да продолжи праксата како комесари за безбедност да се назначуваат лица коишто немаат минимално познавање за одредени безбедносни прашања директно поврзани со организацијата на еден натпревар. Дополнително, недопустливо е комесарот за безбедност да биде лице коешто е дел од потесната структура на навивачката група, бидејќи во крајна линија и неговиот пристап кон членовите на навивачката група нема да биде објективен и ќе подлежи на одредени притисоци кои ќе произведат одредени отстапки во фазата на организација на еден спортски натпревар.

Истражувањето на криминолошките карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари нè донесоа до заклучок дека припадноста на различни етнички заедници, како и споделување на различни културни вредности имаат одредено влијание во процесот на предизвикување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Фактот што Р. Македонија е мултиетничка, мултинационална и мултиконфесионална земја, дополнително влијае во насока на зголемување на причините за појава на насилство и недостојно однесување. Во одредени примери коишто беа наведени во трудот имавме можност да забележиме дека разликите врз база на вера, но и разликите кои произлегуваат од припадноста кон одредена национална група, биле директна причина и повод за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Политичката (зло)употреба на навивачките групи е исто така еден од заклучоците што сакаме да го презентираме. Низ страниците на трудот понудивме одредени примери коишто се однесуваа на директната употреба на навивачките групи за реализација на одредени политички цели. Во продолжение го потенцираме фактот дека насекаде во светот, посебно во Европа (Западна и Источна) не постои навивачка група која на еден или на друг начин не е поврзана со одредена политичка партија или со одредено политичко (идеолошко) движење. Во обидот за редуцирање на политичкото влијание врз навивачките групи треба сите ние како општество да придонесеме, секој во своето поле на активност, и тоа во насока на намалување на причините за поврзување на навивачките групи со политичките партии.

Студијата на случај ни потврди дека натпреварите кои се определени како натпревари со зголемен ризик претставуваат настани на коишто многу повеќе може да се очекува појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Натпреварите со зголемен ризик се натпревари кои по правило мобилизираат голем број луѓе (навивачи) на еден спортски натпревар, а со тоа директно се влијае во насока на зголемување на потенцијалот за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Заклучоците кои се однесуваат на криминалистичките карактеристики на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, во основа ни потврдуваат дека начинот на извршување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари не мора секогаш да биде со примена на физичко насилство,

туку истото може да биде исполнето преку вербален напад. Во основа реализацијата на насилството на спортските натпревари е со директна примена на физичка сила кон поединец или кон поголема група.

Како сторители на насилство на спортските натпревари се јавуваат лица од различна социјална, образовна и културна средина, лица кои немаат, односно не треба да исполнуваат некои посебни специфични знаења кои би биле неопходно за извршување на делото. Најчести сторители на насилство и недостојно однесување се припадниците на навивачките групи, но постојат и примери каде како сторители на делото се јавуваат и учесниците на спортскиот натпревар (играчи или членови на стручен штаб), но и дел од гледачите коишто се затекнале на спортскиот натпревар, а кои претходно не биле, односно не се припадници на некоја навивачка група. Како жртви од насилството и недостојното однесување на спортските натпревари може да се јават поединци или групи на лица припадници на навивачки групи најчесто или одредени лица коишто се дел од т.н. обична публика. Но, во исто време улогата на жртва на еден спортски натпревар може да им „припадне“ и на припадниците на органите на редот т.е. на полициските службеници, како и на членовите на спортските екипи коишто се директни учесници на еден спортски натпревар, а аналогно на тоа и официјалните лица на еден спортски натпревар т.е. судиите, делегатите, контролорите и комесарите за безбедност имаат во себе потенцијал да се најдат во позиција да бидат жртви на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Што се однесува до криминалната ситуација во која се извршува насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, од примерите коишто ги анализиравме, но и од анкетните прашалници коишто ги спроведовме помеѓу три целни групи, заклучуваме дека делото доминантно се врши во градски средини, локацијата најчесто е поврзана со спортскиот објект или неговата непосредна околина каде што се игра одреден спортски натпревар, а времето на „реализација“ на насилството на спортските натпревари е во директна корелација со времето на одигрување на спортските натпревари и тоа непосредно пред одигрување на натпреварот, за време на натпреварот или по неговото завршување.

Последен, но не и помалку важен заклучок е различниот пристап кон насилството и недостојното однесување на трите целни групи коишто ги анкетиравме

по однос на едно исто прашање. Имено, како што можевме да забележиме, различните групи на испитаници за одредени прашања имаа и различни одговори, што е очекувано како резултат од едноставна причина што секоја од трите групи т.е. секој од членовите на трите анкетирани групи си има различен систем на вредности и различни приоритетни позиции т.е. прашања. Но, различниот пристап не треба да го доживуваме како недостаток во ова наше истражување. Напротив, таа разлика во мислењата треба да биде база на формирањето на некоја идна криминална политика со којашто официјалните или подобро кажано надлежните власти ќе се впуштат во процес на превенирање и решавање на овој феномен.

**4. Предлози**

Првата интервенција на патот за подобрување на превентивниот пристап сметаме дека треба да биде интервенцијата во Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. До овој заклучок доаѓаме првенствено заради резултатите коишто ги добивме од трите целни групи на испитаници коишто одговараа на прашања поврзани со законското решение. Имено, не е добро и секогаш полезно т.е. корисно да се препишуваат законски текстови од трети земји, без притоа да се води сметка за целокупните општествено-економски услови и можности за имплементација на едно такво законско решение. Имаме чувство дека македонското законско решение не претставува ништо друго туку само еден вид на правна трансплантација на веќе постоечки законски решенија во други земји, без притоа да се внимава на можностите за оперативна имплементација и употреба на одредбите од Законот. Токму во таа насока го нудиме нашиот прв предлог којшто се однесува на интервенција во законското решение и донесување на нов или изменување и дополнување на постоечкото законско решение, сè со цел да се зачуваат актуелните услови во нашата земја, односно со цел законското решение во реалниот живот да може да се спроведе, а не како досега да имаме законско решение коешто реално не содејствува со условите коишто владеат во Р. Македонија. Во делот на предлозите што ги нудиме, а кои се однесуваат на законското решение, сакаме да ја нагласиме потребата од воспоставување на правна рамка која ќе обезбеди спроведување на позитивната европска правна пракса за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Исто така, во овој контекст е потребно правното решение да биде одржливо и применливо, односно секоја негова правна норма да може да биде спроведена и доследно имплементирано во реалниот живот. Овој чекор за да

биде успешен е неопходно при неговото создавање да се согледаат, анализираат и објективно да се оценат државните капацитети, како и подготвеноста на спортските федерации и спортските клубови. Правното решение мора да биде отворено за ревизија и надополнување т.е. хармонизирање со европските правила, норми и стандарди кои се однесуваат на оваа проблематика.

Дополнително, спортските клубови треба многу повеќе да работат во насока на подигнување на степенот на свесност за безбедноста и за последиците коишто можат да настанат од одредени намерни или ненамерни пропусти коишто тие ги имаат. Имено, сите знаеме како функционираат спортските клубови во Р. Македонија и дека најголем дел од нив се во сопственост на државата т.е. во сопственост на општините каде што припаѓаат. Ваквиот пристап кон спортот во најмала рака е неодговорен, краткорочен и во основа е неефикасен. Спортските клубови доколку се професионализираат во еден сегмент (пример во спортскиот дел) тогаш тој процес на професионализација треба да биде зачуван и во организацискиот дел на клубот. Конкретно, не можеме да зборуваме за професионален клуб само ако истиот тој клуб навремено ги исполнува обврските кон играчите, туку тогаш кога тој клуб ќе посветува внимание и на организациските аспекти и ќе пристапи и кон овие прашања одговорно и со целосно внимание. Имено, клубовите мора да посветуваат сериозно внимание на процесот на назначување т.е. избор на комесар за безбедност, една од најважните функции во еден клуб. Притоа, спортските клубови во Р. Македонија треба да имаат интенција на постепено напуштање на принципот на назначување на комесар за безбедност кој е член на навивачката група, бидејќи на тој начин не придонесуваат кон еден професионален пристап во процесот на организирање на еден спортски натпревар. Во таа насока клубовите треба да ги подигнат критериумите за избор на комесар за безбедност и таа процедура мора да биде подигната на едно повисоко, поофицијално ниво кое ќе оневозможува избор на лице кое не исполнува ниту минимални услови за успешно вршење на таа функција.

Пристапот на припадниците на МВР кон оваа појава е исто така прашање што заслужува внимание. Наш предлог преку овој труд е потребата да се работи посериозно со лицата коишто се директно вклучени во обезбедување на еден спортски натпревар. Ако како земја не сме во позиција и состојба да формираме посебни полициски единици кои само и исклучиво ќе се занимаваат со феноменот на насилство и недостојно однесување, тогаш од постоечкиот состав треба да бидат регрутирани

најспособните лица коишто би можеле да се справат со предизвиците кои произлегуваат од обезбедување на еден натпревар. Од студијата на случај којашто ја имавме во трудот, а која се однесуваше на натпреварот Пелистер – Вардар одигран во Битола во 2014 година, видовме дека во планот за обезбедување на натпреварот биле вклучени и полициски службеници од Крушево коишто немале никакво искуство со таков вид организација и обезбедување на еден натпревар. Полициските службеници коишто би биле вклучени во процесот на обезбедување на еден натпревар треба да имаат минимални познавања за навивачките групи, за однесувањето на навивачите, за пристапот кон нив, треба да знаат дека секогаш репресијата не е најдобро решение, а дополнително на тоа треба и мора да бидат запознаени и со одредбите од Законот со што ќе дојдат во позиција да не ги пречекоруваат своите надлежности т.е. права и обврски.

Државата заедно со спортските федерации треба директно да се вклучат во процесот на обезбедување на соодветна спортска инфраструктура којашто ќе може да ги исполни законските услови и пропозиции за одржување и организирање на еден спортски натпревар. Ако го имаме предвид фактот дека законското решение е национално и важи за целата територија на Р. Македонија, тогаш и соодветни услови треба да имаме насекаде низ земјата, а не да постои концентрација на спортски објекти само во Скопје коишто ќе ги исполнуваат условите. Централистичкиот пристап не е добро решение од повеќе аспекти. Конкретно, инвестирањето само и единствено во Скопје постепено го зголемува и го јакне револтот кај останатите клубови и навивачки групи, револтот и незадоволството можат често пати да предизвикаат состојба на фрустрација, висока вознемиреност и потреба за искажување на револт и емоционално празнење, коешто кога е во прашање овој феномен се сведува на пристапување кон демолирање и оштетување на одреден спортски објект. Состојбата со спортската инфраструктура во нашата земја е прва, но и најголема пречка за непречено спроведување на Законот. Во таа насока примарно сакаме да предложиме одредена политика на национално ниво која ќе се однесува т.е. би се однесувала во насока на изнаоѓање на начини и форми за вложување во спортската инфраструктура во земјата и тој процес на вложување и изградба на нови спортски објекти да не биде фокусиран и насочен исклучиво во Скопје, туку на територијата на цела наша држава. Инвестицијата во спортска инфраструктура е значително скап проект и затоа одговорните институции мора да пристапат кон процес на изнаоѓање на начини и

методи како тоа да се оствари. Во таа насока сакаме да го споменеме примерот на соседна Србија, но и на Хрватска. Властите во овие две земји пристапија кон процес на јавно приватно партнерство и успеаа во изминатиов период да целосно да реновираат, а во одредени случаи и да изградат нови спортски објекти (спортски сали и стадиони) коишто работат во текот на целата година и нудат можности за организација не само на спортски настани, туку и на настани од културниот и забавниот живот. Примарно што Р. Македонија треба да направи е да пристапи кон процес на планска обнова, опремување и изградба на спортска инфраструктура со цел постигнување на оптимални резултати во зголемување на степенот на безбедност на сите присутни на еден спортски натпревар. Покрај изградбата на спортски објекти или покрај планската обнова на постоечките спортски објекти, спортските федерации, заедно со спортските клубови, државата и локалните авторитети треба да посветат сериозно внимание и на процесот на воспоставување на современ менаџмент и организација на работата на соодветните спортски објекти. Секој спортски објект, посебно фудбалските стадиони и спортските сали со себе носат и големи трошоци кои се однесуваат на нивно одржување. За таа цел е потребно да се размислува и во насока на комерцијализација на овие објекти, со цел истите „сами“ да го оправдаат своето постоење.

Превентивниот пристап треба да биде исто така и мултиинституционален, односно во истиот треба да бидат вклучени сите директно или индиректно засегнати страни и актери со цел да се изнајде и да се определи најдобро можно решение. Конкретно, сакаме да потенцираме дека во процесот на обезбедување на соодветна превентивна политика треба активно учество да земат покрај спортските клубови, федерации, МВР и навивачките групи, но и претставници на ЈО, членови на НВО организации, претставници на локалните самоуправи, како и образовните институции. Дополнително, комуникацијата на релација клуб – навивачи и полиција треба да биде правило, а не исклучок и истата треба да има форма и карактер на редовна обврска, а не истата да важи само за определени натпревари. Комуникацијата на релација клуб – навивачи – полиција е веќе докажана успешна превентивна политика во Германија[300].

[300] Schneider, Thomas: *“Fan-Projekte – Erfahrungen, Anforderungen”*, in: 5 Schriftenreihe der PolizeiFührungsakademie, 3 (1991), 104-113; Ek, Ralf: Hooligans: Fakten, Hintergründe, Analysen, Worms, 1996.

Превенцијата на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари треба да биде на три нивоа и тоа[301]:

1. Примарна превенција – долгорочна активност која подразбира воспоставување и развој на превентивни програми кои дејствуваат во насока на намалување на социјалните причини кои предизвикуваат насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, како и институционална работа (програма) со младите луѓе, се со цел истите како најранлива категорија да ги препознаат негативните последици од појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.
2. Секундарната превенција подразбира реакција на веќе слученото насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, со цел да се ограничи неговото понатамошно штетно дејство, а со тоа и да се намали ризикот за појава на ново насилство. Овој вид на превенција подразбира и вклучување на навивачките групи во процесот и воспоставување на однос на доверба помеѓу навивачите и другите општествени субјекти.
3. Терцијарната превенција подразбира координирани активности на општествените субјекти во процесот на помагање на лицата сторители на насилство и недостојно однесување, со што ќе им се помогне во процесот на нивната ресоцијализација и реинтеграција во системот.

Учеството и улогата на медиумите не смееме да ја заборавиме и да ја потцениме во процесот на креирање на една широка превентивна рамка. Конкретно, улогата на медиумите ја гледаме во можноста преку истите да биде објективно и реално претставена состојбата со феноменот, како и објективно да бидат презентирани целокупните услови коишто се на сила во земјата, а кои директно се однесуваат на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Дополнително, медиумите се важни и од аспект на намалување на степенот на стигматизација на членовите на навивачките групи, што исто така е сериозно прашање на коешто треба да се пристапи соодветно.

---

[301] Nacionalnu strategiju za borbu protiv nasilje i nedolicnog ponasanje na sportskim priredbama za period 2013 – 2018 godine, достапно на: https://www.pravno-informacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/viewdoc?uuid=034bcda0-7010-430d-8da9-2d708953e5f1&regactid=390786&doctype=reg

Преземање на соодветни активности кои ќе бидат во насока на прекинување на конекциите помеѓу политичарите и претставниците на навивачките групи. Оваа активност е многу значајна ако се има предвид дека во Македонија сме сведоци за силно и нагласено влијание на политиката врз навивачките групи. Истите често се користат за промоција на одредени политики, како и за солидна база за презентација на одредена порака којашто во основа има политички карактер. Политичката злоупотреба на навивачите може да оди многу далеку и да предизвика сериозни проблеми коишто потоа многу тешко би можеле да бидат исконтролирани. Конкретно зборуваме за употреба на навивачките групи во процесот на промоција на омраза, понижување и нетолеранција кон други народи, држави, членови на одредени субгрупи и сл.

Континуираната работа со навивачките групи и вложување во нивна едукација. Овој предлог од една страна побарува одредени финансиски средства коишто може да претставуваат сериозна импликација и отежнување на спортските клубови во Р. Македонија, но од друга страна непосредниот и директен пристап на клубовите кон навивачките групи, а посебно ако се обезбеди тој пристап да доживее одреден континуитет и да не биде инцидентен т.е. повремен, тогаш повеќе од сигурно ќе вложи со извесен позитивен резултат. Кога го споменуваме процесот на едукација на припадниците на навивачките групи, сметаме дека тој процес на едукација треба да биде интерактивен, односно да обезбедува и директно учество на членовите на навивачките групи во истиот. Сметаме дека навивачите ќе прифатат да бидат дел од процесот, првенствено заради фактот што ќе бидат ислушани нивните предлози и ќе бидат во позиција да влијаат во процесот на донесување на одредени одлуки од заедничко добро. Дополнително, сметаме дека процесот на едукација посебно треба да биде фокусиран и сконцентриран во образовните програми во средните училишта. Ги потенцираме средните училишта, бидејќи најголемата навивачка база се токму тие. Притоа, не сакаме а прејудицираме дали таа едукација треба да биде содржана во посебен наставно-научен предмет или пак треба да се интервенира во постоечката образовна програма, посебно во предметот Физичко образование. Добро е учениците да можат и да имаат можност навремено да се запознаат со последиците коишто можат да настанат од евентуално извршување на насилство и недостојно однесување, а во исто време е повеќе од корисно ако се сослушаат нивните ставови и мислења по однос на ова прашање.

Едукација на вработените во приватните агенции за обезбедување како мерка во насока на подигнување на степенот на превентивна подготвеност на сите ангажирани институции и субјекти во процесот на организирање на еден спортски натпревар, посебно натпревар со зголемен ризик. Ако имаме предвид дека агенциите за обезбедување се користат од страна на спортските клубови, како и од страна на спортските федерации во процесот на организација на еден спортски натпревар, тогаш треба да размислуваме дека и на работниците кои се дел од агенциите за обезбедување им е потребна соодветна обука и соодветен тренажен процес којшто би им ја олеснил работата во ситуација кога ќе бидат изложени односно ќе бидат дел од еден спортски натпревар. Безбедноста е сериозна работа, посебно обезбедувањето на еден спортски натпревар на којшто се очекува поголемо присуство на гледачи, како и присуство на навивачки групи коишто помеѓу себе имаат нагласено ривалство коешто во одредени ситуации може да биде и најчесто се покажало дека е најголем мотив за предизвикување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Во една таква ситуација на мислење сме дека не е доволна само основната базична подготвеност на припадниците на агенциите за обезбедување и дека истите треба да посетуваат обуки на коишто ќе имаат можност од страна на стручни лица да бидат запознаени првенствено со психологијата[302] на толпата, со начинот на реакција на одредена навивачка група, со методите и начините на комуникација помеѓу овластените лица од агенциите за обезбедување со претставниците на навивачките групи и сл. Фактот што агенциите за обезбедување т.е. вработените во агенциите за обезбедување се лицата кои во одредена реална ситуација и настан имаат (би имале) први контакт со навивачите, многу е важно како истите ќе реагираат и на кој начин ќе ги решаваат евентуалните недоразбирања. Токму заради тој прв контакт и обидот уште на почеток да се превенираат одредени несакани последици кои би можеле да прераснат во посериозни инциденти, сметаме дека вработените во агенциите за обезбедување треба да посетуваат тренинзи и обуки на коишто главен акцент и внимание ќе се посветува на пристапот кон навивачите, на методите коишто на вработените ќе име обезбедат соодветни вештини и техники да можат да превенираат одредена ситуација, да знаат како да ја реализираат комуникацијата и како да не дозволат да дојде до некој посериозен инцидент.

[302] Доревски, Зоран, *Обезбедување – практикум,* Скопје, 2004, стр. 226

Со оглед на фактот што резултатите од истражувањето на трите целни групи ни понудија одредени податоци кои укажуваат првенствено на недостиг на соодветно планирање на активностите од страна на сите вклучени субјекти во процесот на организација на еден спортски натпревар, вклучително на тоа и несоодветно постапување во одредени ситуации и на припадниците на МВР, на мислење сме дека во иднина како држава треба да посветиме поголемо внимание на процесот на планирање. Кога велиме поголемо внимание, во прв ред мислиме на целите коишто сакаме да ги постигнеме со тоа планирање, односно дали ќе пристапуваме кон оваа проблематика од стратешки аспект и да размислуваме за подолг период, или ќе делуваме како и досега и прв интерес ќе ни биде оперативното ниво. Процесот на планирање[303] не треба да биде и да се сведе само на оперативно планирање на одредени ситуации коишто во одреден момент се или ќе бидат актуелни и по завршувањето на тие ситуации, процесот на планирање да биде завршен. Напротив, сметаме дека во иднина сите субјекти кои се активни чинители во организацијата на еден спортски натпревар треба континуирано да ги планираат своите активности, да создадат еден вид на пракса во тоа поле и да можат т.е. да бидат во состојба во секој момент да понудат решение за одредена ситуација. Континуираното планирање претставува солидна основа за предвидување на одредени состојби. Планирањето на организацијата на еден спортски натпревар треба да биде дел од секојдневните активности на сите директни и индиректни субјекти кои учествуваат во организирањето на еден натпревар. Таквиот пристап ќе им овозможи и процес на подобрување и зголемување на меѓусебната комуникација и координација, што пак како краен резултат може да придонесе кон соодветна размена на идеи и искуства потребни за подобро организирање на еден спортски натпревар, а во крајна линија тоа ќе значи и исполнување на мултидисциплинарниот и мултиинституционалниот пристап кон решавање на проблемот со насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Акцентот на нашето истражување повеќе или помалку беше ставен на превентивната политика и превентивните мерки коишто Р. Македонија треба да ги преземе и да ги имплементира во насока на решавање на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Во тој контекст сакаме да ги

[303] Кековиќ, Зоран, Бакревски, Оливер, Стефановски, Стевко, Павловиќ, Славица, *Планирање и процена на ризик во функција на заштита на лица, имот и работење,* Скопје, 2016, стр. 22

споменеме како позитивни искуства одредени заеднички активности (програми) кои се однесуваат како на можноста за соработка на релација полиција – навивачки групи, но и ја разработуваат проблематиката која се однесува на изградбата на нови спортски објекти коишто треба да ги исполнуваат безбедносните критериуми, правила и стандарди со цел да придонесат во насока на подигнување на степенот на безбедност за време на еден спортски натпревар.

Првиот пример на заедничка акција (програма) против појавата на насилство и недостојно однесување е PAFTAH (Police and fans against hooliganism)[304]. Станува збор за програма којашто е активна од 2004 година, финансиски поддржана од Европската комисија, во која влегуваат пет земји и тоа: Бугарија, Австрија, Финска, Романија и Велика Британија. Целта на оваа програма е создавање на материјал за учење преку којшто ќе се настојува да се подобри превентивниот капацитет и превентивните можности во насока на решавање на предизвиците кои произлегуваат од феноменот на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Во заедничка соработка помеѓу навивачките групи, полицијата и редарските служби се изготвуваат соодветни кодекси за работа т.е. за постапување и на тој начин се реализира процесот на учење и на соработка помеѓу засегнатите страни. Знаеме дека Р. Македонија не е полноправна членка на ЕУ и дека не е во позиција да учествува во оваа програма. Но, фактот што влезот во ЕУ ни е стратешка цел како земја, тогаш овој пример можеме да се обидеме на локално ниво да го пресликаме и да го искористиме во насока на подигнување на степенот на превенција.

Втор пример којшто сметаме дека треба да биде спомнат во предлозите од наша страна е CPTED (Crime prevention trough enviormental design)[305]. Оваа програма станува актуелна во 80-тите години од 20 век во процесот на изградба на станбени единици. Но, на почетокот на 21 век програмата доживува своевидна еволуција и истата е прифатена како значајна во процесот на превенирање на одредени негативни – криминални поведенија. Кога сме во полето на спортските натпревари, оваа програма ќе значи или треба да значи дека во изградбата на некој нов спортски објект активно учество треба и мора да земат и лица кои се дел од безбедносниот сектор со цел и тие да придонесат во насока на детално планирање на идниот објект. Таквото планирање на објектот од сите аспекти, па и од аспект на безбедноста ќе придонесе во насока на

[304] www.paftah.net
[305] www.cpted.net

намалување на појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Во Р. Македонија до денес не сме слушнале за пример дека во изградбата на некој нов спортски објект еднакво и активно учество зел некој претставник од безбедносните служби, конкретно од полицијата. Но, тоа не значи дека не треба во иднина да размислуваме во оваа насока, а со тоа и да дејствуваме на начин којшто во Западна Европа е веќе општоприфатен како таков[306].

## Прилози

[306] Имаме повеќе примери за CPTED градење на спортски објекти, а во тој контекст само ќе ја спомeнеме изградбата на спортската сала во германскиот град Мајнхајм, каде што полицијата на изведувачот на градежните работи му предаде точен план и барање за изградба на полициска станица во рамките на спортскиот објект.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ БИТОЛА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОЛИЦИЈА
ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ БИТОЛА

# П Л А Н

*за вонредно оперативно, физичко и сообраќајно обезбедување на фудбалски натпревар помеѓу ФК Пелистер од Битола и ФК Вардар од Скопје на ден 03.08.2014 год.*

01.08.2014 год.

БИТОЛА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ БИТОЛА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОЛИЦИЈА
ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ – БИТОЛА
Бр. ________________
01.08.2014 година
БИТОЛА

Врз основа на чл.206 од Правилникот за начинот на вршење на полициските работи („Сл.весник на Р.Македонија" бр.14/07 и 110/11), а во врска со писменото известување бр. 30.5.1/ од 0.08.2014 год. од ФК Пелистер од Битола, за одигрување на фудбалски натпревар во рамките на Првата македонска фудбалска лига, помеѓу екипите на ФК Пелистер од Битола и ФК Вардар од Скопје, на ден 03.08.2014 год. со почеток во 17,30 часот, во Битола, каде се очекува присуство од околу 4000 гледачи се изготвува следниот:

# П Л А Н

*за вонредно оперативно, физичко и сообраќајно обезбедување на фудбалски натпревар*

## 1. ОДГОВОРЕН ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈРМ И НЕГОВИ ПОМОШНИЦИ

За одговорен полициски службеник за одржување на ЈРМ на фудбалскиот натпревар се одредува Началникот на одделението за полиција при СВР Битола Зоран Дуковски, со позивен знак Радика 101.

За негов помошник од ЈРМ се одредува Командирот на ПС од ОН Битола Иван Блажевски, со позивен знак Радика 110.

За негов помошник од БПС се одредува Командирот на ПС за БПС Битола Роберт Тошевски, со позивен знак Радика 250.

За негов помошник од криминалистички работи се одредува Началникот на ОКП Благојче Крстевски, со позивен знак Радика

Одговорен полициски службеник на Посебните единици на полиција ќе биде

## 2. БЕЗБЕДНОСНА ПРОЦЕНКА

Безбедносната состојба на подрачјето на ПС од ОН Битола во изминатиот период се оценува како поволна и стабилна, без најави за настани кои би можеле да ја дестабилизираат или загрозат целокупната безбедносна состојба.

Според добиеното известување бр.30.5.1/ од 0.08.2014 год. од ФК „Пелистер" од Битола, на ден 03.08.2014 год. со почеток во 17.00 часот на градскиот стадион „Под Тумбе Кафе" во Битола, ќе се одигра одложениот фудбалски натпревар во рамките на Првата македонска фудбалска лига, помеѓу екипите на ФК „Пелистер" од Битола и ФК „Вардар" од Скопје.

Со тел.бр.153 од 28.02.2014 год. од ПС од ОН Центар, сме известени дека ќе има организирано патување со автобуси, на навивачи од навивачката група „Комити" од Скопје, која ќе брои околу 500 навивачи.

Според известувањето бр.2001-167-5/1 од 31.07.2014 год. на Комисијата за безбедност на Фудбалската федерација на Р.Македонија, натпреварот е прогласен за натпревар од зголемен ризик.

Натпреварот традиционално претставува дерби на два искусни и реномирани фудбалски клубови, со голем ривалитет помеѓу екипите, како и нивните навивачки групи „Чкембари“ и „Комити“. Како причината за зголем ризик се и случувањата на натпреварот помеѓу двете екипи на 30.09.2012 год. во Скопје, каде повеќе пати јавниот ред и мир беше нарушен во поголем обем.

Во врска со натпреварот, од наша страна извршени се оперативни проверки. При извршените проверки на социјалните интернет мрежи е констатирано дека нема најави од ниту една навивачка група за поголеми нарушување на јавниот ред и мир Исто така овој факт го потврдува и последното гостување на навивачката група Чкембари во Скопје каде што првенствениот натпревар помеѓу екипите на ФК Вардар и ФК Пелистер заврши без инциденти со фер и корекно навивање.

Во севкупната организација вклучени се и членови на навивачката група „Чкембари“ од постарата генерација. кои во последно време беа пасивни. .

За утврдување на целосната безбедносна проценка одржан е состанок на кој присуствуваа претставници од СВР Битола-Одделение за полиција, ПС од ОН Битола, ФК Пелистер, агенцијата за обезбедување „Перпетимобиле“ Битола, заради добра организација со која ќе се минимизираат можностите од инциденти, секој одговарајќи согласно Законот за спречување на насилството и недоличното однесување на спортските натпревари.

Стапено е во контакт со службата за итна медицинска помош и противпожарната единица од Битола, заради присуство на нивни екипи на натпреварот.

## 2. МЕРКИ И ЗАДАЧИ ОД ОРГАНИЗАЦИСКА ПРИРОДА

СВР Битола ги презема соодветните мерки за нормално одигрување на натпреварот, каде се очекува присуство на голем број на гледачи.

Со цел да се овозможи безбедност на граѓаните и нормално одигрување на фудбалскиот натпревар, ќе се зголеми присуството на полициски службеници, заради благовремено откривање и спречување на активности со кои може да се загрози личната сигурност и имотот на граѓаните. Во таа смисла пред, за време и после одржувањето на натпреварот, полициските службеници ќе го интензивираат преземањето на активности и мерки од полициските овластувања.

Одговорниот на обезбедувањето е должен да биди во постојана комуникација со делегатот на натпреварот, комесарот за безбедност, редарската служба од агенцијата за обезбедување „Перпетумобиле“, како би се одржала стабилна и добра безбедносна состојба , обезбедување на службените лица и др.

Врз основа на безбедносната проценка се изготвува план за обезбедување и овозможување на негова практична примена и реализирање.

За физичкото обезбедување се планираат _____ полициски службеници во униформа и ____ полициски службеници во цивилна облека, кои ќе бидат соодветно распоредени.

## II СЕКТОР - НАДВОРЕШНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ (ЈУГ)

**Одговорен:** Гоце Златковски Радика 111

*I потсектор влез бр.1*

Полициските службеници ангажирани во овој потсектор, ќе имаат задача да вршат преглед на лица, кај кои ќе се посомневаат дека со себе носат огнено или ладно оружје, предмети погодни за напад, пиротехнички средства, како и да спречат влез на пијани лица.

Одговорен: ________________________________ Радика _____

1. ______________________________ 2. ______________________________

3. ______________________________ 4. ______________________________

*II потсектор влез бр.2*

Полициските службеници ангажирани во овој потсектор, ќе имаат задача да вршат преглед на лица, кај кои ќе се посомневаат дека со себе носат огнено или ладно оружје, предмети погодни за напад, пиротехнички средства, како и да спречат влез на пијани лица.

Одговорен: ________________________________ Радика _____

1. ______________________________ 2. ______________________________

3. ______________________________ 4. ______________________________

*III потсектор асфлатен пат зад јужната трибина*

Одговорен: ______________________ позивен знак ______________

со 20 УПС од ПС од ОН Крушево **(10 УПС од ПС од ОН Ресен и 10 УПС од ПС од ОН Демир Хисар)**

III СЕКТОР - НАДВОРЕШНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ (СЕВЕР)

Одговорен: Горан Соколовски Радика
Зам.одговорен: Ките Трајковски Радика

*I потсектор помошно игралиште*

Одговорен: ______________________ позивен знак ______________

со 30 УПС од ПС од ОН Прилеп

*II потсектор главен влез на шеталиште*

Одговорен: ______________________ позивен знак ______________

со 15 УПС од ПС од ОН Ресен **(15 УПС ПС од ОН Прилеп)**

*III потсектор од главен влез на шеталиште спрема ресторан „Император"*

Одговорен: ______________________ позивен знак ______________

со 11 УПС од ПС од ОН Демир Хисар **(20 УПС од ПС од ОН Крушево) +15 УПС од ПС од ОН Прилеп**

*IV потсектор пред ресторан „Император", влез на патеката спрема северната трибина*

Одговорен: ______________________ позивен знак ______________

со 10 УПС од ПС од ОН Македонски Брод (

IV СЕКТОР – ВНАТРЕШНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

**Одговорен:** Иван Блажевски Радика 110

***I потсектор Јужна трибина (Чкембари)***

Полициските службеници ангажирани во овој потсектор, ќе имаат задача да вршат преглед на лица, со цел пронаоѓање на огнено или ладно оружје, предмети погодни за напад, пиротехнички средства, како и да спречат влез на пијани лица.

Исто ќе имаат за задача да спречат нарушување на ЈРМ, фрлање на предмети во стадионот, како и да не дозволат организирано излегување на навивачите Чкембари.

**Одговорен:** Зоран Климевски Радика 10
со 30 УПС од ПЕП Битола

***II потсектор северна трибина***

Полициските службеници ангажирани во овој потсектор, ќе имаат задача да вршат преглед на лица, кај кои ќе се посомневаат дека со себе носат огнено или ладно оружје, предмети погодни за напад, пиротехнички средства, како и да спречат влез на пијани лица.

Исто ќе имаат за задача да спречат нарушување на ЈРМ, фрлање на предмети во стадионот, како и да не дозволат организирано излегување на навивачите Комити.

**Одговорен:** Киро Јосифоски Радика 20
со 30 УПС од ПЕП Прилеп

- тераса и бифе

1. Магдалена Димитровска 2. Дејан Цветаноски

***III потсектор атлетска патека пред јужна трибина***

**Одговорен:** Роберт Тошевски Радика 112
со 30 УПС од ПС од ОН Битола

***IV потсектор атлетска патека пред северна трибина***

**Одговорен:** Радика 104
**Зам.одговорен:**
со 30 УПС од ПС од ОН Битола

VI СЕКТОР – ИНТЕРВЕНТНИ ВОДОВИ

Полициските службеници ангажирани во овој сектор, ќе имаат задача да спречат нарушување на ЈРМ и воспоставување на евентуално нарушениот ЈРМ.

Одговорен: ______________________ Делта ______

I вод внатрешен дел спрема олимписки базен

II вод внатрешен дел спрема помошно игралиште и надворешен дел на делот од главниот влез во стадионот на шеталиштето и помошното игралиште

III вод надворешен дел влез за гостински навивачи, паркингот и делот пред ресторанот „Император"

IV вод прифаќање на гостинската навивачка група „Комити" и нивно обезбедување до влегување на трибината

**VII СЕКТОР ПАТРОЛИ**

**Превентивно покривање на подрачјето со патроли од ОКП,ке започне во 14.00 часот со следните задачи.**

**I патрола** Радика ______

Следење на безбедносната состојба и собирање на групи заради нарушување на ЈРМ во возвишенијата пред населба Стрелиште, правецот на движење бр.2;3;4

1. ______________________ 2. ______________________

**II патрола** Радика ______

Следење на безбедносната состојба и собирање на групи заради нарушување на ЈРМ во Нова Битола, правецот на движење бр.1

1. ______________________ 2. ______________________

**III патрола** Радика ______

Следење на безбедносната состојба и собирање на групи заради нарушување на ЈРМ во „Гени Маале" и почетокот на нас.„Боримечка", правецот на движење бр.2

1. ______________________ 2. ______________________

**IV патрола** Радика ______

Следење на безбедносната состојба и собирање на групи заради нарушување на ЈРМ на ул.Партизанска (во близина на угостителските објекти на шеталиштето) и ул.Македонска Фаланга

1. ______________________ 2. ______________________

Подрачјето на ПС од ОН Битола ќе биде покриено и со 6 патролни тимови составени од полициски службеници од ОКП.

**ПРАВЦИ НА ДВИЖЕЊЕ НА НАВИВАЧКАТА ГРУПА „КОМИТИ"**

IV вод од ЕБР, со полицискиски службеници од ПС за БПС Битола, ќе извршат прифаќање на навивачката група „Комити", во близина на с.Тополчани и ќе ја обезбедуваат до влегување во стадионот, по следните можни правци:

1. магистрален пат А3 Прилеп – Охрид, ул.Довлеџик, Васко Карангелевски, Партизанска и Македонска фаланга;
2. ул.Прилепска, Индустриска (Градско поле), Македонска фаланга
3. ул.Прилепска, Железничка, Македонска фаланга
4. ул.Прилепска, 4-ти Ноември, Партизанска, Македонска фаланга

Од наша страна ќе бидат следени активностите од крим.техничари ______________________________________________________________
______________________, со што ќе се прави видео запис за случувањата.

Помошниците на одговорниот полициски службеник за обезбедување на ЈРМ и одговорните полициски службеници по реони и делници ангажирани во обезбедувањето ќе бидат запознати со планот и со нивните конкретни работни задачи во 14.00 часот во просториите на СВР Битола.

Полициските службеници ангажирани по реони и делници од страна на одговорните на реони и делници ќе бидат запознати во 15.00 часот на градскиот стадион во Битола.

Полициските службеници ангажирани во обезбедувањето да бидат облечени во работна униформа, опремени со лично вооружување, гумена палка, средства за врзување, заштитен шлем и маска.

Полициските службеници од ПЕП ќе бидат облечени во маскирна униформа, со комплет опрема за јавен ред и мир.

За време на обезбедувањето одговорниот на обезбедувањето ке биде во постојана комуникација со одговорниот на противпожарната служба,службата за итна медицинска помош,редарската служба кои ке бидат ангажирани за време на обезбедувањето и ке бидат поставени во внатрешна страна од стадионот на талетската патека.

Интервентните возила за приведување на лица ке бидат поставени едно на надворешната страна од градскиот стадион а другото интервентно возило ке биде внатре на атлетскатат патека.Доколку има лица кои ке бидат приведени истите ке бидат однесени во ПС од ОН Битола за нивна понатамошна работа со истите.

**Полициски службеници кои ќе работат со лицата кои се приведени**

**Одговорен: Сменоводител**___________________________ Радика ______

**I група** Радика ______

1. ___________________________ 2. ___________________________

3. ___________________________

**II група** Радика ______

1. ___________________________ 2. ___________________________

3. ___________________________

I СЕКТОР – СООБРАЌАЈНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Одговорен: Роберт Тошевски Радика 241

- За сообраќајното обезбедување ќе биде изготвен посебен план од ПС за БПС Битола во прилог на планот за вондредно оперативно, физичко и сообраќајно обезбедување на натпреварот.

Одговорниот полициски службеник за одржување на ЈРМ на фудбалскиот натпревар со неговите помошници за обезбедување и одговорните на реони и делници ќе одржува врска со

Сите планирани служби по место предвидено со планот ке бидат поставени во 15.30 часот. Обезбедувањето на натпреварот ќе започне во 15.30 часот, а ќе заврши во _____ часот.

6

**Табела бр 7.10. Табеларен приказ на анкетните прашалници за испитаници навивачи**

| Бр. | Анкетно прашање | Податоци од испитаниците изразени во проценти (% ) или сумарен израз (Σ) | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на зададени одговори | | | | | | Навивачи | | | | | |
| 1. | Пол | М | | | ж | | | 24% | | | 76% | | |
| 2. | Година на раѓање | Ж | | | м | | | | | | | | |
| | | Средна.вр. | | | Средна .вр. | | | 30,21% | | | 30,75% | | |
| 3. | Степен на завршено образование | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | | | | 27 | 20 | 113 | 34 | 6 | 0 |
| 4. | Дали сте вработени и доколку сте, колку изнесуваат Вашите лични месечни примања? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| | | | | | | | | 115 | 31 | 21 | 12 | 21 | |
| 5. | Дали во досегашниот тек од Вашиот живот сте слушнале за казненото дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари? | 1 | | | 2 | | | 1 | | | 2 | | |
| | | | | | | | | 161 | | | 39 | | |
| 6. | Дали знаете дека во Република Македонија постои посебен закон со којшто се регулира појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари? | 1 | | | 2 | | | 1 | | | 2 | | |
| | | | | | | | | 171 | | | 29 | | |
| 7. | Со оглед на фактот што македонскиот закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските терени при неговото донесување користи одредени решенија кои веќе ги | 1 | | | 2 | | | 1 | | | 2 | | |
| | | | | | | | | 64 | | | 136 | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | имаат како такви земјите од поранешна Југославија (Србија и Хрватска), дали сметате дека е правилна таа правна трансплантација или пак треба да се донесе решение кое ќе биде компатибилно со условите кај нас? | | | | | | |
| 8. | Со оглед на фактот што законското решение предвидува продажба на нумерирани билети за спортските натпревари, дали сметате дека во Република Македонија има соодветна инфраструктура за да може да се спроведе оваа одредба? | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |
| | | | | | 30 | 116 | 54 |
| 9. | Според последните измени и дополнувања на законот, во рамките на мерките за превенција е предвидено организаторот на натпреварот да ја процени можноста за појава на евентуално насилство или пак на недостојно однесување, план за превентивно делување и план за евакуација, да определи кој натпревар ќе се смета со висок ризик и за сите овие активности да биде на постојана линија во координација со МВР. Дали сметате дека клубовите и спортските | 1 | 2 | | 1 | 2 | |
| | | | | | 98 | 102 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | федерации кои најчесто се јавуваат како организатори на натпревар се доволно стручни за да можат да понудат соодветна проценка за безбедноста или пак сметате дека оваа обврска треба и мора да биде исклучива задача на МВР? | | | | | | |
| 10. | Организаторот на спортскиот натпревар (клубот или федерацијата) има обврска за редовно информирање на своите навивачи, да обезбеди нивно примерно однесување, да се координира со навивачите при нивните гостувања итн. Дали сметате дека во Република Македонија постои ваков вид на соработка помеѓу клубовите и навивачите? | 1 | 2 | 3 | 1<br>19 | 2<br>75 | 3<br>106 |
| 11. | За натпреварите со висок т.е. зголемен ризик организаторот на | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | спортскиот натпревар (клубот или федерацијата) треба да обезбеди контролирана продажба на влезници со увид во документот за лична идентификација, со претходна координација со МВР, при што води уредна евиденција за бројот на продадени и отстапени влезници, која евиденција содржи реден број, датум на продажба, име и презиме, назив на спортски клуб, адреса на живеење односно престојување, трибина, блок, ред и седиште. Дали сметате дека во Република Македонија оваа одредба се применува или пак сте на мислење дека во Република Македонија инфраструктурните услови кои постојат не дозволуваат целосна имплементација на одредбите? | | | 19 | 102 | 79 |
| 12. | Законот за спречување на насилството и | 1 | 2 | 1 | 2 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | недостојното однесување на спортските натпревари предвидува одредени обврски и задолженија и за гостинскиот клуб меѓу кои: да го извести организаторот на натпреварот најдоцна 72 часа пред почетокот на натпреварот за организирано доаѓање на негови навивачи, ја утврдува маршрутата на движење на неговите навивачи во координација со организаторот и МВР, да одреди редари и одговорно лице кои ќе патуваат заедно со навивачите, при што го задолжува одговорното лице да го информира МВР за пристигнувањето на навивачите и да води евиденција за отстапените влезници. Дали сметате дека спортските клубови и националните федерации се подготвени и финансиски и организациски да можат да ја реализираат оваа обврска? | | | 29 | 171 |
| 13. | Законот предвидува чување на личните податоци три години од | 1 | 2 | 1 | 2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | денот на одигрување на натпреварот со зголемен ризик. Дали сметате дека овие податоци треба да се чуваат три години, иако на натпреварот за којшто биле земени не се случил никаков инцидент? | | | 51 | 149 |
| 14. | За постигнување на поголем степен на превенција на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, законот допушта можност да му се изрече забрана на лице да присуствува на сите или само на некои спортски натпревари во траење најмногу до три години. Дали сметате дека со оваа мерка се дистанцираат проблематичните навивачи од терените или пак истата мерка дополнително може да предизвика негативна реакција на навивачот и истиот да се впушти во вршење на други казнени и прекршочни дела? | 1 | 2 | 1 | 2 |
| | | | | 110 | 90 |
| 15. | Во насока на превентивно делување во обидот да се спречи | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, законот предвидува организаторот на спортскиот натпревар (клубот или федерацијата) да обезбеди посебна техничка опрема за следење и снимање на однесувањето на гледачите. Дали клубовите во Република Македонија (фудбалски, ракометни, кошаркарски) и соодветните спортски федерации имаат ваква можност и дали истата ја спроведуваат? | 1 | 2 | 3 | | | | | 1<br>16 | 2<br>99 | 3<br>85 | | |
| 16. | Што според Вас е најголема причина за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија? | 1 | 2 | 3 | | | | 7 | 1<br>18 | 2<br>25 | 3<br>49 | 4<br>58 | 5<br>35 | 6<br>15 | 7<br>0 |
| 17. | Како според Вас најчесто се манифестираат насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Република Македонија? | 1 | 2 | 3 | 4 | | | | 1<br>19 | 2<br>73 | 3<br>82 | 4<br>26 | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Според Вас, кои се најчесто сторители на насилство на спортските натпревари во Република Македонија? | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |
| | | | | | 52 | 20 | 128 |
| 19. | Во обидот да се постигне поголем степен на превенција од појавата, дали е доволно само постоењето на законското решение или е потребна поширока акција и делување? | 1 | 2 | | 1 | 2 | |
| | | | | | 44 | 156 | |
| 20. | Дали во Република Македонија има простор и дали треба да се размислува да се формира нова посебна полициска единица која исклучиво ќе се занимава со проблематиката на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, како што тоа е пример во Англија, Германија, а свои почетоци има и во Хрватска? | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |
| | | | | | 44 | 84 | 72 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 21. | Дали доколку би постоела редовна комуникација на релација клуб – навивачи – полиција најмалку барем еднаш месечно, истата таа комуникација и размена на идеи може да придонесе кон обидот да се доближат ставовите на заинтересираните страни со што редовната комуникација ќе овозможи поголема свест за штетноста на појавата и ќе биде причина плус за поголем степен на превентивно делување? | 1 | 2 | 1<br><br>162 | 2<br><br>38 |
| 22. | Дали сметате дека законот се спроведува селективно и дека врз неговата целосна имплементација понекогаш има одредени притисоци од разни страни (пред сè политички)? | 1 | 2 | 1<br><br>172 | 2<br><br>28 |
| 23. | Дали според Вас постои можност за поголема едукација на навивачите, која би била спроведувана од стручни лица и која треба да биде во насока на нивно учење за правилно навивање и бодрење на клубот или репрезентацијата? | 1 | 2 | 1 | 2 |

**Табела 7.11. Табеларен приказ на анкетните прашалници за испитаници - навивачи**

| Бр. | Анкетно прашање | Податоци од испитаниците изразени во проценти (% ) или сумарен израз (Σ) | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на зададени одговори | | | | | | Навивачи | | | | | |
| 1. | Пол | м | | | ж | | | 24% | | | 76% | | |
| 2. | Година на раѓање | ж | | | м | | | | | | | | |
| | | Средна вр. | | | Средна вр. | | | 30,21% | | | 30,75% | | |
| 3. | Степен на завршено образование | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | | | | 27 | 20 | 113 | 34 | 6 | 0 |
| 4. | Дали сте вработени и доколку сте, колку изнесуваат Вашите лични месечни примања? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| | | | | | | | | 115 | 31 | 21 | 12 | 21 | |
| 5. | Дали во досегашниот тек од Вашиот живот сте слушнале за казненото дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари? | 1 | | | 2 | | | 1 | | | 2 | | |
| | | | | | | | | 161 | | | 39 | | |
| 6. | Дали знаете дека во Република Македонија постои посебен закон со којшто се регулира појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари? | 1 | | | 2 | | | 1 | | | 2 | | |
| | | | | | | | | 171 | | | 29 | | |
| 7. | Со оглед на фактот што македонскиот закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските терени при | 1 | | | 2 | | | 1 | | | 2 | | |
| | | | | | | | | 64 | | | 136 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | неговото донесување користи одредени решенија кои веќе ги имаат како такви земјите од поранешна Југославија (Србија и Хрватска), дали сметате дека е правилна таа правна трансплантација или пак треба да се донесе решение кое ќе биде компатибилно со условите кај нас? | | | | |
| 8. | Со оглед на фактот што законското решение предвидува продажба на нумерирани билети за спортските натпревари, дали сметате дека во Република Македонија има соодветна инфраструктура за да може да се спроведе оваа одредба? | 1 \| 2 \| 3 | | 1 \| 2 \| 3<br>30 \| 116 \| 54 | |
| 9. | Според последните измени и дополнувања на законот, во рамките на мерките за превенција е предвидено организаторот на натпреварот да ја процени можноста за појава на евентуално насилство или пак на недостојно однесување, план за превентивно делување и план за евакуација, да определи кој натпревар ќе се смета со висок ризик, и за сите овие активности да биде на постојана линија на | 1 \| 2 | | 1 \| 2<br>98 \| 102 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | координација со МВР. Дали сметате дека клубовите и спортските федерации кои најчесто се јавуваат како организатори на натпревар се доволно стручни за да можат да понудат соодветна проценка за безбедноста или пак сметате дека оваа обврска треба и мора да биде исклучива задача на МВР? | | | | | | |
| 10. | Организаторот на спортскиот натпревар (клубот или федерацијата) има обврска за редовно информирање на своите навивачи, да обезбеди нивно примерно однесување, да се координира со навивачите при нивните гостувања итн. Дали сметате дека во Република Македонија постои ваков вид на соработка помеѓу клубовите и навивачите? | 1 | 2 | 3 | 1<br>19 | 2<br>75 | 3<br>106 |
| 11. | За натпреварите со висок т.е. зголемен ризик организаторот на | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | спортскиот натпревар (клубот или федерацијата) треба да обезбеди контролирана продажба на влезници со увид во документ за лична идентификација, со претходна координација со МВР, при што води уредна евиденција за бројот на продадени и отстапени влезници, која евиденција содржи реден број, датум на продажба, име и презиме, назив на спортски клуб, адреса на живеење односно престојување, трибина, блок, ред и седиште. Дали сметате дека во Република Македонија оваа одредба се применува или пак сте на мислење дека во Република Македонија самите инфраструктурни услови кои постојат не дозволуваат целосна имплементација на одредбите? | | | 19 | 102 | 79 |
| | | | | | | |
| 12. | Законот за спречување на насилството и | 1 | 2 | 1 | 2 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | недостојното однесување на спортските натпревари предвидува одредени обврски и задолженија и за гостинскиот клуб меѓу кои: да го извести организаторот на натпреварот најдоцна 72 часа пред почетокот на натпреварот за организирано доаѓање на негови навивачи, ја утврдува маршрутата на движење на неговите навивачи во координација со организаторот и МВР, да одреди редари и одговорно лице кои ќе патуваат заедно со навивачите, при што го задолжува одговорното лице да го информира МВР за пристигнувањето на навивачите и да води евиденција за отстапените влезници. Дали сметате дека спортските клубови и националните федерации се подготвени и финансиски и организациски да можат да ја реализираат оваа обврска? | | | 29 | 171 |
| 13. | Законот предвидува чување на личните податоци три години од | 1 | 2 | 1 | 2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | денот на одигрување на натпреварот со зголемен ризик. Дали сметате дека овие податоци треба да се чуваат три години иако на натпреварот за којшто биле земени не се случил никаков инцидент? | | | 51 | 149 |
| 14. | За постигнување на поголем степен на превенција на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, законот допушта можност да му се изрече забрана на лице да присуствува на сите или само на некои спортски натпревари во траење најмногу до три години. Дали сметате дека со оваа мерка се дистанцираат проблематичните навивачи од терените или пак истата мерка дополнително може да предизвика негативна реакција на навивачот и истиот да се впушти во вршење на други казнени и прекршочни дела? | 1 | 2 | 1 | 2 |
| | | | | 110 | 90 |
| 15. | Во насока на превентивно делување во обидот да се спречи | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, законот предвидува организаторот на спортскиот натпревар (клубот или федерацијата) да обезбеди посебна техничка опрема за следење и снимање на однесувањето на гледачите. Дали клубовите во Република Македонија (фудбалски, ракометни, кошаркарски) и соодветните спортски федерации имаат ваква можност и дали истата ја спроведуваат? | 1 | 2 | 3 | | | | | 1 | 2 | 3 | | | | |
| | | | | | | | | | 16 | 99 | 85 | | | | |
| 16. | Што според Вас е најголема причина за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија? | 1 | 2 | 3 | | | | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | | | | | | 18 | 25 | 49 | 58 | 35 | 15 | 0 |
| 17. | Како според Вас најчесто се манифестира насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Република Македонија? | 1 | 2 | 3 | 4 | | | | 1 | 2 | 3 | 4 | | | |
| | | | | | | | | | 19 | 73 | 82 | 26 | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Според Вас, кои се најчесто сторители на насилство на спортските натпревари во Република Македонија? | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |
| | | | | | 52 | 20 | 128 |
| 19. | Во обидот да се постигне поголем степен на превенција од појавата, дали е доволно само постоењето на законското решение или е потребна поширока акција и делување? | 1 | 2 | | 1 | 2 | |
| | | | | | 44 | 156 | |
| 20. | Дали во Република Македонија има простор и дали треба да се размислува да се формира нова посебна полициска единица која исклучиво ќе се занимава со проблематиката на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, како што тоа е пример во Англија, Германија, а свои почетоци има и во Хрватска? | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |
| | | | | | 44 | 84 | 72 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 21. | Дали доколку би постоела редовна комуникација на релација клуб – навивачи – полиција најмалку барем еднаш месечно, истата таа комуникација и размена на идеи може да придонесе кон обидот да се доближат ставовите на заинтересираните страни со што редовната комуникација ќе овозможи поголема свест за штетноста на појавата и ќе биде причина плус за поголем степен на превентивно делување? | 1 | 2 | 1<br>162 | 2<br>38 |
| 22. | Дали сметате дека законот се спроведува селективно и дека врз неговата целосна имплементација понекогаш има одредени притисоци од разни страни (пред сè политички)? | 1 | 2 | 1<br>172 | 2<br>28 |
| 23. | Дали според Вас постои можност за поголема едукација на навивачите, која би била спроведувана од стручни лица и која треба да биде во насока на нивно учење за правилно навивање и бодрење на клубот или репрезентацијата? | 1 | 2 | 1 | 2 |

**Табела 7.12. Табеларен приказ на анкетните прашалници за граѓани испитаници**

<table>
<tr><th rowspan="2">Бр.</th><th rowspan="2">Анкетно прашање</th><th colspan="12">Податоци од испитаниците изразени во проценти (% ) или сумарен израз (Σ)</th></tr>
<tr><th colspan="6">Број на зададени одговори</th><th colspan="6">Обични граѓани</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Пол</td><td colspan="3">м</td><td colspan="3">ж</td><td colspan="3">53%</td><td colspan="3">47%</td></tr>
<tr><td rowspan="2">2.</td><td rowspan="2">Година на раѓање</td><td colspan="3">ж</td><td colspan="3">м</td><td colspan="3"></td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="3">Средна вр.</td><td colspan="3">Средна вр.</td><td colspan="3">43.70%</td><td colspan="3">44.5%</td></tr>
<tr><td rowspan="2">3.</td><td rowspan="2">Степен на завршено образование</td><td rowspan="2">1</td><td rowspan="2">2</td><td rowspan="2">3</td><td rowspan="2">4</td><td rowspan="2">5</td><td rowspan="2">6</td><td>1</td><td>2</td><td>3</td><td>4</td><td>5</td><td>6</td></tr>
<tr><td>19</td><td>11</td><td>87</td><td>61</td><td>19</td><td>3</td></tr>
<tr><td rowspan="2">4.</td><td rowspan="2">Дали сте вработени и доколку сте, колку изнесуваат Вашите лични месечни примања?</td><td rowspan="2">1</td><td rowspan="2">2</td><td rowspan="2">3</td><td rowspan="2">4</td><td rowspan="2" colspan="2">5</td><td colspan="2">1</td><td>2</td><td>3</td><td>4</td><td>5</td></tr>
<tr><td colspan="2">54</td><td>17</td><td>28</td><td>27</td><td>74</td></tr>
<tr><td rowspan="2">5.</td><td rowspan="2">Дали во досегашниот тек од Вашиот живот сте слушнале за казненото дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари?</td><td rowspan="2" colspan="3">1</td><td rowspan="2" colspan="3">2</td><td colspan="3">1</td><td colspan="3">2</td></tr>
<tr><td colspan="3">152</td><td colspan="3">48</td></tr>
<tr><td rowspan="2">6.</td><td rowspan="2">Дали знаете дека во Република Македонија постои посебен закон со којшто се регулира појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари?</td><td rowspan="2" colspan="3">1</td><td rowspan="2" colspan="3">2</td><td colspan="3">1</td><td colspan="3">2</td></tr>
<tr><td colspan="3">111</td><td colspan="3">89</td></tr>
<tr><td rowspan="2">7.</td><td rowspan="2">Со оглед на фактот што македонскиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување</td><td rowspan="2" colspan="3">1</td><td rowspan="2" colspan="3">2</td><td colspan="3">1</td><td colspan="3">2</td></tr>
<tr><td colspan="3">99</td><td colspan="3">101</td></tr>
</table>

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на спортските терени при неговото донесување користи одредени решенија кои веќе ги имаат како такви земјите од поранешна Југославија (Србија и Хрватска), дали сметате дека е правилна таа правна трансплантација или пак треба да се донесе решение кое ќе биде компатибилно со условите кај нас? | | | | | | |
| 8. | Со оглед на фактот што законското решение предвидува продажба на нумерирани билети за спортските натпревари, дали сметате дека во Република Македонија има соодветна инфраструктура за да може да се спроведе оваа одредба? | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |
| | | | | | 32 | 128 | 40 |
| 9. | Според последните измени и дополнувања на законот, во рамките на мерките за превенција предвидено е организаторот на натпреварот да ја процени можноста за појава на евентуално насилство или пак на недостојно однесување, план за превентивно делување и план за евакуација, да определи кој натпревар ќе се смета со висок ризик и за сите овие активности да биде на | 1 | 2 | | 1 | 2 | |
| | | | | | 113 | 87 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | постојана линија на координација со МВР. Дали сметате дека клубовите и спортските федерации кои најчесто се јавуваат како организатори на натпревар се доволно стручни за да можат да понудат соодветна проценка за безбедноста или пак сметате дека оваа обврска треба и мора да биде исклучива задача на МВР? | | | | | | |
| 10. | Организаторот на спортскиот натпревар (клубот или федерацијата) има обврска за редовно информирање на своите навивачи, да обезбеди нивно примерно однесување, да се координира со навивачите при нивните гостувања итн. Дали сметате дека во Република Македонија постои ваков вид на соработка помеѓу клубовите и навивачите? | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |
| | | | | | 56 | 76 | 68 |
| | | | | | | | |
| 11. | За натпреварите со висок т.е. зголемен ризик организаторот на | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | спортскиот натпревар (клубот или федерацијата) треба да обезбеди контролирана продажба на влезници со увид во документ за лична идентификација, со претходна координација со МВР, при што води уредна евиденција за бројот на продадени и отстапени влезници, која евиденција содржи реден број, датум на продажба, име и презиме, назив на спортски клуб, адреса на живеење односно престојување, трибина, блок, ред и седиште. Дали сметате дека во Република Македонија оваа одредба се применува или пак сте на мислење дека во Република Македонија инфраструктурните услови кои постојат не дозволуваат целосна имплементација на одредбите? | | | 41 | 91 | 68 |
| 12. | Законот за спречување на насилството и | 1 | 2 | 1 | 2 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | недостојното однесување на спортските натпревари предвидува определени обврски и задолженија и за гостинскиот клуб меѓу кои: да го извести организаторот на натпреварот најдоцна 72 часа пред почетокот на натпреварот за организирано доаѓање на негови навивачи, ја утврдува маршрутата на движење на неговите навивачи во координација со организаторот и МВР, да одреди редари и одговорно лице кое ќе патуваат заедно со навивачите, при што го задолжува одговорното лице да го информира МВР за пристигнувањето на навивачите и да води евиденција за отстапените влезници. Дали сметате дека спортските клубови и националните федерации се подготвени и финансиски и организациски да можат да ја реализираат оваа обврска? | | | 100 | 100 |
| 13. | Законот предвидува чување на личните податоци три години од | 1 | 2 | 1 | 2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | денот на одигрување на натпреварот со зголемен ризик. Дали сметате дека овие податоци треба да се чуваат три години иако на натпреварот за којшто биле земени не се случил никаков инцидент? | | | 101 | 99 |
| 14. | За постигнување на поголем степен на превенција на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, законот допушта можност да му се изрече забрана на лице да присуствува на сите или само на некои спортски натпревари во траење најмногу до три години. Дали сметате дека со оваа мерка се дистанцираат проблематичните навивачи од терените или пак истата мерка дополнително може да предизвика негативна реакција на навивачот и истиот да се впушти во вршење на други казнени и прекршочни дела? | 1 | 2 | 1 | 2 |
| | | | | 115 | 85 |
| 15. | Во насока на превентивно делување во обидот да се спречи појавата на | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, законот предвидува организаторот на спортскиот натпревар (клубот или федерацијата) да обезбеди посебна техничка опрема за следење и снимање на однесувањето на гледачите. Дали клубовите во Република Македонија (фудбалски, ракометни, кошаркарски) и соодветните спортски федерации имаат ваква можност и дали истата ја спроведуваат? | **1** | **2** | **3** | | | | | **1** | **2** | **3** | | | | |
| | | | | | | | | | **63** | **81** | **56** | | | | |
| 16. | Што според Вас е најголема причина за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | | | | | | 36 | 40 | 40 | 30 | 25 | 18 | 11 |
| 17. | Како според Вас најчесто се манифестираат насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Република Македонија? | 1 | 2 | 3 | 4 | | | | 1 | 2 | 3 | 4 | | | |
| | | | | | | | | | 66 | 80 | 26 | 28 | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Според Вас, најчесто кои се сторители на насилство на спортските натпревари во Република Македонија? | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |
| | | | | | 42 | 43 | 115 |
| 19. | Во обидот да се постигне поголем степен на превенција од појавата, дали е доволно само постоењето на законското решение или е потребна поширока акција и делување? | 1 | 2 | | 1 | 2 | |
| | | | | | 63 | 137 | |
| 20. | Дали во Република Македонија има простор и дали треба да се размислува да се формира нова посебна полициска единица која исклучиво ќе се занимава со проблематиката на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, како што тоа е пример во Англија, Германија, а свои почетоци има и во Хрватска? | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |
| | | | | | 98 | 62 | 40 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 21. | Дали доколку би постоела редовна комуникација на релација клуб – навивачи – полиција најмалку барем еднаш месечно, истата таа комуникација и размена на идеи може да придонесе кон обидот да се доближат ставовите на заинтересираните страни со што самата редовна комуникација ќе овозможи поголема свест за штетноста на појавата и ќе биде причина плус за поголем степен на превентивно делување? | 1 | 2 | 1<br>141 | 2<br>59 |
| 22. | Дали сметате дека законот се спроведува селективно и дека врз неговата целосна имплементација понекогаш има одредени притисоци од разни страни (пред сѐ политички)? | 1 | 2 | 1<br>128 | 2<br>72 |
| **23.** | Дали според Вас постои можност за поголема едукација на навивачите, која би била спроведувана од стручни лица и која треба да биде во насока на нивно учење за правилно навивање и бодрење на клубот или репрезентацијата? | **1** | **2** | 1 | 2 |

**Анкетен прашалник за припадниците на МВР**

**Предмет:** Прашалник за интервју кое ќе биде спроведено со полициски службеници од СВР Битола, СВР Скопје и СВР Тетово, во насока на реализација на истражувањето за докторска дисертација на тема „Кривично-правни, криминолошки и криминалистички карактеристики на кривичното дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари за период од 2004 до 2015 година на територијата на Република Македонија".

Вкупниот број на анкетирани полициски службеници од СВР Битола, СВР Скопје и СВР Тетово ќе изнесува 200, односно 100 полициски службеници од СВР Скопје и по 50 полициски службеници од СВР Битола и СВР Тетово.

Одговорите кои ќе бидат добиени при реализацијата на ова интервју ќе бидат искористени единствено и само за потребите на истражувањето.

1. Пол М Ж

2. Година на раѓање ___________________

3. Степен на завршено образование

а) средно

б) високо

в) магистер

г) доктор на науки

4. Од која година сте вработени во МВР

а) пред 2000 година

б) во период помеѓу 2000 и 2004 година

в) во период по 2004 година

5. Дали знаете т.е. дали сте информирани дека постои посебен Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари?

а) да, знам и сум информиран за неговата содржина

б) не, не знам дека постои посебно законско решение

6. Дали во досегашниот Ваш работен ангажман како полициски службеник сте биле вклучени директно т.е. непосредно во обезбедувањето на јавниот ред и мир на еден спортски натпревар?

а) да, сум бил ангажиран

б) не, немам такво искуство

7. Што според Вас е најголема причина за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија?

а) лошата економска состојба

б) политичката ситуацијата и степенот на политичка култура кој се манифестира секојдневно

в) етничката поделеност на населението

г) влијанието на политичките партии врз навивачките групи

д) мотивот за самодокажување

ѓ) лошата инфраструктура на спортските објекти

е) друго ____________________________________________________

8. Како според Вас најчесто се манифестираат насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Република Македонија?

а) со директна физичка пресметка на навивачките групи пред, за време и по одигрувањето на натпреварот

б) со пеење на песни кои се со навредлива и дискриминациска содржина по која било основа (расна, етничка или верска)

в) со истакнување на навредливи транспаренти или знамиња

г) со внесување на експлозивни средства и користење на пиротехника

9. Според Вашето досегашно искуство, кои лица се јавуваат како најчести сторители на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија?

а) малолетни лица

б) полнолетни лица

в) мешана група која најчество е под дејство на алкохол или некои други недозволиви психотропни супстанци

10. Со оглед на фактот што македонскиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските терени при неговото донесување користи одредени решенија кои веќе ги имаат како такви земјите од поранешна Југославија (Србија и Хрватска), дали сметате дека е правилна таа правна трансплантација или пак треба да се донесе решение кое ќе биде компатибилно со условите кај нас?

а) да, сметам дека користењето на одредени решенија кои веќе постојат е добра пракса која може да помогне

б) не, сметам дека е потребно да се донесе решение кое исклучиво ќе одговара на домашните т.е. национални услови

11. Дали во градот каде што сте работно ангажирани (Битола, Скопје, Тетово) спортската инфраструктура со која располагаат т.е. која ја користат спортските клубови дозволува непречено спроведување на одредбите на Законот, како на пример: продажба на нумерирани билети, видеонадзор на спортскиот објект, услови за активна и пасивна безбедност итн?

а) да, спортската инфраструктура ги исполнува предвидените услови

б) не, спортската инфраструктура е во лоша состојба и не ги исполнува ни минималните услови

в) делумно ги исполнува условите кои ги пропишува законското решение

12. Во законското решение е предвидена т.е. е пропишана одредба која предвидува задолжителна координација на релација спортски клуб - навивачки групи - полиција. Кое е Вашето мислење и искуство, дали координацијата постои во пракса, односно дали функционира или не?

а) да, постои координација

б) не, не постои

в) координацијата треба да биде на повисоко ниво и задолжителна пред секој натпревар

13. Со оглед на фактот што комесарот за безбедност на спортскиот клуб е лице кое директно учествува и условно кажано е најодговорно за изработка на план за обезбедување на еден спортски натпревар, дали според Вас ова лице треба да биде стручно оспособено за оваа работа?

а) да, задолжително треба да ја знае оваа проблематика

б) не, доволно е да биде кое било лице вработено во спортскиот клуб

в) комесарот за безбедност доволно е да соработува и не е потребно стручно да биде оспособено

14. Според европската пракса, полициските службеници воопшто не се присутни (забележителни) на спортските терени т.е. и на спортските објекти (гледалиштето), туку настапуваат доколку дојде до поголемо нарушување на јавниот ред и мир. Кој е Вашиот став и мислење за во Република Македонија?

а) да, треба да се применува европската практика

б) не, во Република Македонија нема соодветни услови за примена на таа практика и полициските службеници мора да бидат на теренот и во гледалиштето

15. Дали сметате дека МВР треба да има носечка, а не само консултативна улога во процесот на подготовка на еден спортски натпревар?

а) да, задолжително треба да има носечка улога како најповикана институција за одржување на јавниот ред и мир

б) не

в) пристапот треба да биде интеринституционален и МВР да биде дел од тој систем

16. Што треба да биде преземено за дополнително подигнување на степенот на безбедност на еден спортски натпревар?

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**Анкетен прашалник за членовите на навивачките групи и за граѓаните**

**Напомена:** Прашалникот е анонимен и служи само за исполнување на целите на докторската дисертација „КАЗНЕНО-ПРАВНИ И КРИМИНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КАЗНЕНОТО ДЕЛО НАСИЛСТВО И НЕДОСТОЈНО ОДНЕСУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ НАТПРЕВАРИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2004 ДО 2015 ГОДИНА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“.

1. Пол М Ж

2. Година на раѓање ___________________

3. Степен на завршено образование

а) неоформено – без образование

б) основно

в) средно

г) високо

д) магистер

ѓ) доктор на науки

4. Дали сте вработени и доколку сте, колку изнесуваат Вашите лични месечни примања?

а) невработен

б) вработен, со примања до 10.000 денари

в) вработен, со примања од 10.001 до 15.000 денари

г) вработен, со примања од 15.001 до 20.000 денари

д) вработен, со примања над 20.001 денари

5. Дали во досегашниот тек од Вашиот живот сте слушнале за казненото дело насилство и недостојно однесување на спортските натпревари?

а) да

б) не

6. Дали знаете дека во Република Македонија постои посебен закон со којшто се регулира појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари?

а) да, знам

б) не, не знам

7. Со оглед на фактот што македонскиот Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските терени при неговото донесување користи одредени решенија кои веќе ги имаат како такви земјите од поранешна Југославија (Србија и Хрватска), дали сметате дека е правилна таа правна трансплантација или пак треба да се донесе решение кое ќе биде компатибилно со условите кај нас?

а) да, сметам дека користењето на одредени решенија кои веќе постојат е добра пракса која може да помогне

б) не, сметам дека е потребно да се донесе решение кое исклучиво ќе одговара на домашните т.е. национални услови

8. Со оглед на фактот што законското решение предвидува продажба на нумерирани билети за спортските натпревари, дали сметате дека во Република Македонија има соодветна инфраструктура за да може да се спроведе оваа одредба?

а) да, во Република Македонија има модерна спортска инфраструктура (стадиони, спортски сали) кои ги задоволуваат барањата и потребите кои произлегуваат од законот

б) не, во Република Македонија состојбата на спортската инфраструктура (стадиони, спортски сали) е во лоша состојба која не ги задоволува потребите од законот

в) во Република Македонија постојат одредени спортски објекти во одредени градови кои целосно ги задоволуваат потребите (наведете кои градови и објекти) ______________________________________________________________________

____________________________________________

9. Според последните измени и дополнувања на законот, во рамките на мерките за превенција предвидено е организаторот на натпреварот да ја процени можноста за појава на евентуално насилство или пак на недостојно однесување, план за превентивно делување и план за евакуација, да определи кој натпревар ќе се смета со висок ризик, и за сите овие активности да биде на постојана линија на координација со МВР. Дали сметате дека клубовите и спортските федерации кои најчесто се јавуваат како организатори на натпревар се доволно стручни за да можат да понудат соодветна проценка за безбедноста или пак сметате дека оваа обврска треба и мора да биде исклучива задача на МВР?

а) да, сметам дека организаторот може соодветно да ја процени ситуацијата и да подготви соодветен безбедносен план

б) не, сметам дека обврската околу проценката на безбедноста треба да им припадне исклучиво на припадниците на МВР

10. Организаторот на спортскиот натпревар (клубот или федерацијата) има обврска за редовно информирање на своите навивачи, да обезбеди нивно примерно однесување, да се координира со навивачите при нивните гостувања итн. Дали сметате дека во Република Македонија постои ваков вид на соработка помеѓу клубовите и навивачите?

а) да, сметам дека клубовите редовно се состануваат со навивачите и разменуваат мислења и искуства т.е. соработуваат

б) не, сметам дека во Република Македонија воопшто не постои соработка на релација клуб – навивачи

в) соработката е инцидентна и парцијална т.е. не е константна

11. За натпреварите со висок т.е. зголемен ризик организаторот на спортскиот натпревар (клубот или федерацијата) треба да обезбеди контролирана продажба на влезници со увид во документ за лична идентификација, со претходна координација со МВР, при што води уредна евиденција за бројот на продадени и отстапени влезници,

која евиденција содржи реден број, датум на продажба, име и презиме, назив на спортски клуб, адреса на живеење односно престојување, трибина, блок, ред и седиште. Дали сметате дека во Република Македонија оваа одредба се применува или пак сте на мислење дека во Република Македонија инфраструктурните услови кои постојат не дозволуваат целосна имплементација на одредбите?

а) да, сметам дека овие одредби од законот се применуваат секогаш и на сите спортски натпревари во Република Македонија

б) не, сметам дека инфраструктурните услови не дозволуваат имплементација на предвидените одредби

в) сметам дека одредбите се применуваат парцијално само на одредени спортски објекти во одредени градови (наведете кои објекти во кои градови)

______________________________________________________________________________

____________________________________________________

12. Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари предвидува одредени обврски и задолженија и за гостинскиот клуб меѓу кои: да го извести организаторот на натпреварот најдоцна 72 часа пред почетокот на натпреварот за организирано доаѓање на негови навивачи, ја утврдува маршрутата на движење на неговите навивачи во координација со организаторот и МВР, да одреди редари и одговорно лице кои ќе патуваат заедно со навивачите, при што го задолжува одговорното лице да го информира МВР за пристигнувањето на навивачите и да води евиденција за отстапените влезници. Дали сметате дека спортските клубови и националните федерации се подготвени и финансиски и организациски да можат да ја реализираат оваа обврска?

а) да, сметам дека спортските клубови и националните федерации од разни спортови можат и ја спроведуваат оваа обврска

б) не, на мислење сум дека ниту клубовите ниту спортските федерации можат да одговорат на оваа обврска

13. Законот предвидува чување на личните податоци три години од денот на одигрување на натпреварот со зголемен ризик. Дали сметате дека овие податоци треба

да се чуваат три години иако на натпреварот за којшто биле земени не се случил никаков инцидент?

а) да, сметам дека податоците треба да се чуваат три години

б) не, сметам дека доколку нема инцидент на натпреварот податоците нема потреба да бидат чувани три години

14. За постигнување на поголем степен на превенција на насилството и недостојно однесување на спортските натпревари, законот допушта можност да му се изрече забрана на лице да присуствува на сите или само на некои спортски натпревари во траење најмногу до три години. Дали сметате дека со оваа мерка се дистанцираат проблематичните навивачи од терените или пак истата мерка дополнително може да предизвика негативна реакција на навивачот и истиот да се впушти во вршење на други казнени и прекршочни дела?

а) да, сметам дека оваа мерка е одлична за превенирање на насилството

б) не, сметам дека оваа мерка не може да понуди долгорочно решение за елиминирање на насилството и недостојното однесување

15. Во насока на превентивно делување во обидот да се спречи појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, законот предвидува организаторот на спортскиот натпревар (клубот или федерацијата) да обезбеди посебна техничка опрема за следење и снимање на однесувањето на гледачите. Дали клубовите во Република Македонија (фудбалски, ракометни, кошаркарски) и соодветните спортски федерации имаат ваква можност и дали истата ја спроведуваат?

а) да, клубовите и федерациите имаат можност за реализација на оваа обврска и истата доследно ја применуваат

б) не, клубовите и федерациите не располагаат со можност за реализација на оваа обврска

в) единствено само спортските федерации располагаат со оваа техничка можност и единствено само тие редовно ја применуваат

16. Што според Вас е најголема причина за појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија?

а) лошата економска состојба

б) политичката ситуацијата и степенот на политичка култура кој се манифестира секојдневно

в) етничката поделеност на населението

г) влијанието на политичките партии врз навивачките групи

д) мотивот за самодокажување

ѓ) лошата инфраструктура на спортските објекти

е) друго ___________________________________________________

17. Како според Вас најчесто се манифестираат насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Република Македонија?

а) со директна физичка пресметка на навивачките групи пред, за време и по одигрувањето на натпреварот

б) со пеење на песни кои се со навредлива и дискриминациска содржина по која било основа (расна, етничка или верска)

в) со истакнување на навредливи транспаренти или знамиња

г) со внесување на експлозивни средства и користење на пиротехника

18. Според Вас, како сторители на насилство на спортските натпревари во Република Македонија најчесто се јавуваат:

а) малолетни лица

б) полнолетни лица

в) мешана група која најчесто е под дејство на алкохол или некои други недозволени средства

19. Во обидот да се постигне поголем степен на превенција од појавата, дали е доволно само постоењето на законското решение или е потребна поширока акција и делување?

а) да, сметам дека законот може да ја постигне полната превенција на појавата

б) не, сметам дека постои потреба за поширока акција и делување на повеќе субјекти (навивачки групи, образовни институции, претставници на верски заедници, спортски

федерации, Агенција за млади и спорт, МВР, претставници на локалните заедници итн.)

20. Дали во Република Македонија има простор и дали треба да се размислува да се формира нова посебна полициска единица која исклучиво ќе се занимава со проблематиката на појава на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, како што тоа е пример во Англија, Германија, а свои почетоци има и во Хрватска?

а) да, тоа е добра идеја која ќе придонесе кон превенирање и намалување на појавата на насилство и недостојно однесување

б) не, во Република Македонија спортските натпревари немаат голема динамика и со исклучок на неколку натпревари каде што има поголем број на публика, на останатите гледачи има многу малку, а формирањето на ваква посебна единица бара вложување на значителни ресурси (кадровски и финансиски)

в) полициските единици кои веќе постојат треба да се надградат и да се реформираат т.е. дообучат за да можат да одговорат на потребите

21. Дали доколку би постоела редовна комуникација на релација клуб – навивачи – полиција најмалку барем еднаш месечно, истата таа комуникација и размена на идеи може да придонесе кон обидот да се доближат ставовите на заинтересираните страни со што редовната комуникација ќе овозможи поголема свест за штетноста на појавата и ќе биде причина плус за поголем степен на превентивно делување?

а) да, сметам дека една таква редовна комуникација ќе придонесе за превентивно делување и акција

б) не, сметам дека овие средби не би можеле да дадат свој придонес за превентивно делување на сите страни

22. Дали сметате дека Законот се спроведува селективно и дека врз неговата целосна имплементација понекогаш има одредени притисоци од разни страни (пред сѐ политички)?

а) да, сметам дека Законот се спроведува селективно

б) не, сметам дека Законот секогаш се спроведува неселективно и во потполност

23. Дали според Вас постои можност за поголема едукација на навивачите, која би била спроведувана од стручни лица и која треба да биде во насока на нивно учење за правилно навивање и бодрење на клубот или репрезентацијата?

а) да, сметам дека навивачите треба да добијат соодветна едукација

б) не, сметам дека навивачите нема да ги посетуваат едукативните работилници

Ви благодариме за учеството во анкетата и за Вашиот придонес во обидот да се намали и превенира појавата на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари во Република Македонија.

**Библиографија**


1. Арнаудовски, Љ., Криминологија (2009), печатница „2 ри Август“ - Штип

2. Анастасовски, И., Насилство, агресија и спорт, Фудбал магазин (2010), Скопје

3. Алексоски Стеван, Воведување во криминологијата, предмет, историски развој и теоретски концепти на криминолошката научна мисла, Штип, 2009

4. Ангелески Методија, Карактеристики на насилничките и агресивните однесувања на спортски натпревари и правци на општествената реакција, Годишник на Факултетот за безбедност, бр.1 од 99/00

5. Арнаудовски, Љупчо, Криминологија, печатница „2 ри Август“, 2009, Штип

6. Аслимоски, Пере, Станојоска, Ангелина, Криминологија, Правен факултет – Кичево, Центар за научноистражувачка работа на ПФК, Битола, 2019

7. Атанасовски, Иван, Нанев, Лазар, Фудбалски хулиганство, Геостратешки институт „Глобал“, Скопје, 2017

8. Ангелески, Методија, Криминалистика, Скопје, НИО Студентски збор, 1993

9. Алексоски, Стеван, Криминологија, Универзитет „Гоце Делчев“, 2009, Штип

10. Алексиќ, Ж., Миловановиќ, З., Криминалистика, Београд, Прани факултет Универзитета у Београду, 1991

11. Благојче Петревски. Криминалистички карактеристики на кривичното дело тешка телесна повреда за периодот од 2004 до 2010 година на територијата на Р. Македонија, магистерска теза, Битола, 2013 година

12. Блажевска Андоновска, Валентина, Криминалистички карактеристики на убиствата во Република Македонија, докторска дисертација, Скопје, 2019

13. Bajic, Valentina, Dekic, Irma, Kriminalisticka psihologija, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije, Sarajevo, 2019

14. Божовиќ, Миленко, Насиље на јавним скуповима и спортским приредбама као претња правном поретку Републике Србије, Универзитет „Џон Незбит", Београд, Факултет за право, јавну управу и безбедност, јануар 2016

15. Brand, Alexander, Niemann, Arne, Football and National Identity in Europe, More Than a Game – sport, society and politics, Konrad Adenauer Stiftung, 2014

16. Bryman, Alan, *Social Research Methods – fourth edition,* Oxford University Press, 2012

17. Brent, E. Turvey, Criminal profiling an introduction to behavioral evidence analysis – Forensic Solution, LLC Sitka, Alaska, USA, 2007

18. Водинелиќ, Владо, Криминалистика откривање и докажување, Факултет за безбедност ДСЗ, 1985, Скопје

19. Видиќ, Владо, О траговима у криминалистичкој обради, Безбедност, 8/1971

20. Vukotic, Miroslav, Nasilje u sportu, Univerzitet u Nisu, Pravni Fakultet, master rad, 2016

21. Гоце Џуклески, Вовед во криминалистика: трето изменето и дополнето издание (Скопје, 2009)

22. Goodman, Steve, Nihilism and the Philosophy of Violence, Culture and Censure, London

23. Giulianoti, Richard. Bonney, Norman, Hepworth, Mike. Football Violence and Social Identity, Routledge, London, 1994

24. Giovanni Carnibella, Anne Fox, Kate Fox, Joe McCann, James Marsh, Peter Marsh, Football Violence in Europe – A Report to the Amsterdam Group, Social Issues Research Center, July, 1996

25. Goldstein, A. P., The psychology of Vandalism, Plenum Press, New York, 1996

26. Getting to the Bottom of Kondovo: Conflicting Theories, Murky Motives

27. Giulianoti, Richard, Bonney, Norman. Hepworth, Mike. Football Violence and Social Identity, Routledge, London, 1994

28. Државен завод за статистика на Р. Македонија, Годишни извештаи, Скопје, 2004 – 2015

29. Доревски, Зоран, Обезбедување – практикум, Комора на Р. Македонија за обезбедување на лица и имот, 2004, Скопје

30. Душан Јосифовски, Криминалистичка психологија, Радинг 1995, Скопје

30. Dr. sc. Bozic, Vanda, Prof. dr. Nikac, Zeljko, Krivicnopravni okvir za borbu protiv huliganizma, nasilja I nedolicnog ponasanja na sportskim manifestacijama u Srbiji I Hrvatskoj

31. Dunning, E. Sport matters – sociological studies of sport, violence and civilization. (1999), Taylor and Francis group. London

32. Deriemaeker, Arnout, De Maere, Dominik, Football Hooliganism in England: Is Football Hooliganism still as active now as it was during the ,,English Disease“?, University of Antwerp

33. Д-р Цветанова, Ганка, Културните разлики и општествената интеграција – Македонија пред и по Рамковниот договор, 2007, Скопје

34. European Convention on Spectator Violence and Misbehavior at Sports Events and in Particular at Football Matches – Article 1

35. European Convention on Spectator Violence and Misbehavior at Sports Events and in Particular at Football Matches – Article 2

36. European Convention on Spectator Violence and Misbehavior at Sports Events and in Particular at Football Matches

37. European Convention on Spectator Violence and Misbehavior at Sports Events and in Particular at Football Matches

38. Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари во Р. Македонија, „Службен весник на Р. Македонија“ бр.89/2004, 142/2008, 135/2011, 27/2014, 114/2014

39. Закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 55/2004, 12/2005, 98/2008 и 106/2008

40. Кривичен законик – интегрален и прочистен текст, „Службен весник на Република Македонија" број 80/99, број 4/2002 година, број 43/2003, број 19/2004, број 81/2005, број 60/06, број 73/06, број 7/08, број 139/08, број 114/09, број 51/11, број 135/11, 185/11, број 142/12, број 166/12, број 55/13, број 82/13, број 14/14, број 27/14, број 28/14, број 115/14 и број 132/14

41. Закон за кривична постапка, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/05, 150/10, 100/12, 198/18

42. Закон за прекршоците против јавниот ред и мир, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2007, го опфаќа Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 152/2015

43. Закон за правда на децата, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/13

44. Закон за спорт, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16

45. Zakon o izmenama i dopunama Zakona o sprecavanju nasilja na sportskim priredbama, Narodne novine br. 71/06

46. Zakon o izmenama i dopuna Zakona o sprecavanje nasilja i nedolicnog ponasanja na sportskim priredbama, Slubeni glasnik Republike Srbije, br. 72/09

47. Zakon o izmjenama i dopunama Zakona o sprecavanju nereda na sportskim natjecanima, Narodne novine, br. 43/09

48. Zakon o izmjenama i dopunama Zakona o sprecavanju nereda na sportskim natjecanima, Narodne novine, br. 34/11

49. Zvonarevic, Mladen, Psihologija, Zagreb, Skoljska knjiga, 1978

50. Zulueta, F. (1993). From pain to violence: The traumatic roots of destructiveness, London. Whurr Publishers, Limited

51. Иван Анастасовски, Татјана Стојановска, Насилство, агресија и спорт (Скопје, 2010)

52. Извештај на Министерството за внатрешни работи на Англија (Home Office) од 2013 година

53. Игњатовиќ, Ѓорѓе, Поим и етиологија на насилничкиот криминалитет, Правен факултет, Универзитет во Белград, 2011

54. Јовановиќ, К., Криминалистичка техника, Белград, 1981

55. Jasmina Friscik, Lidija Dimova, On the road to the EU – Monitoring Equal Opportunities for women and men in Macedonia, 2006

56. James Treadwell, Criminology, SAGE Publication, London, 2013

57. James Mc Guire. Understanding psychology and crime – perspectives on theory and action. Open University Press. Bell and Bain Ltd, Glasgow, 2004

58. James W. Osterburg. Richard H. Ward. Criminal Investigation: A Method for Reconstructing the Past, Sixth Edition, Matthew Bender and Company, New Providence, NJ, 2010

59. Камбовски, Владо, Казнено право и казнен закон – прв дел, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2006

60. Камбовски, Владо, Казнено право – општ дел, Култура, Скопје, 2006

61. Камбовски, В., Казнено право – посебен дел (1997), Просветно дело. Скопје

62. Камбовски, В., Кривично право – посебен дел (1988), НИО Студентски збор, Скопје

63. Козарев, Атанас, Насилството и фудбалскиот хулиганство во Република Македонија – кривично-правен, криминолошки и криминалистички аспект, Факултет за безбедност, Скопје, 2007

64. Коковиќ, Д., Социологија спорта, Спортска академија, Београд, 2000

65. Кошевалиска, Олга, Скрипта за казнено право – применета програма, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2013

66. Котески, Марјан, Криминалистички карактеристики кај убиствата, Факултет за безбедност, Скопје, 2006

67. Кралев, Т., Арнаудовски, Љ., Криминалистика – лексиконски курс, Селектор, Скопје, 2007

68. King, Anthony. The Premier League and the new consumption of football, University of Salford, Institute for Social Research, 1995

69. Lalic, Dragan, Torcida – pogled iznutra, Zagreb, 1993, AGM

70. Larry J. Siegel, Criminology– The Core, University of Massachusetts, Lawel, 2010

71. Манасиев, Александар, Политички фудбал: завојуваните навивачки групи на Балканот ги избегнуваат казните

71. Методија Анѓелески, Криминалистика, Скопје, НИО Студентски збор, 1993

72. Машкин Николај А., Повијест старог Рима, Научна књига, Београд, 1987

73. MUP RS je dopisom broj: 161/09 od 4 marta 2009 godine Institutu uputio dokument Brojčani pokazatelji u vezi nasilničkog i nedoličnog ponašanja mladih pre, za vreme i nakon održavanja sportskih priredbi, u kome su sadržani podaci za period od 1.7.2003 do 31.12. 2008 godine

74. M. Kresoje, Kriminalistika, Novi Sad, 2006

75. Nedeljko, Stankovic, Uvod u kriminalistiku, Evropski Univerzitet Brcko Distrikt, 2016

76. Markovic, Sasa, Mera bezbednosti ,,zabrana prisustvovanja odredjenim sportskim priredbama“ u praksi policije i pravosudja, Zurnal za kriminalistiku i pravu, Narodne Novine, br. 117/03

77. Мегваер, М. Морган, Р. Разјнер, Р. Оксфордски прирачник за криминологија. (2010). Нампрес. Скопје;

78. Митевска, Марија, Политика во навивачките групи, Радио Слободна Европа, Скопје, февруари 2014

79. Milosavljević, M., Nasilje nad decom, Beograd, Fakultet političkih nauka, Beograd, 1998

80. Мисиќ, Зоран, Насиље и недолично понашање навијача као фактор угрожавања безбедности, Универзитет у Београду, Факултет безбедности, Београд, 2010

81. Милосављевиќ, М., Девијација у друштво, Драганиќ, Београд, 2006

82. Мисиќ, Зоран, Насиље и недолично понашање навијача као фактор угрожавања безбедности, Универзитет у Београду, Факултет безбедности, Београд, 2010

83. Magnus Lindgren, Vesna Nikolic-Ristanovic, Zrtve kriminaliteta – medjunarodni konteksti i situacija u Srbiji, Beograd, 2011

84. Margetic, Mirjana, Dr. Sc. Borovec, Krunoslav, Zakon o sprecavanju nereda na sportskim natecajima – preventivne i represivne mjere sudova i policije, Edukacijsko-rehabilitaciski Fakultet, Zagreb, 2013

85. Medzunarodna naucno-strucna konferencija, Nasilnicki kriminalitet – etiologija, fenomenologija i susbijanje, Panevropski Univerzitet ,,Aperion“, Banja Luka, 2001

87. Milovanovic, Radojko, Psihologija kriminala, Beograd, Policijska akademija, 2005

88. Николовски, Марјан, Саздовска, М. Марина, Криминалистичка тактика 2, Универзитет ,,Св. Климент Охридски“ - Битола, Факултет за безбедност, Скопје, 2018 година

90. Nikolic-Ristanovic, Vesna, Konstantinovic-Vilic, Slobodanka, Kriminologija, Centar za publikacije pravnog fakulteta u Nisu, 2003 година

91. Nikolic-Ristanovic, V. Kostic, M. I Konstantinovic-Vilic, S. Kriminologija, 4th ed. Prometej, Beograd, 2010

92. Петревски, Благојче, Криминалистички карактеристики на кривичното дело тешка телесна повреда за периодот од 2004 до 2010 година на територијата на

Република Македонија, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Факултет за безбедност, Скопје, март 2013 година

93. Петревски, Благојче, Насилството на спортските терени како најупотребувано оружје за предизвикување на национални и „религиозни“ конфликти. Митот за Југославија

94. Perasovic, B. Mustapic, M., „Football supporters in the context of Croatian sociology: Research perspectives 20 years after” (2013), Institution of Social Science “Ivo Pilar”, Zagreb

95. Правилник за безбедност на фудбалските натпревари, Р.Хрватска

96. Пресуда на Основниот суд Скопје 1, К. бр. 269/16 од 27.4.2016 година

97. Пресуда на Основниот суд во Куманово со реден број К-266/17 од 17.10.2017 година

98. Рот, Морган, Рајнер, Роберт, Оксфордски прирачник за криминологија, Нампрес, Скопје, 2010

99. Public Order Act, 1986

100. Safety of Sports Ground Act, 1975

101. Sazdovska, M. Marina, Gjurovski, Marjan, Education of personnel for private security, Criminalistic Theory and Practice, Zagreb, 2017

102. Сеиферстин, Ричард., Криминалистика – вовед во форензика, Табернакул, Скопје 2010

103. Smith, E. E., Hoeksema-Nolen, S., Frederickson, L. B., Loftus, R. G., Bem,, J. D., i Maren, S., Atkinson and Hilgard’s Introductions to Psychology, Wadsworth: Thomas Learning Company, 2003

104. Спасовска, Гаџовска, Зорана, Предизвикани меѓуетнички тензии, февруари 2011

105. Spasic, Danijela, Nasilje kao predmet izucavanja kriminoloskih nauka, Zbornik radova „Dani kriminalistickih nauka“, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne nauke, Sarajevo, 2011

106. Sporting Events (Control of Alcohol etc.) Act, 1985

107. Sport Law – Third Edition, Mark James, Routledge, 2017

108. Stanko, Elizabeth, The Meanings of Violence, London: Routledge, 2003

109. Стојановска, Татијана, Анастасовски, Иван, Насилство, агресија и спорт, Скопје, 2010

110. Stephen E. Brown, Finn – Aage Esbensen, Gilbert Geis, Criminology – Explaining Crime and its Context

111. Siegel, J. Larry, Criminology – The Core, University of Massachusetts, Lawel, 2010

112. Spaaij, Ramon, Understanding football hooliganism: a comparison of six Western European football clubs, University of Amsterdam, 2007

113. Stephen E. Brown, Finn – Aage Esbensen, Gilbert Geis, Criminology – Explaining Crime and its Context, Matthew Bender & Company, Inc., a member of the LexisNexis Group New Providence, NJ, 2010

114. Сулејманов, Зоран, Кривично право – општ дел, Графохартија, Скопје, 2001

115. Strategija razvoja sporta 2009 – 2013, Ministarstvo omladine i sporta, 2009. The Report of the Hillsbrough Independent Panel, London, The Stationery Office, September 2012

116. Suput, Dejan, Problemi u primeni propisa namenjenih borbi protiv nasilja i nedolicnog ponasanja na sportskim priredbama, Zbornik kriminologija i krivicno pravo, Kriminalisticko- policijska akademija, Beograd, 2012

117. Филм – Трето полувреме, продуцент Роберт Насков, режисер Дарко Митевски, 2012

118. Football Spectators Act, 1989

119. For a save and tolerant sport. The European Convention on Spectator Violence, Council of Europe, 2014

120. Football Hooliganism in England: Is Football Hooliganism still as active now as it was during the ,,English Disease“. Arnout, Deriemaeke. Dominik, De Maere. University of Antwerp

121. Football Fan Aggression: The Importance of Low Basal Cortisol and a Fair Referee Radboud University Nijmegen, 2015

122. Habdige, D., Subculture: The Meaning of Style“, Routledge, London, 1980

123. Hesnard, B. Psychologie du crime, Payot, Paris, 1963

124. Caruso, Raul, Domizio, di Marco, Hooliganism and demand for football in Italy: Attendance and counter – violence policy evaluation, Department of Communication, University of Teramo, 2013

125. Ciccarelli, S. K., White, J. N., Psychology (fifth edition), England: Personal Education Limited, 2018

126. Clarke, John, Hooliganism and the Skinheads, University of Birmingham, Center for Contemporary Cultural Studies, 1973

127. Clelant, Jamie, Cashmore, Elis, Football Fans View of violence in British Football: Evidence of a Sanitized and Gentrified Culture, Journal of Sport and Social Issues, 2015

128. Cohen, Stanley, Folk Devils and moral panics, Second Edition, Wiley-Blackwell, 2009

129. Cimburovic, Ljubomir, Ivanovic B. Aleksandar, Ivanovic R. Aleksandar, Kriminalisticka tehnika, Megraf, Beograd, 2011

130. Combating Hooliganism in the Netherlands: An Evaluation of Measures to Combat Hooliganism with Longitudinal Registration Data

131. Constitutional and Administrative Law, Barnet Hillarie. Queen Mary, University of London

132. Criminal Justice and Public Order Act, 1994

133. Џорџевиќ, М. Иван, Улога фудбала у конструкцији локалног и глобалног идентитета у савременој Србији, Универзитет у Београду, Филозофски факултет, Београд, 2014

134. Џуклески, Гоце, Вовед во криминалистика, Соларис Принт, Скопје, 2009

135. Đurič, Đorđe, Pojedinac i grupa, Psiholoske osnove menađmenta u sportu, Novi Sad, TIMS Fakultet za turizam i sport, Zola štampa

136. Шиљак Виолета, Историја спорта, Факултет за менаџмент у спорту, Београд, 2007

137. Weis, Kurt, How the Print Media Affect Sports and Violence: The Problems of Sports Journalism

**Интернет страници:**

1. http://www.coe.int/t/dg4/sport/Source/T-RV/livret_violence_en.pdf

2. http://www.mos.gov.rs/wp-content/uploads/download-manager-files/2009%20-%20Istrazivanje%20Mediji,%20sport%20i%20nasilje%20MOS-USNS.pdf

3. hrcak.srce.hr/file/166578

4. www.theguardian.com/football/2001/dec/13/theknowledge.sport

5. http://www.sirc.org/publik/fvhist.html/articles/fvbiblio.html

6. https://www.researchgate.net/publication/298789337

7. www.vavel.com/en/football/2013/07/03/247268.html

8file:///C:/Users/18160145/Documents/hooliganism/netherlands%20combating%20the%20hooliganism.pdf

9.https://search.proquest.com/docview/1676336561/31291A5B41AA4D03PQ/37?accountid=11139

10. https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/120

11.https://assets.publishing.service.gov.uk/government/uploads/system/uploads/attachment_data/file/229038/0581.pdf

12. https://www.mos.gov.rs/dokumenta/sport/strategije?lang=lat

13. http://transcrim.pravo.unizg.hr/wp-content/uploads/2018/01/15.-Vanda-org.-kriminalitet-na-sport.priredbama.pdf

14. http://www.kpu.edu.rs/cms/biblioteka/nova-izdanja/214-ia42

15. https://narodnenovine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2003_07_117_1634.html

16. www.vlada.hr

17. file:///C:/Users/user/Downloads/9_Margetic_Borovec.pdf

18. https://vlada.gov.hr/vijesti/vlada-predlozila-ostrije-kazne-za-izgrednike-na-sportskim-natjecanjima/6122

19. https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2006_06_71_1705.html

20. https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2006_06_71_1705.html

21. https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2009_04_43_986.html

22. https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2011_03_34_766.html

23. https://www.gesetze-im-internet.de/ifsg/__28.html

24. https://lzpd.polizei.nrw/zentrale-informationsstelle-sporteinsaetze

25. https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1975/52

26. https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1985/57/contents

27. https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1986/64

28. https://books.google.mk/books?id=O5pE0eaboeoC&pg=PA705&lpg=PA705&dq=public+order+act+1986+and+hooligans&source=bl&ots=OfpJHoy3oK&sig=ACfU3U1EvcbZQqNQHvhPjQRPhid7lInFOg&hl=mk&sa=X&ved=2ahUKEwi547TE-e7iAhVQx4sKHawiDtcQ6AEwC3oECAkQAQ#v=onepage&q=public%20order%20act%201986%20and%20hooligans&f=false

29. https://books.google.mk/books?id=qG4tDwAAQBAJ&pg=PA237&lpg=PA237&dq=public+order+act+1986+and+hooligans&source=bl&ots=eQp1Ia5JFf&sig=ACfU3U2kSK5-aChqjfOZSJ6KBvui1Fvo7Q&hl=mk&sa=X&ved=2ahUKEwi547TE-e7iAhVQx4sKHawiDtcQ6AEwD3oECAYQAQ#v=onepage&q=public%20order%20act%201986%20and%20hooligans&f=false

30. https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1989/37/contents

31. https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1989/37/pdfs/ukpga_19890037_en.pdf

32. http://www.legislation.gov.uk/ukpga/1994/33/pdfs/ukpga_19940033_en.pdf

33. https://api.parliament.uk/historic-hansard/commons/1994/apr/13/sale-of-tickets-for-designated-football

34. http://lazioland.com/NewsProfile.htm?NewsId=1457

35. http://wp.comunite.it/data/wp_no_101_2013.pdf

36. http://www.jpacademy.gov.mk/upload/materijali%202015/Konvencija%20na%20ON%20za%20OK%20so%20protokoli.pdf

37. http://www.slvesnik.com.mk/Issues/75394A658BBC9B439269FD640F57D7C6.pdf

38. http://eprints.ugd.edu.mk/7574/1/%D1%81%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%BF%D1%82%D0%B0%20%D0%9A%D0%97%20%D1%81.pdf

39. http://www.ius.bg.ac.rs/crimenjournal/articles/Crimen_002-2011/Crimen_002-2011_02.Ignjatovic.pdf

40. file:///C:/Users/user/Downloads/36-110-1-PB.pdf

41. http://nkrim-au.com/papers/nasilnicki-kriminalitet-zbornik-radova-2011.pdf

42. https://infodocks.files.wordpress.com/2015/01/stanley_cohen_folk_devils_and_moral_panics.pdf

43. https://www.birmingham.ac.uk/Documents/college-artslaw/history/cccs/stencilled-occasional-papers/1to8and11to24and38to48/SOP42.pdf

44. file:///C:/Users/user/Downloads/football-fans-views-of-violence-in-british-football-evidence-of-a-sanitized-and-gentrified-culture.pdf

45. https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1985/57/section/2

46. https://mediatum.ub.tum.de/doc/1308040/1308040.pdf

47. https://www.academia.edu/6955159/Violence_on_sport_fields_as_the_most_used_weapon_for_national_and_religious_conflicts_The_Yugoslavian_Myth

48. http://mls.gov.mk/images/laws/Konsolidiran_Zakon_za_teritorijalna_organizacija.pdf

49. https://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/22792?download=true

50. http://soros.org.mk/dokumenti/Prv-izvestaj-MK-9.pdf

51. https://balkaninsight.com/2012/11/30/politicki-fudbal-zavojuvanite-navivacki-grupi-na-balkanot-gi-izbegnuvaat-kaznite/?lang=mk

52. https://www.slobodnaevropa.mk/a/2308654.html

53. https://www.slobodnaevropa.mk/a/25272957.html

54. https://www.slobodnaevropa.mk/a/25272957.html

55. http://oi.org.mk/upload/Ganka-Cvetanova-Kulturnite-Razliki.pdf

56. https://time.mk/cluster/a01a442778/tribina-za-sprecuvanje-na-sportskoto-nasilstvo.html

57. http://w.webohrid.com/2013/07/18/odrzana-trkalezna-masa-na-tema-spravuvanje-so-nasilstvoto-i-nacionalizmot-vo-sportot/

58. https://www.youtube.com/watch?v=jE5uGe_iUkA

59. https://www.youtube.com/watch?v=A0HK1MKPItU

60.http://www.criminalisticassociation.org/Dokumenti/Casopis_KTIP_br_7_konacna_ver__201821191517.pdf